# Предговор

Расветлувањето на сите моменти од историското минато на ароманскиот народ ја наметнува потребата од посеопфатни истражувања на сите облици на општествениот живот на териториите кои што ги населуваа. Ова е неминовно, бидејќи развојниот пат на секој народ, па и на ароманскиот, директно е условен, како од внатрешните, така и од надворешните причинско-последични врски во сферата на општествено-економските и политичките односи.

Првите појави на ароманскиот јазик ги наоѓаме во шестиот и осмиот век. Државни творби на Ароманците имаме во средниот век, во дванаесеттиот и тринаесеттиот век. Привилегиите што Ароманците ги имале за време на Византија, ги зачувале и со доаѓањето на Османлиите на Балканскиот Полуостров. Најголемиот израз на ароманската цивилизација доаѓа со издигнувањето на Москополе. По неговиот пад населението мигрирало како во Македонија, на Балканот, па дури и до централна и источна Европа. Таму ја развивало својата трговија. Но тие што останаа во Македонија мораа да се справуваат со сериозни проблеми за својот опстанок. Проблемите кои ги засегаа беа во областа на образованието, религијата и културата. Тие проблеми тешко се разрешуваа или воопшто не можеа да бидат решени. Падот на Османлиската империја од корен ја промени нивната положба. Балканските војни и Првата светска војна дефинитивно ја запечатија нивната поделеност.

При изработката на нашиов труд е користена објавена и необјавена архивска документација. Секако, темелно внимание им посветивме на печатот и односната литература.

Помал број на изворен материјал е користен од Историскиот архив на Министерството за надворешни работи на Италија во Рим, микрофилмуван во Државниот архив на Македонија, во Скопје.

Во гореспоменатиот микрофилмуван материјал се наоѓаат извештаи на конзуларните претставништва на Италија во Македонија, но и од соседните земји, каде се расветлуваат некои настани во врска со ароманското прашање.

Како објавен изворен материјал ги споменуваме *Византиски извори за историју народа Југославије, том трећи, Београд 1966.*

Драгоцени податоци се добиваат и од *документите на Македо-романското друштво за култура (под редакција на Катерина Тодоровска), Скопје, 2002.* Тука се проследени активностите на Друштвото за пробудување на националната свест кај Ароманците а и другите друштва кои ја наследуваат неговата работа.

За положбата на ароманските села за време на бугарската окупација во текот на Првата светска војна придонес даваат и “Документи за оштетувањата и грабежите на цркви и манастири на територијата од Македонија во Првата светска војна”. Избор, превод и коментар Ѓорги Димовски-Цолев и Ѓорѓи Грамосли, Битола, 1980. Во овие документи исцрпно се презентирани штетите коишто ги претрпеле ароманските села за време на бугарската окупација.

Во однос на користената литература таа е издавана во различни временски периоди. Таа солидно го обработува прашањето коешто го разгледуваме. Таа овозможува да се согледа ароманското прашање во сите историски периоди.

Во однос на користената литература одреден број на публикации ни овозможија посеопфатно да стекнеме одредени сознанија за текот и развитокот на ароманското прашање. Тука пред сè би го спомнале посеопфатниот труд на Ј. Аргинтеану, *Историја на Армн Македонците (Власите)*, издаден во Букурешт во 1904 г. Тука се елаборира историјата на Ароманците таму некаде од средниот век, па сè до крајот на деветнаесеттиот век. Во македонскиот превод на книгата Тодор Трајановски извршил корисни надополнувања со понови историски податоци.

Корисни податоци се добиваат и од трудот на Анастасе Хачу, *Аромани*, издаден во 1936 г. Тука тој се осврнува на трговијата на Ароманците, индустријата, експанзијата, цивилизацијата. Дадени се сите населби во Македонија, Балканот и во дијаспората каде што живееле Ароманци. Во второто издание на книгата издадено во Констанца во 2003 г. се дополнети претходните податоци со местата каде што Ароманците се населувале и ја вршеле својата трговска дејност.

Значаен е трудот на Константин Папаначе, „Рефлексии врз историската и политичката судбина на Ароманците”. Инаку Константин Папаначе, како политичар и писател, оствари една обемна, практична и културна активност. Авторот обрнува внимание на проблемот за националното будење на Ароманците и самиот тек на националното будење, потоа на афирмирањето на националниот инстинкт. Се обрнува внимание на политичката положба на Аро-

манците во Османлиското царство и последиците за Ароманците од Балканските војни и од Првата светска војна. Посебно обрнува внимание врз причините за пропаста на националното будење на Ароманците. Обрнато е внимание на учеството на Ароманците во ослободителните војни на соседните балкански народи. Најголемо внимание е обрнато за Ароманците како создавачи на културата и цивилизацијата. Во секој случај книга со големо значење за историјата на Ароманците, но гледано и од филозофски аспект.

Интересни податоци за историјата на Ароманците може да се сретнат и во монографијата "Историјата на Ароманците и нивните односи со Бугарите". Автор на монографијата е Георги Барболов. Авторот се осврнува на ароманскиот етнитет од десетти до деветнаесетти век, потоа на ароманското преродбенско движење од средината на 19-тиот век, формирањето на Македоно-романскиот комитет, ароманското движење во текот на 80-тите и 90-тите години на 19-тиот век, засилувањето на ароманското просветно движење, Ароманците во времето на Источната криза, борбата за црковно осамостојување од Цариградската патријаршија и др.

Интересна студија за Ароманците дава Т. Ј. Винифрит под наслов „Власи: Историја на еден балкански народ". Тој пишува за Власите денес, Власите во Грција, Власите на Балканот, Власите и нивните историчари, Власите и Римјаните, Власите и Источната римска империја, Власите и Славјаните, Власите и Византија, Власите и Турците, Власите и големите сили.

Жеко Попов во своето дело „Бугарското национално прашање во Бугарско-романските односи 1878-1902 г" дава преглед на основните проблеми во бугарско-романските односи во годините од 1878 до 1885 г. Потоа се осврнува на романската пропаганда во Македонија и односот на Бугарија кон неа. Во продолжение авторот ги разгледува романско-бугарските односи во периодот 1886-1894 г. со поента на романско бугарските успеси, соработката и проблемите во Македонија. Меѓутоа во периодот од 1894 до 1898 г. противречностите во романско-бугарските односи се изоструваат. На тоа влијае и прашањето на Добруџа. Авторот ги разгледува и недоразбирањата кои постоеле во самата ароманска заедница во Македонија по разни прашања. Во продолжение Жеко Попов зборува за кризата во односите меѓу двете земји во периодот 1899-1902 г., а кои се пренесуваат и на теренот во Македонија.

Жеко Попов во својот труд „Романија и бугарското национално прашање (Македонија и Добруџа) 1903-1913 г." во почетокот зборува за романската пропаганда во Македонија во периодот 1903 –

1908 г. и развитокот на националното сознание кај Ароманците. Во продолжение авторот зборува за училишното дело и црковно-националните борби на Ароманците. Тој се осврнува и на односот на Романија кон националноослободителното движење во Македонија и кон Илинденското востание. Се дава и осврт за ставот на Бугарија кон аноманското движење. Се споменати и револуционерните појави кај Ароманците.

Интересен труд претставува делото на Георги Даскалов, „Ароманците во Грција. Историја на еден непризнат народ”. Авторот го проследува прашањето од најстаро време уште од времето на Римската империја, па сè до средниот век сè до 14-тиот век. Во продолжение се осврнува на привилегиите коишто ги имале Ароманците за време на османлиското господство-а ги наследиле од византиско време. Накратко се осврнува на положбата на Ароманците во втората половина на 18-тиот век и разурнувањето на Москополе. Тука наоѓа свое место и делото на Рига Велестинли. Во продолжение се зборува за учеството на Ароманците во грчката револуција и ароманската идеја и младата грчка држава (1830-1881). Разбудувањето на националниот дух е следната тема која ја разгледува авторот, проследено со развојот на ароманското училишно дело. На овие аромански активности следува и грчкото спротивставување. Посебно внимание авторот посветува на ароманскиот цивилизациски феномен. Дадена е положбата на Ароманците во текот на Балканските војни и Првата светска војна.

Голем придонес кон научната обработка на историјата на ароманскиот народ претставува делото на Никола Минов, „Влашкото прашање и романската пропаганда во Македонија (1860-1903)”, објавен во 2013 година, во Скопје. Книгата во суштина произлегува од неговиот магистерски труд. Обемната студија на Минов го разгледува влашкото прашање од повеќе аспекти, при што авторот користи обемна архивска граѓа и објавена литература од најразлична провениенција. Во трудот тој ги разгледува првите манифестации на националната свест кај Ароманците, потоа следуваат корените и појавата на романската пропаганда во Македонија, присуството на Ароманците во Македонија (локализација и статистика), ароманското црковно прашање, ароманскиот отпор кон денационализаторската политика на Романија и Грција, односот на Ароманците и на романската пропаганда кон Македонската Револуционерна Организација, и тн.

Значителен придонес во проучувањето на ароманското прашање дал Густав Вајганд - познат германски романист од Универзи-

тетот во Лајпциг. Тој го проучува јазикот на Ароманците од Балканскиот Полуостров и посебно на Олимп во својот труд: „Говорот на Власите од Олимп”, Лајпциг, 1888. Еден поширок прилог се наоѓа во два тома: „Ароманци”, Лајпциг 1894-1895, од преку 701 стр. Вајганд го откри манускриптот Кодекс Димоние една збирка на религиозни текстови од грчки на аромански на почетокот на 19-от век во Охрид. Во неговиот институт во Лајпциг се образувале многу генерации на лингвисти Германци, Ароманци, меѓу кои биле Секстил Пушкариу и Теодор Капидан. Вајганд останува еден голем пријател на Ароманците, проучувајќи го јазикот и запознавајќи го начинот на живот, традициите и духовното творештво.

Георги Барболов во својот труд “Историјата на Ароманците и нивните односи со Бугарите” издаден во 2000 г. зборува за историјата на Ароманците од 10-тиот век и оди до крајот на 19-тиот век. Станува збор за распространетоста на ароманското население, потоа за организирањето на ароманското преродбенско движење од средината на 19-тиот век, создавањето на првиот Македоно-романски комитет, првите училишта за Ароманци во Епир и Македонија до руско-турската ослободителна војна (1877-1878), ароманското движење во текот на 80-тите и 90-тите години на 19-тиот век, напредокот на просветното движење на Ароманците, Ароманците во време на источната криза 1894-1898 г. и првите за обиди за оттргнување од Цариградската патријаршија. На крајот се зборува за ароманската колонија во Софија.

Интересни податоци се наоѓаат и во списанието „Лумина” кое имало редакција во Битола а се печатело во Букурешт. Текстовите во поголем дел биле објавувани на романски, а во помал дел на аромански јазик. Инаку „Лумина” е најдолготрајното ароманско списание кое излегуваше во периодот од 1903-1908 г. Списанието беше раководено од редакциски одбор (чиј состав се менуваше од година во година), а директори беа професорите Д. Космулеј, К. Бацарија, Јоан Д. Арџинтеану, Константин Ј. Косму. Списанието месечник се објавуваше од *Романското Наставничко и Црковно Тело од Европска Турција*. Беше замислено од професорите и наставниците, лекарите и свештениците Ароманци од Македонија во тој напор за негување, во прв ред, на ароманскиот јазик, кој беше јазикот на кој се предаваше во училиштата на Ароманците во Европска Турција, тоа беше, исто така, средство за педагошко усовршување на учесниците во образованието кај Ароманците на Балканот, но и за продолжување на мајчиниот аромански говор, „помалата ќерка”.

# 1

# Историски сведоштва за потеклото на Ароманците

## 1. Општи согледувања

Прашањето за потеклото на Ароманците претставува едно од послoжените во историската наука. За тоа постојат повеќе причини, меѓу кои се недоволните историски сведоштва, како и стремежот на некои балкански школи да го потчинат на соодветните големодржавни национални програми. Тоа се главните причини за постоењето на различни теории и хипотези. Во секој случај нивните автори не можат да избегнат два беспорни факти – латинското потекло на ароманскиот јазик, како и околноста дека до денешен ден ароманската основна маса ги населува Епир, Тесалија, јужна Македонија и јужна Албанија. Постоечките разновидни погледи се насочени околу две основни сфаќања. Според првото – ова население се преселило од северните делови на Балканскиот Полуостров и од соседните на него европски земји. Другото сфаќање ја застапува идејата за неговото автохтоно потекло.[1] Николае Куша во своето дело „Ароманците во Добруџа" накратко се осврнува на потеклото на ароманското население и ги наведува трите теории т.е потекло на Ароманците од северната страна на Дунав, потоа втората теорија го поддржува мислењето за потеклото на Ароманците од северната страна на Балканскиот Полуостров, каде што постоеше, до доаѓањето на Словените, еден силен романитет, а пак третата теорија го поддржува тврдењето за автохтоноста на Ароманците. Според оваа теорија, која сè повеќе се промовира денеска, Ароманците се потомци на стариот балкански латинитет, кои ги издржаа туѓите притисоци.[2]

Една значителна група од западни, романски и други балкански истражувачи, прифаќа дека Ароманците како дел на источните Романи биле наследници на романизираните Даки и римски колонисти во освоената од императорот Трајан, Дакија. Кога обла-

---

[1] Георги Даскалов, Армъните в Гърция, История на един непризнат народ, София, 2005, 15

[2] Николае Куша, Ароманците во Добруџа, Скопје, 2010, 8.

ста била напуштена од Римјаните и лимесот на Римската империја се поместил по Долниот Дунав (околу 270-272 г.), тие се преселуваат во јужниот дел на Балканскиот Полуостров. Како причина за повлекувањето на југ се посочуваат нападите на Аварите, Словените и Бугарите, како и населувањето на Словените и на аспаруховите Бугари на Балканот.[3]

Второто сфаќање се поддржува од автори, коишто во своите публикации даваат тежина на месното автохтоно балканско население, без да ја пренебрегнуваат римската колонизација за неговото романизирање. Така Ароманците се остаток на старите тракиски племиња, кои во античко време живееле во Епир и југозападниот дел на Балканскиот Полуостров. Тие се чини произлегуваат од малите народи – Молоси, Веси и грчко епирските елементи кои живееле во планинските предели на Пинд и на некои други планини на Балканот. Тоа е едната теорија, а пак втората вели дека Ароманците се романизирани автохтони трако-илирски староседелци, кои ги населувале централните и северните подрачја на Пинд, Албанија и Грција, епирскиот дел и стигнале дури до Црна Гора, Далмација, Босна итн., каде што се формирал широк појас на стар латинизиран етнички елемент. Процесот на романизација на јазикот траел повеќе години, почнувајќи од вториот век п.н.е. па сè до седмиот век, кога на Балканот се доселиле јужните Словени. Во забелешките на книгата на Јон Аргинтеану, Историја на Армн Македонците (Власите), Тодор Трајановски вели дека: *„Во поново време се појави теорија која застапува мислење дека на балканските природно-географски простори не постоела никаква романизација на староседелското трако-илирско население. Основното, суштинско прашање врз чија основа се заснова ова мислење се содржи во заклучокот според кој армн-македонскиот не е новолатински, туку латинскиот е ново-трачки јазик.”*[4] Наведената поставка за потеклото на „Армн Македонците” според него, се заснова врз проучувањето на бројни стари натписи, откриени археолошки предмети на просторот каде со своето присуство трако-илирските племиња оставиле неизбришани траги.[5]

---

[3] Г. Даскалов, op. cit., 15.

[4] Јон Аргинтеану, Историја на Армн Македонците (Власите), Наслов на оригиналот: Istoria Românilor Macedoneni, (Превод од романски јазик, предговор, коментари и забелешки врз одделни историски прашања: Тодор Трајановски), s.l., 1998, 15.

[5] Исто.

Што се однесува до етногенезата на Ароманците постојат повеќе мислења. Јон Аргинтеану во своето погоре споменато дело, застапува мислење дека Ароманците од Македонија потекнуваат од Дакија и потоа дошло до една „дислокација” на поголема романска маса кон планината Власина во Стара Горна Мезија (денешна Србија). Оваа „дислокација” наводно била предизвикана од словенската наезда при нивното доселување и населување на Балканскиот Полуостров меѓу шестиот и седмиот век. Кај некои романски научници „дислокацијата” создава претстава дека Ароманците се дислоциран дел од романскиот народ. Меѓутоа, прочуениот филолог Таке Папахаџи не се согласува со мислењето на одделни романски историчари, меѓу кои и со Ј. Аргинтеану, кои тврдат дека Ароманците потекнуваат од Дакија. Папахаџи ја формулира теоријата за грко-илирско-дачки романитет, со што се развива географскиот аспект за генезата на Ароманците и вели дека тие се од трако-илирско потекло. Мошне содржајна и темелно обработена теорија е дадена од К. Папаначе, која е на иста основа со Т.Папахаџи.[6]

Грчката историска и филолошка наука отсекогаш тврдеше дека Ароманците (или Куцо Власите, како што тие ги нарекувале Ароманците) што живеат на Пинд, во Епир, Македонија и во Тесалија, уште од почетокот ѝ припаѓале на грчката нација. За нив Ароманците се Грци што го прифатиле „латинизираниот” аромански јазик. Според М. Хрисоху, инаку грчки офицер, Ароманците потекнуваат од староседелците кои ги населувале бројните премини, теснеци и клисури во планинските предели на Пинд и другите планини по окупирањето на тие области од страна на Римјаните. Биле стражари на римската војска. Тој исто така вели дека Ароманците произлегле од планинските и гарнизонските стражари кои ги користеле Римјаните. На стражарите и борците им биле давани разни привилегии и имоти во познати места како ветерани на победоносните легии. Овие стражари биле регрутирани од домородното население од Епир и Македонија. Со текот на времето, според горенаведениот Хрисоху, се формирал еден латински, аромански говорен идиом со население кое се простирало на Пинд, Варнута, Олимп итн. Слично мислење имал и Е. Курилас.[7]

И други научници застапувале слични ставови и гледишта во врска со прашањата за потеклото на Ароманците . Така, С. Папагеоргиу ја отфрла теоријата дека Ароманците од Епир и Тесалија по-

---

[6] Исто.

[7] Исто, 16.

текнуваат од Дакија, а истовремено поддржувајќи ја теоријата дека тие се староседелци. Карамопулос истакнува дека Ароманците не се ниту италијански колонисти, ниту Дако-Романци, туку дека тие се староседелци, мали латинизирани тракиски народи. Ф. Ј. Сулцер (1771) тврди дека Ароманците не потекнуваат од Дакија, туку напротив, Дако-романците произлегуваат од земјите каде биле распрснати романските популации, докажувајќи дека Дако-романците и Ароманците се развивале на свои територии. Јохан Тунман (1774) го прифаќа тврдењето за потеклото на Ароманците од домородните тракиски елементи, одделувајќи ги од Дако-Романците. И Шафарик (1843) имал слично мислење. Тој докажува дека при оформувањето на романскиот народ, поинакви биле латинизираните популации кои живееле во Дакија, за разлика од Ароманците кои живееле во Епир, Тесалија и др.[8] Фр. Миклошиќ (1862) смета дека почетоците на сите латинизирани народи на Балканот се наоѓале во провинциите на јужните брегови на Јадранот. В. Томашек (1864) смета дека само Дако-Романите се латинизирале, а Ароманците биле латинизирани и поттурнати од разните наезди на Бугарите, та затоа се населиле на Пинд. Р. Рослер не се согласува со гледиштето дека Ароманците потекнуваат од западна Тракија и не признава дека Пиндските Ароманци биле потомци на Весите. А. Д. Ксенопол вели дека сепак Ароманците не го говорат истиот јазик со Дако-Романците. Двата јазика не се два дијалекти, туку се два посебни јазици.[9]

Б. Стефановски во својата студија „Трако-дачкиот јазик основата на индоевропските јазици", смета дека јазикот на Ароманците всушност е јазикот на Трако-Илирите кои со својата присутност извршиле влијание врз останатите народи и нивните јазици. Исто така, споменатиот автор смета дека на овие природно-географски балкански простори домородното балканско трако-илирско население не било романизирано, односно латинизирано. Тие го зборувале својот исконски трачки јазик.[10]

Тезата на Јоан Аргинтеану ја развиваат романецот Силвиу Драгомир[11] и Бугаринот Ст. Романски. Во нејзина поддршка, како доказ, последниот го наведува фактот дека токму во таа област, три-

---

8 Вангел Ј. Трпкоски-Трпку, Власите на Балканот, Скопје, 1986, 17.

9 Исто.

10 Ј. Аргинтеану, op. cit., 16; цит. според: B. Stefanoski, Limba Traco-Dacă fundul a limbilor indo-europeane, Tetovo, 1993.

11 S. Dragomir, Vlahii şi Morlacii: studiu din istoria românismului balcanic, Cluj, 1924, 112. Цит. според: Ст. Романски, Македонските ромъни, Македонски преглед, 1925, кн. 5-6, 68.

аголникот Софија-Ниш-Скопје, во кој денес нема никакво романизирано население, останала неговата топонимија. Тој смета дека тука во продолжение на три века (седми-деветти) се формира нивниот јазик со општите особености и на крајот издвоените четири дијалекти.[12] До крајот на шестиот век тука сеуште се зборувало латински. Византискиот хроничар Теофан споменува за познатата фраза „*Torna, fratre, torna*" („Врати се, брате, врати") кое што се разгледува како еден од последните докази за разговорен латински или како еден од првите за јазикот на балканските Ароманци. Современиот Ароманец би рекол „Torna ti, torna, frate". Оваа фраза била изречена од војник за време на византискиот поход од 586 против Аварите. Тој сакал да ги извести тие што го придружувале за багажот којшто паднал од товарениот добиток. Меѓутоа треба да се каже дека за војничката атмосфера е својствено, преку наредбите, да се изврши отсечно свртување, но, братското обраќање не асоцира на војнички јазик, па оттука помислата дека цитираните зборови се латински остатоци во војничкиот речник не звучи убедливо.[13]

Според Ст. Романски кон крајот на таа „прароманска епоха" спаѓа и почетокот на раселувањето на Романците во разни насоки како напр. преку Босна кон Далмација и Хрватска и нивното продирање на островот Крк и полуостровот Истра, а на југ во Македонија, Тесалија и Епир. [14]

Токму таквите Романци се споменуваат во историјата најрано од сите други. Додека Романците во Дакија излегуваат на виделина дури во дванаесеттиот век, а за присуството на Романци на јадранското крајбрежје пред тоа време може да се суди само по карактерот на некои лични имиња на лица, за Романци (Ароманци) во јужна Македонија се споменува уште во втората половина на десеттиот век.[15]

Во Македонија припадниците на споменатата етничка група имаат двојно име. Самите се нарекуваа Армњи, во германска транскрипција die Aromunen. Тие зборуваат "armãneshti", "aromuneshte". Исклучок прават Мегленитите кои се декларираат за Власи и зборуваат по „влашки" кој се смета за дијалект на мегленитските Власи.[16]

---

[12] Ст. Романски, Македонските ромъни, Македонски преглед, 1925, кн. 5-6, 68

[13] T. J. Winnifrith, Власи, Историја на еден балкански народ, Велес, 1999, 11.

[14] С. Романски, op. cit., 69.

[15] Исто, 70.

[16] Томо Томоски, Записи за Власите во Македонија во средниот век (од крајот на VI до крајот на XIV век), Документи, V/2 (18), Скопје, 2008, 63.

Името Армњи не било забележено во средновековните историски извори. Во наративните извори и во законските споменици место тоа име се употребува зборот Власи. Византискиот писател Јован Скилица во делото „Кратка историја", пишувајќи за настаните што се случиле во 976 г., меѓу другото го бележи инцидентот кај месноста „Убави дабови". Во таа година и на тоа место комитопулот Давид бил убиен од Власи „патници", односно Власи преселници.[17] Споменатиот податок воедно претставува и најстара проверена потврда за постоењето на ароманската етничка група во Македонија.[18] Употребениот збор „патници" упатува на сточари преселници, кои, во тоа време, според Јован Скилица, биле лоцирани меѓу Преспа и Костур, во еден ридско-планински предел, подалеку од градска и селска средина. Подоцна Ана Комнена, византиска писателка од дванаесетти век, пишува и објаснува дека тие што имаат скитнички начин на живеење (*nomada*) на говорен јазик се нарекуваат Власи (*Vlahous*).[19] Во тринаесетти и четиринаесетти век, во биографијата на српскиот крал Милутин и во една од грамотите на манастирот Трескавец кај Прилеп, бил употребен зборот Влах со грчка наставка за означување „Влаховитска земља" и Влахот епископ.[20]

Почнувајќи токму од тие докази до крајот на дванаесеттиот век терминот „Власи" во византиските извори се споменува непроменливо во други етноними.[21] Треба да се каже дека е комплицувана содржината на етнонимите во средниот век, во тој број и византиските споменици: тие често содржеле во укажување не само на етничката специфичност на народите, но и на преовладувачкиот вид на неговото занимање, територијата на живеењето, политичката организација, религиозната припадност итн. Земајќи го предвид тоа, можно е да се каже, дека во извесна смисла всушност, „етничкиот елемент" на терминот „Власи" бил својствен на него дури во малку поголем степен, отколку на пр. „Ромеи" или „Болгари", а во содржината на поимот „Власи" не влегувала претставата за определена, строго исцртана територија, како и за посебно државно обединување, етничко именување на мнозинството поданици кое би можело да биде пренесено и на други етнички групации во нивните граници.[22]

---

[17] Исто.

[18] За ова види и кај С. Романски, op. cit., 70.

[19] Византијски извори за историју народа Југославије, III, Београд, 1966, 75-76.

[20] Т. Томоски, op. cit., 63.

[21] Исто.

[22] Кочо Сидовски, Власите во Македонија и на Балканот од X до XIII век, Историја, XXXVIII/1-2, Скопје, 2002, 13.

Познатиот руски византолог Литаврин наведува дека конкретната содржина на терминот „Власи" во византиските извори се открива само во спомените за особеностите на дејноста и начинот на животот на Власите и во укажувањата за нивните тесни врски.[23]

Британскиот конзул во Битола, Бернард Гири, кој бил на таа функција од 1909 до 1912 г., вели дека „Власите" биле продукт на старото римско население кое стапило во брак со домородни жени и недвосмислено се роднини по крв на нивните романски браќа.[24]

Свидетелството на Никита Хонијат за посебен „влашки" јазик (на тој јазик еден од заробените Византијци го молел царот на Бугарите, Асен, да го пушти на слобода поради „единојазичјето") не се јавува како беспорно: Хонијат можел да го има во вид и не всушност „влашкиот", туку бугарскиот јазик.[25]

Во редица извори од крајот на дванаесетти и почетокот на тринаесетти век се забележува, може да се каже, еден вид на „експанзија" на означувањето на зборот „Власи": тоа било повеќекратно употребено по однос кон сето население на задбалканска Бугарија.[26]

Присуството на „Власите" во Македонија во средниот век може да се следи врз основа на записите за настаните и личностите во историските извори. Во законските споменици, во наративните извори и во спомениците на културата се среќаваат лични имиња од аромански потекло. Меѓу нив спаѓа и Паскач, чиј лик и име се познати од живописот на црквата во с. Псача во Славиште, градена во четиринаесетти век. Кон групата личности со аромански имиња спаѓа и властелинот Маљушат, којшто го дарувал манастирот Хиландар во 1334-1346 г. со црквата Св. Никола, и со катунот Влах по име Асодерци.[27]

Во политичките настани што се случиле во Македонија во 1342 и 1350 г., според зборовите на Ј.Кантакузин, учествувале и двајца „Власи" по име Цимпан и Марцелат. Првиот бил сточар од село Давидово во околијата на Просек, а вториот бил старешина на пастири во околијата на Бер.

[23] Г. Г. Литаврин, Влахи во Византиских извора X-XIII век, Юговосточная Европа в средние века, Академия наук Молдовской СССР, Кишинев, 1972, 93.

[24] Бернард Гири испратил писмо на 16 јули 1945 г. до Форин Офис во врска со тогашната положба на Балканот. Види: Тодор Чепреганов, Документ од британскиот конзул во Македонија Бернард Гири за македонското прашање, Историја, XXXVI/1-2, Скопје, 2000, 99.

[25] Г. Г. Литаврин, op. cit., 96.

[26] Исто, 97.

[27] Томо Томоски, Македонија низ вековите, Скопје, 1999, 456.

Во средновековните историски извори може да се сретне и по некој топоним од ароманско потекло. Меѓутоа идентификацијата на овие топоними е прилично отежната поради политичките и демографските промени што се случиле во изминативе векови. Треба да се спомене дека во Македонија под османлиска власт покрај поместувањето на македонското и на ароманското население од еден предел во друг, имало и колонизирање на турски елементи во одделни македонски предели. Со време на споменатите простори биле избришани и заборавени словенските и ароманските топоними.

Според професорот Томо Томоски, кој многу опстојно се занимава со ова прашање, најстар познат топоним од ароманско потекло бил Кимба Лонга. Овој топоним бил споменат од византискиот писател Јован Скилица во патешествието на византискиот цар Василиј Втори при неговото навлегување во Струмската област и во Струмичко поле во 1014 г. Проф. Томоски смета дека во науката преовладува мислење за Кимба Лонга т.е Кампу Лунгу, во превод Долго Поле, дека се аромански зборови и прв пат забележани во еден историски извор. Аромански топоним по име Бојмија е забележан јужно од Гевгелија и западно од реката Вардар околу градот Гуменџа.[28]

Аромански населби имало и во јужниот дел од Пелагонија. Ароманци имало северно од Лерин, меѓу пределот Преспа и Костур и тоа според Ј. Скилица кон крајот на десетти век. Подоцна во четиринаесетти век Ароманци имало и во близина на Охрид. Аромански топоними се среќаваат и на други места со утврдена старост.

Со ретки исклучоци, речиси четири века, почнувајќи од првите склавинии па сè до формирањето на Самоиловата држава, за Ароманците речиси и нема податоци во историските извори. Сепак врз основа на скромни податоци зачувани во историските извори, делумно може да се следи процесот на формирањето на ароманската етничка група. Според историските показатели, во времето на преселбите на народите и при нападот на варварите, а посебно на Словените и подоцна при населувањето на Словените на Балканот, се случило големо прегрупирање на населението во Македонија. Тоа историско збиднување било проследено и со значително намалување на бројот на жителите и со нивно преселување од еден предел во друг.

Што се однесува на единаесетти-тринаесетти век, каква било разлика во бројноста на споменувањето на Ароманците на истокот и

---

[28] Исто, 422.

на западот на Полуостровот толку е тешко забележителна, што врз нејзина основа не може да се добие претстава за разликите во збиеноста на ароманското население овде и таму. Покрај Епир, Македонија, Тесалија, полуостровот Халкидик и североисточна Бугарија, Ароманците се споменуваат и во реонот на долното течение на Марица и како жители на самиот Балкански гребен.[29]

Во 1166 г. се споменува дека во војската на Манојло Први, кој водел војна со Унгарците, имало одреди на „Власи”, за кои се велело дека во минатото дошле од Италија. Исто се истакнува дека тие „Власи” не биле од бреговите на р. Дунав, туку од областите на Империјата кои лежеле на југ од таа река.[30]

За „Власите” се споменува во 1164 г. кога Андроник Комнен станал против неговиот брат, Манојло Први, и по неуспехот на неговиот обид тој побегнал во Галиција. Меѓутоа, според податоците на Никита Хонијат тој бил фатен од „Власите” и повторно бил однесен назад кај царот.

Сточарството во Македонија било развиена стопанска гранка и во годините на постојана борба меѓу Самоиловата држава и Византија. За димензиите на сточарството може да се види и од податокот од „Кратката историја” на Ј. Скилица. Имено, тој пишува дека во 1017 г. еден византиски одред под команда на Давид Аријанит и Константин Диоген навлегол во Пелагониската рамнина и притоа заграбиле многуброен добиток и многу луѓе.[31]

Во единаесеттиот век современикот на Ј. Скилица, Кекавмен, во делото „Стратегикон” вградил богат материјал од историјата на Ароманците во Тесалија, но и на нивните сродници во Македонија. Раскажувањето на Кекавмен за потеклото на Ароманците и за нивното занимање ги надминуваат географските рамки на Тесалија.

Во создадените услови и односи, учеството на ароманскиот елемент во општествено-политичкиот и економскиот живот на Византија, имајќи ја предвид бројноста на овој елемент во даденото време, е забележително. Така, во војската на Алексеј Комнен бројот на војниците-Ароманци бил значаен. Во експедицијата на Византија против Сарацените од Сицилија во 1027 г., бил значаен и бројот на војници-Ароманци.[32]

---

[29] Г. Г. Литаврин, op. cit., 100.

[30] Т. Томоски, Македонија низ вековите..., 422.

[31] Исто, 427.

[32] Ј. Аргинтеану, op. cit., 69.

И покрај тоа што Ароманците учествуваа во сите воени акции на страната на Византија, кај нив се јавува определено незадоволство кон самите Византијци, бидејќи византиската власт не ги почитувала доволно Ароманците и спрема нив се однесувала со омаловажување. Посебно византиската благајна ги оптоварувала со големи даноци, бидејќи тие располагале со неброени стада добиток - овци.

## 2. Ароманското царство од Балканските планини

### а) Владеењето на Петар и Асан

Брзото опаѓање на Византија по смртта на Василие Втори и неговите наследници, било спречено половина век подоцна од страна на Алексиј Први Комнен – основачот на новата династија Комнени, која раководела со судбината на империјата цел еден век.

Епохата на Комнени претставува последна сјајна епоха во византиската историја. Византија ги искористила крстоносците и за извесно време повратила некои од своите азиски земји. Целиот тој подем што го доживуваше Империјата носеше само надворешен изглед. Внатрешната криза која се заострувала во земјата за време на владеењето на династијата на Комнените, дошла до израз уште во првата година по смртта на императорот Манојло Комнен (1180).

Петру и Асан требало да ги застапат барањата на Ароманците пред византискиот цар Исак Ангел. Од царот тие побарале да им се исполнат две барања и тоа: 1. Да им се даде едно мало место на планината Хем (Балкан) каде тие самите ќе стопанисуваат, како со „пронија”. (Веројатно прашањето на тоа место се однесува за градот Трново, кој уште во тоа време се јавува како нивен центар), и 2. Да не се прави разлика во составот на војската меѓу Грците и Власите и заедно, како такви, да ја сочинуваат ромејската војска”.[33]

Со оглед на тоа што царот Исак Ангел не исполнил ниту едно нивно барање, дошло до вооружено истапување против византиските власти. На денот на осветувањето на црквата „Свети Димитрија”, пролетта 1186 г., пред насобраниот народ, Петру ставил на главата една златна круна, и мнозинството од насобраниот народ го прогласило за „Цар на Власите”. Иако Асан не ставил круна на главата, тој имал исти права како и неговиот брат Петру.[34]

[33] Ј. Аргинтеану, op. cit., 70.

[34] Исто.

За борбата против востаниците Исак Ангел го назначил за командант на својата војска, Јован Кантакузен. По низата меѓусебни судири меѓу војските на Петру и Асан од една, и на Исак Ангел од друга страна, во 1187 г. смелите коњаници на Петру и Асан им нанеле тежок пораз на Византијците. По оваа извојувана победа, цела Тракија се нашла под власта на востаниците.[35]

Меѓутоа воените дејствија се одвивале со наизменичен успех. Во 1192 г. Византијците биле поразени од Ароманците кај Берое. Поради страшниот пораз во Цариград и во цела Византија се пренела веста дека императорот е мртов. За да ја увери јавноста дека е жив, тој почесто излегувал во градот.[36]

Византијците биле поразени и во 1194 г. Во 1196 г., по величенствените победи, Асан отишол во Амфиполе. По извојуваните победи над Византијците, околу планината Хем немало ниеден византиски војник. Асан овенчан со слава и богат плен се вратил во Трново, каде бил пречекан со големи почести. Меѓутоа, по овие настани како жртви на заговор биле убиени браќата Петар и Асан.

Браќата биле наследени од нивниот помлад брат Јоница (Латинците Јоница го викаа Јоханициус, Романците, Ароманците со името Калојан и Јоница, Бугарите го викаа Калојан, а пак Грците Јаникиос).

Во времето на сите овие превради Византија се нашла во уште потешка положба. Тоа од причина што поголемиот дел од Македонија за неа бил изгубен. Во тоа време, во Македонија стапил на сцена Добромир Хрис, кој според некои извори, се смета дека бил внук на Јоница. Испратен од Петру и Асан уште во 1186 г., со дружина од 500 Ароманци, Хрис со помош на месното население успеал да ја оттргне од Византија и Струмичката област. Бил управник на Струмица. Потоа го оосвоил и Просек, што се наоѓал во Демиркаписката клисура. Алексиј Трети во 1199 г. со многу војска тргнал против Хрис со цел да го нападне Просек. Но Ароманците – бранители успеале да ја отфрлат опсадата.[37]

Кога видел дека не може да го заземе Просек, византискиот император Алексиј Трети стапил во преговори со Хрис и го признал за независен господар на Просек, Струмица и околните места, како и Родопските планини и областа Меглен. Таа област била позната со името Влахиа.

[35] Исто.

[36] Исто, 73.

[37] Исто, 77.

После тоа императорот му ја дал за жена ќерката на својот внук, протостарот Камитзе (1199).[38]

## б) Императорот Јоница и папата Инокентие III

Репутација на Јоница (Калојан) стигнала до Рим. Римскиот папа Инокентие Трети му испратил писмо на Јоница (1199) во кое му јавува дека има желба да се сретнат бидејќи неговата црква има римско обележје, а особено поради тоа што Јоница имал римско благородничко потекло. Јоница, пак, на тоа му одговори дека писмото го примил со големо задоволство и дека тоа за него вреди повеќе од целокупното злато и дијаманти на светот, потсетувајќи го папата дека тие се потомци и по крвта и по татковината, односно дека двајцата имаат заедничко потекло.[39]

Во врска со тоа, Јоница изразил желба дека би сакал врската меѓу двете цркви да биде толку цврста колку што едвај ја чека кралската круна од Рим. На овие изразени желби од страна на Јоница преку испратените писма, папата му одговорил дека го почитува влашкиот углед не само по крв, туку и по црквата и сродните обичаи.[40]

По меѓусебните интриги на Цариградската патријаршија и Римската црква во 1204 г., папата дава согласност императорот Јоница да носи скиптар, круна и да кова свои пари. На 7 ноември 1204 г., на Јоница му беа доставени сите царски симболи (прстен, митра, скиптар), за на 8 ноември 1204 г., на самиот христијански празник Свети Михаил, кардиналот Леон свечено да му ја стави круната на главата, прогласувајќи го за  император на „Бугарите и Власите”.[41] Јоница во текот на своето владеење се наоѓал во постојани судири со крстоносците.

Една ноќ Јоница бил смртно ранет со стрела во својот шатор. Во претсмртните часови открил дека убиецот бил куманскиот војвода Манастрас. За убиството на Јоница постои легенда, според која, тој е погоден со стрела од солунскиот светец Свети Димитрија, кој како светец е прогласен за заштитник на градот Солун.[42]

---

[38] Исто.

[39] Исто, 80.

[40] Исто.

[41] К. Сидовски, Власите во Македонија и на Балканот..., 16.

[42] Ј. Аргинтеану, op. cit., 88.

Царувањето на Јоница се одликува со мошне изразити дејствија за државно обединување на Бугаро-влашкото царство и неговото владеење претставува една од најсветлите епохи во историјата на таа земја.

Интересни се согледувањата на Јон Аргинтеану за карактерот на браќата Петру, Асан и Јоница. Сите историчари кои го проучувале животот и делото на тројцата браќа – Петру, Асан и Јоница, биле во одредена мера неправични и непринципиелни во прикажувањето на карактерот на нивното владеење. Посебно, неправични биле кон личноста на Јоница, бидејќи го прикажуваа како превртлива и незрела личност. Меѓутоа, не треба да се заборави дека во својата војска Јоница, покрај Ароманци, имал и бројни Кумани, Бугари, варвари родени со посебни мани и недостатоци, како и со свои разорни особини што создавало претстава за царот како за незрела личност. Од друга страна, смртта кои ја носеа и разурнувањата кои ги вршеле крстоносците во Цариград биле толку грозни, што не можат да се споредат со разурнувањата кои ги вршел Јоница.[43]

Јон Аргинтеану вели дека: "*Од анализата на карактерните одлики на царот Јоница, доаѓаме до сознание дека истиот ги поседувал сите квалитети на еден голем генерал на своето време, смел, одважен, активен и добар стратег и над сè самоуверен во познавањето на сите војни вештини. Исто така, бил и господар со патриотски чувства. Основал нови градови, како што бил Алин, кој го населил со Власи. Од својата кореспонденција со папата се забележува дека тој поседувал дипломатски дух, успевајќи при тоа да ги оствари сите поставени барања во даденото време и простор. Целта што си ја поставил била да се соедини Влашката со Римската црква, но воедно не ги запоставил приоритетните и перманентни интереси на својата држава. Користејќи ја улогата и моќта на римскиот папа, тој си поставил задача преку организација на црквата да ја зајакне и државата во еден západen систем. Воведувајќи го влашкиот јазик во црквата и државата, осигурувајќи при тоа основа за зголемување на влашкиот народ во средините каде бил присутен словенскиот или грчкиот етнос. Уверен во сопствените сили и раководен од сопствената пасија, наместо да ги профитира Латините во Византија со што би станал фактички вистински господар во влашката држава, тој направил непромислен сојуз со Грците. Со тоа лесно би можел да делува против Грците и нивните стремежи. Речиси, исти про-*

[43] Исто, 89.

*пусти и дефекти во својата политика правел и Асан, иако и тој ги поседувал сите квалитети на војсководител со посебен дух во раководењето и организацијата на државата. Петру, иако носел царска круна ја користел улогата што ја одиграл Асан.*

*Независно од некои пропусти и определени негативности, тројцата браќа Петру, Асан и Јоница, поседувале посебен дух, душа полна со ентузијазам и слобода. Секојпат врз извојуваните победи се носеле витешки. По извојувата победа во Адријанопол имаа повеќе шанса да го освојат Цариград отколку Солун. Меѓутоа, место одмерено да расудуваат врз определени односи со својот развоен тек, повеќе се занесувале со моментален ентузијазам и сентименталност. Без овие дефекти на царевите Петру, Асан и Јоница, влашкото царство околу планината Хем би се одржало долго време.*"[44]

Прашањето за етничкото потекло на Петру, Асан и Јоница предизвикало доста остри полемики во научните кругови. Додека бугарската историографија застапува мислење дека Петру, Асан и Јоница се Бугари, дотогаш некои западни извори и воопшто романската историографија тврдат дека претставниците на династијата Асановци во Бугарија биле Власи. Јон Аргинтеану вели дека: „и едната и другата страна своите тези ги засновуваат врз определени докази. Така, бугарската историска наука смета дека Петру, Асан и Јоница биле Бугари, како што биле и Борис, Симеон, Петру, Шишман и други, како и дека Власите немаат одиграно никаква политичка улога во Бугарија и на Балканот воопшто. Уште повеќе бугарската наука ниту ги споменува Власите".[45]

Наспроти тоа, некои западни извори, како и тие од романската редакција сосема децидно го определуваат влашкиот (аромански) карактер на родот Асеновци. Според нив, докажувањето на влашката (ароманската) припадност на Петру, Асан и Јоница се толку прецизни и јасни, толку бројни и решителни, што без сомнение претставуваат убедливи аргументи за влашкиот (ароманскиот) карактер на родот Асановци. Според тоа, во врска со ова прашање во хрисовуљата која е објавена два дена по крунисувањето на Јоница за цар, се наведува дека: „*...бугарските цареви Симеон, Петар, Самуило беа претходници, а не потомци или нивни претци...*" што сосема јасно ја потврдува тезата за нивната влашка (ароманска) припадност.[46] И името на државата, односно следбениците на Петру, Асан

[44] Исто., 90.
[45] Исто, 100.
[46] Исто.

и Јоница во даденото време и простор се именуваа со Влашко-бугарска држава, секако, како одраз и израз на реалните состојби на етничките односи на населението во тоа време.[47]

На крајот во врска со ова прашање би додале дека францускиот витез Роберт де Клер, кој зел учество во крстоносните војни и во битките против Јоница, изнесува сознание дека Јоница бил Влав (Ароманец). Спротивно на тоа, Бугарите воопшто не ги споменува. И што е значајно –во семејството на Петру, Асан и Јоница се зборувало на влашки јазик**.** (Подвлечено Ј. А.) Кога еден грчки свештеник станал заробеник од страна на војските на Асан, тој се молел за да го ослободат само затоа што знаел да го зборува влашкиот (аромански) јазик.[48]

Според Јон Аргинтеану, сите наведени бројни автентични сведоштва и аргументи не противречат, но во основа ја потврдуваат поставката дека династијата Асановци била чисто влашка (ароманска) династија, додека државата, како и официјалниот јазик бил, колку словенскиот, толку и влашкиот (аромански) јазик.[49]

Влашко-бугарската држава била дело на генијалните Петру и Асан, кои на чело на својата војска војувале по балканските и пиндските планини за својата национална слобода и слава.

---

[47] Еве што забележува Г. Острогорски во врска со етничките односи на овие балкански простори во даденото време: „Сложеното прашање за етничкиот состав на населението во време на второто бугарско царство предизвикало многу спорови". Паѓа во очи дека Никита Хонијат во својот принос не зборува за Бугари, туку исклучиво за Власи (Ароманци). За нив зборуваат и западни историчари од тоа време (Ansbert, Robert de Clari Villehardouin). Наспроти нив, словенските историчари, а и византиските писатели во наредните епохи, зборуваат само за Бугари. Во преписките меѓу Инокентие III и Калојан, влашко-бугарскиот владетел во писмата на папата еословен како владетел на Бугарите и Власите. Дури и самиот Калојан, во четирите писма се нарекува Император на Бугарите и Власите, а само во едно писмо император на Бугарите. Никита Хонијат пишува дека се работи за варвари од подрачјата на планината Балкан, кои порано се викале Мизијци а сега се викаат Власи. Теодор Скутариот од своја страна забележал дека „Власите не се Бугари". Според тоа, се наметнува заклучокот дека населението на Мизија, односно на тогашната тема Паристрион, во тоа време се нарекувале со името Власи (како што е познато, ова име немало само етничко значење, туку било и име за сточарските племиња, бидејќи со името Бугарија беа наречени жителите на темата Бугарија т.е Македонија. За ова види во коментарите за одделни историски прашања на Тодор Трајановски во книгата на Ј. Аргинтеану, op. cit., 69.

[48] Исто, 101.

[49] Исто.

# 3. Ароманците на Балканот по падот на Влашко-Бугарската држава

## а) Ароманците од Пинд и Епир

Ароманското население низ средновековиието било населено во повеќе области. Ароманците била присутни, пред сè, во планинските предели каде ги напасувале многубројните стада овци, додека словенското население живеело во рамничарските предели.

Најмногу Ароманци имало по јужниот тек на реката Бистрица, сè до близината на планината Парнас. На оваа територија бројот на Ароманците бил изразито голем. Во северниот дел на Македонија, особено во Призренската област и на Шар Планина постоеле многу аромански населби и затоа Србите тие предели ги означуваа со името „Влашка земља“.[50] Во Тесалија и Епир, Ароманците формираа компактни и пространи маси. Грците, главно, биле присутни покрај приморските предели. Во средниот дел на Албанија ароманскиот елемент бил поброен отколку кон крајот на деветнаесеттиот век. Градовите Берат, Охрид, Прилеп, Битола, Преспа биле населени со многу Ароманци. Ароманците биле присутни и на Пелопонез, на планината Тајгет. Французите кои ја освоиле и владееле долго време со Мореја низ тринаесеттиот век, една баронија ја нарекле „Влашка Баронија“.[51]

Големиот број на Ароманците во средниот век придонел за развитокот на стопанските активности на овие балкански простори. Тие со својата активност и претприемништво влијаеја на развојот на стопанството во сите места каде биле присутни. Затоа тие одиграа значајна улога, како на стопански, но исто така и на културен и политички план, особено во јужните делови на Балканскиот Полуостров.

Уште во дванаесеттиот век, Епир и Тесалија биле познати со името Влахија. Таа била поделена на два дела: Голема Влахија или Тесалија и Мала Влахија или Епирско деспотсво. Епирското деспотство било познато под името Влашки принципат. Жителите на Тесалија, пак, се викале Мегало-Влахи. Јанинскиот регион и целата негова околина, која во основа е некогашната Загора и Стара Долопи-

[50] Исто.

[51] Исто.

ја, кои како центри ги имале Јанина, Аминчу (Мецово), Армиро, Сираку и Каларити се викал Горна Влахија.

Во народните песни и националните грчки поеми тесалиските принцеви биле наречени „Влашки кралеви", односно „Влашки крал".[52]

Од крајот на дванаесетти век голема Влахија од Тесалија на југ се граничела со реката Сперкиос и градот Ламиа (Зејтун), на север се граничела со планината Олимп и Камбунарија. Во првата половина на тринаесетти век, под владеењето на принцот Јон, чиј прекар бил Бастар, границите на неговиот принципат се протегале на југ до Парнас, на север до градот Сервија (Серфиџе), опфаќајќи ги провинциите Тесалија, Фтиотида, Пеласгитис и Локрица. Главни градови во односните провинции биле-Трикала, Лариса, Еласона, Домоко, Фарсала, Нова Патра (Патраџик).

Епирското деспотство или Мала Влахија, која се формирала во почетокот на тринаесетти век, го опфаќала самиот Епир. Во времето на принцот Никифор, тоа се протегало на север до Драч, на југ до Коринтскиот залив, опфаќајќи ги во својот состав Етолија, Акарнанија, Долопија, Епир, Теспротија, Крф, Кефалонија и Итака. Главни градови биле-Драч, Белград (Берат), Аргирокастро, Арта, Наупакт (Коринт).[53]

Според Ст. Романски Епирското деспотство од Србите било нарекувано „Влашка земја".[54] Во текот на дванаесетти век во Тесалија се појавува влашка (ароманска) држава, којашто постоела до средината на четиринаесетти век, кога била завладеана од Србите. Српскиот владетел Стефан Душан ја зел титулата „Гроф на Влашка". Во текот на четиринаесетти век византискиот летописец, Јован Кантакузен, Тесалија ја нарекува источна Влашка.[55]

Епирското деспотство со центар во Јанина ја зачувува својата самостојност до 1318 г. кога неговиот владетел решава да ја признае врховната власт на византискиот император. Со издадените од страна на Андроник Втори Палеолог две хрисовуљи во текот на 1319 и 1321 г. се регулира постоењето на малата автономна држава, која што ја зачувува својата внатрешна самоуправа во црковен, судски и воен однос. Нејзините вооружени сили биле ослободени од обврската да вршат воена служба надвор од нејзините граници.[56] Само не-

[52] Исто., 114.
[53] Исто.
[54] С. Романски, op. cit., 73.
[55] Г. Даскалов, op. cit., 21.
[56] Исто.

колку децении потоа, кон 1350 г., српскиот владетел Стефан Душан (1331-1355) ја воспоставува својата власт во дотогашните византиски поседи – Македонија, Епир, Тесалија и Акарнанија.[57] Како негов наместник во Епир со седиште во Јанина управувал неговиот полубрат Симеон Урош. По смртта на Стефан Душан при избувнатите меѓусебни судири неговата држава била расцепкана. Симеон Урош се утврдува како независен владетел на Епир. Во исто време во централна Албанија се формира уште една држава, раководена од најмоќниот член на родот Топиа-Карло (1359-1388). Тогаш српскиот деспот на Епир, Симеон Урош, повеќе ја посакувал рамницата Тесалија пред планините на Епир и го подели своето деспотство на два дела. Во хрониката на Јоанија (Јанина) се вели дека, тој ја оставил „целата Антолија" на Албанците. Симеон сметал, дека така тие се помалку опасни за преградата на планината Пинд како една вазална држава, отколку да им се дозволи слободно приближување.[58]

До својата смрт во текот на 1371 г. Симеон се задржува како владетел на Тесалија. Тој се обидува да ги рашири своите земји за сметка на Гин Буе Шпата. Во исто време во периодот 1367-1384 г. во Епир управува Тома Прељубовиќ, чие седиште било во Јанина.[59] Тој бил убиен од своите лични телохранители и бил наследен од дојдениот од Кефалонија, Исау (Изау, Изаилос), кој управувал од 1385 до 1411 година.[60]

Заради мошне неповолните односи меѓу населението, жителите на градот Јанина се дигнале на востание под раководство на Варда. Востанието било задушено во крв во годините 1385-1411. Според некои извори по неговата смрт на 6 февруари 1411 г. неколку недели подоцна, на 1 април, жителите на Јанина го покануваат на владетелскиот трон деспотот Кароло Токо (1411-1429). Може да се претполага, дека владетелскиот трон во Јанина бил и потоа наследуван од страна на Османлиите во текот на 1430 г.[61]

---

[57] Исто.

[58] Исто, 21-22.

[59] Тој воедно бил губернатор на градот Јанина. Тома Прељубовиќ како владетел на таа област се претставил мошне лошо. Во времето на неговото владеење областа била подложена на пљачкосување и разурнување. Црквите и манастирите биле претворени во касарни и коњушници. Во тоа време Епир го зафатила чума, која однела многу животи. Тома Прељубовиќ наредил вдовиците да се премажат за неговите војници, а имотите на жртвите да бидат конфискувани. Особено тешки последици од чумата имал градот Јанина.

[60] Г. Даскалов, op. cit., 22.

[61] Исто.

## б) Статусот на Власите (Ароманците) во балканското средновековно феудално општество

Македонија и другите балкански држави во тринаесеттиот век биле бојно поле на завојуваните балкански страни и коридор за странски војски. Воената активност проследена со пустошење на земјата и со грабеж на добиток неповолно се одразила врз сточарењето на Власите (Ароманците). Со поместувањето на државните граници било пресечено движењето на сточарите од летните на зимските пасишта. Привремената стабилизација на граничната линија меѓу Србија и Византија во Северна Македонија не донела некоја видна промена во развојот на сточарството. Имено во осумдесеттите години на тринаесеттиот век, српската феудална војска, по освојувањето на Северна Македонија, навлегла длабоко во византиската територија сè до Атонска Гора, пренесувајќи ги борбите во струмската и во серската земја и во Крстопол. При тоа во текот на тие воени операции имало ограбување на имоти и на богатства во споменатите земји.[62] Подоцна, во еден нов поход, српската војска, откако ги освоила: Дебарската, Кичевската и Поречката земја, тргнала на „државу земље Влахиотскије”. Воената активност била проследена со ограбување на богатство и пустошење на земјата.[63]

Кон крајот на тринаесетти век, во 1298 г., српско-византиската граница во Северна Македонија, според Теодор Метохит, постојано била вознемирувана од крадците на бикови и на кози, кои живееле на границата, надвор од населените места, во планините и во пустите места, каде што од заседа ограбувале патници и добиток и тргувале со украдените стоки.[64] За грабеж на добиток во Македонија пишува и византискиот писател и цар Јован Кантакузин. Според него, пролетта 1328 г., војници во служба на Ромеите при минувањето во Западна Македонија ограбиле големи стада добиток на протовестијарот Андроник Палеолог.[65]

Видот на добитокот што се одгледувал во Македонија во средниот век може да се согледа од податоците внесени во зачуваните грамоти, како и во биографското дело на Данило. Така во општата хилендарска грамота на српскиот цар Душан од 1348 г. се забележани: „Белош забел с козницами и коњуси Власи Горачевци”.[66]

[62] Т. Томоски, op. cit., 71.

[63] Исто.

[64] Исто.

[65] Исто.

[66] Исто, 70

Власите Добрушинци на имотот на манастирот Архангел кај Призрен ги паселе кобилите. За таа работа тие добивале на Митровден „белег” во износ од две ждребиња или десет перпери и „месечина” (плата) и гуни и клашни со обврска секогаш да даваат доход како и другите Власи.[67] Власите што паселе овци добивале на Ѓурѓовден овца со јагне од 100 овци и „месечина”. Влашки (аромански) пастири биле главени и кај световните феудалци за пасење добиток, меѓу нив спаѓал и Марцелат, старешина на пастири што го паселе стадото говеда на Трибалите во Бер околу 1350 г.[68]

Власите ги носеле своите сточарски производи на продажба на пазарите и на панаѓурите во Македонија. Според професорот Томоски панаѓурот што се одржувал кај манастирот Св. Ѓеорги-Горг кај Скопје на 20 ноември и во траење од осум дена покрај другите го посетувале и Власите (Ароманците).

Статусот на Власите во феудалното општество бил различен и определен според нивна класна припадност. Во четиринаесеттиот век меѓу влашките (ароманските) сточари во Македонија имало и такви кои се здобиле со привилегирана положба. Тука се споменуваат кнезот Паскач, Цимпан и Марцелат. Во редовите на властелините имало и Власи (Ароманци).[69]

Во продолжение нешто би се осврнале на катуните и нивната улога кај Власите (Ароманците). Инаку катуните биле заедница на сточари-преселници, кои заедно со своите семејства и со своите стада, како и со подвижниот имот, во потрага по пасишта за својот добиток, постојано се движеле и сезонски ги менувале своите живеалишта.

Катуни, и тоа влашки, лоцирани на манастирските имоти во Македонија се забележани, во мал број, во средновековните законски споменици. Владетелите, властелините и другите личности ги дарувале манастирите во прв ред со села метохии и влашки катуни за задоволување на потебите на „чрнците од општежилиште”. „Катоуни Влах царства им” се забележени во „Коунарх над Секирник”.[70] Друг „катоун влах” според проф. Томо Томоски се споменува на имотот на манастирот Св. Никита во Скопска Црна Гора.[71] Во една подоцнешна грамота на кралот Милутин дадена на пиргот Хрусија, ве-

---

[67] Исто.

[68] Исто.

[69] К. Сидовски, Власите во Македонија и на Балканот..., 17.

[70] Т. Томоски, Македонија низ вековите..., 456.

[71] Исто, 457.

ројатно од 1313 г. му се подарува на манастирот Хиландар: црквата Св. Никита у бањах со села со луѓе и со Власи”. Споменатите Власи (Ароманци) биле бездруго групирани во катун како што е наведено во горенаведената грамота. Во средината на четиринаесетти век на имотот на Лесновскиот манастир бил регистриран „катоун влах на строи”.[72] Подоцна во 1381 г. Константин Драгаш на манастирот Хиландар му потврдува: „и селиште настрои, где су власи седели”.[73]

Во Душановиот законик повеќе одредби се однесуваат на Власите (Ароманците) и на нивното занимање. Со чл. 82 вака било регулирано движењето на сточарите „во село каде што се задржал Влав или Арбанасин, да не се задржува друг кој по него оди.”[74]

Во грамотата на српскиот владетел Душан од 1345 г. дадена на манастирот Богородица Перивлепта во Охрид се споменуваат селото Ѓунмино и селиште Фругови Власи.[75]

Власи (Ароманци) со статус на отроци се забележани во грамотата на српскиот цар Душан од 1350 г. со која му се потврдува баштината на властелинот Иванко Пробиштитовиќ. Во неа на имотот на штипската црква Св. Јован Крстител во 1350 г. биле регистрирани Маноо Влах и Драгослав Влах со статус на отроци.[76]

Треба да се спомене дека во текот на трансформирањето на катуните, одделни Власи (Ароманци) попаднале во редовите на парици (зависни селани) и отроци (момоци). Меѓу осумте отроци што властелинот Иванко Пробиштитовиќ и ги подарил на штипската црква Св. Јован Крстител во 1350 г., како што споменавме погоре, се наоѓале и двајца Власи по име Мано Влах и Драгослав Влах.[77]

Малку се знае и за организационата структура на катуните во Македонија. Тие бездруго имале свои главари. Во чл. 146 од Душановиот законик се наведени следните старешини на села и катуни: кнезови, примиќури, управници, претстојници и челници.[78] Челник по име Станислав бил забележан во Штип во 1377 г. како донатор на црквата Св. Власиј. Вториот челник, познат по име, бил Ѓурица. Тој се споменува во „писанието” на црквата на Драгоја над Габрово на Беласица. Челник како назив за старешина на влашка (ароманска) заед-

---

[72] Исто.

[73] Исто.

[74] К. Сидовски, Власите во Македонија и на Балканот..., 17.

[75] Т. Томоски, Записи..., 17.

[76] Исто.

[77] Т. Томоски, Македонија низ вековите..., 459.

[78] Исто, 460.

ница составена од 20 до 200 семејства се одржал во употреба меѓу Власите (Ароманците) Фаршероти и до крајот на деветнаесетти век.[79]

Власите (Ароманците) во Македонија биле верници на христијанската црква. Во составот на Охридската архиепископија работела посебна епископија наречена на Вреноти или Власи. Во четиринаесеттиот век, во грамотата на манастирот Трескавец бил забележан еден „влашки епископ", во чија надлежност спаѓале Власите од летните сточарски кампови.[80]

Кога Османлиите го освоија Балканскиот Полуостров, кое почна со заземањето на Галиполе (1326) и заврши со битката кај Никополе (1396), со поразот на обединетите христијански војски „сите народи на Балканскиот Полуостров си ја загубија независноста и станаа закрепостени селани на новите стопани".[81]

По битката кај Марица во 1371 г., на османлиските освојувачи им биле отворени патиштата за навлегување во Македонија. Како последица на османлиското навлегување доаѓа до немилосрдно ограбување и поробување на незаштитеното население. Во осумдесеттите години на четиринаесеттиот век, османлиската војска ги напаѓала градовите и со опсада и со јуриш го кршела отпорот на нивните бранители. Османлиските воени одреди, пред паѓањето на македонските градови под османлиска власт, навлегувале длабоко во внатрешноста на Македонија. Османлиските напади биле проследени со грабеж, со уривање и со палење на населби, како и со убивање и заробување на граѓани и селани, меѓу кои имало и Власи (Ароманци). Во тие години робови заробени во Македонија се продавале на источно-медитеранските пазари. Тогаш на пазарот во Кандија се продавале робови заробени во разни места низ Македонија. Меѓу робинките се споменуваат и три Влаинки (Ароманки). На 6 март 1383 г. Стамати Грино, жител на Кандија, ја продавал на Јулиано Корнарио својата робинка Марија, по народност Влаинка (Ароманка). На 9 март Јулиано Корнарио и Виза негова сопруга, жители на Кандија, му продавале на Стамати Грино, жител на Кандија, една робинка Маркезина, по народност Влаинка (Ароманка) за 100 перпери. На 13 август 1384 г. во Кандија договор за продажба на една робинка по име Марија.[82]

---

[79] Исто.

[80] Исто, 460-461.

[81] Константин Папаначе, Рефлексии врз историската и политичката судбина на Ароманците, Скопје, 2001.

[82] Ив. Сакъзов, Новооткрити документи отъ края на XIV век за Българи отъ Македония продавани като роби, Македонски преглед, VII/2-3, София, 1932, 36, 54.

Треба да се каже исто така дека кон крајот на четиринаесетти век секнуваат вестите за катуни во Македонија. Во петнаесетти век во турските пописни дефтери е забележано само по некое село Власи.[83]

До паѓањето на Балканот под османлиско господство Тесалија, Епир и Албанија, определени од Ст. Романски како „вистинска татковина на Ароманците" минуваат од една рака во друга и на крајот потпаѓаат под српска власт.[84] Голема Влашка, земјата на „мегало -влахитите", во извесно преме постоела и дури како самостојна државичка.[85]

*

*　　*

За овој период може да се каже дека независно од сложеноста на проблемите и оскудноста на изворите можат да се дадат некои поодредени становишта. Неоспорен е настанатиот процес на латинизација на Балканот по римските освојувања на полуостровот. Како непосреден резултат од сложените цивилизациски и демографски процеси е појавата на источниот латинитет. Неговите јужни клонови се формираат и утврдуваат во Епир, Тесалија и Македонија. Во текот на средниот век се искажуваат како самостоен етнос, одликувајќи се со свој јазик и начин на живот. Овие јужни латинофони се обединети не само врз база на родова и етничка основа, туку и од нивните амбиции за самостоен политички живот. Тие се истакнувале со својата непокорност и нивната слободољубивост, со стремежот за независност, од востанијата против централната византиска власт и спротивставувањето со соседните Грци. Врвот на тие политички стремежи се постоечките во текот на дванасетти-четиринаесетти век влашки (аромански) државни творби. Со нивната сила бил принуден да се сообразува византискиот императорски двор. Во времето на османлиските завојувања на Јужниот Балкан Ароманците се осигуруваат како воен и политички фактор, којшто ќе им осигури автономија и самоуправа во суровите услови на османлиското господство.

---

[83] Т. Томоски, Македонија низ вековите..., 461.

[84] С. Романски, op. cit., 72-73.

[85] Исто, 73.

# Глава 2

# Ароманците под османлиска власт до крајот на XVIII век

## 1. Доаѓањето на Османлиите на Балканот

Со освојувањето на тврдината Цимпе на Галиполскиот полуостров во текот на 1352 г. од страна на Османлиите започнува почетокот на нивните освојувања на Балканот. По стапувањето на престолот на Мурат Први (1362-1389) и освојувањето на Едрене, на султанот му се отвори патот за нови освојувачки походи на Балканот. Османлиската експанзија се одвивала во три насоки – на север, на северозапад и на запад по егејското крајбрежје кон Македонија. По победата во Маричката битка (септември 1371 г.) над обединетите христијански војски на кралот Волкашин и деспотот Углеша, Османлиите стапуваат трајно во областа. Со ова за нив била создадена нова ера на слава и моќ, освојувајќи нови балкански простори. Тимурташ на чело на својата армија ги заседе градовите на Родопите и крај Вардар, а во 1382 г. навлегува во Македонија и ги освојува, без никаков отпор, градовите: Штип, Прилеп, Битола и Охрид.

По ова на Османлиите им биле отворени патиштата за широки освојувања како во Македонија, така и понатаму, на север, на запад и на југ. Тие допреле дури до Албанија, Епир и Тесалија.

По Косовската битка (1389) војските од сојузот на христијаните биле потполно разбиени. Со тоа Османлиите продолжиле со своите натамошни освојувачки планови. По заземањето на земјите на Ароманците на планините на Епир, Тесалија и Албанија, нивните сонародници кои се нашле во тесалиското поле се прибираат во непристапните планински населби. Главната тврдина на ароманскиот слободарски дух бил Пиндскиот масив во Епир, којшто зафаќал средишна положба меѓу ароманските населби на исток и запад од него. Кога станува збор за таа природна тврдина, Ами Буе пишувал: „*Епир, пресекуван од планински вериги од северозапад на југоисток, од анастамози или клисури и теснеци, насочени од исток на запад, е еден крај создаден за војување од заседа со изненадува-*

*ња... За среќа поголем дел од таквите прорези на планинските вериги се лесни за затворање*”.[1]

На чело на една бројна војска Бајазит успеал да ја заземе Мореја. Врвејќи низ Тесалија, сите градови, како Лариса, Трикала, Домоко, Фарсала им ги отворија портите, поклонувајќи им се на Османлиите. Солун е заземен од Османлиите во 1387 г. Меѓутоа, по смртта на Бајазит, Византијците ги повратиле назад градовите Солун; Серфиџе, Бер и др., ослободувајќи ги од османлиската власт.[2]

Во 1404 г. византискиот цар Андроник им го продал Солун на Венецијанците за сума од 50.000 златници. Мурат Втори го оставил Солун да биде Венецијански гувернат, под услов тој да исплати определени давачки.[3] Во 1430 г., Османлиите повторно ги усмериле своите напади врз Солун и неговото пристаниште и откако го освоиле од таму одвеле 7.000 заробеници. Поголем дел од нив ги продале во Азија. По заземањето на Солун, Османлиите сите цркви, освен четири, ги претвориле во џамии.[4] Во хрониката на Мехмед паша пак се вели дека во 831 г. по хиџра била освоена тврдината на Солун, т.е меѓу 22 октомври 1427 и 10 октомври 1428 г.[5] Во 1431 г., во Јанина дефинитивно се зацврстиле Османлиите.[6] Турскиот командант Синан паша води преговори за бескрвно предавање на тврдината. Тој дава писмена гаранција на граѓаните на тврдината дека ќе го зачува градот од уривање и колежи и дека ќе бидат осигурени некои привилегии. Ветува да ги зачува нивните цркви и тие да не бидат обложени со девширме (данок во крв) и да ја зачуваат својата внатрешна самоуправа.[7]

Бајазит, а исто така и Мурат Втори, преселил во Азија голем број на Власи (Ароманци). Бројот на робовите заробени од Мурат Втори на јужниот дел на Балканскиот Полуостров изнесувал 40.000.[8] Голем дел од нив биле транспортирани во Азија, а на нивно место Османлиите доселиле турски колонисти. Јон Аргинтеану

---

[1] Г. Даскалов, op. cit., 26.

[2] Ј. Аргинтеану, op. cit., 134.

[3] Исто.

[4] Исто, 134-135.

[5] Александар Матковски и Кемал Аручи, Изводоци од две турски хроники за Македонија и соседните области, Гласник на Институтот за Национална Историја (натаму: ГИНИ), XXI/1, Скопје, 1977, 249.

[6] Ј. Аргинтеану, op. cit., 135; Според Даскалов Јанина била освоена во 1430 година: Г. Даскалов, op. cit., 27.

[7] Г. Даскалов, op. cit., 27.

[8] Ј. Аргинтеану, op. cit., 135.

вели дека во времето кога ја пишувал својата книга (излезена во Букурешт во 1904 г.) близу Бурса постоела населба Пистикоши *„каде сред нивните жители се среќаваат армнски (влашки) зборови како и армнски (влашки) овчарски обичаи како оние на Армн Македонците (Власите) од Епир"*.[9]

## 2. Привилегиите на Аромангците по доаѓањето на Османлиите на Балканот

Понатамошните освојувања на Балканот, преземените први крстоносни походи против османлиските освојувачи и избувнатите албански востанија[10] неминовно покажуваат влијание врз решенијата на султанот Мурат Втори (1422-1451) да си го обезбеди својот грб за претстојното настапување кон Беотија, Фокида, Атина и Пелопонез. Со таква цел тој ги поддржува привилегиите, коишто Аромангците ги имале уште при византиските императори и коишто биле признати од нивните претходници. Била склучена специјална двострана конвенција, по силата на која Аромангците ги зачувуваат следните права: 1) Работите поврзани со правосудството да се остваруваат од еден судија според нивните закони; 2) Слободно да патуваат по целата држава и да вршат работа која што тие самите ќе си ја изберат; 3) Внатрешниот ред да биде осигуруван од аромaнска полиција под команда на нивни раководни лица; 4) За дејствувањето на вооружените аромански сили надвор од капитанатите било неопходно да се договорат со турските власти во соседните провинции; 5) Си ја зачувуваат целосната автономност во своите религиозни работи и никој нема право да се меша во нив; 6) Аромaнското население се ослободува од даноци и како знак (доказ) за неговата вазална положба тоа било должно да дава секоја година подарок на Султан Валидие (мајката на султанот).[11]

Со Ферманот од 1429 г. Мурат Втори ги озаконува односите меѓу капитанатите и Османлиската империја. Тој утврдува 14 капитанати. Кај Јон Аргинтеану се вели дека Јужна Македонија, Тесалија и Епир се поделени на 15 капетании, како управни единици, од кои 5 капетани биле во Епир и Акарнанија (Малакаши, Ѕумерко,

[9] Исто, 136.

[10] За ова види: Марин Барлети, Скендербег, Скопје, 2008, 720.

[11] Г. Даскалов, op. cit., 27.

Лидорини и Венетик); 5 капетании биле во Тесалија (Олимп, Аграфа, Касија, Мавровуни и Патрацик), а останатите пет биле во Јужна Македонија (Бер, Серфице, Еласона, Гревена и Милиа).[12]

Во народната песна, пак, посветена на ароманскиот капетан Зидру, се прикажува дека на овие простори имало 12 капетании.[13]

Треба да се спомене дека капетанијата претставува едно воено подрачје раководено од определен шеф, наречен капетан. Војниците подредени на дадената капетанија се нарекуваа арматоли. Тие биле задолжени да го оддржуваат поредокот и мирот во одделните градови, односно општини и некои планински превои. Капетанот бил поставен со одлука на пашата и тој бил задолжен за извршување на поставените задачи во рамките на даденото подрачје. Формирањето на капетаниите било извршено со цел да се заштитат Ароманците од нападите кои ги вршеле Албанците-муслимани кои ја преминуваа границата и во своите пљачкашки акции одеа дури до Мореја. Установата капетанија која порано кај Османлиите била врзана исклучиво за воени операции на вода, во текот на шеснаесетти век означувала гранични единици под управа на заповедници, кои се викале капетани. Тие територии претставувале воено одбранбени утврдени простори, чие главно упориште била некоја тврдина зајакната со систем на поголеми или помали утврдувања. На капетаните им биле подредени диздарите, т.е заповедниците на поголемите или помалите утврдувања. Уште од почетокот, османлиските власти бараа да востановат определен број на региони, односно подрачја на чие чело биле поставени одбрани капетани. Капетаниите биле поделени на субкапетании. Според тоа, организацијата на капетаниите се засновала врз субординарен принцип кој почнува од долу па нагоре. Селата и градовите биле раководени од претставници на старци кои го сочинуваат советот на старците на определени места. Тие се грижеле за општите потреби на капетанијата, а пред сè, ги определувале должностите на арматолозите.

Меѓу познатите Ароманци – главни капетани, бил и Фоту Чавела. Тој претставувал симбол на дадениот збор-заклетва за чување на редот и мирот на определеното подрачје. Неговиот збор, според тоа, бил високо ценет и респектиран. Личноста на Фоту Чавела, како арматол и главен капетан, претставувала вистински страв и трепет за албанските банди во областа Тесалија, Пинд и Епир. Исто така и главниот капетан Андруцу Веруш-Мочони, бил прочуен Арома-

---

[12] Ј. Аргинтеану, op. cit., 142.

[13] Исто.

нец од Аспропотам. Неговата смелост и решителност им втерувала страв на албанските банди. Тој дејствувал во делови на Тесалија и во Етоло-Акарнанија. Во тие области не стапнале разбојничките банди да го тероризираат населението. И Теодор Колокотрони претставувал значаен арматол и главен капетан, командант на востаниците во ослободувањето на Грција. Имало и многу други познати капетани.[14]

Бројот на арматолите во една капетанија варира од 600 до 2000 души според важноста и големината на регионот, на чие чело бил еден капетан. На капетаниите им се давало правото да организираат полициски сили со воен карактер, коишто зависат од соодветниот турски воен управник. Во замена за помошта која требало да ја укажуваат при потреба на османлиските војски, централната османлиска власт се ангажира да ги финансира капетанатите и формациите на арматолите. Институтот на арматолите се зачувува како воена структура. Во таа структура се служело околу 20 години, практика која што можеби останала од времето на римските легии. Арматолите биле облечени во народна носија, вооружени со пушка, сабја и кама. Составот бил регрутиран исклучиво од ароманското население.[15]

Службата на арматолите преминувала од татко на син, според наследното право. Знакот на тој залог била сабјата која се пренесувала од генерација на генерација. Во одделни случаи сабјата се доделувала на лице кое се истакнувало со своето јунаштво. Така, на пример, на сабјата на Контојани бил испишан следниот натпис: „На оној кој не се плаши од тираните, кој живее слободен во светот и на оној чиј живот е овековечен со слава му припаѓа оваа сабја".[16]

Оружјето на арматолите се состоело од пушка, сабја и една кама која се носела на појасот. Облеката, пак, на капетанот се одликувала со посебни елементи што ја чинело карактеристична. Посебно градниот дел бил накитен со повеќе леи, закопчани со сребрени копчиња. Секој капетан имал свој поверен арматол наречен *Протопаликар*. Тој носел сребрена мастилница својствена за секретар на определен оддел. Секое собирање на арматолите за преземање на некоја акција се викало радана (пагана). Често пати заради преземање на големи експедиции на едно место се собирале повеќе чети на арматоли.[17]

---

[14] Исто, 143-144.

[15] Г. Даскалов, op. cit., 27.

[16] J. Аргинтеану, op. cit., 144.

[17] Исто, 144-145.

Имајќи го предвид горенаведеното може да се констатира дека ароманското население ја зачувало својата автономија, којашто ја имало уште од времето на Византиската империја во лицето на Влахиите (влашките кнежевства). Освојувачите го зачувуваат статусквото и поради големите загуби што ги имале во тие земји и најповеќе кај колонизираното турско население. Османлиските султани претпочитале да се договорат со Ароманците, признавајќи им ги не само дотогашните слободи и права, но дури им даваат и нови привилегии. Тие сакале не само да ја стекнат нивната симпатија, но и да ги привлечат како сојузник против Византијците. Мехмед Втори (1451-1481) ги оценува нивните воени можности и личните борбени својства и согласно договорените вазални односи ги искористува ароманските арматоли при заземањето на Цариград (1453).[18]

Георги Даскалов наведува дека „во една хроника од тоа време, објавена во текот на 1870 г. во Хале од германскиот историчар Краузе, се истакнува: 'Навистина собраа 25 илјади арматоли само од околината на Долна Влашка (Јужна Тесалија), Етолија и островот Негропонте (Евбеја, б. а.)'. Тој факт дава основа на некои автори да сметаат дека ароманската воена сила била единствено борбено способна во Византиската империја во навечерието на нејзиниот целосен крах. Со тоа тие ги објаснуваат привилегиите коишто на нив им биле дадени, за да бидат не само отргнати од централната византиска власт, но и придобиени како сојузници против неа”.[19]

Мехмед Втори ја поделил својата држава на четири провинции (вилаети) на чело со беглербег. Румелискиот вилает ги опфаќал балканските поседи, вклучително Епир со Акарнанија и Етолија, Тесалија и голем дел од Македонија. Земјите, населени со ароманско население, како што е споменато погоре, биле организирани во 15 капетанати на чело со капетани. Тие се распределени во следните области: во Македонија-Битола-Прилеп, Костур-Корча, Бер, Гревена-Амеру (Милиа) и Еласона; во Тесалија-Олимп, Хаша, Сергиа-Лариса, Аграфа-Трикала и Ламиа (Зедуни); во Епир-Малакаши, Цумерка-Загора, Арта-Ксиромири; Акарнанија-Лидорики; Етолија-Венетику. Подоцна се создадени уште две капетании, Карацова-Меглен и Серес, со којшто нивниот број нараснува на седумнаесет.[20]

---

[18] Зоран Јањетовић, Цинцари – Кратак преглед дуге историје јединог „Народа без историје”, Српска слободарска мисао, Часопис за филозофију, друштвене науке и политичку критику, II/5, Београд, 2001, 113.

[19] Г. Даскалов, op. cit., 28.

[20] Исто.

Во децениите што следеле централната османлиска власт правела обиди да ја ограничи власта и моќта на капетаните-арматоли. Тие стремежи биле пресретнати со незадоволство од страна на Ароманците и со бунтување на арматолите, некои од коишто излегуваат во планините и стануваат ајдуци, за да се одмаздат за насилствата. Така се раѓа ајдутството коешто ја продолжува традицијата на арматолите, но која веќе не зависела од османлиските власти. Ајдуците го зачувуваат воспитувањето, дисциплината, военот и националниот дух на арматолите и не влегувале во судир со нив. И арматолите и ајдуците имале една и иста цел – заштита на ароманското население и неговите имоти. Ајдуците ставале под своја контрола цели области, а населбите во нив се наречени „клефтохориа” (ајдучки села).[21]

Треба да се спомене дека скоро и да немало буна на Балканот во која не учествувале и Ароманци. Општо е познато дека во востанието на Скендербег во 15 век, покрај Албанците, најголем број биле Ароманците. Ароманците одиграле важна улога во ова востание, бидејќи истото се водело на територијата каде што живееле многу Ароманци.[22]

Познато, е исто така, дека некои „влашко-романски елементи” од Цариград биле преселени веднаш по 1453 г. (по паѓањето на Цариград под Османлиите) во Македонија. Се споменува и една група од 12.000 жители арматоли-Ароманци од Епир и Тесалија, кои биле донесени во Цариград од Султанот Мурат Четврти во 1635 г. а кои се сметале за загубени во борбите против Персијанците. Поголем дел од овие Ароманци, учесници во борбите против Персија, како османлиски наемници, подоцна биле исламизирани и се стопиле во турскиот народ.[23]

Во време на Султанот Сулејман Величенствени (1520-1566) обидите за ограничување на ароманската автономија се прекратени. Со ферман од 1529 г. тој ја потврдува автономија со привилегиите, дадени од неговите претходници. Со тој акт за долго време бил ставен крај на судирите на Турците со арматолите. Во времето на Сулејман Први бројот на капетаниите е 17, и по преземената од него реорганизација тој нараснува на 19 - вклучени се нови територии - областа Атина и земјите околу Скопје.[24]

[21] Исто.

[22] В. Ј. Трпкоски-Трпку, op. cit., 18.

[23] Исто, 31-32.

[24] Г. Даскалов, op. cit., 28.

Во врска со автономијата на Ароманците во својот труд „Патување во Грција", Ф. Пуквил, според Георги Даскалов, пишува: „Луѓето населени во тие области уште од времето на Михаил Палеолог, останаа независни, дури и при освојувањето на Епир од Муслиманите. Силни во своите слободи и фортификациските позиции, каде беа настанети, тие предвидоа дека порано или подоцна ќе треба да отстапат под ударите на една власт, настроена непријателски против христијаните. Тие беа доста мудри да се поклонат на султанот, барајќи вазалство, коешто им даде за долго време многу подобри услови, отколку на другите христијански народи. Како резултат на таквата привилегија Ароманците се најдоа под заштита на Султан Валидие (мајката на султанот) во чија што каса плаќаа многу мал данок, кој повеќе беше вазалска почит, отколку данок на ропство. Со тоа беа заштитени од вмешувањето на Турците ... Управувани во своите градови и села од советите на мудрите, составени од старци, тие си живееја по такви закони, какви што беа нивните обичаи.[25]

Во времето на Сулејман Први се дадени некои нови привилегии на Ароманците. На Турците им било забрането да се населуваат во капетаниите, а преминувањето преку нивната територија можело да стане само со согласност на арматолите. На нив им се дава и нова задача – да ги чуваат патиштата и премините со право да земаат такси од патниците, исто како и за пренесувањето на стоки и товари. За таа цел на некои јазолни места биле поставени постојани гарнизони.[26]

Ароманскиот град Мецово, расположен на падините на Пинд, од крајот на 16-ти век, добил посебни привилегии добиени по една случајност. Имено, кога големиот везир Азен Фазли Ахмет Ќупрулу паднал во немилост кај Султанот Мехмед Четврти во 1656 г. тој побегнал од Високата Порта и пребегнал во Тесалија. Везирот бил прифатен во куќата на ароманскиот челник Флока. Цели три години Флока го чувал, го хранел како свој човек и го заштитувал Големиот везир. Во лето се искачувал по убавите планини на Пулигоара и Пулица од Аминчу (Мецово), а пред зима се спуштал со стадата во полето кај Гришани, заедно со овчарите, од кои го научил и ароманскиот јазик.[27]

[25] Исто, 29.

[26] Исто.

[27] Георги Платари-Ѕима, Автономијата на Аминчу во времето на турското владеење (Привилегиите на Флока), Зборник Власите на Балканот, Скопје, 2005, 58.

Во 1659 г. по три години, султанот од Цариград го сменил мислењето зошто дознал од други видни и сигурни луѓе дека везирот бил добар и чесен човек и дека немал намера да го убие за да му ги преземе султанувањето и престолот.[28]

Во знак на благодарност кон Флока, Големиот везир му дал еден ферман при посетата на последниот во Цариград, според кој целото земјиште на Аминчу (Мецово), заедно со другите аромански села, станале место со автономија, свет предел и никој од Турците не можел да стапне таму.

Во тој прв ферман, се гледаат следните параграфи од огромна важност.

1. Аминчаните имаат право да ги напасуваат своите овци и другата стока на сите места кои се пасишта во Тесалија, Епир и Македонија.

2. Ниеден туѓинец не ќе може да се насели во Аминчу.

3. Аминчу со своите маала (односно околните села) и границите на ова место ќе бидат бранети само од стражари Аминчани.

4. Аминчу со своите маала ќе плаќа во касата на мајката Султанија по 941 аслани (или 10 наполеони).

5. Секој човек, од која било вера или нација, што ќе најде прибежиште во границите на Аминчу, никој нема право да го гони, да го бара или да го фати.

6. Секој Османлија кој ќе поминува по главните патишта на Аминчу низ неговите маала, може да побара само вода и ништо друго.

7. Секој што ќе помине низ светото земјиште на Аминчу, штом ќе ја напушти границата, треба да ги откова своите коњи и да ги истресе потковиците за да не однесе ниту прав од таа света земја.

8. Секое недорабирање меѓу аминчаните ќе го судат видни луѓе на Аминчу, а за потешките проблеми ќе се судат кај кадијата во Ливади.

9. Од политичка гледна точка, Аминчу се управува од Неа Патра (односно Евија или Халкида).

10. Како верски поглавар, Аминчу и неговоте маала ќе имаат патријаршиски егзарх, но избран од Аминчани и потврден од Патријашијата во Цариград.

11. Потоа, според тој ферман, се вели дека земјиштето на Аминчу по значењето се поврзува со Мека и Медина, светите градо-

[28] Исто.

ви на муслиманите, дека ниту по еден основ ниту ни султанот не може да се меша во управувањето со ова место, затоа што се смета за свето.

12. Се наведуваат границите на земјиштето на Аминчу.[29]

Со ваквите привилегии на Флока, Аминчу стана држава во држава и достигна еднаков степен на голем процут како и Москополе. Според Ѓорѓи Платари-Ѕима, историчарот Панајотис Араватинос го нарекува Аминчу „Татковина на учени луѓе". Историчарот и професор Анастасе Хачу, којшто го посетил градот, него го нарекува „Република на големите донатори" и сосема бил во право, затоа што ниту еден од другите поголеми градови не успеа да даде толку голем број донатори.[30]

Во Аминчу, на изборите се избираа седум лица коишто го управуваа градот и околните села. При вакви привилегии, на кои им завидуваа сите населби и градови, можеше да се очекува Флока да стане видна и почитувана личност, барем кај своите сонародници, но тоа не се случи. Флока беше подмолно убиен.[31]

Со убивањето на Флока се загубија привилегиите од првиот ферман од 1659 г., кој ја гарантираше автономијата и власта на Аминчу (Мецово) врз сите други наведени села. Некои политички привилегии им ги укина Али-паша Јанински во 1795 г., но од благословената 1659 г. кога беше дадена автономија, Аминчу (Мецово) доби голема развојна сила и стана аромански трговски, духовен и културен центар. Од 1719 г. Французите имаа складиште за аромански производи (ароманска чоја, која се бараше за морнарски гуни, но и за цивилна облека).[32]

Штом ќе се устоличеше некој нов султан, аминчаните се обидуваа да стекнат нов ферман за безбедноста на автономијата. По првиот ферман на Флока, на Аминчу ќе му бидат издадени уште петнаесет фермани, И тоа: Од султанот Махмут Хан Први (1730-1754) два фермани во 1730 и во 1744; Од султанот Осман Трети (1754-1757) во 1754 г.; Од султанот Абдул Хамид Хан (1773-1789) пет фермани. И тоа во 1775, пак во 1775; во 1783; и два пати во 1783; Од султанот Селим Трети (1789-1807) шест фермани и тоа три во 1791, два во 1793 и еден во 1802; И, најпосле, од султанот Мустафа во 1802 г.[33]

[29] Исто, 60-61.

[30] Исто, 61.

[31] Исто.

[32] Исто, 61-62.

[33] Исто, 63.

# 3. Раздвижување и бунтови кај Ароманците во XVI-XVIII век

Оформените капетании од страна на османлиската власт во 1537 г., стекнале толку моќна и силна автономија, што првите кои изразиле претпазливост и страв во аромански населби низ Епир и Тесалија, биле токму Османлиите. Султанот Мурат четврти настојувал таа автономија да ја укине. Во половината на 18 век, османлиската власт создаде едно целосно тело на жандарми-муслимани од турски и османлиски состав. Тие требаа наместо аромански арматоли кои дотогаш ја вршеле таа должност да ги заштитат планинските превои во Тесалија и Епир.[34]

Турско-албанските жандарми имале свои офицери, наречени дервенџи-аги, а највисок над сите дервенџии-аги бил дервенџибаш. Оваа одлука на османлискиот гувернер предизвикала големо незадоволство меѓу арматолозите. Многу од нив, заради тоа, пребегнале во планините и започнале буни против нив, напаѓајќи ги и убивајќи ги османлиските жандарми.

Кога Високата Порта го согледала разбранетото движење на побунетите арматоли, ја повлекла донесената одлука. Притоа, биле назначени од самите арматоли чувари на планинските превои, со право на собирање на такси од стока и минувачи (селнамет параси).[35]

Многумина од нив согледале дека тој живот е подобар, да се биде целосно слободен, отколку арматолскиот начин на живеење според наредбите на пашите, кои не воделе сметка за нивното заслужено јунаштво, па тие и натаму останале верни на тој нивен статус.

Од тогаш започнало ајдутсвото кај Ароманците од Тесалија. Цели села беа опфатени со востанички движења, во кои не се признавал никаков авторитет и во таа смисла не се плаќал никаков данок. Тие населби Грците ги викаа „бандитски села”. Кон нив никој не се доближувал.[36]

Основано некои автори сметаат дека привилегиите користени од Ароманците не биле просто „подарок на турската великодушност”. Според нив тие се резултат од постојаното спротивставување,

[34] J. Аргинтеану, op. cit., 145-146.

[35] Исто, 146.

[36] Исто.

од една страна, на Ароманците, коишто сакале да ја задржат својата вековна автономија и привилегии, и од другата - на османлиите, коишто непрекинато се стремеле да ги ограничат и да ја уништат силата на арматолите. Секоја од тие две страни во текот на целиот период на османлиското господство барала погоден момент, за да ја наметне својата волја којашто водела до нивно постојано спротивставување, проследувано со победи и порази за секоја од нив. Имено во тие рамки се оценува местото и улогата на капетанатите, на арматолите и ајдутите во животот на Ароманците на балканскиот југ.[37]

Ароманските востаници од Тесалија и Епир останаа во одредена апсолутна независност сè до 1821 г., кога тргнаа да ја ослободуваат Грција од Османлиското господство. Во тие ослободителни борби на грчкиот народ ароманските арматолози биле опеани од Грците и грчките поети како вистински национални херои.[38]

Арматолите и востаниците никогаш не биле признати во Грција, освен во Тесалија и Епир, каде нивната активност секогаш била ценета. Многу востаници биле некогашни арматоли. Незадоволни од некоректните постапки на пашите, тие се одметнувале во планините за да издејствуваат слобода. Многу арматоли станувале ајдуци заради тоа што одредени авторитети ги привлекувале, давајќи им дарови, а потоа тие биле наградувани со некоја добра служба. Арматолската служба била фаворизирана кариера. Планината Олимп била главното место каде се собирале ароманските востаници. Преку зима тие се повлекувале на Јонските острови, кои се наоѓале под власта на Венецијанците. Пред да ја напуштат планината, востаниците го криеле оружјето по планинските пештери и други скривалишта, а потоа се појавувале сред грчкото население во дадените места. Меѓутоа, тие се разликувале од Грците според питорескната носија, која со својот изглед и отменост ја чинеше убава и интересна. Нивните портрети се наоѓале во сите градски деловни простории во Грција, додека песните посветени на овие аромански јунаци се разнесувале насекаде бидејќи нивното јунаштво и храброст во борбата против албанските банди во сите случаи било опеано. Честа и чесноста за арматолите претставувале света работа. Кај арматолите било силно развиено релгиозното чувство. Тие во сите можни случаи со внимание ја слушаа божјата служба, секако во определени храмови. Биле простодушни и груби, но сепак велокодушни и достоинствени луѓе во својата средина.

[37] Г. Даскалов, op. cit., 30.
[38] Ј. Аргинтеану, op. cit., 146.

Востаниците, како и арматолите, организирале разни витешки игри интересни за даденото време. Тие исто така биле прочуени во одмерувањето на силата во поднесувањето на глад, жед и замор. Беа во состојба да војуваат непрекинато, три дена и три ноќи и на четвртиот ден да ја прославуваат победата. Ги поднесуваа, исто така, маките и страдањата со нескриена резигнација. Трпеа без да пуштат капка солзи од своте очи, без да искажат болка на своите страдања. Најпријатната смрт за арматолите била таа која завршувала на бојното поле.[39]

## 4. Интервенцијата на Големите сили на Балканот (17-18 век) и положбата на Ароманците

Ароманските општини во Македонија, Епир и Тесалија биле задоволни со благонаклонетоста на османлиската власт во однос на определените такси кои биле наменети за државата. Периодот на релативен мир им отворил на Ароманците големи можности. Од поодамна подвижни, Ароманците во еден дел можеле да го усмерат својот талент во тргувањето низ пространото Османлиско царство. Првиот бран во трговијата бил во периодот на најголемиот процут на Османлиската империја во 16 и 17 век, но австро-османлиските и венецијанско-османлиските војни ја попречувале таа трговија. Затоа пак 18 век претставувал златен век на ароманската трговија.[40]

Сепак, политичката ситуација на Балканот не одела во прилог на Ароманците. Во 1711 г. Османлиите прават големи воени подготовки за војна против Русија на Петар Велики. Кралот на Шведска Карло дванаесетти по поразот кај Полтава, бега во Османлиската империја, настојувајќи повторно да ја вовлече Империјата во војна против Русија.[41]

Во 1736 г. ќе избувне нова руско-турска војна која ќе заврши со мирот во Белград (1739). Русија на Ана Ивановна, во сојуз со Австрија на Карло шести била во војна против Османлиската империја

---

[39] Исто, 147.

[40] Кочо Сидовски, Борбата на Власите во Македонија и на Балканот против Османлиската Империја во почетокот на XIX век до 1830 година, Документи, I/3, Скопје, 2004, 3.

[41] Валериу Папахаци, Москополците и руско-турските војни од 1711 и 1736-1739, Престанок на трговските врски со Венеција, Разурнувањето на Москополе, Документи, I/3, Скопје, 2004, 43.

- каде што владее Мехмед Први - поддржуван од амбасадорот на Франција Вилнев и од ренегатскиот авантурист де Боневал. Џамбатиста де Роси, конзул на Венеција во Драч, им пишува на 7 јули 1736 г. на венецијанските раководители за руските успеси, за заземањето на Азов, за напредувањето на Русите на Крим и поразувањето на Татарите. Османлиите кажувале дека нивната војска била бројна и добро опремена со проектили и опрема. „Во цела Албанија, во Епир и во Мореја стасаа царски фермани според кои секој командант е задолжен да го земе оружјето на Грците и да постави топови по градовите, обезбедени со сè што треба. Овде, почнувајќи од Елбасан, Охрид, Тирана, Виларди (Берат), Струга, Москополе, Шатиста, Јанина, па продолжувајќи со други градови, области и села, има бројни јаничарски одреди чијшто командант има царски ферман и ги следи, според наредбите, Грците кои се повеќе или помалку богати со пари и материјали, а на чии порти тој постави по едно знаме. Штом ќе го видат тоа знаме, тие треба да мобилизираат од 20-30 па до 600 војници и да ги испратат на свој трошок во Цариград".[42]

Треба да се каже дека Русија на секој начин сакала да го зголеми своето влијание на Балканот. Воглавно кажано, мирот во Белград не донесе конкретни ситуации за Австрија и Русија коишто посакуваа капитулација на Османлиската империја. Инаку под влијание на Франција во 1739 г. во Белград, Австријанците потпишаа мир со Османлиската империја. Според овој мир, Австрија била принудена да отстапи преку Сава и Дунав, а Белград и Шабац биле отстапени на Османлиската империја. Со овој пораз, Австрија го губи својот углед во Европа и на Балканот. И Русија била принудена да се откаже од завојувањето на османлиските поседи.

Од друга страна Високата Порта има една „пацифистичка" политика во војната за наследство на австрискиот престол (1740-1748) и во седумгодишната војна (1756-1763) и во средината на 18 век, кризата на османлискиот феудализам расте од сите гледни точки.[43]

Поради овие причини Османлиската империја инсистира на тоа да не се меша во европските работи. Целата еволуција на настаните од опсадата на Виена па сè до половината на 18 век го покажува евидентниот процес на распаѓање на Османлиската империја. Внатре во нејзините рамки се случуваа настани и промени кои што

---

[42] Исто, 42.

[43] Tănase BUJDOVEANU, Moscopole, Căsăbă-Armănescu dit Peninsula Balcanică, Constanţa, 2010, 160-161.

ја слабееле централната власт во сите делови на Империјата. Се појавувале нови сили коишто стекнуваат автономија наспроти централна власт.

Многумина од локалните гувернери настојувале да се одвојат од османлиските султани. Османлискиот административно-политички систем тргна кон анархија и децентрализација. Намерата на гувернерите била да соберат што повеќе приходи. Хаосот ги зафатил многу вилаети и санџаци. На друг план Високата Порта имала тензични односи со Русија бидејќи влијанието на последнава постојано се зголемувало, а најповеќе со доаѓањето на престолот на Катерина Втора, во 1762 г. и која владеела сѐ до 1796 г.[44]

Руско-турската војна (1768-1774) дава една нова сила на борбата за ослободување на народите на Балканот. Жителите на Мореја биле охрабрени од доаѓањето на руската флота во Медитеранот и востануваат против Османлиите. Руската флота под команда на адмиралот Орлов им нанела страшен пораз на Османлиите. Овој пораз имал тешки последици за Османлиската империја. Руската флота ги блокирала пристаништата на Егејското море и го ограничила движењето на корабите. Франција дејствувала кај Русија да ги деблокира пристаништата. Русија ги ослободи егејските пристаништа. Империја трпела порази на дрги места. Руската армија ја заседе Бесарабија и со тоа патот кон Дунав бил ослободен.[45]

Во исто време, Австрија ја поддржува османлиската политика. Во пролетта на 1774 г. руската војска навлегува преку Дунав и влегува во судир со османлиската војска која била поразена во многу битки. Султанот Абдул Хамид Први (1773-1787) наоѓајќи се во безизлезна положба го склучил мировнит договор со Русија, во подунавското бугарско село Кучук-Кајнарџи, во близина на Силистрија. Русија добила низа привилегии. Меѓу другите права таа го добила правото да ја заштитува православната црква во Османлиската империја.

Ова руско продирање ја вознемири европската дипломатија и претставувало опасност за османлиските интереси. Воопшто речено, Големите сили не сакаа Источното прашање да биде решено од Русија, што би придонело кон нејзино натамошно продирање кон исток.[46]

---

[44] Исто, 161.

[45] За ова поопширно види кај Фјодор И. Успенски, Источно питање, Београд, 2003, 127-137.

[46] T. Bujdoveanu, op. cit., 161.

Во ова исто време започнуваат процеси кои имале за цел да ја отворат Империјата за надворешни влијанија. Политичките и економските интереси на големите сили барале преку војна и преку други патишта зони на влијание на Балканот. Овие акции ќе траат до крајот на 18 век но и потоа ќе продолжат.[47]

Главната цел на Русија наспроти Османлиската империја и беше практично да ги оствари целите на Петар Велики, со освојување на морските мореузи на Дарданелите излегувајќи од Црното Море и освојување на Цариград. Русија настојувала да се прикаже како ослободителка на христијаните на Балканот. Во исто време и Австрија покажувала тенденција за свое влијание во Османлиската империја. Ова уште повеќе се засилило со доаѓањето на престолот на австрискиот император Јосиф Втори (1780-1790 г.).

Велика Британија и Франција биле заинтересирани да ја растурат антитурската коалиција, истовремено со тоа запирајќи ја руската експанзија, под предтекст заштита на интегритетот и суверенитетот на Османлиската империја. Со сите овие работи нејзиното распаѓање беше невозможно. И ова беше препреката за ослободување на балканските христијани во контекст на борбата на Големите сили коишто го зафатија Балканот.

[47] Исто.

# Глава 3

# Москополе: трговска и културна метропола на Ароманците на Балканскиот полуостров во XVIII век

## 1. Економски и политички развиток

На југозапад од Охридското Езеро, на надморска височина од околу 1170 м., на планините се гледаат урнатините на градот Москополе, или Воскополе, трговската и културната метропола од пред два и половина века.

Сите странски научници, кои пишувале за овој град, се согласуваат со ароманското потекло на неговото население.

Германскиот историчар Јохан Тунман, професор на универзитетот во Хале, во 1774 година за Москополе го напиша следното: *„Тоа е доста простран град, околу 1,5 географска милја од Корча, каде што е седиштето на кадијата и на 4 милји од Охрид, недалеку од Преспанското Езеро. Целото население го зборува ароманскиот јазик.”*[1]

Во 1814 г. англискиот полковник Вилијам Мартин Лик, зборувајќи за градот Корча од Албанија, пишува дека „на планините кои го заградувале од Запад, се наоѓаат остатоците од ароманската населба Москополе, која некогаш била во полн процут” . Лик кој го посетил градот на 11 септември 1805 г. ни го кажува следното: *„Во 10,45 пристигнав во Москополе, сместено во подножјето на една голема височинка. Какво и да било во минатото, Москополе денес има изглед на големо село опколено со градини, во кои често се појавува ломбардиска топола”.*[2]

Инаку треба да се каже дека зоната на Москополе била блиска до други региони во коишто живееле Ароманци. Многу локалитети со ароманско население има во регионот на Охрид и пошироко. Од овие можат да се споменат Битола, Охрид, Моловишта и др.[3] Си-

[1] В. Папахаџи, Москополе-трговската и културната метропола на Ароманците..., 48.

[2] Исто.

[3] T. Bujdoveanu, op. cit., 61.

те села и градови на Балканскиот Полуостров, големите трговски центри во Централна и Источна Европа, во Западна Азија и од Северна Африка имаа врски со овој регион. Најблиску на градот Москополе од северната страна беа Шипска, Грабова, Нича, Лунка, Протопапас и др. Москополе е на југоисток од Охрид, 15-18 км. северозапад од Корча и 30 км. од местото Подградец на север. Кон југоисток ги има блиските ароманско места, Корча, Биткуќи, Бобоштица, Пљаса, Грамустеа итн., Фрашари кон југ и оние кон запад, како Берат. Големото влијание на Москополе се чувствува сѐ до Јадранско Море, во целата провинција Музакиа, една друга ароманска зона. Ароманскиот живот од масивот на Грамос и оној на падините на планината Пинд па сѐ до југот на Балканскиот Полуостров беше економски и духовно врзан за регионот на градот Москополе. Инаку, Москополе, Нича, Грабова, Биткуќи, Линотопи, Никулица, Грамостеа, зоната Музакиа, големите комуни од Епир, Периволи, Самарина, Авдела и со зоната Загори, со Бјаса на чело и на југ комуните од Аспропотам, се собрани во еден стог (копа). [4]

Подолу ќе споменеме дека пишувајќи за Аромanците од Македонија во 1816 г. Димитрие Филипиде ни кажува дека: *„повеќето од нив живеат околу градот Битола, каде што има и села со Ароманци, а доколку некој отиде од овде подалеку, нив ќе ги сретне во голем број, било во сопствени села, било измешани со други народи, сѐ до Москополе, некогаш толку развиениот град со занаети и трговија”.*[5]

Пуквил, француски конзул, во времето на Наполеон Први, во книгата за Али Паша Јанински, ни кажува дека: *„Ароманците Москополци се свесни за своето латинско потекло. Тие на својот град му го дале името Воскополе, што значи сточарски град, поради своето име Влав. Тоа вредно население, чии племиња се распрснати по кантоните Колоња, Корча, сѐ до близината на Драч, според нивното кажување, се потомците на една колонија населена од Квинтиј Максимус во Таулантија или Музакија, од каде што поминале на планините Кандавија во времето на варварските напади.”*[6]

Кузинери, француски конзул во Солун, во 1831 г., за Ароманците ни го кажува следново: *„Ги препознаваш благодарение на нивниот јазик. Тие и сега го зборуваа латинскиот, и доколку ги прашаш: од која нација сте? тие гордо одговараат: Рмњи (Рома-*

[4] Исто.

[5] В. Папахаџи, Москополе-трговската и културната метропола на Ароманците ..., 48.

[6] Исто.

*ни). Од градовите што ги населуваа во Македонска Илирија е и Москополе, чии убави води и пасишта ги привлекле. Нивната нова населба ги направи сточари. Тие умееја да направат да бидат сакани од своите соседи.”.*[7]

Грчкиот историчар Аравандинос ни зборува за *„Воскополе или Москополе”* како за новоснован град населен во 16-тиот век од едно ароманско племе, во корчанската епархија.[8]

Ароманските Москополци, скромни сточари по своето потекло, успеале во 17 век, да направат од својот град еден голем трговски центар. Во врска со процутот на Москополе Пуквил го кажува следното: *„Јужната страна на планината Сбоке, меѓу популациите кои ја населуваат, претставува место на позадржани и попитоми обичаи. Во живеалиштето на Токсидите, најличните и најхрабрите од Шкипетарите, се населија Ароманци Дасарети како рој вредни пчели, кој се населува понекогаш во пукнатините на карпите околу кои бучат потоците. Сточари кои не знаат за сон, вредни работници, овие Ароманци што се сметаа за потомци на Римјаните, населени во Кандавија од Квинтус Максимус, го изградија, врз урнатините на стариот град на Моските, градот Москополе и оде дна обична сточарска населба, оваа колонија стана трговска метропола на Епир”.*[9]




Москополе

[7] Исто, 48-49.

[8] Исто, 49.

[9] Исто.

Лик,[10] кога зборува за две селца во Албанија, кои го носат истото име Воскоп, го кажува следново:

*„Тие се остатоци на една стара ароманска колонија, која некаде во времето на османлиското освојување ги држеше околните дистрикти и беше многубројна, меѓутоа, поради околностите се расрснаа. Еден дел од неа се повлече на едно место на соседната планина, каде што го основаа градот Воскополе. Безбедноста на населбата привлече овде голем број на колонисти од Грција и од други места на Европска Турција, кои тргуваа со Германија и ја збогатија оваа област. Потоа, се срамеа да живеат во „сточарскиот град" и му го променија името во Москополе, кое, со тоа што значи „градот на телињата" не доби премногу".*[11]

И во 19 век Москополе импресионирало со природната убавина и со работите од старото време кои останале до денешните денови. И Неницеску бил зачуден за постоењето во овој дел на Балканскиот Полуостров на толкав број на овошни градини и бавчи.[12] За индустрискиот развој на градот придонесе географската позиција една од најпогодните за развитокот на трговските врски. По познатиот пат „Виа Егнатиа" Москополе ги пласираше стоките по сите правци на Балканскиот Полуостров, а меѓу населбите каде што живееа Власите (Ароманците) во Македонска Илирија се сметаше и Москополе, кон кого гравитираа познати пасишта и води.[13]

Стопанскиот развиток на Москополе од крајот на XVII и почетокот на XVIII век соодветствува со процутот на венецијанската трговија на Јадранот по победата на Венецијанската република над Османлиите во 1698 год., кога Републиката и го одзема на Османлиската империја полуостровот Мореа, нешто што беше санкционирано и со мировниот договор во Сремски Карловци (1699). Другиот момент беше тој на објавувањето на војна од страна на Султанот, на 8 декември 1714 год., кога Османлиите успееа повторно да си го повратат полуостровот Мореја.[14] Во врска со погоре кажаното, во секој

---

[10] Полковникот Вилијам Мартин Лик (1777-1860) престојувал на Балканот од февруари 1804 до март 1810. Тоа беше периодот на Наполеоновите војни во Централна Европа. Лик ги презентира своите односи со провинциските гувернери на Европска Турција, со цел да ги брани англиските интереси на Балканот. Во тој период тој собира бројни информации за жителите на овие зони, за животот и културата на Ароманците. Целиот материјал е објавен во книга издадена по неговото враќање во Англија.

[11] Исто.

[12] T. BUJDOVEANU, op. cit., 63.

[13] Исто.

[14] Пелумб ЏУФИ, Векот на Москополе (1669-1769), Битола, 2011, 186-187.

случај не може да се одвои стопанската историја на москополските Ароманци од онаа на венецијанската трговија на Јадранот.

Пред подетално да преминеме на стопанскиот развиток на Москополе накратко би се осврнале на проблемот на основањето на споменатиот град. Францускиот конзул Пуквил го сместува основањето на Москополе во 11 век, на урнатините на старата тврдина Москес (Моска). Грчкиот историчар Аравандинос го сместува неговото основање во 16 век, во епархијата на Корча. Вилијам Лик ја прифаќа оваа дата, тогаш кога пишува дека, минувајќи во 1805 г. од Виларди (Берат) кон Москополе, наишол на остатоци на една стара ароманска колонија, која, некаде во времето на османлиското завојување, ги владееше околните дистрикти и беше многубројна, но, поради тешките околности се разбегала, а еден дел се повлекла на едно место, на соседната планина, каде што го основаа градот Москополе.[15] Во врска со истиот проблем се наоѓаат сродни сведоштва од времето на разурнувањето и според кои латински елементи од Цариград се преселиле, по 1453, во Македонија, кај своите сонародници и таму изградија градови во многу голем број.[16] Постои еден документ дека оваа област била веќе населелена пред доаѓањето на Османлиите и дека новите колонии придонесоа во издигнувањето на некои и основањето на други. Во секој случај, основањето на Москополе и на другите соседни населби треба да се бара подалеку од 15 век. Самата старост на ароманското население во областа на Охрид, како што произлегува од ракописот на ароманскиот свештеник Јоан од манастирот на овој град, како и од Златната була на Василие Втори Бугароубиецот во врска со ставањето на ароманскиот елемент под верската јурисдикција на Охридската патријаршија, се докази кои можат да го потврдат гореизнесеното тврдење и да ја поставaт староста на ароманството од овие области во првите векови на вториот милениум.[17]

Според Пуквил на старите колонии од римското време им се придодале – потоа по освојувањето на Бизант од Османлиите –латински византиски елементи и голем број на ѓеновјани, кои се расштркаа во голем број низ Москополе и околината. Овој факт го потврдува и авторот на документот од Државниот архив на Државната библиотека во Будимпешта,[18] каде стои запишано дека граѓани дој-

[15] Anastase Hâciu , Aromânii, Comerţ, Industrie, Arte, Expansiune, Civilizaţie, Ediţia a II-a, Constanţa, 2003, 150-166.

[16] Исто, 151-152.

[17] Исто, 152.

[18] Исто.

дени од Рим во Бизант, по неговото освојување од Османлиите, се разбегале во Македонија кај своите сонародници, за да можат да си живеат според обичаите и прадедовскиот римски јазик и таму основаа градови – одделени од Грците, Албанците и Турците.

Во поглед на етничките пластови, постои и теоријата на Т. Капидан, според која: „*речиси сите Ароманци од Албанија водат потекло од грамостенскиот разгранок*", затоа што Грамостените беа тие кои ги населија ароманските центри околу Корча, како и славното Москополе, со сите околни населби, судејќи го тоа според јазикот и населбите кои произлегоа од Грамоскиот рој, кон запад од неа, низ целата Јужна Албанија, каде ја основале областа Фрашари, меѓутоа, без да го исклучи и многу дамнешното постоење на некакво раштркано римско население. Во секој случај од Пинд не можеа да се слеат колониите кои ќе ги основаат или да им го зголемуваат бројот на населението на овие аромански населби. Зошто на Пинд имаа доволна безбедност, масивот беше доста простран и имаше место за сите, а емигрирачкиот пат многу странчив, во секој случај, помалку безбеден и, посебно дека, на својот пат, наидуваа на една друга група, многу побројна и која се чувствуваше задушена на тесна висорамнина на Грамоста, господар и суверена врз сите околни области.[19]

Што се однесува до името на градовите и нивното население, тоа не се знае до денес. Името и бројот на населбите кои го сочинувале москополскиот предел, според некои сведоштва, блиски на 18 век, зборуваат за крепости, основани во Јужна Албанија, шеесет на број, и тоа пред и по покорувањето на Бизант од Османллите, но крепости кои премногу беа изложени на ограбувања и војни. Кои беа тие шеесет крепости, е голем знак прашање.[20]

Што се однесува до прашањето за ароманскиот карактер што го имал Москополе, за неговото значење и улога, како и влијанието што овој аромански центар го вршел во времето на неговиот процут (18 век), врз останатите делови на Балканскиот Полуостров и пошироко, пишувале познати патеписци и учени луѓе кои го пропатуваа полуостровот низ 19 век. Притоа, истите ја истакнуваа улогата и значењето на Москополе во даденото време и простор.

Како што растеше, Москополе ги засенуваше другите градови.[21] Се смета дека градот имаше 12,000 куќи, односно население од

[19] Исто, 152-153.

[20] Исто, 153.

[21] Така, градот Шипска на неколку километри северно од Москополе, бил постар и во минатото бил поголем од Москополе.

преку 60,000 души. Теодор Капидан му припишува 8,000-10,000 куќи. Москополе според традицијата можело да има 70,000 души и 72 цркви. Во овој поглед, не се согласуваат сите научници. Пуквил сметал за 1750 год. 40,000 а за 1788 год. 53,000.[22] Павлу Ламбру Калариотул пишува дека Москополе броело 50,000 души од „*влашка раса*".[23] Лик не верува дека Москополе имало 8,000-10,000 куќи. [24] Јон Аргинтеану му припишува 12,000 куќи, изградени од камен, со 60,000 жители, сите Ароманци.[25] Исто така тој наведува дека градот бил резиденција на архиепископи, а имал многу цркви. Постоела градска самоуправа. За заштита на градот делувала народната милиција.[26] Според други научници Москополе имало 60,000 жители.[27] Во еден документ од државниот архив во Будимпешта се вели дека тоа било „*најīолемиош īрад не само во цела Грција, шуку речиси во целошо царсшво на Турциише. Некаде во 1800 īод. бројош на куќише достиīнува близу до 12,000, беше изīраден од шшици, а Букурешш во 1831 īод. броеше 58,794 души.*"[28]

Познатиот Јован Цвијиќ наведува дека Москополе бил град со огромна големина и моќ. Се наоѓа во Девол, во Јужна Албанија. Во него живееле Ароманци. Во 18 век градот имал околу 60.000 души. Бил трговски центар за сите централни и западни области и главен трговски град во внатрешноста на Балканскиот Полуостров.[29] Душан Поповиќ, пак, наведува дека Москополе се издигнало како значаен аромански центар кон крајот на XVII и почетокот на 18 век, на штета на поранешните аромански места - Шипска и Николица. Москополе бил центар на трговија меѓу Македонија, Албанија, Епир, а преку Босна со Австрија и Венеција. Најголемиот процут на Москополе се случува меѓу 1750 и 1769 г. Тогаш, според Стојан Новаковиќ, во 12.000 куќи, изградени од камен, живееле околу 70.000 жители. Големо внимание за истражувањето на Москополе посветил Густав Вајганд. Тој споменува за неговото славно минато и го оценува како културна тврдина основана од Ароманците на поче-

---

[22] F.C.H.L. POUQUEVILLE, Voyage dans le Gréce, ed. I, t. III, Paris, 1821, 45 ; T. BUJDOVEANU, op. cit., 83.

[23] T. BUJDOVEANU, op. cit., 84.

[24] A. HÂCIU , op. cit., 154-166.

[25] J. АРГИНТЕАНУ, op. cit., 149.

[26] Исто.

[27] A. HÂCIU, op. cit., 155.

[28] Исто, белешка 3.

[29] J. АРГИНТЕАНУ, op. cit., 148.

токот на 16 век.[30] Според Вајганд градот Москополе имал 60.000, а според Пико - до 80.000 жители. Бил населен исклучиво со ароманско население.[31]

Москополе беше изградено на пет ридови, денес сосема покриени со урнатини на висорамнина на височина од 1150 м., во подножјето на планината Опари *„Кости ал Мандука"* пресечена на две од „реката на Sera", која дотекува од западната страна, притока на реката Девол која извира од масивот Грамоста, се влива во езерото Малики. Други реки кои минуваа низ овој град беа Жомори, Пежу и Струга, а други околни планини се: Островица, Лимија, кои се делови на масивот Томор.[32]

Треба да се спомене дека воопшто трговијата придонела Ароманците да го постигнат своето најспектакуларно вознапредување на Балканот, макар да, потоа, таквиот напредок предизвика ослабнување на силите на ароманската цивилизација во градовите и разводнување на ароманскиот јазик сред другите националности. Тоа веројатно најдиректно придонело ароманскиот јазик да опаѓа на подолг период. Најмоќниот период за ароманските трговци се случува во 18 и во раниот 19 век кога Австриската империја се проширила кон југ, а индустриската револуција изискувала трчање по нови пазари како и по нови извори на суровини.[33]

Москополе а и останатите градови околу него во 17 и 18 век - на највисокиот цивилизациски степен и благосостојба, благодаре-

---

[30] Густав Вајганд – познат германски романист од Универзитетот во Лајпциг, го проучувал јазикот на Ароманците на Балканскиот Полуостров и посебно на Олимп, во својот труд: Die sprache der Olympo-Walachen, Nebst einer einleitung über land und leute, Leipzig, 1888. Спроведува една широка програма на проучување во годините 1889-1890, со посета на Ароманците од Македонија, Епир, Тесалија, Акарнанија, Етолија, Беотија. Еден поширок прилог се наоѓа во Die Aromunen, t. I-II, Leipzig, 1894-1895. Вајганд потрошил преку три децении за да ги проучува дијалектите северно и јужно од Дунав. Во Лајпциг создаде институт за проучување на романските јазици и во периодот од 1894-1921 објави Годишник на Институтот, од кој што се издадени 20 томови. Вајганд го откри манускриптот Codex Dimonie т.е една збирка на религиозни текстови преведени од грчки на аромански на почетокот на XIX век. Го открил во 1899 година во Охрид. Во неговиот институт се образувале многу генерации на лингвисти Германци, Ароманци и Романци, меѓу кои биле Секстил Пушкариу и Теодор Капидан. Вајганд останува голем пријател на Ароманците, проучувајќи го јазикот и запознавајќи го начинот на живот, традициите и духовното творештво.

[31] J. Аргинтеану, op. cit., 149.

[32] A. Hâciu, op. cit., 155.

[33] T. J. Winnifrith, Власи, Историја на еден балкански народ, Велес, 1999, 161

ние на фактот дека беа трудољубив народ, смел во потфатите и вешт во трговските односи кои ги одржуваа со целиот Полуостров, со италијанските земји - посебно, со Венеција, со Централна Европа и со Азија. Речиси сè што се извезувало од Османлиската империја, преку Јадранот минувале низ нивни раце, а се што се увезувало, во таа земја, преку пристаништата на истото море или преку други гранични премини, од германските или западните земји, се одвиваше речиси само преку нив; пак тие ги посетуваа големите панаѓури, како Серес и Прилеп, кои претрпеа извесни штети поради конкуренцијата од Москополе, како и другите панаѓури во Тесалија: Москолури и Еласона. Многумина од нив имаа и високи функции при Високата Порта како и во Романските принципати; други оддржуваа односи со Мала Азија.[34]

Треба да се спомене дека растежот на трговијата имало за резултат странските компании да испраќаат трговски агенти. Така во 1694 г. претставник на Франција дојде во Москополе, а од 1718 г. присутен бил и еден претставник на Англија.[35] Со цел да се развие трговијата меѓу Москополе и Венеција трговците од овој голем аромански центар имаа контакти со претставниците на Венецијанската република во османлиската престолнина. Москополските трговци имаат тесни трговски врски со конзулот на Венеција во Драч. Според Танасе Буждувеану, Николае Јорга кажува во едно соопштение изложено на еден собир одржан во Академијата на Романија на 15 јануари 1915 г. за активната трговија која што ја правеле балканските Ароманци од Москополе, со Драч, Валона, Венеција. Оваа трговија се вршела со млечни производи и текстил. Врските со Источна Европа се одржаа и покрај фактот што богатите москополци ги испраќале децата во угледните културни центри.[36]

Москополците носеа стоки преку Средоземното Море за италијанските пристаништа од балканските пристаништа и обратно. Венецијанските документи од 1740 г. зборуваат за појава на некоја тешка болест која предизвикала многу жртви во Москополе, Елбасан, Скадар, Улцињ. Меѓутоа по еден краток период трговијата повторно се возобновила.[37]

Треба да се каже дека и покрај тоа што беа под власта на султанот, москополските Ароманци бараа заштита од претставниците

[34] A. Hâciu, op. cit., 155.

[35] T. Bujdoveanu, op. cit., 102.

[36] Исто.

[37] Исто.

на Венеција во Цариград. Венеција имаше интерес да ги покровителствува московолците, а тоа беа трговските интереси на Балканот и на Јадранот. Војните коишто ги водела Османлиската империја со големите христијански земји претставувале пречка и ја запреле трговијата со италијанските градови на Јадранското Море. Москополците користеа и други средства за пренесување на стоките. Меѓутоа пречка во спроведувањето на трговијата предизвикуваа грабежите на жителите од Улцињ, муслимански Албанци кои вршеа грабежи по морето. За ова се наоѓаат податоци во целата кореспонденција меѓу конзулот на Венеција во Драч и претставниците на Венеција во Цариград. Овие лажни трговци од Улцињ преку гусарски акции напаѓаа на оние кои работеа со Венецијанците.[38]

Овие напади помагаа во војната меѓу Венеција и Османлиската империја во која оваа последната повторно ја презема Мореја. По договорот во Пожаревац во 1718 г. Венеција ја губи Мореја. Во 18 Венецијанците наложија големи царини за стоките кои што доаѓаа од Балканот. Москополците заедно со други презедоа контра мерки против однесувањето на Венецијанците.

Овој факт придонесе за свртување на патот на трговијата по Јадранското Море. Москополците се свртија на внатрешните трговски патишта на Балканскиот Полуостров. Сето ова придонесе за развојот на населбите и пораст на трговијата меѓу Балканските населби. Од досега проучените венецијански документи се гледа дека во 1755 г. Москополците ни се јавуваат за последен пат во врска со градот на лагуните. По оваа година им се губи трагата. Причините за ваквото исчезнување на трговците од Москополе од зоната на венецијанската трговија се разјаснуваат, по шест години, од еден извештај на Антонио Бартолович, конзул на Венецијанската република во Драч. Овој извештај, кој носи датум 8 февруари 1761, содржи одредени интересни детали во врска со опаѓањето на венецијанската трговија на Јадранот и на пристаништето во Драч.[39]

Многу зголемените такси за стоките кои доаѓале од Драч за Венеција придонесоа за промена на трговијата што ја правеа Ароманците од Балканот кон пристаништата на Егејското Море и по други сувоземни патишта кон Белград, Унгарија и Германија. Поврзано со горенаведеното некои трговци од Москополе доаѓаа во Серес, Солун и тука носеа свои стоки, а исто така ја продолжуваа трго-

[38] Исто, 103.

[39] В. Папахаци, Москополе-трговската и културната метропола на Ароманците ..., 42.

вијата со памук и кожи што ја вршеа уште од 1761 г. - како што произлегува од извештајот на Антонио Бартолович -во Германија.[40]

Засилената трговска активност на москополците, за која постојат голем број на податоци од преминот на 17-18 век, била поттикната од засилената побарувачка на волната за воените пунктови долж австро-турската граница, каде москополците ги привлекувала една делумно „фамилијарна" трговија, еден пазар претставен од сограѓани и сонародници од Москополе, Ароманци и Албанци, иселени во тие граници на Балканот за време на воените настани. Оваа трговска активност на москополците, исто така била овозможена од внатрешниот развиток на Османлиската империја по 16 век. Постојат неколку индикатори во преминот од 16-17 век кои зборуваат за опфатеноста на Османлиската Империја во трговската размена со другиот дел на Европа. Од една страна е воспоставувањето на системот на капитулации во односите со западните земји и отворање на трговските конзулати на Франција, Англија, Венеција, Холандија, Австрија во главните центри на Империјата. Еден друг значаен показател била либерализацијата на трговијата со стоки, кои дотогаш се сметале за воен материјал и како такви биле забранети да се изнесуваат надвор од територијата на Империјата. Ограничувањата за посебни стоки, кои Портата ги поставила за трговијата со Европа, потекнувале од исламското верско право, но и од конкретните ситуации, така што политиките во оваа област не биле стабилни, па различните султани биле принудени повремено да ги ажурираат списоците на стоките кои биле забранети за извоз на пазарите на „неверниците". Првенствено како такви се сметале воените материјали, оружјето, муницијата, барутот, оловото, бакарот, житото, смолата, кожата, маста и волната, нејзините преработки, особено платната, што се користеа за едрата на бродовите.[41]

Сигурно, од време на време, Високата Порта го одобрувала извозот на волната од нејзините територии. Ова се случувало кога пред Портата интервенирале амбасадорите на заинтересираните земји и кога проблемот се третирал како политички проблем во рамките на меѓународните односи. Но се случувало и да станува збор за луѓе протежирани од страна на Султанот, како што бил случајот со трговците од Москополе, врз кои се применувала фаворизирана политика.[42]

---

[40] Исто, 44.

[41] П. Цуфи, op. cit., 331-332.

[42] Исто, 332-333.

Што се однесува до извозот на волната, тој бил забранет и поради фактот што таа се трошела на домашниот пазар, каде што била потребна за работилниците во Солун, кои работеле на производство на штофови за униформи на јаничарите. Главната количина на волната како основна суровина што се собирала за оваа цел, доаѓала од блиските центри на Албанија и Македонија, каде што трговците од Москополе играле главна улога. Меѓутоа, поради потребата од средства Османлиската Империја била приморана да го либерализира извозот на волна на странските пазари.

Стабилизацијата на границата со Австрија по мирот во Сремски Карловци во 1699 г., растот на постојаната побарувачка на волната за потребите на нерегуларната селска војска на границата меѓу Османлиската Империја и Австрија и на крај либерализацијата на трговијата од страна на Портата, придонесе за голем подем во производството, собирањето и извозот на оваа стока како важен „стратешки" производ.[43]

Тоа бил златниот период за Москополе. Во споредба со другите трговски центри на балканскиот простор, како Шатиста, Негуш, Ампелаки, Кожани и др., овој град имал поволна географска местоположба, за да биде на чело на албанско-тесалиска-македонска сточарска дејност, каде што се остварувало главното производство на волна, а било и близу пристаништето во Драч, каде што се товареле бродовите за да ги транспортираат стоките во правец на Венеција, а оттаму и кон останатите дестинации во Централна Европа.

За да се парира на побарувањата кои доаѓале од австро-турскиот граничен појас, трговците од Москополе главно се сконцентрирале за изнаоѓање на суровински пазари со цел за присобирање на големи количини на волна. Поради задоволителните количини од Москополе, тие прибирале големи количини на волна и од другите сточарски предели на Албанија, но и на Македонија, Тесалија, Бугарија, Србија, Молдавија и Влашка.[44] Така Москополе станал транзитен центар на трговијата.

Според конзулот на Франција во Драч, Јозеф Иснард, москополците уживале голема поддршка во Цариград, кај амбасадорите на европските земји и особено кај драгоманите (преведувачите) на Портата: тие успевале да извлечат од рацете на Султанот декрети кои го фаворизирале пазарот на нивните пријатели од Москополе.[45]

---

[43] Волната се користела за изработка на униформи за австриската војска.

[44] П. Џуфи, op. cit., 331-336.

[45] Valeriu Papahagi, Aromânii moscopoleni şi comerţul veneţian în secolele al XVII-lea şi al XVIII-lea, Bucureşti, 1935, 194.

Кодексот на манастирот Св. Продром сведочи дека Москополе во XVII- XVIII век било претворено во едн вид банка, каде што циркулирале сите видови валути и со кои се вршеле разни економски трансакции внатре и надвор од градот. Со пари москополците ги плаќале вообичаените обврски кон Портата, како џизиите и другите такси.

Развојот на Москополе ги обедини барањата на надворешниот пазар со интересите на Портата за да се добие извозен профитабилен вентил, кој носел странски валути во царската каса. Во таа функција, Москополе и неговите трговци требало да се заштитат, а тоа и било направено систематски од страна на Портата, барем до првата деценија на 18 век.[46]

Зачестената размена на Москополе со Венеција, преку пристаништето во Драч, можела да биде започната дури по 1670 г. Всушност, до 1669 г. трговијата меѓу Венеција и Османлиската Империја целосно се прекинала како резултат на Критската војна (1645-1669).

Интересен е и еден друг факт дека мирот меѓу Високата Порта и Австрија во Сремски Карловци во 1669 г. негативно се одразил врз економската и трговската дејност на Москополе. Негативниот тренд на трговијата во Москополе се забележува уште повеќе по Пожаревачкиот мир во 1718 год., со поместувањето на епицентарот на австро-турскиот фронт од хрватско-словенечкиот сегмент во унгарскиот поисточно. Со ова поместување се намалило значењето на трговскиот пат Москополе-Драч-Венеција и дошла до израз патната линија Солун-Скопје-Белград. Оваа промена довела до тоа улогата на Москополе да ја превземе Солун. Исто така, Солун ја презел и улогата што ја имала и Венеција, како центар за понатамошна обработка на волната, на штофовите и на војничките униформи за потребите на хабзбуршката војска.

Ваквата ситуација придонела голем број од работилниците кои учествувале во преработката на волна да банкротираат. Тие за многу мала цена биле продавани на манастирот Св.Продром. Оваа горчлива појава на купопродажна дејност од страна на манастирот Св. Продром предизвикала силен гнев меѓу граѓаните и самите свештеници. Од друга страна, по големата сиромаштија и бедата во 1740 г., Москополе во 1742 г. го погодило колера, која уште во првата фаза однела над 200 жртви.[47] Овој настан, пропратен со напуштањето на градот од страна на многу истакнати граѓани, бил надопол-

---

[46] П. Џуфи, op. cit., 338.

[47] Исто, 353.

нет и со падот на економијата. Сето тоа го поттикнало Султанот да му го продаде Москополе на заимот од Цариград. Значи некаде пред 1772 г., Султанот кренал раце од Москополе, продававајќи му го и семејниот имот на заимот од Цариград, кој неколку години подоцна во 1772 г. му го препродал градот на Мехмед-паша Фрашерли. Имајќи ја предвид внатрешната состојба и несигурноста од надвор што ги преживуваше Москополе во таа тешка 1769 г., може со голема сигурност да се констатира дека првата продажба на градот, кој го загуби привилегираниот статус што го уживаше повеќе од еден век поради присвојувањето од страна на семејството на Султанот, се случила пред 1769 г. Губењето и прекинот на економските врски со пазарите во Централна Европа и губењето, исто така, на индивидуалните врски со Султанот и неговото семејство, биле сигнали коишто предупредувале за трагедиите кои ќе ја одбележуваат идната етапа од животот на градот. Во претходниот период се забележуваат интервенциите на Султанот за заштита и одбрана на трговската дејност на москополците, по првата деценија на 18 век недоставуаат знаците за таква грижа. Напротив во еден важен момент во новонастанатите околности, Султанот отворено застанал на страна на трговците од Берат, и за да се избегне конкуренцијата која би им наштетила на истите, им забранил на трговците од Москополе да вршат трговски активности во тој предел.[48]

Треба да се спомене дека од индустриска гледна точка, исто така, Москополе беше град каде се произведуваа, ден и ноќ, разни видови производи кои се продаваа насекаде, во внатрешноста и надвор од земјата. Имало во тој град преку 300 ковачки работилници. Еснафите беа восхитувачки организирани. Гудас наведува 14 добро устроени корпорации. Еден силен еснаф беше оној на казанџиите, кој секогаш предничеше на убавите иницијативи за добротворни акции од културата и социјалната помош. Имало еснафи на казанџии, железари, пушкари, златари, терзии, табакчии, опинчари, самарџии, касапи; меѓутоа имаше уште и памукџии, сапунџии, ѕидари, градители, каменоресци, зографи и др. Сите тие, како и луѓето по домаќинствата, непрестано работеа и по се изгледа дека нивното работење било добро организирано, за да се задоволат потребите надвор од границите, како во Венеција и други италијански градови, за да успеат во конкуренцијата со другите градови од москополскиот регион и со панаѓурите на Балканскиот Полуостров итн. Трговијата и производството на Москополе успеаја да направат од

[48] Исто, 356.

овој град да стане еден од најбогатите и најславните на Балканскиот Полуостров.[49]

Меѓутоа, како што погоре споменавме, веќе во средината на XVIII век градот се нашол во криза. Многубројните лихвари се нафрлиле да ги побаруваат долговите што занаетчиите и трговците на Москополе им ги должеле од порано, а сега пак не биле во состојба да ги исплатат. Пелумб Џуфи речиси сосема ја исклучува улогата на локалните албански банди во ограбувањето на градот. Така на едно место тој вели: *„Со уништувањето на Москополе во 1769 г. од страна на христијанските банди поддржани од лихварите со ненаплатени долгови, "бил избришан" и долгот што "некој" во Цариград го имаше кон трговците од овој град, кои беа обесправени не како доверители, туку и како поддржувачи на автокефалноста, како православни верници чии интереси и симпатии беа насочени не кон Фанар, туку кон католичките градови во Европа."*[50] Ова последното е дискутабилно зошто Москополците пред сѐ ги интересираше трговијата а не политиката, а тоа подоцна може да се види со тоа што католицизмот не успеал да пушти корени кај Ароманците.

Дори Фало вели дека: *„развојот, процутот и натрупаните богатства, со себе го носеа и ризикот на разурнувањето. Фамата и величенственоста на прочуениот град ги поттикнуваше и желбата и омразата на соседите муслимани, едуцирани со сатари и кануни, израснати со мирисот на барутот на крвта; локални јаничари кружеа по клисурите на планините во потрага по крв и к'смет, наводно одредени од турските сили за заштита на редот и мирот. Прочуениот град беше заразен од еден неизлечив вирус, од една мистериозна болест што го јадеше од внатре. Дали градот беше осуден на смрт од самото негово рагање? Причините за разурнувањето имаат длабоки и стари корени и не можат да се објаснат само со таканаречените феудални господари на планинските патишта."*[51] Дори Фало главната улога во разурнувањето на Москополе им ја дава на феудалните господари на планинските патишта, што е нешто поблага варијанта од тезата на Пелумб Џуфи.

И уште нешто би додале од Дори Фало: *„верската поделба, верската кампања од страна и затвореноста на центарот за целата исламска култура, и покрај поддршката на султанот, ста-*

[49] A. Hâciu, op. cit., 155-156.
[50] П. Џуфи, op. cit., 362.
[51] Дори Фало, Трагедијата на еден град, Скопје, 2005, 169.

*на причина за меѓусебната омраза на градот и на целата османлиска елита, било турска или локална. Тоа често беше без намера на Високата Порта, која секако, затвораше едно око за нејзините луѓе, па и за оние со многу грешки.*"[52]

Натрупувањето на големото богатсво и располагањето и прометот со вредна стока која била натоварена на бројни карвани на долги и ризични патишта, ја поттикнуваше алчноста на феудалците кои беа на местата каде што поминуваше оваа стока и нивната желба за ограбување со сила. Така се отвори патот за систематски ограбувања, за изнудени подароци и пресметки со помош на пушката и ножот. Молчешкум се озакони „мајсторство" на заседите, на нападот и крвта. По сето ова на крај, очите се свртеа и кон градот, се појави алчноста за натрупаните богатства, со години на назад се негуваше желбата за насилно уривање.

Вилијам Мартин Лик ги опишува нечовечноста на мерките на Али Паша-Јанински кон Ароманците, којшто ги плачкал и ги присилувал помеѓу другото и на бесплатна работа при изградбата на градината Киафа.[53]

Сето горе кажаното претставуваше најголемата криза во која западнала економијата на Москополе, која подоцна беше проследена и од егзистенцијална криза на градот. Од друга страна градот покажуваше стремеж да се здобие со што поголема политичка независност од владетелите на далечните краишта на Империјата, и како што вели и Дори Фало, често недоволно одмерен (донекаде опиен од бројните успеси). Потоа, застанувањето против Патријаршијата во Цариград која ја претставуваше официјалната верска власт и истовременото заладување на односите со централната власт на Високата Порта не се покажала како доволно мудра политика. И покрај редовното плаќање на даноците кон Цариград сето гореискажаното станало причина за губењето на поддршката и на пријателството од моќниците на тогашното време. Ставот на Москополците кон руско-турската војна (1768-1774) а во случајот на Москополе (фаталната 1769 г.), кој изразуваше симпатија кон Русија (недоволно докажано б.м.) и отворена или скриена поддршка за востаниците во Мореја (акциите на адмиралот Орлов, испратен од царицата Катарина Велика на Средоземното море, за интервенција против Ос-

[52] Исто.

[53] Zef Mirdita, Vlasi u historiografiji, Zagreb, 2004, 204. Треба да се истакне дека во ова свое дело Мирдита дава преглед на историографијата за Ароманците во Средниот век, византискиот период, во современите балкански земји, во Западна Европа и во Северна Америка.

манлиската Империја б.м.) кои сакаа да се ослободат од османлиското владеење (така како што сакаше и градот), придонесе централната и локалната власт молчешкум да потпишат „карт бланш” за феудалните господари на планинските патишта, кои долго, со нетрпение ја чекаа оваа прилика за да го нападнат градот. Причината за завршниот напад бил појавениот и надуван проблем на феудалните господари на планинските пасишта (Дори Фало) или лихварите (Пелумб Џуфи). Двата погоренаведени автори инсистираат дека големиот град можеше и мораше да им плати на господарите на патиштата (Дори Фало) и на лихварите (Пелумб Џуфи).

Поентата на двата автори се сведува на тоа дека: *„Москополците, полни со злато, трговската елита, врвот на еснафите и целиот град не можеа да ги дадат, договорените суми и да го избегнат уништувачкиот крај, во исто време кога тие трошеа колосални суми за да изградат други базилики, Академија, библиотека и бројни важни зданија? Зошто, тогаш, не им платија на господарите на патиштата”*.[54]

Сите овие гледишта посочуваат дека градот по секоја цена требал да си ја купи слободата со цел да се заштити од разбојничките банди, иако тоа било обврска на централната османлиска власт, која само номинално ја имаше власта над овие краишта, нешто кое ќе овозможи тука да се појави и озлогласениот Али паша Јанински. Но за тоа доволно е пишувано. Плаќањето на слободата значеше и откажувањето од изградбата на културните и други зданија.

Меѓутоа блесокот не се огледаше само во басноловните богатства, туку и преку институциите на јавна солидарност, религиозна верност и висока култура, како што не постоеле никаде на друго место во Османлиското царство - сите тие основани и издржувани од големите богаташи и од еснафите во градот.[55]

## 2. Културно-просветниот развиток на Москополе

Сите оние богатства кои ги оствmember москополците, како што погоре е споменато, овозможија широк развиток на културната, научната и образовната дејност.

Москополе имаше една многу голема библиотека. Академијата, печатницата и библиотеката сочинувале дел од институциите

---

[54] Д. Фало, op. cit., 169-170; П. Џуфи, op. cit., 360.

[55] A. Hâciu, op. cit., 156.

на културата. Библиотеката имаше италијански, француски книги, религиозни книги, книги на професорите на Академијата и посебни манускрипти од културен каратер. Учените москополци кои одеа да учат или да работат во Западна Европа, кои познаваа многу странски јазици, носеа од Европа соодветна литература. Тука биле книги од дидактички карактер, историски, филозофски, географски, религиозни, воопшто литература на тоа време. Меѓу најпознатите донатори на библиотеката бил попот Георги Сина, од позната фамилија емигрирана во Австрија, и митрополитот Григориј од Драч. Баронот Сина подарил 2000 томови, во поголем дел грчки книги. По 1769 г. многу од книгите биле спасени но потоа со времето многу беа загубени. Многу изгореле во пожарот од 1916 г. на Библиотеката, а и по Втората светска војна.[56]

Во текот на 1744 г. во Москополе ја отвора вратата реномираната за тоа време Нова Академија за православни студенти, во којашто се добивало солидно образование. Во тој своевиден универзитет, освен дисциплини од природнонаучен карактер се предавале и прогресивни за тоа време филозофски погледи, коишто се спротивставувале на догмите на Цариградската патријаршија. Во Академијата и во училиштата од повисок степен се предава на три јазици - грчки, албански и аромански. Многумина од тие што учеа на Академијата понатаму стануваат истакнати научници, писатели и општествени дејци.[57]

Новата академија раководена од учени Ароманци како Т. А. Кавалиоти и каде наставата ја држат аромански професори, достигна едно такво културно ниво кое одеше и понатаму и по разурнувањето на Москополе, во европските центри како Виена, Венеција, Пешта и Буда. Професорите прво имаа учено во училиштата во зоната на Москополе, а потоа во културните центри на Европа. Високото културно ниво на Новата Академија може да се види и од работите печатени, а посебно оние најдени во манускрипти. Тие биле растурени во други културни центри на Балканскиот Полуостров. Академијата во Москополе не беше подолу од Академијата во Букурешт, Јаш и исто така оние во Јанина и Аминчу (Мецово). Тука биле печатени солидни трудови, трудови со документарен, историски и дидактички карактер.[58]

---

[56] T. Bujdoveanu, op. cit., 104.

[57] Г. Даскалов, op. cit., 31.

[58] T. Bujdoveanu, op. cit., 108-109.

Високите училишта на Балканот биле раководени од Ароманци. Новата Академија во Москополе, покрај Хрисант Епирецот, го имала исто така Л. Севастос од Костур, Григорие Москополецот, Т. А. Кавалиоти. Јанина го имала Евгение Вулгарис, Колецот Марутси, Трифон, Димитри Бардака, исто колецот во Мецово го имал Николае Терстсули (Черчел) и Константин Чеачани. Новата Академија имала ученици од Грција, Србија, Албанија, Македонија.[59]

Покрај османлискиот јазик се учеше и грчкиот јазик, како јазик на православната црква и како трговски јазик. Програмата на Академијата беше исто таква како онаа на академиите во Европа. Тука се студираше: философија, физичко-математички науки, граматика, логика итн. Некои по апсолвирањето се поканети да ги продолжат за понатаму студиите на европските универзитети, а некои пак стануваа професори во културните центри во странство. Москополските еснафи се ангажираа за младите паметни луѓе кои беа сиромашни или сираци. Завирас му соопштува на Кавалиоти дека тој ги завршил студиите со една стипендија дадена од еснафите на казанџиите.[60]

Москополе даде многу знаменити личности како во грчката култура, така и на ароманската. Би спомენале неколку учени москополци кои се истакнале како свештеници, професори, лекари и писатели. Многумина од нив студирале во Италија.

Димитри Мантука, *„митрополит од Костур, од македонско Москополе"*, беше *„човек кој ги знаеше, грчкиот и латинскиот јазик, упатен во профанaта философија и во светата теологија и проповедник на евангелското слово. Учеше со професори од Италија."*[61]

Јоан Халча, *„Москополец, свештеник, мудар и многу учен човек, философ аристотелик, теолог и проповедник. Беше директор на Флангијскиот Колегиум во Венеција."*[62] Јоан Халча, *„Македонец по потекло од Москополе"* ја одбрани во 1692 г., во Рим, докторската дисертација по философија и теологија. Димитри Халча, *„од Москополе"*, – веројатно роднина на претходниот – ја стекнува, исто така во Рим, титулата доктор.[63]

59 Исто, 109.

60 Исто.

61 В. Папахаџи, Москополе-трговската и културната метропола на Ароманците ..., 52-53.

62 Исто, 53.

63 Исто.

Во првата половина на 18 век Јоасаф Москополски е Патријарх Охридски. Германскиот византолог Х. Гелцер кажува дека меѓу предметите останати во црквата Св. Климент има *„една прекрасна позлатена сребрна митра, украсена со скапоцени камења, која трговците од развиениот и некогаш многу богатиот трговски град му ја подарија во 1727 г. на својот сонародник, големиот Патријарх и Архиепископ Јоасаф. Круната беше направена од донаторите во Венеција”*.[64]

Димитри Пампери, *„посетувал настава кај учените од Константинопол, служел како секретар на Николае Маврокордат и бил испратен од него во Падова да студира медицина. Кога се вратил станал професор на синот на Николае, односно Константин, и дворски лекар на истиот. Беше од Москополе од Македонија, лекар-филозоф, ерудит во грчката култура, како што може да се види од неговото дело. Се чини дека работел и како професор во училиштето во Букурешт.”*[65]

Амброси Пампери, *„јеромонах, роден во Москополе, во 1733 г.”* Тој е познавач на грчкиот и романскиот јазик, ги поминал Валахија, Молдова, Германија и Унгарија. Бил свештеник на православна капела во Лајпциг.[66]

Теодор Анастастаси Кавалиоти, *„генијален човек”*, според мислењето на Завира *„протопоп и проповедник од Москополе”*, е еден од најистакнатите учени Ароманци од XVIII век. Студирал општествени науки во својот роден град кај Халча, еден учен москополец. Тунман го сметал Кавалиоти за еден од *„најучените луѓе од својот род, кој добро знаел јазици, филозофија и математика”*. Тој ни кажува дека учениот москополец *„ги зборувал грчкиот, ароманскиот и албанскиот јазик како мајчини јазици”*. По 1743 г. Теодор Кавалиоти е професор во Москополе каде што држел курсеви по логика, физика и метафизика. Неговата прва книга била „Октоих” (1750 г.). Втората книга му била „Грчка граматика” наменета за аромански деца кои го користеле грчкиот јазик во комерцијални и во други цели.

По уништувањето на печатницата во Москополе (1769 г.), Теодор Кавалиоти ја напишал книгата Протопирија (Првоучение, Буквар) печатена во Венеција во 1770 г., во печатницата на Антонио Бартоли, со парите на Јорји Трикупа, наречен Космиции, од Моско-

---

[64] Исто, 54.

[65] Исто.

[66] Исто.

поле, „трговец патриот”, кој, како што изјавува Тунман, живеел во Полска. Во таа книга авторот дава, во три колони, еден паралелен речник, напишан со грчки букви, на народен грчки, албански и аромански јазик. Овој труд бил препечатен од Тунман.[67]

Константин Хаџи Ѓеорѓиу Цехани, „од Москополе”, е *„човек со многу познавања, особено од филозофијата и математиката, со прекрасна моќ за размислување и достоен за посреќна иднина.”* Води живот на студент-патувач жеден за наука. Тој ги прошетал, без согласност на родителите, големите универзитетски центри во Европа. Бил во Модра (денешна Словачка), во Хале, во Гетинген, во Париз, во Лондон, во Кембриџ, во Лајден, во Амстердам, во Венеција, во Рим, во Виена, во Цариград, во Цара Романеаска, во Полска. Ги знае латинскиот и германскиот јазик. Пишуваше стихови на класичниот грчки јазик посветени на големите суверени на XVIII век Јосиф Втори, Фридрих Втори и Екатерина Втора, една херојска-елегиска песна посветена на *„Англичаните и Белгијците, најблагородните пријатели на музите и многу благородни студенти”*, (печатена во Кембриџ 1776 г.), како и една песна за Александар Ипсиланти, владетел на Цара Романеаска. Хаџи Цехани е тој што му ја даде на Тунман Протопиријата на Кавалиоти и кој го информира учениот професор од Хале дека *„Власите од преку Дунав се голем и многуброен народ”*, дека *„го зборуваат истиот јазик како и нивните браќа од оваа страна на Дунав”* и дека *„самите си се нарекуваат Романи”*.[68] Од ова може да се заклучи дека учениот москополец беше свесен за својата националност. Тој знаеше дека *„со науката што ја беше стекнал ќе им биде од корист на сонародниците”*.

Меѓу познатите Москополци бил и Данаил Москополецот. Тој беше автор на речникот на четири јазици и тоа на аромански, грчки, албански и бугарски.[69] Беше издаден во 1794 година, прво издание Венеција и второ издание во Венеција во 1802 година. Вилиам Мартин Лик го препишува (во латинска транскрипција по првото издание во трудот „Истражувања во Грција” Лондон, 1914), а пак Миклош повторно го издава (по второто издание) и покрај презентирањето на ароманскиот текст дава и еден речник со аромански зборови. „Лексиконот” на Данаил претставува база за развитокот на балканската култура.[70]

---

[67] Povestea unei carti ; Protopiria lui Cavalioti, Ein Unicum, lo Omagiu lui Const. Kiritescu (1937), 665-674; Нико Попникола, Влашки преродбеници, Битола, 2003, 94.

[68] В. Папахаџи, Москополе-трговската и културната метропола на Ароманците ..., 54.

[69] Daniil Mihali Adami Hagi Moscopolean, Lexicon tu patru limbi, Scopia, 2002.

[70] T. Bujdoveanu, op. cit., 124.

Константин Укута, „Москополец”, протопоп во Познањ, во тогашна Јужна Прусија, ја отпечати во Виена во 1797 г., на ароманс-ки јазик, меѓутоа со грчко писмо, Новата Педагогија или Абецедар за децата лесно да го учат ароманското писмо (насловот е на грчки јазик), а која *„се отпечати во слава на родот”*. Восхитувачки се зборовите од предговорот „кон читателот”, кои овде се цитираат: *„Прими ја оваа мала светлина во полза на нашите деца, оти мислам дека одамна сакале да го видат овој почеток на нашиот народ, да им помогне на децата лесно да го сфатат тоа што со големо губење на време и тешко го сфаќаат на друг јазик”*.[71]

По разурнувањето на Москополе културните центри на Аро-манците се преместуваат во Виена, Буда и Пешта. Меѓу процутот на Москополе и активноста на Ароманците во населбите и во градовите на Централна Европа бил еден директен континуитет. Долгот да направи еден општ литературен јазик за Романците го презема врз себе учениот Ароманец Јорји Константин Рожа (1784-1847).[72] Во 1808 г. објавил во Пешта на германски јазик „Истражувања за Романците познати со името Власи коишто живеат во околината на Дунав”. Во 1867 г. книгата била преведена од еден Ароманец од Крајова, Серџу Ходаде.[73]

Во редот на учени Ароманци спаѓа и Михаил Г. Бојаџи (1780-1842). Фамилијата Бојаџи имала корени од Москополе или од неговата околина. Неговиот татко од 1789 г. веќе е жител на Пешта. Во 1813 г. учи во Виена и тоа во грчкото училиште. Во 1813 г. Бојаџи ја објавил во Виена неговата позната „Романска граматика или македо-романска” многу фалена во тоа време на романизмот, една од првите аромански граматики. Редактирана на германски и грчки јазик со текст на аромански со голем интерес за филозофската литература, прави од нејзиниот автор прв модерен аромански пистел.[74] Второто издание на ова дело излегло во 1863 г.; третото 1915 г. било публикувано од страна на Таке Папахаџи и последното, во Фрајбург во 1980 г., од страна на Василе Барба. Јазикот во граматика на Михаил Бојаџи, претставува едно мошне важно сведоштво и за тоа како се зборувало во латинскиот дел на Балканот во втората половина на XVIII век. М. Г. Бојаџи одбрал еден пат кој бил и кој од тогаш па

[71] В. Папахаџи, Москополе-трговската и културната метропола на Ароманците..., 55.

[72] Јорји Рожа, доктор во универзитетската болница во Пешта, во неговата докторска дисертација кон своето име ги додаде националноста и местото од каде што потекнува (Georgius Const. Rosa, Vallachus Voscopolitanus et Macedo).

[73] T. Bujdoveanu, op. cit., 132.

[74] Исто.

натаму ќе биде подобар: „*Нашиште зборови ќе бидат од латинско потекло*".[75]

Михаил Г. Бојаџи во неговата граматика демонстрира вистински методи со кои ги презентира аромански форми напишани со латински букви. Акцијата со идеја за латинизирање на ароманскиот јазик на М. Г. Бојаџи била документирана и доведена дури до унифицирање за пишување на аромански јазик.

## 3. Религиозниот живот

Ароманците од времињата коишто се познати го имаат за своја религија православието кое ги издржало сите настани кои што се случувале на Балканот: војни, промени на владетели, надворешни интервенции на големите сили итн.

Накратко би се осврнале на улогата на Византија во организацијата на црковниот живот. Византиската империја многу се проширила под власта на Василие Втори Македонецот, којшто владеел на тронот близу половина век (976-1025). Тој ја прошири империјата преку целиот Балкански Полуостров. Империјата имала три теми: Паристрион, Бугарија и Србија. Овие последниве две имале важна улога во животот на ароманскиот народ посебно во она што се однесува на религиозниот живот. Патријаршијата од Охрид станала Архиепископија.

Организацијата на црквите беше решена со три декрети од 1018, 1020 и третиот малку по првиот. Декретот од 1020 г. ги зајакнува правата на архиепископот од Охрид коишто ги имал во време на царевите Петар (927-969) и Самуил (987-1014) над Власите (Ароманците) на Балканот. Така Ароманците влегоа директно под јурисдикција на Архиепископот од Охрид. Подоцна со цел за поздрав религиозен живот во зоната на Ароманците се создава една посебна епископија за нив, како што може да се види од една листа на епископи која се држела во Охрид од 11 век. По два века епископот на Власите (Ароманците) се посочува со името „*али Вреаноша*" без да се наведе местото врз кое имал власт.[76]

Ароманците го поддржуваат православието и веруваат во неговата идеја. Ова го кажува религиозната организација и делата што

---

[75] Исто.

[76] Исто, 135.

ги направиле останати досега. Зоната на Москополе, зоната кај што живееја Ароманците е премногу блиску до Охрид. Религиозниот живот е тесно поврзан на овој културен и религиозен центар. Малку натписи со религиозен карактер напишани на аромански останале од тоа време. Таквите натписи придонесуваат еден народ да се чувствува посебен во однос на другите.

Треба да се истакне дека како и секаде кај православните народи кои беа под османлиско господство за да може да се почитува висината на една црква со османлиските закони, москополските цркви слегуваа 1-2 метри подолу, бидејќи османлиската власт не даваше дозвола да се градат христијански цркви повисоки од џамиите. Една важна карактеристика на овие цркви била дека биле градени од материјали од местата каде што се градени, посебно од камен.[77]

Во недостаток на простор ќе споменеме само некои од познатите манастири и цркви:

Црквата Света Петка и црквата Свети Дионисиј, изградени во 13-ти век, тие се најстарите цркви;

Црквата Свети Димитрија и црквата Свети Ѓорѓи;

Црквата Света Богородица и црквата Света Марена;

Црквата Свети Атанас и црквата Светото Тројство;

Манастирот Свети Јован;

Црквата Свети Петар;

Црквата Свети Никола и манастирот Свети Ефтимиј;

Црквата Свети Константин (и Елена), во планинскиот дел;

Црквата Свети Константин (и Елена), во градот;

Манастирот Свети Продром;

Црквата Свети Михаил и црквата Света Варвара;

Цркви направени повторно и цркви нови од 18-ти век;

Црквата Св. Богородица (1712-1715) и Манастирот Св. Андреј;

Црквата Свети Никола (1721-1750);

Црквата Свети Атанас (1721-1724);

Црквата Свети Михаил (1724);

Црквата Свети Илија (1759) и Манастирот Свети Сотир;

На северот на црквата Свети Михаил има една капела (не се знае дали е за Свети Наум или Свети Спиридон), друга покрај црквата Свети Петар. Црквата Светите Апостоли е изградена во 1752 г.[78]

[77] Исто.

[78] Исто, 144.

# 4. Разурнувањето на Москополе

За причините за разурнувањето на Москополе погоре е споменато. За надворешните фактори би кажале дека поради караниците меѓу Венеција и Османлиската империја коишто постоеја веќе од почетокот на 17 век, трговците од Москополе, Скадар, Елбасан, Јанина, Шатиста, Солун, носеа стока кон италијанските градови под француско, холандско, англиско или дубровничко знаме. Поради овие политички судири Италијанците можеа да влегуваат во Османлиските пристаништа ако истакнале неутрално знаме.

На надворешно политички план во 17 век доаѓа до меѓународни усложнувања и судири во Европа. Во 1710-1711 г. се водела руско-турската војна. Во 1714-1718 г. имаме војни на Османлиската империја со Венеција, а 1716-1718 г. избувнува австро-турска војна. Во 1735/6 г. избувна нова руско-турска војна кон која се присоединила и Австрија. Во овој период значително зајакнала Османлиската империја и под влијание на Франција го зачувала своето господство на Балканот.

Во 60-тите години на 18 век руската царица Катарина Втора (1762-1796 г.) го свртила своето внимание кон Исток. Русија се повеќе се меша во работите на Османлиската империја. Под влијание на Франција, повторно се заоструваат руско-турските односи. Како резултат на ова, избувнала нова-руско-турска војна од 1768-1774 г. Во воените акции Русите имале успех, ја зазеле Влашка, Молдавија и делови од црноморското крајбрежје. Освен тоа започнала да дејствува и руската флота. Османлиите претрпеле страшен пораз кој што имал тешки последици за Османлиската империја и за нејзиниот воен потенцијал. Со овој пораз на Империјата, Источното прашање повторно се актуелизирало. Руската флота ги блокирала пристаништата на Егејското море и го ограничила движењето на корабите. Но подоцна тие биле деблокирани.

Оваа ситуација ја искористија Албанците. По Кучук-Кајнарџискиот мир доаѓа до разбранување воопшто на муслиманскиот елемент. Тоа условило и појава на мошне неповолни реперкусии кај христијанското население.

Во време на руските успеси во Мореја Грците се дигаат на востание против Османлиите. Но 150.000 башибозуци од Албанија интервенираа и цела Мореја беше претворена во пуста земја. Патра и Наварино биле опљачкани и опустошени. Бројни други развиени центри на тој простор биле разрушени, полињата биле изгорени,

реките станале црвени од крв. Кој не бил убиен од сабја, умирал од глад, или од чума.[79]

Против Османлиите решил да војува сам витезот Андруцу - Ароманец од Ливадија. Инаку Одисеј Андруцу бил роден во 1798 г. Тој бил син на еден прочуен Ароманец - Веруш Мучитан Андруцу. Едно време Андруцу бил шеф на личната гарда на Али-Паша Тепелени (Јанински). Поради неговата храброст Али-Паша Јанински го наименувал за генерал. Одисеј Андруцу се афирмирал како раководител во грчката револуција. Тој ја организирал одбраната на Атина и Акрополис по навлегувањето на Османллите, во исто време бил во конфликт со фанариотите. Тие по извесно време и го ликвидирале. Дури на 21 февруари 1865 г. по барање на народот и на неговите соборци-револуционери бил рехабилитиран и бил закопан на Акрополис. За неговите јунаштва се испеани бројни песни.

Сето ова се рефлектирало и врз положбата на москополци. Карваните коишто носеа скапи стоки станувaa објекти на напади. Од друга страна трговските врски со Венеција беа прекинати. Беговите од Музакија поставија гарнизон во градот и по десет години Москополе беше избришано од земјата во Албанија. Со цел да ја дестабилизираат ситуацијата османлиите воспоставија и претходно еден гарнизон во Москополе во 1737 г.[80]

Во 1761 г. во Северен Епир, во Тесалија, во Македонија, во Црна Гора и на Косово се создава ароманско друштво, цврсто и богато, речиси како еден ароманcки државен ентитет. Во исто време Албанците муслимани се јавуваат како претставници на државниот авторитет во регионите доминирани од Ароманците. Во 1757 г. пашата Махмуд Бушатлија формирал речиси држава со центар во Скадар. Тоа беше време на анархија во Османлиската Империја. Нападите од 1761 и 1769 г. се направени од Али-Паша Јанински. Нападите ги вршеле четите од регионот, во 1761 г. Овие настани, разурнувањето на Москополе, се случуваат како што и погоре е истакнато во време на руско-турската војна (1768-1774) и руско-австриско-турската војна (1787-1792). Москополе беше токму разурнато во периодот на руско-турската војна од 1768-1774 г. Победата на Русите ги предизвика Османлиите да им се одмаздат на христијаните. Падот на Москополе се случи во времето кога Османлиите немаа никаква власт во провинциите. Во вакви околности Ароманциите беа приморани да бегаат во Македонија и во други зони на Балканот. За многумина од Ароманците ова бегање беше засекогаш.

---

[79] Ј. Аргинтеану, op. cit., 150.

[80] T. Bujdoveanu, op. cit., 163.

1769 година се споменува како година на првото големо разурнување на Москополе. Во оваа година имало два напади врз Москополе. Првиот напад врз го даде сигналот за започнување на егзодусот од оваа населба. Ароманците коишто сакаа да си го спасат имотот го фатија патот накај европските хоризонти. По нивното бегство, населбата почна да слабее, а моќта да опаѓа. За сето ова придонесоа и Албанците муслимани, кои ја познаваа состојбата во Москополе и исто неговите луѓе.[81]

Меѓутоа мора да се спомене дека крвавите битки меѓу бранителите на Москополе и напаѓачите траеле една година. Конечно во 1789 г. градот бил освоен и потполно разурнат. Затоа населението било приморано да мигрира. Едните мигрирале во правец на Битола и околните села, но најмногу се преселиле во Австро-Унгарија. Во тоа време, биле разорени и останатите аромански населби на тој простор како-Биткуќи, Бирина, Грамоста, Линотопи, Вартени и други. Во тоа време ароманските населби во Централна Македонија, како: Моловиште, Гопеш, Крушево, Невеска, Влахо-Клисура од рамничарските места, каде дотогаш биле расположени, заради заштита од нападите на албанските банди и турскиот башибозук се повлекоа во планинските предели.[82]

## 5. Егзодусот на Ароманците

Војните коишто се случија меѓу големите христијански сили и Османлиската империја, предизвикаа да се зголеми гневот на муслиманите наспроти на ароманската популација која беше многу богата и која сакаа да ја ограбат. Забрзувањето на миграцијата дојде и поради разурнувањето на градот, што предизвика егзодус. Секако политичките мешаници на Балканот доведоа до емиграција во Централна Европа еден век пред разурнувањето на метрополата. Развитокот на капитализмот во Австрија, развитокот на трговијата со Јадранот и растежот на влијанието на последната во северозападниот дел на Балканскиот Полуостров се останатите причини за нападот против Ароманците. По мирот во Пожаревац во 1718 г. беше потврдено правото за трговија меѓу двете држави. Ароманците коишто имаа слобода да минуваат во Османлиската империја за кратко време го зафаќаат големиот дел од трговијата меѓу Австрија и Осман-

[81] Исто.
[82] Исто.

лискаta империја. Многу фамилии на Москополци коишто стекнаа богатства во Австрија и Унгарија по пат на трговија и банки заминаа да живеат во овие држави пред разурнувањето на Москополе, и по економски причини и за еден живот во сигурност. Разурнувањето на градовите извршени на истокот на Албанија и во Македонија ги тера Ароманците да бегаат кон југоисток и Северот на Балканскиот Полуостров. Емиграцијата започнува да расте пред 1769 г. Москополските Ароманци ги оставаа земјите на прадедовците, ги носеа своите работи по опасни патишта полни со стравови и опасности. Тие што пак останаа за понатаму имаа еден тежок живот и со тешкотии ги одбиваа нападите на четите на муслиманските арамии, коишто палеа, ограбуваа, убиваа, грабнуваа девојки и жени коишто ги носеа во харемите на муслиманите од Албанија и од другите османлиски провинции. Кога Москополе беше практично разурнато во 1788 г. фамилиите на Ароманците ја оставија метрополата и заминаа во странство. Многу од колоните запреа во Македонија. Несигурноста и стравот кој го поминаа ги натераа да избират места подзатскриени градејќи нови села, во близина на врвовите на планините или се задржуваат во други аромански центри на истокот на Балканскиот Полуостров: Крушево, Магарево, Трново, Невеска, Влахо-Клисура, Псодери, Блаца, Моловиште и др. Некои се задржаа во трговските градови на Македонија, во градовите на Албанија, покрај Јадранското Море, во полињата на Тесалија, Сер, Кавала, Ксанти, Едрене, Цариград или пак се качуваа на бродови кои ги носеа во Мала Азија и во Мисир (Египет). Побогатите Москополци стигнуваа во пристаништата на Јадранот и оттаму одеа кон италијанските градови. Богатите фамилии пристигнуваа во големите градови на Унгарија и Австрија, Виена, Пешта, Буда, Лајпциг, Братислава итн. Други пристигнуваат во планините на Родопите и Балканот, во долините на Сава и на Дунав, во Романските кнежевства каде што постарите колонии ги примиле со радост.[83] Москополците отворија многу патишта. Познат е тој по долината Вардар-Морава, Скопје, Сараево, кон Австрија, Бугарија и Романските кнежевства. Еден друг пат водел кон Солун, по долините на Воден, кон Лерин, Битола, Прилеп, кон Невеска и Влахо-Клисура и понајуг од нив, кон Блаца, Шатиста, Кожани, преку планините кон Бер, Негуш. Еден друг пат водел исто така кон Солун и подалеку кон Цариград. Преку патиштата на Србија пристигнаа во Загреб, Карловац, Бела Црква (Бисерика Алба), Земун, Нови Сад, Белград, Славонски Брод.[84]

---

[83] Ј. Аргинтеану, op. cit., 151.

[84] За ова поопширно види кај: Т. Bujdoveanu, op. cit., 172-197.

Треба да се спомене дека најмногу аромански колонисти во Македонија потекнуваат освен од Москополе уште и од блиските населби до метрополата: Николица, Линотопи и др. Кон нив треба да се додадат исто така дојденци и од Албанија, напр. од Лунга, југо-западно од Охридското езеро, и од областа Музакија-музакери и Фаршери-фаршериоти. Ст. Романски наведува дека во почетокот на 20-тиот век дека последните посебно се разликувале, зачувувајќи си го прастарото занимање - овчарството, а исто така и својата носија.[85]

Некои од тие аромански населби самите по некое време станале појдовни места за новата ароманска колонизација во Македонија. Во тој однос на прво место стои градот Крушево, од каде што се раселиле Ароманците во повеќето градови на Северна Македонија, како Прилеп, Велес и Скопје.[86]

Треба да се спомене дека најдоцна бил разорен ароманскиот град Пљаса, којшто се издигнал по опаѓањето на Никулица. Пљаса била разорена последен пат при албански напади во 1831 г. Нејзините жители исто така наоѓаат спас во Македонија.[87]

Како што е споменато погоре по разурнувањето на нивната населба москополците се населија во многу градови на Османлиското царство и поседите на Хабзбурговците, Виена, којашто москополските трговци ја посетуваа, како што е познато, уште од 1761 г., значи од ерата на владеењето на Марија Терезија, стана за народот од Југо-Источна Европа интелектуална метропола и центар во кој овој свет доаѓаше во допир со западните идеи. Виена во 18-тиот век, град со силно француско влијание, каде што живееше и пишуваше Италијанецот Метастазио и каде „Грчката трговска компанија" беше во процут, беше допирната точка на балканскиот свет со светот од Западот.[88]

Под влијание на историско-филолошкиот тек од крајот на 18-тиот век кој цутеше кај Ароманците од Ердељ, москополците населени во Австрија и Унгарија почнале да се образуваат на својот јазик. Ако големата фамилија Сина, како што наведува Валериу Папахаџи, им служеше на интересите на елинизмот, од друга страна Константин Укута, Јорји Рожа, Михаи Бојаџи, фамилиите Мочони и Шагуна придонесоа за романската култура.[89]

---

[85] С. Романски, op. cit., 74.
[86] Исто.
[87] Г. Даскалов, op. cit., 33.
[88] В. Папахаџи, op. cit., 46.
[89] Исто.

Како што и погоре е споменато, Јорји Рожа, кој на својата докторска дисертација до своите име ги додаде и националноста и населбата од каде потекнува, „Георгиус Конст. Роса, Валахус Воскополитанус”, објавил книги во поглед на јазикот и минатото на Ароманците.[90]

Во Виена, Михаи Бојаџи објави ароманска граматика. Големиот Митрополит Андреј Шагуна произлезе токму од средината на Ароманците од Москополе населени во Мишколц, во Унгарија.[91]

Српскиот историчар, Душан Поповиќ, се обиде во својата книга „О Цинцарима”, објавена во 1928 г., да даде придонес за улогата на Ароманците во развојот на српските градови Земун, Карловци, Митровица, Белград, Нови Сад, Крагуевац итн.[92]

И покрај жестоките муслимански грабежи и опустошувања Ароманците не ја напуштаат својата христијанска вера. Трпејќи ги жестоките насилства, ароманските населби во Албанија лесно можеле да се избават со прифаќањето на исламот, како што тоа го направиле Србите во Босна, Албанците во Албанија, Грците, Бугарите и Македонците во некои реони.

Исцело ангажирани во борбата против непрекинатата албанско-турска опасност, потцениле еден не помалку опасен непријател-Цариградската патријаршија и грчките фанариоти. Тие се ползуваат од нивната длабока религиозност и приврзаноста кон православната црква, за да работат целнонасочени за отсекување на корените на ароманското национално самочувство. Нивните органи успешно шпекулирале со муслиманските напади над ароманските населби за да им ги променат националните чувства со општохристијански. Грчкиот клер водел целнонасочена пропаганда меѓу Ароманците да се откажат од „нивниот варварски јазик” и да го користат грчкиот, мотивирајќи го тоа дека „тој е јазикот, на којшто зборува Господ”.[93]

Според Георги Даскалов од почетокот на 19-тиот век датира информацијата на грчкиот просветител Н. Дукас, според кого меѓу Грци и Власи во Мецово и Тесалија се појавиле противречности на народносна основа. Тој не ги крие компактните маси на влашко население во границите на земјите, сметани за грчки. Во таквата тешка и сложена ситуација на непрекинат муслимански терор грчката

---

[90] Исто.

[91] Исто.

[92] За ова види: Д. Ј. Поповић, О Цинцарима, Прилози питању постанка нашег грађанског друштва, Београд, 1937, 110-170.

[93] Г. Даскалов, op. cit., 34.

страна успева да ги постави корените на денационализацијата меѓу ароманското население.[94]

Постојат и други благопријатни услови за денационализаторскиот процес. Во својот социјален и економски развиток Грците ги испреваруваат соседните народи, нешто кое создава претпоставка за проголтување во грчката нација којашто тогаш се формирала и на негрчкото население, вклучително и на Ароманците. Основната улога во тој процес ја играат грчката култура и грчкиот јазик, кој што е и јазик на богослужбата во источно-православната црква.[95]

Грчкиот јазик, според Т. Ј. Винифрит, отсекогаш бил јазик на образованието, а грчките училишта во Јанина извршиле значително влијание во времето на Али Паша-Јанински. Така, епските поеми во коишто се воспевале неговите подвизи, макар да се составени од Албанец муслиман, Хаџи Секрет, биле пишувани исклучиво на грчки јазик. И Ароманците, исто така, доколку сакале да научат да читаат и пишуваат морале да пишуваат на грчки. Постојат многу малку писмени записи на аромански јазик освен прилично голем број сведоштва за вложените напори да се натераат Ароманците да го напуштат својот јазик и да зборуваат само грчки. Главната личност во овие мисионерски настојувања бил Свети Козма кој живеел од 1714 до 1779 г. Се проповедало дека ароманскиот јазик бил јазик на ѓаволот. Грчкиот јазик, како што и погоре е споменато, имал огромно влијание во сето тоа. Самиот чин што во 1757 г. Султанот бил убедуван да ги укине сите други патријаршии освен Цариградската, било обид за преобразување на сета султанова балканска раја во Грци. И навистина, тоа најчесто било сфаќањето на Западна Европа за Балканот пред појавувањето на националните движења во 19-тиот век.[96]

## 6. Отпорот на Ароманците против Али Паша-Јанински по падот на Москополе

Во овој поднаслов воглавно ќе се осврниме на борбите на Сулиотите против Али Паша-Јанински. На крајот од 17-тиот век, жителите на Гардики, град во Јужна Албанија, не можејќи да се одбранат од постојаните напади и разорувања на албанските башибозуци,

---

[94] Исто.

[95] Исто.

[96] Т. Ј. WINNIFRITH, op. cit., 169.

пребегнале со своите стада во планината која се викала Амуре. Оваа планина се наоѓала наспроти островот Крф. Со тек на време на тоа место се собрал еден голем број на бегалци од сите околни страни. Главното средиште на овој предел се викал Сули. Во 1792 г. Сули станал центар на републиката која според името на нејзиниот центар се нарекла Република Сули. Во република Сули беа расположени 22 села. Во нив живееле вкупно 7000 жители. Во борбите против албанските разбојници и турскиот башибозук учествувале и жените од републиката Сули.[97]

Според Јон Аргинтеану, не можејќи да ги победи Сулиотите со сила, Али Паша-Јанински се обидел да ги придобие со измама. За да ја оствари таа своја замисла тој им доставил апел на Сулиотите за да му испратат помош за да го освои Аргирокастро, ветувајќи им голема награда. Чувствувајќи желба да добијат определена награда за помошта што тие ќе му ја испратат на Али-паша позитивно одговориле на неговото барање. Сулиотите испратиле помош од 60 луѓе предводени од Чавела. Но Али-паша и во овој случај се покажал како безверник. Сите испратени луѓе како негова помош, тој ги усмртил, освен Чавела, кого го ставил во затвор.[98]

Али-паша немал намера да го ослободи Чавела додека последниот не ги убеди своите земјаци за да ги доведат своите борци и истите да бидат предадени на Али-пашината власт. Чавела за да биде ослободен го дал како заложник својот син. Враќајќи се во својата татковина, Чавела го известил Али-паша дека татковината е поскапа од синот и дека Сулиотите[99] не знаат што е тоа покорност и понизност.

Три години Чавела со својата жена Моску војувал против Али-паша, нанесувајќи му секокогаш страшни порази. Во 1803 г. под притисок на Високата Порта, Али паша-Јанински бил принуден да склучи мир со Сулиотите. Мирот бил склучен преку еден формален акт со кои им беа опростени сите нивни дејствија, условно доколку војските се предадат на Османлиите.

Хероите-Сулиоти заморени од многу војување не можејќи да ја поднесат својата бедна положба која од ден во ден се влошувала, се покориле и така ја изгубиле својата скапа татковина.

---

97 Ј. Аргинтеану, op. cit., 155.

98 Исто, 156.

99 Зборот „суле“ (на аромански) е со значење „копје“, што недвосмислено доведува до заклучок дека се работи за традиционално воинствен род „Копјаници“, што пак целосно одговара на нивниот строго воен принцип на организиран живот.

Кога Али-паша на еден планински теснец нападнал еден број на собрани луѓе, жени и деца, тие согледувајќи ја својата безизлезна положба одбиле да се предадат. Тогаш, 60 жени со своите деца в рака, скокнале во бездна и така го завршиле својот живот. Ова сето се случило во почетокот на 1804 г. кога Сулиотите на „беса" (ветен збор) се масакрирани и за секогаш како целина разбиени.[100]

„Бесата" во името на Али Паша-Јанински ја има дадено неговиот син Вели-паша на 25.12.1803 г. со што на Сулиотите преку нивниот претставник Фоту Чавела им било ветено дека ќе им биде дозволено без борба да се повлечат кон градот Парга, а исто така дека без никакви давачки ќе можат да ги напасуваат по планините своите стада.[101] Но сето тоа било погазено.

На крајот би истакнале дека Сули била независна република расположена на такво место каде што наоѓаа засолниште сите бегалци и исчезнати лица, кои имале изгубено се, освен животот и честа. Тие станале моќни во време кога албанските разбојнички банди и башибозукот започнале да ги разоруваат бројните аромански населби. Тогаш, многу Ароманци од Албанија се преселиле во Сули со што се зголемило старото население составено од Ароманци и Албанци-христијани. Со понатамошниот тек Сулиотите се грцизирале.[102]

Треба да се спомене дека Али-Паша Јанински успеал со својот дволичен однос и разни измами да ги уништи повеќето од ароманските капетани.

Меѓутоа треба да се истакне дека при крајот на своето владеење Али Паша-Јанински толку се засилил што Високата Порта започнала да стравува од неговиот однос кон османлиската царска власт. Од добро информираните извори Султанот претпоставувал дека Али Паша-Јанински заради прогласување на негова независност сакал да ги здружи силите со капетаните и нивните востаници во борба против османлиската централна власт. Чувствувајќи дека сè уште не била изгубена надежта за остварување на замислата, Али Паша-Јанински испратил до сите капетани соопштение да бидат подготвени за востание-пролетта 1819 г. Сите задоволни одговориле на прокламираната слобода за христијаните. Меѓутоа, неговиот потфат завршил без успех.

---

[100] Ј. Аргинтеану, op. cit., 156.

[101] Исто.

[102] Исто, 157.

Во 1820 г., Али Паша-Јанински бил заробен од царската војска и убиен. Неговата глава била балсамирана, ставена во сребрена кутија и доставена на Султанот во Цариград. Така завршил животот на најголемиот непријател на Ароманците Али Паша-Јанински.[103]

Јорји Ѓицеа вели дека Али Паша-Јанински со своите злосторства се претворил во најсаканиот агент на Патријаршијата и на грко-фанариотите. Во суштина карактерот на востанието на Ароманците, она што претходеше и следеше, имаа исклучиво локални и народни аромански (подвл. Ј. Гицеа) мотиви. Тоа беше легитимна борба на Ароманците за самоодбрана против беззаконијата на албанските банди и немаа ништо заедничко и немаа никаква врска со мегаломанијата на Ипсиланти и фанариотските хетеристи.[104]

Негативен став кон борбата на ароманското население имаа Патријаршијата и фанариотите. Овие последните совршено ги познаваа чувствата на арматолите и на ароманското население што ги имаа кон нив, вознемирени од борбата на сулиотите, чијшто идеи ги беа надминале границите на Османлиското царство, сметајќи дека евентуалната победа би можела да биде само во полза на востанието, со едно национално будење, застанаа на страната на Али Паша и неговите банди, подбуцнувајќи ги и охрабрувајќи ги против арматолите и ароманското население.[105]

---

[103] Али Паша Тепелена или Али Паша Јанински (ок. 1744-1822) бил по потекло од семејство на бегови од јужно албанскиот град Тепелена. Али ја почнал својата кариера како предводник на разбојнички банди. Тој во 80-те години на 18 век успеал да собере околу себе многу приврзаници и да стекне значително политичко влијание во Јужна Албанија и Епир. Воспоставувајќи контрола над Тесалија, Епир и дел од Јужна Албанија, Али Паша во 1787 г., ја зазел Јанина, правејќи ја престолнина на новиот пашалак. Високата Порта била принудена да го признае Али за гувернер на од него освоените области, но тој фактички управувал самостојно, успешно играјќи на бунтовништвото на Албанците, искористувајќи го нивниот стремеж за независност. Исто така, тој бил ангажиран и во судирите на Големите сили во врска со Наполеоновите војни, кои го засегнале и Балканот, точно во времето кога во 1806 г. во Јанина се појавил францускиот генерален конзул, Ф. Пуквил. Според оценките на руските конзули во Османлиската Империја, Али Паша целиот свој живот кокетирал користејќи ја противречноста на државите, и се „дружел со секоја држава што му носела погодности“. Некогаш тоа била Франција, некогаш Русија, а некогаш Високата Порта.

[104] Јорји Ѓицеа, Од минатото на Ароманците, Јуначки дела и ликови на арматоли, Скопје, 2002, 16.

[105] Кочо Сидовски, Ароманците во Македонија и на Балканот во XVIII век, Документи, I/1, Скопје, 2004, 22-23.

## 7. Животот на населените москополци и другите во новите краишта до крајот на 18-тиот век

По уништувањето на Москополе, неговите жители во секоја прилика создавале нови, а зајакнале и некои стари аромански населби. Во Османлиската империја тие се населиле во Дринопол, Пловдив, Ќустендил потоа во Македонија во Прилеп и во Охрид се населиле околу 100 семејства. Подоцна дошле уште 50 семејства. Една група со околу 200 семејства се населиле во Штип. Тогаш се населиле и во селата Магарево како и Дихово. Многу семејства се населиле во Битола, Крушево, Велес, Скопје, Ресен. Исто така и Моловиште, тогаш, беше населено со жители од Москополе.[106]

Што се однесува до доселениците од Москополе тие во Крушево се населиле главно во сегашното влашко мало и оттогаш започнало формирањето на маалата. Со Ароманците, од Јужна Албанија се доселија и една група православни Албанци, кои веќе почнаа да се ароманизират. Овие ароманизирани Албанци, чиј број уште во почетокот бил доста голем, бргу се снашле во своето ново место Крушево, и како претприемчиви со знаењето, на грчки, турски, албански, аромански и македонски јазик, започнале да се занимаваат со кирациилук, станале добри трговци или ги продолжиле своите стари занаети што ги донеле од Москополе. Тие го користеа фактот што во близината немало некој друг значаен трговско занаетчиски центар. Така, овие дојденци со својата работа придонеле Крушево постепено да добие карактер на градска населба со посилен и побрз стопански подем.[107]

Со населувањето на Ароманците во балканските градови се создал брз развиток на сите градови во кои тие се населиле. Така, Велес по доселувањето на Ароманците доживува свој брз развој. Тогаш Ароманците од Москополе и од другите центри бегаа масовно во земјите преку Сава и Дунав и низ Европа. Според горереченото Ароманците од Москополе бегајќи од османлиските зулуми се раселиле по цела Европа, а се населиле по речиси сите поголеми градови на Османлиската империја, Грција, Австрија, Унгарија, Романија. Тие отишле дури до Украина и Русија.[108]

---

[106] Исто, 23.

[107] Историја на Крушево и Крушевско, Книга прва, Крушево, 1978, 19.

[108] J. Аргинтеану, op. cit., 151.

Според регистрите направени во 1769 г. може да се види дека во округот Толна (Унгарија) имало многу лица дојдени од Македонија и тоа, што е карактеристично сите Ароманци. Така од Кожани беа 208, од Шиписка - 49, од Сачиста - 96, од Срлица - 96, од Костур - 56, од Негуш - 33, од Сервија - 22, од Трново - 6, од Грабово - 19, од Богацко - 13, од Дојран - 18, од Мелник - 12, од Сер и Разлог - 1, или вкупно 646 лица само во овој округ.[109]

Прекалени во тешката борба за опстанок во Османлиската империја, овие способни и снаодливи аромански трговци од Македонија бргу се снашле во новата средина во земјите преку Сава и Дунав и почнале да работат се и сешто и да се организираат во трговски компании. Ароманските трговци по потекло од Македонија, Епир, Тесалија се населиле во унгарските градови, како што се: Темишвар, Пешта, Ѓер, Ѓонѓои, Мишколц, Егер, Токај, Арад, а некои дури до Виена.

Во Јужна Унгарија тие станале толку моќни што постепено ги потиснале унгарските и полските трговци. Од Унгарија, почнале да се јавуваат и на полскиот и на украинскиот пазар, особено во трговијата со вино, и со "балкански" производи: памук, восок, мед, волна и др.

Во текот на 18-тиот век Балканот, пред сè ароманските области во Македонија, Епир, Тесалија, биле непресушен извор на човечки труд за Хабзбуршката монархија, чија меркантилистичка и физиократска политика големо значење му придаваше на зголемувањето на населението, како главен фактор за развитокот на производните сили во земјата.[110]

Треба да се истакне дека е голем бројот на истакнати Ароманци кои во областа на просветата, културата и уметноста заземаа значајно место и како создавачи на културно-уметнички дела во сите области на творештвото, и како добродетели во создавањетото на материјалната основа во областа на просветатата (градење на училишта, давање стипендии и сл.). Преовладуваше бројот на Ароманците, во однос на другите народи на балканските простори (во одредени размери и во Средна Европа) кои основале моќни фондации како институции кои сестрано помагале во спlaunch ментатите просветно-културни и уметнички области.[111]

109 Исто.
110 Исто, 151-153.
111 Д. Ј. Поповић, op. cit., 41.

Д. Ј. Поповиќ наведува бројни примери од овие области. На пример, тој соопштува дека Ароманците од Москополе се истакнувале во културен поглед далеку повеќе во споредба со оние кои живееле на други места. Тој ги издвојува, Сина, Мочони, митрополитот Шагуна, Гожду и др.[112]

Треба да се спомене фактот дека голем број на Ароманци коишто се иселиле од Македонија свое прибежиште најдоа во Србија. Во Белград од 109 угледни фамилии дури 32 биле од Влахо-Клисура. Од Крушево, Моловиште, Гопеш ги имало поголем број, но тие не играле особено важна улога. Во Крагуевац ги имало од Моловиште, Битола, Охрид, Гопеш, Трново (Битолско) и др.[113]

Иако бројот на овие преселеници не бил голем, сепак, бил од големо значење за народот и краиштата во кои што тие дошле. Вредноста и важноста на овие луѓе ги приметила Австрија, па настојувала на сите начини што повеќе да ги привлечи и задржи во своите земји овие луѓе. Овие луѓе со еден збор значеле капитал, занает, трговија и индустрија, сите услови за подигнување на економската сила на земјата. Покрај трговијата тие се бавеле со разни работи и занаети. Со еден збор тие во Србија ја основале чаршијата.

Покрај трговијата Ароманците на крајот на 18-тиот век во Србија станале и познати политичари. Така, например Петар Ичко во Белград се наоѓал во 1791 г., а околу 1794 г. отишол во Земун како трговски агент. Петар Ичко бил од Катраница. Пред тоа имал трговска компанија во Белград. Зборувал повеќе јазици. Покрај другото бил и вешт дипломат. Имал видна улога во Првото српско востание. Во 1807 г. бил избран за прв претседател на Магистратот во Белград.

Петар Ичко во стопанскиот живот се појавува како посредник кога австриските трговци морале целата своја стока наместо за увоз или извоз да ја пријавуваат кај органите во Белград (под непосредна контрола на Османлиите) и за неа да плаќаат одредени конзуларни такси. Врз основа на жалбите на австриските трговци, австриската дипломатија презела чекори кај Високата Порта за Петар Ичко да се тргне од Белград. Високата Порта одолговлекувала со решавањето на ова австриско барање. Меѓутоа, Австријанците ова прашање постојано го актуелизирале и во наредните години. Но, без некој видлив успех. Зад Ичко стоел големиот турски везир во Белград. Не се раполага со податоци за тоа-дали при сето ова имало и

[112] Исто.

[113] Исто, 51-53.

некои други врски коишто му ги обезбедувал покрај турскиот везир и некој друг влијателен заштитник.[114]

По Свиштовскиот мир од 1791 г. многу од ароманските трговци се иселија од Србија и постојано се вработија во соседните австриски земји.

На политички план, Карловачкиот и Белградскиот мир создале правни претпоставки за успешен настап на трговците од Османлиската империја, меѓу кои и ароманските, на пространиот австриски пазар. Трговијата на Ароманците ги зафатила сите поголеми градови на Австриската монархија, но и многу преку нејзините граници - сѐ до Лајпциг, Краков, Амстердам, Москва, Одеса, Каиро.[115]

[114] Боро Петковски, Балканската чаршија, Местото и улогата на Власите, Скопје, 2000, 215.

[115] К. Сидовски, op. cit., 25.

# Глава 4

# Борбата на Ароманците во Македонија и на Балканот против Османлиската Империја (почеток на XVIII век - 1830)

## 1. Меѓународни околности

Ситуацијата во Османлиската империја кон крајот на 18-тиот век била особено тешка. Тешките порази на Османлиската армија во последната третина на 18-тиот век ги поставила владеачките кругови на Империјата пред неопходноста од сериозни воени реформи. Зголемувањето на бројот на внатрешно-политичките проблеми, пред сѐ активизацијата на ослободителните движења на потчинетите народи и сепаратизмот на месните управници, опаѓање во економијата – сето тоа го принудило Султанот Селим Трети и неговото опкружување да бараат патишта за обновување на моќта на Империјата. Што се однесува до сепаратизмот треба да се споменат босанските феудалци Омер и Осман Пазваноглу, коишто се одметнале во Видин, и погореспоменатиот Али Паша- Јанински од Тепелена – кој се одметнал во Јанина, за што погоре е споменато, искористувајќи го во свои цели нараснувачкото ослободително движење на народите на Европска Турција и дејствувале заедно со Словените и Грците против централната власт, а понекогаш заедно со неа против поранешните сојузници. Дури и во самата Анадолија, моќните феудални родови биле непријатели меѓу себе и сите заедно биле фактички независни од централната власт во Цариград.[1]

Подробно опишувајќи ги одделните востанија на пашите сепаратисти во крајот на 18-тиот-почетокот на 19-иот век, турските историчари нив ги објаснуваат со личните амбиции на сепаратистите, барањата на европската дипломатија, поттикнувајќи ги нив за сопствени цели, и не малку пати настојувале да се намалат приходите на Високата Порта – како последица на прекратувањето на победоносните војни и намалување на даночните приходи од поданиците, чијашто благосостојба „била нарушена со изгубените војни и лошото управување”.[2]

---

[1] Александър I, Наполеон и Балканы, Москва, 1997, 34.
[2] Исто.

Треба да се истакне дека внатрешните проблеми на Балканот и Блискиот Исток од 1798-1806 г. за османлискиот центар на власта се состоеле во неопходноста од надминување на внатрешно-империските сепаратистички сили, спротивставување на поларно ориентираните тенденци: ослободителната борба на христијаните, децентрализаторската акција на феудалците сопственици на лена, економската дезинтеграција.[3]

Во едни вакви околности на положбата во Османлиската империја и односите на големите сили кон неа по пљачкосувањето и разорувањето на Москополе во 1769 и 1788 г. почнува денационализирањето на ароманското население. Итната опасност беше онаа која доаѓаше од страна на албанските банди. Против таа опасност беа устремени сите ангажирања.[4]

## 2. Револуционерната активност на Ригас Велестинлис

Во тие тешки години за Ароманците се раѓа големото општо балканско револуционерно дело на нивниот сонародник Ригас Велестинлис, познат како Рига Фереос или пак Константин Трушина. Вистинското име на поетот беше Константин Риза, наречен Трушина, според појасот од кожа со кој се опашуваат овчарите (еден вид многу цврст појас).[5] Роден е во градчето Велестино (Тесалија) во текот на 1757 г. во семејство на „чистокрвни Ароманци", коешто потекнувало од селото Периволи на планинаната Пинд.[6] Градчето Велестино и околината секогаш биле сметани за ароманскиот центар, а поради плодноста на земјиштето и благата клима, беше една од најдобрите области за зимување на стадата.[7] По завршувањето на основното училиште Константин учи во гимназијата во Загора. Во текот на 1744 г. заминува во Цариград, каде според некои податоци служел како секретар на А. Ипсиланти. Околу 1782-1796 г. живеел во Влашко, бил секретар и доверено лице на месните велможи, се

---

[3] Исто, 38.

[4] Кочо Сидовски, Борбите на Власите во Македонија и на Балканот против Османлиската Империја во поч. на XIX век до 1830 година, Документи, I/3, Скопје, 2004, 4.

[5] Ibidem, цитирано според: M. Ruffini, Un centro aromeno in Albania – Moscopole, Документи, I/1, Скопје, 2004, 44-54.

[6] Г. Даскалов, op. cit., 34.

[7] К. Сидовски, op. cit., 5.

занимавал со литературна и преведувачка дејност. Се запознал со делата на Волтер, Русо, Дидро, Монтескије, со идеите на Големата Француска буржоаска револуција. По избувнувањето на револуцијата во Франција, Рига стапува во врска со францускиот конзул во Влашко и се наоѓа во центарот на трескавата заговорничка дејност за организирање на востание на Балканот. Успесите на револуционерна Франција и приближувањето на Наполеон до полуостровот го тераат да верува дека настапил решителниот час за акција.[8]

Кога во текот на 1795 г. војските на Директориумот навлегуваат во Италија, решава да дејствува и заминува за Виена. По доаѓањето во Виена во 1797 г. тајно ја издал брошурата *„Нова политичка управа за народите на Румелија, Мала Азија, островите на Средоземно море, Влашка и Молдавија"*. Во Брошурата Велестинли ја развил идејата за рамноправност на христијаните со муслиманите, еднаквост и братство на сите балкански народи, ја издигнал програмата за заедничка борба на поробените народи против Османлиската империја и план за создавање на Балканскиот Полуостров и во Мала Азија унитарна демократска управа - по примерот на револуционерната француска република.[9]



Ригас Велестинлис

Во 1796 г. во текот на месец септември ја рецитира од него напишаната *„Воена химна"*, создадена под влијанието на *„Марсељезата"*. Во неа ги повикува сите балкански народи на борба. Тој се обраќа кон угнетените во Османлиската империја- „бели и црни", „христијани и Турци", кон смелите и слободољубиви жители на Сули и Мани и кон непокорниот на Портата Осман Пазвантоглу, да се обединат против општиот непријател.[10]

---

[8] Г. Даскалов, op. cit., 34.

[9] Советская историческая энциклопедия, том XV, Москва, 1974, 58; J. Аргинтеану, op. cit., 160.

[10] Г. Даскалов, op. cit., 35.

Во Букурешт Рига Велестинли ги составува основните акти за идната република, која треба да ја замени османлиската деспотска држава. Во Декларацијата за правата на човекот изјавува, дека во неа *„сите народи, христијани и Турци, по природно право се рамноправни”*. За сите граѓани предвидува слобода, сигурност на нивниот живот и неприкосновеност на нивната сопственост. Во напишаниот од него *„Устав”* тој изрично истакнува, дека во државата *„господар е народот”*, кој што се состои од *„сите граѓани на таа држава без разлика на религијата и јазикот - Грци, Бугари, Албанци, Власи, Ерменци, Турци и од секој друг род”*. Кога станува збор за прашањето за управувањето, истакнува: *„Грчкиот народ, то ест жителите на таа држава, без разлика на религијата и јазикот”* ја врши својата суверена власт по места во рамките на општините и околиите. По одредени прашања тие можат да го изразат своето мислење, бидејќи учествуваат при формирањето на становиштето на соодветната провинција. Граѓаните вршат избор од тие *„пратеници за парламентот на народот”*.[11]

Поради тоа што Рига Велестинли пишуваше на грчки јазик - јазикот на црквата и комуникацијата од тоа време - Грците го присвојуваат како голем поет на своето национално будење, без да му го негираат неговото ароманско потекло. По победата на востанието во Грција 1821-1830 г. го славеа и му подигнуваа споменици.[12]

Границите на новата проектирана држава ги претставува во картата приложена кон неговата книга *„Странствувањето на младиот Анархосис.”* Таа требала да ги опфаќа земјите ограничени од гр. Акерман, Карпатските планини, реките Дунав и Сава, на запад од р. Уна и Јонското море, на југ од Либиското море”.[13] Според зборовите на Ричард Клог, како што наведува Георги Даскалов, авторот на таа карта *„предвидува воспоставување на една преродена Византиска империја”* со републикански институции по француски модел.[14]

Рига Велестинли ја нарекува проектираната од него држава на Балканот *„Грчка република”*, во која што официјалниот јазик треба да биде грчкиот.[15] Имајќи го предвид она што го искажувал Рига на многумина автори им даваат основа да сметаат дека тој треба да се

[11] Исто.

[12] К. Сидовски, op. cit., 5.

[13] Г. Даскалов, op. cit., 35.

[14] Исто, цит. според: Р. Клог, Кратка история на Грция, София, 2002, 311.

[15] Исто.

смета за грчки револуционер и како идеолог на грчката национална револуција. Меѓутоа од сите погореспоменати ставови и заложби на Рига Велестинли, може да се каже дека тој работел за создавање на држава на сите угнетени националности, а не на национална држава на Грците. Меѓутоа мора да се каже дека при изборот на името на таквата држава тој бил повлијаен од византиското минато. А исто така морал да се сообрази и со наложената од Вселенската патријаршија грчка доминација во црковниот и културниот живот, како и со улогата на грчкиот фактор во економијата, нешто што довело до распространување на грчкиот јазик.[16]

Георги Даскалов наведува дека кога во својот *„Устав"* Рига Велестинли зборува за *„грчки народ"*, имајќи ги предвид не конкретно граѓаните од грчка националност, а воопшто *„жителите на таа држава, без разлика на религијата и јазикот"*.[17] Тој се залага и за солидарноста меѓу нив: *„Бугаринот треба да се крене, кога страда Гркот, а исто така за оние, и двата за Албанецот и Влаот"*.[18] Од сето ова може да се види, дека тнр. идеолог на грчката национална револуција е за создавање на една општо балканска држава, во којашто сите граѓани и народи ќе живеат рамноправно.

Со цел за подготовка на ослободителното востание тој во 1796 г. основал во Виена тајно револуционерно друштво *(„хетерија")*. Хетеријата на Рига Велестинли придобила многубројни приврзаници на Балканот. Тој имал намера да се префрли со своите соработници на Пелопонез, каде што требало да дигне востание. Извршува сериозна организациска подготовка. Со победите на Наполеон во текот на 1797 г. над Австрија и Венеција[19] републиканска Франција се нашла пред бреговите на Континентална Грција, откако ја воспоставува својата власт над Јонските острови. Оттука испратените емисари го возбудувале духот на балканското население. Откако проценил дека настапил моментот за акција, во крајот на 1797 г. Рига тргнува од Виена за Трст, за да се префрли во родната земја. При враќањето во Грција од Виена Рига Велестинли на 19 декември 1797 г. бил уапсен од австриската полиција во Трст. По пет месеци затвор од страна на Хабзбурзите им бил предаден на османлиските власти во Белград. На 24 јуни 1798 г. заедно со седум свои соработници тој бил егзекутиран на Белградската тврдина.[20]

---

[16] Исто, 35-36.

[17] Исто, 36

[18] Исто.

[19] Со мирот во Кампоформио, Венецијанската Република престанала да постои.

[20] Г. Даскалов, op. cit., 36; К. Сидовски, op. cit., 5.

Треба да се каже дека заедно со Рига биле егзекутирани и седум негови блиски соработници за што погоре е кажано:

1. Евстратис Аргентис од островот Хиос на 31 г. 2. Димитриос Николидис, лекар од Јанина, на 32 г. 3. Антониос Корониос, трговец и книжевник од Хиос, на 27 г. 4. Јанис Карацас, книжевник од Левкозија, Кипар, на 31 г. 5. Теохарас Турцидзиас, трговец од Шатиста, на 29 г. 6. Јанис Емануил, студент на медицина од Костур, на 24 г. 7. Панајотис Емануил, службител кај Аргентис, од Костур на 22 г.[21]

Треба да се спомене дека елоквентноста на угледот што го стекна не задоцни да му ја обезбеди поддршката од еден голем број на архиепископи, на видни странски капиталистички претставници. Некои сметаа дека тоа може да биде само дело на генијален човек, а тоа беше фактот што успеа да придобие на своја страна мноштво од Турците во Цариград. Тој веќе беше образуван од Французите и успеа да се вметне во широкиот заговор што го подготвувал славниот паша од Видин, Пазваноглу. Рига стокми план да го искористи тој славен бунтовник како пион во револуционерната мисија која ја проектираше, но таа улога му беше резервирана на Али Паша-Јанински. Откако го зацрта својот потфат, тој се повлече во Виена за да ги прошири врските кај своите сонародници кои беа во странство.[22]

Инаку, треба да се каже дека тој тогаш имаше неколкумина сонародници во Франција, еден голем број во Венеција и Падова, на германските универзитети и околу 1800 кои служеа под знамето на руската администрација.[23]

Треба да се спомене дека балканските народи создале многу легенди за трагичниот крај на Рига и на неговите другари. Во некои од нив се зборува за тешката и драматична борба во ќелијата меѓу Рига и турските чувари. Во други се зборува дека со еден удар со тупаница го убил турскиот чувар. Една од тие легенди ги претставува Рига или Аргентис како автори на следните бесмртни зборови: *„Јас го посеав семето на слободата. Доаѓаат други, тие ќе ожнеат”.*[24]

На крајот народната муза го поставува Рига на своите крила и го издигнува во бесмртност. *„Стариот Дунав”* - доброто пророштво на балканските народи, се пени и бучи диво за загубата на својот голем син.[25]

---

[21] Г. Зоидис, Ригас Велестинлис, София, 1973, 64.

[22] Константин Папаначе, Рефлексии врз историската и политичката судбина на Ароманците, Скопје, 2001, 88-89.

[23] Исто, 89.

[24] Г. Зоидис, op. cit., 64.

[25] Исто.

Значењето на делото на Рига е исклучително не само во историјата на Ароманците, но и во историјата на другите балкански народи.

Рига и неговите идејни следбеници беа во оној период претставници на граѓанската класа на балканските земји којашто тогаш се издигнувала и главните носители на идеите на француската револуција на Балканот.

На Рига му припаѓа големата историска заслуга, што прв сфати дека ослободувањето на балканските народи ќе биде резултат на нивната општа, братска, вооружена борба. И таа своја вера тој ја исполнуваше со целата сила на пламенот на својата револуционерна душа. Заедно со тоа Рига прв го објави рамноправното братско живеење на балканските народи.[26]

Основната замисла на Рига беше да ги подигне на востание против османлиските угнетувачи сите христијански народи на Балканот и да воспостави христијанска држава за сите нив. Од таа концепција ќе се инспирираат за борба сите капидани на Арматолите.

Огнените зборови на Рига, за востание, упатени кон сите христијани од Балканот, ќе станат револуционерна марселеза.

*„До кога, јунаци, ќе живееме сами, како лавовите разбегани по планинските дувла, скитајќи среде шумите, спиејќи во длабоките долини, за да се спасиме од ропството! Од ропството! На оружје: да жртвуваме ако треба, фамилија, деца, пријатели. Подобро еден час слобода отколку цел век ропство. Колку вреди животот за тие кои лежат во синџири.*

*Погледнете како ни го трујат животот овие везири, овие угнетувачи.*

*Да работиме и да страдаме, тоа ни останува нам, а тие се гоштеваат.*

*Да станеме! И ако загинеме, да умреме за татковината.*

*Погледнете ги! Погледнете кон полињата. Видете ги тие везири, тие паши...*

*Станете честити, заколнете се во верата на Господ...*

*Сулиоти и вие Маниоти, излезете од вашето самофалство од Аграфа, христијани на Сава, бестрашни Македонци побрзајте на оружје. Вашата крв нека се заинтригира за благородната полет.*

---

[26] Исто, 69.

*Влезете во вашите бродови, откорнете оган од небесата, гром држете во вашите раце. Изгорете го до корен дрвото на тиранијата”.*[27]

Како што беше и природно, повикот на Рига ќе наиде на најголем одек во срцата на Ароманците кои имаа исто потекло како и неговото. Тие ќе го понесат товарот на борбата, заедно со Албанците христијани, двата народи директни потомци на Трако-илирите. Особено колективно ќе се истакне племето на Сулиотите.[28]

Атмосферата беше својствена за борба. Јуначкото воспитување како и кај другите аромански племиња беше природен здив. Децата на 10 години беа вооружени. Исто и жените носеа оружје. *„Народниот дух беше толку јуначки како и самите жени, во моментот на опасност, го делеа општиот ентузијазам и често се бореа заедно со нашите браќа, своите синови”.*[29]

Борбата беше на живот и смрт. Сè ќе се жртвува на олтарот на слободата.

## в) Улогата на Ароманците во грчката револуција 1821-1830 г.

Во почетокот на 19-тиот век се случил уште еден важен настан во кој Ароманците одиграа голема улога. Но пред да преминеме на нивната улога ќе се осврниме на условите коишто овозможија Грците да ја започнат борбата за своето ослободување.

Благопријатен надворешно-политички фактор кој влијаел на почетокот на борбата на Грците против Османлиското господство била и политиката на јанинскиот владетел Али Паша. Додека тој водел вистинска војна против Ароманците-сулиотите, москополците и клефтите, истовремено им доверува на Грци различни важни положби и должности. Допушта во својот двор редица грчки образовани луѓе, коишто ги користел како советници.

Во неговата армија му служеле како командири и многу Грци, коишто ќе стекнат за тоа време модерно воено искуство, нешто кое ќе го искористат во идната ослободителна борба.[30]

---

[27] Исто.

[28] Исто.

[29] Исто.

[30] Г. Даскалов, op. cit., 39.

Разликата во односот кон Ароманците и Грците реално покажува дека во секој случај Али Паша станува сојузник на Вселенската Патријаршија и на Грците фанариоти. Во меѓувреме напредокот во формирањето на нациите на Балканот наоѓа одраз во делото *„Грчка народна власт”* напишано во текот на 1806 г., сметано за програмски документ на грчката револуционерно настроена буржоазија. Во него општобалканската програма на Рига Велестинли била трансформирана во грчка програма поставувајќи го движењето на грчка основа, а со тоа и до повик за самостојна акција на Грците.[31]

Амбициите на Али Паша да стане независен од Високата Порта доведуваат до раскин со неа. Тоа се случува во 1820 г. Сето ова води до тоа да игра на создадената во текот на 1814г. во Одеса грчка револуционерна организација, Филики Хетерија. Тој без задршка ја прифаќа грчката кауза. Од своја страна во својот стремеж да ги задржат османлиските војски подолго време подалеку од центрите на подготвуваното востание, хетеристите решаваат да му укажат помош на Али Паша. Освен тоа тој го допушта враќањето на воинствените Сулиоти во своите родни места на Пинд и заради тоа тие ќе го потпомогнат во борбата против турските војски коишто ја имале опседнато Јанина. Според Георги Даскалов кон 1821 г. кон армијата на Али Паша се присоединуваат меѓу 5 и 7 илјади христијани, за којшто може да се претполага, дека главно биле од месните Ароманци.[32]

Во текот на 1820 г. на чело на Филики Хетерија застанува Александар Ипсиланти. Татко му бил виден фанариот и бивш кнез на Влашка, принуден да избега во Русија. А. Ипсиланти учествува во војната со Наполеон. За своите заслуги бил назначен за аѓутант на рускиот император. Меѓутоа руската влада не била запозната со намерите на А. Ипсиланти да започне востанички дејствија во Дунавските кнежевства. Но А. Ипсиланти доаѓа во судир со Т. Владимиреску кој подигнал востание во Влашка, но не само со намера да ги поддржи амбициите на хетеристите, туку востанието имало и антиболјарски и антифеудални рамки. За кратко време востанието ја опфаќа цела Влашка. Дејствијата на Т. Владимиреску биле насочени против средините кои ги поддржувале хетеристите во Дунавските кнежевства - болјарите и високото духовенство - дел од кои биле Грци фанариоти. Неговите акции не соодветствувале со плановите на Филики Хетерија, според која движењето во Влашка требало да функ-

[31] Исто.

[32] Исто, 40.

ционира со цел за одвлекување на османлиското внимание, за да се олесни префрлувањето на А. Ипсиланти во Грција.[33]

Во меѓувреме Т. Владимиреску се одвојува од А. Ипсиланти сметајќи го за опасен сојузник и влегува во преговори со Високата Порта, изјавувајќи дека неговото движење било насочено само против Фанариотите. Поради ваквиот тек на настаните, А. Ипсиланти се откажува од преминот со своите сили јужно од Дунав.[34]

На 1 мај 1821 г. османлиските војски навлегуваат во Влашка и Молдавија, а на 26 спротив 27 мај истата година Т. Владимиреску во Трговиште бил егзекутиран од хетеристите. По ова армијата се распаѓа и само околу 800 души се присоединуваат кон силите на А. Ипсиланти. Меѓутоа на 7 јуни хетеристите дефинитивно се победени од османлиската војска. Самиот А. Ипсиланти бара спас со бегство во Австрија, каде бил уапсен и затворен сè до неговата смрт.[35]

Во текот на м. март 1821 г. избувна востание на Пелопонез.[36] Како одмазда заради востаничките акции веќе во март 1822 г. Османлиите убиле добар дел на населението на островот Хиос, а остатокот го однеле во заробеништво (околу 100.000 души). Ова злосторство посебно ја вознемири Европа и нејзиното јавно мислење, па поетот Бајрон доаѓа во Грција и умира во Мисолонги. Потоа уследи интервенцијата на Европа. Потоа со конференцијата во Лондон во 1830 г. е прогласена целосната независност на Грција. Инаку востанието од Пелопонез се префрлува во Континентална Грција. Уште од првите денови се издвојуваат имињата на прославените Ароманци. Сред нив е водачот на клефтите Теодор Колокотрони, којшто имал богато воено искуство. Неговото презиме било Чорнина, а Колокотрони бил неговиот псевдоним. Тој потекнува од планината Тајгет. Тука и во областа имало 60 семејства со истото презиме. Бил оженет за керката на арматолскиот капетан Бараку, којшто припаѓал кон силната ароманска фамилија на арматоли од чистото ароманско село Крушовишча во Аркадија.[37]

---

[33] Исто, 43.

[34] Исто.

[35] Исто.

[36] Всушност, на 25 март 1821 г., започнала првата борба на грчкиот народ. Огорчени од тоа што на Велигден 1821 г. османлиските власти го обесиле цариградскиот патријарх и уште неколку грчки великодостојници, народот се побунил против ваквите истапи на власта. Тоа претставуваше иницијална каписла да дојде до бунт против османлиските власти.

[37] Исто, 43-44.

За време на грчкото востание Теодор Колокотрони бил командант на сите востанички сили на Пелопонез. За неговата улога во Грчкото востание Тодор Трајановски вели: „Според грчкиот историчар Филимон, Теодор Колокотрони на Пелопонез имал мошне силно влијание над сите влашки сточари и целото тамошно население, кое со своето јунаштво и способност биле прочуени на тие простори.[38] Еден друг, исто така грчки историчар, Франзис, во врска со уделот на Ароманците, а пред сѐ, улогата и значењето на Теодор Колокотрони во тоа востани заклучува: Тоа е причината заради тоа што во Грчкото востание Колокотрони го воодушевувал светот со својот хероизам. Затоа него го нарекуваа *„Влахо Василеа"* односно *„Василеа тон Влахон"* или *„Кралот Влав"* односно *„Кралот на Власите"*. Ова поради тоа што во составот на своите елитни трупи имал над 6000 аромански херои-фаршероти, од кои 200 арматолози ја сочинувале неговата лична гарда. Оттука, според историчарот Гудас – *„Без Теодор Колокотрони било невозможно да биде ослободена Грција"*.[39]

И покрај неговите заслуги, не само поради своите социјални позиции, Т. Колокотрони бил во заострени односи со контролираните од страна на фанариотите „револуционерни влади". Според Георги Даскалов, Ф. Пуквил забележува дека Теодорос Негрис, шеф на првата грчка влада, во едно свое известување го обвинува Т. Колокотрони дека е амбициозен егоист, дека сака да застане на чело на владата, „да стане еден друг Али Паша и најпосле да се прогласи за диктатор и крал на Пелопонез". Г. Гервиниус пишува дека Т. Колокотрони ги отфрлувал и потценувал доминираните од фанариотите грчки влади и нема *„скрупули да ги истепа нивните пратеници или да им се закани, дека ќе ги исече со неговата сабја, кинејќи ги писмата и пораките, кои му беа испраќани, без да ги прочита"*.[40]

Инаку треба да се спомене дека од 1820 до 1828 г. Теодор Чорнина-Колокотрони беше генерал-командант на сите револуционерни сили на полуостровот Пелопонез и шеф на таа провинција.[41]

Со намера да го ликвидираат, по пат на интриги и лаги, Теодор Колокотрони, заедно со повеќе негови капетани бил депортиран на островот Нисиа. Но, владата на грчките фанариоти и хетеристи се плашеше да го убијат, зошто ќе имало големи реакции од

---

[38] Ј. Аргинтеану, op. cit., 160.
[39] Г. Даскалов, op. cit., 45.
[40] Исто.
[41] Нико Попникола, Влашки преродбеници, Битола, 2003, 36.

страна на другите капетани, така што сакале-не сакале, Колокотрони бил ослободен заедно со неговите капетани, а подоцна му го признале и неговото командување над целиот Пелопонез. Тој доживеал длабока старост.[42]

Еден од истакнатите арматолози којшто учествувал во Грчкото востание бил Верушу Мучеану повеќе познат со името Одисеја Андруцу.[43] Неговите воени другари и неговите сонародници го нарекуваат Лиша, со коешто име бил најповеќе познат меѓу нив. Неговите родители биле од чистото ароманско село Лабаница до Аграфа, но тој бил роден на јонскиот остров Итака, каде што се наоѓало неговото семејство. Отпочеток му служи на Али Паша којшто го назначува за капетан на Ливадија и Карпениши. Во навечерието на востанието станува неоспорен господар на Тесалија, Етолија и островот Евбеја. Под негово раководство стекнуваат искуство помладите капетани од тие и од други области. Со Т. Колокотрони се добри пријатели и истомисленици. Османлиите и Албанците го нарекувале Ѓаур Паша или Аслан Паша (Лав Паша). Ароманското население го нарекува „амиралу”, што било подеднакво на цар. Револуционерната влада исто така не била признавана од него и тој се однесува крајно критички кон фанариотите, коишто со своето мешање се јавувале како пречка во борбата на капетаните.[44]

Одисеј Андруцу се афирмирал како раководител во Грчкото востание. Брзото напредување на османлиската војска придонесе Одисеј Андруцу да не влезе заедно со фанариотите во Атина и Акрополис. Бидејќи Димитрие Ипсиланти и останатите фанариоти ги имало фатено паника, Одисеј Андруцу, кој бил назначен за командант при одбраната на Атина, а за негов аѓутант капетанот Јани Гура, тие заеднички со своите борци го утврдиле Акрополис. Стотиците војници на Одисеј Андруцу и Јани Гура го брането Акрополис и со тоа го спасиле востанието. Челниците и архиереите на Атина, Ливадија, Патрас, Талакти, Теба и Корица го имале прокламирано Одисеј Андруцу за генералисимус на војските од Ориентална Грција, митрополитот Атински му дал подарок една сабја од името на атињаните.[45]

Одисеј Андруцу бил првиот, којшто заедно со Т. Колокотрони, растревожен од појавата на фанариотите, отворено застанува

[42] Исто, 36-37.
[43] К. Сидовски, op. cit., 9.
[44] Г. Даскалов, op. cit., 45.
[45] Н. Попникола, op. cit., 47.

против нив. На сличен начин тој се однесува и кон револуционерните влади, сметајќи дека нивните цели се разликуваат со интересите и борбите на Ароманците. Таквиот негов однос доаѓа од неговото разбирање, дека тие се автохтони жители и господари на тие земји, со свое минато, јазик, традиции и обичаи, со свој живот и тежненија, коишто немале ништо заедничко со Грците, освен православната вера.[46] Како отворен изразувач на незадоволството на клефтите и селаните против владината политика нему по иницијатива на владиниот раководител Т. Негрис му е одземена командната функција. Наскоро потоа бил уапсен и одведен во Атина. Бил подложен на жестоки тортури, за време на кои тој умира.[47]

Еден од најпознатите воени раководители на востанието бил Јорји Караискаки, син на капетанот Кара Иску.[48] Талентиран војвода на клефтите и организатор на народни одреди. Во една тешка ситуација во 1826 г. кога Континентална Грција изгледала покорена, а Ибрахим паша држел поголем дел од Пелопонез, востаничката влада се согласува да го назначи Караискаки за главен командант на Континентална Грција. Веќе во 1827 г. речиси цела Континентална Грција е ослободена освен Атика. Но на 4 мај во текот на една акција тој бил тешко ранет и умира. Наскоро Континентална Грција повторно била окупирана.[49]

Ароманското население дава во востанието и редица други раководни дејци од Пинд, Епир, Тесалија, Етолија, Акарнанија и Аграфа. Од таму се капетаните Варнакоти, Ранчу, Стурнари, Валту, браќата Џавела, Караиску, Стати, Џувара, Качандони и неговите браќа Ѓорѓи (Липимаци) и Хашоти, коишто херојски загинуваат во борбите. *„Таа голема плејада од капетани, воени команданти и херои, со најголемо јунаштво и енергија - пишува Ј. Гицеа - доаѓа од една средина на човечкиот и висок морал... Дури нешто повеќе, тие туѓинци ниту ги разбираа, ниту се обидуваа да ги сфатат мотивите и целите на револуцијата и борбите. Тие се бореа против еден вековен непријател, за да го бранат животот и своите вековни слободи, како што правеа нивните родители и прадедовци. Тие се бореа за создавање на една христијанска држава и за братство, во кои ќе бидат господари и слободни, какви што биле*

[46] Г. Даскалов, op. cit., 46.

[47] Исто, 47.

[48] Ј. Аргинтеану, op. cit., 161.

[49] Г. Даскалов, op. cit., 48.

*секогаш, за една христијанска и ароманска држава, каква што била целта на ароманското население*".[50]

Во текот на борбите на арматолите со османлиската власт, грчката востаничка влада започнала преговори со османлиската влада за давање на автономија на Пелопонез и Голема Влашка, како што порано се нарекувале областите Тесалија, Етолија, Акарнанија и Аспропотам. Тие требале да се изградат по моделот на Влашка и Молдавија и да бидат управувани од владетели на познати фанариотски фамилии, во коишто Османлиите имале доверба.[51]

Кон пролетта на 1825 г. османлиските сили завладуваат со континентална Грција. На 15 април истата година Решид паша врши опсада на Мисолонги со 20-илјадна војска. На помош доаѓа и египетската армија на Ибрахим паша а турско-египетската флота цврсто го блокира пристаништето од страна на морето. При повлекувањето, поради предавство, од повлечените 9 илјади души до планините стигнале одвај 1300. При Мисолонги Ароманците ги претрпуваат своите најголеми загуби. Во нерамноправната борба загинуваат над 1800 арматоли на чело со најхрабрите капетани - Н. Боцари, браќата Џавела и уште над 50 други командири. И овој пат како што вели Ѓеорги Даскалов главно била пролеана ароманска крв без присуство на ниту еден фанариот.[52]

Вмешувањето на Големите сили придонело прашањето за ситуацијата во Грција да излезе на преден план во меѓународните односи. Од ваквата ситуација произлегло потпишувањето на 6 јули протокол во Лондон меѓу Англија, Франција и Русија. Со него било предвидено сојузниците уште еднаш да понудат посредување, а во случај султанот да го одбие, тие ќе ги „употребат сите средства коишто ги бараат околностите" и ќе изнудат прекин на непријателството.[53] Протоколот предвидувал Грција да стане автономно вазално кнежевство на султанот. Руско-турската војна од 1828-1829 г. создава благопријатни услови за понатамошен размав на востанието. Во август 1829 г. клучниот град Одрин паднал без еден испукан куршум. Победата на руското оружје и постигнатиот Одрински мировен договор (14 септември 1829 г.) ја задолжуваат Високата Порта да ги исполни решенијата на силите. На крајот на краиштата со потпишаниот на 3 февруари 1830 г. во Лондон нов протокол е исполне-

---

[50] Исто.

[51] Исто, 49.

[52] Исто, 51.

[53] Leften Stavrijanos, Balkan posle 1453 godine, Beograd, 2005, 274.

то барањето на силите.[54] Кај А. Дебидур во дипломатската историја на Европа стои дека се потпишани протоколи.[55] Нив ги имало три: првиот ја прокламирал независноста и ги одредувал границите на Европа; другиот го повикувал Леополд со неа да управува; последниот гарантирал, на барање на Франција, слобода на вероисповед, особено, католичката, во новата држава. Што се однесува до начинот на управа, било утврдено Грција да биде монархија и, меѓу многуте кандидати коишто силите ги истакнале, лондонската конференција се задржала на изборот на кнезот Леополд Саксен-Кобуршки, кого Грците, веќе пет години го барале за свој крал.

При потпишувањето на протоколот во Лондон било решено грчката држава да ги вклучува Атина, Пелопонез и Континентална Грција до линијата Арта-Волос, како и Кикладските острови.

Како што е споменато погоре Франција ја искористила приликата да си го обезбеди покровителството над католиците, со тоа и наложува обврска за нивна слободна вероисповед. Тоа е обврска сите грчки граѓани да имаат целосна рамноправност во нивните религиозни, граѓански и политички односи. На тој начин уште со раѓањето на нова Грција таа била задолжена да ги гарантира правата и на негрчкото население, вклучително и на Ароманците.[56]

Во секој случај учеството на Ароманците во ослободувањето на Стара Грција би можело да биде повлијаено од идеите на Рига Велестинли, којшто сонувал за една слободна балканска земја во која сите народи би биле рамноправни.

Може да се каже дека за време на ослободителното движење во Грција, Европа била доведена во заблуда. Понесена од идеалите за приматот на античката „грчка" култура Европејците сите што живееле на југот на Балканот ги сметаа за Грци. Така се случило кога лорд Бајрон дошол да се бори за ослободувањето на Грција, единицата во чиишто редови се борел, да биде составена од 200 исклучиво чисти Ароманци.[57]

Во врска со ова Јорји Гицеа вели: *„Сите Арматоли и ајдути на чело со своите капидани и генерали, кои се бореа и загинаа во големата револуција од 1820-1828 г., како претходните така и*

---

[54] Г. Даскалов, op. cit., 51.

[55] А. Дебидур, Дипломатска историја Европе, Од отварања Бечког Конгреса до закључења Берлинског (1814-1878), Књига прва, Београд, 1933, 424.

[56] Г. Даскалов, op. cit., 51.

[57] Исто.

*тие по нив, беа Ароманции од чист аромански род”,* од Епир, Македонија, Тесалија и Пелопонез.[58]

По смртта на Али Паша-Јанински ароманските капидани од Епир и Тесалија во 1820 г. преминале во Грција каде ја продолжиле борбата против Османлиите.[59]

Сите горенаведени околности ја предодредиле и смртта на Али Паша-Јанински.[60]

Ајдутските дружини, како и арматолите се трансформирале во одлична регуларна војска, која како во планинските теснеци на Тесалија, така и во полињата на Грција повеле вистинска војна против османлиската власт. Истакнувајќи се како големи стратези тие го воодушевиле целиот тогашен свет. За нивната храброст и јунаштво беа испеани многу песни во Грција. Всушност, легендарните херои на Грчкото востание беа токму Ароманците. Во борбата за ослободување на Атина учествувале 2000 арматоли под команда на ароманските команданти Диму и Милети. Тие со својата храброст и хероизам ги прескокнале ѕидините на Атина и го истераа османлискиот гарнизон од градот.[61]

Бројни јуначки дела извршил и капидан Чонга. Неговите подвизи биле истакнати од странски патеписци. Диану, пак со 300 борци војувал во Ливада. По 14-дневна опсада Османлиите се предале. Едмонд Абу забележува дека *„Грчкото кралство се формирало со помош на непроценливата крв на ароманските арматоли од Тесалија”.*[62]

На крајот би заклучиле дека пљачкосувањето на Али Паша-Јанински ја предизвика легитимната реакција на арматолите и на ароманското население од Епир, Македонија, Тесалија, Етоло-Акарнанија, Аграфа и Пелопонез, сè до каде се простираше неговата злосторничка акција. Така започна големото востание од 1821-1828 г. за да стави крај на пљачкосувањата и убиствата и да го врати ре-

[58] Ј. Ѓицеа, op. cit., 22.

[59] Треба да се каже дека поразот на Али Паша Јанински дошол како резултат на тоа што Големите сили го препуштиле на судбината и на Портата. Така, во предвечерието на започнатата во 1820 г. војна меѓу Али Паша и Мехмед втори, владетелот на полузависното балканско кнежевство се нашол без било каква надворешна поддршка. За судирот меѓу Али Паша Јанински и Портата и ликвидацијата на Јанинскиот пашалак види: Международние отношения на Балканах, 1815-1830, Москва, 1983, 96-104.

[60] За ова види: Александър I..., 214.

[61] К. Сидовски, op. cit., 27.

[62] Исто.

жимот на слободата и братството на „таа држава Румејку” христијанска и човечка, толку многу посакувана и сонувана.

*

* *

Треба да се каже дека Големите сили ја гарантирале грчката држава, меѓутоа, со ништо не го гарантираа животот на планинското население, составено од Ароманци и кои при нормални услови требаше да си имаат свое сосема слободно културно и духовно живеење, според малцинските принципи утврдени во севкупните модерни законодавства од демократскиот свет.[63] Тоа тие го заслужиле со нивното активно учество во борбата на грчкиот народ за ослободување од османлиското господство во текот на Грчкото востание 1821-1830 г. и многубројните жртви кои ги дадоа на олтарот на слободата на грчкиот народ.

[63] Ј. Ѓицеа, op. cit., 39-40

# Глава 5

## Придонесот на Ароманците во изградбата на грчката држава

Во создавањето на независната грчка држава многумина од Ароманците учествувале активно во востанието како командири и воени команданти. Дел од нив биле вклучени и во раководните структури на земјата. Други остануваат во служба на грчката армија, некои од нив добиваат високи војнички чинови. Според Георги Даскалов, тоа било израз на признание не само на нивниот личен придонес за отфрлување на османлиското угнетување, но и можност за искористување на нивното искуство и општествено влијание. На нив се надевале и за присоединување на ароманското население, вклучено во границите на Грција. И покрај таквата официјална политика односите на довчерашните фанариоти и тогашните грчки државници кон ароманското население и арматоли останува воздржано и студено, проткаено со подозрителност и непријателство.[1]

Ароманските првенци отворено го изразуваат своето разочарување од „победата”. Во текот на 1841 г. командантот на батаљоните на евзони и бивш арматолски капидан, полковникот Васу, изјавува пред Пескатори, официјален пратеник на француската влада во Атина: *„Ние не успеавме да го оствариме идеалот, за којшто се боревме и се жртвувавме, и до денеска не добивме ништо. Ние, тие капидани и арматоли, без ниту еден политички водач не претставуваме ништо и не знаеме што бараме. Владата како што гледаш, се обидува да ја уништи моќта и нашето влијание, и знае како да не раздели и отстранува со благодати, полтронства и награди за лични услуги.”*[2] Со фрлањето во затвор на Колокотрони, со апсењето и осудувањето на И. Грива под обвинување дека народот го прогласил за крал на Румејку, се влошува положбата на Ароманците. Во крвавите борби, кои доведоа до независноста на Грција, Ароманците си ја изгубија својата сопствена независност што ја уживаа до тогаш врз основа на капитулациите издадени од султанот Сулејман Величенствени.[3] Со убиството на Лиша (О. Андруцу) и на

---

[1] Г. Даскалов, op. cit., 53.

[2] К. Папаначе, op. cit., 171.

[3] Исто.

многу други капидани и арматоли, грчките владеачки кругови се стремат кон вистинско уништување на она што останало од бившите арматоли и ајдуци, а заедно со нив да исчезне и отвореното незадоволство.[4]

Ароманските капидани и арматоли сметаа дека пред револуцијата беа богати, а револуцијата ги уништи и осиромаши бидејќи немаа водачи коишто произлегоа од нивните средини.

Во текот на своето патување низ Грција во текот на 1856-1859 г., професорот од универзитетот во Јаш, Ј. Караџани, имал можност да се запознае со многумина од ароманските капидани и ајдуци, учесници во борбите од 1820-1828 г. Пред него тие го искажале следното: *„Ние се боревме не за да ја создадеме Елада, а за да го создадеме Румејку, таа христијанска држава, сонувана од сите христијани на Балканскиот Полуостров, замислена да ги опфати под единствен скиптар сите народи без разлика на националноста”.*[5] Друг од капиданите, со којшто разговарал, со самочувство му кажал: *„Нас не ни треба да се фалиме дека сме потомци на Леонида, зошто навистина би било лага, бидејќи ние не сме ниту Грци елини, ниту Грци, туку чистокрвни Ароманци. Ние и нашите родители направивме многу пославни дела по оружје... Во целокупната историја на елинизмот не наоѓаме херојски дела како оние на Сулиотите”.*[6]

Ќе наведеме уште еден пример од размислувањата на Ароманците во врска со ова прашање. Според Георги Даскалов, кога во текот на 1840 г. првиот грчки крал Отон Први ја посетува Тесалија, тој се среќава со Хаџи Петру, градоначалник на Ламиа, еден од најславните ароманскии капидани. На поканата на кралот да премине да живее во грчката престолнина, тој одговори дека е задоволен да биде меѓу своите во тие планини, како и од местото кое му било доделено: *„Јас сум крал на тие планини, дури и повеќе од крал, дури и повеќе од крал... Доколку Вашето височество сака доказ за мојата моќ и авторитет, доволно било да кажам само еден збор и утре во таа долина, пред вашите очи и под моето знаме ќе дефилираат над 6 илјади арматоли, спремни за борба”.*[7]

Незадоволството на ароманските дејци од резултатите на востанието, изведено во голема мерка врз нивните плеќи, наоѓа свое-

[4] Г. Даскалов, op. cit., 53; Цит. според: Ј. Ѓицеа, op. cit., 33.
[5] Исто, 54.
[6] Исто, Ј. Ѓицеа, op. cit., 34.
[7] Исто; Исто, 34-35.

видна потврда кај Јоанис Колетис, еден од првоначалните градители на новата грчка држава. Тој е роден во 1784 или 1786 г. во ароманското село Сираку, Мецовско. Татко му беше голем политичар и лекар Никола. Мајка му се викала Ксанти (Санта). Ароманската општина Сираку, родното место на Ј. Колетис, даде повеќе научници, литературни творци и политичари. Во 17-тиот век во Сираку се наоѓаше и престолнината на „*Конференцијата на ароманските заедници*" од западен Пинд, која броеше 42 населби од 7.500 семејства, околу 40.000 луѓе. Трговците од Сираку работеа низ целиот Балкан и низ европските центри.[8]

Колетис учел во Јанина, а потоа и медицина во Пиза (Италија). Тука го одбранил и докторатот по медицина. Оттаму се вратил во Грција, не само како доктор, туку и како патриот кој бил вдахновен од идеите на Француската буржоаска револуција.

Во Јанина работел како лекар, а истовремено бил и личен лекар и секретар на Али Паша-Јанински. Користејќи ја оваа ситуација, тој се здобил со големо искуство, со што подоцна се афирмирал кај аромански капидани. Се разбира дека сите планови и активности на Колетис биле држени во голема тајност. Како вешт човек кој ги предвидувал работите уште пред да се случат, докторот кој имаше голема функција во дворецот на Али Паша-Јанински, успеал да се спаси од сите замки кои му биле поставени со цел да бидат фатени сите револуционери кои го чекале моментот да се кренат против османлиското господство. Колетис бил член на Филики Хетерија и активно учествувал во Грчкото востание од 1821 г. Бил член на првата грчка влада на Т. Негрис. Во новопојавената грчка држава бил лидер на франкофилската (националната) партија. При управувањето на Јоанис Каподистриас бил меѓу водачите на опозицијата против диктатурата на претседателот. Заради својата дејност бил отстранет од Грција и во период на осум години бил грчки пратеник во Париз. Во текот на летото 1844 г. Ј. Колетис победува на парламентарните избори и на 6 август застанува на чело на новата влада.[9]

Треба да се спомене дека во времето кога бил амбасадор во Париз, тој бил член на угледниот литературен салон на госпоѓа Кампи. Како што пишува писателот Јон Ѓика, Колетис не го заборава своето ароманско потекло од Сираку и вели: *„...и јас зборувам аромански, ама сум Грк"*, и понатаму вели: *„и моите родители зборуваат аромански, се радуваат што го зачувале нашето потекло"*.[10]

---

[8] Нико Попникола, Арм'ните под Турците, Битола, 2010, 470.
[9] Г. Даскалов, op. cit., 54; Н. Попникола, op. cit., 470.
[10] Н. Попникола, op. cit., 471.

J. Колетис останува како еден од најистакнатите политичари на Грција. Во историографијата неговото име се поврзува со Мегали идејата, со идеалот за *„територијално проширување на Грција”*. Во неа тој се јавува како приврзаник за радикално разрешување на *„грчкото национално прашање”*. Во времето на владеењето на Колетис (1844-1847 г.) се засилила панелинската пропаганда. Во училиштата и на атинскиот Универзитет грчката младина била учена и воспитувана дека има неразделна врска меѓу древна Грција, Византија и нова Грција. Византија почнала да се прифаќа како контраст на Османлиската империја, која се доживувала како најголем непријател. Грчките раководни структури, во име на образованието, почнале да ги повикуваат во Атина повидните претставници на интелигенцијата на османлиските Грци, со цел да помогнат во изработката на подобра програма за образовната пропаганда, но и да предаваат на атинскиот Универзитет.[11]

Повикувањето на османлиските државјани во Атина со цел да помогнат во изработката на плановите на образовната пропаганда бил најдобриот начин за навлегување на грчкиот образовен систем во османлиската држава како средство за ширење на грчкото влијание.[12]

Со цел да се изврши објективна проценка на делото на J. Колетис, мора да се земат предвид некои околности. Првата од нив се однесува до неговата националност. Во грчката историографија суштествува тезата дека неговото семејството ја носело *„типичната за тој реон (Епир, б. Георги Даскалов) народноста хетерегеност”*, не било ништо повеќе од обид да се затскрие вистината и скрие неговото ароманско потекло. Таква идеја е застапена и во бугарската историографија. По различни поводи во Грција тој не пропуштал да истакнува дека бил Ароманец од реонот на Мецово.[13]

Втората околност којашто требало да се земе предвид при оценката за дејноста на J. Колетис е дека поминале само пет децении од смртта на Р. Велестинли и неговото дело и идеи се живи за неговите сонародници. Тој во секој случај бил општо балкански, а не само грчки револуционер. Во претходното излагање споменавме дека Рига високо го подигна знамето на балканската република, во која сите ќе бидат рамноправни независно од расата, националнос-

[11] Далибор Јовановски, Грчка балканска политика и Македонија (1830-1881 год.), Скопје, 2005, 35.

[12] Исто, 36.

[13] Г. Даскалов, op. cit., 55.

та, религијата и јазикот. Во таа проектирана општа држава на балканските народи тој се залагал за принципот на месна самоуправа. По важни и суштински прашања соодветната провинција, то ест националноста која што ја населува, имала право да го изрази своето мислење како целина. Во таа идеја може да се насети извесна федеративна замисла, која ќе биде внесена во основата на меѓунационалните односи во идната република.[14]



Јоанис Колетис

Карактеристична е изјавата на Ј. Колетис од 14 јануари 1844 г. пред грчкиот парламент. Во неа тој упатува критика кон политичката елита во земјата, која ги изневерила првите програмски револуционерни начела, коишто наместо држава на ослободените христијани од различни народности создава држава само на еден дел од општеството, кое е со грчко национално потекло. Затоа Ј. Колетис уште забележува: *„Денес се занимаваме со празни поделби на Грци и Грци, на христијани и христијани, ние, коишто го носиме во едната рака знамето на религијата и во другата ослободувањето на сите истоверни христијани воопшто... И така, се заколнавме во слободата на православните христијани и на сите Грци, но разните ситуации не ограничија на определена територија”.*[15]

Самиот Колетис истакнува дека многу од нивните браќа, кои секако со нив учествувале во борбата, останале надвор од Грција. Како пример за реален придонес во востанието, макар и индиректно, на прво место ги поставува Ароманците, споменувајќи за *„водачот од Пелопонез”* то ест за Т. Колокотрони. Заштитувајќи ги политичките права на преселниците во Грција од териториите коишто останале под османлиска власт, тој истапува против правењето разлика од автохтоните Грци. Во врска со тоа тој ја крева и завесата на официјално спроведуваната од грчката држава елинизаторска по-

[14] Исто; Г. Зоидис, op. cit., 54.

[15] Г. Даскалов, op. cit., 56-57.

литика: *„Ние да го направиме тоа, откако се заколнавме во националните собранија и прогласивме дека Грци се сите, коишто веруваат во Христос...“*[16]

Но при разгледувањето на овие ставови на Ј. Колетис, мора да се има предвид дека тој требал да се сообразува со позицијата на висока државна функција која што ја заземал, со политичките услови во која што се реализирала и според мислењето на Георги Даскалов, со неговиот говор тој ги актуелизира и повторно ги поставува на дневен ред идеите на Рига Велестинли. Во секој случај важен мотив за тоа била положбата на неговите сонародници Ароманци како во Грција, така и останатите под османлиска власт Епир и Тесалија.[17] Ова доведува до заклучок дека предослободителната платформа на Рига Велестинли грчките националистички средини ја модифицираат сообразно на своите амбициозни програми.

Идејната платформа и дејност на Ј. Колетис даваат основа тој да се прифати како активен следбеник на Рига, којшто прави обид да ги прероди идеите на неговиот голем сонародник во услови на новоизникнатата грчка држава. А сето тоа без сомневање дека во нивната реализација тој го гледа и патот на слободата и рамноправноста на своите собраќа-Ароманците. Со смртта на Ј. Колетис во текот на 1847 г., само три години по неговиот прочуен говор во грчкиот парламент, веќе идеите на Рига Велестинли биле симнати од дневниот ред на грчкиот политички живот.[18]

Избувнатата во текот на октомври 1853 г. руско-турска војна позната како Кримската војна (1853-1856) била пресретната со надеж од балканските народи. Користејќи ја новонастанатата ситуација од страна на Грција во текот на зимата 1853-1854 г. на османлиска територија се префлени околу 7 илј. души. Грчките чети навлегуваат во Епир, Тесалија и Македонија. На чело на таа вооружена акција застанува Џавела, некогашниот аромански капидан и тогашен генерал. По границата со Османлиската империја беа формирани воени штабови. Во реонот на Тесалија тие биле под командата на генерал Мамурис, а во реонот на Епир на Ароманецот генерал Д. Грива. На османлиска територија бил префрлен генерал Хаџи Петру за координација и раководство на востаничките активности. Меѓу многуте грчки војници, коишто се вклучуваат во востаничкото движење во Епир и Тесалија, бил и Димитри Караискаки, син на прославениот

[16] Исто, 57.

[17] Исто.

[18] Исто, 58.

војвода на клефтите и командант во востанието од 1821 г., Георги Караискаки.[19]

Може да се смета дека еден голем дел од личниот состав на префрлените од Грција во Епир и Тесалија чети и одреди се Ароманци, коишто потекнуваат од тие две области. По победата на востанието од 1821 г. во Грција се населуваат многу востаници, чиишто родни места остануваат под османлиска власт. Меѓу нив имало 1200 Сулиоти. Освен тоа многумина од Епир и Тесалија се преселуваат со своите семејства на грчка територија. Георги Даскалов го цитира Фр. Тирш дека само од реонот на Олимп, каде што имало значително ароманско население, се префрлуваат 2500 души.[20] Пак според наведениот автор, М. Бартолди тврди дека меѓу преселниците имало 500 сулиоти, 600 епироти и тесалијци. Многу интересно и важно е да се каже дека според сведоштвата од првоспоменатиот автор, тие продолжуваат да бидат обединети околу знамињата на своите капидани.[21] Од искажаното произлегува дека во слободна Грција Ароманците, бивши востаници и преселници, ги имаат своите водачи и организациони структури, од кои можеле брзо да бидат формирани неопходни доброволни воени единици. За тоа многу придонесувало нивното слободољубие, нивните вековни боречки традиции и расположивите кадри од постарото поколение, коишто имале богато организационо и воено искуство.

Грција многу полагала во евентуална војна со Османлиската империја на лицата коишто служеле во грчката армија, а биле од ароманско потекло, и имале авторитет и влијание кај своите сонародници. Но таа водела сметка да не ја испушти контролата над вооруженото истапување на ароманското население во Епир и Тесалија поради реалната опасност да биде издигнато знамето на ароманската автономија.

За да не дојде во ваква ситуација, Атина презема соодветни превентивни мерки. Таа ги поставува под контрола и набљудување акциите на офицерите Ароманци, за да спречи евентуална неблагопријатна ситуација. Атина се сомневала кон однесувањето на Хаџи Петру, внукот на прославениот арматолски капидан за да не се *„прогласи за кнез или автономен водач на Тесалија"*. Во слична ситуација се наоѓал и генералот Д. Грива, којшто произлегувал од славното семејство на Грива-Буја, кое во минатото управувало со

[19] Исто, 59.

[20] Исто.

[21] Исто.

Етолија и Акарнанија. Атина била претпазлива и дури кон оној којшто командувал со целата вооружена акција, генералот Џавела, којшто потекнувал од позната сулиотска фамилија, којашто дала многу капидани. Тој исто така бил поставен под набљудување.

Поразот на Русија во Кримската војна и спротивставувањето на османлиските сојузници Англија и Франција на поддршката на востаниците ги попречуваат амбициите на Грција. Прекратена е поддршката на востаниците.

Настаните поврзани со востаничките акции во Епир и Тесалија во текот на Кримската војна, јасно покажуваат дека активноста на Ароманците не завршила со победата на востанието од 1821 г. Нивните неостварени национални идеи, како и осознавањето на вистината дека нивните усилби придонеле за реализација на една туѓа национална цел, им дава импулс и ги поттикнува да ја бараат својата алтернатива при настанатите благопријатни меѓународни услови.

Потпишаниот на 3 март 1878 г. Санстефански мировен договор меѓу Русија и Високата Порта предвидува за Епир и Тесалија посебна организација со извесна внатрешна автономија. Не е познато дали Ароманците учествувале во некакви акции против Османлиите. Односот на Ароманците кон територијалните амбиции на Грција многу брзо категорично ќе биде изразен пред меѓународната јавност. Еден од важните фактори за тоа бил и објавената во текот на 1877 г. независност на Романија, како нејзин придонес за победата над Османлиската империја.

Откако станало јасно дека Санстефанскиот договор не можел да биде спроведен поради решителното спротивставување на западните сили, кои се залагале за одржување конгрес, на кој споменатиот договор ќе се ревидирал, во Грција започнало јавно да се зборува за територијално проширување на државата. На Берлинскиот конгрес (1878) на којшто била извршена ревизија на Санстефанскиот мировен договор, на Грција не ѝ е допуштено да учествува. Му била дадена само можност на нејзиниот министер за надворешни работи да ги изрази своите барања. Меѓу нив е и барањето за присоединување на Епир и Тесалија. Грчките претензии предизвикуваат тревога кај месното ароманско население. Според Берлинскиот договор, односно според чл. 24, Атина и Цариград биле повикани да се договорат во врска со корекцијата на заедничката граница, а доколку во тоа не успеат, тогаш Големите сили ќе предложеле посредништво.[22]

[22] Д. Јовановски, op. cit., 175.

Во тој важен момент за Грција таа демонстрира *„неочекувано разбирање"* спрема пројавените од Романија интереси кон Ароманците во Тесалија, Епир и Македонија. Во јуни 1880 г. во Виена, во текот на еден разговор со својот романски колега, грчкиот пратеник Петрос Арменис јасно изјавува, дека нивните земји имаат општи надворешнополитички интереси и дека тие се *„природни сојузници"*. Откако го признава постоењето на Ароманци во горенаведените области и сродноста на нивниот јазик со романскиот, Гркот не пропуштил да забележи дека Романија не може да ги прошири своите граници дотаму. На крајот заклучува, дека Грција и Романија не само што не се *„антагонистички држави"*, но имаат и потреба од нивно пријателство.

Во меѓувреме по неколку неуспешни обиди за двострано договарање и преземените од страна на Грција воени подготовки, со притисок на Англија, Франција и Германија двете влади биле принудени да ги обноват преговорите. На грчко-турската конференција отворена на 7 март 1881 г. учествуваат и европските пратеници во османлиската престолнина.[23] Грчката страна упорно ги заштитува своите територијални претензии на континентот за сметка на Крит, нешто кое се совпаѓа со интересите на англиската влада и ги предопределува решенијата на конференцијата.[24]

Османлиската влада на 23 март 1881 г. предложила гранична линија, која би почнала од утоката на реката Пенеј и би го следела текот на реката Арта, при што градовите Јанина и Мецово би останале во рамките на османлиската држава, а поголемиот дел од Тесалија и помалиот дел од Епир со градот Арта би биле припоени кон Грција. На седницата одржана на 27 март, амбасадорите на Големите сили го прифатиле османлискиот предлог за новата гранична линија, со сугестија за демилитаризирање на некои османлиски утврдувања по текот на новата гранична линија. Откако била утврдена новата гранична линија, амбасадорите на Големите сили упатиле колективна нота до грчката влада, со барање таа да ја прифати со цел да се стави крај на несогласувањата. Владата во Атина немала голем простор за политички маневар и морала да го прифати решението на Големите сили.[25]

Во времето на четири месечните преговори, меѓу ароманското население во Османлиската империја се раширува движење про-

[23] Г. Даскалов, op. cit., 61; Д. Јовановски, op. cit., 203.

[24] Г. Даскалов, op. cit., 62

[25] Д. Јовановски, op. cit., 203.

тив грчките претензии за завладување на Епир и Тесалија. Тоа е спроведено со испраќање на излагање и демографски статистики до конференцијата. На 25 март било испратено излагање до пратениците во Цариград. Во приложената статистика се посочува дека во реонот на Пинд, од Самарина до грчко-турската граница, во 70 села живее *„влашко население"*, коешто на број било 150 илјади. Воопшто во Епир и во Тесалија неговиот број достигнува 200 илјади души.[26] На 8 јуни 1881 г. до нив бил испратен мемоар од името на Ароманците во Османлиската империја. Во него е посочено дека на Балканскиот Полуостров и конкретно во Македонија, Албанија, Епир и Тесалија живеат *„Власи"*. Присоединувањето на дел од Епир со Трикала и Тесалија кон Грција се оценува како удар врз нивната национална кауза. Затоа е изразен и протест против таквиот акт. Од името на *„влашкиот народ"* во Османлиската империја и како негови делегати се потпишуваат Г. Маџари, Гици Папахаџи, Михо Папагеоргес, Васили Хаџистерио, Х. Баламачи и Дина Гаргала.[27] Со меморандумот се бараше да бидат земени во предвид правата на Ароманциите кои живееа во Османлиската империја, за да се спасат од несреќата и од опустошувањето кое резултираше од анексијата на Тесалија кон Грција.[28] Јон Арџинтеану вели дека *„барањето (Меморандумот) содржело барања, според кои, турската влада имаше право и должност да ги прикаже работите и односите во вистинското светло и да го постави барањето пред Големите сили за да се одредат правилно правата на одделни провинции каде се присутни Армн Македонците, Албанците и Турците, кои се супериорни во сите провинции, особено според нивната бројност во однос на Грците"*.[29]

Меѓутоа тоа нивно барање не дало никаков ефект. Грците, притоа, според зборовите на Јон Арџинтеану, успеале да го наметнат нивното мислење дека домородното население на Тесалија по својата крв и потекло е грчко и според тоа има желба да се соедини со Грција. Грчките делегати на конгресот - Делијанис и Рангабе изјавуваат желба за соединување на Крит, Епир и Тесалија со Грција.[30]

Големите романски патриоти Јон Братиану и Михаил Когалничиану решиле да го бранат Меморандумот на Ароманците од Те-

---

[26] Г. Даскалов, op. cit., 62.

[27] Исто; Mémoire préssenté par les délégués Valaques de Macédoine, d'Épire et de Thessalie aux ambassadeurs a Constantinople, Документи, I/1, Скопје, 2004, 26-31.

[28] Н. Попникола, op. cit., 287.

[29] J. Аргинтеану, op. cit., 192.

[30] Исто.

салија, иако тоа било невозможно. Тоа од причина што целата нивна грижа во одбрана на виталните интереси на Романија се состоела во заштита на Бесарабија од нејзино приграбување од страна на Русија.[31]

Инаку треба да се спомени дека во приложените статистики до конференцијата аромански делегати зборуваат од името на 200 илјади свои сонародници од Епир и Тесалија.[32]

Важно е да се истакне дека исцртувањето на новата грчко-турска граница доведува до раскинување на ароманските економски области. Тоа ги оставало планинските реони со летните пасишта во Османлиската империја, додека пак зимските престојувалишта покрај морето преминувале во рамките на Грција. Според грчкиот историчар Елефтериа Николаиду, романската власт односно романската пропаганда започнала агитација меѓу Ароманците, во периодот кога се воделе преговорите во Цариград, да се спротивстават против предавањето на Епир во грчки раце. Според неа истакнатиот аромански деец Апостол Маргарит и неговите приврзаници ги обиколувале селата, за да ги убедат Ароманците, дека за нив било подобро да останат под власта на султанот. Во таа своја дејност А. Маргарит ја имал поддршката на австро-унгарскиот конзул во Јанина Р. Берзенкович, нешто кое предизвикало протест на Атина во Виена.[33]

Грците иако не сакале да изгледаат дека оваа активност во тие моменти ги загрижува, тие сепак не останале рамнодушни. Впрочем, *„тие секогаш се внимателни во секој момент да ги ефектуираат своите национални и политички интереси"*.[34] Многу брзо грчката пропаганда со закани се обидела да ја стопира активноста на Маргарит. Така митрополитот на Лариса понудил награда за главата на Апостол Маргарит.[35] Иако Тесалија веќе била добиена, грчката пропаганда не смеела да дозволи никаква реакција што би можела да го оспори грчкиот карактер на областа, бидејќи тоа можело да доведе и до други барања.[36]

На крајот на краиштата, и покрај протестите на Ароманците во Османлиската империја, Цариградската конференција завршува со склучената на 2 јули 1881 г. турско-грчка конвенција, којашто ја

---

[31] Исто.

[32] Г. Даскалов, op. cit., 62.

[33] Исто.

[34] Д. Јовановски, op. cit., 204.

[35] Исто.

[36] Исто.

потврдува новата граница. Под власта на Грција преминуваат Волос и Лариса, а на запад границата поминува по речната матица на р. Артахос. Империјата ги задржува за себе Јанина и Мецово. На тој начин по тригодишни преговори кон грчкото кралство била присоединета плодородната Тесалија и дел од Епир, реон, северно од градот Арта. Присоединетите територии ѝ донеле на Грција 300 илј. души. Воспоставувањето на грчката власт во новоздобиените територии започнува на 10 јуни 1881 г. и завршува на 2 ноември истата година.

Во 1897 г. Грција провоцирала, подоцна произлегло, безуспешна војна со Османлиската империја па морала да се соочи со понижувачки пораз. Војната, а по неа и корекцијата на меѓусебната граница се случувале на територијата населена со Ароманци.[37] Особено Мецово било тешко погодено од овие промени. Кај Георги Даскалов се забележува дека во 1897 г. во новоприсоединетите од Грција територии има околу 12 чисти аромански села и други три села и три градови со мешано население. Приближно во гореспомената 1897 г. околу 20-30 илј. од населението е ароманско.[38] Да споменеме дека во границите на Бугарија и Србија, воспоставени со Берлинскиот договор од 1878 г. не влегле многу Ароманци, макар доколку би била воспоставена голема Бугарија, предвидена со Санстефанскиот мировен договор, би зафаќала територија на која живееле, според Винифрит, северните Ароманци. Во тој случај тие би поминале под бугарско владеење.[39]

На крајот, се случило повеќето Ароманци со исклучок на Ароманците од Тесалија, да останат под османлиска управа сè до Балканските војни. Винифрит вели: „Можеби случајно, но пописот од 1928 г. не бележи Власи во Тесалија. Сепак, изгледа дека и тоа е дел од целокупната реалност-националните претензии на Грција и останатите балкански држави да бидат препрека за опстанокот на Ароманците”.[40]

Во деновите кога Грците ја воспоставуваат својата власт во новоздобиените територии, на 8 август 1881 г. делегатите на Ароманците од Епир, Тесалија и Македонија доставуваат меморандум на пратениците на Големите сили во Цариград. Во него се истакнува дека тие имаат основа да ги добијат правата и привилегиите што ги

---

37 T. J. Winnifrith, op. cit., 175.

38 Г. Даскалов, op. cit., 227.

39 T. J. Winnifrith, op. cit., 176.

40 Исто.

имале другите народи во Османлиската империја. Меѓутоа тој меморандум останува без резултати.[41]

Добиениот национален удар со присоединувањето кон Грција на Тесалија и дел од Епир не го спречува борбениот дух на Ароманците во Османлиската империја. Се вршат подготовки за востание под раководство на авторитетниот аромански првенец Гогу Мишу, којшто се користи со уважувањето и престижот пред централните османлисдки власти и со слободниот пристап до мајката на султанот како претставник на ароманското население. Тој земал учество во востаничките акции во Тесалија, Хаша и Пинд во текот на 1853-1854 г. и бил близок на раководителите на акцијата, Џавела и Грива. Одржувал врски со неговите сонародници од Тесалија, Акарнанија, Етолија и Аграфа, кои биле длабоко разочарани од решението на Берлинскиот конгрес.[42]

Користејќи се со својата општествена положба и во согласност со останатите капидани и челници, тој подготвува план за востание и за создавање на независна ароманска држава, во која би биле опфатени областите Загора, Пинд, Хаша, Олимп, Малакаши и реоните на Еласона, Гревена, Костур и Бер. Земено во целина тој регион претставувал централно јадро на земјите со ароманско население. Во подготовките за востанието активно учество земаат капетаните Гарела, Пулја, Макри, Чукадана, Коста Гулека, Гогу, Пала и др. а требало да се одвива северно од грчко-турската граница. За оваа цел биле собрани значително количество оружје и муниција и била извршена воена подготовка на борците. Планираното востание противречело на програмите на грчката влада. Со посредство на грчката влада и Вселенската Патријаршија османлиските власти биле известени за подготвуваното востание. Г. Мишу и многу негови приврзаници биле уапсени и протерани во Мала Азија. Биле уапсени и егзекутирани многу луѓе. Ова предизвикало спротивставување кај ароманското население. За да се смири ситуацијата им била дадена амнестија на борците, а депортираните во Мала Азија биле ослободени. Меѓутоа меѓу нив го немало Г. Мишу, за кого повеќе ништо не се знаело. Така загинал последниот капидан и водач на Ароманците, чиешто легендарно име било воспеано во нивниот фолклор.[43]

Договорот од Цариград од 1881 г. во член 3 ја имал следната одредба:

---

[41] Г. Даскалов, op. cit., 63.

[42] Исто.

[43] Г. Даскалов, op. cit., 63; Ј. Ѓицеа, op. cit., 36-37.

*„Животот, стоките, честа, религијата на секој жител на грчките припоени територии, кои остануваат под хеленската управа, треба да бидат грижливо земени во предвид. Тие треба да ги уживаат во потполн обсег истите политички и граѓански права, како и поданиците од хеленско потекло”.*[44] Независно од преземените меѓународни ангажмани вклученото во грчката држава негрчко население, а најповеќе Ароманците биле подложени на денационализација. Важна улога во тој чин играат училиштето и црквата. Главните усилби се насочени кон помладото население.

Меѓутоа, самиот факт дека погрчувањето не се направи со асимилирање како последица на мешања, туку преку влијанието на училиштата и особено на црквата, покажува, според, Папаначе, дека сѐ не е загубено и од расна гледна точка и за жарта со која си ги задржуваат носијата и обичаите тие можат и понатаму да се сметаат како Ароманци. Тоа и уште повеќе затоа што тие си го зачуваа чувството за своето потекло, кое во поволни околности, како што беше во 1917 г. и во текот на Втората светска војна, добиваа замав, а кон Грците имаа резервираност и одбојност како што оние ги покажуваат неденационализираните Ароманци.[45] Општо земено, речиси слична денационализаторска политика водеа и другите балкански народи кон ароманскиот елемент.

*

* *

Како заклучок за ова поглавје можеме да кажеме дека преродбенските процеси кај Ароманците во Епир, Тесалија, Македонија и денешните албански земји се претвораа во бариера против грчките територијални амбиции. Во сите овие процеси неоспорна била и улогата на Рига Велестинли.[46] Во текот на 1881 г. со поставувањето на своето национално прашање пред светот тие за првпат се појавуваат како меѓународен политички фактор. Немањето на меѓународна поддршка и толерантноста на Големите сили кон Грција ја предодредуваат судбината на Тесалија и дел од Епир. Со влегувањето во грчката државна територија ароманското национално дело претрпе тежок удар. За Грција тоа ќе биде не само територијален успех, но и поставување на еден сериозен малцински проблем со далечна перспектива.

---

[44] Севолд Брага, Правата на ароманското малцинство во Грција, Скопје, 2004, 29.

[45] К. Папаначе, op. cit., 172.

[46] Rhigas Velestinlis, Revolutionary scripts, Athens, 2002.

# Глава 6

# Афирмација на националниот дух кај Ароманците

## 1. Предуслови за националното будење на Ароманците

Во започнатата во текот на втората половина на 18-от век Балканска преродба, свое место имаат и Ароманците. Акцијата на националното будење на Ароманците произлезе од политичкиот романтизам во почетокот на 18-тиот век. Политичките визии на овие аромански генерации имаа и една силна тенденција: Ароманскиот народ да биде ослободен од сите туѓи комплекси од кои дотогаш беше потиснат. Токму од тие причини тие имаа интегрален карактер со кој сакаа да бидат опфатени сите Ароманци, без разлика каде живеат.

Без тој долг и мошне благороден романтизам, акцијата за национална преродба на Ароманците на Балканскиот Полуостров ќе беше задоцнета и можеби ќе примеше некоја друга форма. Може да се каже дека ова е и директен прилог за тие размислувања и идеи кои беа прифатени од Француската буржоаска револуција.[1]

На етничката територија на Ароманците се појави една од најпросперитетните во стопански и културен однос област во Османлиската империја, со центар Москополе. Тука се одвива невиден за времето економски и духовен живот, нешто кое претставувало претпоставка за буржоаско идеолошка обнова. Тоа е и времето кога од ароманските средини се појавува идеологот на балканската револуција, Рига Велестинли. Перспективата москополскиот реон да стане обединувачко јадро на Ароманците е прекршена од разурнувачкиот албанско-турски притисок.

Како талентирани и со креативни предиспозиции, беше сосема природно Ароманците да бидат еден од понапредните балкански народи. Модернизацијата на сите балкански народи, а посебно на Србите, како што наведува српскиот професор Душан Поповиќ, е резултат и голем удел на работата која ја извршиле Ароманците. За

---

[1] К. Папаначе, op. cit., 23.

ваквата своја цивилизациска улога ароманската емиграција во Хабсбуршката империја беше стимулирана со специјални привилегии од страна на императорката Марија Терезија.[2] Погледнато од социјален аспект, генералната позиција која ја имаа Ароманците е најголема во споредба со другите народи со кои тие живееле заедно. И точно поради тоа, другите народи ги гледаат Ароманците со поголема или помала завист и омраза.[3]

Сигурно е дека многу големиот напор за афирмација на националниот идентитет на Ароманците коишто живееја на Балканот придонесе тие Ароманци кои живееја во странство (најголемиот дел од нив во Романија, Австрија, Унгарија и др.) каде што имаа подобри услови да бидат подобро и подетално информирани за слободоумните и прогресивни идеи со кои беше тогашна Европа во текот на еден подолг временски период и тоа да им го пренесат на своите браќа кои живееја во Османлиската империја.

Во 1811 г. австрискиот цар издал одобрение за отворање на три училишта за учители во Будимпешта, и тоа: едно за потребите на Ароманците од Арад, другото за Ароманците од Србија, а пак третото за потребите на ароманската колонија од Будимпешта. Во 1815 г. жените Ароманки од главниот град на Унгарија оформиле свое друштво за зајакнување на фондот потребен за издршка на училиштето. Во тоа друштво биле зачленети вкупно 33 членови. Во 1819 г. одборот на тоа друштво отпечатил на германски јазик известување. По повод на новата година, тоа известување го упатиле до: *„...сите господа и госпоѓи, граѓани и граѓанки од армн македонската (влашката) народност од Пешта за да се види напорот кои го вложуваат армн македонските колонисти во Унгарија, за да се негува и осветли минатото, за да се запознае армн македонскиот (влашкиот) род во туѓина”*.[4]

Романскиот календар издаден во 1821 г. во Пешта, искажува крајна благодарност и изразената љубов кон ароманскиот народ и јазик. *„...Огледајте се, пишува во односниот календар, на Армн*

---

[2] Императорката Марија Терезија владеела од 1740 до 1780 година. За време на нејзиното владеење и владеењето на нејзиниот син, Јосиф II (1780-1790), биле извршени големи реформи. Овие реформи го опфатиле сиот живот на тогашна Австрија. Двајцата владетели придонеле кон зајакнувањето на Австрија во европски рамки. Најголемо внимание било посветено на просветата, при што биле отворени многу нови универзитети. Во исто време силно се развиле основното и средното образование.

[3] N. Popnicola, op. cit., 276.

[4] Ј. Аргинтеану, op. cit., 174.

*Македонците (Власите) од Македонија, потчинети под унгарското кралство, кои иако не живееле меѓу Армн Македонци (Власи), со голема радост брзаат кон својата национална култура...”* [5]

Атанас Грабовски, Ароманец по потекло од Грабова, беше една од најистакнатите личности во ароманската колонија во Будимпешта. Неговиот дом претставуваше база во која се збираа ароманските интелектуалци кои живееја во тој град. Многу книги му беа посветени на А. Грабовски, а еден дел од неговата кореспонденција се наоѓа зачувана во Романската академија во Букурешт.[6]

Примена на планот за национална преродба на Ароманците, таков како што беше замислен во тоа време, не беше задоцнет за реализирање. По секуларизацијата на манастирските имоти и бркањето на грчките калуѓери, таа идеја кореспондираше со програмата за национална преродба на Ароманците. Во една таква ситуација, ароманското прашање на Балканот доби и типичен политички карактер. Така, Ароманците можеа да бидат користени како метод за притисок, а исто така да бидат користени за потребите на останатите народи како баланс и за компензирање.

Како што споменавме погоре првите искри на националното будење на Ароманците биле од почетокот на 19-тиот век меѓу нивната емиграција во Австрија и Унгарија. Извршената тогаш пропагандна дејност од ароманските учени луѓе Г. Рожа и М. Бојаџи остави свои траги, бидејќи го привлекува вниманието на европската јавност. По неколку деценискoто замолчување, прашањето за Ароманците одново излегува на преден план по револуцијата во Влашка и Молдавија од 1848 г.[7] По нејзиното задушување редица нејзини водачи беа испратени на заточение на различни места во Османлиската империја. Меѓу нив се лидерите на револуционерно - демократската линија, Николае Балческу, на умерено - конзервативната Јоан Елиаде-Радулеску, Василе Александри, Јон Ѓика, Јон Братиану, Димитрие Болинтинеану и др.[8] Во едно од своите писма Н. Балческу му пишува на Ј. Ѓика дека романските револуционери треба сериозно да се замислат за судбината на ароманското население во Османлиската империја: *„Јас бев решителен – му пишува Балческу на својот пријател Јон Ѓика – откако ќе дојдев во Константинопол*

[5] Исто.

[6] N. POPNICOLA, op. cit., 278.

[7] За револуцијата во Влашка и Молдавија види: Dimitris MICHALOPOULOS, Arsaki, La vie d’un homme d’État, Bucureşti, 2008, 40-44.

[8] Исто, 58; Г. ДАСКАЛОВ, op. cit., 65; Ѓеорѓе Збуќа, Романците на Балканот, Зб. Власите на Балканот, Скопје, 2002, 50.

*(да) заседнам меѓу Куцо-Власиѿе, бидејќи ѓо смеѿам за неодложен развојоѿ на националносѿа кај овој браник на романиѿеѿоѿ. Дали би можел да исѿраѿиш еден силен човек ѿаму, да ми ѿодѓоѿви извешѿај за нивнаѿа морална и ѿолиѿичка сосѿојба, ѿоѿоа би ѿобарале училишѿаѿа и да им обезбедаѿ рабоѿа на мноѓуѿе млади кои умирааѿ од ѓлад".*[9]

За време на своето двогодишно заточение, револуционерните дејци од Влашка и Молдавија ги откриваат *„своиѿе далечни браќа"* јужно од Дунав, на коишто гледаат како на дел од романизмот, сличен на тој, северно од реката. Д. Болинтеану го посетува Епир, Чезар Болиак – Румелија, Јон Јонеску де ла Брад – Тесалија и многу други.[10] Но оној кој не треба да се заборави, најголемиот борец за будењето на Ароманците, беше Димитрие Болинтинеану, големиот песнопоец на Романците и син на еден Ароманец од Македонија, Космад.[11] Тој ќе стане најистакнат пропагандист и борец за аромантштината на Јужниот Балкан. На тој начин, според зборовите на Константин Папаначе, судбината на ароманското население се поврзува со „еволуцијата на романската држава".[12]

Создавањето на единствена романска држава (1859-1861) создава благопријатни услови за организирање на движењето на Ароманците. Инаку кратко ќе кажеме дека по парискиот мировен договор од 1856 г. во Молдавија започнало да се шири движењето за обединување и создавање на една држава. Во 1859 г. за единствен кнез на двете провинции бил избран полковникот Александар Јоан Куза. Со овој избор не биле согласни Османлисклата Империја и Австрија. Австрија била готова да интервенира. Меѓутоа се замешале Русија и Франција. Како резултат на тоа, движењето за создавање на една држава станувало сè посилно и во 1861 г. била создадена новата држава од двете провинции која добила име Романија. Било формирано Романско национално собрание и единствена романска влада.[13]

Според зборовите на романскиот истражувач, Ѓ. Збуќа, условите за нивната преродба се директно поврзани со „Обединувачката епоха на Романија". Во тие години Романците од преку Дунав и Ароманците од балканскиот југ дејствуваат заеднички, било во нивните

[9] К. Папаначе, op. cit., 25.

[10] Анастасе Хачи, Апостоли и маченици, Скопје, 2002, 11.

[11] Исто.

[12] К. Папаначе, op. cit., 25.

[13] За ова види: Leften Stavrijanos, op. cit., 323-334.

родни места или во самата романска држава. Уште од самиот почеток целите што биле проследувани биле од просветен, црковен и политички карактер. Околу 1860 г. излегуваат новинарски публикации и книги за „јужните Романци". Од 1858 г. во букурешкиот весник „Дмбовица", чијшто директор бил Д. Болинтеану, биле објавени серија на материјали за животот на Ароманците од Јужниот Балкан. Поголем дел од нив се напишани од Димитрие Козакович и Григоре Грандеа. Последниот е автор и на првата специјална публикација за Ароманците, која имала наслов „Пчелата од Пинд". Во текот на 1863 г. Д. Болинтеану издава второ издание на граматиката на М. Бојаџи, во чијшто предговор изјавува: *„Тој е првиот, којшто имаше храброст да каже на светот, пред очите на толку заинтересирани народи да го сокријат ароманското население во Македонија, меѓу Словените, Албанците и Грците се наоѓа еден латински народ, којшто блика од живот, со прадедовска доблест и национално сознание".*[14]

Во 1863 г. беше отпечатена и книгата на Болинтинеану „Патување кај Романците во Македонија и Атос или Света Гора" за која авторот изјавил дека ја завршил во 1858 г., врз впечатоците од своето патување во Македонија од 1854 г. Од самиот почеток тој искажа вистинска пофалба на народот. Во тој контекст го истакна постоењето на еден „народ од еден милион Романци во Македонија, Тесалија, Епир и други места". Во друга прилика, истиот тој Болинтинеану, накратко формулираше неколку основни идеи во врска со судбината на „Романците": „Романците од Македонија не се Грци, тие се Романци, треба да се Романци, нашата идеја не е во тоа да ги обединиме со нас, затоа што сме далеку од нив, но нашата идеја е да им помогнеме да изведат востанија. Мислиме дека овој народ од еден милион, фрлен во Македонија, сака да си има своја национална свест". И, уште додаде: „Тоа што мислиме ние дека тој народ би требало да го прави е со светост да си ги задржи јазикот и романските обичаи, каква и да е судбината што иднината им ја одредила".[15] Тоа беше онаа програма на која подоцна се придржуваа сите фактори што се замешаа, на еден или друг начин, во судбината на балканскиот романизам.

Според Георги Даскалов гореспоменатите факти во извесна степен го демантираат застапеното во грчката историографија становиште, дека така нареченото куцовлашко прашање започнува со

[14] Г. Даскалов, op. cit., 65; Ѓ. Збуќа, op. cit., 51.

[15] Исто.

основањето на Македоно-романскиот комитет во текот на 1860 г. во Букурешт којшто ја „поставил уздата” на веќе појавеното ароманско движење во Австрија и Унгарија.[16] Проследуваната цел била да се дезавуира самосвеста на самите Ароманци, а „куцовлашкото прашање” да биде претставено единствено како производ на туѓата пропаганда.

## 2. Создавањето и дејноста на Македоно-романскиот комитет

Почетокот на организираното ароманско движење паѓа во годините кога се изградува единствената романска држава и при управувањето на нејзиниот прв кнез Александар Јоан Куза. Во тоа движење свои усилби прилагаат Ароманците од Епир, Тесалија и Македонија, коишто емигрирале на север преку Дунав, како и интелектуалци и политички дејци на младата романска држава. Во основаниот по иницијатива на Ароманецот од Мецово (Аминчу), Д. Козакович, Македоно-романски комитет во 1860 г. во Букурешт од ароманска страна влегуваат браќата Јордаке и Георге Гога од с. Клисура (Влахо-Клисура), Костурско, поетот Михали Никулеску од с. Трново, Битолско, Зису Сидери од Серез, а од романска В. А. Уреќиа,[17] Михаил Когалничану,[18] Костаке Негри,[19] како и четири познати политичари и министри - генералот Ману, М. Флева, Таке Јонеску и Константин Дисеску, кои по потекло беа Ароманци од Македонија.[20]

Во текот на 1860 г. Македоно-романскиот комитет го отпечатува во 1000 примероци „*Айелот кон браќата Романци во Осман-*

---

[16] Г. Даскалов, op. cit., 67.

[17] В. А. Уреќиа (1834-1901), член-основач и претседател на Македо-Романското друштво за култура; заменик претседател на Романската Академија; професор по историја на Романците на факултетот за литература во Букурешт; дописен член на шпанската академија од Мадрид; член на Етнографскиот институт итн. Бил автор на неколку научни трудови.

[18] Михаил Когалничану (1817-1891), романски историчар и политичар.

[19] Поетот Костаке Негри, кој во 1859 година беше претставник на Обединетите Кнежевства во Цариград, во 1860 година испратил официјален апел до Високата Порта, со кој ја информира за ситуацијата на Ароманците во Османлиската Империја. Властите во Цариград не ја зеле предвид таа идеја на Негри, иако истата била интересна и за самите Османлии.

[20] Г. Даскалов, op. cit., 67; Македоно-Романско друштво за култура, Документи (Редакција: Катерина Тодороска, Скопје, 2002, 13).

*лискатa империја"*, во којшто се испраќа барање да не се грцизираат и да се молат во црквите на својот роден јазик.[21]

Од страна на Македо-романскиот комитет, Г. Гога и Д. Козакович во 1862 г. ја отпечатија и „Ароманската граматика" на Ј. Масиму, во која како прилог беше дадена и една кратка историја на Ароманците.[22] Оваа граматика беше особено барана, а трошоците за издавање ги поднесе Д. Козакович.[23]

Овој комитет, по неговото основање и откако го напишаа и отпечатија споменатиот апел и граматиката, егзистирал само на хартија. Дури во 1863 г. по иницијатива на Д. Болинтинеану, во тој Комитет беа избрани нови и мошне авторитетни лица Ароманци и луѓе со силно изразени чувства. Тие беа: К. А. Росети, Ч. Болиак, К. Тел, Ј. Ѓика, М. Когалничану, (кој долго беше претседател на тој Комитет) и некои други.[24]



Димитри Козакович

Новиот Комитет во 1863 г. од Букурешт испрати една прокламација до Ароманците од Албанија, Епир, Тесалија и Македонија во која, на крајот се вели: *„Ароманско-Романскиот комитет го зеде врз себе товарот за да помогне при воведувањето на националниот јазик во сите места каде што има Ароманци. Но, оваа работа треба да биде потпомогната од сите вас, секој од вас ќе помогне толку колку што ќе може и вие да формирате комитети таму каде што живеат Ароманции и повеќе луѓе кои ќе бидат во врска со Комитетот во Букурешт, да работат заедно за да ги реализираат националните задачи. Мислете, браќа, дека сега е моментот за работа на Ароманците кои сакаат да работат за нивно име, дека ќе биде тешко за тие што не сакаат да помогнат".* Прокламацијата беше потпишана од страна на Димитрие Болинти-

[21] Г. Даскалов, op. cit., 67.

[22] N. Popnicola, op. cit., 285.

[23] Г. Даскалов, op. cit., 67.

[24] N. Popnicola, op. cit., 285; Македоно-Романско друштво..., 13.

неану, Чезар Болиак, Кристијан Тел, К. А. Росети, Димитри Козакович, Зису Сидери и Јоргаќе Гога.[25]

Македоно-романскиот комитет како што е споменато погоре, не функционираше како што треба. Поради тоа се дојде на мислење дека Ароманците треба да бидат организирани поинаку, да изнајдат таква организациска форма, која ќе може да работи подобро и поефикасно и да дава подобри резултати. Така, во месец септември 1879 г. во салата „Атенеум" во Букурешт, се одржа конститутивно собрание на кое беше формирано "Друштво за Македо-Романска култура". Седум дена по формирањето на ова ново Друштво се одржа втора седница на која беа присутни 35 делегати, меѓу кои беа и Димитрие Болинтинеану, Димитрие и Јон Ѓика, Јон Кампинеану, Титу Мајореску (Јосиф Трифту), Јакоб Нетуан, генералот Кристијан Тел, К. А. Росети, Василе Александру, Урекиа и други. На таа седница беше донесен и новиот статут на Друштвото.[26]

Во статутот меѓу другото е наведено дека: „чл. 1. Македоноромaнското друштво за култура има за цел: Да се шири, со училишта започнувајќи од основните училишта на романски јазик, образованието меѓу романските жители од другата страна на Дунав и Балканот;

Да настојува за одржување во добра состојба на романските црковни општини, од другата страна на Дунав и Балканот:

Да внимава на постоечките училишта во тие места и работи за нивното подобрување и унапредување:

Да се дотираат со книги, библиотеки, апаратури. Истото да преземе и да го поттикнува издавањето на книги за Романците од тие краишта.

Чл. 2 Македоно-романското друштво за култура ќе може да добива подароци и донации кои ќе му бидат доставени од добронамерни Романци од другата страна на Дунав.[27]

По одржаната прва седница на друштвото за Романско-македонска култура се донесе одлука дека најголемите приоритети на истото ќе му бидат: 1. Друштвото ќе биде признато како правен субјект; 2. Основање на еден аромански епископат кој ќе биде потчинет на романската автокефална црква; 3. Организирање на еден интернат за стипендистите кои доаѓаат од Отоманската империја; 4. Бара-

[25] Исто, 285-286; Исто, 49.

[26] N. Popnicola, op. cit., 286.

[27] Македоно-Романско друштво..., 58-59.

ње субвенции од министерството за внатрешни работи за делата кои ќе бидат публикувани од страна на Друштвото, и 5. Давање поддршка на црквата за пропаганда и за рекламирање на членовите.[28]

Со овие заложби ова друштво направи голема пропаганда за Ароманците од Балканскиот Полуостров, која пропаганда имаше за цел тие да ја зачуваат својата вера и обичаи, фолклор, а најповеќе за зачувување на нивниот мајчин јазик.

Меѓутоа не помина многу време од основањето на ова Друштво, Екуменскиот патријарх од Цариград, Јоаким Трети, на 18 декември испрати едно писмо до грчките митрополити во Македонија со кое ги информирал за овој настан и побара од нив да преземат итни мерки за да на секој начин ја попречат работата на тоа Друштво, за истото да нема резултати во својата работа.[29]

За здобивање со права за Ароманците се имаа ангажирано и многу други истакнати личности од јавниот и политичкиот живот, и покрај што тие не беа Ароманци. Така во списанието „Тимпул" („Време") кое се издаваше во Букурешт, на 16 септември 1879 г. големиот романски поет Михаил Еминеску објави еден прилог насловен „Ароманците од Балканскиот Полуостров" во кој, на почетокот, се вели: „*Нема држава во Европа во која грее сонце, нема држава од Јадранското Море до Црното Море во која нема остатоци од нашата нација. Ако почнеме од сточарите од Истра и од кај Морлаците од Босна и Херцеговина, ќе наидеме на групи од оваа националност во планините на Албанија, Македонија и Тесалија, на Пинд и низ Балканот, во планините на Србија и Грција па се до ѕидините на Атина, потоа преку рекатa Тиса, длабоко во регионот на Дачија на Трајан сè до преку Нистра и Киев и Одеса..."* И понатаму, истиот М. Еминеску продолжува: „... *Овој фрагмент од народ, кој е толку незабележлив, кој во новинарството и на конгресите не се споменува ништо за него и покрај тоа што има едно убаво минато и поголема уметност од многу други народи...".*[30]

*

* *

[28] N. Popnicola, op. cit., 286.

[29] Исто, 287; Нико Попникола наведува дека Јоаким III и самиот бил Ароманец од Крушево, од ароманското семејство Дервенџи.

[30] Исто.

Со сето што е споменато погоре се поставени основите за развитокот на ароманското просветно дело. Повторно во рамките на сите нешта што беа остварени од Александру Јоан Куза се бележат и почетоците на образованието на мајчиниот аромански, а потоа и на литературен романски јазик за Ароманците во нивните родни места.

# Глава 7

# Развитокот на ароманското просветно дело

## 1. Почетоците

Апелот што во 1860 г. го издаде Македоно-романскиот комитет не пристигнал до селата и градовите на Ароманците. Најдалеку што пристигнал биле поголемите градови: Солун, Битола и Цариград. Во престолнината на Османлиската Империја еден примерок доаѓа во рацете на Ароманецот Димитрие Атанасеску, родум од с. Трново, Битолско, сопственик на магацин за шивачки материјали. Тој решава да замине за Букурешт и да се запише во некое романско училиште. Ја продава стоката од магацинот и заминал. По три годишно школување во романска гимназија испраќа молба до кнезот А. Куза, со којашто го известува за својата намера да отвори приватно училиште во своето родно село Трново. Добил мала финансиска поддршка за патни и други трошоци, на 30 јуни 1864 г. тој пристигнува во с. Трново и на 2 јули го отвора првото романско училиште.[1] Во врска со ова Димитри Атанасеску вели: „Во 1864 г., јас запален од љубовта кон нашиот јазик и со Божја помош и помошта на добрите Ароманци, го отворив првото ароманско училиште во Трново”.[2]

„Со тоа дело се отвори патот за ароманизмот и се шреше малку по малку од брегот на Дунав дури до Пинд, се до брегот на Јадранското Море. Сакам да речам дека откако се направи адетот со ароманското училиште во Трново, тргнаа година за година како рој едно по друго, така што од 1864 г. па се до 1886 г., станаа 24 ароманскиучилишта”.[3]

За ситуацијата по отворањето еве што вели Атанасеску: „Четири месеци убаво си работев со училиштето, меѓутоа во ноември

[1] Според Никола Минов, со оглед на тоа што училиштето работело кратко време и Атанасеску немал можност да го направи преминот од ароманскиот на романски јазик во наставата, барем во своите почетоци училиштето во Трново било многу повеќе ароманско одошто романско. Види: Никола Минов, Влашкото прашање и романската пропаганда во Македонија (1860-1903), Скопје, 2013, 87.

[2] Стојка Ласку, Од историјата на ароманскиот печат во Македонија, Списанијата „Братство“ и „Светлина“, Скопје, 2007, 121.

[3] Исто, 122.

мојата работа тргна кон лошо затоа што, со доаѓањето на Хусни Паша за Валија овде во Битола, митрополитот Бенедикт го подбуцна против мене, наречувајќи ме револуционерен агент испратен од Влашко”.[4]

Во продолжение на четири месеци, од јули до ноември 1864 г., тој ги учи децата во својот роден дом, посетуван од почетокот од 20, а после од 80 деца. По клетвите и интригите на битолскиот грчки владика Бенедикт против „влашкиот даскал” тој бил затворен од османлиските власти, коишто му ги земаат издадените од него 1000 букварi на „нашиот јазик и ги испратија во митрополијата, каде останаа до денес како сведоштво, изгорени или не”.[5]

Емоционална, но верна оценка за делото на Д. Атанасеску дава крушевчанецот Анастаси Хачу: *„Петлите почнаа да пеат од сите страни ... и еве ја сјајната зора, слатката утринска зора се покажува со своите зраци, радост и светлина блика од ведрото и бистро небо од страна на сонцето коешто изгреваше...Таа зора беше првиот и најголем апостол и просветител на ароманизмот од Пинд, Димитрие Хаџи Атанасеску од Трново”*[6]

Затворањето на училиштето во Трново беше повод за романската влада да донесе решение да биде отворено во Букурешт училиште, во кое ќе бидат привлечени ученици од Ароманците од Пинд. Еве што за ова вели Д. Атанасеску: „Без многу одолговлекување, во 1865 г., беше испратен во Турција Архимандритот Аверки, Ароманец од Авдела, кој тогаш се наоѓаше во Букурешт, па собра цела чета од 25 момчиња Ароманци од Македонија и од Епир, за кои добрата Романија основа едно специјално училиште со интернат кај црквата „Светите Апостоли”, каде што потоа се зголеми нивниот број.

Откако тие момчиња завршија ароманско училиште, се вратија во родните места и го кренаа знамето на ароманското образование во сите агли каде што имаше добри Ароманци, и така уште повеќе се прошири патот на ароманизмот”.[7]

По заминувањето на Атанасеску во Букурешт тој состави и издаде на родниот дијалект околу 10 учебници, меѓу кои „Практичен буквар” (1864), „Ароманска граматика” (1865), „Географија” (1867), „Историја на Романците” (1867), „Буквар за деца”, кн. 1-2

---

[4] Исто, 126.

[5] Исто.

[6] Г. Даскалов, op. cit., 66-67.

[7] С. Ласку, op. cit., 126.

(1872) и др. Во текот на 1866 г. училиштето прима 11 ученици, а следната година уште 19. Во текот на 1869 г. успешно завршува првата генерација од 8 души. Кога проценува дека училиштето ја исполнила својата мисија во подготовката на учителските кадри, во текот на 1870 г. министерството за просвета го затвора.[8]

По детронизирањето на кнезот А. Куза во текот на м. февруари 1866 г. некои соображенија на Букурешт кон Вселенската Патријаршија отпаѓаат, нешто кое ги одврзува рацете на покровителите на Ароманците. Тоа ќе доведе до нараснување на ароманското преродбенско движење. Во исто време независно од Букурешт во Епир и Тесалија се појавува движење за основање на месни аромански училишта. Тоа е поврзано со името на Апостол Маргарит. Инаку Апостол Маргарит е роден во 1832 г., во Авдела Гревенско, а својата кариера ја започнал како учител во грчкото училиште во Клисура. Овие две села, и денеска, според Винифрит, сè уште се одликуваат со некаков остаток од независноста за која се залагал Маргарит. Тој започнал со обидот да ги учи своите ученици на нивниот мајчин јазик - ароманскиот. Тоа предизвикало гнев кај Патријаршијата во Цариград, а Маргарит заминал за Букурешт да му се придружи на Македоно-романскиот комитет основан во 1860 г.

## 2. Позабрзано отворање на (а)романски училишта во Османлиската империја

Активноста на Д. Атанасеску придонела процесот за отворање на а(романски) училишта да се интензивира. Овој процес е поврзан со името на Апостол Маргарит. Како што е споменато погоре училиштето во с. Трново било првото романско училиште во Македонија. Според некои автори се смета дека училиштето во Авдела отворено од Апостол Маргарит е второто романско училиште на македонска територија, други сметаат дека тоа било училиштето во Гопеш.[9]

Не треба да се заборави да се каже дека Апостол Маргарит во текот на 1856-1864 г. бил учител во големото ароманско село Клисура, Костурска каза, со 3.500 жители. Овде доаѓа до идеја дека може да го предава материјалот на грчки јазик и да го доизјаснува на мајчиниот ароманси јазик. Воведувањето на ароманскиот како „објас-

---

[8] Г. Даскалов, op. cit., 68; Г. Збуќа, Романците на Балканот..., 53.

[9] Подетално за ова види: Н. Минов, Влашкото прашање..., 99-100, белешка 105.

нувачки јазик" му носи голема популарност на А. Маргарит кај учениците и родителите. По барање на грчкиот владика во Костур со наредба на Вселенскиот Патријарх тој бил отстранет од училиштето. Заминува за Цариград за да ги одбрани своите права, и испраќа молба до Високата Порта да му дозволи да отвори приватно училиште во Клисура. Тука стапува во врска со романскиот дипломатски агент и заминува за Букурешт, каде се поврзува со Македоно-романскиот комитет. Воспоставува контакти и со министерот за просвета Константин Росети, од кого бара материјална поддршка за отворање на приватно училиште за „настава на национален јазик". Биле осигурени учебници , но не и пари поради финансиските тешкотии на владата. Не наоѓајќи ја неопходната поддршка, А. Маргарит во меѓувреме добива покана да учителствува во Авдела и од 1867 г. започнува да ги учи децата во Авдела.[10] Учебниот процес се реализира на грчки и аромански јазик.[11] Кога во текот на зимата на 1867-1868 г. учениците слегуваат со своите родители и стадата крај Солунскиот залив, тој заминува за Клисура и најпосле го отвора местото ароманско училиште, кое од 1869 г. станува општинско.[12]

Треба да се спомене дека од тој период датираат првите контакти на Апостол Маргарит со австрискиот вицеконзул од Битола, Р. Окули. Тој веќе од 1867 г. е под заштита на конзулот под претекст дека е австриски поданик.[13] Односите со австро-унгарскиот конзул во Битола, се темелеле врз една несигурна лага која што не можела долго да остане прикриена, но која што ја исполнила првобитната цел на нејзиниот творец. Тој под превезот на австриски поданик од Пинд цели три години ја уживаше заштита на неговиот „сонародник" Кули. Сите обиди на костурскиот митрополит Никифорос да го протера Апостол Маргарит и да го затвори романското училиште во Влахо-Клисура, сите негови обвинувања дека Маргарит е вмешан во пан-славистички заговор и сите обиди на локалните власти да одговорат на барањата на грчкиот митрополит наидувале на ѕид пред силната поддршка на австро-унгарскиот конзул којшто ја давал на својот штитеник.[14]

---

[10] Исто, 102-1033.

[11] Треба да се спомене дека училиштето во Авдела работело само лете и опстанало сè до 1905 година, кога грчките андарти го изгореле селото: Max Demeter PEYFUSS, Chestiunea aromânească, Evolutia ei de la origini până la pacea de la Bucureşti 1913 şi poziţia Austro-Ungariei, Bucureşti, 1994, 42.

[12] Н. МИНОВ, Влашкото прашање..., 106-108.

[13] M. D. PEYFUSS, op. cit., 43.

[14] Маргарит уште од 1867 година ја уживал заштитата на конзулот. Измамата била откриена дури во 1870 г., кога Маргарит бил повикан во Цариград за да се до-


Апостол Маргарит

За да се заштити од грчките и турските напади, Апостол Маргарит се поврзува покрај со австрискиот вицеконзул во Битола П. Окули, така и со мисионерите лазаристи коишто имале за цел спроведување на католичка пропаганда во Македонија за што подоцна ќе стане збор. Кога во текот на 1867 г. заедно со архимандритот Аверќи прави обид да биде отворено училиште и во градот Гревена, романскиот дипломатски агент во Цариград се обидува да помогне. Тој ја заплашува Вселенската Патријаршија, дека ако владиката Венедикт Пелагониски не ги запре неговите интриги и продолжи да се спротивставува против отворање на училишта во Епир и јужниот дел на Македонија, Ароманците ќе преминат кон католицизам.[15]

Протерувањето на Апостол Маргарит во Цариград, откако ја изгубил австро-унгарската поддршка, му овозможило да создаде цврста база која подоцна ќе му овозможи привилегирана позиција кај османлиските власти. За неговата дејност се заинтересирала и романската влада. Во 1870 г. Маргарит бил задолжен да ги помага сите аромански училишта во Империјата, да ги распределува книгите и платите за учителите и да ги заштитува од дејноста на грчкото свештенство, а во 1876 г. романската влада го назначува за ревизор на сите романски училишта во Македонија.[16]

Романско училиште во битолското село Гопеш било отворено во 1869 г. од Димитри Космеску.[17] Училиштето било отворено, со знаење но без материјална помош од романската влада. Димитри Космеску останал во Гопеш до 1872 г. кога бил заменет од Стерју Чонеску, а потоа и од неговиот брат Никола Космеску.[18] Сè до почето-

---

каже дека е австро-унгарски поданик (види: Н. Минов, Влашкото прашање..., 107-108).

[15] Г. Даскалов, op. cit., 69.

[16] Н. Минов, Влашкото прашање..., 108.

[17] Кирјазовски погрешно наведува дека училиштето во Гопеш било отворено во 1865/66 година (Ристо Кирјазовски, За романската училишна пропаганда во Македонија – Просветно дело (Скопје), XVII/7-8, 1971, 483.

[18] Н. Минов, Влашкото прашање..., 112-115.

кот на балканските војни Гопеш ќе остане главната тврдина на романизмот во Македонија. Во првите три години Космеску и романското училиште биле издржувани од локалната општина. По смртта на Димитрие Козакович, главнината од неговиот капитал со тестамент била оставена за да се издржува едно училиште во Македонија. Во март 1872 г. романската влада решава училиштето од Гопеш да биде финансирано од фондот на Козакович. Оттогаш училиштето било наречено „Димитрие Козакович".[19]

Еден настан кој сигурно ќе повлијае на натамошниот од на романското образовно дело бил *„Апелот на охридските Власи во врска со воведувањето на мајчиниот јазик во училиштата"* напишан од раката на Григор Прличев.[20] Триста Ароманци од Охрид упатиле барање до романските принципати да им биде испратен учител кој ќе им помогне да го воведат мајчиниот јазик во училиштата. Што се однесува за предметот на барањето на Ароманците во почетокот на Апелот се изнесуваат повеќе укажувања и размислувања на Ароманците од Охрид по однос на наставата на грчки јазик при што се поставуваат и директни и многу јасни прашања како што се, на пример, и следниве:

„Зошто на сите православни нации во Турција им е наметнато учењето на туѓиот и мртов грчки јазик? Дали тоа го направија патријарсите во Цариград со пуста надеж дека со јазикот ќе ги погрчат споменатите националности, или пак како пријатели на темнината го направија тоа надевајќи се дека преку грчкиот јазик просветата никогаш нема да се рашири до сосема бавно и слабо, не знаеме. Но, најубаво знаеме дека овој систем беше мошне погубен за нас и дека, додека тој продолжува, ние ќе останеме постојано заспани, неуки и играчка на народите."[21]

Претходно зборувајќи за грчките пропагандни активности Григор Прличев во име на овие 300 Власи од Охрид заклучува:

*„Сега веќе не можејќи да ја трпиме оваа национална срамота и отфрлајќи ги смело интригите на воображените наши сонародници и прогоните на грчките владици, со ова топло ја молиме Владата на Подунавските војводства да не помогне и со сопствени сили да го воведеме во нашите училишта мајчиниот јазик,*

---

[19] Исто, 115.

[20] Оливера Јашар-Настева, Григор Прличев и еден апел на охридските Власи во врска со воведувањето на мајчиниот јазик во училиштата, Зб. Животот и делото на Григор Прличев, Скопје, 1994, 19-35.

[21] Н. Минов, Влашкото прашање...,109.

*доделувајќи ни народни учители заедно со потребните книги и да обезбеди привремено и плати за нив, додека не се почувствува со гордост и предимството на својот јазик кој е мајка на сите европски јазици. Дури тогаш се надеваме дека, без секое сомнение, ќе им се затне устата на вообразенините схоластици игнорирајќи ги нивните реакции. И најсиромашните меѓу нас нив ги презираат и сакаат да учествуваат со својот скромен прилог за скапоценото национално образование врз кое нацијата може со смелост да полага надежи за најсветла иднина."* [22]

Романската влада одговорила на барањата на охриѓани. Во септември 1868 г. во малото Св. Ѓорги во Охрид, Јаков и Ванчо Димоние, во соработка со браќата Дафин, го основаа охридското романско училиште. Од Романија за учител беше испратен Ѓорѓи Томара.[23] Георги Даскалов наведува дека училиштето во Охрид беше отворено во 1869 г.[24] До 1871 г. Томара работел заедно со грчкиот учител во Охрид. Со засилувањето на романската партија во градот, грчкиот учител бил истеран од училиштето, кое преминало во целосна сопственост на „Романците".[25]

Во гратчето Крушево Стерју Н. Чонеску (Чона) отворил во 1869 г. романско училиште во куќата на своите родители со триесетина ученици.[26] Училиштето работело одвај една недела пред митрополитот Милетиј да го обвини Чонеску дека го нарушува јавниот поредок. Власта веднаш го затворила училиштето. Цели осум месеци чекал по административен пат да добие дозвола за отворање на училиштето. Во 1873 г. повторно се обидел да отвори училиште, но од истите причини не успева. Заминува во Букурешт за да ги заврши студиите. Во 1876 г. се враќа во Крушево и по трет пат се обидува да го отвори училиштето, овој пат успешно. Во училишната 1877-1878 г. романското училиште го посетуваат 47 момчиња и 29 девојчиња.[27]

Од 1870 до 1871 г. функционира училиште во Като Вермион (аром. Селиа или Колибите на Бадралекси - според името на челникот Алекси Барда), на запад од Карафериа (Бер, аром. Вериа); и било субвенционирано од градот Јаши.[28]

---

[22] О. Јашар-Настева, op. cit., 27-28.
[23] Н. Минов, Влашкото прашање..., 110.
[24] Г. Даскалов, op. cit., 69.
[25] Н. Минов, Влашкото прашање..., 110.
[26] M. D. Peyfuss, op. cit., 45.
[27] Н. Минов, Влашкото прашање..., 116-117.
[28] M. D. Peyfuss, op. cit., 46.

Во текот на 1870 г., поранешниот ученик на Институтот „Светите Апостоли” во Букурешт и дотогашен учител по грчки јазик, Ѓорѓи Пердиќи, започнува да предава на романски јазик во училиштето во Периволи со што ги удира темелите на локалното романско училиште. Пердиќи на сопствена иницијатива пред ова изработил еден ароманcки алфабет (азбука) во 1867 г. од кој учеле учениците.[29] Како и училиштето во Селиа и училиштето во Периволи било субвенционирано од градот Јаш.

Последното место во коешто пред 1878 г. бил направен обид за отворање на романско училиште било гратчето Невеска (аром. Нивеаста). Иницијативата му припаѓа на Василие Дан, којшто потекнувал од ова гратче и се збогатил во Букурешт и којшто ги обезбедил средствата за учителот Константин Ќирана, апсолвент на Институтот „Светите Апостоли” и на гимназијата „Св. Сава”. Но по кратко време тој беше протеран од грчката партија, којашто останала овде предоминантна и подоцна. Во 1878 г. романското училиште можеше дефинитивно да ги отвори вратите.[30]

Во првата фаза од развитокот на училишното дело во Македонија романската влада не посветувала големо внимание. Во 1864 г. владата издвоила 14.000 леи за финансирање на пропагандата во Македонија, во 1868 г. за истата цел биле потрошени 10.000 леи а во 1871 г. 9.920 леи. Министерството за образование од Букурешт, од 1864-1878 г. за развитокот на училишното дело потрошило една сума од 155.669 леи.[31] Инаку во текот на 1878 г. за 11-те училишта биле потрошени 154,904 леи.[32] Од 1876 г. А. Маргарит е ревизор на „романските” училишта во Македонија. Во тоа свое својство врши контрола и им го осигурува неопходниот дидактички материјал.[33]

## 3. Развитокот на црковното дело до 1880 г.

Напоредно со полагање на усилбите за основите на ароманското просветно дело се работи и за воведување на мајчиниот јазик во богослужбата. Најрани обиди се направени во Прилеп во текот на 1863 г., кога локалните Ароманци се обидуваат да се стекнат со

[29] Н. Минов, Влашкото прашање..., 115.

[30] Исто, 116.

[31] M. D. Peyfuss, op. cit., 46.

[32] Г. Даскалов, op. cit., 69.

[33] Исто.

одделна самостојна црква. Во текот на 1870 г. во црквата на с. Гопеш, Битолско, дел од литургијата започнала да се исполнува на ароманси. Грчкиот владика испраќа предупредувачко писмо до жителите на селото заради извршениот од нив „грев", дека не се молат на грчки и со обвинување против местниот свештеник Николае Нанче за клетвопретсапништво. Во 1880 г. во гратчето Хрупишта, Костурско, била изградена првата ароманска црква во Македонија, која во текот на наредната година со ираде била призната како „улах килисе" то ест за влашка црква. Во истата година биле изградени цркви во селото Авдела, Гревенско, Клисура Костурско и Моловиште, Битолско. Во ова село би требало да ја споменеме величенствената катедрална црква „Света Петка", која била изградена од жителите на селото во 1856 г. Таа била изградена на истата локација на која и порано постоела црква.

Со нејзината естетска и уметничка вредност црквата „Св. Петка" доминира над селото. Оваа црква со нејзините големи димензии укажува дека селото Моловиште во тоа време имало голема економска моќ, то ест дека беше едно од побогатите места во Битолскиот вилает. Исто така таа докажува колку големи биле рефлексиите за зачувување на духовната вредност на жителите на селото и нивната голема верба во православието.

Црквата „Св. Петка" се карактеризира со еден голем и прекрасен иконостас кој има голема уметничка вредност и е изрезбан во ореово дрво, а направен од прочуените резбари во тоа време, чија изработка моловиштаните ја платиле 800 златни лири.

Со колекција од 100 икони изработени од познати иконописци, за оваа црква може да се каже дека е една од најубавите во Македонија. Покрај мошне убаво зографисани икони, во црквата „Св. Петка" се наоѓаат и мошне стари црковни книги кои се користат при одржување на богослужба по разни поводи.[34]

Инаку дел од литургијата се отслужува на ароманси. Тие успеси се постигнати во околности на остро спротивставување на Вселенската Патријаршија, која во текот на 1879 г. дава изрични укажувања против обидите на Ароманците да се оттргнат од неа.[35]

Георги Даскалов наведува дека ароманската преродбенска искра се појавува и на Атон. Зголемениот број на Ароманци во скитот „Св. Јоаниј Продромос" потчинет на грчкиот манастир „Голема-

---

[34] За ова види: Нико Попникола, Моловиште, Монографија на селото, Битола, 2008, 132.

[35] Г. Даскалов, op. cit., 70.

та Лавра”, и нивната родољубива дејност предизвикало незадоволство кај Грците. Тие го придобиваат на своја страна кајмакамот на Света Гора. Неговиот обид да влезе во скитот со сила бил неуспешен поради отпорот на калуѓерите. Дознавајќи ги грчките интриги, тој се откажува од своето вмешување. Тогаш Грците ја менуваат својата тактика и се обидуваат со долгогодишни интриги да го разбијат братството на скитот и да ја растројат неговата дејност. *„Тие работи започнале околу 1871 г. и траеја до 1883 г.”* си споменува тогашниот монах Корнилие Сабареану.[36]

Првите успеси на ароманското просветно и црковно дело ја предизвикуваат острата реакција на патријаршиските служители по местата. *„Сите црковни лица -според пишувањето на А. Хачу - калуѓери, свештеници, архимандрити, сите коишто живееле од црквата без труд, без пот, се собраа и отидоа да им кажат на своите началници за опасноста, која им се подготвуваше на сите нив”*. Опасноста ги поттикнува да бараат замешување на османлиските власти. *„Се подигнаа митрополитите со цела војска од калуѓери* - продолжува понатаму тој, - *ги поминаа сараите и судниците, викајќи со целиот глас да се затворат училиштата и врзат унијатите или ќе заминат до Цариград да се види каков е тој суд, којшто допуштил пет-шест души да им го измијат умот, да ја променат верата на народот и да ги учат на туѓ јазик. И веднаш направија извештај до својот началник во Цариград”*.[37]

Како по обичај, како што и погоре е споменато, врвот на копјето на грчката политика во Македонија и во овој период била Цариградската Патријаршија. Политичката клима одела во прилог на романските пропагандни дејци, но локалните власти не ретко знаеле да ги користат несогласувањата во Цариград и да дејствуваат на своја рака, спротивно од добиените директиви. Грчките митрополити сè уште има доволно сила за да влијаат кај вилаетските управници и нивните помошници.[38]

За да ја попречат дејноста за воведување на ароманскиот јазик во црквите од зборови се преминало и на дело. Покрај традиционално користените средства: клевети, анатемисување и протерување од црквата, грчката анти-романска реакција се повеќе користела и вооружени средства. Селата Гопеш и Моловиште, кои спонтано прераснувале во главни цитадели на романската пропаганда, посто-

---

[36] Исто.

[37] Исто.

[38] Н. Минов, Влашкото прашање..., 119-127.

јано се наоѓале на удар на грчки вооружени чети.[39] Свештениците кои се осудувале да служат на романски или аромански јазик биле апсени и подложувани на мачење и потсмев.[40]

Првите успеси на ароманското просветно, а подоцна и црковно дело ја предизвикуваат острата реакција на патријаршиските служители по одредени места. Интервенцијата на Вселенскиот патријарх пред високите османлиски власти има неблагопријатни последици. Во 1870 г. Апостол Маргарит бил отпуштен од Валијата Сабри паша како „нелојален" учител во Клисура. Тој бил уапсен и окован во синџири, и испратен во Битола, каде бил затворен во локалниот затвор. Владиците им наредуваат на свештениците и грчките учители во селата со аромански училишта да ги обиколуваат куќите и да агитираат родителите да не ги испраќаат децата во нив. Учениците во таквите училишта се подложени на духовно и физичко тормозење од своите врсници од гркоманските семејства, коишто ги тепаат и им ги кинат учебниците.[41]

По поткажување и сугерирање на грчките митрополити продолжуваат насилствата против ароманските учители, свештеници и месните првенци. Ароманскиот учител од Авдела, Туљу Тачит, бил уапсен во с. Клисура и во тешки зимски услови бил и испратен окован во вериги во Костур. Од истото село биле затворени Јорји Ѓина и Нани Вагу и испратени во битолскиот затвор. Подолго време тука биле затворени Јорји Маџари, Ст. Чона, Ј. Зографу и Никулеску. Самите митрополити организираат физички напади врз лицата, коишто се обиделе да служат во црквите на мајчиниот јазик. Поради истата причина лично од владиката бил тепан Јорји Димка, учител во Моловиште, Битолско. Свештеникот од Охрид Јани Згура бил затворен во манастирот „Св. Наум", за да се „опамети" и да не го користи ароманскиот јазик во богослужбата. Слична судбина доживеал свештеникот Кола Тегу од с. Клисура којшто бил повикан во костурската митрополија и од кога бил претепан бил затворен. По четириесет дена бил затворен и другиот клисурски свештеник Софроние само заради тоа, што го крстил на аромански детето на местен патриот. Нивната судбина ја имал и нивниот колега попот Никола Нанчу, којшто, окован во вериги, бил испратен во битолскиот затвор.[42]

---

[39] Исто, 125.

[40] Жеко Попов, Българският национален въпрос в българо-румънските отношения 1878-1902, София, 1994, 132.

[41] Г. Даскалов, op. cit., 71.

[42] Исто.

Тажен доказ за судбината на ароманските учители и свештеници претставува биографијата на Димитрие Константинеску од гревенското село Периволи, кој е типичен за ароманската патриотска интелигенција. Во 1860 г. оди во Букурешт заедно со неколку млади Ароманци од Македонија собрани од архимандритот Аверќи. Во 1872 г. завршува четири класно основно училиште во Букурешт, во македоно-романското училиште кај црквата „Св. Апостоли”. Заради вршење на богослужба на ароманскиjазик бил затворен и држен во митрополијата. Во текот на летото, го зедоа челниците (сопствениците на стада овци) Ароманци кај нивните летни колиби во Ресен, месноста наречена Исток (Македонија), каде им служел на ароманскu, во црквата и дома. Ги следи нив при есенското префрлање на нивните стада во с. Велестино (Тесалија), родното место на неговиот сонародник Рига Велестинли. Митрополитот од Волос, не му дозволи да служи на аромански во црквата, но по куќите на Ароманците во Велестино, кришум служеше на аромански. Дознавајќи за тоа, грчкиот митрополит во Волос подготвува такрир до власта, за да го прогонат, поради што Константинеску бил принуден во текот на 1875 г. да замине во Букурешт. Во романската престолнина тој завршува тримесечен курс за богослужба на аромански јазик. По лична порака на примасот на романската црква митрополитот Калиник се враќа во родното место.[43] Кога се вратил од Букурешт во Периволи и покрај потврдата што ја поседувал, Митрополитот во Гревена, Кирил, не му дозволил да служи во куќите на Ароманците. Уплашен од повторно затворање, во текот на 1879 г. заминува за Букурешт. Тука со финансиска поддршка на Друштвото за македоноро-романска култура напишал една мала црковна книга со наслов „Божествено Сослужение” на аромански јазик.[44]

Во текот на пролетта 1880 г. Ап. Маргарит, генералниот инспектор за романските училишта и цркви во Османлиската империја го назначува за учител во романското училиште во Периволи. Во зимскиот период заминал со ароманските фамилии во Велестино и, таму, за првпат отвори романско училиште, во коешто образува 35 ученици и ученички. Веста дека отворил романско училиште во Велестино, „како гром” удри врз митрополитот од Волос, Григорие. Неговите заплашувачки писма до епитропот на црквата во селото, не ги даваат посакуваните резултати иако бил анатемисан и проколнат Д. Константинеску. Во тоа училиште работел сè до април 1881 г. кога се вратил со фамилиите во Периволи, каде што започнаа да му

[43] Д. Константинеску, Биографија, Скопје, 2002, 9.
[44] Исто, 11.

се закануваат грчките андарти. Есента истата година пак го отворил училиштето во Велестино и во кое имаше преку 40 ученици и ученички. Меѓутоа овој пат интригите на митрополитот пред османлиските власти се успешни и на 7 јануари 1882 г. бил уапсен и одведен во Волос. Со застапување на романскиот конзул во Солун, Попович, и рускиот Григорие Хаџи-Лазар, Грк по потекло, тој е ослободен. Во пролетта на интервенција на конзулот Попович и Ап. Маргарит, дошла наредба од Цариград да му биде дозволено слободно да работи со училиштето. Но во меѓувреме Тесалија веќе била присоединета кон Грција и ароманското училиште во селото било затворено за секогаш.[45]

[45] Исто, 13.

# Глава 8

# Развитокот на ароманското црковно и просветно дело, 1880-1897 година

## 1. Развитокот на ароманското црковно дело 1880-1897 година

Низ вековите религиозното чувство на Ароманците била една егзистенцијална константа. Треба да се истакне дека Ароманците се покажале како елемент подложен на исламизација како и сите други балкански народи, но тој и покрај сѐ ѝ останал верен на православната христијанска вера. Не е на одмет да се спомене дека Ароманците полесно ја зачувале православната вера во споредба со останатите балкански христијани како резултат на специфичниот начин на живот во затворени заедници во оддалечените планински места, како и поради уживањето на посебни права и привилегии ветени од страна на Османлиите за што погоре е споменато. Единствено ароманско село кое целосно го прифати исламот било селото Ноте во Мегленско.[1] 70-тина исламизирани Ароманци живееле во селото Долна Белица, а во останатите места менувањето на верата кај нив се случувало ретко и на индивидуална база. Така во Велес е регистриран само еден случај кога некој Ароманец во 19-тиот век го прифатил исламот и станал Ахмед.[2] Покрај ова постојат и случаи кога самата османлиска власт се обидува со сила по некој Ароманец да го прифати исламот. Тоа бил шивачкиот калфа Георги Анастас Суфсју, христијанин и роден во блиското на Битола с. Магарево.[3]

Во Османлиската империја признавањето на црквата значело и признавање на народноста и било јасно дека успесите на културно-просветно поле не би биле доволни доколку не се крунисани со успех на религиозен план и создавање на независна ароманска црква. Православна Романија не останала настрана од борбите на

[1] За ова види: Теде Кал, Промяна на етническите модели на идентичност при българските Армъни (Власи) и нейните последствия, Българска етнология, бр. 1 (2001), 5-21.

[2] Миленко С. Филиповиќ, Ароманците во Велес, Документи, III/2, Скопје, 2006, 37.

[3] Македония през погледа на австриски конзули 1851-1877/78, София, 1994, 157.

Ароманците за сопствена црква. Тие не го губеле од предвид создавањето на Бугарската Егзархија во 1870 г. и тоа секако се одразило врз борбата против патријаршиските претензии. Со стекнувањето на црковна автономија на Ароманците би овозможило романските политички лидери да проследат цели од различен карактер. Евентуалното добивање на берат за еден аромански митрополит создавало можност Романија полесно да ги оствари и своите зацртани политички цели.

Во текстот што следи ќе го разгледаме ароманското црковно прашање по 80-тите години на 19-тиот век.

Пред тоа накратко би се осврнале на политичките прилики на Балканот и во Османлиската империја по мировниот договор од Берлин. Директна последица од мировниот договор во Берлин било и територијалното оддалечување на Османлиската империја од Романија. Оддалечена од Македонија и од другите османлиски провинции, Романија веќе не претставувала никаква опасност за Османлиите и од претендент за османлиските балкански територии, таа ќе се претвори во сојузник и подржувач на османлиската политика. Во обратен случај, при распад на Империјата, како што вели Маргарит *„...доколку дојде до нова источна криза и паднеме во рацете на Србите, Грците или Бугарите, нашите училишта ќе бидат затворени, а нашите заедници ќе бидат растурени”*[4]

Исто така и прашањето за новата-грчко турска граница реално ги тангира интересите на Ароманците за што погоре е споменато. Доаѓа и до вооружени отпори кои се задушени. Во овој период доаѓа и до инволвирања на разни религиозни и политички фактори коишто влијаат на развитокот на ароманското црковно прашање исто така и на ароманското просветно дело за што подолу ќе зборуваме.

Во развитокот на ароманското црковно дело покрај политичките прилики на Балканот влијаела и положбата во Османлиска империја а воопшто и развитокот на Источното прашање. По поразите кои ги доживеала Османлиската империја во војните со Русија а и под притисок на големите сили, османлиската власт била принудена да донесе реформи. Во 1839 г. бил донесен Гилханскиот хатишериф со кој се гарантираа правата на христијаните како и на муслиманите а во 1856 г. и Хатихумајунот со што биле проширени правата на христијаните. Ним им била дадена слобода на вероисповед, како и поголема правна и материјална сигурност. Мерките што ги презеле османлиските власти ја овозможиле појавата на црковно-учи-

[4] Н. Минов, Влашкото прашање..., 140, белешка 10.

лишните општини во Македонија и ја интензивирале борбата на македонскиот народ за воведување на мајчин јазик во училиштата и црковно словенски јазик во црквите. По Кримската војна (1853-1856) и Парискиот мировен договор (1856) на Русија и е одземено исклучивото право за покровителство на христијаните во Османлиската империја и тоа е доверено на сите големи сили а Франција стекнала право да го покровителствува римокатолицизмот во Османлиската империја. Таа го свртела своето внимание кон словенските народи, нудејќи им решавање на црковното прашање преку унија со римокатоличката црква.

## а) Дејноста на Лазаристите и ароманското црковно прашање

Верската пропаганда на западните држави се појавила како резултат на општествено-економските промени коишто се случиле во Османлиската империја. Во нивното дејствување се криела политичка позадина иако биле базирани врз верска основа.

Мисионерите од Запад во овој период биле под заштита на француските дипломатски кругови. Политиката на Франција и Ватикан одела напоредно, се совпаѓал и нивниот заеднички интерес да дојде до унијатење меѓу балканските народи од една страна и Римокатоличката црква од друга страна.

Како покровител на римокатолицизмот, Франција паралелно го ширела латинското учење, а истовремено и својот јазик и култура.[5]

Истовремено покрај Франција, за намалување на руското влијание била заинтересирана и Австрија. Инаку воопшто е познато дека намерите и аспирациите на Русија за излез на Медитеранот, преку Босфорот и Дарданелите, датирале уште од времето на Петар Велики. Но до поголем размер тие дошле по руско-турската војна од 1768-1774 г. и мирот во Кучук Кајнарџи (1774). Тогаш таа го добила покровителството над православното население во Османлиската империја и кое што ќе трае сè до 1856 г.- по Кримската војна кое како што видовме погоре ѝ било одземено. Имено Австрија во Русија гледала свој ривал. Таа за ширење на римокатоличката вера во југ-

[5] Маргарита Пешевска, Прилог кон прашањето на француската политика и кон прашањето на католичката пропаганда и на унијатството во Македонија, История, XVIII/1-2, Скопје, 1982, 114.

ниот дел на Балканскиот Полуостров, во Хрватска формирала Австро-католичко словенофилско друштво, со кое раководел бискупот Јурај Штросмаер и упатила барање до Конгрегацијата за вера во Рим, македонските епархии да бидат потчинети на Драчката надбискупија којашто целосно ја спроведувала политиката на Австрија.[6]

Римокатоличката пропаганда своето ширење го реализирала со помош на Франција која што формирала Лазаристичка мисија. Францускиот монашки ред лазаристи е основан од францускиот свештеник Венсен де Пол во 1625 г.[7]

Нивните почетоци биле поврзани со проповеди меѓу сиромашното население. Тие основале свој центар во 1841 г. во Солун, кој поради својата извонредна местоположба и развиена поморска трговија бил центар на хинтерландот на Македонија и втор град во Европска Турција, веднаш по Цариград. Со цел да се засили дејноста на лазаристите, во Солун бил испратен Августо Бонети. Потоа лазаристичката мисија се проширила во Битола (1854) која тогаш претставувала центар на Румелискиот ејалет, со која раководел францускиот лазарист Лепавек.[8]

Лазаристичките мисии во Солун и Битола биле формирани токму кога преку црковно-училишните општини македонското граѓанство водело борба со Цариградската патријаршија за поставување на свои владици и за воведување на црковно-словенски јазик во црквите и мајчин јазик во училиштата. Тоа е време кога грчката црква целосно владеела со целокупниот црковен и просветен живот. Користејќи ја тешката политичка и економска состојба, лазаристите во допир со градските и селските првенци им ветувале исполнување на сите услови доколку преминат во унија со Римокатоличката црк-

---

[6] Атанас Лажовски, Римокатоличката и протестантската пропаганда на Балканот и во Македонија во втората половина на XIX век и почетокот на XX век, Магистерска дисертација, Скопје, 2008, 13.

[7] За ова види: Кочо Сидовски, Македонското прашање во „Anales de la Congregation (Lasaristes)" од 1900 до 1919 г., Гласник на Институтот за Национална Историја (натаму: ГИНИ), XV/3, Скопје, 1971, 267-277. Види и: Горан Калоѓера, Браќата Миладиновци, Легенда и стварност, Скопје, 2005, 9-29.

[8] Битола во овој период претставувала важен административен центар во Европска Турција. Во градот биле сместени повеќе важни административни установи. Биле изградени две касарни, бил седиште на конзулатите на европските држави, бил седиште на грчкиот, а подоцна и на бугарскиот митрополит, како и на еврејскиот рабин. Битола претставувала центар на Битолскиот вилает. Во неа се наоѓале конзулатите на Грција, Русија, Велика Британија, Австро-Унгарија, Италија и Романија, како и трговското агентство на Бугарија.

ва. При таквите ветувања не заборавиле да нагласат дека ќе ги зачуваат своите свештеници, македонскиот јазик, месните традиции и друго[9]

Основањето на постојаната мисија во Битола било поткрепено и од францускиот вицеконзул Белет де Буга.[10] Со ова лазаристичката мисија требала да ѝ парира на Австрија која настојувала да го прошири своето влијание во Македонија. Во таа трка на интереси и спорови околу јуриздикцијата над Битола, француската влада преку својот конзул ги повикала солунските лазаристи и им дала 12.000 франци за основање на мисијата.[11]

Мисионерската дејност лазаристите ја започнале во 1856 г. и тие успеале да опстанат во сите бурни настани на овие простори сè до 1926 г.[12]

Од друга страна, по доаѓањето на чело на романскиот престол на Карол Први од пруската кралска династија започнува поактивното ангажирање на Романија на Балканот и во Македонија и таа започнува да се интересира за положбата на Ароманците во овие предели.

Првите појавени пропагандисти во Македонија за да им ја најават на Ароманците новата романска доктрина за нивното крвно сродство со Романците беа двата Романци Јоан Радулеску и Димитри Болинтинеану. Тие ја започнаа нивната агитација во 1855 г. додека османлискиот валија, Решид паша, како последица на дипломатските препораки, добива од Цариград наредба да ги поддржи со сите сили. Потоа во 1858 г., во Битола, францускиот лазаристички свештеник се обидел да започне една католичка пропаганда, накалемувајќи ја на романската пропаганда меѓу Ароманците, која очигледно беше послаба во однос на грчката, бугарската и српската. Таквото замешување на религиозен елемент со етнички елемент беше впрочем дадено од амбиентот - единствено средство за да може да иницира една католичка пропаганда. Заминаа околу шеесетина млади луѓе од Македонија, чија што акција имаше апсолутно еден приватен карактер (Владата од Букурешт ги имаше препорачано) за да не

[9] Славко Димевски, Историја на македонската православна црква, Скопје, 1989, 37.

[10] Францускиот вицеконзул, Белет де Буга, во 1856 г. напишал еден извештај за битолскиот пашалак, во кој дава драгоцени податоци за севкупната положба во Битолскиот вилает во тој период. За ова види: Извештај за Битолскиот пашалак на францускиот вицеконзул во Битола Белет де Буга од 1856 година, Редакција и превод Сузана Стамболиска, Скопје, 2005.

[11] А. Лажовски, op. cit., 15.

[12] К. Сидовски, op. cit., 267.

се користи со нивната работа католичката пропаганда. Според познатиот италијански публицист Амадори Вирџил, опатот Фавериал имаше пронајдено еден сојузник во познатиот Апостол Маргарит, којшто имаше започнато да создава една романска училишта пропаганда со помошта која пристигнувала од Романија. Но во исто време, бидејќи француско-романската пропаганда не беше едноставно националистичка, но исто така католичко-религиозна, работата на Фавериал и на Маргарит не беше ниту чисто национална, ниту ароманска, и се обраќаше исто така и кон Албанците. Толку повеќе што во некои аспекти можеше да се потврди дека во почетокот романската пропаганда рамнодушно се обрнувала кон Ароманците и Албанците.[13]

Тешкотиите што ги имала романската пропаганда ги принудувала нејзините активни дејци да бараат сојузници. Тие до крајот на 60-тите години избегнувале да соработуваат со растечкото македонско црковно, национално и просветно движење, и покрај тоа што успесите на последното, без сомневање, ги стимулираше и романските национални стремежи. Вниманието на Македоно-романскиот комитет од Букурешт и на нивните луѓе било насочено кон заедничко дејство со католичката пропаганда којашто пројавувала интерес кон Македонија уште од средината на 18-ти век, за да создаде унија со овдешните христијани.[14]

Ширењето на унијатството во Македонија не било плод на религиозни убедувања. Напротив тоа е политички мотивирано. Преку него се настојувало да се сочува посебноста на својот јазик и идентитет и решавање на македонското црковно прашање преку формирање на посебна македонска црква во унија со Римокатоличката црква.[15]

Природно во Букурешт знаеле за погубната последица, ако ги поттикнат сојузниците кон сојузување со Ватикан. Затоа ја допуштале можноста за соработка толку, колку што требало да го запази припаѓањето на Ароманците кон источното православие.

Раководни дејци од Македоно-романскиот комитет воспоставиле врски со настанетиот во 1857 г. во Битола француски лазарист

---

[13] Giovani Amadori VIRGILJI, La questione Rumeliota (Macedonia, Vecchia Serbia, Albania, Epiro) e la politica Italiana, Volume Primo, Bitonto, 1908, 621.

[14] За појавата на католичката пропаганда види: Историја на македонскиот народ, Том III, Скопје, 2003, 31-37.

[15] Ванчо ЃОРЃИЕВ, Унијатството во Македонија и Димитар Поп Георгиев Беровски, Историја, XLIII/1-2, Скопје, 2007, 11.

отецот Фавериал. Од средината на 60-тите години Апостол Маргарит се поврзува со него со намера заеднички да соработуваат, но неговите замисли не биле разбрани од некои луѓе, коишто побрзале да го оквалификуваат како агент на туѓа пропаганда. Јасно било дека иницијативата на Маргарит и на други дејци за зближување со Ватикан врз база на взаемни интереси ќе им создавало проблеми.[16]

Меѓутоа и покрај сето ова, продолжува соработката со лазаристите. Освен грчката пропаганда, веќе требало да се спречува активната дејност на Бугарската егзархија и на бугарската политика во Македонија. Во почетокот на 80-тите години мисијата на лазаристите си поставила амбициозни задачи да придобие колку што побрзо може Ароманци во крилото на Светиот престол, за да ги оттргне од преминување кон Бугарската Егзархија. Според Жеко Попов, во полза на католичката кауза работел Д. Стурѕа, министер за надворешни работи од 1882 г. Дејноста на католиците можела да ја олесни романската пропаганда, но истовремено таа навестувала раздор меѓу Ароманците и вплеткување во интересите на Ватикан. Последното предизвикало реакција кај романската дипломатија, која што не сакала да го допушти покатоличувањето на своите „сонародници" и нивното паѓање под австро-унгарско влијание, како Трансилванските Романци. На второ место, во текот на 1881 г. бил искажан стравот од тоа притисокот на мисионерите да не ги оттурне Ароманците кон Бугарската Егзархија. Со оглед на постоењето на противречност на интересите, А. Маргарит бил советуван да биде многу еластичен. Да продолжува да лавира и да извлекува одредени погодности, без да прифаќа било какви ангажмани. И тој успешно се справил со својата задача. Природно, положбата не ветувала трајна и сигурна соработка во постојните по 1878 г. политички услови.

Во периодот од 1875-1878 г. сосема слаби биле резултатите од соработката со католичките мисионери, предопределувани и од воздржаноста на владата во Букурешт. Треба да се каже дека напразно во некои извештаи од 1885 г. лазаристите тврделе дека речиси сите Ароманци биле придобиени за каузата на унијата.[17]

Нејасни останувале односите на Маргарит со католичките мисионери. По 1885 г. тие исто така ја активирале својата пропаганда меѓу Бугарите и Ароманците, потхранувајќи надежи за добивање на посакуваните резултати.[18]

---

[16] Ж. Попов, op. cit., 113.

[17] Исто, 138.

[18] Исто, 214.

За активностите на Маргарит зборувал и австрискиот вицеконзул во Битола, Окули, во 1870 г. Тој вели дека Маргарит соработувал со отец Фавериал со цел за заштита на ароманската национална кауза.[19]

Интересни се ставовите на Виктор Берар за дејноста на Апостол Маргарит. Тој двапати ја посетил Македонија (1890 и 1896) и имал можност од поблиску да се запознае со односите меѓу католичката пропаганда и романското преродбенско движење во Битола, како и со неговите поглавни дејци. Пријател на раководителот на лазаристичката мисија во Битола, отецот Фавериал, тој дознал доста подробности за дејците и настаните, коишто ги засегнувале обидите за унијатско проникнување меѓу Ароманците. Виктор Берар знаел дека Апостол Маргарит од почетокот на својата романско-преродбенска дејност во Македонија, Тесалија и Епир се имал свртено кон католичката пропаганда, а имено кон француските лазаристи, и дека им ветувал дека при прв погоден случај Ароманците ќе се свртат кон Рим. Благодарение на Фавериал и под негово име во Битола, под закрилата на лазаристичкиот манастир, била отворена првата романска гимназија. Но големата маса Ароманци го одбила католичкото покровителство и останале верни на православието.[20]

Наскоро меѓутоа Апостол Маргарит разбрал дека било бесмислено да го поддржува унијатското дело и дека усилбите во таа насока ќе му ја попречувале неговата национална задача, а имено народната преродба на Ароманците. Заради тоа тој го насочил своето главно внимание кон борбите против Патријаршијата и за создавање на автономна ароманска црква, дури со ароманси егзарх. За него станало јасно тоа коешто Густав Вајганд, добар познавач на ароманското прашање и на ароманското движење во Македонија, го беше установил при својата посета на Битола, а имено дека влијанието на лазаристите врз романските училишта во Битола претставувало суштествена пречка за нивниот развиток со оглед на тоа што православните Ароманци негативно се однесувале кон католицизмот. Иако отецот Фавериал бил домашен пријател на Ароманците, во Битола тој не можел да има успех, со оглед на тоа што тамошните Ароманци, особено богатите, биле патријаршисти.[21]

---

[19] M. D. Peyfuss, op. cit., 44.

[20] Кирил Патриарх Български, Принос към униатството в Македония след освободителната война (1879-1895), Доклади на френските консули в Солун, София, 1968, 234-235.

[21] Исто, 235.

Поради блиското пријателство и соработка на Апостол Маргарит со Фавериал, романскиот преродбенски деец бил осомничен дека работи во корист на католичката мисија и во согласност со францускoто пратеништво во Цариград. Во духот на идеите на Апостол Маргарит се појавила една проект програма за црковно-училишно ослободување на Ароманците од патријаршиското туторство. Тој проект бил даден на Фавериал, како што се тврдело во една брошура. Авторот на брошурата, пријател на Австрија и фанатично православен, го обвинувал Маргарит дека врши француски и папски интриги со оглед на една политика туѓа на Ароманците и дека никој во Романија не би го ополномоштил да работи за остварување на проектот на Фавериал. При тоа некакво писмо од 1884 г. на Апостол Маргарит го претставува како соработник на католичката мисија.

Меѓутоа во суштина Апостол Маргарит одамна престанал да верува во успехот на една влашка унија, но подеднакво се користел од услугите на Австријците и Французите, доколку тие можеле да бидат корисни за неговото дело.

Унијата меѓу Ароманците меѓутоа немала речиси никаков успех. По многу напори лазаристичката мисија имаше успеано да ги привлече кон Унијата Ароманците од едно корчанско село, но за кратко време, со оглед на тоа што селаните наскоро ја напуштиле.[22]

За активностите на Апостол Маргарит и Фавериал бил ангажиран и лазаристичкиот супериор од Солун, епископот Бонети, а за ова бил запознаен и секретарот на романската легација во Рим Обеденару.[23] Бонети имал намера во местото Мецово (Аминчу) да обезбеди архимандрит Ароманец, независен од Патријархот и еден свештеник назначен од Рим како врховен шеф за сите аромански општини. Но грчката страна тоа го оневозможила.

Од друга страна Австро-Унгарија активно работела меѓу Ароманците да го прифатат католицизмот. Пејфус зборува дека во 1883 г. речиси половина од населението на Периволи, на чело со попот Димитрие Константинеску, ја имало признато врховната власт на папата, меѓутоа единствено Константинеску му останал верен на католицизмот и не ѝ се вратил на православната црква. За ова нешто погоре е споменато и причините се наведени.[24]

---

[22] Исто, 236.

[23] M. D. Peyfuss, op. cit., 58.

[24] Исто, 60.

Исто така Пејфус наведува дека Бонети имал намера да инсистира кај француската влада да го именува А. Маргарит за вицеконзул на Франција.[25]

Во текот на м. октомври 1887 г. апостолскиот делегат во Цариград Бонети ги посетил Солун, Битола и Прилеп да проучи колку напреднал процесот за придобивање на дел од тоа население во унијата. Во текот на наредната година во тие места бил испратен како агитатор и еден Ароманец католик. Напорните усилби на католичките пропагандисти завршија без некој поголем успех, впрочем како што е споменато погоре.[26]

Настапувачката дејност на католиците не го воодушевиле особено многу водачот на Ароманците и неговиот пропаганден апарат. До кај 1890 г. Маргарит не брзал да ги прекине врските со нив, со оглед на тоа што располагал со слобода да ги заштитува културно-националните принципи и да стои на дистанца од религиозните амбиции на лазаристите. Сепак настојчивоста на католичката агитација го принудила да ја промени својата позиција. Со оглед на тоа што ги набљудувале врските на Маргарит со отецот Фавериал од Битола, некои ревносни патриоти-Ароманци изразувале сомнеж дека се претворил во агент на католичката мисија, поддржана од француската амбасада во Цариград. Тие обвинувања биле популаризирани во една брошура, отпечатена во крајот на 80-тите години.[27] Дел од обвинувањата станале познати и во Русија и давале можност да ги искористат за дискредитирање на владата и нејзината политика во Македонија.

Прашањето за настапувањето на католицизмот и за некакво соучество на Маргарит го фокусирал вниманието на некои дипломатски претставништва во Европска Турција. Најголема заинтересираност за спречување на евентуалното преминување на Ароманците во крилото на Светиот престол пројавувала руската дипломатија. Н. Скрјабин го предупредувал од Солун рускиот пратеник во Букурешт М. Хитрово и началникот на азискиот департмент И. А. Зиновјев за последиците од покатоличувањето на Ароманците. Патот, според него, кон тоа се пробивал преку покровителството на романската гимназија во Битола од страна на лазаристите, од привлекувањето на романските учители кон католичката црква во градот и

[25] Исто, 63.

[26] Кочо Сидовски, Мисијата на лазаристите и ароманското прашање во Македонија, Документи, VII/1, Скопје, 2010, 43.

[27] Ж. Попов, op. cit., 215.

паѓањето на А. Маргарит под влијание на лазаристите. При таквата положба на нештата Скрјабин советувал да се врши систематско влијание врз романската влада да ги оддалечува Ароманците од католицизмот. *„Преобразувањето на македонските Власи во католици - пишува Скрјабин на 15 декември 1887 до И. А. Зиновјев - ја ослабува нивната врска со православна Романија и ќе ископа длабока пропаст меѓу цивилизаторите и цивилизираните"*. Тргнувајќи од таа база руската дипломатија ревносно се грижела да ги попречува усилбите на лазаристите. М. Хитрово настојувал во Петроград благонаклонето да се гледа на романската пропаганда, којашто во извесна смисла се спротивставувала на притисокот на елинистичката пропаганда врз Македонците во јужна Македонија.[28]

Руската непомирливост кон покатоличувањето на Ароманците, солидните позиции на Егзархијата и спротивставувањето на патријаршистите ја разубедиле француската дипломатија дека и покрај оптимизмот на мисионерите, не може да смета на некаков сериозен успех. Тоа може да се види и од мислењето на Французинот Е. де Сент Мери. Во своето писмо од 4 ноември 1887 г. упатено до министерот за надворешни работи на Франција, Флуранс, тој пишува дека мисијата на лазаристите останувала многу проблематична. "Но ако се засилат надворешните влијанија и поспецијално во центарот на Македонија, да се надеваме дека религиозното прашање може да биде насочено и во друга насока и дека ниту Светиот синод, ниту романската влада ќе имаат достаточно сили да се борат против познати надворешни противници, чиешто влијание би можело веднаш да стане доминантно во Македонија". Не беше тешко да се открие дека определените „надворешни противници" се однесувале пред сè на сите Бугари. Во крајна сметка поради опасноста за судбината на романското национално дело и под дејство на определени дипломатски кругови, по 1891 г. А. Маргарит бил принуден да стои настрана од католичките мисионери, разделувајќи се од неговите долгогодишни сојузници.[29]

Меѓутоа треба да се каже дека во борбата водена од Маргарит на издавачко поле за просветување на јавното мислење во Османлиската империја и странство, тој имаше вреден и достоен соработник кај шефот на француските лазаристи Фавериал. Со поддршка на отецот Фавериал издејствува да бидат објавени во Брисел и во Цариград книги и брошури на француски јазик, во кои училиштата

---

[28] Исто, 215-216.

[29] Исто, 216.

беа бранети топло и аргументирано. Благодарение на создадените врски, можеше да ја има поддршката на печатот во Цариград, Виена, Берлин и другите културни центри. Воспостави присно пријателство со Жан Пиетри, политички директор на францускиот весник во Цариград „Куриер д'Ориент".[30]

Интересни се согледувањата за ставовите на католичката пропаганда кон ароманското прашање и проблематиката поврзана со Мегленитите. Така генералниот инспектор Хилми-Паша го информира романскиот претставник во Солун дека „Има неколку дена кога дојде кај мене еден овдешен свештеник (од Солун) кој ми кажа дека поголем број на Мегленити сакале да се прогласат за „унијати" признавајќи го како верски лидер папата од Рим и дека ќе ми поднесат петиција во тој смисол; исто така ме праша дали царските власти ќе стават пречка на таквите барања. Му одговорив на католичкиот свештеник дека во Турското царство сите религии (се) толерирани и ништо повеќе".[31] Истовремено, турскиот претставник го прашал К. Г. Јонеску дали слушнал за ваквото прашање и дали има за покренување на одредени барања во тој смисол, од страна на католичките мисионери меѓу Мегленитите. Овој му одговорил дека не слушнал за некакво барање и сметал дека: *„Идејата за Унијатење сосема малку ќе фати кај овдешните Ароманци кои знаат да си ја зачуваат цела верата оставена од своите предци"*. А потоа - продолжува К. Г. Јонеску - ароманскиот народ од Царството има интерес да не се подели на делови во врска со прашањето за верата, оти ќе ослабне во секој поглед. Ароманците се убедени дека Н. В. Султанот ќе им ги даде сите верски права а според тоа немаат потреба за посредување на католиците за тоа. Од своја страна Хилми-Паша сметаше дека не гледа кои предности би можеле да ги имаат Мегленитите кои се во затвор (околу 70 Мегленити биле обвинети дека божем учествувале во нападот извршен од македонските револуционери против мудирот во Ноти, во кои беа убиени седум војници) во Гевгелија и Солун за кои претставникот на Романија сметаше дека се невини а тие станаа жртва на интригите скроени од Грција ако преминат во закрилата на папата, затоа што ако доколку се докаже дека се виновни сигурно ќе треба да бидат казнети.[32]

[30] Николае Џорџеску, Еден човек за во историјата: Апостол Маргарит, Документи, II/2, Скопје, 2005, 55.

[31] Вирџил Коман, Црквата – одредувачки фактор во афирмирањето на националниот идентитет на Мегленитите на почетокот на XX век, In: Документи, II/3, Скопје, 2005, 14.

[32] К. Сидовски, Мисијата..., 45-46.

Треба да се спомени дека битолските Ароманци имале пријателски настроенија кон француските мисионери но тие главно се засновале на интересите на Ароманците кон францускиот јазик, зошто било познато дека Ароманците непомирливо се спротивставувале на католичката пропаганда.[33]

И покрај тоа лазаристите продолжувале да пројавуваат голем интерес кон дејноста на А. Маргарит, не напуштајќи ја надежта да ги привлечат кон унијата незадоволните Ароманци од Цариградската патријаршија. Пак и самиот А. Маргарит ја беше побарал поддршката на лазаристите и, како што францускиот конзул во Солун Лакретел на 10 декември 1890 г. известувал во Париз, тој ѝ дал на мисијата до знаење дека би можел да ѝ биде сојузник. Лазаристите сметале да извлечат полза за своето дело од блиските, сојузнички односи со романското движење. А. Маргарит меѓутоа добро знаел дека неговото романско преродбенско дело би било осудено на целосен неуспех, ако тоа би создавало услови за напредок на унијата кај Ароманците. Поради тоа тој се држел настрана од религиозните прашања и на својата дејност и давал национално-политички карактер. И покрај надежите на лазаристите, Ароманците ретко се решавале да се покатоличат, како што и самиот француски конзул во Солун можел да забележи. Меѓутоа верна била констатацијата на Фавериал за симпатиите на битолските Ароманци кон Франција и францускиот јазик, меѓутоа не засегнувајќи го религиозното прашање. Само така тие го прифаќале француското културно и политичко влијание.

Но дали во текот на 1891 г. барем според лазаристичките мисионери, постоела можноста за унијатско движење меѓу Ароманците во Македонија? Се верувало дека таква можност постои, ако се имало предвид една изјава на султанот, направена на папскиот апостолски викариј во Цариград, Бонети, писмено соопштена од него на началникот на лазаристичката мисија во Битола, која што пак од своја страна ја направил достапна на управителот дека Ароманците се борат против нивното грцизирање, од каде им доаѓало и нивното расположение кон католицизмот. Тоа се појавило и во печатот, уште една празна надеж била одгреана.[34]

Во секој случај по 1885 г. влијанието на католицизмот меѓу Ароманците постепено се намалува. Настапуваат и нови тенденции во надворешната политика на Романија. Таа ги засилува своите врс-

---

[33] Исто, 46.

[34] Исто, 47.

ки со Портата, и како резултат на тоа успева да ги прошири правата на Ароманците во Македонија, Епир и Тесалија. Во текот на 1892 г. романската влада на конзервативците отвора конзулат во Битола. Тоа било диктирано од нејзината идеја за децентрализација на романската пропаганда, која ќе биде раководена на местото од ароманските општини. Но набргу станува јасно дека општините не можат да бидат создадени поради непризнавањето на романските цркви од Вселенската патријаршија. Дојдената на власт во текот на 1895 г. нова влада на либералите на чело со Д. Стурдза, во текот на наредната година го затвора битолскиот конзулат. Премиерот имал намера да го зачува раководството на движењето во рацете на А. Маргарит поради неговите врски со католичките мисионери, како и со конзулите на Франција и Италија. Меѓутоа во крајот на 19-тиот век А. Маргарит поради некои слабости го губи авторитетот и влијанието кај учителите. Тоа предизвикало тревога во францускoто и италијанското конзулство во Солун и кај нивните вицеконзули во Битола, со оглед на тоа што тој за нив е единствената надеж за успех на унијатското дело. И покрај убеденоста на Букурешт дека не е возможна промена во исповедувањето на верата на Ароманците, Маргарит сметал дека треба да се направи сето можно за да биде отфрлен фанариотскиот гнет.[35]

Треба да се истакне дека Бонети во 1887 г. ги посетил Битола и Прилеп. Со посетата се настојувало да се разгледаат можностите за унија и таа добила карактер на голема свеченост но по се изгледа дека Бонети бил скептичен и немал надежи за успех. Меѓутоа тој истакнал дека од романските училишта во Македонија би можеле да бидат регрутирани кандидати за свештенство, кои по ракополжувањето би ги воделе Ароманците кон обединување со Ватикан.[36] Последниот посериозен чекор за унија бил направен во 1888 г. кога во Македонија, со мисија да се занимава со ароманското прашање, бил испратен Амброзио Врета, Ароманец од Битолско кој образованието го добил во католичкиот колеџ во Рим. Но бидејќи немал никаков успех Врета набргу се вратил во Италија.

Единствен исклучок бил Фавериал, којшто до крајот на својот живот во 1893 г. работел на проектот за основање на семинарија, пишувал црковни книги на ароманскиот јазик,[37] и верувал дека унија-

[35] Г. Даскалов, op. cit., 78.

[36] Н. Минов, Влашкото прашање..., 207.

[37] Еден од нив е и: Аромански Катехезис за потребите на свештениците (еден необјавен ракопис, Битола 1891). Кај нас книгата е издадена во Скопје, 2008. Види и: К. Сидовски, op. cit., 120.

та сѐ уште е можна, но веќе на сите им било јасно дека пристапувањето кон унијата од страна на Ароманците било неостварливо. Силните напади што ги доживувал Маргарит, кои доаѓале и од страна на членови на романската партија, го увериле ароманскиот деец дека било бесмислено да работи на унија со католичката црква и дека влијанието на лазаристите претставувало суштествена пречка за развитокот на националното дело. Верата на православието била премногу силна кај Ароманците. Според српскиот конзул во Битола, Димитрие Боди се забележува дека католичката пропаганда и во 1891 г. манифестирала симпатии кон Ароманците но симпатиите не биле возвратени, бидејќи тие никогаш не би се согласиле да станат католици. Тие би прифатиле да излезат од крилото на Патријаршијата *„но само доколку новата црква на која ќе ѝ пристапат биде православна."*[38] За неуспехот да се привлечат Ароманците во унијата влијаеле и странските политички фактори. Според рускиот конзул во Битола, Ростковски, рускиот конзулат во градот силно влијаел да биде оневозможена унија меѓу Ароманците и католиците.[39] Но практично одвај рускиот дипломат би можел да биде сигурен дека Маргарит дефинитивно ги прекинал своите врски со католичката пропаганда. Жеко Попов вели дека во почетокот на 1899 г. истиот констатирал поинаква положба за кое нешто подоцна ќе стане збор.[40]

Раскинот бил конечен. Соработката меѓу Ароманците и католиците не ги дала посакуваните резултати. Црковната унија со католиците не ги задоволиле барањата на Ароманците. Тие веќе се обрнуваат кон создавање на ароманска црква предводена од ароманскi митрополит.

## б) Борбата за сопствена ароманска црква

Создавањето на ароманска епископија во Македонија беше една од целите пропишани во Уставот на Македоно-романското друштво за култура. Пред избувнувањето на Големата источна криза 1875-1878 г. фактички не суштествувале услови за активирање на ароманското црковно прашање. Но констелацијата на меѓународните односи по Берлинскиот конгрес, вклучително и тензичните грч-

[38] Н. Минов, Влашкото прашање..., 208.

[39] Ж. Попов, op. cit., 391.

[40] Исто.

ко-турски односи, создале поволна клима за лансирање на идејата за ароманска црква пред османлиските и европските политички фактори.[41]

Апостол Маргарит ќе биде еден од главните столбови во битката за конституирање на независна ароманска црква. За остварување на таа цел тој борбата ќе ја префрли на дипломатски терен во Цариград.

Инаку треба да се каже дека од 1879 г. започнала продолжителна борба за автономна романска црква во Македонија и во Епир. Маргарит и неговите приврзаници го засновале своето барање со фактот дека до присоединувањето на Пеќката во 1765 г. и Охридската патријаршија во текот на 1767 г., кон Цариградската патријаршија, Ароманците во Европска Турција располагале со свои цркви и свештеници.

Како последица од ова црквите биле узурпирани од страна на Грците и затоа било редно Ароманците да си ги повратат правата. Во текот на 1880 г. А. Маргарит упатил до Високата Порта петиција за основање на романска епископија, одделена од Патријаршијата. Од Високата Порта му било ветено дека ќе обрнат внимание на барањето, но патријархот се спротивставил. Прашањето било заплеткано и некои странски дипломати се сомневале дека тоа може наскоро да се реши. Меѓу нив бил и тамошниот француски претставник којшто ги укорувал Ароманците заради максимализам, барајќи привилегии за себе за сметка на другите националности, наместо да работат во еднакви услови за своето духовно усовршување.[42]

Без да го чека благословот на Патријаршијата, во текот на 1880 г. романскиот конзул во Солун, Г. Де Линш, повикал од Букурешт романски свештеници и ги назначил на работа во ароманските села во Македонија. Овој настан бил првиот пробив во непријателското опкружување на Грците, подготвувајќи ја основата за идното отворање на романска црква во градот.[43]

Во 1881 г. Патријаршијата ја засилила борбата против ароманското население. Биле отфрлени молби од Крушево, Охрид, Солун и други места за да се користи романскиот јазик само при религиозни служби. Против чекорите се преземале строги мерки. Во низа места - Костур, Влахоклисура, Гопеш, Охрид, Москополе, Моло-

[41] Н. Минов, Влашкото прашање..., 209-210.

[42] Ж. Попов, op. cit., 125.

[43] Исто, 126.

више, Гревена и др.-биле затворени ароманси свештеници и ги малтретирале.[44]

Во 1884 г. ароманската општина во Крушево се придружила на Егзархијата. Во продолжение на две години егзархот Јосиф ги заштитувал правата на Ароманците од тој град за возобновување на затворената од страна на грчкиот владика нивна црква. Во врска со ова рускиот конзул во Битола Г. Ростковски ќе рече: *„Бугарите, сакајќи да ги обезсилат своите непријатели Грците, со радост започнаа да им помагаат на Романците. Издејствувале за нив дозволи за изградба на цркви и поставување на свештеници”*.[45]

Во текот на 80-тите и 90-тите години на 19-тиот век романската политика својата ударна цел ја поставува врз воведувањето на романскиот јазик при богослужбата во црквите на ароманските населби. Месните патриоти ја активизираат својата дејност. Сред нив се наоѓал веќе споменатиот Д. Константинеску. Откако во текот на 1881 г. с. Велестино било вклучено во границите на Грција, тој го напушта и се востановува како учител во гревенското село Периволи. По низа неприлики во текот на 1883 г. се враќа во Периволи и отвора ароманско училиште и започнува да служи на ароманси јазик во селската црква „Св. Пантелејмон”. Поради ароманскиот натпис над влезот, гревенскиот митрополит Кирил откажува да ја освети. На 26 јули истата година тој пристигнува во селото и служи во црквата „Света Петка” по случај на нејзиниот патронен празник. Поради тоа што мнозинството од месните селани се на служба во другата, во „влашката црква” ги проколнува и анатемисува. Наклеветен од митрополитот, во текот на октомври 1883 г. Д. Константинеску е уапсен и испратен во грчкиот манастир Заборда.[46] Тука тој бил подложен на малтретирање, тиранија и крвничко тепање. По дипломатската интервенција на Букурешт бил ослободен и од април 1884 г. повторно го отвора ароманското училиште во Периволи и служи на ароманси јазик во црквата „Св. Пантелејмон”.[47]

По барање на А. Маргарит, Д. Константинеску заминува за с. Клисура, Костурско, каде на 6 декември 1884 г. заедно со свештеникот Никола Флеза ја води црковната служба во црквата „Св. Димитрија”. Пристигнува и костурскиот митрополит Филарет со голема свита, придружен од многу Ароманци гркомани и турски офицер со

[44] Исто, 132.

[45] Исто, 135.

[46] Д. Константинеску, op. cit., 21.

[47] Исто, 31.

20 војници. Митрополитот наредува Ароманците да ја напуштат црквата. Кога тие откажуваат да го направат тоа, предводените од него лица се нафрлуваат врз нив. „Тогаш настана едно тепање меѓу жените Ароманки и архиерејот - напишал Д. Константинеску во својата биографија - а заради пискотот, којшто се слушаше, се вмешаа органите на власта и влегоа во црквата, ги разделија тие што се тепаа и нè спасија нас Ароманците од сигурна смрт, зошто бевме малку, а непријателите беа вооружени со ножеви, револвери и со боцки на бастуните. По овој настан валијата нареди во црквата „Св. Никола", да служат една недела „Грците и една недела Ароманците". Таквата положба останала до почнувањето на Балканската војна.[48]

Уште поголем успех е постигнат во с. Периволи. Во текот на 1887 г. Ароманците националисти успеваат да се договорат со своите „браќа гркомани" и да одржуваат црковна служба во централната црква „Св. Петка", а не како дотогаш во малата крајселска црква „Св. Пантелејмон". На крајот на краиштата и двете цркви, како и месното училиште се признати официјално од османлиските власти за аромански. На 26 јули 1890 г. за патрониот празник на храмот „Св. Петка" во селото пристигна гревенскиот митрополит Климент. Претходниот услов да не го споменува во време на црковната служба ниту еднаш „Господи, помилуј" на аромански предизвикува незадоволство кај дел од населението. Започнала меѓусебна расправа меѓу Ароманците националисти и гркомани. Неколку младинци од аромански патриотски семејства го напаѓаат домот, каде што отседнал митрополитот, и го малтретираат. Заради тоа биле затворени три месеци во затворот во Гревена. Во текот на следната година по повод истиот празник во Периволи пристигнува неговиот протосингел Вангелис. Неговиот обид да ги прогони ароманските свештеници од црквата е неуспешен. Тој не само што не успева да влезе во црквата, но бил и тепан и искубан од жените.[49]

Треба да се спомене дека на 16 јуни 1889 г., без посериозна дипломатска иницијатива од романска страна, патријархот Дионисиј Петти дозволил употреба на ароманскиот јазик во местата каде што членовите на романската партија сами си ги изградиле црквите, под уште еден услов црковните книги да бидат користени само откако би биле одобрени од Патријаршијата. Никола Минов смета дека причината за ваквото решение на цариградскиот патријарх треба да се бара во појавената бугарска иницијатива за добивање на

---

[48] Исто, 33.

[49] Г. Даскалов, op. cit., 80.

берати за егзархиски митрополити и во сѐ поизразената тенденција кај Ароманците да го признаваат бугарскиот егзарх за свој религиозен поглавар.[50]

На почетокот на 1890 г. романската дипломатија започнала посериозна активност за признавање на ароманski митрополит во Османлиската империја. Кон крајот на октомври и почетокот на ноември Маргарит два пати бил примен на аудиенција кај Големиот везир Ќамил паша, кому му ги искажал желбите на Ароманците да имаат во црквата служба на мајчин јазик и нивна црковна хиерархија. На 10 ноември романскиот амбасадор се сретнал со Ќамил паша кој предложил Ароманците да испратат молба до османлиската влада со која ќе побаруваат именување на ароманski митрополит, којшто подоцна би ја протуркал.[51] Меѓутоа сите надежи од романска страна биле напразни.

Пионерот на ароманското просветно дело Д. Атанасеску се обраќа со молба до Високата Порта да одобри романски црковни книги, коишто се прифатени од романскиот Свет синод. Со султанско ираде на 21 јуни 1891 г. на Ароманците им е признато правото не само да служат во црквите на својот мајчин јазик, но и да имаат романски црковни книги, ако се одобрени од патријархот.[52]

Во февруари 1891 г. била доставена петиција во која Ароманците од Влахо-клисура, Гревена, Невеска, Гопеш, Моловиште, Крушево и Прилеп ја молат Високата Порта да дозволи богослужба на ароманski јазик, повикувајќи се на фактот дека во Мала Азија имало народи кои ја признавале Патријаршијата, а сепак богослужеле на мајчин јазик.[53] Во некои општини доаѓа и до борби меѓу приврзаниците на ароманското национално дело и Ароманците Гркофили.[54]

На 20 јули 1892 г. шест ароманski делегати со полномошно потпишано од 5,000 нивни сонародници, испраќаат молба до султанот за добивање на свој црковен поглавар со титула „митрополит-примат”, чиешто седиште да биде во Цариград. Тој требало да има право да стапува во контакт со османлиската влада, да поставува ароманski епископи во вилаетските и санџакските центри. Вселенската патријаршија била принудена да направи некои отстапки. Пов-

[50] Н. Минов, Влашкото прашање..., 211.

[51] Исто, 212.

[52] Г. Даскалов, op. cit., 80.

[53] Н. Минов, Влашкото прашање..., 214.

[54] Н. Попникола, Моловиште..., 128.

торно е потврдена веќе дадената дозвола во патријаршиските цркви во некои аромански краишта да се служи и на аромански јазик и нивниот број достигнува 25.[55]



Крушево

Гореспоменатата петиција била примена од министерот за надворешни работи Дервиш паша, кој ветил дека Ароманците ќе имаат свој духовен поглавар со право да престојува во Цариград и да се користи со истите почести како и екуменскиот патријарх и бугарскиот егзарх. И покрај многукратните настојувања на Митилинеу, дури во крајот на септември Големиот везир му заповедал на министерот за надворешни работи да го запознае патријархот со барањето на Ароманците и да бара патишта за решавање на прашањето.[56]

До крајот на 1892 г. Високата Порта не постигнала никаков напредок во контактите со Патријаршијата. Неуспесите го принудиле Големиот везир да им предложи на Ароманците компромисна формула-назначување на владици под власта на Патријаршијата, но за тоа било неопходно ароманска делегација да преговара директно со патријархот Неофит.[57] Дури на 2 јануари 1893 г. патријархот ја искажал својата согласност да ги прими пратениците на Ароманците. На 21 април Неофит ја примил делегацијата, пред која ја изразил својата наклонетост да назначи во Битола романски владика

[55] Г. Даскалов, op. cit., 80.
[56] Ж. Попов, op. cit., 240-241.
[57] Исто, 241.

под делокругот на Патријаршијата.[58] Но делегатите не се согласиле со ваквото решение на главното прашање. Во м. октомври Митилинеу го посетил султанот Абдул Хамид, за да побара неговата интервенција. Султанот ја потврдил својата благонаклонетост кон барањето на Ароманците, но важни околности го принудувале да дејствува спокојно и со такт. Според него, давајќи им широки права на Ароманците, би ги стеснил правата на грчката црква, нешто што би предизвикало грчки протести во престолнината и провинцијата и вмешување на големите држави. Затоа најдобро би било Ароманците да бараат патишта за договарање со Патријаршијата - заклучил Абдул Хамид.[59]

Имајќи ги во предвид ваквите околности романските владини кругови започнале да размислуваат за поинакво решение. Есента 1893 г. Маргарит стапил во контакт со бугарскиот егзарх Јосиф со предлог егзархиските митрополити во Македонија да ја преземат јуриздикцијата врз постоечките аромански месни цркви. Внимателен за да не биде обвинет од страна на Високата Порта и Патријаршијата дека се меша во црковни работи што не се во негова надлежност, Јосиф го упатил Маргарит на текстот од неговиот Ферман според кој јуриздикцијата на Егзархот била ограничена исклучиво на бугарските општини и ја одбил понудата. Тој сепак го советувал Маргарит да придобие некој од патријаршиските митрополити, како што своевремено направиле и Бугарите кога успеале да го врбуваат патријаршискиот митрополит Антим. Антим долги години бил на чело на различни диецези. Хиротонисан за свештеник и архиерей од Патријаршијата, охридско-преспанскиот митрополит истовремено го поседувал и потребниот берат од Високата Порта.[60] Инаку Антим бил на чело на Охридско-преспанската епархија од 1892 до 1895 г. и повеќе пати се покажал толерантен кон Ароманците-националисти во Крушево каде што била неговата резиденција. Пејфус наведува дека Антимос бил од албанско-романско потекло и од Романците бил наречен Антим.[61] Инаку Високата Порта нагласувала повеќе пати дека за оваа функција доаѓал предвид само османлиски државјанин, но во Романија ова не било прифаќано. Училишните ефории во Македонија ја наметнувале кандидатурата на свештеникот од Будимпешта, Јон Георгиаде Мурну, кој веднаш бил одбиен од Маргарит. На тој начин се продлабочиле противречностите

[58] Исто.

[59] Н. Минов, Влашкото прашање..., 219-220, белешка 297.

[60] Исто, 220-221.

[61] M. D. Peyfuss, op. cit., 60; Н. Минов, Влашкото прашање..., 129.

коишто одзеле драгоцено време. Вистинскиот мотив се криел во конфликтот којшто одамна тлеел меѓу Маргарит и училишните ефории, како и во личниот конфликт меѓу Маргарит и Мурну кој датирал од 1883 г.[62]

Новата влада на Стурдза се обидела да го компензира загубеното време и да преземе поактивен курс. Од Цариград бил отповикан амбасадорот со грчко потекло Митилинеу, кого Маргарит го обвинувал дека не се залага доволно за црковното прашање. На негово место доаѓа искусниот дипломат Трандафир Џувара, Ароманец по потекло од Македонија. Во 1896 г. Џувара бил инструиран од Стурѕа да работи по митрополитското прашање. На 26 мај истата година Џувара и врачил на Високата Порта специјален меморар за назначување на романски митрополит, потчинет на османлиската влада. Во очекување на одговорот од султанот Абдул Хамид и неговата влада, Ап. Маргарит успеа да најде соодветен кандидат во лицето на Антим. Добивајќи солидна сума од половина милион франци тој ги прекинал своите односи со Патријаршијата и се ставил на услуга на романската кауза во Македонија.[63]

Џувара успеал да издејствува Антим да отслужи на романски јазик на 18 ноември во романската црква во дипломатскиот кварт Пера во Цариград. А вечерта на истиот ден 4 делегати од Македонија и Епир потпишале протокол за избирање на Антим за романски митрополит во Османлиската империја.[64] По два дена делегацијата го известила Големиот везир за изборот на Антим и побарала официјално признавање на митрополитот со берат. Веднаш потоа кај везирот Халил Рифат паша пристигнал и романскиот амбасадор кому везирот му ветил брзо привршување на формалностите и го успокоил дека Патријаршијата не може да направи ништо освен да ја прифати реалноста.[65] По неколку дена била целосно опремена и романската капела во која Антим, придружен од двајца свештеници, непречено извршил литургија во својство на романски митрополит-примас. Таа се наоѓала во дипломатскиот кварт Пера. Дознавањето за оваа радосна вест испратена од Џувара во Букурешт предизвикала бран на ентузијазам. Министерот за надворешни работи Стојческу побрзал да објави дека Султанот го признал Антим за романски митрополит. По објавувањето на оваа вест, во парламентот сите

[62] Н. Минов, Влашкото прашање..., 221-222.

[63] Исто, 223.

[64] Детален опис за овие настани има кај: Н. Минов, Влашкото прашање..., 223-225, а особено белешка 311.

[65] Н. Минов, Влашкото прашање..., 225.

пратеници, ракоплескале и извикувале „Да живее султанот".[66] Подоцна според кажувањата на Титу Мајореску, таа била една од најчудните сцени во историјата на романскиот парламент.[67]

Меѓутоа Џувара известувал од Цариград дека Антим сѐ уште не е признаен од османлиските власти а Султанот не ни знае за случката, но веќе било доцна. Во Романија веќе се прославувало непризнатото признавање на Антим за романски митрополит.[68] Ваквото однесување на Романија само го усложнувало црковното прашање. Букурешт бил обвинет од османлиските власти дека објавил нешто што не било одобрено од султанот и дека само ја предизвикал Цариградската патријаршија. Изградбата на романската капела Патријархот ја прогласил за незаконска и организирал протест на грчкото население во Цариград токму пред капелата. Грчкиот пратеник во Цариград Маврокордато и навестил на Портата дека доколку прашањето за романски митрополит биде решено без да биде консултиран патријархот, ќе дојде до масовен бунт на Грците во Цариград, а Патријаршијата повторно ќе ги затвори сите цркви.[69] Високата Порта го поврзувала решавањето на ароманското црковно прашање со потпишување на одбранбен договор меѓу Османлиската империја и Романија, но Романија тоа го одбила. Во еден свој извештај од 27 декември Џувара го известувал министерот за надворешни работи Стојческу дека Големите сили направиле се да го оневозможат романскиот триумф во врска со ова прашање. Тука пред се мисли на Русија и Франција. Рускиот амбасадор Александар Нелидов го посетил султанот и му нагласил дека православните закони не дозволуваат истовремено постоење на двајца православни епископи во еден град. Џувара бил известен за позицијата на Франција и Русија, која според него се стремела да ја претвори Патријаршијата во Севселенска Словенска Патријаршија и неколкупати известува дека двете сили силно лобирале кај султанот да не го признае Антим. Во секој случај единствената придобивка до 1897 г. било решението на султанот 5 или 6 ароманси ученици да можат да учат во османлиските средни училишта со што „Македо-романците индиректно биле признаени за посебна националност".[70]

Меѓутоа на дипломатски план Романија се обидела во врска со ова прашање да добие поддршка од Виена и Берлин но под изго-

[66] Исто.

[67] Исто.

[68] Исто.

[69] Исто, 226.

[70] Исто, 227.

вор дека посебно Австро-Унгарија се спротивставувала на разрешувањето на аромнаското црковно прашање не можело ништо да се постигне. Изговорот бил дека Русија силно се спротивставувала на романските претензии. Меѓутоа се појавуваат и мислења дека Австро-Унгарија се противела на разрешување на ароманското црковно прашање со намера да ги натера Ароманците да го прифатат католицизмот.[71]

Треба да се истакне дека за време на грчко-турската војна од 1897 г. одреден број Ароманци ја помагале османлиската војска со одредени намирници и дури директно се вклучувале во борбените дејства.[72]

По нерешавањето на ова прашање во Романија веќе настапила нервоза. Стурѕа не можел да се помири со фактот дека прашањето не се решава. Во Букурешт биле организирани студентски демонстрации насочени против владата и Апостол Маргарит. Романскиот премиер ја признал вистината дека во македонското прашање во последните децении сѐ се врти околу признавањето на правото на романски митрополит, но дека не гледал позитивна иднина за црковното прашање.[73]

Романија го претпоставила решавањето на ароманското црковно прашање на своите стратешки и геополитички интереси. Романија можела евентуално да го реши проблемот доколку го прифатела османлискиот предлог за одбранбен сојуз, но романските државници не сакале да ризикуваат и прашањето повторно било оставено за „подобри времиња".[74]

## в) Развитокот на просветното дело од 1880 до 1897 година

Во текот на последните 15 години на 19-тиот век училишното дело на Ароманците во Епир и Македонија ја достигнува својата врвна точка. За тоа придонесоа и политичките околности кои тогаш настанаа во Османлиската империја. По потпишувањето на грчко-турскиот договор од 1881 г. за приклучување на дел од Тесалија кон Османлиската империја, биле стабилизирани и грчко-турските односи, што на грчката пропаганда и овозможи проширување и зац-

[71] M. D. PEYFUSS, op. cit., 69.

[72] Н. МИНОВ, Влашкото прашање...,291-292.

[73] Исто, 231.

[74] Исто.

врстување на позициите во Македонија. Бројот на грчките друштва пораснал за повеќе од двапати а бројот на грчките училишта во македонските вилаети се зголемил за речиси четири пати.[75] Унапредувањето на меѓусебните односи на Цариград и Атина негативно влијаеле врз развивачката романска пропаганда и романското училишно дело во Османлиската империја.

За време на владеењето на либералната влада на Јон Братиану, неколкупати биле зголемени буџетските средства наменети за пропагандни цели во Европска Турција, но резултатите биле скромни. Така во учебната 1882/1883 г. романската влада издвоила 80.000 леи за пропагандата во Македонија. Во 1885/1886 средствата биле зголемени на 81.000 леи, а следната 1886/1887 година на 144.500 леи.[76]

Нико Попникола наведува дека според историчарот Василе Диаманди Аминчанул, првото регуларно училиште во селото Моловиште е отворено во 1880 г. Бројот на учениците кои учеле во тоа училиште бил варијабилен. Така, Густав Вајганд кој го посети тоа село во текот на 1889 г. забележал дека во тамошното училиште имало 3 учители, 1 учителка, во кое учеле 50 ученички и 93 ученици. Во истото време во грчкото училиште во селото имало два учители и една учителка, а за бројот на учениците и ученичките кои учеле во тоа училиште не дава никакви податоци.[77]

Есента 1882 г. Венера Ќирку и Фанија Папакостеа отвориле романско основно училиште за девојчиња во Моловиште. Папакостеа успеала за кратко време да ја придобие довербата на најголемиот број семејства, кои започнале да ги испраќаат своите ќерки во романското училиште. Бројот на ученици во грчките училишта во Моловиште значително опаднал и во 1883 г. Грците биле принудени да затворат две од четирите грчки училишта во селото.[78]

Бугарскиот историчар Георги Барболов пишува за состојбата со училиштата кои работеле во село Моловиште. Тој наведува дека: *„Младите Ароманци кои учеле во Романија и кои потоа се враќале во Македонија, и покрај тоа што тие биле Ароманци, биле дочекувани како луѓе кои таму ги презентирале туѓите интереси. Трговците од селото Моловиште за секоја услуга што тие им ја вршеле на нив, им наплаќале поскапо. Во една таква ситуација започ-*

[75] Исто, 247.

[76] Исто, 248, белешка 395.

[77] Н. Попникола, Моловиште..., 125-126.

[78] Н. Минов, Влашкото прашање..., 248, белешка 397.

*на да работи и учителот Гушу Папакостеа-Гога. За разлика од него, неговите противници Грците, на располагање имале повеќе пари од ароманските учители кои имале само добри желби и мали плати од 120 леи месечно, што им ги давала Романија. Во тоа време грчките учители имале подолга традиција на елинизмот и Ароманците имале само право и помош од Севишниот...”*[79]

Поради тоа што во Моловиште, слично како и во останатите аромански села, отпочнале паралелно да се отвораат и грчки училишта, автоматски и самите моловиштани започнале да се делат на гркомани и романофили, а со тоа меѓу себе создале голема омраза и како резултат на таквата состојба започнале и физички да се пресметуваат. Започнале да се тепаат комшија со комшија, братучед со братучед па дури брат со брат. Во тие расправии и тепачки, понекогаш се случуваше да дојде и до убиства. Во секој случај сигурно е дека за таквата состојба во селото Моловиште придонесе како грчката така и романската пропаганда, кои настојувале да ги придобијат жителите на Моловиште на нивна страна, да се декларираат дека се Грци односно Романци.[80]

Во 1884 г. Димитри Чикма отворил романско училиште во Турја, посетувано од момчиња и девојчиња. Во првата година училиштето го посетувале само 25 ученици. Гревенскиот митрополит го обвинил учителот Чикма пред локалните власти дека со отворањето на училиштето го нарушувал јавниот поредок, но и покрај силната опозиција од локалната грчка партија и грчкото свештенство, училиштето во Турја продолжило да работи без прекин. Во 1891 г. било основано и училиште за девојчиња и во двете романски училишта во Турја училе 102 момчиња и девојчиња. Бројот на ученици постојано растел и во 1897 г. романската партија го зазела општинското училиште во селото.[81]

Позначителен успех на училишен план бил постигнат во местата надвор од границите на Македонија. Зимата 1882/1883 г. Јоан Шому Томеску отворил романско училиште во Влахојани (османлиски дел на Тесалија). Тоа било сезонско и работело до пролетта 1890 г. Во 1883 г. Ташку Илиеску добива дозвола од властите да основа романско училиште во Цариград. Во периодот од 1883 до 1887 г. училиштето работело регуларно по што било затворено иако во буџетот за романските училишта во Османлиската империја фи-

[79] Н. Попникола, Моловиште..., 127.

[80] Исто.

[81] Н. Минов, Влашкото прашање..., 255.

гурира сè до 1901 г. Во 1883 г. петкласно романско училиште било отворено во Пљаса (Албанија).[82] Во 1884 г. отецот Хараламб Баламаче отворил романско училиште во Корча (Албанија).[83] Во 1886 г. Јоан Хондросом отворил четирикласно романско училиште во Јанина.[84] Во 1887 г. романско училиште било отворено и во селото Флору (Јанински вилает). Најзначаен успех во овој период претставува отворањето на романската гимназија во Јанина. Петкласното средно училиште било отворено во учебната 1887/1888г., по заслуга на Јоан Хондросом. Инаку бројот на учениците бил многу мал. Во првата година во гимназијата биле запишани само 14 ученици, исто колку што имало и следната 1888/1889 г.[85] Инаку меѓу професорскиот кадар се забележуваат познати и способни личности како Никола Бацарија. Тој е роден во Крушево а почина во Букурешт во 1952 г. Основно образование завршува во Крушево и аромански лицеј во Битола, студира во Букурешт, каде што се запишува на тамошниот правен факултет. Немајќи средства за живот ги прекина студиите и започна да работи, отпрвин како професор, потоа како директор на аромanskиот лицеј во Битола и на крајот како инспектор на ароманските училишта во Косовскиот и Солунскиот вилает. Покрај Никола Бацарија тука работеле и познатите Јоан Чули, Јанаки Манаки и Нуши Туљу.

Меѓутоа во овој период доаѓа до политички промени во Романија. Во 1888 г. на власт во земјата дошла конзервативната партија, која управувала сè до 1895 г. Промената на власта предизвикала и промена во политиката кон романското училишно дело во Македонија. Таканареченото „Македонско прашање” во Романија им носело на романските либерали огромни политички поени. Конзервативната влада за да ја засили својата позиција се нашла во ситуација да бара начин како да ја развива пропагандата во Македонија и со тоа да остави впечаток кај јавноста дека се грижи за судбината на „Романците” под османлиска власт. Конзервативците покрај тоа што издвојувале средства за изградба на романски цркви во Македонија акцентот го ставиле врз унапредувањето на училишното дело. Во околности кога економската ситуација во земјата била тешка и владата била принудена да укинува одредени ставки од буџетот, биле трошени огромни средства за пропагандата во Македонија. Од 81.000 леи за 1885/1886 учебна година сумите достигнале за учеб-

[82] Исто, 248.

[83] Исто.

[84] Исто.

[85] Исто.

ната 1893/1894 г. до огромната бројка за своето време од 525.000 леи.[86] Политичарите, коишто настојувале за постојано зголемување на средствата, ја истакнувале опасноста од дејноста на други училишта. Во текот на м. ноември 1889 г. министерот за надворешни работи Ал. Лаховари истакнува дека идниот буџет треба да се зголеми, ако сериозно се мисли за подигнување на бариера против влијанието на бугарските и други училишта врз ароманските деца. Зошто, според министерот, последните осигурувале подобри услови за образование. И навистина, наместо предвидените 105.000 леи за 1890/1891 учебна година биле отпуштени 210.000 леи. По степенот на материјалната обезбеденост романските училишта во Македонија се наоѓале во најдобра ситуација, во однос на училиштата на другите националности.[87]

Новата политика на романската држава се пројавила и при назначувањето на повеќе учители, зашто се сметало дека училишниот процес се закочувал поради фактот дека учителите работеле со многу повеќе ученици, отколку што било возможно. Сега веќе се назначувале повеќе учители, со цел секој од нив да обучува средно по 30 ученици. Во некои училишта како во Крушево, Хрупишта, Охрид, Прилеп и др. учителите се наоѓале во уште поблагопријатни услови работеле со по 25 ученици, надминувајќи ги во тој однос бугарските училишта, каде што 1 учител учел 35 ученици. Стремежот да се назначуваат повеќе учители го изненадил Г. Вајганд, којшто во текот на 1889 г. извикал: *„ароманските училишта се снабдени подобро со учители, отколку колку и да е некоја друга земја во Европа, не исклучувајќи ја и Германија"*. И тоа во услови, кога во Романија немало учители и од 5.4 млн. жители писмени биле одвај 0.7 млн.[88]

Значителното наголемување на буџетот за училиштата осигурувало многу повеќе средства и за стипендии на учениците, кои имале потреба за тоа, како и да се воведат некои подобрувања во наставата. Приливот на финансиски средства резултирал со отворање на романски училишта речиси во сите места каде што живеело ароманско население. Во 1888 г. било отворено петкласно основно училиште во малите ароманси села Граматиково и Фетица. Од 1887 г. Битолската гимназија станала седмокласна, а месното училиште за девојчиња добило во текот на 1888 г. уште еден клас.[89] Тоа

[86] Исто, 249-250.
[87] Ж. Попов, op. cit., 221-222.
[88] Исто, 222.
[89] Н. Минов, Влашкото прашање..., 250.

било посебен курс кој во 1893 г. се трансформира во курс за наставнички а во 1899 г. израснува во женска прогимназија.[90] Во 1889 г. во Крушево било отворено третото романско училиште во градот. Во првите години тоа работело со 30-50 ученици.[91] Во текот на 1889 г. ги отвораат своите врати училиштата во Ксироливади, Берско, за ученици и во Прилеп за девојчиња.[92]

Во текот на 1890-1892 г. биле отворени 6 училишта за ученици - во Мецово, Берат, с. Писодери, Леринско, с. Крања Мецовско и с. Трново, Битолско. Инаку во периодот, од 1890 до 1899 г. во с. Трново функциониреле две машки и едно женско училиште. Во машките училишта работеле Димитри Атанеску, Кираца, Пандо Руша, Анастасис Калин, Тома Апостолеску, Димитри Чонга, Димитри Никулеску, Василе Нака и Питу Константинеску, Елена Таку и Атина Макри. Во 1899 г. поради недостаток на ученици, двете училишта биле споени во едно училиште. Оскудни се податоците за женското училиште.[93]

По погореспоменатиот период од 1890 до 1892 г. се отворени и следните 25 училишта за ученици-во Јанина, Мецово, Берат, Москополе, Катерини, Лерин и во селата: Белкамен и Писодери, Леринско; Авдела, Фурка и Лака, Гревенско; Блаца, Кајларско; Влахоливади, Катеринско; Маруша и Граматиково, Берско; Кокинопло, Ларисsuccко; Сираку, Јанинско; Љумница, Мегленско; Ресен, Мориово; Гребеници; Влахојани; Флору, Армада и Лешница.[94]

Во 1893 г. биле отворени романски училишта во Македонија тоа во Велес, Хума и Лугунци.[95] А исто така биле отворени и 5 училишта за момчиња: Драч; Бирислав, Соботско; Рамна, Ошин и Амиро. Следната година се отворени и 6 училишта за девојчиња - во Катерини; Невеска, Леринско; Велес; Корча; Москополе;[96] и Нижополе, Битолско.[97]

Само за 6-7 години бројот на ароманските училишта брзо се зголемува и кон 1893 г. достигнува 75 (55 за ученици и 20 за учени-

[90] Исто.

[91] Исто.

[92] Г. Даскалов, op. cit., 82.

[93] Нико Попникола, Трново, Битола, 2009, 154.

[94] Г. Даскалов, op. cit., 82.

[95] Н. Минов, Влашкото прашање..., 255.

[96] Г. Даскалов, op. cit., 82.

[97] Кочо Сидовски, Развитокот на ароманското образование во Битола и Битолско во втората половина на XIX и почетокот на XX век, Документи, VI/1, Скопје, 2008, 26.

ки) со вкупно околу 3.500-4.000 ученици и ученички. Според Г. Вајганд во текот на 1889 г. во Османлиската империја имало 22 населби со аромански училишта со вкупно 1.425 ученици.[98]

Покрај основањето на нови училишта, најчесто сместени во приватни куќи, значителни финансиски средства биле наменети и за изградба на нови училишта во Македонија. Во 1891 г. биле купени две згради во Влахо-Клисура и во нив биле сместени двете романски училишта. Истата година романската партија од Нижополе издејствувала дозвола од битолскиот валија за изградба на училиште. Во 1893 г. во Гопеш започнала изградба на двокатно романско училиште.[99] Според училишните листи, од 1890 до 1893 г. биле отворени и 22 романски училишта во Епир, Тесалија и Албанија. Така, според некои податоци коишто не биле официјални од романски дипломати, во 1893 г. во Османлиската империја имало 75 романски основни училишта, лицеј и курс за наставнички во Битола и гимназија во Јанина, посетувани од околу 3.500 до 4.000 ученици.[100]

Исто така треба да се каже дека со помошта на Таке Јонеску како министер за образование и религија во 1890 г. во Солун било отворено и трговско училиште, коешто ќе ја задоволува со потребните кадри стопанската дејност на Ароманците. А. Маргарит го забележува со задоволство неколкукратното нараснување на бројот на учениците во некои населби како Магарево, Гревена и др.[101]

Раководителите на романската пропаганда не успеале да изградат и централизиран систем на раководство и контрола, како поради недостаток на самостојни институции во Османлиската империја (каква што била Бугарската егзархија), така и поради оддалеченоста на Романија. Поради таа причина се појавувале суштински недостатоци - недостаток на единствена програма за обука за одделните класови и на некои места преовладувал аматеризмот; колебањето и во извесна степен и несакањето на Маргарит да основа училишни настојателства (ефории), нешто кое довело до силна опозиција против него во Битола; образование на официјален романски јазик и игнорирање на ароманскиот јазик, коешто ги оттргнувало во извесен степен учениците од нивната домашна средина и традиција.[102] Според мислењето на А. Маргарит училишното дело останува-

[98] Г. Даскалов, op. cit., 82.

[99] Н. Минов, Влашкото прашање..., 256.

[100] Ж. Попов, op. cit., 222.

[101] Исто, 223.

[102] Исто.

ло во стеснати педагошки и дидактички рамки, додека бугарските и грчките училишта се развивале на поширока политичка основа. Така што усилбите што се преземале не можеле да ги претворат училиштата во романски пропагандни центри. Кон сето тоа се додаваат и појавеното незадоволство во Македонија од стилот и методите на Маргарит, наклонет кон еднострано решавање на проблемите, а исто така и сомнежите во однос на правилното искористување на средствата. Обвинувањата постојано биле натрупувани од нови факти - занемарување на материјалната положба на Битолската гимназија и др.[103]

За недоразбирањата и судирите коишто ги имал А. Маргарит со Ефоријата поддржувана од романскиот конзул во Битола, С. Константинеску, италијанскиот конзул во Битола Скaниљa, во својот извештај од 13 јули 1897 г. до министерот за надворешни работи маркизот Висконти-Веноста, го објасни затворањето на ароманските училишта на „дисидентите” со паѓањето на конзервативната влада во 1895 г.[104] Конзулот Де Визарт, во еден извештај од 1 ноември 1903 г., раскажува за личноста на Маргарит „прв во кревањето на знамето на романизмот во Македонија, прокламирајќи го храбро романското потекло на населението Куцо-власи (така викани од Грците што значи Власи или пак Романи, криви) за кои се расправаа уште во сферите на елининизмот. Во тешкотиите патриотскиот апостолат издржа една најгорда борба против Патријархот на Цариград и на турската недоверба; беше даден знак на непријателство од секаков вид на митрополитите, грчките владици (во Македонија, Епир и Тесалија) и на претставништвото на грчките конзули, на турските власти и на самите собраќа кои гледаа во него еден обичен авантурист роден да ги поматува вечните традиции: само по 12 години на тврди проби, кон 1878, неговите напори беа крунисани со успех”. Контактите на нашите конзули со Ароманците беа многубројни, дури и самиот прв министер на Романија, Д. А. Стурѕа, се обраќа на италијанскиот министер за надворешни работи, за да има непристрасни информации за делото на Маргарит, и општо за романските училишта во Македонија.[105]

Како резултат на сите недостатоци во почеткот на 90-тите години на 19-тиот век во романското училишно дело настапува застој.

[103] Silvano GALLON, Il consolato d' Italia a Bitola, Битола, 2001, 118.

[104] Кочо СИДОВСКИ, Dr Gheorge CARAGIANI, Gli Aromeni e la questione Aromena nei documenti dell'archivio storico diplomatico del Ministero degli Affari Esteri italiano (1891-1916), Документи, II/3, Скопје, 2005, 10.

[105] Исто.

Странските набљудувачи и Романците биле принудени да го констатираат со незадоволство одливот на учениците од училишните установи. Вајганд сметал дека постоењето на училиштата и нивната добра материјална обезбеденост сè уште „не може да се нарече успех, ако се соберат 20-30 од најбедните деца и им се даде учител". Зошто, продолжува понатаму тој, богатите „коишто давале и уште даваат и дури милиони за грчките училишта, се не само рамнодушни кон националното движење но дури и непријателски настроени".[106]

Нараснувачките проблеми започнале да го тревожат романското општество; во него се појавувало сомнение дека материјалните жртви имале смисла. Во 1890-1891 г. веќе започнале да се слушаат гласови за ограничување на материјалните трошоци при постоењето на маса на социјални проблеми во рамките на државата. В. „Балкански полуостров" – еден од главните заштитници на македонското прашање - не можел да даде одговор на прашањето, а се задоволил само да ја сподели својата болка во текот на 1898 г. дека не била работата во тоа дали ќе има 40 или 60 училишта, туку дали тие ги имале неопходните квалитети.[107] Затоа Жеко Попов вели дека секој човек посветен во оваа работа му станувало крајно јасно: неуспехот на просветното дело веќе ја поставувала под прашање користа од романската пропаганда.

Конзервативната партија и Таке Јонеску како министер за образование и религија останале на власт во Романија до октомври 1895 г. До крајот на нивното владеење биле основани уште седум нови романски училишта во Македонија и единаесет училишта во Епир, Косово и Албанија. Според Никола Минов во Албанија била отворена гимназија во Берат, женско училиште во Корча и основно училиште во Нича, Шиписка, Габрова, Ферика и Фиер. Тројца учители биле задолжени да отворат училиште во епирските села Макрини, Бреаза и Косина, а еден учител бил испратен во Призрен.[108]

Во 1894 г. било отворено романско училиште во селото Бирислав, Мегленско; и во Јанковец, а во 1895 г. романски основни училишта биле отворени во Скопје, Кочани, Горна Џумаја и во двете мегленски села Ошин и Ливади.[109]

---

[106] Густавъ Вайгандъ, Аромѫне, Етнографическо-Филологическо-Историческо издирвания на тъй наречения народъ Македо-Ромѫне или Цинцаре, Варна, 1899, 295.

[107] Ж. Попов, op. cit., 224.

[108] Н. Минов, Влашкото прашање..., 257, белешка 429.

[109] Исто, 257.

Георги Даскалов наведува дека во периодот од 1894-1897 г. биле отворени училишта во Скопје, Призрен, Фрашари, Фиери, с. Јанковец, Ресенско, Ферика, Велес, Палеосели, Косина и др.[110]

Според Георги Даскалов грчката историографија го намалува бројот на ароманските училишта. Така, според него, Л. Дивани тврди дека кон 1893 г. имало само 24 основни училишта, 3 гимназии и едно трговско училиште. За да акцентира врз материјално потплатениот од Букурешт пропаганден елемент, според неа тие ги собирале своите ученици од „бедните Власи", и тоа без голем успех. Наспроти на својата статистика тој го цитира романскиот автор Т. Капидан, којшто тврдел дека кон 1900 година само во Македонија имало 113 основни училишта и 6 гимназии. Според романската историчарка Марија Петре во текот на 1900 г. во Османлиската империја имало 100 основни и 5 средни училишта.[111]

Во октомври 1895 г. доаѓа до промени на романската политичка сцена. Романските либерали формирале нова влада на чело со Димитрие Стурдѕа. Тие не внеле некои посебни промени во претходно критикуваниот буџет од 525.000 леи, но забележителна е промената во темпото на отворање на нови училишта во Османлиската империја. Во 1896 и 1897 г. во европскиот дел на Османлиската империја било отворено само едно ново романско училиште. Училиштето било отворено во 1897 г., во охридското маало Св. Никола.[112]

Според официјалните податоци од романското министерство за образование и религија, кон крајот на 1897 г. во Османлиската империја имало 86 романски училишта со 177 учители. Од нив, 59 училишта и 128 учители биле во 39 градови и села во Македонија.[113] Според руски дипломатски извори, во текот на 1896-1898 г. во Македонија постоеле 50 аромански училишта со околу 2.700 ученици, нешто кое било несомнен успех.[114]

Меѓутоа меѓусебните недоразбирања и некои дополнителни причини предизвикале заминување на дел од учениците и на некои места учителскиот персонал се покажал како непотребен. Романски и странски набљудувачи констатирале чудни случаи кога во текот на некои години основното училиште во Битола било посетувано

---

[110] Г. Даскалов, op. cit., 82.

[111] Исто.

[112] Н. Минов, Влашкото прашање..., 257.

[113] Исто, 257-258.

[114] Ж. Попов, op. cit., 393-394.

одвај од 24-34 ученици при постоење на неколку учители во него. Многу малку ученици ја посетувале и отворената во текот на 1895 г. гимназија во Берат. Според романски признанија, кон крајот на векот таму учеле по 20-23 ученици, обучувани од десетина учители![115] Создадената положба се проценувала како ненормална од страна на романскиот министер за образование Сп. Харет и по неколку години тој бил принуден да отпушта учители - во текот на летото 1898 г. - 54 души, а потоа други 85 души од затворени основни училишта. Министерот бил принуден да затвори и 4 од вкупните 6-те средни училишта, затоа што не биле посетувани.[116]

Посочените и други проблеми создавале се повеќе грижи на романската јавност кон училишното дело на Ароманците. Откако го критикувале несакањето на кабинетот да се раздели од Маргарит и да го реформира основното училишно дело, опозициските средини се проникнати од сознанието дека во услови на буџетски тешкотии материјалните жртви во Македонија веќе биле непотребни. Прашањето со целата своја сериозност се претворило во омилена тема за критика на владата.[117]

Ова со оглед на тоа што голем број од училиштата биле фиктивни и постоеле само на хартија. Такви биле повеќето романски училишта во Албанија и Епир каде што било невозможно да се отвори училиште без дозвола од османлиските власти. Исто така не биле регулирани ниту платите на учителите, наместо од бројот на ученици, платата на наставниците зависела од претходно направениот договор меѓу учителот и романските училишни власти, или пак од неговиот стаж. На тој начин учители со 5-6 ученици добивале неколкукратна повисока плата од некои професори во битолскиот лицеј. Од друга страна тука се појавува проблемот со нестручноста на наставничкиот кадар особено оние коишто доаѓале од Романија. Многумина од нив се занимавале со лични прашања, со интриги и спорови. Просперирале само оние училишта кои им доверени на учители-патриоти и на способни наставници кои умееја да ги придобијат симпатијата и љубовта на населението. Во оваа категорија спаѓале училишта во Крушево, Моловиште, Гопеш, Охрид, Невеска, Клисура, Корча и Бер.[118]

[115] Исто, 395.

[116] Исто.

[117] Исто.

[118] Н. Минов, Влашкото прашање..., 260.

Апостол Маргарит се јавува и како еден од факторите за „успехот” на романската политика во Македонија. Тој често го зголемувал бројот на училиштата коишто функционирале. Дека Маргарит го зголемувал бројот на училиштата и учениците согласен е и Макс Деметер Пејфус.[119]

Како еден сериозен проблем којшто се појавувал во функционирањето на романските училишта бил и материјалното одржување на училиштата. И покрај горенаведените огромни суми коишто биле трошени од романскиот буџет а испраќани во Македонија, во некои училишта биле плаќани само учителите, без да се плаќа кирија за просториите коишто се користеле и без да се обезбеди простор во коишто би се одржувале часовите.[120]

Исто така проблем претставувало поставеноста на учебното дело. Романското учебно дело останувало во стеснети педагошки и дидактички рамки. Но и во такви тесни рамки романските училишта заостанувале зад нивните конкуренти. Учениците во грчките училишта учеле за Платон и Софокле а учениците во бугарските училишта учеле за огромното бугарско царство, во битолскиот лицеј воопшто не фигурира предметот романска историја а во 1895 г. била укината и катедрата по романска историја.[121] Во врска со ова ќе го спомeнеме извештајот на Јанку Арџинтеану изработен по повод 25-годишното работење на Лицејот од Битола. “Што се однесува до судбината што ја имале разните предмети од програмата на лицејот, како од сопственото искуство на колегите така и од податоците кои се наоѓаат во Архивата, произлегува дека некои предмети, а посебно историја, биле мошне многу мачени. Во целото минато на Лицејот, освен 2-3 години, националната историја не фигурираше во програмата”.[122] Наместо овие предмети бил ангажиран професор по танц и биле купени пијана, виолини и велосипед за секој ученик. Ваквата политика била оценета како несериозна, а министерот за образование либералот Спиру Харет запрашал: “*Можете ли со велосипеди да се борите против Платон и Софокле?*”.[123] Во секој случај несериозно однесување на романските политички фактори кои не се трудеа да создадат вистински Ароманци од Ароманците, туку да остават впечаток и кај меѓународната и домашната јавност дека се грижат за своите бројни сонародници во Македонија, отворајќи го-

[119] M.D. Peyfuss, op. cit., 71.

[120] Н. Минов, Влашкото прашање..., 261.

[121] Исто.

[122] С. Ласку, op. cit., 117.

[123] Н. Минов, Влашкото прашање..., 262.

лем број на училишта и на кои им испратила голем број на учители. Ова во иднина би требало да даде плод.

Несериозноста на однесувањето на Романија кон Ароманците се одразила и врз фактичката положба на теренот. Романската партија сѐ уште била послаба од грчката. Никола Минов го наведува фактот дека во Крушево, Битола и околните аромански села, од 4.960 аромански семејства само 1.350 го прифатиле романизмот. Во Невеска и Влахо-Клисура ситуацијата била слична.[124] Дури и да немало напредок во споредба со положбата од пред 20-тина години. Во секој случај неуспехот на црковното и училишното дело ја поставувало дилемата за ползата од романската пропаганда во Македонија.

## 2. Улогата на Апостол Маргарит во развитокот на ароманското просветно и црковно дело до 1897 г.

Еден од главните противници на грчките пропагандисти во Македонија беше Апостол Маргарит и во текот на 80-тите години од 19-тиот век тој продолжуваше да ги заматува сметките на грчката македонска политика, поради што често пати беше затворан и врз него неколку пати беше извршуван атентат. Во 1888 г. Апостол Маргарит се реваншírал за сите дотогашни непријателства што ги имал со грчките пропагандисти.

Прв на ударот се нашол директорот на грчкото училиште во Костур Анастас Пихеон, погрчен Ароманец од Охрид, познат фактор на грчката пропагандна дејност. При претрес на неговата куќа, била откриена и запленета целата негова кореспонденција со другите грчки учители, со патријаршиските митрополити и грчките конзули.[125]

Битолскиот валија Халил-Рифат паша кој бил назначен во 1889 г. на својата должност дознал од кореспонденцијата дека од 1882-1887 г. во Македонија дејствувала грчка организација која работела на присоединување на Македонија кон Грција и со која соработувале сите грчки конзули и свештеници. Биле дознаени некои податоци за грчкиот конзул во Битола Пануриас, кој ги информирал своите претпоставени за османлиските воени движења и докази дека грчките конзули, учители и грчкото свештенство не биле само

---

[124] Исто.

[125] Исто, 263.

известени за дејствувањата на грчките чети на османлиската територија, туку и дека им помагале на истите.[126] Специјалниот воен суд осудил 15 личности обвинети како водачи на грчкото движење со цел да ја присоединат Македонија кон Грција.[127] Конзулот Пануриас бил отповикан во Атина, а патријаршискиот митрополит од Сер бил протеран од Империјата.[128]

Апостол Маргарит бил преведувач на писмата и главниот сведок на судскиот процес. Гневот кон Маргарит на грчките пропагандни кругови прераснувал во силна омраза и на почетокот на м. декември бил извршен уште еден обид за убиство на генералниот инспектор. Го преживеал и овој напад.[129]

Покрај проблемот со грчката пропаганда се јавува и еден друг проблем со поширок размер и со далеку посериозни последици, а тоа е внатрешниот раскол во ароманското движење, кој силно ќе го поткопа развојот на истото, ќе го дискредитира романското училишно дело и ќе ги деморализира Ароманците со национални чувства. Во суштината за расколот стоел деспотскиот карактер на Апостол Маргарит и неговото нетранспарентно водење на финансиските работи.[130] Карактерот на Апостол Маргарит и неговиот апсолутизам во неговата дејност убаво го опишал Константин Белемаче.[131]

Во рацете на Апостол Маргарит се слевале огромни финансиски средства од кои секако би бил лишен доколку дошло до децентрализација и поголема контрола врз романското образование во Македонија и средствата наменети за него.

Според извештајот на австро-унгарскиот вице конзул во Битола, Погачер, од 10 јануари 1891 г. до Калноки, може да се види дека обвинувањата против Маргарит не биле без основа и тие често биле претерани и на тенденциозен начин насочени против неговата личност, од луѓе кои, во голема мерка, биле анимирани од амбицијата да го преземат неговото место.[132] Влијание врз внатрепартиските борби вршеле и романските политички структури во лицето на романските либерали и конзервативци кои ја заземале страната во

---

[126] Исто, 264.

[127] Пандели Цали, Страници од македонската борба, Славна Битола (превод од грчки јазик), Солун, 1932, 23.

[128] Н. Минов, Влашкото прашање..., 264-265.

[129] Исто, 266-267.

[130] Исто, 267-268.

[131] Константин Белемаче, Автобиографија, Скопје, 2002, 25-26.

[132] Н. Минов, Влашкото прашање..., 268.

борбата на маргаритистите и антимаргаритистите. Една од причините била и желбата на ароманските гимназијалци и професорите Ароманци во Лицејот да започне настава на аромански јазик, да учат од учебници на нивниот мајчин јазик, а за кое романското министерство за образование не било подготвено да им излезе во пресрет а кое ќе биде една од причините да се појават и првите поделби во ароманското движење.

Првите професори во романскиот лицеј во Битола биле В. Глодариу и Р. Корвин од Трансилванија. Инаку во 1880 г. беше основана првата гимназиска паралелка во Битола, додека беше инспектор Апостол Маргарит, под управата на В. Глодариу „во чиишто гради гореше целиот пламен на патриотизмот од Трансилванија". Првите ученици беа Таке Парце, Константин Атанасеску, Сидери Карбунари и Панду Фунду, беа ученици кои пребегнаа од грчкото училиште. Веќе во 1882 г. училиштето стекна значителна слава, кога беше директор отец Јоан Георгијаде-Мурну, а професори Андреј Багав, Константин Кајрети, како и Ванѓели Петреску.[133] По нивното заминување, Лицејот беше даден на управување на Раду Корвин, кој управуваше со училиштето непрекинато четири години, се до 1887 г. кога беше назначен Д. Космулеј и кога Лицејот беше комплетиран со сите 7 класа. Од овој период па сѐ до 1890 г. единствената позначајна работа беше таа што се засили наставничкиот кадар со елементи дојдени од Букурешт. Според Јанку Арџинтеану следните две години беа и ќе останат најзначајните години во дотогашното функционирање на лицејот во кои беа вложени многу напори за ништо а им се даде почивка на противниците за да зајакнат. Во 1898 г. со доаѓањето на д-р Пучереа на чело на Лицејот, се востанови еден нов живот на ова училиште. Излишно било да се зборува за тоа кому му припаѓа таа заслуга, оти многу се тие кои ја знаат таквата работа."[134]

Во 1883 г. во месец април, професорите Андреј Багав, Константин Кајрети и Вангели Петреску, на чело со својот директор, отец Јоан Георгијаде-Мурну, следени и од повеќе ученици, зедоа под кирија посебна зграда и отворија ново средно училиште, независно од владата во Букурешт и од генералниот инспекторат во Битола.[135]

Причините за овој настан не се премногу осветлени, но во секој случај идниот професор, историчар и писател, гопешанецот Јанку Арџинтеану, пишува за четворицата професори. *„Сонувачи на*

---

[133] Исто, 269.

[134] С. Ласку, op. cit., 113.

[135] Н. Минов, Влашкото прашање..., 269.

*идеални времиња и прекумерно убедени во иднината на каузата, тие се бореа, си се замислуваа силни да ги потчинат времињата под својата крма и да остварат нешто, кое се оствари дури по 15 години. Од друга страна, пак, самопожртвуваноста, ентузијазмот, нивниот патриотизам, ја запалија и во душите на младите фидани, кои ги следеа, божествената искра на љубовта кон татковината, останата до денес нивно најбогато азно.* Одлична анализа на овие настани дава Никола Минов.[136]

Не може со точност да се утврди до кога опстојувал романскиот лицеј во Битола. Ванѓели Петреску повторно предавал во романскиот лицеј во Битола. Професорите во ароманскиот лицеј не биле финансирани од никого и веројатно не можеле подолго да опстанат финансиски и биле принудени да го затворат лицејот.

Во јуни 1892 г. бил отворен романскиот конзулат во Битола. Конзулатот бил отворен со големи свечености, кога неговиот прв титулар Спиру Константинеску ги презел своите функции. Постигнатиот успех ја поттикнал романската влада да бара дополнителни патишта за постигнување на својата главна цел.[137]

Со назначувањето на романскиот конзул во Битола-градот центар на романската пропаганда во Македонија доведува до нов пресврт во настаните. Работата на Апостол Маргарит била повнимателно следена и се забележани повеќе неправилности. Учителскиот кадар во градот и околината нашол заштитник од самоволието на Апостол Маргарит. Ова со оглед на тоа што конзулот бил член на романската конзервативна партија а Маргарит бил сметан како „човек на либералите". Ова новонастаната ситуација претставува префрлање на битката меѓу двете најголеми романски партии на македонски терен. Отворањето на романскиот конзулат во Битола го нарушил комодитетот на Апостол Маргарит.[138]

По доаѓањето на конзулот Константинеску во 1894 г. поголемиот број професори од битолскиот лицеј и останатите романски училишта во градот и околните села донеле резолуција со која решиле романските училишта да бидат администрирани од претставници избрани од редовите на професорите и преку формирање на училишни ефории задолжени за водење на сите училишни работи, целосно да му биде одземена власта на генералниот инспектор на романските училишта. Формирањето на училишните ефории за

[136] Исто, 269-271.

[137] Исто, 279-280.

[138] Исто, 280.

Маргарит би значело губење на својата моќ и неможност да го спроведува делото кое веќе со години го насочувал. Веста за создавањето на ефориите независно од Апостол Маргарит била пречекана со воодушевување во ароманската средина во Битола. На почетокот на мај 1895 г. локалните власти официјално ја признале централната эфорија во Битола.[139] Според пропишаните надлежности, централната еφорија во Битола целела кон целосно присвојување на ингеренциите коишто ги поседувал Апостол Маргарит а во доменот на еφоријата влегувале претставувањето на романската општина пред локалните власти и создавање на училишни еφории, потчинети и координирани од централна еφорија во Битола, во сите места каде што има романско училиште.

Во 1895 г., во месец февруари, Ароманците од Битола и околните села основаа училиштен одбор, признат од локалните власти и отворија Лицеј со интернат, во кој се беа повлекле од старата зграда повеќе ученици и 7 професори: Ст. Кудела, К. Космеску, Хрис. Ото, М. Стату, Др Миклеску, Ј. Арџинтеану и Кемал Ефенди. Лицејот на Училишниот одбор работеше две и пол години. На 28 април 1897 г., 53 ученици од стариот лицеј, заедно со директорот Перикле Папахаџи и со професорот Ст. Чумети, преминаа во Лицејот на Училишниот одбор, и тогаш завладеа еден ентузијазам и движење, кои ќе останат незаборавни.[140]

Меѓутоа не дошло до постигнување на договор за обединување на образовниот систем во Османлиската империја и негово потчинување на единствен фактор на управа. Сè до обединувањето на разделените училишта, било решено да се признае функционирањето на сите училишта и да се признае валидноста на испитот, без разлика дали биле полагани во училиштата на ефориите или во училиштата кои биле под контрола на Апостол Маргарит. На ефориите им била признаена само советодавна функција и им било забрането да се мешаат во работата на генералниот инспекторат. Како последица на ова на теренот се отвораат паралелни романски училишта.

Почетокот на крајот на училишните ефории започнал со враќањето на власт на либералната партија. Премиерот и министерот за надворешни работи, Димитрие Стурѕа, веднаш го отповикал конзулот Константинеску од Битола без да назначи нов конзул. Училиштата основани од ефориите биле прогласени за незаконски и

[139] Исто, 282.

[140] С. Ласку, op. cit., 119.

државата престанала да ги финансира. Дел од средствата за ефориите продолжувале да испраќаат опозиционите конзервативци но тоа не било доволно за одржување на училиштата на ефориите. Недостатокот на финансиските средства брзо се почувствувал. Во 1896 г. во лицејот на ефориите се запишале само 63 ученици, речиси двојно помалку во споредба со претходната година.[141]

Ваквата ситуација предизвикала голем интерес и во романскиот парламент. Тука било откриено дека во спасувањето на Апостол Маргарит учествувал и романскиот крал Карол. Пратеникот К. Аслан го искористил овој податок за да го обвини романскиот крал дека го поддржува про-католикот Маргарит само поради тоа што и самиот Карол работи на покатоличувањето на Романија.[142] Меѓутоа Стурѕа успеал да ги смири пратениците дека Маргарит имал добри односи со Султанот и неговите министри, иако седницата одеше кон изгласување на недоверба на Стурѕа.[143]

Инаку интересно е да се спомене дека во парламентот Маргарит бил обвинет дека е шпион „кој им служи на турските интереси”.[144] Имало и други обвинувања дека Апостол Маргарит бил во врска со „бугарските македоно-одрински комитети”. За него дури се тврдело дека за време на Ерменското востание (1894-1896 г.) на Големиот везир му испраќа список од Ароманци-чиновници во османлиската администрација во Македонија, кои наводно симпатизирале со Ерменците.[145]

Во одговор на интерпелацијата на пратеникот Флева и критиките на В. А. Урекиа, како сенатор и секретар на Македоно-романското друштво во Романија, на К. Аслан и на други пратеници и сенатори премиерот и министер за надворешни работи Д. Стурѕа изјавил: *„Јас го избришав од буџетот кредитот за битолскиот конзулат...Јас го направив тоа, зошто нашите односи со Турција се едни од најдобрите. Ефориите, за коишто така долго зборува господинот Флева, не постојат по силата на султанското ираде. Во Македонија училиштата се приватни; ефориите не можат да постојат, освен ако има црковни општини...Романската држава не може да ги плаќа долговите на ефориите, чиешто постоење не го признава”*.[146]

[141] Н. Минов, Влашкото прашање..., 285.
[142] M. D. Peyfuss, op. cit., 74.
[143] Исто.
[144] Н. Минов, Влашкото прашање..., 286.
[145] Исто.
[146] Г. Барболов, op. cit., 89.

Во секој случај може да се каже дека Стурѕа и бил во право, но несреќата на ароманското преродбенско движење се состоела во следното: Апостол Маргарит работел за него многу години со ентузијазам, особено од неговото назначување во текот на 1870 г. за „генерален инспектор" до војната. Георги Барболов вели дека тој факт го потврдува и Гушу Папакоста-Гога. Со тоа тој навистина бил штетен за ароманското движење, а со текот на времето станал пречка за остварувањето на романската просветно-црковна политика во балканскиот регион.[147]

Ваквите околности предизвикале во Битола да се продлабочат расправиите откако директорот на романскиот лицеј, Перикле Папахаџи, бил отпуштен поради тоа што ги открил за јавноста финансиските злоупотреби на Маргарит.[148] На 28 април 1897 г. директорот успеал да ги убеди професорот С. Чумети и 52 ученици од лицејот заедно со него да му се придружат на лицејот на ефориите.[149]

Во пролетта 1897 г. училиштата на ефориите морале да ги затворат вратите поради недостаток на средства.[150] Владата во Букурешт донела одлука на ефориските професори да им бидат исплатени платите за последната година, по што сите професори се вратија на нивните првобитни места. Работите си дојдоа на своето место кога министерот за образование во новиот кабинет на Стурѕа (1897-1899), Спиру Харет, го потврди Маргарит на своето место со сите свои овластувања што ги имал.

Во 1897 г. во Битола било најавено доаѓањето на новиот романски вице-конзул во градот, Александру Падеану. Според италијанскиот конзул во Битола Артуро Сканиља[151] Падеану бил творба на Маргарит.[152]

Ваквиот развој на настаните овозможил да не постои опасност дека романскиот вице-конзул ќе се меша во работите на Апостол Маргарит. Оваа борба триумфирала со целосна победа на Маргарит но победа платена со висока цена. Овие внатрешно-партиски борби меѓу Ароманците-националисти се воделе истовремено со

---

147 Исто.

148 Н. Минов, Влашкото прашање..., 287.

149 Исто.

150 M.D. Peyfuss, op. cit., 74.

151 Првиот италијански амбасадор во Битола, Артуро Сканиља, доаѓа во 1895 година, кога амбасадата на Италија во Цариград добива берат и ферман со кој бил акредитиран конзулот (S. Gallon, op. cit., 117)

152 Н. Минов, Влашкото прашање..., 287.

борбите на црковно и образовно поле и неповолно влијаеле врз нив и врз духот на ароманското население.

Во текот на 1897 г. рускиот конзул во Битола Ростковски веќе се однесувал критички кон дејноста на романската пропаганда. Го констатирал ослабувањето на нејзиниот критички дух, па поради тоа изгледала како бесплодна, без да може сериозно да ја снижува улогата на елинизмот. И покрај тоа одговорните фактори не можеле да излезат од маѓепсаниот круг, влегувајќи во тешкотии при разрешување на важни проблеми во македонската политика на Романија.

## 3. Локалната самоуправа кај ароманското население

Неразрешувањето на ароманското црковно прашање придонело кон зачувување на статус-квото во црковно-училишната организација на Ароманците во Османлиската империја. Со оглед на тоа што ароманскиот народ не бил признат како таков, а немањето на ароманска црква и духовен поглавар, признат од властите, придонесува тие да не можат да бидат запишани во нуфус дефтерите под нивното име, ниту пак да се организиираат во аромански црковно-училишни општини.

Населението во ароманските села и градови било организирано во патријаршиски црковно-училишни општини, сè до појавата на романската пропаганда. Иако населението во Невеска, Моловиште, Влахо-Клисура, Гопеш итн. било чисто ароманско, општините биле признати како грчки, патријаршиски општини, а селскиот кмет го носел името рум мухтар (грчки кмет).[153]

Со засилувањето на романската пропаганда се јавила потреба од формирање на посебни општини преку кои членовите на про-романската групација би можеле да ги практикуваат сите права. Останувањето во патријаршиската црковно-училишна општина не било можно од познати причини. Мухтарот и гркоманските советници се изјаснувале негативно кога беше во игра интересот на еден Романец во еден процес. Мухтарите го регистрирале целокупниот имот што го поседувале жителите. Тие го определувале и ослободувањето од воена служба на воените обврзници. Тоа фактички било еден вид личен данок.[154] Мухтарите, во чиишто надлежности спаѓало и изда-

---

[153] Исто, 295.

[154] C. D. Metta, Rolul Muhtarilor, In: Lumina (Bitolia), III/5, Bucureşti, 1905

вањето на општинските сертификати, ги користеле своите привилегии за да не им издаваат документи за пасош на „романизираните" и за да одредуваат многу повисок личен данок од оној што го пропишувале за членовите на грчката партија.[155]

Со законот од 13 јули, 1305 (1889), кој се занимавал со организацијата на вилаетите, се осврнува на прашањето за мухтарите. и тука се вели дека секоја народносна група во едно место треба да има еден мухтар, а доколку има повеќе од 20 куќи тогаш можел да биде избран и втор мухтар. Покрај мухтарот постоел Советот на старците чиј што број на овој совет варира од 3-12, според бројот на населението кое го избира. Услов за избор на мухтарите, и за советниците биле: да биле османлиски поданици, да има најмалку 30 години наполнето, да има најмалку 100 пиастри приход годишно и да не бил осудуван.[156]

Со оглед на тоа што Ароманците не биле признати како посебна народност, ниту пак имало ароманска црква, членовите на романската партија законски не можеле да формираат посебна општина, официјално призната под името „ароманска општина".[157] Привзрзаниците на романската пропаганда наидувале на разбирање кај локалните власти и во местата каде што тие претставувале мнозинство, им било дозволено да се организираат во посебна општина. Ароманците-националисти во Гопеш уште во 1869 г. формирале своја општина. Истото се случило во 1885/86 во Моловиште кога членовите на романската партија се организирале во посебна општина, со мухтар, општински совет, ефории и епитропи.[158] Аромански општини биле формирани со дозвола на властите и во места каде што Ароманците-националисти не претставувале мнозинство. Тие општини биле независни од патријаршиската општина. Такви случаи се забележани во Крушево, Влахо-Клисура, Нижополе, Самарина и др.[159]

Избраните романски мухтари не биле признати со такво име туку на официјалниот печат пишувало мухтар еден или мухтар два. Но во случај на промена на односот на силите меѓу романската и грчката партија дозволувало печатот да прејде во грчки раце.

[155] Н. Минов, Влашкото прашање..., 296.

[156] C. D. Metta, op. cit., 134.

[157] Н. Минов, Влашкото прашање..., 295.

[158] C. D. Metta, op. cit., 133; Н. Минов, Влашкото прашање..., 296.

[159] Н. Минов, Влашкото прашање..., 296-297.

До промени ќе дојде по 9 (22) мај 1905 г. кога Ароманците биле признати за посебен народ и им било признато правото да образуваат посебни општини за што подоцна ќе стане збор.

*

* *

Крајот на 19-тиот век во однос на романската пропаганда во Македонија покажува дека таа преживувала криза и перспективите за просперитет на делото биле слаби. Двете најголеми политички партии во Романија Конзервативната и Либералната секој пат го ставале во игра ароманското прашање. Меѓутоа бројните неуспеси на образовно и религиозно поле во услови на остра финансиска криза се почесто го поставувале прашањето за korиста од романската пропаганда во Македонија.

Македонската политика на романската влада, меѓутоа, немала, од гледна точка на пропагандата, големи успеси во претходната приватна пропаганда. И покрај неопходните трошоци за создавање на една училишна организација, и се до една одредена точка еден романски клер во крилото на патријаршиската црква, асимилацијата на домородните елементи остануваше непроменета, со оглед на тоа што елементот што требаше да се асимилира беше комплетно апсорбиран од пропагандата на соседните словенски земји.[160]

Во оваа ситуација, увидувајќи го банкротот на нејзината школска политика во Македонија, Романија, исто така беше принудена да го следи примерот на Бугарија, да се развива пропаганда врз една база воглавно религиозна, и се надеваше дека побргу или подоцна Портата ќе создаде, ако не една нова „романско-влашка” епархија, тогаш една ароманска национална епископија во Македонија, иако против волјата на патријаршијата; користејќи се со тогашните односи (1895-1897) меѓу Атина и Цариград. И во есента на 1896 г. романскиот премиер Димитрие Стурѕа имаше подигнато „еден жив ентузијазам” во корист на султанот меѓу романските пратеници, надевајќи се за блиско време создавање на една нова православна шизма, и бидејќи меѓународните околности и стравот да се иритира Русија ја убедиле Османската империја да ги одбие барањата на Букурешт.[161]

---

[160] G. A. Virgilji, op. cit., 23.

[161] Кочо Сидовски, Романската политика кон Македонија и нејзиниот однос кон Ароманците, Документи, V/3, Скопје, 2008, 5.

И покрај горенаведеното, романското дејствување во Македонија придонесе кон будењето на националната свест кај голем број Ароманци и нивно оттргнување од грчко влијание. Независно од грчката и ароманската пропаганда и во овој период при крајот на 19-тиот и почетокот на 20-тиот век им ги давала на патеписците истите изјави како од пред сто години. Тука конкретно ќе го наведеме разговорот кој што го имал Вајганд со некои Ароманци каде што ја забележал јасно истакнатата национална свест: *„Ние сме Ароманци. Не сакаме да іо заборавиме јазикоӣ којшӣо сме іо научиле од своиӣе мајки. Исӣо ӣака іо сакаме нашиоӣ јазик, како и нашиӣе села, нашиӣе ӣланини. Ние водиме ӣоӣекло од Римјаниӣе, имаме исӣо ӣака сӣара исӣорија како и Грциӣе, исӣо ӣака можеме да се іордееме на своиӣе ӣредци како и ӣие. Зошӣо ӣоіаш, би се одрекувале од својоӣ јазик".*[162] Но постоеле и одреден број на Ароманци коишто го прифатиле романизмот и навистина се чувствувале како Романци. Но нивниот број бил секако мал.

Причините за неуспехот на романската пропаганда пред почетокот на 20-тиот век разните автори ги лоцираат во слабото проникнување на пропагандата меѓу богатите градски средини, распрснатоста на ароманското население, нехомогеноста во ароманското движење, емиграцијата на младите во потрага по подобар живот и подобро образование итн.[163] А не треба да се заборави и погрешната романска политика за соработка со Османлиската империја, која наоѓајќи се во процес на распаѓање, која од Ароманците националисти се обидувала да создаде сојузници на режимот којшто се наоѓал на својот залез, директно спротивставени на соседните балкански народи.[164]

[162] Густав Вајганд, Ароманци, Том I, Београд, 1995, 259.

[163] Н. Минов, Влашкото прашање..., 298.

[164] Исто.

# Глава 9

# Положбата на Ароманците во периодот од 1898 до крајот на 1903 година

## 1. Политичката ситуација во Македонија

Засилувањето на националноослободителните борби на народите во Османлиската империја и зголемувањето на противречностите меѓу големите сили за влијание на Балканот и на Блискиот Исток влијаеле и врз положбата на Ароманците во областите коишто ги населувале. Во Бугарија се случуваат политички промени, а кнезот Фердинанд бил признат од руска страна и другите големи сили. Новиот бугарски премиер Константин Стоилов зазема проруски правец во политиката, а Романија се почувствува загрозена.

Мелничката провокација на Македонскиот комитет во 1895 г., а и обелоденувањето на постоењето на Македонската револуционерна организација (МРО) со Виничката афера од 1897 г. предизвикале сериозно неспокојство во Романија. Вицеконзулот Падеану во Битола а и романските претставници во Софија со ужас известувале за дејноста на „бугарските банди" составени од *„...бугарски бандити од Македонија, организирани од македонскиот револуционерен комитет од Бугарија, кој станува многу силен во Битолскиот вилает"*, чијашто дејност порано или подоцна ќе резултира со проголтување на Македонија од страна на бугарското кнежевство и трагедија за „Романците во Македонија".[1]

Односите меѓу Бугарија и Романија уште повеќе биле нарушени кога во ноќта на 22 кон 23 јули 1900 г. Стојан Димитров од Скопје го убил во Букурешт уредникот на весникот Пенинсула Балканика (Балкански Полуостров), Штефан Михајлеану.[2] Убиецот, испратен од претседателот на ВМК, Борис Сарафов бил уапсен и пред истражните органи ја објаснил својата постапка со возбудувањето на Михајлеану против *„бугарското националноослободително дело и неговата шпионска дејност меѓу македонските револуционери"*. Така егзалтираниот младинец го претставил своето дело како плод на лична омраза. Но всушност тој ја исполнил една од повеќе-

[1] Н. Минов, Влашкото прашање..., 303.

[2] Исто.

то пресуди на Борис Сарафов, нешто, кое не било тајна за никого во Романија и странство, имајќи ја предвид серијата на убиства од страна на ВМОК.[3] Романската реакција на убиството на Михајлеану[4] била жестока. Властите започнале да го прогонуваат бугарското и македонското население во кралството, осомничено за соработка со ВМК на Сарафов. Преку 200 „Романци" од Софија биле принудени да ја напуштат Бугарија. Мнозинството од нив преминале во Македонија, од што јасно се гледа дека се работи за Ароманци вовлечени во романско-бугарските пресметки.[5] Заострените меѓусебни односи се заканувале до избувнување на меѓусебна војна. Руската влада била вклучена во смирување на ситуацијата.[6] Убиството на Михајлеану се претворило во одлична прилика за извлекување на одредени политички дивиденди од страна на Романија.[7] Романија ја третирала ослободителната борба на македонскиот народ како бугарско движење и како таква извор на зла, тероризам, нарушување на мирот и територијалното статус-кво на Балканот.

Романија од свои соображенија јавно се изјаснувала против секакво нарушување на статус-квото на Балканот и не осврнувајќи се на ставовите на големите сили, ја лансирала идејата дека целта на Бугарија е да ја освои Македонија, а потоа и Северна Добруџа. Постојаната константа на романската политика била одбегнување на територијалното проширување на Бугарија, како и задржувањето на сопственоста врз Северна Добруџа.

Романија секогаш ја имала пред очите намерата во случај на бугарско навлегување и проширување во Македонија да добие територијална компензација во Јужна Добруџа со цел да се зачува балканската рамнотежа. И во таков случај за спроведување на тој план „браќата Романци" би биле искористени како монета за размена. Ваквото размислување го делеле либералот Стурѕа, конзервативецот Јонеску и сите влијателни романски политичари, без разлика на нивната партиска припадност.[8]

---

[3] Ж. Попов, op. cit., 428.

[4] Штефан Михајлеану бил роден во Горна Белица, од родители кои потекнувале од Москополе. Бил едно од десетината деца кои биле однесени во Букурешт од архимандритот Аверќи. По завршувањето на образованието работел како професор по латински јазик, а истовремено бил и директор на весникот Peninsula Balcanica.

[5] Н. Минов, Влашкото прашање..., 303-304.

[6] Ж. Попов, op. cit., 440.

[7] Исто, 429.

[8] Н. Минов, Влашкото прашање..., 305.

На меѓународен план во крајот на 19-тиот век треба да се одбележи договорот за статус-кво на Балканот постигнат од Австро-Унгарија и Русија. Меѓутоа, сепак не биле одбегнати постоечките противречности меѓу Виена и Санкт Петербург. Виена настојува да создаде политички блок од Грција, Романија и Османлиската империја а пак Русија од Бугарија, Србија и Црна Гора. Виена работи на зближување меѓу Грција и Романија кое било олеснето од заострувањето на бугарско-романските односи во 1900 г. нешто кое благопријатно ќе се одрази и врз грчко-романскиот дијалог.[9] Романија како членка на Тројниот сојуз била обврзана да ја усогласи својата политика со Виена, Берлин и Рим. Кон крајот на 1900 г. беше потпишана една конвенција меѓу Романија и Грција, со која се уредуваше меѓу другото и прашањето за признавањето на грчките цркви и училишта во Романија за правни лица. Во текот на 1901 г. во Абација доаѓа до неколку средби меѓу романскиот крал Карол и грчкиот монарх Георгиос. Според некои информации Карол вербално се обврзал дека ќе ја лимитира пропагандата меѓу Ароманците во Македонија и дека ќе се прекине паричната помош за Ароманците во Македонија, а Георгиос ветил дека ќе придонесе да му се дадат олеснувања на ароманското население од страна на Патријаршијата и дека Грција нема да им поставува пречки на постоечките романски училишта и цркви во Македонија. Во Грција разговорите во Абација биле претставени како „сојуз на браќата по оружје, насочено против Словените”.[10]

Внатрешно политичката ситуација во Романија е обележана со најтешката финансиска криза од стекнувањето на независноста. Во извесен степен таа ја ограничува романската пропаганда во Македонија. Во време на најтешката финансиска криза министерот Таке Јонеску го зголемил буџетот за пропагандата во Македонија за 1899/1900 г. од 519.582 леи одобрени за претходната година, на рекордни 761.646 леи.[11] Но по средбата во Абација драстично се намалени субвенциите за црковно-училишната пропаганда во Македонија и тоа на 300.000 леи. Сето тоа очигледно било последица од имплементирањето на кралскиот договор од Абација за ограничување на романската пропаганда во грчките сфери на интерес.

Веќе во 1902 г. во време на владата на Стурѕа се воспоставуваат добрососедски односи со Бугарија. Врховистичката провокаци-

[9] Исто, 306.
[10] Исто, 307.
[11] Исто, 308.

ја во Горно Цумајско, ниту ситуацијата во Македонија на почетокот од 1903 г. и солунските атентати навидум не ја вознемирувале романската политичка елита. Карол се надевал дека големите сили ќе го одржат статус-квото на Балканот. Кога востанието веќе било на повидок во Македонија, во Романија се труделе што подобро да ја рекламираат својата мироључубива политика, лишена од експанзионистички амбиции.[12]

Меѓутоа во случај на нарушување на територијалниот интегритет на Османлиската империја од страна на Бугарија немала намера целосно да остане настрана. Карактеристична е нотата што во јануари 1903 г. Јон Братиану им ја испраќа до сите романски претставници во странство, во која што јасно истакнува дека ако дојде до поделба на османлиските територии, Романија го задржува правото да интервенира во корист на „своите сонародници".[13] Меѓутоа, од друга страна инсистира во своите тврдења дека меѓу романската и грчката влада постои перфектна согласност во однос на македонското прашање и дека треба по секоја цена да се спречи експанзијата на Бугарија.

Илинденското востание го актуелизирало македонското прашање на дипломатски план и ги направило непотребни реформите донесени во 1902 и на почетокот на 1903 г.[14]

Со избувнувањето на Илинденското востание и создадената веројатност од бугарско-турски судир се јавила можноста да се испита ефикасноста на австро-романската конвенција. Во текот на втората половина на август 1903 г. австрискиот император испратил до романскиот крал покана за средба во Ишл. Главен предмет на разговорите беа настаните во Македонија со оглед на „стражарската улога", којашто Романија би можела да ја игра при едно воено вовлекување на Бугарија.[15] Набргу по враќањето во Романија, од парламентарната говорница кралот ветува дека ќе се водат поголеми грижи за Ароманците. Веднаш и романската влада објавува дека ќе биде заземен порешителен курс во ароманското прашање.

---

[12] Исто, 309-310.

[13] Исто, 310.

[14] Со последната реформска програма која била донесена во Виена во февруари 1903 година од страна на претставниците на владите на Русија и Австро-Унгарија, кои уште со спогодбата од 1897 година го санкционирале својот однос на заинтересирани за работите на Балканот, односно во Македонија. Меѓутоа, овие реформи не донеле никакви резултати (К. Сидовски, Италија и Македонија..., 24).

[15] Христо Силянов, Освободителните борби на Македония, том II (II фототипно изд.), София, 1983, 259.

Што се однесува до директната вмешаност на романската дипломатија во Македонија може да се каже дека од есента на 1903 г. под раководството на министерот за надворешни работи Ј. Братиану романската дипломатија започнува да работи уште поупорно во Цариград и Македонија. Во романската престолнина зачестуваат посетите на високи османлиски службеници, коишто биле убедувани да им дадат на своите најпокорни поданици - Ароманците, пошироки политички, религиозни и културни права. На тој начин се практикува традиционалниот ефективен приод - скапи подароци и поткупување на службеници во Цариград и во внатрешноста на Македонија. Се разбира за последното никаде нема документација, но османлиите се раздвижуваат со покажаното кон нив внимание. Никако не е случајно, што по долго молчење Големиот везир Ферид паша станува многу иницијативен - му препорачува на Хилми паша да им помага на Ароманците, како и тоа дека задолжува и други институции да ги решаваат побрзо проблемите на ароманското население. Мирцштегските реформи од октомври 1903 г., кои меѓу другото предвидувале административна реорганизација на Македонија заради соодветно групирање на националностите, предизвикувале и соодветни реакции во Романија. Територијалната поделба на етнографски принцип по секоја веројатност ќе донесе уште поголемо разединување на ароманските населби и затоа владата во Букурешт ја засилува својата активност во Македонија.[16] Првиот успех бил постигнат кога со султанско ираде бил усвоен предлогот Пандели Машу да влезе како претставник на Ароманците во мешовитата комисија за реформи предводена од генералниот инспектор на румелиските вилаети, Хусеин Хилми-паша.[17] Именувањето на Пандели Машу предизвикало сатисфакција во романските политички кругови и тоа се сметало како доказ за признавање на правата на Ароманците. Романскиот министер за надворешни работи Јон Братиану забележа пред италијанскиот пратеник во Букурешт, Бекариа, дека османлиската влада за прв пат со официјален акт ја признала романската националност во Македонија. Според истиот дипломатски претставник, во очите на Братиано овој настан бил уште позначаен затоа што во споменатата Комисија најнапред бил повикан да учествува еден Влав „елинофил"[18] кој, по забелешките од романскиот прате-

---

[16] Н. Минов, Влашкото прашање..., 311.

[17] К. Сидовски, Романската политика..., 8.

[18] Никола Минов, Борбата на Ароманците од Македонија за сопствени училишта и цркви согледана преку дејноста на семејството Машу од Велес, Документи, VII/1, Скопје, 2010, 8.

ник во Цариград бил заменет со еден Влав „романофил”. ( То ест погоре споменатиот д-р Пандели Машу). Хилми-паша го убедувал романскиот претставник во Битола дека Ароманци ќе бидат назначени во вилаетските комисии и дека ќе бидат регрутирани 200 жандарми од ароманските реони.[19]

Во овој период треба да се спомене и заинтересираноста на италијанската влада за дејноста на романската пропаганда во Македонија кој интерес уште повеќе ќе се зголеми и со именувањето на генералот Де Џорџис за командант на жандармеријата во Македонија. Романската влада ова именување настојувала да го искористи за подобрување на положбата на ароманскиот елемент во Македонија. Во текот на еден разговор на италијанскиот пратеник во Букурешт Е. ди Бекариа воден со романскиот министер за надворешни работи Братиано на 9 јануари 1904 г. последниот ја искажал желбата генералниот инспектор на романските училишта во Македонија да биде овластен да го посетува генералот Де Џорџис. Во текот на разговорите министерот Братиано му изјавил на италијанскиот пратеник во врска со романската политика во Македонија: *„Како што добро ви е познато ние посакуваме колку што е можно подолго одржување на територијалното статус-кво во Турција, а кога ќе треба да се настапува за негова промена, најсоодветна солуција за интересите на Романија, која не може да мисли на територијални проширувања во овие предели, ќе биде организирање на Македонија во една автономна заедница приближно аналогна на она на швајцарската конфедерација...И ќе и биде подеднакво во интерес, не само на Италија да поддржува една таква творба, туку исто така на Франција и на Англија кои не можат да посакуваат една словенска или австриска превласт во Европска Турција”.*[20]

Инаку дефинитивна потврда дека Романија се враќа на теренот на Македонија дава одржаната собраниска седница на 28 ноември 1903 г. Меѓу другото како што известува официјалниот владин „Мониторул Официјал” бр. 10 од 2 декември 1903 г. меѓу другото се вели: *„дека Турција го признала интересот да го заштитува романскиот елемент...и го признава легитимниот интерес на Романија да ги заштитува интересите на своите сонародници во Македонија”* . Исто така е поздравено влегувањето на еден романски делегат во Комисијата за реформи оформена од генералниот инс-

[19] Државен Архив на Република Македонија (натаму: ДАРМ), Bucurest, 12.10. 1903, M-LX/709, сн. 11; К. Сидовски, Италија и Македонија..., 185-186.

[20] ДАРМ, Bucurest, 09.01. 1904, сн. 284-285.

пектор за македонските вилаети заедно со претставници од другите националности со цел за подобрување на ситуацијата во Македонија. Но најважно од се останато било одобреното зголемување на буџетските средства за 1904 г. од 300.000 на 335.000 леи, романското собрание да изгласа буџет од 600.000 леи како фонд за изградба на романски цркви и училишта во Османлиската империја и купување на земјиште за нивната изградба. Овој буџет беше предложен од министерот за религија и образованието Сп. Харет.[21] Ова сето наведувало на мислењето дека Романија не можела да не се интересира за судбината на Македонија; решавањето на македонското прашање не може да се оствари без учество на Романија. И со тоа започнала новата фаза во романското национално движење, кое треба да биде фактор на стабилност во Македонија по Илинденското востание.

## 2. Романските училишта во Македонија (1898-1903)

Во овој период покрај другото најголемо внимание му беше посветено на реорганизацијата на јавното образование. Тоа спаѓа во периодот на последната година од владеењето на романските либерали во 19-тиот век. Спиру Харет, министерот кој целосно го реорганизираше образованието во Романија, истото внимание им го посветува и на романските училишта во Османлиската империја.[22] На 21 септември 1898 г. Сп. Харет издал „наредба за организација на романските училишта во Турција". Во неа меѓу другото се регулира платата на наставниот персонал, лимитирање на надлежностите на генералниот инспектор - од 1898 г. покрај Апостол Маргарит инспекција на романските училишта вршат и двајца училишни ревизори. За Епир и Албанија бил назначен Ѓика Папа, а за Македонија Јоан Чули.[23] Исто така била обезбедена кирија за сите училишта. Биле отпуштени 54 учители од местата во кое романското училиште не работело, или каде што немало потреба од повеќе од еден учител. Биле назначени нови директори на училиштата.[24] Во битолскиот лицеј за директор бил поставен д-р Перикле Пучереа од Прилеп кој директорувал четири години.

---

[21] Н. Минов, Влашкото прашање..., 312.

[22] Исто, 313.

[23] Исто, 314, белешка 55.

[24] Исто, 314.

Во поглед на отворањето на нова училишна мрежа Спиру Харет воведува рестриктивна политика. Во текот на 1898 г. биле отворени две романски училишта во Куманово и во селото Дамашули во османлискиот дел од Тесалија.

Кога на 30 март 1899 г. либералите се симнуваат од политичката сцена, во Османлиската империја постоеја 69 романски училишта.[25]

Во април 1899 г. кралот Карол за нов премиер го назначил Гр. Г. Кантакузин,[26] а на местото министер за образование бил назначен Таке Јонеску. Во еден период кога во Романија владееше сиромаштија и глад, според Спиру Харет буџетот за романските училишта во Македонија бил зголемен на 761.614 леи. Во Македонија, Епир и Албанија биле испратени нови 58 учители, повторно биле отворени дел од училиштата што ги затвори министерот Харет и биле назначени учители во нови 24 училишта.[27]

Три од новоотворените училишта биле трговски. Во 1899 г. било отворено романско средно трговско училиште во Солун. Истата 1899 г. било вклучено во рамките на централното крушевско училиште и двокласно трговско училиште. Третото трговско училиште во 1899 г. било отворено во градот Бер.[28] На самиот крај на 19-тиот век бил комплетиран битолскиот курс за наставнички и бил претворен во четирикласна женска прогимназија.

Училишта исто така биле отворени во Купа и Долјани. Поради зголемувањето на училишната популација во Самарина, во 1899 г. во селото профункционирало и женско романско училиште.[29]

Во јануари 1900 г. на местото на Таке Јонеску доаѓа неговиот сопартиец Константин Истрати. За негово време биле отворени училишта во кочанското село Лепопелци и за учениците од горноџумајските села Струмски Чифлик и Грамада.[30] Во 1902 г. градското училиште се здобива со своја зграда, купена од месното ароманско население.[31]

По многу напори, во 1895 г. битолчаните Наум Мајмука и Никола Владика, во соработка со конзулот Константинеску, издејс-

---

[25] Исто, 315.
[26] Исто.
[27] Исто.
[28] Исто.
[29] Исто, 317-318.
[30] Исто, 321.
[31] Ж. Попов, op. cit., 483.

твуваа дозвола за отворање на библиотека и печатница.[32] Во 1900 г. романската библиотека во Битола била отворена а печатницата од неразбирливи причини не била отворена а иако биле обезбедени финансиски средства за неа.[33]

Интересно е што романските власти инсистирале Ароманците да го зацврстат своето влијание и во развитокот на здравството и тоа преку отворање на болници. Така д-р Симеон Бербери (1871-1951) којшто потекнува од Влахо-Клисура завршувајќи медицина во Цариград, работи како лекар од општа пракса во Битола. Потоа би ги спомenале докторите д-р Ташо Гаки Трифон, д-р Лазар Ксифта, д-р Илија Аждари, д-р Михаил Скапкас, д-р Перикле Пучереа, кој бил училиштен лекар во лицејот во Битола од 1898-1905 г. и др.[34] Во Битола била отворена романска аптека.[35]

Како директна последица на австро-унгарскиот план за романско-грчка соработка, а делумно и под притисок на финансиската криза во Романија, министерот Арион ги намалил буџетските средства речиси за двојно. Во согласност со договорот од Абацција, Романија пристапила кон затворање на дел од училиштата на Балканот. Беа укинати 7 романски училишта во Албанија, 2 во Тесалија, 1 на Косово, училиштето во Цариград и 6 училишта во Македонија. Станува збор за училишта кои претежно не функционирале или не работеле регуларно. Бројот на учителите бил намален на 129. Треба да се каже, во прилог на горенаведеното, дека училиштата биле слабо посетувани (до 4-5 ученици) во некои основни училишта, обука на мал број на ученици од учител - средно по 17, а во солунската трговска гимназија по 3 ученици, мала норма од околу 10 часа седмично при 22 кај бугарските и 19,5 кај грчките училишта и др. И во една таква ситуација учителите добивале од 2 до 3 пати повисоки плати од колегите од другите националности.[36] Според Сп. Харет додека за Битолскиот вилает Бугарија трошела половина милион лева за издршка на 366 училишта со 491 учители, коишто обучувале 18.076 ученици, тогаш Романија за 24 училишта со 69 учители, коишто обучувале одвај 1.178 ученици, плаќала годишно исто половина милион леи наместо 35.000.[37] Во принцип Сп. Харет не се противел

---

32 Н. Минов, Влашкото прашање..., 318.

33 Исто, 318-319.

34 Петар Бојаџиевски, Придонесот на Власите за развојот на здравството во Битола, Зб. Власите на Балканот, Скопје, 2005, 204-205.

35 Н. Минов, Влашкото прашање..., 319-320.

36 Ж. Попов, op. cit., 484.

37 Исто.

против зголемувањето на расходите за училиштата, бидејќи македонското прашање *„е наше дете, едно од воплотувањето на тенденциите и идеалите на нашата партија”*, а бил против нецелисходното трошење на средствата.[38]

По направената проценка на ситуацијата владата пристапила кон акција. При 530.000 леи за 1900/1901 г. за следната училишна година Харет го намалил буџетот на 315,000, од есента 1901 г. започнало затворање на половината од основните училишта и дел од класните училишта и биле отпуштени маса на учители. Во текот на 1902 г. останале да работат 43 училишта со 125 учители, коишто учеле 2.207 ученици. Тие претставувале одвај 2,55% од сите ученици во Македонија, додека Бугарите (Македонците б.м) биле 45.035 то ест 52,09.[39] Практично бил достаточен само еден замав на министерот за просвета да го разруши половината од тоа, коешто било создавано главно со парите на романската држава, без активната финансиска поддршка на месните Ароманци. На крајот на краиштата состојбата на училишната мрежа била вратена до нивото од средината на 80-тите години. На 1 септември 1901 г. биле укинати 9 училишта во Бер и 2 во Албанија, гимназијата во Берат била затворена и биле укинати трговските училишта во Крушево и Бер. Австро-унгарскиот пратеник во Букурешт Палавичини во еден извештај до грофот Голуховски вели дека Стурѕа бил со намера да ги затвори сите романски училишта во Македонија и средното трговско училиште во Солун, откако Таке Јонеску истапил во парламентот, во одбрана на Ароманците.[40] И покрај ваквите рестриктивни најави, во 1901 г. било отворено училиште за девојчиња во Долјани, повторно било отворено училиштето во Писодери, гимназијата во Јанина била трансформирана во трговско училиште, а во Крушево била изградена нова зграда за романските училишта во градот.[41]

Во 1902 г. биле отворени уште две романски училишта. Во Елбасан Албанија било отворено женско основно училиште а во Пападиа било отворено петкласно училиште за момчиња и девојки. Имајќи го предвид сето ова може да се каже дека на почетокот на учебната 1902/1903 г. во Македонија работеле 51 романско основно училиште, лицеј за момчиња во Битола и женска прогимназија исто така во Битола, со 104 учители и 3.200 ученици. Вкупно во Осман-

---

[38] Исто.

[39] Исто.

[40] M. D. PEYFUSS, op. cit., 77.

[41] Н. МИНОВ, Влашкото прашање..., 322.

лиската империја имало 82 училишта, 153 учители и 3.991 ученици.[42]

Мерките за штедење предизвикале нарушување на економските интереси на оној дел од аромaнското население што бил вработен во романскиот образовен систем и се нашол на улица по затворањето на дел од училиштата. Затворањето на училиштата и отпуштањето на учителите значело и намалување на квалитетот на наставата.

Пред почетокот на учебната 1902/1903 г. Сп. Харет ги реализира и последните точки од неговата реформска програма. Во 1902 г. Апостол Маргарит бил пензиониран. Неговите надлежности ги презема ново формираната „Администрација на романските училишта и цркви во Турција” со седиште во Битола.[43] Контрола врз работата на ова администрација вршело романското министерство за образование. Во 1903 г. на Јонеску му се придружил, Ароманецот Лазар Дума, по потекло од Писодери, како претставник на романското министерство за надворешни работи. Биле фиксирани минимални плати на учителите (60 леи за учители во основни училишта, 100-200 леи за професори од средни училишта), била подготвена нова училишна регулатива и служба за евиденција на приходи и расходи. Биле печатени нови учебници кои одговарале на наставната програма во империјата. Училиштата биле опремени со училишен прибор и мебел, а биле подобрени и здравствените прилики.

Интересно е да се напомене дека во овој период се обрнува поголемо внимание и на издавачка продукција на аромански весници и списанија. Така од јануари 1903 г. од членовите на ароманскиот црковен и училиштен кор во Османлиската империја, во кој влегувале сите учители и свештеници започнало да се издава списанието Лумина (Светлост) чиј прв број се појавил во јануари 1903 во Битола и во него се пишувало како на романски јазик така и на ароманскиот дијалект.[44]

На 17 август 1903 г. излезе во Букурешт првиот број на неделникот „Екоул Мачедониеи” (Македонско ехо) којшто имал за задача да ги промовира интересите на Ароманците. Погоре споменатото „Македонско Ехо”, излегувало од 1903 до 1906 г., како и на 31 август 1903, еден „Пригоден број” наречен „Крушова” („Крушево”). Во 1900 г. во Констанца излегуваше аромански алманах подготвен од Петру

[42] Исто, 324.
[43] Исто, 323.
[44] Исто, 324.

Вулкан. Од 1898 г. во Романија на ароманскі јазик било печатено списанието „Ревиста Пиндул”. Во 1901-1903 г. во Македонија беше дистрибуирано списанието „Фрациља”, подготвувано од ароманските интелектуалци во Македонија.[45]

Од погоре изложеното може да се види дека Илинденското востание и настаните коишто проследија на теренот на дипломатијата во 1903 г. ја принудиле Романија повторно посериозно да се ангажира на прашањето за своите училишта и цркви во Османлиската империја. Повторно бил зголемен буџетот, биле отворени некои од затворените училишта и голем број на учители биле вратени на работа. Во септември и октомври 1903 г. биле отворени во Периволи, Хрупишта и Пљаса (Албанија) училишта за девојки.[46] Исто така во октомври 1903 г. во Битола било отворено основно училиште за двата пола во кое се запишале 61 ученик.[47]

Зголемените финансиски средства наменети за Македонија и новиот романски пристап резултирале со значително зголемување и на бројот на учениците. Кон крајот на 1903 г. во Македонија, Епир и Албанија работеле 99 романски училишта со 220 учители и 5.533 ученици. Од нив, 71 училиште, 177 учители биле во романските основни и средни училишта во македонските делови од Солунскиот, Битолскиот и Косовскиот вилает.[48]

Во Солунскиот вилает во училишната 1903/1904 г. имало вкупно 22 училишта, 40 учители и 1857 ученици; во Битолски вилает во истата училишна година имало 40 училишта, 89 учители и 2226 ученици а во Косовскиот вилает 6 училишта, 11 учители и 168 ученици. Средни училишта во Македонија во 1903/1904 г. имало вкупно 3 (Битола-Лицеј; Битола-прогимназија и во Солун трговско) со вкупно 37 учители и 224 ученици. Вкупно во Македонија има 71 училиште од кои основни 68 и три средни, 140 учители во основни училишта и 37 професори во средни училишта - вкупно 177, и 4.475 ученици од кои 4.251 во основни и 224 во средни.[49]

[45] С. Ласку, op. cit., 13-15, 26.

[46] Н. Минов, Влашкото прашање..., 325.

[47] Исто.

[48] Исто, 330-333.

[49] Исто.

## 3. Аромансокото црковно прашање (1898-1903)

Крахот на романската црковна политика во Османлиската империја станал извесен во август 1903 г. кога Антим официјално се откажа од функцијата романски митрополит и побара прошка од патријархот во Цариград. За ова го известува австро-унгарскиот амбасадор во Романија својот претпоставен грофот Голуховски на 8 август 1901 г.[50] Други беа патиштата по кои требаше да се стигне до еден национален митрополит за Ароманците.

Романија не можеше да изнајде начин за решавање на црковното прашање во корист на Ароманците. Кривецот за неуспешната романска политика по аромансокото црковно прашање се бараше во грчката непопустливост, дволичноста на османлиската страна, големите сили, во кралот Карол, во романската влада, во Апостол Маргарит.[51] Амбасадорот Џувара меѓу главните причини за поразот ги наведува премиерот Стурѕа кој како католик сметаше дека Романија можеше да стане голема сила само ако го прифати католицизмот и затоа го саботирал решавањето на црковното прашање и Апостол Маргарит, за кого „аромансокото црковно прашање било само пародија... за да извлече големи материјални придобивки".[52]

Преоѓањето на ароманското население во крилото на Егзархијата создавало предуслови за омекнување на ставот на Патријаршијата кон аромансокото црковно прашање. Имало контакти на романскиот амбасадор Лаховари во Цариград и патријархот Јоаким Трети меѓутоа без некој конкретен договор. Ваквите контакти продолжуваат и по Илинденското востание. Кон крајот на декември 1903 г. 6.000 Ароманци испраќаат меморандум до султанот во кој молат да им се дозволи непречено отворање на цркви во местата каде што претставуваат мнозинство. Меѓутоа повикувајќи се на канонските одредби кои не дозволуваат постоење на две црковни општини во исто место под власт на ист религиозен поглавар, Патријаршијата круто одговорила не е можно.[53] Црковните догми и канони, секако биле само изговор. Во врска со ова прашање Христо Силја-

[50] M. D. PEYFUSS, op. cit., 70.

[51] Н. МИНОВ, Влашкото прашање..., 334; Интересно е да се спомене дека во една скоро објавена книга, Апостол Маргарит се споменува како православен поп, што е во секој случај погрешно (Види: Исмет Кочан, Битка за Македонија, Турската историографија за Балканските војни, 1912-1913, со посебен осврт за Македонија, Скопје, 2010, 32-33).

[52] Н. МИНОВ, Влашкото прашање..., 334.

[53] Исто, 334-335.

нов изведува заклучок: „Во случајот со Власите, политичката сметка на „Великата црква” беше многу прозрачна: „елиновласите” од Македонија и Епир живееја во соседство со Грција и се сметаа за предодредена пљачка на елинизмот, со оглед на тоа што Скопскиот санџак беше со драго срце отстапен на Србија и таму фабрикувањето на Срби можеше да биде штетно само за бугарштината”. Ете зошто, Патријаршијата, имајќи ги под делокруг двата српски митрополити, не сака и да чуе за влашки епископ и ги заплашува Власите со „шизма”.[54]



Трандафир Џувара

Грчко-романските договори за соработка и заедничко дејствување против Бугарија го немале посакуваниот ефект во ароманските села. Грчко-романските изјави за помирување немале никакво влијание на теренот со оглед на претходните пресметки на теренот. Борбите во ароманските села продолжиле со несмален интензитет.[55]

Поради борбите меѓу гркоманите и романофилите, црквата во Моловиште останала затворена до 1901 г. и битките се воделе во црковниот двор. Покрај обичните селани, во борбата се вклучувале и највлијателните жители на селото. Во 1898 г. грчкиот охридско-преспански митрополит за да ги спречи Ароманците да богослужат на романски јазик ја затворил црквата и ги зел клучевите со себе. Црквата останала затворена сè до пред Велигден 1901г. Во тригодишниот период додека црквата беше затворена, Ароманците и гркоманите ги остваруваа религиозните обврски во предворјето на црквата. Ароманците богослужеа на романски, а гркоманите на грчки. Во март екуменскиот патријарх успеа да издејствува наредба црквата во Моловиште да се отвори, но со забрана Ароманците во неа да богослужат на романски јазик. По интервенција на романската кралска легација во Цариград, Големиот везир испрати наредба (со датум 28 април 1901) до битолскиот валија, препорачувајќи му да го реши проблемот со романската црква во Моловиште. По пристигнувањето на оваа наредба Ароманците од

[54] Х. Силянов, op. cit., 261.

[55] Н. Минов, Влашкото прашање..., 336.

Моловиште уште неколку пати се обидоа како и претходно да богослужат на мајчин јазик, но во тоа беа попречувани дури и од турските власти.[56]

Проблемот со црквата во Моловиште ги искомплицира добрите односи меѓу Грција и Романија, а во игра се вклучила и Егзархијата која што на Моловиштани им понудила слободна употреба на романскиот јазик во црквата доколку ја прифатат религиозната власт на Егзархот.[57]

Исто така и во Битола била тензична ситуацијата во врска со настојувањата на романската пропаганда да инсталира свој свештеник во најважниот вилаетски центар. Силен бил и отпорот на грчкиот митрополит. Карактеристичен е случајот со свештеникот Теодор кој во декември 1902 г. се откажал од Патријаршијата и продолжуваше да служи на аромански. Патријаршијата го анатемисала и побара од власта негово интернирање. Таа исто така побара од владата да го отстрани романскиот митрополит Генадиј, којшто дошол од Романија за да ги поддржи Ароманците и посетил неколку аромански села во Битолско. Според Христо Силјанов во текот на м. мај стотина аромански семејства се прогласиле сами во одделна црковна општина, откако составија основачки акт за тоа. Нивниот пример се покажа како заразен. За еден месец беа формирани триесетина аромански општини во Македонија и Епир. Во Битола Ароманците се зафатија набрзо да изградат Параклис.[58]

Најдвосмислено во тој судир изгледало однесувањето на турската влада. Во почетокот таа ги прифаќа романските барања како законски и справедливи, но истовремено го штеди и честољубието на Патријаршијата, која му била сојузничка против дејноста на бугарската пропаганда. Така, Портата земајќи го во предвид актот од патријаршискиот протест, нареди да се сопре изградбата на ароманскиот параклис во Битола; меѓутоа, се замеша, романското пратеништво и следи нова заповед да продолжи изградбата. Но месните власти ги поддржуваа Грците кои имаат повеќе врски и повеќе свои приврзаници меѓу Турците. Благодарејќи на таа двојственост се случувале и трагикомични сцени.[59] Не минувало без такви сцени и

---

[56] Никола Минов, Еден необјавен документ за ароманските цркви во Битолскиот вилает, Документи, VIII/3, Скопје, 2010, 6.

[57] Н. Минов, Влашкото прашање..., 337.

[58] Х. Силянов, op. cit., 262.

[59] Исто, 262-263, белешка 3.

осветувањето на ароманскиот параклис во Битола. Бидејќи Патријаршијата откажуваше да нареди осветување на безбожниот храм, Ароманците му дадоа задолжение да го изврши обредот екскомуницираниот свештеник Теодор. Последниот заедно со неколкумина други ароманскиот свештеници од селата го извршија, на 24 декември воочи Божик (по новиот календар, б.м,) сами осветувањето. Власта известена од прогрчки ориентираните испратила еден вод жандарми за да го попречи противканонскиот акт, но Ароманците успеале набрзина да ја завршат церемонијата. Другиот ден, по наредба од Цариград веќе, пак се јави полицијата и не им дозволи да служат. Но на крајот на краиштата романското пратеништво во Цариград успеа да ги надвладее овие тешкотии.[60]

Обновената романска активност меѓу Ароманците го означи продолжението на синхронизираната грчка акција против романската пропаганда. Од друга страна по пристапувањето на отец Теодор кон романската пропаганда, од романскиот буџет за училиштата и црквите во Македонија биле субвенционирани 53 свештеници. 42 од нив служеле на романски и аромански јазик во црквите во Авдела, Периволи, Турја, Крушево, Хрупишта, Моловиште, Чикура, Охрид, Влахо-Клисура, Гопеш, Ошин, Бирислав, Купа, Хума, Љумница, Лугунци, Ливади, Граматиково, Дољани, Голема Селиа, Маруша и Ксироливади, како и во црквите во Ница, Пљаса и Шиписка во Албанија. Во Битола, Самарина, Невеска, Белкамен, Катерини, Кочани и Горна Џумаја, како и во четири места во Епир и Албанија, свештениците субвенционирани од романската влада немале пристап во црквите и служеле само по домовите на Ароманците од тие места. Дел од романскиот буџет за црквите во Македонија бил наменет и за Романците на Света Гора.[61]

Кон крајот на 1902 и почетокот на 1903 г. во Битола била формирана грчката организација Амина, чија што цел беше спроведување на пропагандни и терористички задачи во градот и блиската околина.[62] Прв раководител на терористичката групација во организацијата бил Теодор Моди, по чија наредба беше извршен атентат врз Апостол Маргарит.[63]

Поранешниот генерален инспектор на романските училишта овој пат не успеал да им одолее на повредите. Само неколку месеци по атентатот, *„...на 6 октомври, понеделник, во 11 вечерта, големи-*

[60] Исто, 263.
[61] Н. Минов, Влашкото прашање..., 339-340.
[62] За ова види: Пандели Цали, op. cit., 39.
[63] Н. Минов, Влашкото прашање..., 340.

*от ароманскu борец Апостол Маргарит ја даде душата во рацете на Христа."* [64]

На овој настан се осврнал и познатиот италијански публицист Вико Мантегаца, кој во тоа време важеше како голем познавач на настаните на Балканот и посебно на Македонија. Тој со своите написи за Македонија ги има запознаено читателите во Италија кои што не познаваат толку работи, а кои на нив им се чинат непотребни, но кои ги тангираат од близина со фигурата на Апостол Маргарит кој го нарекува „балкански Мацини". Според него во едно време во кое националната свест беше сè уште задремена, Маргарит го подигна, за прв пат знамето на романизмот во Македонија. „Тој е оној кој што го има прокламирано романското и римското (романа) потекло на ароманското население коешто се нарекуваше и веруваше дека е елинско". Вико Мантегаца продолжува: „И не беше еден лесен потфат на овој скромен професор по грчки јазик, кој што станал апостол на една нација. Прогонуван, не помалку од недоверливоста на турската влада, Маргарит треба да води една битка во сите моменти, полна со опасности. Тој истапуваше од време на време против грчките митрополити и епископи во Македонија, во Епир и во Тесалија, против грчката Лега Зове во Цариград, против грчките конзули, против турските власти, дури и против сопствените браќа во својата татковина, коишто опиени од грчката идеја, гледале во него еден вид на авантурист којшто настојуваше да ги претури вековните традиции. Меѓутоа Апостол реализирал само дел од својот идеал. Ова е епоха на мачни испитувања и на херојска самопрегорност која што не траеше помалку од дванаесет години. Тој е сам во 1878; по една победоносна војна; кога неговите напори започнаа да даваат видливи ефекти. Панелинистичката доктрина го изгубила својот престиж, додека пак Романија, станувајќи независна се појавува со сета виталност на една млада земја полна со иднина.[65]

Оттогаш, авторот констатира дека: „бројот на романските училишта, кои се до таа година не беа повеќе од три, бргу се мултиплицираа, романската пропаганда добиваше во интензитет и влашкото население смело го афирмираше својот етнички персоналитет. Откако му имаше дадено на латинскиот народ во Македонија една романска свест, А. Маргарит, како генерален инспектор на училиштата, ја уреди и диригира акцијата...Тој настојуваше да се потпира

---

[64] Исто.

[65] Кочо Сидовски, Романскиот национализам е во жалост; Апостол Маргарит, големиот агитатор за романските идеи, умрел во Битола, Документи, VI/3-4, Скопје, 2009, 17.

на својот висок авторитет, којшто го имал, можеби, вртоглаво. Чудна судбина! А. Маргарит изгледа, во последно време, како една пречка во крунисувањето на градбата подигната од самиот него. Принуден на повлекување од владата во Букурешт, тој живееше во овие последни години, како отфрлен, во длабока потиштеност на големите херои. Сериозни бури се разбрануваа во вревата и во страстите на жарта на борбата околу ова име: но денес, пред пресниот гроб, има една тажна тишина и Романија го оплакува во Македонија исчезнувањето на човекот којшто беше стариот иницијатор на романското прашање во Македонија, во квечерината, можеби, да го види исполнет својот сон. Букурешт, декември 1903. Регулус”.[66]

Апостол Маргарит беше анатемисан од патријаршиската црква и според тоа не бил достоен да биде погребан со грчки свештеници. Меѓутоа грчкиот митрополит предложил покојникот да биде опеан во грчка црква, на грчки јазик и бил подготвен лично да присуствува на погребот на Маргарит. Меѓутоа во Романија енергично истапиле против таквата идеја, човекот којшто сиот живот се бореше против Грција да биде погребан на грчка земја и со грчки свештеници. По телеграфско одобрение од романскиот министер за надворешни работи, Јон Братиану, се пристапило кон купување на земјиште за гробишта.[67]

Патријаршистите преземале мерки да не се дозволи издавање на земјиште на „романизираните” во близина на Буковските гробишта во Битола, кои биле наречени грчки. Но интервенцијата на Хилми-паша дала можност да биде купен мал простор во близина на Буковските гробишта и се било подготвено за погребот на Апостол Маргарит. Погребната церемонија започнала на 12 октомври 1903 г. Во присуство на делегации од 17 аромански населби, 10 ароманскиот свештеници, романските дипломатски претставници од Битола, италијанскиот конзул Де Визарт, претставникот на австро-унгарскиот конзулат и драгоманите од сите битолски конзулати, освен грчкиот „пред голем број присутни, какви што Битола никогаш не видела” Апостол Маргарит бил погребан со сите почести.[68] Со дозвола на властите во Цариград, местото каде што беше закопан Маргарит стана место за ароманските гробишта во Битола.

[66] Исто, 17-18.

[67] Н. Минов, Влашкото прашање..., 341.

[68] Исто, 341-342.

# Глава 10

# Учеството на Ароманците во МРО и Илинденското востание

## 1. Учеството на Ароманците во МРО

Во крајот на 19-тиот и почетокот на 20-тиот век се засилува револуционерното движење во Македонија. За тоа придонело и создавањето на Македонската револуционерна организација во есента 1893 година. Ароманците не останале настрана од сето ова. Во малубројните трудови што го обработуваат присуството на Ароманците во Македонската револуционерна организација се истакнува дека Ароманците активно се вклучиле во МРО Илинденското востание поради големите зулуми и неправди извршени врз нив од страна на Османлиската власт.[1]

Ароманците не останале настрана по формирањето на МРО. За тоа придонесе и Уставот и Правилникот на Внатрешната револуционерна организација, во кои јасно се внесени целта на организацијата и средствата со кои би се постигнала. Нејзиниот устав поставил чисто македонски задачи. Тој предвидувал создавање на македонска организација која би требало да претставува сопственост на целото обесправено население. Нејзината цел била (чл. 1) *„да ги сплоти во едно цело сите незадоволни елементи во Македонија и Одринско, без разлика на народноста, за извојување низ револуција полна политичка автономија за тие две области"*. За постигнување на таа цел (чл. 2) *„Организацијата се бори да ги премавне шовинистичките пропаганди и националните кавги кои го разединуваат и ослабнуваат македонското и одринското население во неговата борба против општиот непријател"*. Член на Организацијата можел да биде (чл. 4) *„секој Македонец и Одринец, кој не е компромитиран со ништо нечесно...кој ветува и се задолжува да му биде полезен на револуционерното ослободително дело"* .[2]

---

[1] Тодор Симовски, За учеството на малцинствата во Илинденското востание, In: Илинденски зборник 1903-1953, Скопје, 1953, 191; Кочо Сидовски, Учеството на Ароманците во Илинденското востание и нивната соработка со македонскиот народ, In: Зб. Власите на Балканот, Скопје, 2005, 89.

[2] Историја на македонскиот народ, Том 3, Скопје, 2003, 187.

Прогресот што го направила Внатрешната организација само за две години во нејзиното идејно и политичко созревање бил доста голем. Во понатамошните години положбата во Македонија се заострува со угнетувањето на населението кое од друга страна доведувало до засилување на револуционерното движење. По солунските атентати турските власти со уште поголема жестина продолжиле да вршат терор против македонското население и македонските села. Добро организираните македонски маси, освен со оружје, доста успешно му се спротивставувале на турскиот притисок и со својот политички отпор. По донесеното решение за востание на Солунскиот конгрес на 2 јануари 1903 г. (15, 16 и 17 нов стил) настаните се одвивале во тој правец. Веќе на Илинден 1903 г. тоа и се случило.

Раководителите на Внатрешната македонска револуционерна организација се стремеа уште при првите свои чекори да ги привлечат и да ги придобијат како помошници и сојузници во Македонското национално-ослободително движење сите незадоволни елементи вклучително и националностите во Македонија.

Уште при првите состаноци на ЦК на ТМРО, кога е разгледувано прашањето како треба да изгледаат Организацијата и нејзиниот Устав, сите се согласиле дека е неопходно таа да биде внатрешна револуционерна организација и дека нејзините членови може да бидат сите жители на Македонија и Одринско, без разлика на полот, верата, народноста и убедувањето.

Во правецот на сплотување на сите незадоволни елементи работеа сите организатори на револуционерното движење во Македонија. Особено свесно во тој правец дејствуваа социјалистичките елементи во национално-револуционерното ослободително дело. Истакнатиот организатор и војвода на ТМРО, социјалист по убедување, Никола Петров Русински, во една декларација прочитана од него пред неговите четници на 3 јуни 1903 г. во една гора кај Вранешничката месност, меѓу другото, подвлекува дека тој е огнен приврзаник за слободата на целокупниот народ на Македонија, без разлика на верата и народноста. Тој не сака да згасне ниту едно македонско огниште, затоа што сите биле синови на една иста ропска земја, робови на ист режим и сите преживеале разни понижувања, мачења и насилства во долгото ропство... Во оваа декларација Русински бара во борбата за слобода Македонците да се обединат со страдалниците од другите националности.[3]

---

[3] К. Сидовски, Учеството на Ароманците..., 89.

Процената била сосема правилна. Незадоволни од османлиските самоволија не беа само Македонците туку и другите народности. Нивниот заеднички интерес беше да се сплотат и да се борат за општа слобода. Таквата политика на Организација беше крунисана со успех. Верни членови на Организацијата беа не само Македонците и Ароманците, туку и лица од другите народности, иако поретко.

Меѓутоа мора да се спомене дека одреден слој од ароманското население ја прифатила МРО, дел покажувал индиферентност, а дел одбивал секаква соработка и бил непријателски настроен кон Организацијата. Причините за ова се многу покомплексни и бараат поголем простор за анализа.[4]

Во секој случај голем дел од ароманските и мегленовлашките села го чувствувале османлискиот јарем. Силниот терор од османлиите и блиското исламизирано ароманско село Ноте најсилно се чувствувал кај Мегленo-Власите.[5] Кога Вајганд го посетил Мегленско, веднаш ја забележал ужасната сиромаштија која што била нетипична за ароманските населби што претходно ги посетил. Бирислав било чифлик на Ноте и селаните биле постојано измачувани, како од своите господари, така и од пољаците и војниците.[6] Мегленовлашките села во најголем број биле чифлици на турските бегови. Тие беа оддалечени од поголемите центри, опкружени со македонски села, под силно влијание на своите македонски соседи кои беа подеднакво угнетени и без речиси никакво грчко влијание меѓу нив.[7] Ароманците од Мегленско брзо го привлекоа интересот на водечките личности од МРО. Првиот член на уставот на ТМОРО од 1897 г. со кој им беше дозволено на сите незадоволни елементи во Македонија и Одринско без разлика на народноста да се вклучат во Организацијата широко ги отворил вратите на МРО за немакедонското население во Мегленско.[8] Основите на МРО меѓу Мегленитите ги поставиле војводите Аргир Манасиев и Васил Чакаларов. Колибите на ароманските сточари од Ливади и таквите на Кожуф служеле како постојано прибежиште на четите на МРО.[9] Организацијата длабоко навлегла во сите села во Гевгелиско. Селаните од своја страна го пополнувале боречкиот кадар во четите. Голем број на Ароманци од овие краишта имало во четите на Аргир Манасиев, на

---

[4] Н. Минов, Влашкото прашање..., 363.

[5] Поопширно за ароманското исламизирано село Ноте види кај: Т. Кал, op. cit., 5-26.

[6] Н. Минов, Влашкото прашање..., 365.

[7] Исто, 365-366.

[8] Исто, 366.

[9] Исто, 367.

Апостол Петков кој заедно со Манасиев постојано ги обиколувале селата Купа, Ливади, Бирислав, Лугунци, Ошин, Хума и Љумница.[10] Овде имало учесници Ароманци во многу локални чети. Така во селото Љумница била организирана локална чета на МРО предводена од војводата Џамбаз Танчу и четниците Гона Габа, Дума Руси, Танаси Таци, Вани Соми, Сарела и Пона Кумита.[11] Во Ошин организираната чета ја предводел селскиот војвода Аврам Ѕега, а во неа влегувале и Сирли, Мисиру, Ливеану Пити, Ливеану Ѓорѓи, Михаил Вакуф, Пити Туфек.[12] Од Серменин произлегол четникот во четите на Чернопеев, Манасиев и Герџиков, а подоцна гевгелиски реонски и воденски околиски војвода, Тодор Серменински, итн.[13]

Покрај учеството на Ароманците од Гевгелиско, Мегленско, Енице-вардарско во четите на МРО нивното учество било значително во крушевскиот, битолскиот и костурскиот реон. Покрај репресијата од османлиските власти врз нивниот пристап кон МРО делувале и причини од поинаков карактер. Покрај меѓусебната борба на про-романско и прогрчките струи, а од друга страна без црква, далеку од државата заштитник и без поголеми илузии за ослободување кое би дошло од надвор, про-романската групација била принудена да бара сојузник во борбата на црковно-просветен план, а единствен природен партнер за Ароманците од југозападниот регион на Македонија биле македонскиот народ и Егзархијата. Најголемиот број на Ароманци во Организацијата биле поранешни ученици во романските училишта во Македонија.[14]

Кон револуционерната организација први помасовно започнале да пристапуваат Крушевчани. На 27 септември 1895 г. на Крстовден во Крушево било создадено првото крушевско револуционерно јадро. За претседател на формираниот комитет бил избран Тома Петров, а за секретар Јанков. Меѓу другите биле примени Ванѓу Топуз, Христо Ќурчиев- меѓу кои од ароманската средина-Таќи Љапу, Теохараки Михаилу, Кола Бојаџи, Тирчу Ставре, Борјар, Питу Гаќи Шкаперда и Лаќу Горцу.[15] Пред Илинденското востание во Крушево оперирале пет ароманси револуционерни групи. Во својство на раководител на градска чета во Крушево работел уште еден

[10] Исто.

[11] Исто.

[12] Исто, 367-368.

[13] Исто, 368.

[14] Исто, 369-370.

[15] Историја на Крушево и Крушевско, книга прва, Крушево, 1978, 146.

Ароманец, Ванѓу Макшут. Учеството на крушевските Ароманци во МРО ќе биде јасно истакнато за време на Илинденското востание.[16]

Кон МРО пристапувале и Ароманци-Крушевчани што живееле и работеле надвор од родниот град. Питу Гули бил посветен во револуционерното дело во 1897 г. во Кичево. Питу Гули, кој заедно со Дуко Тасев робијал во малоазиските зандани, во тоа време, според Ѓеров, држел гостилница во Кичево. При тоа бил посветен во револуционерното дело.[17]

Во следните години, во редовите на МРО биле примени крушевчаните Ѓорѓу Мучитано, Косту Дабижа и Унчу Шкетија.[18]



Питу Гули (во средина)

За разлика од Крушево во битолските потпелистерски села тешко ѝ било на МРО да проникне во нив. Ова со оглед на тоа што во селата Гопеш, Моловиште, Трново, Магарево и Нижополе не живееле Македонци. Од таа причина поспоро одело и приклучувањето на жителите од овие села кон Организацијата. Први Ароманци во битолско што помасовно пристапиле кон МРО биле жителите на село Гопеш.[19]

Најстар работник посветен во делото од ова село беше Димитрија Коста Кераца, којшто го подготвил теренот целото село да биде посветено во делото од Ѓорѓи Сугаре во 1902 г.[20]

Селото Гопеш стана место каде што често наминуваа организационите чети. Ѓорѓи Сугаре постојано престојуваше во него. Тука наминуваа и војводите со своите чети, како Ѓорѓи Давидов, Ѓакон Евстати, Параскев Цветков и др. Организацијата беше материјално

[16] Н. Минов, Влашкото прашање..., 370.

[17] Димитар Димески, Македонското националноослободително движење во Битолскиот вилает, (1893-1903), Второ издание, Скопје, 1982, 251-253.

[18] Н. Минов, Влашкото прашање..., 371.

[19] Исто, 371-372.

[20] К. Сидовски, Учеството на Ароманците..., 90.

помагана од селото. Коста Цингара од оваа село, којшто живееше во Битола како добар трговец, еднаш му беше дал на Александру Кошка 25 турски лири, а неговиот роднина во селото, Наќи Цингара, беше дал исто така во еден наврат, 1.200 турски гроша.[21]

Во 1901 г. Александру Кошка[22] заедно со неговиот брат Тодор Коста Кошка, станаа членови на Внатрешната македонска револуционерна организација, по земањето заклетва во селото пред дојдените Дамјан Груев и Славејко Арсов.[23] Со оглед на тоа што своевремено се вклучил во романската армија, според А. Стефанов, Кошка донел и оружје од Романија. Никола Минов во својот труд наведува дека импресивен бил бројот на Ароманци на високи позиции во романската армија кон крајот на 19-ти и почетокот на 20-тиот век.[24] Кошка активно учествувал во Илинденското востание.



Четата на Александар Кошка и Стерју Миљор

[21] Исто.

[22] Александру Кошка, познат војвода, роден во село Гопеш, завршил романски лицеј во Битола, почнал да студира медицина во Букурешт, но ги напуштил студиите и се посветил на национално-револуционерното движење за ослободување на Македонија. Одржувал врски со Питу Гули, бил комита во четата на Параскев Цветков, потоа во четата на Ѓорѓи Сугаре. Учествувал во нападот на Смилево, при што бил ранет. Извесен период бил во четата на војводата Алексо Стефанов, а потоа станал самостоен пелистерски војвода.

[23] Спомени и биографии на илинденци (Избор, редакција и коментар, Александар Крстевски-Кошка), Битола, 1993, 208-209.

[24] Н. Минов, Влашкото прашање..., 372, белешка 43.

Од предилинденските револуционери во Моловиште познат ни е Стефан Барџо. Долгогодишен емигрант во Русија, во 1901 г. се враќа во Македонија и станува член на МРО. Тој исцело и се оддава на организационата работа.[25]

Некои Ароманци од селата Магарево, Трново и Нижополе дејствуваа како четници и курири во четите на Организацијата.[26]

Според Манол Пандевски, во Трново и Магарево раководно тело и месна организација на МРО биле формирани уште пред востанието. Од селото Магарево беше војводата Стерју Наќу кој беше затворен во битолскиот затвор поради револуционерна дејност но потоа беше амнестиран. Јанаки Штерјов од Трново во летото на 1900 г. пристигнал во Битола од Бугарија кој заедно со двајца други имале намера да го дадат својот придонес во изградувањето на четничкиот институт на Организацијата во Битолскиот округ.[27] Ароманецот Кољо од Магарево бил во четата на Ѓорѓи Сугаре а неговите соселани Никола Јанаки, Папуч Ташко и Гошо Димитри служат затворска казна во Битола и Дијар Бекир поради учество во револуционерните чети на МРО. Од Нижополе познато е името на Тодор Адам, а осуден на петгодишна робија во битолскиот централен затвор поради тоа што „се побунил приклучувајќи се кон бугарскиот комитет".[28]

Ароманците од Охрид, заедно со Македонците од градот, учествувале во нелегалната дејност. Од Охрид е и Ташко Арсов, по народност Ароманец[29] кој беше посветен уште 1900 г. во тајните на револуционерната организација и стана нејзин активен деец.[30]

Ароманскиот елемент во Костурско со одушевеност учествуваше во ослободителното дело, длабоко убеден дека на тој начин им служи на своите сопствени интереси. Македонците и Ароманците подеднакво беа посветувани во ослободителното дело, без да се прави разлика меѓу нив. Во четата на војводата Атанас Петров од с. Шестово учествуваа четворица четници Ароманци, кои беа добри борци.[31] Кузо Стефов, подоцна истакнат како одличен војвода, пора-

---

[25] К. Сидовски, Учеството на Ароманците..., 89.

[26] Исто.

[27] Н. Минов, Влашкото прашање..., 373-374, белешка 50.

[28] Исто.

[29] Ташко Арсов, роден во Охрид на 15 март 1879 година во Долно Влашко Маало, од мајка Марија и татко Арсен. Види: Ташко Арсов, Записки, Редакција, коментари и поговор Христо Андонов-Полјански, Скопје, 1983, 13.

[30] Исто.

[31] Т. Симовски, op. cit., 196-197.

но назначен како учител во Хрупишта, успевал да посвети, покрај Македонци, и приличен број Ароманци.[32] Во Хрупишта имаше ароманска општина, чии членови, речиси сите, набрзо влегоа во МРО. Исто така и во село Нестрам имаше голем број посветени Ароманци во делото.[33]

Во 1898-1900 г. Павел Христов и Лазар Поп Трајков крстареа низ костурските села, агитирале во корист на МРО и посветувале прогресивни елементи без оглед на нивната конфесионална и етничка припадност.[34]

Пандо Кљашев повикал неколкумина Ароманци од селото Смрдеш за да му помогнат во пренесувањето оружје од Грција по канал, а Чакаларов, со помош на Ароманци од Смрдеш и со нивен добиток, организирале канал за пренесување на пушки од Грција. Покрај Македонци, и мнозина Ароманци учествуваа во самофинансираните и од Костурската организација создадени групи за пренесување оружје од Грција. Во ослободителното дело учествуваа и Ароманци од селата: Д'мбени, Брезница, Галишта, Старичани, Блаца, Жупаништа, Дреновјани.[35]

Ароманците од Костур, исто така, имаа видно место во ослободителното дело, Лука Гуљов од овој град, кој покажал голема активност за делото, бил фатен и мачен на ѕверски начин од османлиската власт, но ништо не кажал, [36] а по своето ослободување работел уште позасилено. Браќата Ароманци, Тодор и Кичо Левендови од истиот град, роднини на Митре Влаот, зедоа активно учество во ослободителното дело.

Митре Влаот, познат како и Митре Панџару, по потекло од ароманското село Пљаса (Корчанско) станува четнички војвода, а пред тоа бил неписмен овчар, во четата добива образование до степен што секогаш со себе носел револуционерна литература, а покажаната храброст го издигнала неговото име во ранг на легенда во Костурско. Митре и неговата чета биле единствените што одбиле да го напуштат Костурско по неуспехот на Илинденското востание и останаа меѓу народот во најтешките моменти. Во 1901 г. Митре Влаот е четник кај Чакаларов, во јануари 1902 г., за време на мисијата на Гоце Делчев во Костурско, поставен е за воен старешина на една

[32] Драган Георгиев, Спомени за еден од „заборавените” илинденци, Кузо Стефов, Зборник Историја 2 (Скопје), Музеј на Македонија, 2001, 13.

[33] Т. Симовски, op. cit., 192.

[34] Н. Минов, Влашкото прашање..., 377-378.

[35] К. Сидовски, Учеството на Ароманците..., 91.

[36] Н. Минов, Влашкото прашање..., 377.

од двете костурски чети, која дејствува во Корештата. Митре Влаот загинал во март 1907 г. во борба со османлиската војска.[37]

Видно учество во ослободителното дело имаа и Ароманците од Влахо-Клисура. Константин Вуца од Влахо-Клисура даде 100 лири помош за потребите на Организацијата, а имаше и други такви Ароманци од ова место што дадоа големи парични суми.[38]

Во поголемите места во Костурско условите за работа на дејците на МРО биле потешки за разлика од оние во костурските села. Силното присуство на турско, грчко и гркоманско население во градовите ја оневозможувале МРО да проникне длабоко меѓу градската средина и оттука и приклучувањето на Ароманците од овие градови кон МРО се одвивало со послаб интензитет.[39]



Четата на Митре Влаот

Во гратчето Хрупишта, како последица на агитацијата на Кузо Стефов, речиси сите припадници на ароманската општина станале членови на МРО.[40] За време на престојот на Гоце Делчев во Костурско, во четите бил примен и Кољо Влашето од Хрупишта.[41] При посетата на Влахо-Клисура од Х. Н. Брајлсфорд му било изјавено од страна на Ароманците: „*Знаеш, и ние имаме пушки и сакаме да ги*

[37] Исто, 375-376.
[38] Т. Симовски, op. cit., 193.
[39] Н. Минов, Влашкото прашање..., 377.
[40] Исто, 377-378.
[41] Исто, 376.

*уйотребиме"*.[42] Меѓутоа во секој случај пред Илинденското востание не се забележува позначајна револуционерна активност и пристап кон МРО.

За разлика од Ароманците од погореспоменатите реони и градови како Битолско, Костурско, Крушево и од Меглен, Ароманците од останатите места во Македонија поретко пристапувале кон МРО. Положбата на ароманското население не била ништо подобра во Охридско-Струшкиот регион, Леринско, Ресенско и Кајларско но сепак МРО не успеала да придобие поголем број на Аромаци од овие места, можеби една од причините била послабата организациона и агитациона способност на дејците на МРО што оперирале во овие области. Еден од попознатите дејци со ароманско потекло во Охридско бил погоре споменатиот Ташко Арсов од охридското долно-влашко маало. Овој поранешен ученик во романското училиште во Охрид станува член на МРО во 1900 г. а од 1901 г. е четник во четата на Никола Петров Русински. Треба да се спомене дека селата од Езерскиот реон на Охридската околија, во 1901 г. првпат видоа оформена револуционерна чета. Војвода на оваа чета беше Никола Петров Русински, родум од Русиново, Малешевско - човек со благ карактер, интелигентен, социјалист по душа и по убедување. Неговата чета се состоеше од петнаесеттина четници, селани, вооружени со пушки, со разни видови револвери и јатагани.[43] За време на востанието е секретар во четата на Д. Димитров и С. Војданов, а по востанието е војвода во крушевскиот реон.[44] Водач на чета на МРО во Ресенско бил и Никола Влаот. Помал број на Ароманци од Влашка Блаца, Невеска, Лерин, Патичина, Кандрова, Граматиково, Струга и Воден се вклучиле во Организацијата како четници и агитатори.[45] Соработка со Организацијата воспоставија и жителите на Писодери преку војводата Чакаларов, а востаничка чета составена од Македонци и Ароманци исфрлило и селото Јанковец (Ресенско).[46]

Големото ароманско село Фармако, кое лежи во подножјето на Кајмакчалан, а чии жители се од ароманската фара на Фармаковци, им даваше голема материјална и морална помош на Организацијата и на четите. За време на востанието од ова село имаше и четници на страна на востаниците. Семејството Ѕега од градот Катери-

---

[42] Хенри Ноел Брејлсфорд, Македонија, Нејзините народи и нејзината иднина, Скопје, 2002, 282.

[43] За ова види: Анастас Митрев, Мемоари, огледи, статии, Скопје, 1974, 39.

[44] Т. Арсов, op. cit., 13-14.

[45] Н. Минов, Влашкото прашање..., 378.

[46] Исто, 379.

ни, преселено во Лерин, и вршеше голема услуга на Организацијата и сестрано ја помагаше пред и по востанието. Повеќето Ароманци од Леринско и останаа верни на Организацијата И по доаѓањето на грчките андартски чети, кои убија доста Ароманци затоа што не се согласиле да се отцепат од МРО и да преминат на нивна страна.[47]

Во Островска околија, сите аромански села и служеа верно на Организацијата. На четниците и на Организацијата им помагаа сестрано, во прв ред со храна и сместување, со пренос на четничка опрема, облека, курирска и известувачка служба и со други услуги.

За широкото учество на ароманските села од планината Пајак во Организацијата, во своите спомени зборува Сава Михајлов. Од четниците од ароманските села излегоа многу добри и храбри четници.

Јане Сандански во своите спомени вели дека сите аромански села од неговиот реон беа организирани од Внатрешната револуционерна организација. Ароманските села Божово, Шатрово и Лопово беа организирани лично од Сандански. Во селото Лопово раководител беше Васил Инџето, а во селото Шандово, Димитар Кехајата.[48] Ароманските села на Пирин имаа врска со Организацијата и значително ја помагаа. Во Серско се споменуваат повеќе Ароманци-учесници во борбата за ослободување на Македонија пред и по Илинденското востание.[49]

Најпосле, силен израз на соработка меѓу Македонците и Ароманците уште пред Илинденското востание гледаме во Крушево. Уште во 1896 г. во Крушево имаше Ароманци што беа посветени во делото на Внатрешната револуционерна организација. Ова, секако, се должи и на податокот дека малку пред тоа, во 1889 г. според некои укажувања, во Крушево биле регистрирани околу 4.000 Ароманци, а во 1900 г. овој број се зголемил на 7.000.[50]

Во Крушевската афера од 1902 г. покрај Македонци, од османлиските власти беа уапсени и припадници на една група Ароманци. Уште пред Востанието, освен Македонци имаше и Ароманци четници, како што беа Лаќу Конче-Лега и Ванѓу Пани Стефов, од составот на четата на Ѓурчин.

Поголемиот дел од населението на Крушево беше посветено уште пред Востанието и работеше за ослободителното дело. Колку

---

[47] Исто.

[48] Исто, 379, белешка 81.

[49] К. Сидовски, op. cit., 93.

[50] Б. Петковски, op. cit., 71

повеќе наближуваше денот на востанието, толку посилно и поактивно жителите на Крушево се подготвуваа за борбата и вршеа воени вежби. Во нив учествуваа многубројни крушевчани, Македонци и Ароманци, како што беа Тоду Маја, Миха Бита, Лаќу Горце, Суша Куфиќа, Таче Копачо, Стерју Наќи Наку, Мише Тасе и други.[51]

Аромански сточари биле поспецифична категорија Ароманци-соработници на МРО. Животот на аромански сточари и на нивните стада се одвивал по планините, кои за целото време на постоењето на османлиското господство беа населени покрај од стадата на Ароманците и од ајдучки чети, комитски чети или пак од обични шумски арамии, за кои што најприродна заштита од властите или од невреме беа токму ароманските мандри. Со оглед на ваквата положба сточарите не ни помислуваа да одбијат гостопримство и заштита бидејќи овчарите можеа да бидат убиени а стадата, единствениот имот на овие Ароманци, уништени. Во секој случај соработката на ароманските сточари со револуционерните чети била соработка од интерес. На четите им требала заштита на ароманските сточари а ним им требала заштита на МРО од разбојници и врховистички чети.[52]

Уште поспецифична форма на соработка меѓу МРО и Ароманците беше снабдувањето со оружје на четите во Западна Македонија, кое речиси редовно било вршено од Ароманци. Ароманците беа најприроден избор за снабдување на западномакедонските региони со оружје од Грција бидејќи тоа биле трговци и кирациии, безопасни сточари во коишто власта имала доверба, често пати и добри познавачи на грчкиот јазик.[53] За снабдувањето со оружје во Костурско нешто погоре е споменато.

За снабдувањето со оружје во Крушево се знае дека раководството од тој град купувало оружје од Грција. Така Таќи Љапу, кој го знаел и грчкиот јазик, се заинтересирал да купи оружје од Грција, со помош на окружните и реонските канали на Организацијата. Кон крајот на 1901 г. тој заминал за Грција и, преку својот сограѓанин Гаќи Нишка, во Лариса се запознал со народниот пратеник Николаос, пред кого се претставил како пратеник на некоја грчка организација во Битолско, од чие име дошол да купи оружје за подготвување на востание во Македонија против османлиското ропство. Николаос, малку од патриотизам, повеќе од лична материјална корист што

[51] Т. Симовски, op. cit., 200.

[52] Н. Минов, Влашкото прашање..., 379-380.

[53] Исто, 380-381.

би ја имал ако купопродажбата се изврши преку него, се ставил на услуга на Љапу и дури уредил пограничните власти да не го пречат туку да го помагаат изнесувањето на оружјето. Се купувало пушки „Гра", од кои долгите чинеле 30 драхми, средните 25, а кусите, карабините - 20 драхми една, со по 100 фишеци, франко Лариса.[54]

Каналот за пренесување на оружјето од Грција бил организиран од Зису, од село Магарево, Битолско, од неговиот шура од групата на десетарот Михаил Ракиџиев од Битола и од крушевчаните Коле М. Хчу и Тега Херту. Крушевската организација, освен со пари, ги снабдевала и со коњи. Оружјето, преку каналите од Леринско, Битолско и Прилепско, се пренесувало во Крушевско. Меѓу пренесувачите на пушки и муниција биле погореспоменатите Таќи Љапу, Тега Херту, потоа Кола Бојаџи-Грамослијата, Таќу Ашлак, Ванѓу Макшут, Ванѓу Белувче и Петре Паре, како и Зиси Михали, Стерју Танас, Стерју Тахо и Андреја Кендро од Трново.[55]

Предавството извршено од некојси Јосиф Жабјанец, којшто го посочил Кола Бојаџи како пренесувач на оружје, а подоцна и издавањето на сите тајни од страна на Кола Бојаџи за начинот на којшто оружјето било пренесувано и имињата на луѓето инволвирани во преносот на оружје, го прекинал довозот на грчко оружје а од друга страна компромитирало многу крушевчани пред османлиските власти и делумно го открило учеството на Ароманците во револуционерното движење. На Кола Бојаџи, кој ги предал сите тајни откако не го издржал мачењето, му пресудиле самите Ароманци.[56] Ароманци учествувале и при пренос на оружје од Албанија.[57]

Исто така треба да се спомене дека и семејството Манаки, според одредени сознанија, учествуваше во воспоставувањето на канал за пренос на оружје од Лариса за Вториот револуционерен округ во Битола.[58] Најверојатно и оттука довербата на МРО во Милтон да дозволи фотографирање на 100-тина македонски и аромански револуционерни учесници во Илинденското востание од 1903 г. и во периодот што следел по востанието.[59] Важно е да се спомене дека

---

[54] Историја на Крушево..., 164-165.

[55] Н. Минов, Влашкото прашање..., 380.

[56] Исто.

[57] Исто, 381.

[58] Павле Константинов, Браќата Манаки, Млад Борец - Скопје, 1982. Според авторот, Манаки изјавил: „Во 1900 година зедов заклетва од организаторот Коста Дабижа и станав член на ВМРО..." Цитирано според: Александар Крстевски-Кошка, Семејството Манаки, Творештвото на браќата Манаки, Скопје, 1996,19.

[59] Кочо Сидовски, Браќата Манаки и нивната дејност поврзана со Битола, Документи, III/3, Скопје, 2006, 2.

семејството Манаки било вклучено во движењето за национално осознавање на Ароманците од асимилаторското влијание на Цариградската патријаршија и за добивање на црква и на училишта на својот мајчин јазик. Во оваа активност посебно се истакнувал постариот брат, но и Милтон не се одвојувал од оваа традиција во семејството.

Во некои случаи овие пренесувачи на оружје биле предани работници на Организацијата. Некои од нив, пак, тоа го правеле само за профит, без да имаат никакви чувства и интерес за каузата за којашто се борела МРО.[60]

Во многу аромански места Организацијата никогаш не успеа да навлезе. Тука во прв ред би ги споменале ароманските села во Берско и Гревенско, на планините Вермион и Пинд, то ест местата со најголема концентрација на ароманско население. Ова ароманско население живеело во места кои беа далеку од територијата каде што МРО оперираше и немале можност да воспостават поблизок контакт со организаторите на МРО.[61]

Од друга страна пак, Ароманците од гркоманската средина покажуваа отворено непријателство кон револуционерната борба. Тие не ја согледуваа самобитноста на МРО, гледајќи бугарско влијание и страв од бугарска анексија на Македонија. За овој дел од ароманското население не постоеше опцијата за соработка со револуционерната организација и покрај повремените обиди на некои од водачите на МРО да го придобијат и овој дел на ароманското население.[62]

## 2. Учеството на Ароманците во Илинденското востание

Илинденското востание претставува најзабележителна страница во историјата на македонското национално-ослободително движење. Остварувањето на целите на македонската револуција наидувало на сериозни пречки. На нејзиниот правилен од посебно беше спротивставувањето на врховистичките елементи. Тие се стремеа да го компромитираат самостојното македонско дело, да му нанесат штета, да се вовлечат во редовите на Внатрешната организација.

[60] Н. Минов, Влашкото прашање..., 381.

[61] Исто, 381-382.

[62] Исто, 382-383, белешка 95.

Меѓутоа на централно место беше поставено прашањето за подигање на востание напролет 1903 г. По ова судбоносно прашање се водеа долги и сериозни дискусии на конгресот на членовите на Внатрешната организација којшто се одржал во Солун на 15, 16 и 17 јануари 1903 г. Надвладеа предлогот кој предвидуваше подигање на востание на пролетта 1903 г.[63] Откако сите подготовки беа завршени Главниот штаб на востаничките сили го определи Втори август-Илинден за почеток на востанието. Со специјален Проглас беше разгласен повикот за востание низ целата земја. За почетокот на востанието беше известена европската дипломатија и светската јавност.

Илинденското востание започна на 2 август во поголемиот дел на Македонија. Во согласност со степенот на подготвеноста на народот и на револуционерните сили, тоа имаше различен интензитет. Неговата продолжителност беше нееднаква. Впрочем, цела Македонија се наоѓаше во востанички пламен цели три месеци (август, септември, октомври 1903 година), а и повеќе. Во него широките македонски народни маси, потпомогнати од претставниците на народностите во Македонија, опстојуваа во одбраната на слободата и низ востаничките пожаришта ги бараа патиштата на слободољубивата егзистенција и еманципација. Во востанието движечка сила беа народните маси, тие во него ја докажаа својата революционерност, самоиницијативност и масовна борбеност. Затоа востанието уште во самиот почеток имаше народен карактер. Беше типично народно востание. Сопствено дело на македонскиот народ и народностите.[64]

По започнувањето на Илинденското востание во изготвениот план од Горското началство, Крушево го нападнаа седум одреди. Во составот на овие одреди имаше многу Ароманци-востаници, кои храбро се бореа со турската војска.[65]

Тодор Борјар, на чело на група од 20 четници, Македонци и Ароманци, ја нападнаа и ја освоија телеграфско-поштенската станица. Покрај оваа група и групите на Лаќу Конче и Санду Доку ја нападнале поштата во градот. Четата на Вангел Топуз и Петре Паре учествува во нападот на уќуматот.[66]

---

[63] Христо Андонов–Полјански, Илинден 1903, Скопје, 1983, 14-15.

[64] Исто, 18.

[65] Кочо Сидовски, Учеството на Ароманците во ослободителните движења на Балканот и во Македонија во XIX век и првата деценија на XX век, Зб. Македонија и соседите, Скопје, 2010, 56.

[66] Н. Минов, Влашкото прашање..., 388.

На 4 август вечерта било свикано Собрание на градот составено од 60 поистакнати граѓани на Крушево, по 20 од секоја „народност”. За тоа што всушност биле тие народности, во постојната литература имало различни гледишта. Едни сметале дека во градот постоеле три народности-влашка, „словенска” и албанска и дека 60-те членови на Собранието биле претставници на овие народности. Други сметале дека имало четири народности. Нив пропагандите ги идентификувале со народноста. Во тоа време населението било поделено, главно на три дела: патријаршисти (поголемиот дел од Ароманците, малубројни Албанци и извесен број на Македонци), Ароманци-романофили или националисти, како што обично ги нарекувале, и Македонци-Егзархисти. Имено од овие три конфесионални заедници-била создадена општината и Собранието на ослободено Крушево.[67]

Инаку соборот на највидните граѓани го свикал Штабот на Горското началство на чело со Никола Карев. Како што споменавме погоре на него присуствувале 60 делегати од сите народности населени во градот. На ова собрание беше избрано претставничко тело како највисок орган на власта, кое е различно именувано: Времена влада, Времена воена влада, Префектура, Управително тело и слично.[68]

Во историјата на Крушево се наведува дека изборот за членови на времената влада било вршено преку тајно и слободно гласање и во нејзиниот состав биле избрани следниве лица: Дину Вангел, Николаки Баљу, Ѓорѓи Чаче, Теохар Нешков, Димитар Секулов и Христо Ќурчиев. Според етничко-пропагандна припадност: еден Влав-патријаршист, еден Албанец-патријаршист, еден Влав-националист и тројца егзархисти. Димитар Секулов изјавил дека егзархистите се готови да отстапат две места: на еден Турчин и на еден помак.[69] Според романските дипломатски претставници и според современата романска историографија, коишто сите Ароманци без разлика на црковна припадност и училиштата што ги посетувале ги сметаа за Романци, во владата членувале четворица Романци: Дину Вангели, Ѓорѓи Чаче, Никола Баљу и Теохар Нешку.[70] Македонската

---

[67] Историја на Крушево..., 202-203.

[68] Александар Христов, Правно-теоретската основа на нормативната функција на внатрешната организација и конципирањето на независната самостојна македонска држава (1893-1898), Прилози, XXX/1-2, МАНУ, Одделение за општествени науки, Скопје, 1999, 96.

[69] Историја на Крушево..., 205.

[70] Н. Минов, Влашкото прашање..., 389-390, белешка 114.

историографија смета дека Теохар Нешков бил Македонец.[71] Претставници на прогрчки ориентираните Романци биле закупникот на македонските езера и трговец со риба, Дину Вангели, И професорот по уметност во грчката гимназија во Крушево Ѓорѓи Чаче. Претставник на про-романските ориентирани Ароманци бил учителот во романското централно училиште Никола Баљу.[72] Оттука се изведува заклучок дека доколку „навистина во владата имало по двајца претставници од секоја народност, тогаш еден од останатите тројца членови во владата бил „Романец".

За началници на ново формираната полиција во градот, според одлуката од 5 август на времената влада, биле назначени Кола Чкарна, Гушу Јота, Љаску Пренда, Гушу Абаџи, Тега Бурек, Ванѓу Моцан, Гаѓи Кацујан, Кола Бојаџи, Тома Чолаку, Љапу Кушоара, Коста Фетаџока и др.[73]

Треба да се спомене и тоа дека Ароманци беа и лекарите што служеа во востаничката болница, Димка Батал, како и болничарот Питу Бербера, Гушу Пенди Франга, татко на Лаќу Горцу и други.[74]

Во време на востанието арсеналот беше раководен од искусните железари и пушкари: Ставре Борјар, Кирчу Борјар, Стерју Јанаки и Таќу Моцан.

Владата беше задолжена да обезбеди производство и снабдување на населението со основни средства за живеење, како и се што е потребно за одбрана на градот, да се грижи за здравјето на населението, да одржува ред и мир, да ги санкционира сторителите на престапните дела, да се организира судство, полиција и др.[75]

Во историската битка на Слива, Црниќ и Мечкин Камен, меѓу другите востаници паднаа и многу Ароманци. Тука загина и Питу Гули. Накратко би споменале дека Питу Гули е роден во Крушево во 1865 г., а потекнува од ароманско семејство кое било дојдено од Грамос. По низа перипетии во животот доаѓа во Софија, каде што отворил своја кафеана. Потоа доаѓа во Македонија и поради својата револуционерна активност бил затворен во „Беаз Куле" во Солун. Потоа бил осуден на 10 години затвор и бил испратен на издржување на казната во „Аргале Мадем" во Мала Азија.

По издржувањето на казната Питу Гули се вратил во Крушево, во времето кога во Македонија беше формирана МРО. Во 1897 г.,

[71] Исто.
[72] Исто.
[73] Историја на Крушево..., 211.
[74] К. Сидовски, op. cit., 211.
[75] Исто.

Лука Геров го прими Питу Гули во МРО. Од страв повторно да не падне во затвор, тој во 1900 г., повторно се вратил во Софија каде што останал се до месец март 1903 г. кога пак се вратил во Крушево. Со враќањето во Крушево популарноста на Питу Гули пораснала уште повеќе и тој бил веднаш примен за член на советот на востаниците во крушевскиот регион. Во апелот до крушевчаните за востанување, во групата од петте војводи бил и Питу Гули.

Според оперативниот план на штабот на востаниците, Питу Гули со неговата чета требаше да ги држи под контрола и да ги брани стратегиските места кон Крушево. Неговата чета броеше 350 востаници. По заземањето на градот од страна на востаниците и десетдневната слобода Османлиските власти од Цариград собраа голема војска и под команда на Бахтијар паша од Прилеп тргнале да го заземат Крушево. Градот од сите страни бил опколен од османлиската армија. По одбивањето на ултиматумот на Бахтијар паша за предавање на Крушево следел османлискиот напад. Војводата Тодор Христов предложил востаниците да се повлечат назад а Крушево да им се предаде на Османлиите. Тогаш Питу Гули одречно рекол: *„коīа бевме мажи да īо заземе īрадоѿ, ѿреба īрадоѿ и да īо браниме”.* Одговорот до османлиите беше дека градот ќе се брани. Само една чета успеала да се извлече надвор од опкружувањето на османлиската војска. Кај локалитетот „Слива” загинале 40 востаници, заедно со војводата Тодор Христов. Од бомбардирањето на турската артилерија започнало да гори Крушево.

Наум Томалевски за Питу Гули го изјавил следното: „по ослободувањето на градот Крушево Питу Гули со неговите соборци отиде во селото Бирино, во близина на Крушево, со 240 востаници. Кога се вратил во Крушево, тој не учествуваше на собранието на војводите, го зеде со себе фотографот Коча и во планината кај Бирино се фотографирал заедно со целата негова чета. Кога неговиот предлог не беше прифатен од страна на востаничкиот штаб, тој заминал дома, се поздравил со семејството а оттаму тргнал за селото Бирино. Кога османлиската војска стигнала до селото Кривогаштани (Прилепско) удрила на селото Острилци. По ова Питу Гули тргнал со неговата чета кон локалитетот „Мечкин камен”. Османлиската војска го опколила од сите страни. Тогаш Питу Гули им одржал краток говор на своите соборци, ја изгореле архивата и откако го истакнале востаничкото знаме на средина, се простиле еден со друг и ги зазеле позициите за борба. Започнала една голема и нерамноправна битка. Меѓутоа, Османлиите биле помногубројни така што ги убиле сите востаници до еден. Откако го зазеле „Мечкин Камен”, Османлии-

те влегле меѓу убиените и ранетите востаници, и да би биле сигурни дека востаниците не се живи, во секој од нив испукале уште по еден куршум.[76] Во своите мемоари Никола Бацарија за храброста искажана на „Мечкин Камен" Питу Гули го нарекува - витез.

Романските весници објавиле фотографија на еден од раководителите на востанието во Крушево, „борецот што одби да се повлече и остана до крај да го брани градот", „храбриот млад Романец од Грамос" - Питу Гули.[77] На преминот „Слива" во одбраната на Крушево биле убиени и бранителите-Ароманци, Кицу Далавир, Косту Куфича, Косту Лале и Горчу Качамака.[78]

Османлиските војници и башибозуци се нафрлија со голема жестокост врз градското население. Повеќе од 150 жени беа силувани, 117 граѓани Крушевчани паднаа од нож или од куршум на аскерот на Бахтијар паша и на башибозукот, и тоа 15 жени, 5 мажи и 6 деца. Повеќе од 120 души Македонци и Ароманци беа испратени во Битола за да бидат судени од вонредниот суд, како виновници за прогласеното востание во Крушево.[79]

Ароманското население во Клисура, Невеска и други места целосно учествувало во составот на четите на МРО.[80] Градот Влахо-Клисура беше ослободен на 23 јули (ст. стил) 1903 г. кога Ароманците масовно и со радост ги пречекаа костурските чети со нивните војводи. *„Ни фрлаа цвеќиња низ прозорците и не прскаа со левантo"* – раскажувал еден од учесниците во настаните Марко Иванов.[81] Во своите говори, војводите им го објаснуваа на жителите значењето на востанието, говореа за рамноправноста и сите хумани и човечки права кои треба да ги добијат сите жители на Македонија, без разлика на нивната вера и народност, по победата на востанието и по ослободувањето на Македонија од османлискиот деспотизам.[82]

Сличен пречек на востаниците им беше приреден и во ароманското гратче Невеска, преземено од востаниците на 12 август 1903 г. Во тоа гратче имаше работници на Организацијата кои му служеа на делото уште пред востанието, како Лексо Кујунџијата, Ка-

---

[76] Нико Попникола, Влашки преродбеници, Битола, 2003, 54-56.

[77] Н. Минов, Влашкото прашање..., 388.

[78] Исто, 388-389.

[79] К. Сидовски, op. cit., 57.

[80] Александар Трајановски, Жртвите и последиците од Илинденското востание во Битолскиот вилает според документацијата на Архивот за надворешна политика на Русија, Зб. Македонско-руски врски, Скопје, 1996, 174.

[81] Н. Минов, Влашкото прашање..., 391.

[82] Х. Силянов, op. cit., 303.

рамашин, кој што беше истакнат четник кај Александар Турунџиев и др.[83]

По примерот на Крушево ситуацијата наметнувала потреба и во двата ароmански града да се организираат провизорни управи коишто, сепак, немале ниту време ниту услови да се претворат во вистински органи на власта и се ограничиле на задачи за осигурување на исхраната и нормалниот живот на населението. Во Влахо-Клисура биле организирани две комисии кои имале за задача да се грижат за сместување на четите и собирање на помош.[84] Од редовите на граѓаните бил избран кмет на новата управа. Во Невеска била избрана привремена комисија за управување со градот на чело со докторот по право, богатиот Мисирлија.[85] Минов смета дека под името Мисирлија се крие член на семејството Цирле, кој своето богатство го стекнал во Египет (Мисир).[86]

Во Илинденското востание од 2 август 1903 г. големото ароманско село Фармако, кое лежи во подножјето на Кајмакчалан а чии жители се од ароманската фара на Фармаковци, им даваше голема морална и материјална помош на Организацијата и четите.[87]

Соседните на Битола ароmански села: Трново, Магарево Нижополе, Моловиште и Гопеш и дадоа добри дејци на Внатрешната револуционерна организација. Селата, Трново, Магарево и Нижополе за време на Илинденското востание дале по 15 до 35 востаници.[88] Според известувањето на дописникот на букурешкиот дневен весник „Романецот од Пинд" се вели дека кон средината на јули 1903 г. во Трново се водела битка меѓу револуционерна чета и две османлиски воени единици. По неколку дена од судирот селото било нападнато од башибозук и сред село биле убиени 15 угледни селани, под претекст дека им давале заштита на револуционерите.[89] На почетокот на октомври 100-члена револуционерна чета предводена од Наки од Трново била поразена во близина на селото, по што биле убиени војводата и 46 од неговите четници.[90]

Од селото Магарево излегле неколку четници и двајца војводи Стерју Наќу и Јанаки Магаревчанецот. Стерју Наќу кој, со својата

[83] Т. Симовски, op. cit., 193.
[84] Н. Минов, Влашкото прашање..., 391.
[85] Исто, 392.
[86] Исто, 392, белешка 126.
[87] Т. Симовски, op. cit., 195.
[88] Н. Минов, Влашкото прашање..., 394.
[89] Исто.
[90] Исто, 395.

чета и со уште две македонски чети, падна на 22 септември 1903 г. на Пелистер во нерамна борба со Османлиите. Инаку, во овој судир беа убиени меѓу 43-49 востаници и шеесетина османлиски војници.[91] Стерју пред тоа бил затворен од османлиските власти поради неговата револуционерна дејност но, ослободен со последната амнестија, заминал во планина за да загине на Пелистер. Некои Ароманци од селата Магарево, Трново и Нижополе учествуваа како четници и курири во четите на Организацијата.

Најактивен, а заслужен работник, од селото Моловиште беше Стефан Барџо. Благодарение на него, селото се организираше солидно и активно помогна во востанието. Освен храна, облека, опинци и друга опрема, на Ѓорѓи Сугаре селото му беше дало и 80 турски лири како помош за делото. Благодарејќи на Барџо, за време на востанието, селото беше дало околу 20 вооружени лица, како што тврди во своите спомени Славејко Арсов. По низата акции на Стефан Барџо, на 27 август 1903 г. османлиската војска и башибозукот успеаја да влезат во селото Моловиште, со измама го фатија Стефан Барџо и го убија на ѕверски начин, а селото го ограбија, носејќи ја со себе и сета жива стока.[92]

Заслугата на ароманското село Гопеш во Илинденското востание е исто така огромна. Наоѓајќи се на важниот планински пункт на планината Бигла од каде што поминуваа, од двете страни на селото, главните сообраќајни патишта Битола-Кичево и Битола-Ресен-Охрид-Елбасан, оддалечено само на еден час од Смилево, тоа село стана едно од најславните уточишта на изморените востанички чети.

Селото Гопеш стана место каде што често наминуваа организационите чети. Ѓорѓи Сугаре постојано престојуваше во него. Тука наминуваа и војводите, како Ѓорѓи Давидов, Ѓакон Евстати, Параскев Цветков и др. Организација беше материјално помагана од селото. Коста Цингара од ова село, а и неговиот роднина Наки Цингара, како што погоре е споменато, ја помагале Внатрешната револуционерна организација а посебно Александар Кошка.[93]

За време на востанието селото им даваше голема поддршка на востаниците. По опожарувањето на Смилево и Ѓавато, скоро целото Смилево и половината Ѓавато беа сместени во куќите на селаните од Гопеш и се хранеа на нивна сметка.

---

[91] К. Сидовски, Италија и Македонија..., 63.

[92] Н. Минов, Влашкото прашање..., 392-393.

[93] Т. Симовски, op. cit., 198.

Мешаното македонско-ароманско село Јанковец за време на востанието имаше своја селска чета која учествуваше во востанието.

Погореспоменатиот Ташко Арсов активно учествуваше во востаничките борби и се истакна како добар деец, агитатор и доследен борец. По смртта оставил свои записи во кои пишува: *„Којшто не зел учество во Илинденското востание, кој бил далеку од востанатите села, тој не знае ништо за востанието...”*. Инаку во своите „записки” Ташко Арсов го опишува своето учество во националноослободителното движење и тоа главно во Охридскиот револуционерен реон. Но, со оглед на движењето и во другите револуционерни реони и области во Македонија, наоѓаме интересни податоци и за револуционерните настани во другите предели: Кичевско, Демир-Хисарско, Крушевско, Прилепско, Велешко, Гевгелиско, Валандовско, Струмичко, Радовишко, Малешевско, а исто така и за неговиот престој во Бугарија. Ташко Арсов почина 1950 г. во Охрид.

Во борбите на Македонската револуционерна организација учествуваа и Ароманци од Струшката околија, како што беше и Ѓорѓи од Струга. Тој загина во село Цер како четник на Христо Узунов. Никола Петров Русински напоменува дека во Вишни беа посветени сите Ароманци од селото.[94]

Поради недостаток на оружје во гевгелиската околија не дошло до масовно востание, но четите ја продолжиле партизанската борба. Седумдесетина мегленски Власи, воглавно селани од Бирислав и Купа, чифлици на исламизираното село Ноте, го нападнале мудирот во Ноте. По востанието во солунските затвори биле затворени 70 мегленски Власи, заедно со нивните свештеници. На барање на романскиот вицеконзул од Битола до Хилми-паша селаните да бидат ослободени, главниот инспектор на румелиските вилаети одговорил дека тоа е невозможно, поради тоа што Мегленитите се комити или пак во најмала рака ги поддржуваат комитите.[95]

Несомнено, за вклучувањето на Ароманците во редовите на Внатрешната револуционерна организација и за нивното активизирање во борбата важна улога одиграа и македонските социјалисти револуционери, кои успеаја да ја приспособат својата идеологија на месните услови и специфичности.

Учеството на Ароманците во подготовките и во самото Илинденско востание потврдува дека Внатрешната револуционерна организација беше организација со длабока општествена содржина, де-

---

[94] Исто, 189.

[95] Н. Минов, Влашкото прашање..., 395.

ка таа се роди и израсна во зрели услови и точно заради тоа одигра прогресивна улога.

Меѓутоа треба да се каже дека заради учеството на Аромanците во Илинденското востание османлиските војски повеќе ги пљачкале османлиските маала (зошто биле побогати) затоа, речиси сите егзархиски семејства од Крушево што се скриле во влашките маала настрадале. Така, Теохар Нешков изгорел во куќата на Тахови, други настрадале во големата и солидна куќа на Ничота итн.

Во врска со претресот на куќите вршен од османлиските војски, добро што не бил вршен претрес во аромански маала, бидејќи некои четници и илегалци своеволно се префрлиле таму и населението иако многу настрадало, не им откажувало братски прием. И еден од раководителите на Револуционерната организација, Григор Божинов, се криел по ароманските куќи и, кога поминала првата опасност, сам се пријавил на турските власти.[96] Инаку крушевски биланс беше, во материјален поглед: 1.500 опљачкани куќи, опожарени 217 куќи и 217 дуќани и магацини или изразено во пари 80.000 златни турски лири причинета материјална штета.[97]

*

* *

Учеството на Аромanците во Илинденското востание, а во помал обем и на другите националности, придонесе тоа да добие поширок карактер и во голема мерка се разликува од национално ослободителните движења на другите балкански народи. Ароманскиот народ даде свој придонес во вооружените сили на Илинденското востание, а секако и во политичкиот и организациониот живот во текот на траењето на Крушевската република со што придонесе за зацврстување на врските со македонскиот народ во дадениот историски момент.

---

96 Историја на Крушево..., 241, 246.

97 Симо Младеновски, Питу Гули во одбрана на слободното Крушево во времето на Илинденското востание, Зб. Власите на Балканот, Скопје, 2005, 366.

# Глава 11

# Положбата на Ароманците од завршувањето на Илинденското востание (1903) заклучно со прогласувањето на Ирадето (1905)

## 1. Развитокот на националната свест кај Ароманците

Ароманското население во Македонија кон крајот на 19-тиот век во својот состав од околу 60% го населува Битолскиот вилает, главно во битолската кааза (околија) - гр. Битола, Крушево и селата Гопеш, Трново, Магарево, Нижополе и Моловиште. Помал број живеат во казите Гревена -Самарина, Периволи, Авдела, Турја и др.; Костурско - Влахо-Клисура и Хрупишта; Леринско - Невеска и Писодери; Кајларска - Блаца, Сисани; Охридско - Охрид, Струга, Горна и Долна Белица.

Во Солунскиот вилает близу 40% од ароманското население живее главно во Гевгелиско - Љумница, Хума, Купа, Ошани, Лугунци; Берска каза -Долна и Горна Селиа, Маруша, Љумани; Демирхисарска каза - Горни и Долни Пороj, Рамна и Серска каза. Околу 5.000 души ги имало во Драмско; Горно Џумајско - Расово, Бистрица, Струмски чифлик, Аргач, Грамада и др.; Мелничко, Неврокопско, Разлошко и др. Во Скопскиот вилает живееја околу 3.000 Ароманци во Паланечката, Малешевската, Кочанската, Кратовската и Радовишката кааза.[1]

Во 1903 г. како резултат на природниот прираст постои известно зголемување на ароманското население, но според Жеко Попов, тоа и во тој период не сочинувало повеќе 3,5% од целото население на Македонија при преовладување на Бугарите (Македонците б.м) - над 50%. Според податоците од романските конзулати во 1903 г. во санџаците Битола, Корча и Елбасан живееле 97.065 души (80.665 во првиот санџак).[2] Според османлиската официјална статистика од 1905 г. во Солунскиот вилает Ароманци имало 19.344.

---

[1] Ж. Попов, Българският национален въпрос..., 487-488.

[2] Ж. Попов, Румъния и българският национален въпрос..., 24.

Дополнувајќи ја бројката со подоцнежни податоци од 1907 г. за Скопскиот вилает, каде што живееле 2.780 жители се дошло до една бројка од 100.000 Ароманци.[3]

Пак според истиот Ж. Попов, бугарските дипломатски извори тврделе дека во текот на истата година главно во битолскиот санџак живееле 77.780 Ароманци, без да го наведуваат бројот на жителите коишто се наоѓале во другите реони. Недостасуваат и утврдувања за бројната состојба на жителите од некои поголеми населби во Битолско, Серско, Охридско, Ресенско, Струшко, Кајларско, Костурско. Очигледно било дека и бугарските извори, пак според Попов, се приближувале до романските констатации примајќи го постоењето на над 90.000 Ароманци во Македонија.[4]

Од романска страна биле изнесувани значително поголеми цифри на Ароманци во Македонија. Таке Јонеску тврдел дека тука живееле половина милион Ароманци,[5] а авторот Бирилиано над 600.000 души.[6] Истовремено романскиот автор полковникот Г. Јанулеску ги прифаќа без коментар податоците на австроунгарскиот истражувач Церсин, којшто тврди за постоењето на 80.767 Ароманци во текот на 1903 г.[7]

Прашањето го интересираат и некои западноевропски автори, коишто вложуваат усилби да ја установат приближната вистина. Во Италија се појавува авторот Вико Мантегаца кој ја наведува бројката од 300.000.[8] Англиски дипломат набројува 100.000 Ароманци, кое било пресретнато со негодување во романската престолнина.[9]

Џовани Амадори-Вирџил наведува разни автори во врска со бројната состојба на Ароманците: Оестрајх (Германец) некаде околу 1905 г. приближни бројки Ароманци 100.080; Гастон Рутиер- трите вилаети- објавено во неговиот труд Македонија и Силите, 1904, од вкупно население 3.148.000 бројот на Ароманците изнесувал 183.000; Податоци објавени официјално по наредба на генералниот инспектор Хилми-паша, во официјалниот весник од Солун Нассир (бр. 944-год. 1904), од вкупно 3.064.899 жители Власи и Срби 189.717; Статистика објавена во весникот Темп од дипломатскиот

---

[3] Исто.

[4] Исто.

[5] Исто.

[6] Исто.

[7] Исто, 25.

[8] Vico MANTEGAZZA, Macedonia, Milano, 1903, 254.

[9] Ж. ПОПОВ, Румъния и българският национален въпрос..., 25.

претставник на Бугарија во Париз во февруари 1905 г. од вкупно население за трите вилаети 2.782.000 Ароманци 72.000.[10] Романски извор, објавен од Верден (Вистината за Македонското прашање, од М. Жорж Верден, Париз 1905, содржи оригинални и необјавени документи издадени од кабинетот на Големиот везир на Османлиската империја Халил Рифат-паша- врз сведоштва потврдени и објавени од Романско-албанското друштво Дрита од Букурешт. Според оваа статистика „изработена колку што е можно поточно" во Македонија покрај останатото имало 520.000 Ароманци. Авторите велат дека не можело точно да се одреди границата на Македонија. Од истиот автор една друга статистика вели: Грци и Ароманци 690.000 души.[11]

Константин Ное во една своја статистика за ароманското население во 1905 г. наведува дека во Солунскиот и Битолскиот вилает живееле 350.000 Ароманци.[12]

Произволното пребројување на населението и неконтролираното манипулирање со податоците предизвикуваат протести на Бугарите (Македонците б.м.) и Ароманците. Според Жеко Попов со нив се солидаризираат и руски дипломати во Македонија. Конзулот Н. Кал бил принуден да бара од Хилми-паша да се прекрати со таквата лажна статистика, чиишто тенденциозни податоци ќе им нанесат непоправливи штети на засегнатите националности. Во својот извештај до руското министерство за надворешни работи тој го потцртува политичкото значење на етно-демографските податоци од 1905 г. „Државите ќе се раководат од нивните резултати - пишува тој - при идното разграничување, на крајот сите народности, водејќи меѓусебна борба во Македонија за зголемување на своите права, започнаа да прибегнуваат при пребројувањето кон поткупувања, заплашувања, насилства. Никогаш, ми се чини, дејноста на револуционерните банди и одделни терористи не достигнала толку страшни размери, колку во времето на тоа несреќно пребројување"-завршува конзулот.[13] Но и покрај тоа османлиските власти наложуваа и ги популаризираа составените од нив "статистички" резултати.

Пребројувањето во текот на 1905 г. фактички ги разгорува националистичките страсти на романските, бугарските, грчките,

[10] G.A. Virgilji, op. cit., 23.

[11] Исто, 227.

[12] Assen Krainikowsky, La question de Macédoine et la diplomatie européene, Appendices, Nr. 4, Документи, IV/3, Скопје, 2007, 65.

[13] Ж. Попов, Румъния и българският национален въпрос..., 26.

српските политичари и општествени работници; неговите фалсификувани податоци ги формираат и концепциите на европските политичари и научници. Ароманскиот автор Н. Папахаџи ја лансирал бројката од 360.000 Ароманци во Романија и странство.[14] Романскиот ополномоштен министер во Париз тврдел дека бројот на Ароманците бил повеќе од 800.000.[15] Т. Јонеску, Ароманец по потекло, тврдел во Лондон дека неговите сонародници ги имало повеќе од 400.000.[16] Интересни се размислувањата на Хенри Ноел Брејлсфорд во врска со ова прашање: „Тие, во споредба со Бугарите, па дури и со Албанците не се бројни. Но без нив Грците би претставувале жална бројка: северно од Костур нема ниту едно грчко село, а само Власите се тие што на елинизмот му даваат цврста подлога. Повлечете ги од нивниот грчки сојуз и Грција мора да исчезне од Македонија. Групирајте ги со Бугарите и надмоќноста на Словените нема воопшто да биде доведена во прашање. Ваквото размислување ѝ се допаднало на Романија, па Маргарит ги добил средствата што ги барал. Во сите поважни влашки средини биле отворени романски училишта; селата биле поткупувани да се изјаснат како романски, а понекаде поповите започнале да богослужат на романски. Турците биле воодушевени: тоа значело уште еден раздор повеќе меѓу христијаните. Грците против новото движење се бореле, се разбира, со своите познати средства. Во однос на кутриот Маргарит, ниту една клевета не била преголема, а веројатно тој воопшто не бил подобар од некој си просечен левантински авантурист. Патријархот, како обично, се покажал повеќе Грк, отколку христијанин. Идејата за именување влашки епископ била извидена, а неколкуте попови што се осмелиле да богослужат на романски, веднаш биле екскомуницирани."[17]

На дипломатско-пропаганден план по неколку годишно ограничување на финансиските средства за пропагандни потреби од 1904 г. повторно започнува зголемување на трошоците, за да се смета на почувствителен и потребен успех. Братиану предлага општ буџет од 1 млн. леи, а министерот на просветата Спиру Харет-1,4-1,6 млн., колкави биле реалните потреби за просвета и пропаганда, зошто дотогаш се одделувале одвај по 300-500.000 леи. Но законодавните тела отпуштаат 600.000 леи-двапати повеќе од претходните годишни буџети. Следува постепено зголемување на расходите,

[14] Исто, 27.

[15] Исто.

[16] Исто.

[17] Х. Н. Брејлсфорд, op. cit., 256.

што во текот на 1906 г. достигнуваат до 750.000 леи. Освен нив постојано се доделуваат и дополнителни суми.[18]

За специјални пропагандни потреби со секоја изминатa година се зголемуваат расходите-од 29,317 леи во текот на 1904 г., во текот на следните години тие биле: 137.713 леи-1905 г., 159.526 леи-1906 г. и 188.814 леи за дел од 1907 и целата 1908 г.[19]

Освен државната помош средства осигурувале и невладините организации. Секоја година нараснува буџетот на Македонско-романското друштво (од 9.343 леи во текот на 1905 г. на 28.403 леи-во текот на 1907 г.) кое дава можност за давање помош на сиромашни и сираци, цркви и училишта и др. Се ангажираат и одделни окружни совети и општини, Конзерваториумот, друштвото „Дачиа Романија" и др.[20]

Со избувнувањето на Илинденското востание од 1903 г. романскиот конзул Падеану се враќа на своето поранешно место со цел да биде покорисен во Битола - главниот град на романската пропаганда. По смртта на 67-годишниот Апостол Маргарит на 6 ноември 1903 г. предизвика друга кадровска промена. На негово место како главен инспектор на романските училишта и цркви во Османлиската империја и раководител на пропагандата бил назначен младиот Лазар Дума, родум од с. Писодери и ја завршил битолската романска гимназија. Лазар Дума ја оправдува довербата на луѓето коишто го назначиле. Тој бил потпомаган од месната ароманска интелигенција, која заземала видно место во животот на градот. Во почетокот на 1904 г. во градот има 18 лекари, од кои половината биле Ароманци, 7 Бугари (Македонци б.м) и 2 Грци; 9 аптекари, од кои 3 Ароманци; 3 акушерки, една од нив била Ароманка итн.[21]

Освен во Битола и во Солун бил назначен црковно-училишен инспектор за тој вилает, потчинет на битолскиот главен инспектор. Тоа е Никола Бацарија.

На 26 февруари 1904 г. се отвора романски конзулат во Јанина а за конзул бил назначен Н. Брјлеану. На овој настан Ароманците реагирале со задоволство, поради нивната надеж, според тврдењата на османлискиот пратеник во Букурешт, Високата Порта да ги ослабува останатите пропаганди и да ја развива романската.[22]

[18] Ж. Попов, op. cit., 32.

[19] Исто, 33.

[20] Исто.

[21] Исто, 35.

[22] Исто, 36.

Доста големо внимание Романија посветува и на печатената пропаганда. Од 10 март 1903 г. во Букурешт се издава в. „Реформи" кој од 26 мај го сменил своето име во „Пиндски Романец". Никола Бацарија од Солун предлагал во почетокот на ноември 1905 г. да се издава уште еден весник, зошто еден печатен весник не е достаточен за борба против грцизмот. Неговиот предлог бил прифатен под услов да се обезбедат достаточно претплатници.[23] Навистина од 19 октомври започнува да излегува в. „Змија", кој војувал единствено со грчката пропаганда. Наскоро неговото име било заменето со називот „Македонска Трибуна". Меѓутоа престанува да се печати веќе познатиот весник „Македонско ехо". Најдолг живот - до ноември 1912 г., има „Пиндскиот Романец"; додека останатите весници прекратуваат со своето издавање поради финансиски причини. Но ако се печатеа тие весници ќе имаа неспорна улога за пропагандата на ароманската кауза во Македонија.[24]

Последната иницијатива која што, ја помагала ароманската кауза, која што е предмет на разгледување, била откривањето на банка во текот на м. февруари во Битола и Скопје. Сето тоа имало за цел олеснување на "сонародниците" при добивање на кредит, зошто другите банки, коишто биле под грчко влијание, давале пари под услов барателите на заем да се пишуваат како Грци.[25] Чиновниците се исклучително Ароманци, коишто преку финансиската политика влијаеле врз месното население, задолжено да се декларира како Ароманци, кога добива заеми. По наредба на министерот за финансии Т. Јонеску од 1906 г. тутунот се откупува директно од романски трговци, игнорирајќи ги трговците од друга националност. Треба да се истакне дека овие кредитни институции преку финансиската политика придонесуваат за закрепнување на народносното сознание на луѓето.

И покрај своите заложби ниту владите на големите сили многу не придонесуваат за подобрување на положбата на ароманското население во Османлиската империја. Такви акции не можеле да се очекуваат од владите на Австро-Унгарија и Италија. Немало ентузијазам од страна на владите на овие земји за разрешување на ова прашање. Карактеристична е изјавата на австро-унгарскиот министер за надворешни работи Голуховски кога отворено му кажува на романскиот пратеник во Виена Гика на 28 октомври 1905 г.:

[23] Исто.

[24] Исто.

[25] Исто, 37.

*„Ароманците во* Македонија *ќе бидат Романци, сè додека од Букурешт се трошат пари за нив”.*[26]

Ниту односот на италијанската влада не бил поразличен од оној на Австро-Унгарија и Русија. Романската влада активно агитирала во Рим за поддршка ветувајќи дури и воведување на италијанскиот јазик во ароманските училишта. Но италијанската влада не покажала некој посебен интерес. Италијанците се плашеле од директното мешање на Романија во Македонија, користејќи ја зафатеноста на Русија на Далечниот Исток.[27]

Францускиот државник Жорж Клемансо сметал дека *„целото ароманско прашање во Македонија е фиктивно, фабрикувано во Букурешт, и без никаков политички интерес”* за никого.[28] Воглавно и такво и било француското гледање кон романската политика и пропаганда во Македонија.

Накратко би се осврнале како се одразил Мирцштегскиот реформен програм од 1903 г. во врска со положбата на ароманското население во Македонија. Реформите спроведувани под контрола на големите сили, ги помирија противречностите меѓу угнетувачите и угнетените и беа создале подобри услови за развиток на Ароманците. Иако при развојот на реформската акција, Романија била во редот на државите, коишто си имале поставено за задача да го попречат воведувањето на автономна управа во Македонија-Австро-Унгарија, Србија, Грција и др. Автономна управа била „спротивна на романските интереси”. Така се искажал во текот на м. април 1904 г. самиот крал Карол Први пред сер Кенеди, полномошен министер на Англија, каде што идејата за христијанин генерален губернатор на Македонија е најпопуларна.[29]

Инаку треба да се каже дека неефективното прилагање на Февруарскиот реформен програм од 1903 г. ја успокојува романската влада и во текот на немирното лето од истата година владата ретко зборува за нови реформи. Кога во текот на м. септември Русија и Австро-Унгарија повторно го издигаат прашањето за преземање на поефективни чекори, според М. Гирс не прозвучило многу пријатно кај романските политички кругови.[30] Но по стивнувањето на востанието Ал. Лаховари повторно го поддржува воведувањето на рефор-

---

[26] Исто, 40.

[27] Станува збор за зафатеноста на Русија во Руско-јапонската војна од 1904-1905.

[28] Ж. Попов, op. cit., 41.

[29] Х. Силянов, op. cit., 259.

[30] Ж. Попов, op. cit., 43.

ми за смирување на Македонија, бидејќи Бугарите (Македонците б.м.) повторно ќе ја кренат главата.[31] Во иста смисла се изјаснува и Д. Стурѕа. Тој го одобрува заедничкото дејствување на Русија и Австро-Унгарија и се надева тие да ги заштитат романските интереси, ако провинцијата се подели на санџаци по народносен принцип откако ќе основаат и аромански санџак. Со овие забелешки Романија била склона да ги прифати реформите.

Прилагањето на прифатената на 2 октомври 1903 г. т.нар. Мирцштегска реформна програма[32] романската влада повторно се воздржа да ја поддржи. Истото го прават и влијателни Ароманци од Македонија. Тие настојуваат пред пратеникот во Цариград Ал. Лаховари да издејствува многу пошироки права, зошто реформската програма има ограничен ефект. Тие биле загрижени, дека во предвидената административна делба на Македонија нема да се најде ниту една административна единица, населена со компактно ароманско население, и за коешто требало да се пледира пред реформаторите. Романскиот крал Карол бил доста воздржан во своите средби со руските и австро-унгарските дипломати во Букурешт во врска со ова прашање. Само споменувал, дека сакал да види каква ќе биде положбата на Ароманците, И не сакал да попречува на австро-руските усилби за целосно спроведување на реформата.[33] Но пред англискиот пратеник Кенеди изјавува, дека е против реформата, којашто предвидувала автономна управа на чело со христијанин губернатор, зошто се нарушувале романските интереси.[34] Пред неблагопријатните перспективи за ароманската кауза романскиот конзул во Битола А. Падеану ја изразил пред својот бугарски колега Ан. Тошев желбата меѓусебно да соработуваат како против грчката, така и против српската пропаганда. Но тој настан останува изолиран, зошто официјалните становишта по тоа прашање биле различни.[35]

И покрај резервираноста кон реформската програма, мероdavните политички и пропагандни кругови пројавуваат прагматизам, за да придобијат некои користи за Ароманците. Определено внимание се пројавува кон учеството на сонародниците во општинската управа во одделни населби. Лазар Дума започнува активно да работи за создавање на селски општини како што тоа го прават Бу-

[31] Исто.

[32] За ова поопширно види кај К. Сидовски, Италија..., 71-126.

[33] Ж. Попов, op. cit., 44.

[34] Исто, 44.

[35] Исто.

гарите (Македонците б.м.). Тој му предлага на Ал. Лаховари во Цариград да го издејствува од грчкиот патријарх правото за осамостојување на одделни општини но добива отказ од патријархот. Независно од тоа со поддршката на османлиската администрација Лазар Дума успева да формира 56-аромански општини-половина од нив биле во Битолскиот и 28 во Скопскиот, Солунскиот и Јанинскиот вилает. Бројот на постоечки општини речиси секоја година се менувал и не можело да се наведе категорична цифра. Во секој случај дејноста на пропагандните раководители давала резултати.[36]

Откако Патријаршијата откажала да дозволи избирање на кметови, Лазар Дума работи самостојно и по тоа прашање, со многу напори успеа да добие дозвола од властите за избор на кметови во одредени општини во текот на 1904 г. По извесно време се избираат кметови и на други места-Магарево, и уште во 13 села во Битолско, за коишто се осигуруваат средства од Романија.[37]

Определен придонес Лазар Дума правел и за проникнување на Ароманците во административните органи. Неговите настојувања срекаваат разбирање кај османлиските фактори, коишто се стремеле да го намалат незадоволството на Ароманците од нерешавањето на нивното црковно прашање.

Со назначувањето на одделни Ароманци во државни служби се настојува да се постигне ефект на компензација за сметка на забавувањето на посочениот проблем, како да се демонстрира пред Романија и големите сили толерантност и кон една од најмалобројните националности. Во 1905 г. во вилаетскиот административен совет во Битола биле назначени по еден Ароманец, Бугарин (Македонец б.м.) и Грк. По две години грчкиот претставник митрополитот Јоаникиј откажува да учествува во заседанијата на советот во знак на протест против Турците, кои ги покровителствувале Ароманците.[38] И покрај ваквиот развиток на настаните ароманскиот претставник продолжува да работи со поголем ентузијазам, задоволен, дека повлијаел за „отстранувањето" на еден сериозен непријател. Ароманците располагале и со два советници во градскиот совет на Битола, кое уште повеќе ги зацврстува нивните позиции во месната управа.[39]

Лазар Дума успева да издејствува назначување на повеќе свои сонародници и во полициските и жандармериските органи. Во

---

[36] Исто, 45.

[37] Исто, 47.

[38] Исто.

[39] Исто.

Солунскиот вилает не успеал да привлече приврзаници за таа идеја плашејќи се од опасностите од таа служба. Меѓутоа во истата година во Битола 29 Ароманци прифаќаат жандармериски служби, во Лерин - 7, во Ресен - 6, во Кичево - 7, и по еден во Охрид и во Демир Хисар.[40] Но и овде поради ризичната професија само 16 Ароманци ја прифатиле должноста. Но во секој случај во текот на 1904-1905 г. Ароманците навистина го заземаат соодветното место во административната управа на Македонија.

Жеко Попов наведува дека горенаведеното, интелектуалноста и солидната материјална положба придонесувале за издигнување на одделни претставници на Ароманците во државната хиерархија на Османлиската империја и други држави од крајот на 19-ти век до кај 1916 г. Тој ги наведува како типични примери: д-р Досу од Магарево кој бил личен лекар на султанот Абдул Хамид; Сава од Сираку бил паша; Колети од Сираси-министер претседател на Грција; баронот Сина од Москополе, претприемач во Виена, којшто ја изградил Академијата во Атина; Тошица од Мецово којшто го изградил Политехничкото училиште во грчката престолнина; Георге Авероф го изградил стадионот во истиот град за првата олимпијада; Антула од Влахо-Клисура била извесно време ополномоштен министер во Белград; Н. Думба од Блаца бил банкар во Виена и ополномоштен министер на Австро-Унгарија во странство, Дионисиј Мандика и Јоасаф - двата од Москополе, достигнуваат до местото „митрополит" во Костур и Охрид, а Андреј баронот де Шагуна ја зазема истата должност во Трансилванија. Десетици, коишто учеле во Италија и други држави се појавуваат како учени луѓе-теолози, филозофи и др. Не помалку ги имало како големи сопственици на стада, индустријалци, трговци и карванџии по целиот Балкански Полуостров.

## 2. Развитокот на ароманското училишно дело во Македонија од Илинденското востание (1903) до 1905 година

Новиот романски пристап и зголемувањето на финансиските средства наменети за Македонија резултирале со значително зголемување и на бројот на училишната популација. Кон крајот на 1903 г. во Македонија, Епир и Албанија работеле 99 романски училишта со 220 учители и 5.533 ученици. Од нив, 71 училиште, 177 учители и

[40] Исто, 48.

4.475 ученици биле во романските основни и средни училишта во македонските делови од солунскиот, битолскиот и косовскиот вилает. Според Георги Даскалов кон учебната 1903-1904 г. во европскиот дел на Османлиската империја имало општо 93 основни ароманcки училишта со 3.455 ученици, 1.715 ученички, 119 учители и 55 учителки. По вилаети тие се распределуваа како што следува: Вилаетот во Скадар-10 училишта со 302 ученици и 152 ученички, 16 учители и 5 учителки; Јанинскиот вилает (Епир) - 26 училишта со 608 ученици, 24 учители и 10 учителки; Битолскиот вилает - 29 училишта со 1.101 ученик и 565 ученички, 41 учител и 27 учителки; Солунскиот вилает - 28 училишта со 1.144 ученици и 509 ученички, 38 учители и 13 учителки. Бројот на „второстепените" училишта за Ароманците е 4 - еден лицеј за ученици во Битола со 99 ученици и 16 учители; едно „нормално" професионално училиште за девојчиња во Битола со 71 ученичка и 11 учители; едно трговско училиште во Солун со 54 ученици, 10 учители и едно трговско училиште во Јанина со 48 ученици и 9 учители.

Според Георги Даскалов објавувачот на горенаведената информација, преземена од романски извори не пропушта да одбележи: *„Тука во Романија се гордеат со напредокот, коешто куцовлашкото население во Турција го направило во последните 10-15 години во училиштен и црковен однос".*[41]

Осигурувањето на повеќе средства и подобрувањето на пропагандната дејност ги стимулираат Ароманците да отворат повеќе училишта и повторно да ги отворат затворените пред неколку години училишни установи. Накај 1905-1906 г. тој процес станува толку типичен, што Бугари (Македонци б.м.) од Костурска кааза во текот на август 1904 г. тврделе дека: "Куцовласи и србомани и три куќи да ги има, слободно отвораат училишта, каде што посакуваат".[42]

Специјално внимание се посветува на Скопскиот санџак. Со дополнителни парични средства и преку настојувањето од Битола во главниот град се отвора училиште со шест одделенија; а во текот на следната година 1905/1906 г. и во Куманово, каде што се одржуваат добри врски со бугарските (македонските б.м.) просветни дејци.[43]

Според табелата што ја приложува Жеко Попов во учебната 1903/04 училишна година во Битолскиот вилает имало 25 училиш-

[41] Г. Даскалов, op. cit., 84.

[42] Ж. Попов, op. cit., 50.

[43] Исто, 50-51.

та и 62 учители; за другите вилаети нема податоци а вкупно имало 97 училишта, 208 учители и 5.442 ученици. Во учебната 1904/05 година во Битолскиот вилает има 29 училишта, 67 учители, 1.665 ученици; во Солунскиот вилает има 28 училишта, 63 учители, 1.916 ученици, за Скопскиот вилает нема податоци а вкупно имало 57 училишта со 133 учители. Во текот на учебната 1905/06 г. во Битолскиот вилает имало 26 училишта, 129 учители и 2.609 ученици; Во Солунскиот вилает, 29 училишта, 43 учители, 2.499 ученици; за Скопскиот вилает, нема податоци; Вкупно 104 училишта и 5.800 ученици.[44]

Интересно е да се обрне внимание и на еден друг аспект - соодносот меѓу бројот на учителите и учениците. Тоа е неопходно да се направи за да се види дали настапила промена во соодноc со претходниот период до почетокот на 20-тиот век. Во соодветност со месните услови и политиката на министерството за просвета на Романија, на пооделни места секој учител обучува различен број на ученици. Во Скопје - 49, во Кочани - 22 итн.[45] Меѓутоа определената тенденција од порано била зачувана - еден учител средно да обучува не повеќе од 25 ученици, нешто кое го определува квалитетот на учебниот процес и ги оправдува полаганите грижи од страна на романската држава. Тоа може да се види и од погоре наведените податоци за бројот на училиштата, учениците во периодот што погоре е разгледуван.

И покрај стремежот за усовршување на просветното дело се среќаваат и недостатоци, коишто вообичаено, како што наведува Жеко Попов, се прикриваат од меродавните лица. Тоа го забележувале и странските конзули во Македонија и патописците. Бугарскиот дипломатски агент во Битола испраќа поопширни извештаи до министерството за надворешни работи во Софија, во кои што меѓу другото прави споредби меѓу образованието на Бугарите (Македонците б.м.) и Ароманците. Тој констатира дека, бугарското образование веќе заостанува зад тоа на Србите, Грците И Романците, коишто имале *„подобри наредби и подобрен учителски персонал - учителите им биле не само со подобра квалификација, но и луѓе со светски манири”* - пишува тој на 19 мај 1905 г.[46] Напредокот на Ароманците бил забележан и од проф. Ј. Иванов, којшто ја посетил Битола, и дава позитивен одѕив во своите белешки.[47] Покрај споменатите и

[44] Исто, 52.

[45] Исто, 53.

[46] К. Сидовски, Развитокот на ароманското образование..., 27-28.

[47] Исто.

рускиот конзул во Битола Н. Кал не пропушта да забележи дека Романците обрнувале особено внимание на училишното дело и треба да им се даде признание а тоа го кажува во својот извештај од 24 јули 1905 г. упатен до рускиот пратеник во Цариград.[48]

Во текот на 1904/05 г. под грчки притисок и заплашувања за животот на учителите, настојниците и родителите се затвораат училиштата меѓу другите места и во Битолскиот вилает. Во Трново и Магарево голем дел од учениците престануваат да посетуваат училиште, и како последица на тоа се намалува бројот на учениците. Училишта исто така биле затворени и во Белкамен (Лерин) и Граматиково. Во текот на истата година се нарушува работата и на другите училишта во Македонија, поради теророт на андартите. Бројот на училиштата, коишто ја прекинуваат својата дејност, постојано се зголемува, нешто кое сериозно го застрашува ароманското просветно дело и неговата кауза.

## 3. Развитокот на ароманското црковно дело во Македонија од Илинденското востание (1903) до 1905 година

Црковно националното дело на Ароманците е полно со динамика во овој период. Во периодот којшто што го разгледуваме ова прашање ги судира многу силно интересите на Ароманците со Грција, зошто го осознаваат црковното прашање како фундамент. Истото го мислела и грчката пропаганда. Затоа последната се стреми да ја подрива таа главна база на националната еманципација и на романската политика во Македонија со цел да ги зачува Ароманците во крилото на Патријаршијата. Борбата се разгорувала со секоја измината година, нешто кое ќе доведе до непомирлив судир меѓу две каузи, коишто се рефлектираат и врз односите меѓу Романија и Грција.

Имајќи ја предвид сериозноста на проблемот и неговото значење во романската политика владата на Националнолибералната партија зазема поцврст курс во споредба со претходното однесување на конзервативците. Ј. Братијану ја објавил својата решителност да постигне подобри резултати во црковното дело, користејќи се од добрите односи со Бугаријата и Егзархијата.[49] Отправникот на рабо-

[48] Исто.
[49] Ж. Попов, op. cit., 57.

тите во романското пратеништво во Цариград Г. Де Руси, ја разгледува со Големиот везир на 3 декември 1903 г. перспективата за борбата на Ароманците со Патријаршијата. Големиот везир го сметал за погоден моментот за сојузување со Егзархијата, нешто кое било оценето од Деруси како излез, бидејќи не постоела друга алтернатива.[50] Но веќе познатата позиција на Букурешт за воздржување не дозволувала понатамошен тек на работите, кое што ги оставале многуте прашалници без одговор.

Првостепената грижа на романската влада била да го стимулира црковното дело кај Ароманците, откако ќе му обезбеди доста-точно средства. Во врска со таа цел секоја година биле отпуштани пари за издршка на постоечките цркви и за отворање на нови. Според непотполните податоци за 1904 г. Ароманците располагале со не повеќе од 5-6 цркви. Економската криза на преминот од 19-тиот кон 20-тиот век и концентрирањето на вниманието врз прашањето за добивање на митрополит не позволуваа да се задржат и зацврстат многу црковни храмови до 1903 г. Меѓу населбите, во коишто функционирале црковните храмови, главно во Битолскиот вилает, се: Хрупишта, Влахо-Клисура, Гопеш и Крушево.[51]

Постоечката незавидна положба ги принудува некои Ароманци да ја продолжат градежната работа, стекнувајќи се со нови црковни храмови. Тонот на ваквата работа ја даваат битолчаните. И покрај забраната на Патријаршијата во текот на средината на 1904 г. попознатите првенци во тој град стануваат иницијатори за изградба на параклис во дворот на една ароманска куќа. Параклисот бил отворен на првиот ден на Коледе на истата година - 25 декември (нов стил - 6 јануари 1905 г. стар стил) кога била извршена црковна богослужба на романски јазик. Таа решителна постапка ги возбудила месните Грци и властите ја прекинуваат службата, заградувајќи го влезот. Следуваа недели на настојувања и на 10 јануари (стар стил) 1905 г. е добиена дозвола од османлиската администрација да се отвори параклисот.[52] Во наелектризирана атмосфера рускиот конзул ги советувал Ароманците да бидат поумерени и потактични, но тие остануваа непомирливо во своите барања, и како резултат на тоа постигнуваат успех. Печатот во Букурешт пишувал триумфирачки статии претставувајќи ја новата придобивка како романска капела и црква, откако испраќа благодарност кон Абдул Хамид. Следат две години засилена работа и искористување на романски средства

[50] Исто.

[51] Исто.

[52] Исто, 58.

за изградба на црква во Битола, која што била отворена на 10 мај 1906 г. (стар стил) во чест на националниот празник на Романија - крунисувањето на Карол Први во текот на 1866 г.[53]

Следниот успех бил отворањето на параклис во дворот на романското трговско училиште во Солун на 12 јануари 1906 г. (стар стил). Грците и тука протестирале но властите ги поддржуваат Ароманците. Ентузијастите по селата исто работат, надминувајќи ги пречките на елинофилите за што подоцна ќе стане збор. Според Георги Даскалов кон 1903-1904 г. во Скадарскиот, Јанинскиот, Солунскиот и Битолскиот вилает имало општо 29 цркви на Ароманците, коишто се наоѓале во 28 општини. Богослужбата во нив се извршувала од 54 свештеници.[54]

Романската влада продолжува да работи за официјално признавање на ароманската народност и за легализирање на својата пропагандна дејност во Епир и Македонија. Таквата политика била комбинирана и со притисок "од долу". Во почетокот на 1905 г. по наредба на генералниот инспектор на романските училишта во Османлиската империја Лазар Дума во Битола пристигнува познатиот учител и свештеник Д. Константинеску. Тој отвора аромански параклис во градот и заедно со Ароманецот ѓаконот Порфиреску служи во него до месец мај.[55] Подоцна е отворена и романската црква во Битола за што погоре е споменато.

Во процесот на разраснување на црковното движење се користи и поддршката на егзархистите. Самиот Братијану ја признава неизбежноста од таква соработка и посочува примери, кога Бугарите (Македонците б.м.) ги даваат своите црковни храмови на Ароманците да извршат богослужба на својот мајчин јазик. Типичен пример, според премиерот, е гестот, направен во Охрид, благодарение на коешто Ароманците се чувствувале рамноправни и со поголемо самочувство христијани. Меѓутоа истовремено со тоа, според Братијану, Егзархијата водела многу интелигентна политика за присоединување на тоа малцинство кон себеси со цел тоа да го изгуби својот национален идентитет. Тоа било опасно за романската кауза. По таа причина од парламентарната трибина Братијану ги советува Ароманците да стојат на дистанца од примамливите перспективи, цртани од егзархистите. Инаку кажано со други зборови, да појавуваат повеќе прагматизам, без да бидат освојувани од идеи-

---

[53] Исто.

[54] Г. Даскалов, op. cit., 84.

[55] Исто.

те и дејствијата на Бугарската егзархија. Во опасни ситуации дури и се препорачувало да се прекинат односите со неа, за да ја избегнат можноста од асимилирање.[56]

На такви исти позиции застанува и провладиниот печат. Откако се признава користа од заедничкото дејствување со егзархистите, се препорачува воздржаност и противакција, кога кон Ароманците се произнесуваат преголеми претензии во црковните спорови по користење на материјална база. Меѓутоа на теренот секогаш не се сообразувале со препораките на Букурешт, зошто заедничкото дејствување со Егзархијата им осигурувала можност да работат за каузата и го обезбедувало нивното национално самочувство. До отворањето на своја црква во Горна Џумаја стотината аромански семејства без проблем ја вршеле својата црковна богослужба во месната бугарска црква, без да постојат некакви спорови и аспирации за асимилирање. Истата била положбата и во Крушево. Во Велес во периодот од 1904-1907 г. Ароманците ја признаваат врховната власт на Егзархијата со оглед на доброто однесување на бугарскиот егзархиски свештеник.[57] Во Охрид црквата останува под покровителство на Егзархијата.[58]

Ароманците ја користат помошта на Хилми-паша за да ги решат прашањата во врска со гробиштата, факт кој претставувал несомнен успех за Ароманците и така, чекор по чекор, во непрекинати борби со патријаршистите и грчката пропаганда Ароманците го рашируваат своето влијание во црковните работи. Претходно треба да се каже дека за училишната 1902/03 г. (така се пресметнувала и работата на црквите) во Македонија работеле 56 души - 32 во Битолскиот и 24 во Солунскиот вилает.[59] Во наредните две-три години пристапуваат на работа уште неколку свештеници и се оформува бројката од 60. Дел од луѓето доаѓаат од Романија, а други ги напуштаа грчките цркви и преминуваат во служба на ароманската кауза појава, којашто се спроведувала со остри борби и расправии со елинофилите.[60] Настапувањето на грчката вооружена пропаганда сериозно ја отежнала работата. Многу од свештениците и нивните помошници стануваат заедно со учителите нишанска точка на андартите, некои биле убиени, други прогонети, трети принудувани да пристапат на служба во грчките цркви. Инаку состојбата на црков-

[56] Ж. Попов, op. cit., 59.

[57] Исто, 59-61.

[58] Исто.

[59] Исто, 61.

[60] Исто.

ното дело била повлијаена и од бројот и квалитетот на кадрите - свештеници, клисарите, псалтите и другиот персонал.

Интерпретирањето на развитокот на црковнонационалното дело, без да се земе предвид спротивставувањето на грчката пропаганда и Патријаршијата, не би можело да се добие целосна слика за положбата. Заради сето тоа треба да се обрне внимание на овој проблем до пролетта на 1905 г. кога настапува нова фаза со издавањето на султанското ираде (указ) за давање на пошироки црковни права на Ароманците. Стремежите на Ароманците И нивните успеси во црковната област ја засилуваат уште повеќе опозицијата на Патријаршијата, и покрај тоа што Ал. Лаховари потрошил 200.000 леи за подмитување на духовни лица и мирјани (световни лица) во Фенер.[61] Во текот на м. март 1904 г. Јоаким Трети го забранува користењето на ароманскиот јазик во богослужбата во Европска Турција, во случај на непотчинување ги заплашува Ароманците со шизма. Ваквото решение било поддржано од грчката јавност и печатот. За незадоволство на патријаршистите во одредени места доаѓа до спротивставување - свештеникот Тодор Константин во Битола, којшто служел во градот 20 години, не се сообразувал со наредбата и продолжувал да служи на романски јазик. Тој бил анатемисан и се барало од властите да биде интерниран. Тогаш битолските граѓани протестирале со петиции до османлиското министерство за правосудство, а Јон Братијану им наредил на пратениците во Виена и Берлин да бараат застапништво на тамошните влади.[62] Но по кратко време свештеникот бил оставен да работи во Битола, нешто кое било определен успех за ароманската кауза. По тоа почна и масовно основање на црковни општини.

И покрај нивниот пораз гркоманите продолжувале да пречат. Во Битола дошло до трагикомична сцена - забрана за погребување на починат Ароманец на 10 јуни 1904 г. (стар стил) зошто бил опеан од аромански свештеник; агитации на грчкиот митрополит церемонијата да биде извршена од негов свештеник; апсење на блиските на покојникот од страна на турските стражари; меѓусебно тепање на Ароманци и Грци и на крај погребување од самите турски војници.[63]

Суштествен елемент во црковнонационалното движење претставува и стремежот за стекнување на самостојна црква, рако-

---

[61] Исто, 62.

[62] Исто.

[63] Исто.

водена од романски митрополит. Веќе е познато дека таа идеја постои и преживува различни етапи уште по 1876 г., потпирајќи се на бугарското искуство. Таа идеја ослабнала како последица на редица причини од политичка и економска природа кон крајот на 19-тиот век, по 1903 г. таа повторно се издигнува како суштествен пункт во романската пропаганда.

Неповолната состојба во врска со положбата на црковното дело налагала на романските дипломати извонредно голема активност. Од поч. на 1903 г. со прекини во време на Илинденското востание во Македонија до средината на 1905 г. целиот кадровски потенцијал на министерството за надворешни работи е ангажиран да убедува, да бара истомисленици, да настојува и агитира во Цариград и европските престолнини за придобивање на независност на ароманската црква и да се признае ароманското малцинство за одделна народност во Македонија.

Илинденското востание од летото на 1903 г. во коешто свое учество имале и Ароманците налагало заборавање на подигнатото прашање од страна на османлиските владини средини. Тивки надежи излегуваат на преден план кон крајот на септември, кога во Цариград се зборува за преустројство на вилаетите по национален белег. Но и тогаш малобројноста на ароманското население не дозволувало да се смета на некој особен успех. Според Жеко Попов романската дипломатија продолжувала упорно да инсистира на тоа, дека Бугарија и Грција се непријатели на империјата, а не Ароманците. Големата Порта обрнува внимание на тоа и наредува Ароманците да не се именуваат како Грци во официјалните документи, а такви, какви што фактички и се. Големиот везир ветува, дека ќе се пристапи и кон решавање на црковното прашање, но не го одржа своето ветување.[64]

Остра постапка на Јоаким Трети - забрана за користење на романскиот јазик во црквите, уште повеќе ги вознемирува романските дипломати во текот на март-април 1904 г. Владата во Букурешт испраќа до Големата Порта меморандум со поумерени барања - основање на самостојни ароманскиот општини, каде што ќе се користел ароманскиот јазик, откако се одлагало барањето за самостојна романска црква. Обраќајќи се директно кон Големата Порта, а не на самата Патријаршија - единствен фактор одговорен за црковни работи на христијаните во империјата, романската влада настојувала да го принуди Јоаким Трети да го ревидира своето строго однесува-

[64] Исто, 64.

ње кон каузата и да му поткаже, дека само така може да се избегна присоединувањето на Ароманците кон Егзархијата. Очигледниот демарш на Букурешт не дава никаков резултат и романското општество престанува да се бранува по црковното прашање.[65]

За остварување на целта на романската влада не помогнала и божемната поткрепа на австроунгарскиот пратеник во Цариград баронот Хајнрих Каличе, којштo се обидува да го наговори Јоаким Трети да ги задоволи романските барања.[66] Но монархијата немала намера да брза.

Сето ова ја принудува романската влада да мисли на дополнителни мерки. Во текот на м. јуни во Македонија бил испратен митрополитот Генадиј да води агитација за самостојна црква.[67] По повод убиството на Лазареску-Леканта, бивш директор на романската гимназија во Јанина, во Романија избувнува силно незадоволство. Во текот на летото 1904 г. се води жестока војна на весниците против Грците, обвинети за атентатот (убиството). Реакцијата го вознемирува грчкиот пратеник Томбазис и тој и предлага на својата влада и на Патријаршијата да ги задоволи барањата на Романците, за да се нормализира ситуацијата. Но не е добиен никаков одговор.[68]

На 12 август Лаховари по втор пат ги доставува во султанската канцеларија барањата коишто вклучувале повеќе пунктови. Освен за признавање на самостојни општини се додаваат и следните: давање на права за избирање на претставници во административните органи; отворање на повеќе училишта; изградба на цркви; сопствено национално свештенство, покровителствувано од властите, и признавање на права на аромански претставник (векил) во реформската комисија, какви што имале латините и протестантите. Документот се разгледувал од владата, но султанот не се решавал да го направи решителниот чекор, плашејќи се од спротивставувањето на Патријаршијата. По еден месец размислување сепак Абдул Хамид измислува компромисна варијанта: и соопштува на Патријаршијата, дека се дозволува користењето на романскиот јазик.[69]

Романската влада не била доволна од „гестот” на султанот и доста нервозно реагира, според набљудувањата на руски диплома-

---

[65] Исто, 65.

[66] Исто.

[67] Исто.

[68] Исто, 65-66.

[69] Исто, 66.

ти. Таа не разбира зошто Абдул Хамид не се користи од расклатената положба на Јоаким Трети, поради внатрешните недоразбирања, и не го реши прашањето.

Промената на националлибералите од страна на конзервативците во раководењето со државата во текот на м. декември 1904 г. вдахнува извесни надежи во романското општество, дека ќе се најдат поуспешни средства за решавање на болното прашање. Романската политика оди кон тоа да одржува пријателски односи со Османлиската империја, со што се надевала да ги предрасположи османлиските власти за благонаклонето решавање на аромaнското прашање. Се потврдува и програмата, изработена од Лаховари во Цариград, со дополнение: дека ако во моментот не се постигне нешто, ќе се назначи за митрополит бившиот примас на романската црква Генадиј, којшто го примил османлиското државјанство.[70]

Знаејќи дека без надворешен притисок Османлиите тешко прифаќаат решение на некој проблем, романската дипломатија прави интензивни контакти со претставниците на големите сили во текот на м. јануари-февруари 1905 г. Русија не била против решавањето на проблемот но советувала умереност во барањата и приодите, за да не се усложнуваат односите со Патријаршијата. Во тој дух рускиот амбасадор во Цариград Зиновиев ги поддржува Романците и се обидува да посредува со меродавните кругови во Цариград. Англиската дипломатија не покажува никаква ангажираност во врска со ова прашање. Италија се стремела понастојчиво да помага, но нејзините настојувања воопшто не биле земани предвид во Цариград. Германија била солидарна со романските барања и ветувала поактивна поддршка, но не преземала некои позабрзани активности.

Австро-Унгарија држејќи се до статус-квото не ги споделувала романските идеи. За да ја поттикне Австро-Унгарија за поактивна поддршка на романските гледишта Ал. Лаховари ја посетува Виена каде што води напрегнати разговори со министерот за надворешни работи на Австро-Унгарија грофот Голуховски. Меѓутоа и покрај сојузничките обврски кон Романија, Австро-Унгарија, истакнува дека политичката положба во Македонија по Илинденското востание од 1903 г. не дозволувала проширување на романските аспирации во Македонија. Грофот Голуховски дал навестување дека во иднина би можело да се корегира австро-унгарската позиција, меѓутоа, ова нешто не го задоволува Лаховари и неговата влада.[71]

---

[70] Исто, 67.

[71] Исто, 68.

Во почетокот на март Лаховари презема чекори кај Османлиската влада. Овој пат неговите барања биле задоволени - по порака на Големиот везир Ферид паша Хилми паша ги признава појавените по поедини места аромански општини, нивното право да назначуваат свои кметови и да испраќаат во општините општински советници. Но Лаховари не бил задоволен, бидејќи барал султански указ за признавање на сите права. По тоа прашање доаѓа до нови разговори со големиот везир, со османлискиот пратеник во Букурешт Ќазим беј и др.[72] Пратеникот обезбедил аудиенција кај султанот и добива можност на први април. Султанот му ветил само дека ќе разговара по прашањето со Големиот везир.

Во меѓувреме Лаховари настојувал кај германскиот пратеник А. фон Биберштајн да дејствува од позиција на сила за да ги натера Османлиите во правец на решавање на ароманското прашање. Последниот навистина почнал да дејствува но со поумерени методи. Наскоро се дознава, дека султанот бил поблагонаклонет кон романските желби. По ваквиот развој на настаните во Цариград бил испратен Т. Јонеску, министер за финансии, кој за време на велигденските празници успева да се сретне со министерот за надворешни работи Тефик паша и Големиот везир Ферид паша. Пред нив ја повторил желбата на Романија да се издаде султански указ за полни права на Ароманците, но добил само ветување при идното пребројување на неговите сонародници да бидат запишани како одделна националност. Гостинот не останал задоволен од отказот на султанот да го прими и го враќа орденот што му го испратиле „Османие". На крајот на краиштата неговата мисија била безуспешна.[73] Имајќи го таквиот тек на настаните доаѓа до колективна постапка на повеќето големи сили, пред која султанот Абдул Хамид отстапува.

Инаку треба да се спомене дека во месец април се случил еден инцидент во градот Јанина. Имено, од Цариград пристигнаа во градот двајца училишни инспектори: Н. Тачит и А. Баламаче, кои требаше да соберат и да дадат информации за училиштата во овој град. Тие со себе носеле писмо кое им беше дадено од страна на Големиот Везир Ферид паша и адресирано до валијата во Јанина Осман паша и една акредитација издадена од Министерството за правда и култура до валијата. Меѓутоа, валијата од Јанина нареди овие инспектори да бидат избркани од градот и не им дозволил тие да стапат во врска со тамошните конзули. На 6 мај 1905 г. двајцата инс-

---

[72] Исто.

[73] Исто, 69.

пектори биле затворени под претекст дека, наводно, во селото Бјаса испровоцирале тепачка меѓу Ароманците националисти и Ароманците гркомани. Валијата Осман Паша ги избрка од Јанина тие двајца инспектори и наредил Н. Тачит и А. Баламаче да се депортираат во Италија.[74]

По случувањето на инцидентот, отпочна мошне интензивно да се ангажира романската дипломатија за разрешување на погореспоменатиот инцидент кој стана меѓународен. А. Лаховари го задолжи романскиот амбасадор во Виена Џика да го замоли австро-унгарскиот министер за надворешни работи Голуховски, да интервенира кај османлиските власти. Голуховски на 11 мај (нов стил) стапил во контакт со амбасадорот Каличе, за да се поврзи со романскиот амбасадор во Цариград Ал. Лаховари и да интервенира кај Големата Порта. Италијанскиот амбасадор во Романија беше примен на аудиенција кај романскиот крал Карол. По тој прием италијанскиот амбасадор испратил една нота до италијанското министерство за надворешни работи во која беше содржана желбата на Ароманците за нивна слобода. Каличе го посетил Големиот везир Ферид паша и министер за надворешни работи во Османлиската империја кој, по таа посета, вети дека проблемот ќе биде надминат и дека двајцата инспектори веќе биле слободни. (Тие тогаш веќе се наоѓаа во Бриндизи). Големиот везир напомена уште дека на 13 мај (нов стил). Советот на министри ќе донесе одлука за барање на една сатисфакција за лошиот однос на валијата во Јанина. Германскиот амбасадор во Цариград, баронот Маршал, беше примен на аудиенција кај султанот Абдул Хамид Втори. Но од друга страна, романскиот амбасадор Ал. Лаховари примил инструкции од неговата влада да предаде ултиматум до Големата Порта, и доколку оваа нота упатена до султанот остане без резултат и доколку предвидениот термин 23 мај (нов стил) биде надминат и остане без успех, тогаш му беше наредено на Ал. Лаховари да го напушти Цариград и да се врати во Букурешт со што, се разбира, дека односите меѓу Романија и Османлиската империја ќе бидат прекинати.[75]

На 20 мај (нов стил) 1905 г. од Големата Порта пристигнала информација дека таа и дава сатисфакција на Романија во која стои: „1. Разбирањето меѓу Валијата од Јанина и романскиот конзул со кое валијата сака да се декларира дека ниту тој ниту империјалната влада не се оптеретени со непријателство кон Куцо-власите; 2. Им се признава правото на Куцо-власите да имаат свои мухтари (рако-

---

[74] Н. Попникола, Арм'ните..., 355.

[75] Исто, 356.

водители, кметови) во местата каде што има поголема концентрација на Власи; 3. Признавање на училишните инспектори во аромански училишта но, под услов тие да се државјани на Турција и 4. Признавање на правото на Куцо-власите во црквите и во училиштата да го користат својот јазик".[76]

Големата Порта наговестила дека била готова да го разреши проблемот со Патријаршијата за постигнување на согласност во врска со црковното прашање така како што е предвидено во чл. 4 од горе споменатиот документ.

Позициите на странските дипломати во врска со ова прашање биле различни. Така рускиот амбасадор во Цариград Зиновиев сметал дека треба да се даде поддршка на ултиматумот на романскиот пратеник во Цариград Ал. Лаховари но по претходно усогласување со ставовите на германскиот амбасадор Маршал. Мислењата на Зиновјев се движеа кон тоа дека сите проблеми на Балканот треба да бидат разрешени во согласност со Австро-Унгарија.

Меѓутоа настанот со двајцата училишни инспектори во Јанина не остана незабележан ниту од Франција. Така, на 18 мај 1905 г. француксиот амбасадор во Атина Д Ормесон испратил едно писмо до францускиот министер за надворешни работи Делкасе за текот на развојот на настаните и дека владее позитивна клима за поддржување на барањата на Романија. По оваа информација сите амбасадори и дадоа потполна поддршка на Романија против јанинскиот валија кого го осудија дека беше против романските училишни инспектори и побараа да биде призната ароманската националност од Епир. Инаку грчката влада беше против романските претензии кон Епир.[77]

Францускиот амбасадор од Букурешт ја испратил во Франција благодарноста која беше дадена за одбрана на правата на „Куцо-власите" од страна на Франција. Господинот Гримаулт, отправник на работите на Франција, испрати од Букурешт до францускиот министер за надворешни работи Делкасе извештај, во кој се вели: „Министерот за надворешни работи ме информира денес дека на дипломатскиот состанок Романија ја прифати комплетната сатисфакција за признавање на цивилните права на Ароманците од Македонија. Генералот Лаховари го ангажирал неговиот претставник во Париз и испраќа благодарност до Вашата Екселенција, зошто со добрата волја, помошта и со Вашето ангажирање за проблемите по-

[76] Исто.

[77] Исто.

врзани со правата на Ароманците и на радосни резултати и ви испраќа честитки од страна на владата на Романија."[78] Вакви беа околностите во кое дојде долгоочекувано Ираде.

*

* *

Во крајот на 19-тиот и почетокот на 20-тиот век ароманската преродба го достигнува својот врв. Со помошта на романската влада ароманското просветно дело се засилува и добива широк размав. Тоа ги опфаќа европските поседи на Османлиската империја, во коишто живее ароманското население. Во Македонија, Епир и денешна Албанија ароманските училишта го разгоруваат националниот оган кај илјадници ароманси деца.

Направени се и првите чекори во борбата за независна црква. Во името на таа цел била впрегната и унијатската идеја. Под силен притисок во одредени места Вселенската патријаршија била принудена да направи некои отстапки. Употребувањето на ароманскиот јазик во богослужбата било официјализирано со султанското ираде од 1891 г. Тој акт дава нов импулс во борбата на Ароманците за самостојна црква. И покрај застапништвото на Романија и одредената наклонетост на Портата Вселенската патријаршија не попуштала и тоа прашање останало неразрешено. Недостатокот на сериозна надворешно-политичка поддршка се покажал како решавачки.

Меѓутоа по Илинденското востание од 1903 г. романската влада посилно се ангажирала по прашањето за стекнување на самостојна црква од страна на Ароманците. Била обезбедена и поддршката од меѓународниот фактор и веќе се дошло до степен на признавање на правата на Ароманците од страна на османлиските власти кое ќе се реализира преку Ирадето од 1905 г.

[78] Исто, 358.

# Глава 12

# ДОНЕСУВАЊЕТО НА ИРАДЕТО ОД 1905 И НЕГОВОТО ЗНАЧЕЊЕ ЗА ПОНАТАМОШНИОТ РАЗВОЈ НА НАЦИОНАЛНАТА СВЕСТ КАЈ АРОМАНЦИТЕ

---

## 1. Донесувањето на Ирадето

По сите овие активности кај романскиот пратеник во Цариград беше испратен секретарот на султанот, Изет паша, пред кого се изразува мислењето указот да се издаде во чест на романскиот национален празник 9 мај (стар стил). Неколку часа по посетата указот бил издаден и огласен следниот ден - 10 мај (стар стил). Со него се признаваат еднакви права на Ароманците со оние на муслиманите.[1] Така големите усилби на Ал. Лаховари и неговата влада се овенчани со успех. Ѕвездениот миг на романскиот дипломат бил оспоруван од австрискиот автор М. Д. Пејфус, кој не го прифаќа самозадоволството на романскиот дипломат дека го издејствувал указот како што произлегува од неговите мемоари. М. Д. Пејфус тврди дека Ирадето главно било производ на притисокот на големите сили, а не на усилбите на Лаховари или на Германија или Австро-Унгарија. Указот бил производ на заедничката акција на Германија, Италија, Австро-Унгарија, а исто така и на политичките калкулации на Големата Порта.[2] На второ место, решавањето се покажало како плод на разбирањето на Големата Порта дека ароманското прашање било важен елемент за подобрувањето на врските со Букурешт, и посебно со Бугарија.[3] Но и покрај сè не може да се одрекне енергичноста на Лаховари, која што се покажувала во синхронизираното дејствување со големите сили, за нешто кое самиот тој настојувал премногу време пред тоа.

Романската влада искажувала благодарност на големите сили и посебно на Русија и Германија. Од Букурешт пристигнал прате-

---

[1] Ж. Попов, Румъния..., 69-70.

[2] M. D. Peyfuss, op. cit., 90.

[3] Исто.

никот на кралот, Г. Деруси, за да ѝ се заблагодари на Германија, истакнувајќи го големото пријателство меѓу двете држави.[4] Слично внимание не се покажувало на Австро-Унгарија поради нејзината резервираност кон срекниот миг за Ароманците и указот на Султанот, и покрај тоа што настојувала принудено за донесеното решение на Абдул Хамид Втори.

Во времето на силниот ентузијазам во Романија во некои средини се изразувала решеност да се следи примерот на Бугарите за време на објавувањето на црковната независност во текот на преродбата.[5] Исто така се сметало дека настапила нова ера за романската кауза и Ароманците биле поставени еднакво со Бугарите и Грците и веќе ќе излезат од старателството на христијанските народности.[6] По кој знае кој пат се искажувала благодарност на оние големи сили, коишто ја потпомогнале Романија, а во знак на благодарност кон Османлиската империја било решено во Ќустенџе да се изгради голема џамија, којашто ќе го носи името „Карол Први".[7] Тоа навистина било исполнето во текот на 1910 г.

Во продолжение би се навратиле на текстот на указот на Султанот Абдул Хамид Втори. На 9/22 мај Султанот Абдул Хамид Втори го потпишал Ирадето, а следниот ден текстот на истото беше објавен од страна на министерот за правда, Абдул Рахман-паша. Интегралниот текст на овој царски акт на Султанот гласи:

## Ираде

„Неговото империјално величество Султанот со неговото учество за висока правда и родителска грижа за неговиот народ за да ги заштити сите тие кои му се молат, без разлика на потекло и вера ги зеде во предвид последните молби на Ароманците кои ги предадоа пред нозете на царскиот трон и имаше добрина за да издаде заповест, втемелена на цивилна правда, од која тие се радуваат исто како и другите немуслимански народи и се вели дека нивните комуни имаат право да си избираат свои мухтари, на начин како што е предвидено со законите кои се во употреба; исто како и за останатите комуни, членовите Ароманци да бидат избрани во ист број како во националниот совет; да им се даде помош од страна на царските

[4] Исто, 70.

[5] Исто.

[6] Исто.

[7] Исто, 71.

авторитети на учителите кои се избркани од нивна страна за да одат во инспекција во училиштата и да си издаваат книги според империјалните закони за отворање на нови училишта.[8]

Османлискиот министер за правда и култура го запознава Цариградскиот патријарх со императорското Ираде, со кое му се признава на Ароманците слободата да си го користат својот јазик во нивните цркви и училишта и да учествуваат кога се избираат административни комисии. Во писмото кое беше испратено на 10/23 мај 1905 г. се вели:

„Со високото тезкере на Големиот везир се запознавте дека Ароманците како државјани на Турција имаат право да си ги бранат националните интереси, имаат побарано право да си имаат нивни училишни институции, да ги практикуваат нивните културни традиции; да си имаат свои цркви со нивни свештеници кои ќе ја одржуваат богослужбата на нивен јазик и имаат право да учествуваат во изборите така, како што имаат право и другите националности а во местата каде што се мнозинство и таму да си имаат свои мухтари.

Министерскиот совет признава, од една страна, еден основен принцип на империјата кој му импонира на царството со објективност дека нема интерес да прави разлика меѓу националностите кои живеат под жезлото на империјалното величество Султанот и дека, од друга страна, во погорните барања не се бара ниту една, макар и најмала трага од некакви одземени права од националностите, а кои се утврдени со обврските на министерот за внатрешни работи, кој треба да има комуникации со инспекторите од турските вилаети и со генералниот гувернер со почит дека да не се преправаат ни најмалку нивните информации добиени од други личности и од Патријархот, зошто Ароманците не сакаат да имаат пречки кога ги слават националните церемонии и култура со нивни свештеници и на нивниот национален јазик, нити сакаат да бидат попречени кога имаат своја настава во нивните училишта; тие сакаат да си бидат господари кога си ставаат свои имиња; дека не сакаат никој да им се меша во вршењето на нивните функции во институциите и во инспекциите за образование кои се раководат од Ароманци, во склад со законите на државата, од страна на министерот за јавни работи и, нај на крајот, кога се вршат избори за членови во администрацијата.

Оваа одлука им дава право на жителите на Неговото Величество Султанот која е санкционирана со империјалното Ираде. Имам обврска да Ве запознам со тоа што следува, Ваша Светост".[9]

---

[8] N. Popnicola, op. cit., 358.

Покрај Романија се разбира дека за донесувањето на царскиот указ Ираде најмногу радосни беа самите Ароманци, дека со тој империјален акт тие се здобија со многу значајни права и беа признати како посебен „милет”. Со една благодарност кон султанот Абдул Хамид Втори, во списанието „Лумина” од 1905 г. се отпечати еден прилог насловен како: *„Многу години да живееш Величество, Султане”*.[10] Исто така К. С. Поклетару напишал една песна посветена на Султанот: *„Химна за Султанот”* напишана на 10 мај 1905 г.[11]

И поетот, моловиштанецот Константин Белемаче, не останал настрана. И тој со еден долг како благодарност за донесувањето на Ирадето на султанот Абдул Хамид Втори, во списанието „Лумина” од 1905 г. напишал стихотворба.[12] Во секој случај подолу го даваме препевот на песната *„Химна за Султанот”*.[13]

Химна за Султанот Абдул Хамид Втори

О! Превисок и Голем
Султану борец
Поклонети пееме во орото!

На Ароманците слобода
од нација, на земјата
ни даде светлината
и ти честитаме огнено

О! Семоќни господе
чувај го Султанот,
со милоста твоја, пресветли
и секогаш царски!

Свирете труби
во стотици и илјадници гласови
на падишахот за навек
пејте сите Ароманци

---

9 Исто, 359-360.

10 Исто, 361.

11 Lumina, Anul III, N.5, Aprile 1905, 136.

12 Исто. Под оваа стихотворба е потпишан C. S. Pocletaru – 10 мај 1905 г.

13 Нико Попникола, Како дојде до прокламирањето на империјалното Ираде, Симпозиум 100 години од прокламирањето на империјалниот акт Ираде, Битола, 2005, 144.

Многу години да живееш Султане
Абдул Хамид-кан,
Император на сите
над султаните Султан

Не поминало многу време по донесувањето на султановото Ираде, на 19-ти февруари 1906 г., во врска со организацијата на ароманските општини (едно важно право кое им беше дадено на Ароманците за да можат да се организираат) во Правилникот кој беше донесен од страна на ароманските општини од Европска Турција, во членот 17 од него се вели: „За спомен и како аргумент и како лојалност на Ароманците кон Султанот и кон империјалниот трон, ароманските општини го прославуваат денот 9/22 мај, кога се донесе империјалното Ираде за конституирање на овие комуни”.[14]

Одгласот на империјалното Ираде имаше мошне негативно влијание кај Цариградската патријаршија. Актот Ираде ја збеснал Патријаршијата. Светиот синод на Патријаршијата заседавал повеќе пати, но не успеал да донесе ниту еден заклучок. Патријархот Јоаким Трети го посетил Големиот везир Ферид-паша каде што протестирал. По извесно време Светиот синод на Патријаршијата се согласи со текстот кој го потпишал патријархот Јоаким Трети во кој се вели:

*„Синодот го констатира постоењето на Султановото Ираде, но со една евидентна контрадикција помеѓу признавањето специјално на суверенитетот на Патријаршијата, од една страна и давањето на некои права на Власите кои не биле усогласени со светите канони на Православната црква, од друга страна. Ова Ираде не може да биде компатибилно со правата на Патријаршијата, поради што Патријаршијата ја моли Портата да ги заштити старите права, стари стотици години, да ги издржи туѓите притисоци и повторно да ги донесе наредбите кои сега не се почитувани”.*[15]

Цариградскиот патријарх не остана само на овој протест до Големата Порта. Тој им порача на архиереите Ароманци-гркомани од своја страна да испратат протест до Портата против донесеното Ираде.

Многу Ароманци со грчки чувства од селата и градовите каде живееле, свештеници и грчки учители, организираа многу манифе-

---

[14] Исто, 144-145.

[15] Арети Сидовска, Ехото на султановото ираде, Симпозиум 100 години од прокламирањето на империјалниот акт Ираде, Битола, 2005, 147-148.

стации против Султановото Ираде, а започнаа и една интензивна кампања преку печатот против Ферид-паша. Против Империјалното ираде до Портата се жалеше дури и грчкиот конзул од Неапол.[16]

Во врска со ова прашање т.е признавањето на „влашкиот милет“ како одделна заедница за романското население во реоните на Пинд, Тесалија, Епир и Албанија како спротивставување на грчкото и бугарското влијание" во 1905 г. пишува и бугарскиот историчар Крсто Манчев. Понатаму, тој продолжува, тоа од своја страна има за цел влошување на грчко-романските и романско-бугарските односи.[17]

Во врска со указот за слободното формирање на ароманските црковни општини и за отворените аромански училишта во повеќе места, известувале и странските дипломатски претставници.

Така во извештаите на австроунгарските претставници многу прегледно е регистрирана хронологијата на дејноста на грчките чети за да ги „вратат" Ароманците во крилото на грцизмот. Движењето на Ароманците за еманципација од грцизмот и Патријаршијата, за употребата на својот јазик во богослужбата и за отворање на сопствени училишта и цркви, наидува на огорчен отпор кај грчката држава, пропагандата и четничката акција. Не избирајќи средства, андартите како орудија на грчката пропаганда, преземаат сè за да ги потчинат и обезличат Ароманците. Ги заплашуваа мирните жители со земање заложници; селата што ги отфрлаа нивните ултиматуми се пљачкосувани и горени, првенците убивани, а стадата разграбувани и уништувани.

Грчките андартски чети кои биле командувани од страна на Костас Акритас (прекар на генералот Мазаракис) убија многу Ароманци (над 400 души). За голема жал е што во тоа време се случиле големи недоразбирања и караници меѓу Ароманците „патриоти" и „гркоманите". Многу Ароманци „гркомани" го потпишаа документот против признавањето на правото на Ароманците кое го добиле со империјалниот акт.[18]

По официјалното признавање на Ароманците во Османлиската империја како одделен народ нивните усилби биле насочени и кон признавање од страна на Вселенската патријаршија. Нивните барања биле за официјално воведување на мајчиниот јазик како богослужбен во нивните цркви, за правото свештениците да бидат

[16] Исто.

[17] Кръстъо Менчев, История на националния въпрос на Балканите, София, 2008, 165.

[18] А. Сидовска, op. cit., 22.

нивни сонародници, а исто така да имаат духовен водач, кој би бил Ароманец.[19]

Л. Дивани го оценува Ирадето од мај 1905 г. како подарок за романската пропаганда со „признавање на Куцо-власите како романски народ од страна на Портата. Откако ги игнорира националните стремежи на Ароманците, А. Антемидис ја турка тезата дека движењето за разграничување на „влашкото малцинство" е поттикнато не од самите Власи, туку од Романија.[20]

На дипломатски план, според мислењето на Лаховари, Романија треба да води поумерена политика кон Грција и Патријаршијата, за да не се предизвика раскол во православието. Заради таа основна причина истиот смета дека црковното прашање ќе се решава во Петроград, а не во Цариград, нешто кое налагало поголемо усогласување на дејствијата со Русија. Жеко Попов наведува дека очигледно се имале предвид руско-грчките односи, коишто предвидувале меѓу другото и потпомагање на работата на Патријаршијата во водењето на црковните работи на Балканот и во други православни реони.[21]

Како што погоре споменавме, Патријаршијата се спротивстави на султанското решение. Јоаким Трети протестирал кај Абдул Хамид Втори, дека му се одзема автономното право да раководи со црковните дела, и дека се фаворизира едно малцинство за сметка на други националности, респективно Грците. Освен тоа црковниот поглавар предупредувал дека исполнувањето на указот може да ја дестабилизира Македонија.[22] Во тие изјави Патријархот ја чувствувал поддршката на грчката држава и на некои големи сили кои не биле наклонети многу да ги поттикнуваат Ароманците - Австро-Унгарија, Велика Британија и донекаде Русија, почитувајќи ја целоста на источното православие. Така се пројавува парадоксот - на прв поглед Петроград врши притисок врз султанот да го издаде одамна очекуваниот указ, но од друга страна не се решава да го направи истото и со Патријаршијата. Зашто ако последната биде принудена да ги признае правата на Ароманците таа заплашува со нивно одвојување од православието, нешто кое би било опасен преседан, којшто ќе го продлабочи расколот, по шизмата над Бугарите. Имено тоа ја плашело руската дипломатија и таа се воздржувала да врши прити-

[19] Г. Даскалов, op. cit., 85.

[20] Исто.

[21] Ж. Попов, Румъния..., 71.

[22] Исто, 72.

сок врз фанариотите, оставајќи го сето на времето и на околностите.[23]

Со цел да ја популаризира каузата на Ароманците во Европа во текот на 1905 г. во Романија се издава зборник со дипломатски документи за појавениот романско-грчки конфликт по гореспоменатиот проблем. Во зборникот се истакнати сите основни моменти до есента на 1905 г. Но амбасадорот на Русија во Букурешт Гирс смета дека тоа издание наречено „Зелена книга" не дава ништо ново за појаснување на настаните, а повеќето пречело на двете држави да ги разрешат проблемите.[24]

На 25 август 1905 г. романскиот пратеник во Атина, Ј. Папиниу, се пожалува на грчкиот министер за надворешни работи, Ралис, за нападите од страна на грчкиот печат и насилствата на андартските чети над Ароманците, но акцијата на романскиот претставник не постигнува ништо. При една ваква положба се сметало дека било тешко да се контактира меѓу двете страни. На 3 септември грчкиот пратеник Томбазис го напушта Букурешт, а на 11 истиот месец исто така постапува и романскиот пратеник во Атина.[25]

Во текот на сите овие настани грчкиот притисок врз Ароманците уште повеќе се засилува. Во текот на летото на 1905 г. андартите ги опожаруваат училиштата на Ароманците, запалуваат учебници и црковни книги, уништуваат селски имоти, го уништуваат нивниот добиток. „ Дојде редот и часот на камата, на анџарот и огнот, на куршумот - ништо друго не им преостануваше на јоакимистите" (приврзаниците на грчката кауза за време на патријархот Јоаким, б. Георги Даскалов), има истакнато во своето истражување Анастас Хачу, бивш учител во битолскиот романски лицеј. Тој наведува редица случаи на заклани од андартите овчари, на отруени учители, на убиени кирации и цели семејства, на нападнати стада. Анастас Хачу ги наведува и извршените од страна на андартите напади по наредба на гревенскиот митрополит Агатангелос над селата Авдела и Периволи, подложени на грабеж и опожарување. Нивната судбина ја имале и други аромански села. Многу цркви и училишта биле изгорени.[26]

А. Хачу изрично ја потцртува раководната улога на грчките свештеници во походот против националноориентираните Ароман-

---

[23] Исто.

[24] Исто, 73.

[25] Исто.

[26] Г. Даскалов, op. cit., 88.

ци. Тој ги споменува зборовите на гревенскиот митрополит Агатангелос, којшто во својата проповед пред една андартска чета, по неговиот повик да бидат безмилосно кон оние, коишто се нарекуваат Ароманци и зборуваат аромански јазик, изјавува: *„Од денес за натаму ножот е Христос, а револверот - евангелие!”* А. Хачу уште со болка забележува дека таму кај што Грците не успевале, сметале на Ароманците гркомани: *„Братска, крв беше продадена пак од брака за злато и сребро”*. Наскоро по дадените упатства од митрополитот андартите убиваат 10 семејства во Гревена.[27]

Установениот терор над националноориентираните Ароманци во Македонија се спроведувал по започнатата во текот на 1905 г. од атинскиот печат кампања против Романија. Од своја страна романските весници ги демаскираат андартските насилства.

И покрај предупредувањата од страна на Романија да престанат нападите на андартите последните ги продолжуваат нападите над Ароманците. По иницијатива на Македоно-романското културно друштво на 2 август 1905 г. во Букурешт бил одржан протестен митинг. Напоредно со претставниците на ароманската емиграција во него земаат учество студенти, чиновници и офицери. Говорниците ги разобличуваат грчките насилства над ароманското население во Македонија. Била прифатена резолуција со барање до владата за прекинување на трговските врски со Грција. По ова се извршуваат и насилни акции над Грците во земјата со напади врз објекти во сопственост на последните. За антироманска дејност биле санкционирани издавачот на грчкиот весник „Патрис” Сп. Симу и уредниците на весникот Х. Панас и Теод. Мосхопулос. Со оглед на силно влошените двострани односи романскиот министер за надворешни работи генералот Лаховари го предупредува грчкиот претставник во Букурешт и дипломатскиот корпус, дека при прекинување на дипломатските односи ќе биде раскинат не само трговскиот договор, но и протоколот, по силата на којшто се дадени привилегии на грчките општини во Романија.[28]

Во почетокот на септември грчкиот дипломатски претставник го напушта Букурешт, излегувајќи на отсуство без определен рок. Истото го прави и романскиот претставник во Атина. Како одговор на продолжителните напади на андартските чети над Ароманците на 5 октомври 1905 г. романската влада го раскинува трговскиот договор со Грција и придодадениот кон него протокол. На

[27] Исто.

[28] Исто.

протестите на Атина таа одговара со еден циркулар од 16 ноември до големите сили, со којшто ги повикува да преземат мерки „против злосторствата на грчките банди во Македонија”. Истиот месец беше донесено решение и за финансирање на македонските аромански чети. Романскиот кабинет настојува пред Портата да преземе неопходни мерки за заштита на Ароманците, откако ја предупредува, дека во спротивен случај ќе се откаже од досегашното свое пријателско однесување кон империјата.[29]

Романската влада преминала и кон казнени мерки против грчки поданици, коишто живееле на територијата на Кралството. Во крајот на м. јануари 1906 г. Министерскиот совет решава за прогонување на 7 членови на Грчкиот комитет во Букурешт, познати богаташи, заради новите жртви на андартските чети во Македонија. Романскиот конзул во Битола препорачувал да се протераат и 24 Ароманци од Нижополе, Битолско, познати гркомани, коишто се наоѓале на работа во Букурешт.[30]

Од взаемните репресалии Грција претрпе значително поголеми загуби, отколку Романија. Многу настрада нејзината трговија со романското кралство и пловидбата на нејзините кораби по долниот тек на реката Дунав; илјадници нејзини поданици материјално беа пропаднати, беа разнебитени грчките општини во Романија, кои што уште од времето на фанариотските кнезови во дунавските кнежевства имаа една силна материјална положба. Грчко-романскиот судир и го наруши угледот на Грција пред меѓународното јавно мислење.

Во грчките политички кругови и општествената јавност не се истапувало против андартските активности во Македонија усмерени кон ароманското население. Само еден атински весник -„Неон Асти” (22. 11 1906 г.) - излезе со статија во која стана против акциите на грчките чети во Македонија „коишто создаваат во европското општествено мислење неблагопријатен тек за елинизмот.” Тој глас поминал незабележително кај најголемиот дел од грчкото општество, додека пак телеграфските агенции и странските новинари во Атина телеграфираа во странство за необичниот настан.[31]

Грчката влада, и покрај сите материјални и морални штети од судирот, не отстапуваше од заземената позиција по ароманското прашање.

---

[29] Исто, 91.

[30] Ж. Попов, Румъния..., 74.

[31] Х. Силянов, op. cit., 266.

Таа сега се служеше само со оправдување од формален карактер, откако изјавуваше, дека не може да сноси одговорност за „настани коишто се случуваат на туѓа територија" и да се вмешува во работи коишто се однесувале до јуриздикцијата на Цариградската патријаршија „којашто била совршено автономна". (Во таква смисла се искажал пред парламентот претседателот на грчката влада Теотокис на 20 декември 1906 г.)[32]

Но под притисокот на големите сили но и од предупредителност кон Романија, цариградската влада, од време на време наредуваше „беспоштедно преследување на грчки чети и тие наредби, според Христо Силјанов, давале резултати: андартските чети, успевајќи да се спасат од уништување и заробување брзо го фаќаа патот кон грчката граница. Но по повлекувањето на овие андартски чети доаѓаа нови андартски чети и се појавуваа во што туку исчистените месности. Османлиската влада периодично реагираше и во Атина, но никогаш властите во Атина не беа доведувани во тешка ситуација иако Хилми паша поседуваше точни списоци на редовните грчки офицери, водители на чети, признанија на андартите пред судовите и писмени документи за андартска дејност на грчките конзули.[33]

Прекинувањето на дипломатските односи меѓу Романија и Грција поради крвавите настани, коишто се случувале на територијата на Османлиската империја, беше крајно непријатен настан за Големата Порта. Таа вложуваше големи усилби, служејќи се еднаш со благи ветувања, а друг пат со закани против грчките митрополити кои соработуваа со андартите, за да ја натера Патријаршијата кон отстапки во корист на Ароманците - неизбежен услов за надминување на грчко-романскиот судир.[34]

Продлабочувањето на романско-грчкиот судир започна да го тревожи Абдул Хамид Втори и неговата влада поради обвинувањата на големите сили, дека самиот тој е виновен за тоа. Кон крајот на 1906 г. тој го испрати Мунир паша - пратеник во Цариград, којшто времено се наоѓаше во турската престолнина, кај Патријархот за да го убеди да не попречува повеќе на прилагањето на Ирадето. Но на пратеникот му било кажано, дека не била работа на Империјата да му наредува како да ги решава прашањата, согласно на тоа дека му била дадена автономија да се произнесува по црковните прашања.[35]

---

[32] Исто.

[33] Исто, 267.

[34] Исто.

[35] Ж. Попов, Румъния..., 76.

Но по извесно време се забележувала склоноста на Јоаким Трети да преговара со Романија за прекратување на судирот. Но во почетокот на 1907 г. по заповед од Атина тој повторно зазема тврда позиција. На 8 јануари патријаршискиот совет го разгледува прашањето и доаѓа до заклучок, дека не може да се отстапува, бидејќи Ароманците потпирајќи се на султанскиот указ, „ќе ги зголемат своите барања, ќе започнат да побаруваат отстапување на неколку епархии и дури до основање на романски егзархат по примерот на Бугарите".[36]

И странските дописници ја забележуваат затегнатата ситуација во Македонија во врска со грчко-романските односи. Така Вико Мантегаца[37] познат италијански новинар, уште попознат со својата книга *Македонија (март - април 1903)* се осврнуваа на оваа проблематика. Тој во 1903 и 1908 г. ја посетува Македонија. Неговата книга е издадена непосредно пред избувнувањето на Илинденското востание во 1903 г. Во деветтата глава авторот посветува посебно внимание на тематиката на ароманското прашање. (стр. 253-266) Тука тој посветува внимание на настаните поврзани со грчко-романскиот судир околу ароманското прашање. „Во Атина, во официјалните весници се изјавува дека Владата не може да се смета за одговорна за она што се случува во Македонија, т.е –велат - на територијата на една друга држава. Но, во обратен случај, во колоната (на весникот) блиска на она во која се забележани информации од овој вид во кој се величаат и глорификуваат подвизите на четите, кои преминуваат во пропаганда на хеленизмот, на начин како што погоре е споменато. Пред некоја недела, погребот на еден поранешен офицер којшто загинал во Македонија, даде повод за една патриотска манифестација, на која зеле учество многу активни офицери, вклучени и воените аѓутанти на кнезовите и на кралот..."[38]

Вико Мантегаца нагласува дека прекинот на релациите меѓу Романија и Грција ја заоструваат ситуацијата во Македонија и можат да доведат до повторно запалување на востанието во неа, принудувајќи ги индиректно бугарските (македонските б.м.) чети на движење и една поактивна акција. И сето ова можело да доведе до нови судири. Истото се случило не многу далеку. Во 1893 г. нешто

---

[36] Исто, 77.

[37] Вико Мантегаца беше специјалист за балканските работи околу првата деценија на минатиот век и интересен извор за многу генерации. Своите репортажи од патувањата на Балканот ги објавува во весникот „Corriere della sera" и во списанието „L'illustrazione Italiana", подоцна објавени во два тома во 1903 и 1908 година.

[38] Vico MANTEGAZZA, Questioni di politica estera, Milano, 1907, 143-144.

слично се случувало меѓу двете земји, коишто останале без дипломатски односи речиси пет години...без нешто Европа да се помрдне. Но ситуацијата во Македонија беше различна.[39]

Според Вико Мантегаца иако, напросто кажано, односите меѓу двете земји беа речиси комплетно суспендирани од пред една година. Соодветните дипломатски претставници не беа отповикани, меѓутоа беа во отсуство, точно од денот во кој беше објавено фамозното Ираде. И можеби единствено работата на пратеник на Русија во Букурешт, господин Де Гирс, треба да се каже, е онаа која отповикувањето на соодветните дипломати и конзули не се случило порано. Русија бараше да стане посредничка страна меѓу двете еднакви православни нации, и Лаховари, претседател на романскиот совет на министрите и министер за надворешни работи, со поголема самодоверба. По постигнатиот успех во Цариград, радо ги прифатил советите на рускиот пратеник, спречувајќи да му даде на своите ноти една провокативна интонација. Но секогаш имал инсистирано да се сфати дека никаква согласност не е можна, се додека грчката влада не го признава и нема да го признае Ирадето, прифаќајќи ги последиците и не дејствува решително, за да им стави крај на „подвизите” на четите, против нивните браќа од онаа страна на Дунав.[40]

Вико Мантегаца смета дека Ирадето било еден успех на Лаховари, министерството на чие што чело бил Кантакузин во кое и тој бил член. Владата, како и партијата од која била произлезена, не можела а да не инсистира на сите начини бидејќи Ирадето, стапувајќи во сила на крајот ќе ја подобри положбата на Ароманците.[41] Авторот сметал дека прашањето во врска со односите со Грција не е прашање на една партија бидејќи сите биле единствени во намерата да ја поддржат владата и сметале со Лаховари дека Романија треба да дејствува со максимална енергија, и дека само енергија, покажувајќи дека можат да ги погодат интересите на Грција, нешто кое последната ќе ја принуди да го промени своето однесување во Македонија.[42]

Авторот не заборава да ја спомене големата изложба по повод 40 годишнината од прокламацијата на Кралството Романија под круната на кралот Карол Први, организирано точно да се прослави овој настан, истовремено давајќи прилика за одржување на

---

[39] Исто, 144.

[40] Исто.

[41] Исто, 145.

[42] Исто.

симпатични манифестации за Ароманците за овој народ од ист корен кој одвоен од главниот род, кој досега речиси беше игнориран дури и од самите Романци, кои настојувале да бидат претставници на латинитетот на Истокот.[43]

Во пролетта на 1907 г. се заострува ситуацијата во самата романска држава, предизвикана од бунтовите на селаните. Владата на конзервативците го ослабува своето внимание кон односите со Грција и Цариградската патријаршија. Национал-либералите кои ги сменија конзервативците т.е владата на Д. Стурѕа и Јоан Братиану по м. март-април повторно почнаа да мислат на проблемот. Премиерот Стурѕа критички се однесува кон политиката на своите претходници и кон самите нив. Тој сметал дека Романија самата немала сила да се избори со ова прашање. И затоа премиерот барал повеќе такт и трпение.[44]

Двегодишен прекин во односите меѓу Романија и Грција ја растревожува Османлиската империја а и некои од големите сили, зошто тоа може да предизвика натамошни усложнувања-сојузување на Бугарија со некоја балканска држава и вмешување на големите сили. За Русија најважно било да не допушти разединување на православието. Земјите од Тројниот сојуз не биле задоволни од ослабувањето на Османлиската империја, неспособна да ги помири двете балкански држави, од кое може да избувнат и немири во Македонија. Во Србија пак гледале ослабување на антибугарскиот блок, затоа и во Белград исто така сакале да заврши судирот.[45]

Треба да се истакне дека во тој момент доаѓа до совпаѓање на интересите на Русија и Романија, поради што романската дипломатија настојувала кај таа голема европска сила да посредува за решавање на крајно неодложниот проблем и воспоставувањето на односите со Грција. Се бара: богослужба на романски јазик, враќање на отстранетите од Патријаршијата аромански свештеници и да се ополномоштат два грчки свештеници да ги посветуваат во висок чин. Руските дипломати во Цариград обрнуваат повеќе внимание, но не давале гаранции и кога и со цената со која би се задоволила романската желба.[46]

Во стварност Русија не ги споделувала прекумерните романски амбиции за независни цркви. Ова што го барала Романија не би-

[43] Исто.

[44] Ж. Попов, Румъния..., 77.

[45] Исто; Х. Силянов, op. cit., 267-268.

[46] Ж. Попов, Румъния..., 77.

ло според црковните канони и не хармонизирало на руската политика. Сепак се преземало нешто во Атина да се намалат противречностите. Грчкиот печат ги ослабува нападите против Романија, патријархот го споменува името на романскиот крал за време на велигденските празници, нешто кое во претходните две години не го правел и друго.[47]

Од своја страна Романија правела чекор напред – од 1 јули 1907 г. се укинати санкциите против грчките трговци и увозот, се враќаат назад протераните Грци и се нормализира двостраната трговија. Но во секој случај до нормализирањето на односите сѐ уште било далеку.[48]

Во стварност не настапила промена бидејќи -Романија останувала на својата тврда позиција: прилагањето на Ирадето и запирање на прогонувањата на Ароманците. На 11 и 12 септември 1907 г. во Виена романскиот крал Карол се среќава со императоротот Фрањо Јосиф Втори, министерот за надворешни работи Голуховски и рускиот пратеник Ал. Изволски, пред кои ја потврдува романската позиција, макар што либералната влада имала многу поумерена позиција во споредба со конзервативците.[49] Очигледно и тука немало никаков напредок. Со цел да се подготви теренот за помирување Карол испраќа честитка до грчкиот крал Георги по случај на Новата 1908 година. Но Стурѕа го изнесувал мислењето дека се зависело од политиката на грчката влада. Таа требала да се откаже од обвинувањата, дека Романија ги подготвува ароманските чети во Македонија, со коешто се оправдуваат дејствијата на андартите.[50] Може да се каже дека во овој период стивнуваат обвинувањата и нападите, но истовремено со тоа и надежите за нормализирање на односите и решавање на црковното прашање.

Во текот на 1908 г. доаѓа до извесно намалување на напрегнатоста, но сепак има застој во решавањето на спорните прашања. Ниту успеваат и обидите на некои големи сили и на самата Османлиска империја да ја променат положбата во позитивна насока.

[47] Исто, 78.

[48] Исто.

[49] Исто.

[50] Исто, 79.

## 2. Андартските вооружени акции против Ароманците и создавањето на ароманските вооружени чети

Вооружената активност на андартските чети продолжува и во периодот по 1905 г. Поради напрегнатата ситуација романската влада донела решение на 16 ноември 1905 г. да испрати еден циркулар до големите сили со кои ги повикува да преземат мерки „против злосторствата на грчките банди во Македонија”. Истиот месец било донесено решение и за финансирање на македонските аромански вооружени чети. Романскиот кабинет настојувал пред Големата Порта да ги преземе неопходните мерки за заштита на Ароманците откако ја предупредува, дека во спротивен случај ќе се откажела од дотогашниот пријателски однос кон Империјата.[51]

Романските постапки пред големите сили, како и бугарските протести против дејствијата на андартите во Македонија ги принудуваат да обрнат внимание на атинската влада за извршените насилства од страна на андартските чети, како и на Портата - заради несигурноста во областа. И покрај тоа нападите на андартите над Ароманците продолжуваат. Во извештаите на грчкиот конзул во Солун за второто полугодие од 1905 г. во нивната актива се впишуваат убиства и грабежи на имоти во Бер и селата Долјани, Негован, Спортила, Граматиково и Ошани. Посочен е извршениот во тек на декември обид за атентат против романскиот вице-конзул во Солун, како и нападот врз ароманското училиште во градот. Во извештајот на романскиот дипломатски претставник во Цариград упатен до министерството за надворешни работи од 10 август 1905 г. се посочени насилните дејства на андартската чета на капетан Гудас со 80 борци против ароманските општини во реонот на Корча, Плеаса и Ланка, населени исклучиво со ароманско население. Населението било блокирано ниту можело да се влезе во населбата ниту да се излезе. Биле изгорени црковните книги, малтретирани ароманскиот свештеник, мухтарот и видниот мештанин Леонида Карамитру на кои им забраниле во училиштата да се изведува настава на аромански јазик.[52]

По овие и наредните непријателски акции т.е андартските убиства во населбата Тишта, како што погоре е споменато доаѓа и до

[51] Г. Даскалов, op. cit., 90.

[52] Românii de la sud de Dunare – Documente – (Coordonată de Stelian Brezeanu şi Gheorghe Zbuchea), Bucureşti, 1997, 196.

прекинување на дипломатските односи на 14 јуни 1906 г.[53] По повод на извршените убиства на Ароманци во населбата Тишта дипломатските претставници на шесте големи сили во Атина извршиле заеднички протест во министерството за надворешни работи на Грција, за помошта што им ја давало на андартите на територијата на Османлиската империја.[54]

До есента на 1906 г. ароманските чети во Македонија дејствувале самостојно и неорганизирано. Положбата се променила, откако во борбата се вклучил Ѓорѓи Мучитану од Крушево, познат уште како Ѓорѓи Касапчето или Ѓорѓи Крушувеанлу. Тој се истакнува како добар организатор и политички деец. Биле формирани два раководни центра, едниот во Букурешт под раководство на Александру Кошка и Стерју Миљор и другиот во Софија на чело со Ѓорѓи Мучитану, со помошници Гаќи Доду, Наки Кузман, Унчу Димаш, сите од с. Гопеш, и Косту Дабижа и Таки Динча од Крушево. Мучитану внесува строга организација во ароманското четничко движење. Мучитану, кој беше стар борец за автономија на Македонија, ја изврши поделбата на окрузи каде требаше да се борат арматолите. Секој округ беше раководен од капидан кој се нарекуваше војвода. Ароманските чети извојуваа слободен премин низ македонските села, служејќи се со создадениот канал, за да можат да стасаат во областите кои им беа предодредени. Така Кошка и Миљор поминаа на Пинд, имајќи ја истовремено и мисијата да поминуваат и на грчка територија, во Тесалија, за да придобиваат приврзаници за националната кауза.[55] Ѓ. Мучитану се утврди во областа Воден-Бер. Тој тука ги прегрупира месните аромански чети, коишто тој момент дејствуваа некоординирано.[56]

Во текот на зимата 1906 г. една ароманска чета од 20 души и неколку чети на Македонската револуционерна организација со 200 борци се скриваат во Еницевардарското блато, каде што презимуваат. Тука е и четата на Апостол војвода, во која дел од личниот состав се Ароманци од Мегленско и Битолско. Четата на македонскиот војвода Апостол беше формирана од околу 20 отсто Ароманци. Четите се сместуваа кај Еницевардарското езеро од ноември до април. Колибите беа од трски. Македонските колиби беа сместени кон градот Еницевардар, односно кон македонската област од каде се снабду-

---

[53] С. Брага, op. cit., 27.

[54] Исто.

[55] Дневникот на арматолот (според сеќавањата на Кола Нича, забележани од поетот Кола Каратана), Скопје, 2002, 8.

[56] Исто.

ваа. Ароманските чети се сместуваа на страната кон Бер, тврдината на ароманското движење од Македонија, кој даде многу значајни луѓе во ароманската култура. На другата страна од колибите на Арматолите почнуваа тие на андартите, кон Траховишта и реката Каразмак (денес, според новата топонимија, Галинос потамос). Османлиската војска ги држела под опсада зимувалиштата, меѓутоа само оние македонските и ароманските. Грчкиот дел не беше запоседнат слободно влегуваа и излегуваа од зимувалиштата.[57]



Четите на Ѓорѓи Мучитано и Александар Кошка

Во текот на пролетта 1907 г. андартскиот притисок уште повеќе се засилува. Бил направен обид за опожарување на с. Горно Граматиково, Воденско. Вооруженото население, предводено од учителот Георги Челеа, ги одбива напаѓачите. Неуспешен бил и обидот за опожарување на ароманското село Патичина, Воденско, каде што населението на чело со Христо Папаникола успешно се заштитува. Андартите го остваруваат својот план при нападот на с. Горно Селја, Берско, и успеваат да го преземат. Нивната акција била успешна поради тоа што дел од месното население, предводен од челникот Христо Сарбу, биле гркомани.[58]

Неуспешниот напад над с. Горно Граматиково уште повеќе ја засилува амбицијата на андартите да ја наложат својата волја над

[57] Исто, 10.

[58] Г. Даскалов, op. cit., 91.

него. Капетанот Акритас (потпоручник Константинос Мазаракис) испраќа предупредувачко писмо до водачот на аромансната општина во селото, Стерју Куша. Целта на командата на андартите е да воспостави своја контрола над аромanskите села Горно Граматиково, Патичина, Горно Селја и Кандрова. Тие своевидни аромански острови сред мнозинството македонски села требало да им послужат како база за напад против нив. Така тие би можеле да си го осигураат правецот кон Мориово и да воспостават врска со грчките чети коишто таму дејствувале. Како во северниот, така и во централниот дел на Македонија за реализирање на своите планови андартите ги искористуваат Ароманците гркомани од селата Самарина, Гревенско, Клисура, Костурско, Бел Камен и Невеска, Леринско, Нижополе и Магарево, Битолско.[59] Грчкиот пелагониски митрополит со седиште во Битола, ја надгледуваше активноста на андартите и политиката за елинизирање на населението со друг јазик. Ароманците знаеја дека одбивајќи го првиот обид за палење на селото Граматиково, андартите ќе дојдат и по втор пат со зголемени сили.[60]

Еден од најголемите успеси на ароманските четници во текот на 1907 г. е фаќањето на капетанот Аграс од борците на Михаил Хандури. При една заседа и со итрина тој бил заробен заедно со четири негови приврзаници во реонот на с. Ошлен, Воденско. Исправен лично пред ароманскиот четнички суд и бил испрашуван лично од Мучитану. Против него се изнесени следните обвинувања: убиството на 13 овчари на челникот А. Хаџигогу, заклани 3 илјади негови овци и однесени ергелите во Грција; уништување на 4 илјади овци и кози на челниците Мушу Каприни, Туша Букувала и Стерју Дима; опожарување на аромански училишта во берските села Долно Селја; убиството на ароманските свештеници Папатанасе, Г. Репидони, Папаначе и Баламачи. Пресудата - смрт со бесење, била донесена од членот на судот Кола Нича. На 7 јуни капетанот Аграс бил егзекутиран. Интересно е да се спомене дека на прашањето на Ѓ. Мучитану: кој ги финансира и кој им наредува на андартските банди - Телос Аграс одговорил: *„Епископите и епархиите на територијата на Турција, во својата мисија на духовни пастири, одлучуваат за нашето дејствување. Регионалниот цивилен комитет им става на располагање курири и калаузи Фондовите пристигнуваат од Грција, преку конзулатите и им се врачуваат на епископите а овие ги користат според потребите"*.[61] Пресудата била напишана на

[59] Исто.

[60] Дневникот..., 11.

[61] Исто, 14.

турски и аромански, била закачена на неговите гради со своерачно додаден текст од Мучитану: *„Сите коишто заколуваат Ароманци и ароманска стока, ќе ги снајде истото”*. По неколку дена арматолите постигнуваат нов успех. На 27 јуни, при обидот на грчка чета со 40 борци да го нападне селото Долјани, Берско, таа паѓа во заседа, нејзиниот водач е убиен, а неколку андарти се ранети.[62]

Освен во Македонија аромански чети има и во други области на Европска Турција, како и во соседна Грција. Зимата 1906-1907 г. додека арматолите беа на Еницевардарското езеро, дошол во инспекција Борис Сарафов, придружуван од еден американски новинар (Алберт Сониксен) дописник на Дејли Хералд. Американецот престојуваше речиси еден месец на езерото. На заминување му го подари на еден од арматолите својот пиштол Маузер.[63]

Сарафов покажал задоволство од остварената активност на комитите и арматолите. Тој го отслика заедничкото живеење во една држава, на Македонците и Ароманците, најпрво во времето на Асанидите, а потоа и меѓусебното разбирање кое постоело низ вековите меѓу овие два народи македонската и ароманската нација, велеше тој, ја имаат мисијата да се ослободат од турскиот јарем и да формираат една двојазична македоно-ароманска држава. Сарафов беше изненаден од тоа што арматолите беа во тек со политичките настани. Преку Солун тие редовно добиваа романски и француски весници.[64]

Докај пролетта на 1907 г. во Северен Пинд била четата на Александар Кошка. Групата на С. Милиору и Гаки Марами дејствува на грчка територија во Тесалија, каде што се задржале во реонот на Волос. Нивната активност предизвикала силна тревога кај грчките власти, коишто испраќаат против нив воени единици. Групите се принудени да се повлечат во Северен Пинд. Аромански воени единици дејствуваат и во Јужен Епир во реонот на Арта којшто се наоѓал под грчка власт. Меѓу нив се оние, предводени од Скупра, Будаш и Нику Баламати. За нивно уништување грчката влада определила голема награда, но без успех. Групите успеваат да се повлечат на Пинд и се утврдуваат во реонот на селото Влахори. Во текот на годината арматолите имаат големи загуби. Н. Баламати бил стигнат од грчката одмазда покрај Јанинското езеро.[65]

---

[62] Г. Даскалов, op. cit., 92.

[63] Дневникот..., 26.

[64] Исто.

[65] Г. Даскалов, op. cit., 92.

Во пролетта 1907 г. во еден судир со Османлиите беше убиен Александар Кошка, шефот на групата која дејствуваше на Северен Пинд. Тој загина во селото Силвиница покрај Преспанското езеро. Оние кои успеаја да се спасат им се придружија на групите на Стерју Миљор и Гаќи Марами. Извесно време, овие групи преминаа во Тесалија, на грчка територија, се до близината на пристаништето Волос. Имаа повеќе судири со грчката војска, дури се вратија на Пинд. Исто така, и групата на Миљор имаше повеќе борби со андартите. Во Источна Македонија, андартите духовно беа раководени од епископот од Гревена, кој се вика Емилијанос.[66]

Арматолите развиваат активна дејност и во реонот на Корча. Тука дејствувала чета, предводена од Кошкона и Насту. Тие донесуваат решение да го казнат корчанскиот митрополит Фотиј. По негови наредби андартите убиваат аромански првенци во с. Пљаса, Корчанско. При едно од неговите патувања во текот на м. септември 1906 г. арматолите му прават заседа и го ликвидираат.[67]

Треба да се спомене дека познатиот аромански четник Митре Влаот (Митру Влаху) ги убил Павлос Мелас, командант на андартските сили од Македонија и Јужна Албанија, заедно со Каравангелис. Грчкиот епископ од Костур, како освета наредил да бидат убиени неколкумина од ароманските водачи од село Плјаса, покрај Корча, меѓу кои свештеникот Папа Ламбру Баламачи, затоа што не се согласи да го затвори романското училиште.[68]

Од сите села населени со Ароманци кои не биле под влијание на грчката кауза, областа Меглен беше најжестоко погодена од андартите. Изолирана меѓу планини, областа Меглен, лингвистички ароманска енклава со еден посебен дијалект од оној зборуван од Ароманците, ги опфаќа селата Ошани, Купа, Лумница, Бирислав, Лунѕини, Хума и Црнарека. Овде се наоѓа и селото Ливада, меѓутоа населено со Грамостеани. Постоеја уште пред размената на населението меѓу Грција и Турција, и селата Ноте и Фуштени, чии што жители преминаа во ислам. Овие емигрираа во Турција.[69]

Активното спротивставување на Ароманците им создава силен впечаток на грчките дипломати во Солун. Во извештај на грчкиот конзул испратен во Атина во текот на м. јуни 1906 г. Ароманци и „бугарски разбојници" ги нападнале куќите на „Грци куцовласи" во

[66] Дневникот..., 27.
[67] Г. Даскалов, op. cit., 92.
[68] Дневникот..., 28.
[69] Исто.

мегленското село Ливада. Уште се соопштувало, дека во нивните дејства против Грците Ароманците соработуваа и со Албанците и заедно со нив го ликвидирале корчанскиот митрополит Фотиј. Во текот на м. мај 1907 г. Ароманци и Бугари (Македонци б.м.) од с. Горни Пороj, Демирхисарско, ја запалиле грчката црква во селото. Во периодот јули-август 1907 г. грчкиот конзул соопштува, дека Ароманци од с. Периволи, Гревенско, го малтретирале гревенскиот митрополит, а други нивни сонародници имале егзекутирано Грци во селата Макроризи, Раховица и Ниси. Без да споменува за акциите на андартите, грчкиот конзул соопштува за убиства и грабежи на „романските разбојници" во текот на второто полугодие на 1907 г. во Гревенско.[70]

Романскиот официјален печат се воздржува да ги коментира акциите на андартите, но кога нивниот број се зголемува и тие се присоединуваат кон независните и опозициони изданија, полни со податоци. „Конзерватор" и „Романија" отвораа специјални рубрики- „Грчката автократија против Романците во Турција" и „Ѕверствата на Грците против Романците во Турција", со коешто давале израз на официјалниот однос.[71]

Тешката положба на Ароманците налагала потреба да им се укаже ефективна помош. На многу места се назначени чувари на училишта, цркви и на цели села со пари, осигурени од Букурешт. Освен тоа периодично започнува да се испраќа парична помош на настраданото население и нивните семејства, обезбедена од државниот буџет, општински управи и приватни лица.[72] Од своја страна дипломатите во Османлиската империја продолжуваат да настојуваат пред властите за прекратување на акциите на грчките чети, но не постигнуваат некој посебен резултат. Само на некои места привремено турски жандарми чуваат цркви и училишта, но андартите не ги запираат своите акции.[73]

Инаку треба да се спомене дека според Д. Стурѕа во текот на претходната 1906 г. андартите извршиле врз Ароманци 86 напади а во текот на нив бил убиен и кметот на с. Магарево, Битолско.[74]

Биле напаѓани и аромански села со добиток, којшто во повеќето случаи беше уништуван. Со тоа биле разорени цели фамилии,

[70] Г. Даскалов, op. cit., 92.

[71] Ж. Попов, Румъния..., 80.

[72] Исто.

[73] Исто, 80-81.

[74] Исто, 81.

принудени да емигрираат во Романија. Годината била позната и со опожарување на цркви, параклиси, училишта и други објекти.[75]

Како последица на антигрчките митинзи и други појави Романија осигурува нови средства за постраданите. Двојно се зголемуваат трошоците за назначување на чувари во романските општини во текот на м. јули-септември - 49 души со сите настојувања да ги зачуваат Ароманците од четите. По се изгледа нивната улога била продолжена и во текот на следното тромесечје се назначуваат уште 30 души.[76] Продолжувала и паричната помош, откако се испраќаат постојано различни суми за настраданите, дури на семејствата од Крушево, коишто сеуште не успеале да се соземат од загубите за време на востанието и повторно страдајќи во новата ситуација.[77]

Интервенциите на романските политичари во Цариград во врска со положбата на Ароманците не вродиле со плод. Односот на Империјата во врска со ова прашање може најдобро да се види од зборовите на турскиот пратеник во Лондон Мусурус паша: *„Романија треба да си ги затвора своите очи за убиството на неколку десетици Ароманци во Македонија"* кадешто *„Бугарите"* ја застрашуваат не само Османлиската империја, но и интересите на други држави. Дејствијата на андартите и покажуваат на Европа, дека во таа провинција живеат не само *„Бугари"*, туку и Грци и Романци.[78] Жеко Попов вели дека: *„Цинизмот на тој дипломат, споделуван и од други турски политичари, ги возбудува романските дипломати и никако не е случајно, дека тоа стигнало и во печатот"*.[79] Некои весници ја укоруваат Османлиската империја, дека не ги преземала неопходните мерки, и ја обвинуваат за соучесништво - нешто невообичаено до тој момент за добрите романско-турски односи.[80]

Во текот на првата половина на наредната 1908 г. не се променила нешто посебно положбата, и покрај тоа што се забележувало извесно намалување на инцидентите-23 напади, во кои имало 20 убиени и 3 ранети.[81] Меѓутоа и покрај ваквата статистика сепак се открива големата несреќа на настраданите семејства и губење на верата кај значителен дел од Ароманците.

---

[75] Х. Силянов, op. cit., 263.

[76] Ж. Попов, Румъния..., 82.

[77] Исто.

[78] Исто.

[79] Исто.

[80] Исто, 83.

[81] Исто.

И на крајот во овој дел на нашиот труд би заклучиле дека и покрај сите усилби, согласно на мислењата на луѓе посветени во делото на Ароманците и напорите на Романија, резултатите не можеле да бидат многу оптимистички. Најинтересни и најблиски до вистината се констатациите на Лазар Дума во текот на 1907 г. Тој определено сметал, дека не биле оправдани големите материјални жртви и сериозните усилби на романската дипломатија. Причините ги лоцирал во следните околности: 1. Силен терор од страна на грчката вооружена пропаганда и безизлезната положба на црковната кауза; 2. Лаховари дејствувал неправилно по црковното прашање, без да располага со достаточен број подготвени свештеници -фактички нив ги имало одвај една третина од општо неопходните кон 90 души; 3. Крах на усилбите да се поткупат грчки свештеници и особено некој митрополит; 4. Напорна борба со Патријаршијата без да почувствуваат опиплива поддршка од големите сили; 5. Откажување од користење на помошта на Егзархијата.[82] Кон овие точни ставови се додаваат и оние на рускиот конзул во Битола Кал.[83] : 1. Пропагандата се придржувала кон статус-квото во Македонија, кое не било многу популарна идеја во светлина на влошувачката положба на ароманското население; 2. Грчки успеси во асимилирањето на Ароманци поради блискоста до таа држава; 3. Слабо проникнување на пропагандата меѓу побогатите градски слоеви и поврзаната со нив интелигенција, кои не биле многу дарежливи да ја финансираат каузата и да ја популаризираат. Основната поддршка си останува селското население, често распрснато по планинските реони.[84] Според тврдењето на проф. Ј. Иванов, градското население, кое било сочинувано во значителен дел од Ароманците, *„лесно се претопувало меѓу Грците и Бугарите. Бугарштината многу влијаела и врз мегленските Власи". Таму има веќе цели села побугарени"*.[85]

Погореспоменатиот Жеко Попов наведува дека како резултат на близу шест децении пропагандна дејност по 1850 г. (почеток на романскиот интерес кон Ароманците) одвај 1/3 од тоа население ја прифаќа националната кауза, а останатиот дел си останува гркомански.[86] Тој наведува дека најдобар сооднос меѓу националисти и гркомани имало во Скопскиот вилает - 3:1 од општо 4.320 души; следува Битолскиот вилает - 2:1,2 при општо 52.820 души и 1,1:0,9

[82] Исто, 84.

[83] Во декември 1903 година, на местото прв руски дипломат во Битола доаѓа В.Ф. Кал.

[84] Ж. Попов, Румъния..., 84.

[85] Исто.

[86] Исто, 85.

при 25.753 души во Солунскиот вилает, според податоци за 1907 г.[87] Логично не можело да се споредуваат Битолскиот и Скопскиот вилает но како тенденција јасно се гледало дејствувањето на грчката пропаганда во Јужна Македонија. Особено недостапни за романската пропаганда се покажуваат Ароманците од санџакот Серфиџе во Битолскиот вилает, бидејќи значителен дел од нив се однесуваат непријателски против романската кауза. Под дејство на веќе истакнати причини се изгубени конечно традиционалните центри во Битолско - Магарево, Трново, Нижополе, Клисура и Невеска, познати од децении со најрано *„осознавање на својот национален идентитет"* и со училишните и црковните постигнувања.[88]

*

* *

Од сето изнесеното може да се изведе заклучок дека во текот на првата деценија на 20-тиот век романската кауза во Македонија се покажува во застој и во извесна смисла се враќа кон своите постигнувања од пред 20 години независно од зголемените супсидии и нараснувачкото внимание на кралството. Тука би можел да се спомене и фактот дека вештачки создадената концепција за припадноста на Ароманците кон романската нација и спроведуваната врз таа основа пропаганда, се покажала многу кршлива и незаштитена во решителните години. Амбициозната политика на Романија во Македонија ги отфрли пријателите и сојузниците а наспроти тоа си создаде против неа противници на романското вмешување во Македонија, а исто така треба да се спомене дека ниту постоела територијална блискост, ниту некаква сериозна етнодемографска база. Имајќи ги предвид сите овие околности романската политика попаднала во самоизолација и се нашла на периферијата на проблемите во Македонија.

---

[87] Исто.

[88] Исто.

# Глава 13

# Развитокот на образовното и црковното дело во Македонија, 1905-1908

## 1. Развитокот на образовното дело

И покрај тешката положба на теренот со андартските акции султанското ираде од 9 (22) мај 1905 г. благотворно делува за активизирање на поддршката од Букурешт на ароманското движење во европскиот дел на Османлиската империја. Усилбите се насочени кон раширување на просветното и црковното дело и кон основање на ароманскi општини по одделни места. Според објавените во текот на 1906 г. статистички податоци само во Македонија имало 59 ароманскi училишта со 2.385 ученици и 173 учители.[1]

Инаку во развитокот на образовното дело посебно внимание се посветува на Скопскиот санџак. Со дополнителни парични средства и преку настојувањата од Битола во главниот град се отвора училиште со шест одделенија а во текот на наредната 1905/06 г. и во Куманово, каде што се одржуваат добри врски со бугарските (македонските б.м.) просветни дејци. Така докај 1908 г. и тука романското учебно дело зафаќа позиции проникнувајќи уште во Албанија со отворање на неколку училишта во реоните со незначителен број Ароманци.[2]

Според една табела дадена од Жеко Попов за романските училишта во Македонија од учебната 1902/03 до 1907/08 г. во учебната 1905/06 г. во Битолскиот вилает имало 26 училишта со 129 учители и 2.609 ученици; во Солунскиот вилает имало 29 училишта со 43 учители и 2.499 ученици; за Скопскиот вилает нема податоци а вкупно биле 104 училишта и 5.800 ученици. Во 1906/07 учебна година за Битолскиот вилает нема податоци; во Солунскиот вилает имало 29 училишта, 73 учители и 2.499 ученици; во Скопскиот вилает имало 8 училишта, 13 учители и 292 ученици или вкупно 6.183 ученици. Во учебната 1907/08 г. во Битолскиот вилает имало 31 училиште, 101 учител со 2.055 ученици; во Солунскиот вилает има-

[1] Г. Даскалов, op. cit., 93.

[2] Ж. Попов, Румъния..., 50-51.

ло 18 училишта, 51 учител и 1.139 ученици; во Скопскиот вилает 15 училишта, 8 учители и 2.364 ученици и вкупно 64 училишта, 240 учители и 5.548 ученици.[3]

Од достапните податоци, може да се види дека бројот на училиштата во Битолскиот и Солунскиот вилает не нараснува со особено големо темпо, бидејќи општо земено биле задоволени потребите од основни просветни центри. Сликата се дополнува со отворање на училишта и во Скопскиот вилает во многу поскромен обем, имајќи ја предвид малобројноста и распрсканоста на ароманското население. Според бугарски податоци во текот на учебната 1906/07 г. таму функционирале 8 основни училишта во Скопје, Велес, Кочани, Куманово, Липопелци, Крива Паланка и Феризович (Урошевац).[4]

Напредокот во некои населби и подобрата материјална база го привлекуваат вниманието и на Бугарите (Македонците б.м.). Во почетокот на учебната 1907/08 г. немал број Македонци ги запишувале своите деца во Велес во ароманското училиште, каде не се плаќале училишни такси. Тенденцијата го обеспокојувала претседателот на бугарското училишно настојателство Ив. Панов. На 1 декември 1907 г. тој барал од ароманските училишни власти да ги вратат запишаните ученици во „бугарското" училиште, кое се наоѓало пред затворање и материјални тешкотии. Прашањето довело до конфликт меѓу двете народности.[5]

Истовремено со тоа меѓутоа во текот на 1906/07 учебна година во Солунскиот и Битолскиот вилает се намалува бројот на учителите и учениците, бидејќи тие области биле директно изложени на андартската вооружена пропаганда. Истовремено во Скопскиот вилает на видело бил извесен напредок, кадешто грчката пропаганда речиси не се чувствува, а се појавува српската, не пројавувајќи особен интерес кон ароманското учебно дело.

Освен масата основни училишта во Македонија се развиваат и повисоките степени училишни установи - прогимназии и средни училишта. Главен центар беше како и порано Битола, каде функционира машка гимназија со 16 учители и женско прогимназијално училиште. Солунското трговско училиште исто бележи развиток, каде работат 12 учители. Од учебната 1905/06 г. се отвора и шести клас, нешто кое придонесува да се зголеми степенот на образованието. Во текот на м. март во Цариград бил отворен и романски панси-

[3] Исто, 52.

[4] Исто, 51.

[5] Исто.

он каде што се примале ароintroduce мански деца, коишто учеле во турски високи училишта.[6]

Со доаѓањето на новиот инспектор Лазар Дума, со кој напоредно со други иницијативи успеваат да изградат 76 училишни настојателства, коишто ја потпомагале училишната дејност. Од есента на 1906 г. се назначува уште еден инспектор во Солун, со кој просветното дело добива уште поголема поддршка. Во истото време е донесен нов црковно-училишен правилник и се формираат пет ароamanski реони - Битола, Солун-Скопје, Албанија, Епир и Солун-Бер, раководен од по еден инспектор.[7]

Во однос на платите, се подобрува материјалната положба во наградувањето на учителскиот труд по интервенциите на Лазар Дума - по 60 леи за учител во основни училишта и по 100-120 за наставник во средните училишта. Тоа го зголемувало интересот на луѓето со одредена плата од Романија, коишто иделе на работа во Македонија, Епир и Албанија. Освен тоа се зголемува бројот и на стипендијантите во османлиските високи училишта во Цариград и во Букурешт. Од учебната 1904/05 г. на 20 талентирани ученици од прогимназиите им се осигуруваат средства да учат во тие градови кое нешто било пресретнато со задоволство од нивните родители и јавноста во Македонија и Романија.[8]

Во истиот период се усовршува и училишната програма, приспособена кон османлискиот закон за образованието и училишните програми во Романија. Жеко попов наведува дека според спомените на еден современик од Горна Џумаја - Василе Христу, периодот, кој е предмет на разгледување, се определува како вистински прогрес, време на вредни реформи во просветното дело, кога се привлекуваат многу повеќе ученици. Кога си споменува за реонот, во којшто бил роден, тој дава и карактеристики за работата на одделните учители, коишто работеле со ентузијазам, зошто ја чувствувале поддршката на месната ароманска јавност.[9]

Но и покрај стремежот за усовршување на просветното дело се среќаваат и недостатоци, кои меѓутоа општо земено биле прикривани од меродавните лица. Постоело мислење дека не се доведува до крај радикалното реформирање, директното вмешување на конзулите веќе започнало да тежи кон 1906 г. и др. Но во секој случај

[6] Исто, 53.

[7] Исто, 54.

[8] Исто.

[9] Исто.

очигледно било дека, позитивните страни надвладувале. Тоа го забележувале и странските конзули во Македонија, а и патописците. Бугарскиот трговски агент Ан. Тошев пишува опширни извештаи од Битола до Министерството за надворешни работи во Софија, во коишто меѓу другото прави споредба меѓу бугарското и ароманското образование. Тој изведувал заклучок: „ дека бугарското образование веќе заостанува по онаа на Србите, Грците и Романците, коишто имале подобри уредби и поодбран учителски персонал - учителите им биле не само со подобра квалификација, но и со луѓе со светски манири" - пишува тој на 19 мај 1905 г.[10]

Напредокот на Ароманците бил забележан и од проф. Ј. Иванов, којшто ја посетил Битола, и во своите белешки пишувал дека бил постигнат добар резултат. В. Ф. Кал не пропуштал да забележи: „Романците воопшто обрнуваат особено внимание на училишното дело и треба да им се даде справедливост. Тоа е поставено кај нив огледно", се зборува во неговиот нареден извештај од 24 јули 1905 г. до пратеникот во Цариград.[11]

Меѓутоа по 1905 г. нормалниот тек на учебното дело се растројува од дејствувањата на грчката вооружена пропаганда која сакала да си обезбеди поширок терен за сметка на Бугарите (Македонците б.м.) и Ароманците. Свештеници, учители и интелигенција од споменатите националности биле подложени на тормозење, како и семејствата коишто ги испраќале своите деца во негрчки училишта. Со загриженост раководителите на романската пропаганда гледале како нивните усилби се подриваат и бараат интервенција на османлиските административно-полициски органи. Навистина Цариград наредува да се заштитуваат ароманските училишта од грчките посегнувања.[12] Но не секаде владеел таков ентузијазам, бидејќи училишните управи биле опфатени со корупција, големи подмитувања, осигурувани од грчки емисари. Во текот на 1904/05 г. под грчки притисок и заплашување за животот на учителите, настојниците и родителите се затвораат училишта во Белкамен и Граматиково, Кајларсклата каза, Битолски вилает. Во Трново и Магарево голем дел од учениците престануваат да посетуваат училиште, како последица на што бројот на учениците се намалува. Во текот на истата година се нарушува работата и на други училишта во Македонија, поради акциите на андартските чети. Бројот на училиштата, коишто ја прекинуваат својата дејност, постојано се зголемува, неш-

[10] Исто, 55.

[11] Исто.

[12] Исто.

то кое сериозно го застрашувало аромaнското просветно дело и кауза. На 2 март 1908 г. Н. Тацит - училишен инспектор на сите училишта во Европска Турција, пишува опширен песимистички извештај испратен во Букурешт, дека веќе било очигледно назадувањето на образовното дело во Битолскиот и Јанинскиот вилает. Според неговите зборови не само Грците, туку и Бугарите ги подриваат основите на вложениот со толку усилби и средства труд, којшто успешно откривале нови училишта во Македонија.[13]

Многу добар показател за состојбата на просветата се податоците на романскиот конзулат во Солун од 25 февруари 1907 г. Според нив бројот на учениците во Битолскиот вилает се намалува од 2.055 на 1.258, во Солунскиот од 1.139-на 826, во Скопскиот - од 2.346 на 1.799. Дел од учителите исто така ги напуштаат училишните установи, доведувајќи до застој во училишното дело. Слична била положбата и во Епир, каде грчката пропаганда била најактивна. Вкупно собраните податоци покажуваат, дека од 6.322 ученици во Европска Турција до 1905 г., во почетокот на 1907 г., нивниот број слегува на 4.030, а бројот на учителите, слегува од 290 на 244.[14] Најпогодени биле реоните во Јужна Македонија - теренот на грчката вооружена пропаганда, додека пак Скопскиот вилает и Албанија не биле особено засегнати од акцијата на андартите. Така акциите на грчката пропаганда се покажуваат како сериозен фактор во нарушувањето на образовното дело на ароманското население и на романската кауза.

## 2. Развитокот на црковното дело

Посложен и подинамичен се покажува патот на црковно националното дело. Во разгледуваниот период, а и порано, тоа прашање ги судира многу силно интересите на Ароманците со Грција, зошто го осознаваа црковното прашање како фундамент. Истото го мислела и грчката пропаганда. Грчката пропаганда се стремела да ја подрие таа главна база на националната еманципација и на романската политика во Македонија со цел Ароманците да останат во крилото на Цариградската патријаршија. Со секоја изминатата година борбата се разгорува, за да се појави непомирлив конфликт меѓу двете каузи, кои што се рефлектирале и врз односите меѓу Романија и Грција.

[13] Исто, 56.
[14] Исто.

Имајќи ја предвид сериозноста на проблемот и неговото значење во романската политика владата на Националнолибералната партија зазема поцврст курс во однос на поранешната политика на конзервативците. Ј. Братијану ја искажува својата решителност за постигнување на подобри резултати во црковното дело користејќи се од добрите односи со Бугарија и Егзархијата.

По Илинденското востание од 1903 г. првостепена грижа на владата била да го стимулира црковното дело, откако му осигурува достаточно средства. За таа цел секојдневно биле обезбедувани пари за издршка на постојните цркви и за отворање на нови.

Постоечката незавидна положба во однос на бројноста на ароманските храмови принудува некои Ароманци да ја продолжат својата градителска работа, стекнувајќи нови црковни храмови. Тонот го давале жителите Ароманци на Битола. По две години напорен труд и искористување на романски средства за изградба на црква во Битола, нешто кое завршува на 10 мај 1906 г. во чест на националниот празник на Романија - крунисувањето на Карол Први во текот на 1866 г.[15]

Нареден успех било отворањето на параклис во дворот на романското трговско училиште во Солун на 12 јануари 1906 г. Грците и тука протестираа но властите ги поддржуваат Ароманците.[16] Исто така ентузијасти работеле по селата надминувајќи ги пречките на елинофилите, и во текот на 1906 г. се отвораат 8 цркви во: Охрид - 2, и по една Хутја(?), Пљаса, Граматиково, Морихово, Хрупишта (плус постоечките од порано) и во Шиписка. Во текот на следната година Ароманците се здобиваат со уште две цркви во Битолско. Со успех се завршуваат усилбите и на граѓаните во Горна Џумаја, коишто си изградиле црква во текот на 1906 г.[17] Од Букурешт биле доставени 7.000 наполеони за изградба на училишна и црковна зграда во Скопје.[18] Кон крајот на 1907 г. била отворена при сеопшт празник за Ароманците.[19] Имајќи го предвид сето ова постепено со многу трпение и упорност, особено преку поддршката на романската држава и помошта на османлиската администрација, бројот на црквите нараснува.

Освен за стекнување на свои цркви Ароманците се бореле и за други права. Така, на пример, проблематично се покажува и пра-

---

[15] Исто, 58.
[16] Исто.
[17] Исто.
[18] Исто.
[19] Исто.

шањето за сопствени гробишта во Солун, со коешто ќе се одделат конечно од Грците. Во почетокот на 1906 г. Грците не дозволувале да погребат на своите гробишта умрен Ароманец, и тоа налагало да се закупи нива, која што се претвора во место за погреби. Во оваа работа повторно се користи поддршката на Хилми паша.[20] Бугарскиот трговски агент во Солун го изразувал мислењето пред Министерството за надворешни работи во Софија, дека романската пропаганда се повеќе се наложува во тој голем поморски центар во Македонија, искористувајќи секаков повод за еманципација. Хилми паша слична помош укажал и во Битола, факт, којшто се оценува како несомнен успех за Ароманците и така, чекор по чекор, во непрекинатите борби со патријаршистите и грчката пропаганда Ароманците го прошируваат своето влијание во црковните работи. Во текот на 1907 г. Ароманците имале веќе 40 цркви, што претставувало неоспорен успех-21 во Битолскиот вилает (по една во Битола, Гопеш, Крушево и др. по 2 во Охрид и Периволи, 3 во Авдела и 4 во Турција) 16 во Солунскиот вилает и 3 во Косовскиот (Скопскиот) вилает - Скопје, Велес и Куманово.[21] Ова зголемување на бројот на црковни храмови претставува голем исчекор во црковно-националната кауза на Ароманците.

Состојбата на црковното дело зависи и од бројот и квалитетот на кадрите-свештениците, клисарите, псалтите во црковните хорови и друг персонал. Да споменеме дека претходно во учебната 1902/03 г. (така се поднесува извештај и за црквите) во Македонија работеле 56 души- 32 во Битолскиот и 24 во Солунскиот вилает. Во идните 2-3 години стапуваат на работа уште неколку свештеници и се формира бројката 60. Дел од луѓето доаѓаат од Романија а други ги напуштаа грчките цркви и преминуваат на служба на ароманската кауза појава, спроведувана со остри борби и меѓусебни расправии со елинофилите.[22] Меѓутоа, настапувањето на грчката вооружена пропаганда сериозно ја отежнала работата. Многу од свештениците и нивните помошници заедно со учителите се нашле како мета на андартите, некои биле убиени, други прогонети, трети принудени да стапуваат на служба во грчките цркви. Кон 1906 г. положбата станала доста критична и пропагандните фактори бараат некакво решение да се пополни бројот на свештениците. Инспекторот Лазар Дума го предлагал на пратеникот во Цариград следното: 1. Да се ис-

---

[20] Исто, 60.

[21] Исто, 61.

[22] Исто.

пратат во Добруџа млади луѓе за да учат за свештеници; 2. Да се бара од бугарскиот митрополит во Битола да најде свештеници Ароманци; 3. Да стапат во сојуз со некој грчки митрополит, којшто бил склон кон компромиси, за да осигури грчки свештеници за служење на романски јазик. Но според Жеко Попов ваквите размислувања не биле реални. Тоа можело да се види од една информација од почетокот на 1907 г., подготвена од романскиот конзулат во Солун, којашто дава јасна претстава за вистинската положба. Во Епир од 14 свештеници остануваат 12, Битолскиот вилает го напуштаат 5 луѓе, поради кое некои цркви престануваат да функционираат.[23] Таквата положба била уште во почетокот на 1906 г., а тешките последици ја продлабочуваат кризата во црковното дело наредната година, кога бројот на отстранетите свештеници неизбежно нараснува, меѓутоа кое не можело да се види во дипломатските документи. Меѓутоа треба да се спомени дека во однос на положбата во училишното дело, црковната кауза се покажала поиздржлива на грчкото настапување, со кое нешто се издигнува уште повеќе нејзината улога на заштитник на националниот дух и на фактор во романската пропаганда.

## 3. Ароманците и интерното организирање на Ароманските комуни од Османлиската империја до 1908 година

За што подобро организирање а исто и со цел за подобро решавање на проблемите на Ароманците коишто произлегоа по донесувањето на султанскиот декрет Ираде горните донесоа еден правилник, за којшто биле обврзани од страна на валијата, а со цел за внатрешно организирање и функционирање на ароманските комуни во Османлиската империја.

Имајќи предвид дека овој документ имал важност за Ароманците бидејќи тука можат да се видат правата што тие ги имале по донесувањето на Ирадето, во продолжение тој е презентиран во целост.

[23] Исто.

# ПРАВИЛНИК

## ЗА ИНТЕРНО ОРГАНИЗИРАЊЕ НА АРОМАНСКИТЕ КОМУНИ ОД ТУРЦИЈА (19 ФЕВРУАРИ 1906)

Чл. 1. Аромanските комуни од Турција, конституирани по донесувањето на Империјалното ираде од 9 мај (22 мај нов стил) 1905, се администрирани од одбрани претставници на самите Ароманци, обврзани да ги спроведуваат одредбите и правилата на императорскиот акт донесени за романскиот народ на Империјата, да се грижат за училиштата и црквите како и за другите национални институции за добротворство со специфичен аромански карактер.

Чл. 2. Во секое едно место на Отоманската империја каде што живеат одреден број на Ароманци под специјалните империјални закони, аромanските комуни ќе избираат според потребите еден број од 3 па се до 12 членови, на Ароманците.

Условите за оние коишто ќе бидат избрани се: да имаат отоманско државјанство; да бидат познати како чесни луѓе и познати луѓе на комуната, и да бидат почитувани од останатите членови на комуната.

Чл. 3. Изборот на членовите на комуната се врши од страна на членови-Ароманци по пат на консензус а доколку тоа не било можно да се постигне со релативно мнозинство на гласови; тогаш гласањето ќе биде тајно. Членовите на педагошкиот и црковниот корпус немаат право на глас.

Чл. 4. Избраните претставници се конституираат меѓу себеси, со тоа што избираат еден претседател, еден или двајца благајници, еден или двајца секретари. Директорите на основните училишта во комуната имаат еден учител којшто имал обврска да го помага Одборот и Епитропијата, кога таа помош се бара од нив.

Изборите се одржуваат еднаш на две години; во случај на испразнување на местото поради смрт или повлекување на повеќе од нив, се оди на нови избори за испразнетото место.

Чл. 5. Избраните делегати водат грижа за општите интереси на припадниците на комуната; стопанисуваат со подвижниот и неподвижниот имот, превземаат мерки кои се потребни за зацврстување на авторитетот на Империјата, за отворање на нови училишта и за реализирање на императорскиот ферман за црквите, болниците и за останатите национални институции за добротворни цели, сообразно на законите и регулативите на Империјата. Тие се грижат фер-

маните и останатите наредби на Императорската влада а кои се однесуваат на училиштата, црквите итн. да бидат докрај остварени.

Чл. 6. Во местата каде што ќе има потреба ќе се делегираат некои повидни претставници кои ќе се грижат поспецијално за администрирање на училиштата, под име училишна ефорија, еден друг број со кој се формира, Црковна епитропија, а исто такви одбори, за болниците, диспанзерите и други национални установи за добротворство.

Чл. 7. Училишната ефорија имала за задача да го контролира извршувањето на едукацијата во националните училишта; да се грижи за редот и моралот во доменот на дидактичкиот персонал и учениците; да раководи со подвижниот и неподвижниот имот кој што е стекнат со донации или стекнат од самото училиште; ги контролира направените трошоци во интернатите, училишните кантини, купените учебници и другите потребни материјали за училиштата; се грижи и за другите работи потребни на училиштата; за културата; купување на локали, ова во заедница со училишниот инспектор; дава поддршка при формирање на училишни установи за поддршка на сиромашните ученици итн.

Чл. 8. Во местата каде што има барања од страна на Училишната ефорија, може да има посебен благајник и именувајќи еден секретар-контист.

Чл. 9. За ефикасно раководење со училиштата во Отоманската империја, дидактичкиот корпус се назначува директно од страна на училишниот инспектор, кој при извршувањето на неговите задачи е потпомогнат од еден подинспектор и еден или повеќе ревизори. Инспекторот врши контрола како работат училиштата, одржливата дисциплина во дидактичкиот корпус, презема мерки за менување на членовите, ја регулира нивна плата и врши некои други работи. Тој ја одредува училишната програма, води грижа училиштата да не се оддалечуваат од законите и нормите на царската влада коишто се однесувале на училиштата со цел учениците на романските училишта да станат корисни, чесни и предани луѓе на неговото величество Султанот.

Чл. 10. Сите дипломи дадени на учениците, покрај потпис од страна на директорот тие се потпишани од Ефоријата или односните власти на Комуната. За дипломите ќе се плаќа одредена такса во корист на училиштето со тоа што ќе се поддржуваат сите потреби на сиромашните ученици.

Чл. 11. Специјално за меѓусебно помагање на членовите на дидактичкиот корпус и на членовите на црквите беше создадено ед-

но друштво наречено „Асоцијација на дидактичкиот и црковниот корпус за проучување на романскиот народ од Турција” која ќе биде раководена од страна на совет од одбрани членови, кој ќе има свој статут и правилник посебно за администрацијата.

Чл. 12. Црковната епитропија го држи под контрола свештеничкиот кадар; води сметка за унапредување на црквата, нејзино зајакнување итн.; води сметка за тоа како ќе се трошат црковните фондови; ги контролира редовните сметки, презема мерки кои се потребни за давање помош на сиромашните од романските комуни, секогаш во врска со празниците за Божик и за Велигден и за давање чеиз на сиромашните девојки и помагање на сиромашните ученици и ученички.

Чл. 13. Црковните фондови се пополнуваат од помошта која ја даваат членовите на комуната под една форма на донации и легати, од приходите кои ги поседува.

Чл. 14. Епитропијата ќе води еден регистер во којшто ќе бидат внесени новородените, венчавањата и умрените, работи коишто се случиле во текот на изминатата година.

Чл. 15. Епитропиите на гробиштата, диспанзерите и другите национални установи за добротворство, по барање на романскиот народ, се грижат за сите други работи од нивен интерес.

Чл. 16. Претставниците на комуната се состануваат на генерално собрание а некогаш по потреба и еднаш месечно. Сите проблеми од општ интерес на овие собири се решаваат заедно со генералниот инспектор и романските цркви во Турција, во местата каде што ова се наоѓа или во местата каде што се наоѓаат училишните ревизори со овие претставници на комуната сакаат да кореспондираат со инспекторот, подинспекторот, а доколку затреба, и со ревизорите, за работи кои ја интересираат соодветната комуна.

Чл. 17. Како спомен и како доказ за признавање и лојалност на романскиот народ кон власта на Султанот и Империјалниот трон, романските комуни го слават денот 9 мај (нов стил 22 мај б.м.), денот кога се донесе империјалното Ираде за конституирање на овие комуни.[24]

Покрај другите права кои на Ароманците им биле признати со империјалното Ираде, во него се вели: *„исто како и другите немуслимански народи и ароманските комуни имаат право да си изберат нивни мухтари како што предвидуваат законите кои се во*

[24] Н. Попникола, Арм’ните..., 370-374.

*сила, исто како и останатите комуни на Ароманците да си изберат ист број членови како во административните совети”.*[25] Инаку, зборот мухтар е од турско потекло и, според Таке Папахаџи, во еден послободен превод, тоа би значело „луѓе што го собираат данокот“.

Мухтарите се избирале слободно од страна на членовите на комуната а тие биле луѓе кои ги познавале работите поврзани со животот и проблемите на истата. Според Д. К. Метта, ароманските комуни имале свои мухтари и пред донесувањето на султановиот акт Ираде, но со овој акт на султанот мухтарите биле официјално верифицирани. Како потврда на ова, укажува фактот што во некои аромански комуни веќе имаше мухтари, како на пример во: Моловиште, Гопеш, Крушево, Нижополе и во некои други комуни. Во сите нив имаше по еден мухтар од ароманско потекло.[26]

Во сите аромански села имаше по двајца а понекогаш и по тројца мухтари. Според тогашните закони во секое село кое имаше над 20 куќи, требаше да има двајца мухтари. Интересно е да се каже дека во тие места во кои ароманската партија беше посилна, мухтарите вообичаено се избирале меѓу тие Ароманци. А пак тие Ароманци кои биле прогрчки ориентирани, не се согласувале со нивните избрани претставници и оделе кај турските авторитети, каде се жалеле дека, наводно судството беше на страна на Ароманците, но од страна на османлиските власти, нивните барања биле одбивани како тенденциозни. Поинаку кажано, османлиската држава за исправен го сметаше само изборот на мухтари кој беше извршен од страна на самите Ароманци.

Избраните аромански мухтари најпрво не биле признати од власта и нивните официјални печати биле останати исти, под старото име, како мухтар први или мухтар втори за дотичното село.[27] Со донесувањето на декретот Ираде работата со печатите на романски мухтари се извршила во сите комуни, и беше легализирана од османлиските власти.

Имено според претходниот закон од 1889 г. за организирањето на Ароманците и за мухтарите од чл. 54 предвидуваше дека, секој „милет” народ од едно село да има најмалку по еден мухтар а ако село има над 20 куќи, тогаш ќе се избираат по двајца мухтари.

[25] Исто, 376.

[26] Исто.

[27] Исто, 377.

Истиот закон беше признат и за градските реони, доколку таму имаше над 20 куќи. Покрај мухтар се избираше и по еден таканаречен совет на старци. Бројот на овој совет се движеше од 3-12 членови, во зависност од бројот на тие кои го избираа. Имамите и раководителите на православните жители од тие места биле членови на тој совет на старци.

Условот за некој да биде избран за мухтар и за член на советот беше следниот: да биде државјанин на Османлиската империја; да има најмалку 30 години; да плаќа данок за имотот со кој што располага и тоа по 100 пјастри секоја година и да не бил затворан. Селскиот мухтар беше еден вид извршен орган на централната власт и како таков беше обврзан да им ги објаснува на жителите сите закони, упатства и наредби на централната власт. Мухтарите имале и полициски права и биле сметани како луѓе за припомош на судот. Мухтарот требаше да помага при гонењето и фаќањето на тие кои правеле злочини и да им ги предадат на судот. Преку мухтарите се вршеше и комуникацијата на судските власти со локалното население.

Мухтарите имале право да му издаваат на своите сограѓани документи за добивање на пасош и други работи. Тие издавале и потврди за сиромашните жители со кои ќе бидат ослободувани од плаќање на данок и на други давачки кон државата а кои биле усогласени со законите на Османлиската империја. Мухтарите издавале и потврди (еден вид карактеристика) за доброто владение за тие кои сакале да се вработат во јавните служби (учители, администратори итн.). При продажбата на разни имоти, мухтарите со минимум двајца советници требаше да дадат потврда, со што се верификуваше дека тој имот навистина му припаѓа на тој што го продава и дека тој имот не е под судска истрага.

Мухтарите и советниците биле обврзани да раководат со сите имоти на селото кои се наоѓале во тоа село (црковни, училишни итн.). Мухтарот имаше право, беше авторизиран за да води грижа за здравјето на децата и да ги прима подароците кои се давале за училиштето.

Треба да се истакне дека мухтарот и советникот имале една многу важна задача при судењето на цивилите, зошто тие биле обврзани да дадат свое мислење, за тоа, колку биле во право сведоците. Цивилниот суд и судијата бараа од мухтарите или советниците да дадат мислење за тоа каков бил сведокот. Доколку мухтарите или советниците ќе се произнеле дека сведокот е веродостоен и не лаже, тогаш судијата морал нивното кажување да го прифати како меродавно а доколку тие се изјаснувале дека истиот не го познаваат или

дека „Господ знае” нивното сведочење не било прифаќано. Често се случувало мухтарот и советникот гркоман да се произнесуваат негативно кога станувало збор за интересите на еден Ароманец националист.[28] Мухтарите, заедно со свештениците имале за задача да ги регистрираат, сите оние кои се венчавале, тие кои се раѓале и оние кои умирале во селото а потоа тој документ се испраќаше во дирекцијата на комуната.

Најважна обврска на мухтарите и на советниците беше таа, кога тие требаше да ја одредат висината на данокот во селото, кога давале мислење за членовите на комуната кои требале да дадат или за тие кои требале да бидат ослободени од плаќање на данок; за тие кои требале да бидат регрутирани во османлиската војска или да бидат ослободени од воена служба. Државата бараше износ од 40 пјастри за секој машки член меѓутоа, тоа се оставаше на селото или на маалото сумата да ја подели според имотната состојба на секое семејство. Од низата случаи познато е дека при разрешувањето на овие работи доаѓало до големи расправии и караници. Во извесен период мухтарите гркомани имале обичај да им наложуваат поголеми такси и други давачки на Ароманците националисти а истите да им се намалат на нивните симпатизери.[29]

Мухтарите и советниците имале право да ги примаат или да ги менуваат службениците. Мухтарите можеле да бидат сменети од страна на кајмакамот или од страна на повеќето советници. Во такви случаи се одржувале нови избори.

*

* *

Од изложените факти може да се види дека, по донесувањето на империјалниот акт Ирадето, многу од правата коишто Ароманците ги уживале уште пред донесувањето на тој акт, сега тие официјално биле верификувани од страна на Османлиската империја а стекнале и уште многу други, нови права, кои Ароманците почнале да ги користат послободно. Поедноставно кажано, со прокламирањето на империјалниот акт, Ирадето, Ароманците добивале одврзани раце да си ги користат и да си ги прошируваат правата што им следеле според законот.

---

[28] Исто, 378.

[29] Исто.

# Глава 14

# Ароманското национално дело од Младотурската револуција (1908) до крајот на Балканските војни (1913)

## 1. Политичките прилики во Османлиската империја пред избувнувањето на Младотурската револуција

Османлиската империја при крајот на 19-тиот век и почетокот на 20-тиот век покажуваше сериозни симптоми на распаѓање. Капиталите на големите империјалистички држави добиваа сè поголема доминантна положба во стопанството на Империјата. Со тоа се зголемува зависноста на Империјата и се компликувала нејзината надворешно - политичка положба. Национално - ослободителните движења на поробените народи сè повеќе се засилувале и со тоа сè повеќе се влошувала внатрешната положба на Империјата на „Светиот Падишах”. Македонското национално - ослободително движење од пред - илинденскиот и поилинденскиот период, по својот замав што го имало, исто така значело сериозен удар на веќе разнишаните темели на државата на „Болниот човек”.[1]

Во едни вакви услови доаѓа до засилување на младотурското движење, кое излезот од кризата во Османлиската империја го гледало во враќањето на уставниот систем од 1876 г. Основните цели на движењето на Младотурците претставувале уништувањето на апсолутизмот и враќањето на уставноста. Особено што реформските акции на големите сили не ги дале очекуваните резултати. Реакцијата на мешањето на големите сили во нејзините работи особено ќе се почувствува меѓу поинтелигентните слоеви на османлиското општество кои ќе земат виден удел во подготовките на Младотурската револуција.

Илинденското востание во Македонија и новата Мирцштегска реформска акција на големите сили му дале нов импулс на младотурското движење. Младотурските организации воспоставиле

---

[1] К. Сидовски, Италија..., 149.

врски и со организациите на националноослободителните движења во Империјата.

Значително влијание врз политичкиот развиток на Османлиската империја имала и Револуцијата во Русија од 1905 - 1907 г. Руската револуција укажала позитивно влијание и врз револуционерните сили во Македонија. Од друга страна треба да се каже дека услови за агитациона и организациона работа Младотурците нашле токму во Македонија. Новата фаза во развојот на македонското прашање, започната со англо - руската спогодба од 1908 г., а за натамошно продлабочување на реформите, го забрзала избувнувањето на востанието на Младотурците, кое првобитно било планирано за август 1909 г.

Денот 24 јули 1908 г. остана длабоко врежан во историјата на македонскиот народ и останатите националности и на Османлиската империја од последните нејзини години на Балканот. Овој датум, проследен со бурни, масовни народни манифестации, го одбележа почетокот на слободата на „хуриетот" почетокот на уставно - парламентарниот режим во Македонија. Во едни вакви услови се одиваше борбата на ароманскиот народ за остварување на своите права.

Победата на младотурската револуција и востановувањето на уставот од 1876 г. со султанското ираде од 24 јули 1908 г. носи нови надежи за угнетените народи во империјата, вклучително и за Ароманците. Во новоизбраниот парламент се вклучени и двајца претставници на Ароманците лекарот Ф. Миша како пратеник и писателот Н. Бацарија како сенатор, избран од името на младотурската партија „Единство и прогрес".[2]

По абдицирањето на султанот Абдул Хамид Втори, Никола Бацарија беше назначен за министер за јавни работи во младотурската влада.[3] Во врска со активноста на лекарот Ф. Миша како пратеник и писателот Н. Бацарија како сенатор пишува и Макс Деметер Пејфус.[4]

---

[2] Г. Даскалов, op. cit., 93.

[3] Никола Бацарија како делегат на Отоманската империја зеде учество во работата на Мировната конференција во Лондон. Поразената Империја била принудена да ги прифати одредбите на Лондонската Мировна Конференција (4 декември 1912 – 31 мај 1913). На оваа конференција, Никола Бацарија беше еден од потписниците на мировниот договор. Според договорот, на Отоманската империја и остана само мала територија во Европа. Но големата верба и надеж на Никола Бацарија да дочека да ја види слободата на Ароманците веднаш по договорите во Лондон падна во вода. Многу нажален од таквата ситуација, Бацарија се вратил назад во Романија во 1918 година.

[4] M. D. Peyfuss, op. cit., 104.




Претставници на ароманскиот народ во Отоманскиот парламент - Никола Бацарија и Филип Миша

Инаку треба да се спомене дека младотурскиот комитет „Обединување и напредок" од Солун имал намера сите спротивставени страни во Македонија односно нивните револуционерни комитети да ги обедини заедно. Така тие би можеле да ги остварат своите идеи и политички аспирации. За оваа цел Ароманците имаа свикано еден конгрес, којшто се одржал во Битола. Овој собир на претставниците од ароманските комуни по се изгледа немал официјален карактер и поради разни причини немал одиграно ефективна улога во разрешувањето на ароманските национални проблеми.[5]

Во едни вакви околности се развивало и ароманското училишно и црковно дело.

## 2. Развитокот на ароманското училишно дело 1908 - 1913 година

Политичката состојба во османлиската империја непосредно пред избувнувањето на Младотурската револуција, а посебно дејствата на грчката пропаганда се покажувале како сериозен фактор за

5 Исто, 105.

растројството и на образовното дело на ароманското население и на романската кауза.

Меѓутоа и покрај теророт на андартите султанското ираде од 9 (22) мај 1905 г. дејствува благопријатно за активирањето на поддржаното од Букурешт ароманско движење во европскиот дел на Османлиската империја. Усилбите се насочени кон ширење на просветното и црковното дело и кон изградување на ароманска општини по местата.

Во текот на учебната 1908 - 1909 г. во империјата функционирале вкупно 99 основни училишта. Од тие во Битолскиот реон ги имало 25.[6]

Победата на младотурската револуција носи нова надеж за угнетените народи во империјата, вклучително и за Ароманците. Меѓутоа од друга страна се појавуваат проблеми кои директно се поврзани со односот на Романија кон „ароманската кауза”. Но и покрај тоа романската влада продолжува да ги помага различните пропагандни дејности. За разлика од претходниот период меѓутоа годишната финансиска помош започнува да се ограничува, за да се отпуштат во текот на 1911 г. одвај 110.000 леи. Според Жеко Попов очигледно било дека вниманието на Романија се пренасочувало во друга насока и „ароманската кауза” треба да отстапи на втор план, за да не се трошат сили и средства како за неа, така и да не се усложнуваат односите со Османлиската империја и Грција. Од своја страна меѓутоа промената на курсот раѓа нови сериозни проблеми во средината на ароманските фактори во Македонија.[7]

Ограничувањето на финансиската помош ги активира членовите на „Романското друштво на македонските Ароманци”. Во него членувале луѓе од разни јавни средини, студенти и други од престолнината (400 души) и 800 од внатрешноста на земјата и имајќи ги предвид овие бројки средногодишниот состав се движел од 1.000 - 1.200 луѓе. Преку разни благотворни и културни иницијативи годишно се собираат, според целосно запазената документација, по 18 - 20.000 леи. Само во текот на 1908 г. буџетот имал двојно поголема сума. Средствата главно се искористувале за потпомагање на училишта, цркви и на одделни лица, коишто пострадале од режимот на османлиите. Инаку, меѓу ентузијастите коишто давале средства нај-

[6] Г. Даскалов, op. cit., 77.

[7] Кочо Сидовски, Политичките и просветните прилики во Битолскиот реон и одржувањето на учителскиот конгрес на Ароманците во Битола во 1910 г., Документи, VII/3, Скопје, 2010, 23.

често биле трговци, учители, студенти, некои бивши министри и др. коишто демонстрирале пријателство со Младотурците и љубов кон Ароманците, поттикнувајќи ги кон соработка со уставниот режим.[8] Треба да се напомене дека и Младотурците настојувале да постигнат договор на комитетот „Обединение и напредок" и разните комитети „македонски - христијански, бугарски, српски, грчки и романски за смирување на Македонија, договор кој сѐ уште не би презентиран на јавноста но тоа ќе станело за неколку дена, од кој тој (италијанскиот генерален конзул во Солун С. Милацо) по доверлив пат добил копија од него, кој овде го пренесува со сите членови: „Програма". Во Програмата меѓу другото се вели дека таа е средина на желбите што биле искажани од разни комитети и сл. Програмата ги набележува сите промени во воениот, политичкиот, културниот и економскиот живот на земјата.[9]

Пројавувањето на горниот гест сигурно имал свое значење, но тој покривал мал дел од потребите на Ароманците.

Заладувањето на односите на Романската држава кон Ароманците по наведените причини и влошувањето на политичката ситуација во Македонија кое довело до повторно настапување на Младотурците против интересите и спокојството на сите христијани по 1910 г.,[10] доведува до нарушување на функциите на романската пропаганда. Се почувствувало отсуството на починатиот Апостол Маргарит којшто умрел во 1903 г.,[11] бидејќи неговите наследници не можеле да го достигнат неговиот авторитет, се појавуваат и сомнежи за целесообразноста од потрошените финансиски средства, определени за пропагандна работа, нешто кое создава опозициони средини во Македонија.[12]

---

8 Исто.

9 ДАРМ, Salonico, 20. VIII 1908, м - 178, сн. 57 - 61.

10 Во периодот од април 1909 до средината на 1910 година, младотурското парламентарно мнозинство изгласало низа законски акти кои имале за цел да ги сузбијат ослободителните стремежи на народните маси и на поробените народи и да им го осигураат господството на османлиските експлоататорски слоеви во Македонија и на Балканот. Примената на новите закони оставила катастрофални последици врз натамошниот развој на Македонија. Како сведоштво за ова може да ни послужи донесениот закон против четите на румелиските вилаети, а кој всушност бил упатен против востаничките елементи во Македонија и Албанија; донесениот закон на 27 септември 1909 година предвидувал смртни казни, интернирање на членовите на семејствата, конфискација на имотот и слично.

11 К. Сидовски, Романскиот национализам..., 17 - 18.

12 Ж. Попов, Румъния..., 231 - 232.

Не помалку проблеми создава и разногласноста меѓу романскиот конзул и училишните инспектори во врска со распределбата на помошта и раководството на црквата и училиштето. Ароманските активисти и училишните дејци инсистираат на тоа да располагаат со поголема слобода и да не им тежи толку многу диктатот на романската држава, чиишто претставници се дипломатски службеници. Според извештајот на Христу Ламбру - претседател на солунското ароманско друштво - до романскиот премиер Братиану на 31 јули 1908 г. најдобра форма за надминување на противречностите била создавањето на ефории за раководење на училишната работа и други културно - национални дејности.[13] Но на сето тоа не се обрнувало посебно внимание. И поради таа причина на 10 - 11 септември 1910 г. во Битола бил одржан конгрес на претставници на 20 општини со цел за создавање на самостојна организација за излегување од покровителството на конзулите и за решавање на црковно - националните прашања. Се донесе решение општините да се организираат во пет културни окрузи. 1. Битола; 2. Гревена; 3. Јанина - Корча - Елбасан - Берат; 4. Солун - Бер - Меглен; 5. Скопје. Исто така, се реши да се основа во Битола раководен совет од 7 членови; издавање од страна на властите на специјален правилник за надлежноста на ефориите и положбата на учителите; испраќање на меморандум до Патријаршијата за правата на ароманските цркви.[14]

Определен интерес претставуваат тенденциите во училишното дело и црковно - националните борби. По променетите политички услови по младотурската револуција за остварување на оваа цел се бара од романската држава неопходната финансиска поддршка, за да продолжи децениската благородна просветна традиција во животот на Ароманците во Европска Турција.

Меѓутоа, и покрај побарувањата финансиската поддршка се намалувала поради влошената економска ситуација, а ова се одразува врз квалитетот на наставниот процес. Инаку германскиот дипломат Хубер, според Жеко Попов, тврди, дека врз база на романски податоци во текот на 1910 г. постојат 79 училишни установи, од коишто 45 се основни, а 19 биле во Битолската околија.[15]

Во периодот по 1908 г. се правеле напори за усовршување на раководството на училиштата. По иницијатива на Младотурците во почетокот на март 1909 г. во Солун се создава Совет за училишната

---

[13] Исто, 235.

[14] Исто.

[15] К. Сидовски, Политичките..., 24.

работа, раководен од Абдулах Бег - директор на државните училишта. Во него се вклучени еден Грк, Бугаринот Генев и Ароманецот Чонга.[16] Меѓутоа обидите за туторство над училишните установи од страна на османлиската држава не се примени добро од христијаните и Ароманците започнуваат да се дистанцираат, за да го доведат неговото постоење до чиста формалност.

Позабележителна улога во врска со ова прашање одигра Конгресот на Дидактичкиот корпус на романските училишта во Османлиската империја организиран во јули 1909 г. во Битола, по повод едногодишнината од примената на новиот устав. На него присуствуваа романскиот пратеник во Цариград, Папиниу, исто така и генералниот конзул во Солун, Д. Пенеску кои беа поканети од училишниот инспектор Н. Тачит. На него станувало збор за системот на ефориите кои што требале да ја заменат институцијата Училиштен инспектор. Со соработка на Г. Маџари од Прилеп, кој беше на чело на претседателството со Дина Бадралекси (Долјани), К. Карамета (Корча), Т. Чому и А. Зега беше изработен еден Меморандум во којшто меѓу другото се зборувало за недостаток од една регулатива за педагошкиот корпус; за неактивноста на училишниот инспектор и за проширувањето на пропагандната дејност. Се решило еднаш годишно да се одржува еден конгрес на ароманските комуни во Битола.[17]

Поради погоре наведените околности 175 учители одржуваат од 2-11 септември 1909 г. свој конгрес, на кој што се решава следното: борба за стекнување на повеќе права, како што настојуваат и Бугарите (Македонците б.м), изработување на правилник за правата и задолженијата на учителите; реформи на училишната програма; издавање на учебници за основните училишта и создавање на учителски совет во секое училиште за подобро и подемократско раководство. Учесниците на форумот испраќаат извештај по прашањето до романскиот крал Карол и министерот за надворешни работи Г. Цувара и бараат поддршка. Во поддршка на документот застанаа студенти и членови на Македонското културно друштво во Букурешт.[18]

Интересно е да се спомене дека професорите на романските училишта во Османлиската империја не беа принудени да доставуваат специјален документ за стекнатото образование; во овој случај

[16] Исто.

[17] M. D. Peyfuss, op. cit., 105.

[18] К. Сидовски, Политичките..., 24.

не беа почитувани никакви потребни норми за напредување во службата и пензионирањето. Дури во 1931 г. дошло до регулирање на ова прашање.[19]

Барањето на учителите сигурно ја имале својата основа за демократизирање и усовршување на училишната работа. Тие до изве-сен степен ги стимулирале сите учители што работеле во поодделните села да се надеваат на почитување на нивниот благороден труд. Жеко Попов ги споменува имињата на најактивните меѓу кои и оние од Горна Џумаја - Стефан Хаџи, Пандели Меѓа, Флора Шунда, Поликсенија Бараваќе, Панајот Папазису и др.[20]

Важно значење за развитокот на просветното и црковното дело на Ароманците има конгресот во Битола одржан на 10 и 11 јули (односно од 23-25 јули нов стил; според М. Д. Пејфус) 1910 г. На него присуствуваа 75 претставници на ароманските општини во Османлиската империја. Кон нив беа искажани симпатии од страна на властите и заради тоа упатија пораки со поздрави кон партијата „Обединување и Прогрес". Како официјален претставник на Големата Порта во неговата работа учествувал главниот училиштен инспектор во Битолскиот вилает Салих Ефенди. Овој Конгрес гласаше само Статут со 19 члена и еден комитет од контролори за романските училишта и цркви во Османлиската империја, со седиште во Битола, создаден од пет члена и испраќање на една делегација од шест лица во Цариград, за преговори со Екуменската патријаршија.[21]

Инаку за организиран тек на заседанијата било избрано раководство во состав: Стерју Чонеску - претседател и заменик претседател Деметру Чикма и Т. Милу. Едно од основните прашања коишто биле разгледувани, било развитокот на ароманското просветно дело врз база на султанското ираде од 22 мај 1905 г. Било донесено решение да биде создадена Ефорија на ароманските училишта. Бил донесен устав, којшто го определувал изборот на раководните органи и нивната дејност. Во него било изрично забележано, дека централата на Ефоријата чиешто седиште било во Битола, требала да се докомплетира со претставници на Битола, Солун, Бер, Гревена, Мегленско, Скопје, Јанина, Корча, Берат, Елбасан и Горна Џумаја (денес Благоевград).[22]

Според чл. 8 од решението за формирање на Ефорија Централната ефорија на училиштата имала обврска да се грижи во име

[19] Исто, 25.
[20] Ж. Попов, Румъния..., 233.
[21] M. D. Peyfuss, op. cit., 106.
[22] Г. Даскалов, op. cit., 94.

на членовите на комуната, за сите училишни и црковни работи и работи од друга природа во интерес на културата на отоманските Ароманци.

Таа не ги извршува своите функции сообразно на духот на конгресните решенија и генералниот совет.

Според чл. 9 Централната ефорија треба да ги разрешува сите појавени проблеми кои што ги навел годишниот конгрес.

АДМИНИСТРИРАЊЕ СО ФОНДОВИТЕ.

Според чл. 10 Администрацијата на фондовите ќе биде доделена на еден посебен администратор определен од Ефоријата којшто ќе биде лично одговорен за доверените работи којшто во исто време ќе ја врши и функцијата генерален секретар на Ефоријата, имајќи консултативна улога.

АДМИНИСТРАЦИЈА НА УЧИЛИШТАТА И ЦРКВИТЕ.

Чл. 11 предвидувал Централната ефорија да назначува, во име на членовите на комуната и врз основа на правата усогласени со Императорското ираде задолженија за вршење надзор на училиштата.

Овие назначувања да се прават во спогодба со регионалниот совет ако е избран.

Чл. 12 одредувал во училишните прашања Ефоријата да води сметка за мислењето дадено од училишните барања и за мислењата на регионалните совети.

ЗА РЕГИОНАЛНИТЕ СОВЕТИ

Според чл. 14 регионалните совети може да бидат составени од 3-5 члена избрани од страна на комуните во кои прават целина културните кругови.

Според чл. 15 регионалните совети ако посакаат даваат нивно мислење за сите работи кои се однесуваат на културниот круг.

Во чл. 18 е кажано дека за извршување на овие решенија и за било што друго поврзано со културните и црковните прашања на Ароманците конгресот ја овластува Ефоријата да ги исполни сите барања на црквите и училиштата. Во општите одредби се наведени имињата на членовите на Ефоријата кои погоре во нашето излагање се споменати.[23]

[23] Românii de la sud de Dunare..., 212 - 213.

Треба да се спомене дека со решенијата на погоре споменатиот конгрес беше дефинитивно поништен Училишниот инспекторат одобрен и создаден од Букурешт. Со ова беше препуштен на волјата на судбината политичкиот и културниот живот на Ароманците. Со цел да се осигури политичката контрола врз еволуцијата на ароманскиот проблем беше создадена, во 1911 г. од страна на Министерството за надворешни работи во Букурешт, постојана комисија за решавање на ароманското прашање чиишто членови биле професорот Јулиу Валаори и научникот и поет Ѓорѓе Мурну. Меѓутоа, треба да се истакне дека членовите се менуваа како административен персонал на режимот на партијата која што била на власт.[24]

Вториот основен проблем, којшто бил разгледуван на Конгресот, бил црковниот. Било донесено решение Ароманците да се откажат, од своето барање за сопствен епископ и да настојуваат во митрополиите со преовладувачко ароманско население за владици да бидат претпочитани нивни сонародници.[25]

На 20 август 1910 г. Перикле Папахаџи кој што присуствувал на Конгресот испраќа извештај до претседателот на Друштвото за македоно-романска култура во Букурешт. Тој го информирал за текот на неговата работа и за донесените решенија, вклучително и за спротивставувањето на патријаршијата по ова прашање. Кон него се обраќа со писмо од 18 септември и раководството на Ефоријата со молба за поддршка за исполнување на набележаните задачи.

Во својот извештај проф. Папахаџи покрај горенаведеното зборува и за атмосферата на одржаниот конгрес на 10, 11, 12 јули 1910 г. Според него Конгресот бил свикан од страна на Романската ефорија во Битола со сите аромански општини од Империјата, сите аромански институции и два „романски" претставници во парламентот. Биле поканети претставници од сите општини, дури и од оние најдалечните. Во продолжение Папахаџи истакнува дека сите делегати дошле по своја желба, без некој да се пожали за трошоците што ги направил било какви да биле. Сенаторот Бацарија не можеше да присуствува поради здравствени причини и заради тоа го овластил господинот пратеник Филип Миша и во негово име да ги изнесе неговите ставови.[26]

Она што му дало официјален карактер на Конгресот на Ароманците било тоа што бил делегиран од страна на валијата Салих

[24] M.D. Peyfuss, op. cit., 106.

[25] К. Сидовски, Политичките..., 26.

[26] Românii de la sud de Dunare..., 213 - 214.

инспекторот за школство во Битолскиот вилает. Овој присуствувал на сите конгресни заседанија интервенирајќи со неопходни објаснувања во контроверзните прашања.[27]

Треба да се напомене дека пратеникот Миша се обидел да го постави за дискусија и прашањето за црквите. Понатаму во извештајот се наведува дека исто така двајца конгресисти, меѓу кои Јота Наум, професор во трговското училиште во Солун, барале неодложно да се дискутира за црковното прашање, но против ова барање бил целиот Конгрес, бидејќи делегатите на Конгресот не сакале тој да добие карактер на протест против Патријаршијата. Имајќи го предвид ова Јота Наум изјавил дека не сака да зборува за училишното прашање со оглед на тоа што не се дискутирало за црковното. Меѓутоа, и покрај сите овие недоразбирања, како што проф. П. Папахаџи го известува претседателот на Друштвото за македоно - романска култура во Букурешт, тој имал несомнено значење за унапредувањето на аромамнското училишно дело.[28]

Треба да се спомене дека кон 1912 г. во Османлиската империја општо имало 219 аромански основни училишта, од кои што 127 мешовити, 47 машки и 45 женски. Општиот број на учителите бил 231, од кои што 144 учители и 87 учителки. Инаку во училиштата се школувале 4.110 ученици, од кои 2.529 машки и 1.581 женски. По реони тие биле распределени како што следува: Битолски 32 училишта (18 мешовити, 7 за девојчиња и 7 за момчиња) со 1013 ученици (524 момчиња и 489 девојчиња) и 70 учители (39 мажи и 41 жени); Корчански - 13 училишта (5 мешовити, 4 за момчиња и 4 за девојчиња) со 704 ученици (422 момчиња и 282 девојчиња) и 26 учители (17 мажи и 9 жени); Бератски - 5 училишта (1 мешовито, 2 за момчиња и 2 за девојчиња) со 108 ученици (48 момчиња и 60 девојчиња) и 9 учители (7 мажи и 2 жени); Гревенски - 17 училишта (8 мешовити, 5 за момчиња и 4 за девојчиња), со 288 ученици (141 момчиња и 87 девојчиња);[29] Солунски - 20 училишта (12 мешовити, 4 за момчиња и 4 за девојчиња) со 803 ученици (546 момчиња и 257 девојчиња) и 48 учители (31 мажи и 7 жени); Гевгелиски - 10 училишта (8 мешовити, 1 за момчиња, 1 за девојчиња) со 961 ученици (686 момчиња и 275 девојчиња) и 26 учители (18 мажи и 8 жени); Скопски - 9 училишта (9 мешовити) со 194 ученици (104 момчиња и

[27] Исто, 214.

[28] Исто, 214 - 215.

[29] Според Георги Даскалов, во објавената статистика за Гревенскиот реон биле броени само учениците во две училишта – во Гревена и во Турја – и 23 учители, 15 мажи и 8 жени.

90 девојчиња) и 18 учители (10 мажи и 8 жени); Јанински - 7 училишта (5 мешовити, 1 за момчиња и 1 за девојчиња) со 99 ученици (58 момчиња и 41 девојчиња) и 11 учители (7 мажи и 4 жени).[30]

Во градот Битола во 1912 г. имало 2 мешовити основни училишта, 1 за момчиња и 1 за девојчиња; 66 момчиња, 68 девојчиња а вкупно 134 ученици; 3 учители и 5 учителки. Според Антонис М. Колцидас романските основни училишта имале 130 ученици и 4 учители (2 мажи и 2 жени) во кои се изучувал романскиот, грчкиот и францускиот јазик.[31] Во селото Магарево имало 1 мешовито училиште, 2 момчиња и 5 девојчиња, вкупно 7 ученици; 1 учител и 1 учителка. Во селото Моловиште имало 1 училиште за момчиња и 1 училиште за девојчиња; 68 ученици и 62 ученички; вкупно 130 ученици; 3 учители и 3 учителки; Во Нижополе имало 1 мешовито основно училиште, 2 ученика и 4 ученички, вкупно 6 ученици; 1 учител и 1 учителка. Во Трново имало 1 мешовито училиште 5 ученици и 5 ученички; вкупно 10 ученици; 1 учител и 1 ученичка. Во Гопеш имало 1 училиште за момчиња и 1 училиште за девојчиња; 75 ученици и 74 ученички: вкупно 149 ученици; 5 учители и 3 учителки.[32]

Кон навечерието на балканските војни функционираат и четири средни училишта: во Битола има еден машки лицеј со 7 класа, 161 ученици и 16 професори и едно петокласно професионално училиште за девојчиња со 101 ученичка, 3 професори и 14 професорки. Во Солун има трговско училиште со 7 класа, 86 ученици и 18 професори. Во Јанина има 1 трговско училиште со 4 класа со 42 ученици и 8 учители. За извршување на просветното дело на Ароманците има 14 души административен персонал.[33] Од тие, четворица биле училишни инспектори со седиште во Битола, Солун, Гевгелија и Јанина. За издршка на „романските" училишта и цркви за 20 училишни години - од 1893 до 1913 г. романската влада исплатила 11.408.860 леи по редовниот буџет и други 1.633.612 леи по дополнителниот буџет.[34]

Аромански училишта, чиј општ број бил 223, се наоѓале во 81 општина. Во Битолскиот реон 34 - те училишта ги имало во 21 општина, од кои се наоѓаат во денешна Грција - Лерин и леринските села Бел Камен, Негован, Невеска, Попадија, Писодери, во с. Патичи-

[30] Românii de la sud de Dunare..., 241 - 244.

[31] Antonis M. Koltsidas, Greek education in Monastir - Pelagonia, Thessaloniki, 2008, 134.

[32] Românii de la sud de Dunare..., 241.

[33] Исто, 244.

[34] Исто, 240 - 244.

но, Воденско, и во Клисура - Костурско. Останатите се во денешна Р Македонија (Битола, Охрид, Ресен, Струга, Крушево, Прилеп и селата Гопеш, Магарево, Моловиште, Трново и Нижополе, Битолско, и с. Јанковец, Ресенско).[35]

Во реонот на Корча 13-те училишта се наоѓаат во 9 општини, дел од кои се наоѓаат во денешна Албанија (Корча, Фрашари, Москополе, Пљаса, Корчанско, с. Ланка и др.), а други се во денешна Грција (Хрупишта, Костурско). Петте училишта во реонот на Берат се наоѓаат во три општини во денешна Албанија - Берат, Елбасан и Грабова. Седумнаесет училишта во реонот на Гревена се во 7 општини од денешна Грција - Авдела, Гревена, Периволи, Претори, Самарина, Турја и Дамаш. Ароманските училишта во Солунскиот реон кои на број биле 21 се наоѓале само во 16 општини. Десет од нив се во денешна Грција (Солун, Катерини, Воден, берските села Долјани, Селја, Маруша, Ксироливади и Фетица (Граматикова) и демирхисарските села Липош и Пороj, а две во денешна Бугарија (Благоевград и Петрич).[36] Во Гевгелискиот реон 10 - те училишта се во 9 општини. Шест од нив се во денешна Грција (мегленските села, Берислав, Купа, Љумница, Лугунци, Ошани, Црна река) а две - во Р Македонија (Гевгелија и с. Хума).[37] Седумте училишта во Јанинскиот реон се наоѓаат во шест општини, кои се наоѓаат во денешна Грција (Јанина, Мецово и селата Бјаса, Бреаза и Флору).[38] Деветте училишта во Скопскиот реон се во девет општини: Скопје, Велес, Куманово, Крива Паланка, Кочани, Липопелци, Тетово, Урошевац (денес Косово) и др.[39]

Според Георги Даскалов можат да се изведат заклучоци за прашањето во врска со развитокот на ароманското училишно дело. Тој вели дека од општо 81 општина во Османлиската империја, во која кон 1912 г. работеле 223 ароманскu училишта, околу 40 од тие општини 49,38% денеска се наоѓаат во Грција. Во нив имало околу 60 училишта со 2.398 ученици, претставувајќи 53,28% од сите ученици и 136 учители, кои биле 46,89% од сите наставници. Дваесет и пет од општините со аромански училишта денес се наоѓаат во Р Македонија (30,86%). Во нив имало општо 36 училишта (16,14%) со 1.344 ученици (29,86%) и 95 учители (39,75%). Десет од општините се наоѓаат во денешна Албанија (12,34%). Во нив имало 18 училиш-

[35] Г. Даскалов, op. cit., 95.

[36] Исто; Românii de la sud de Dunare..., 242-243.

[37] Исто; Исто, 243.

[38] Исто; Исто, 244.

[39] Исто; Исто, 243 - 244.

та (8,07%) со 812 ученици (18,04%) и 35 учители (12,06%). Две од општините се во Бугарија (2,46%), со две училишта (0,89%), 16 ученици и 6 учители.[40]

Според погоре наведените факти се изведуваат неоспорни показатели, дека ароманското национално дело и во дел ароманската просвета кон балканските војни најповеќе се развива на територијата на денешна Грција. Еден дел од помладите поколенија на Ароманците во таа земја од по различни причини биле опфатени од грчкиот училиштен систем. Има отворено грчки училишта во редица аромански населби, во коишто се школуваат месните деца. Кон 1905 г. во шест каази на Егејска Македонија (Леринска, Костурска, Демирхисарска, Драмска, Серска и Солунска) имало општо 119 грчки училишта со „влашки етнички елемент”, во коишто се школувале 5.246 ученици. Грчки училишта постоеле и во населби со мешовито население. Така на пример, во Сер, каде што кон 1900 г. живеат 5.105 Грци, 2.488 Бугари (Македонци б.м.) и 1.380 Ароманци, има 5 грчки училишта и 3 бугарски без ниту едно ароманско училиште. Грчки училишта биле отворени и во населби, во коишто немало Грци, туку мешовито бугарско (македонско б.м) и албанско население. Во Драмско имало 5 такви училишта, во Демирхисарско - 4, во Леринско - 3, во Воденско - 1 и др.[41]

Во Битола во навечерието на балканските војни то ест во 1912 г. вкупната школска популација во грчките училишта изнесувала 2.595 момчиња и девојчиња и 67 наставници.[42]

Училишните програми во ароманските училишта осигуруваат добро образование за своето време. Во основните училишта децата изучуваат и аромански јазик, родниот фолклор и ароманска литература. Сообразно на месните услови некаде се изучува бугарскиот (македонскиот б.м.) или албанскиот јазик. Во средните училишта напоредно со природните науки - математика, физика, хемија, зоологија, се изучува историјата, географијата, религијата, трговското дело, калиграфијата, музиката, гимнастиката и др. Учениците добиваат висока јазична подготовка со изучувањето на пет јазици - романски, турски, француски, германски и италијански.[43]

[40] Исто, 96.

[41] Исто.

[42] A. M. KOLTSIDAS, op. cit., 29.

[43] Românii de la sud de Dunare..., 244.

# 3. Развитокот на ароманското црковно дело 1908 – 1913 година

Покрај на развитокот на ароманското училишно дело големо внимание се посветувало и на разрешувањето на ароманското црковно прашање. Така во интерес на разрешување на ова прашање во текот на месец февруари 1911 г. четиричлена делегација од Битола пристигнува во Цариград. Австро-унгарскиот пратеник Палавичини направил усилби да ја овозможи посетата на романскиот ополномоштен министер Мишу кај Вселенскиот патријарх, а рускиот пратеник Чариков се обврзал да ги зближи двете спротивставени страни - романската и грчката.[44]

Треба да се истакне дека патријархот Јоаким Трети настојувал да отпадне идејата за самостојна црква со епископ, со кое ќе дозволи користење на мајчиниот јазик во црквите и во реоните со компактно население ќе се испраќаат за свештеници Ароманци.[45] Со оглед на тоа што не бил постигнат договор и на 11 февруари 1911 г. втора делегација го посетува Цариград. Османлиските владини кругови се запознаваат со барањата, откако младотрурските кругови од Солун ветуваат дека ќе интервенираат по прашањето. Овој пат делегатите, по совет на својот претставник во отоманскиот сенат Никола Бацарија, се согласуваат да останат под јуриздикција на патријаршијата со можност да го користат слободно својот јазик во црквата. Сепак Јоаким Трети не отстапувал од своите ставови така што до балканските војни ароманската кауза била пренебрегната. Свој удел во тоа имала и романската дипломатија. Меѓутоа, Ароманците користејќи го младотурскиот закон од 1910 г. за спорни цркви во Македонија успеале од Грците да преземат 13 цркви и да си назначат во нив 24 свештеници, одвоени од патријаршијата или жестоки противници на елинизмот. Вратените цркви не биле потчинети на никого и биле издржувани од Букурешт и од некоја поскромна помош од населението во ароманските реони.[46] Очигледните придобивки плус останатите 7 цркви биле релативно силни центри за поддржување и развивање на националното сознание на ароманското население.

Барање за здобивање на свој аромански епископат испраќа ароманската комуна во Охрид во едно писмо од 17 октомври 1911 г.

---

[44] Г. Даскалов, op. cit., 94.

[45] Ж. Попов, Румъния..., 239.

[46] Исто.

испратено до претседателот на Друштвото за македоно-романска култура д-р Леонте. Во него се истакнува дека во тешките времиња за опстанокот на ароманскиот народ а во прв план неможноста за решавање на црковното прашање го известува споменатиот д-р Леонте за ситуацијата во Охрид на црковен план. Според извештаите на свештениците од тој град во градот Охрид имало две романски цркви во кои се одржува служба во сите недели и празници само на романски но во својата дејност посебно во црквата Св. Георги наоѓале на големи проблеми како од грчка така и од бугарска страна. Но тие се убедени дека решавањето на нивните проблеми може да се оствари само со формирање на еден национален епископат.[47]

Заради споменатото ги повикува сите членови на комуната да се изјаснат во врска со контроверзните прашања од висок национален интерес и со едногласност на донесените решенија да се предложи на Отоманската влада да основа национален епископат без да има именување на Патријарх, како солуција има многу приврзаници во местата на ароманските националисти. Тоа било и надеж за спасување на аромански цркви во Охрид.[48]

Имајќи ги предвид ваквите состојби со разрешувањето на ароманското црковно прашање тогаш ароманските првенци - земјоделци, трговци, учители, интелигенција и други со основа се гордеат со постигнатиот успех.

На црковен план, според бившиот професор во османлиските воени училишта германскиот мајор Хубер, според податоците на романската легација во Цариград, кон 1910 г. бројот на ароманските цркви во Османлиската империја изнесувал 25. Од нив 20 биле во Епир. Останатите пет цркви биле во Македонија, управувани од ароманскиот општини - 1 во Хрупишта, 1 во Бер, 2 во Крушево и 1 во Охрид. Црквите во Охрид и леринските села Бел Камен, Негован, Писодери, Невеска, во с. Клисура, Костурско, и во битолските села Трново, Магарево, Моловиште и Гопеш биле оценети како „спорни" бидејќи биле во рацете на гркоманите и се управувале од ароманските општини.[49] Во овој преглед не се споменува за ароманската црква во Битола „Св. Константин и Елена" ставена во употреба во 1906 г.

Според збирката на документи „Романците на југ од Дунав" црковната ситуација на Ароманците во Османлиската империја била следна: во Битолскиот округ - во Битола има 1 црква, 3 свештени-

47 Românii de la sud de Dunare..., 225.

48 Исто.

49 Г. Даскалов, op. cit., 230.

ци, 4 учители; во Крушево 1 црква, 1 свештеник, 1 учител; Во Моловиште - 1 црква, 1 свештеник, 2 учители; во Невеска - 1 црква, 1 свештеник, 2 учители; во Охрид - 1 црква, 2 свештеници, 2 учители; во Патичино - 1 црква, 1 свештеник, 1 учител; во Ресен - 1 црква, 1 свештеник; Во Влахо - Клисура - 1 црква, 1 свештеник, 1 учител; Во Корчанскиот округ - во Корча - 1 црква, 1 свештеник, 2 учители; во Плеаса - 1 црква, 1 свештеник, 1 учител; во Ланка - 1 црква, 1 свештеник; во Ничеа - 1 црква, 1 свештеник, 1 учител; во Хрупишта - 1 црква, 1 свештеник, 1 учите; во Шипска - 1 црква, 1 свештеник. Во округот Берат - во Грабова - 1 црква, 2 свештеници, 2 учители; во Елбасан - 1 црква, 2 свештеници, 2 учители; Во округот Гревена - 1 црква, 1 свештеник, 1 учител; во Авдела - Гревена - 1 црква, 1 свештеник, 2 учители; во Периволи - 1 црква, 2 учители; во Периволи - Гревена - 1 црква, 2 свештеници; во Турја - 1 црква, 1 свештеник, 1 учител. Во Солунскиот округ - во Солун 1 црква, 1 свештеник, 14 учители; во Кандрова - 1 црква, 1 свештеник, 1 учител; во Дољани - 1 црква, 1 свештеник; во Фетица - 1 црква, 1 свештеник; во Горна Џумаја - 1 црква, 2 свештеници, 1 учител; во Порој - 1 црква, 1 свештеник; во Петрич - 1 црква, 1 свештеник; во Бер - Маруша - 1 црква, 1 свештеник; во Бер - Селја - 1 црква, 3 свештеници, 1 учител; во Бер - Ксироливади - 1 црква, 1 свештеник, 1 учител; во Воден - 1 црква. Вкупно - 11 цркви, 13 свештеници, 18 учители. Во округот - Гевгелија - Бирислав - 1 црква, 1 свештеник, 2 учители; во Купа - 1 црква, 1 свештеник, 2 учители; во Гевгелија - 1 црква, 1 свештеник; во Хума - 1 црква, 1 свештеник, 2 учители; во Ливади - 1 црква, 4 свештеници, 3 учители; во Љумница - 1 црква, 2 свештеника, 2 учители; во Лугунци - 1 црква, 2 свештеника, 2 учители; во Ошани - 1 црква, 4 свештеници, 4 учители; Во Црна Река - 1 црква, 1 свештеник, 2 учители. Вкупно 9 цркви, 17 свештеници, 19 учители. Во Скопскиот округ - Велес - 1 црква, 1 учител; во Кочани - 1 црква, 1 свештеник, 1 учител; во Куманово - 1 црква, 1 свештеник, 1 учител; во Скопје - 1 црква, 1 свештеник, 1 учител. Вкупно - 4 цркви, 3 свештеници и 4 учители. Во Јанинскиот округ - Лака - 1 црква, 1 свештеник. Вкупно - 1 црква - 1 свештеник.

Вкупно во целата Османлиска империја - 47 цркви, 61 свештеници, 70 учители.

Во Битолскиот округ - вкупно 9 цркви, 12 свештеници, 14 учители.

Во Корчанскиот округ - вкупно 6 цркви, 6 свештеници, 5 учители.

Во округот Берат - вкупно 2 цркви, 4 свештеници, 4 учители.

Во округот Гревена - вкупно 5 цркви, 5 свештеници, 4 учители.

Во Солунскиот округ - вкупно 11 цркви, 13 свештеници, 18 учители.[50]

Кон навечерието на Балканската војна ароманското национално дело во Османлиската империја ја достигнува својата врвна точка. Речиси една третина од училиштата со близу околу половина од учениците и учителите се во населби, кои по 1912 г. се вклучени во границите на грчката држава. Во нив функционираат и неколку десетици аромански цркви и општини. Слична била положбата и во другите делови на Османлиската империја каде живеело ароманското население.

На крајот пред да преминеме кон положбата на Ароманците во време на војните на Балканот ќе се осврниме на нивната положба пред избувнувањето на балканските војни.

## 4. Положбата на ароманското население пред почетокот на балканските војни

Младотурската револуција во текот на м. јули 1908 г. била пресретната со надежи од страна на Ароманците да добијат пошироки можности за национално еманципирање, израмнувајќи се по своите права со оние на муслиманите, како што им објавувале авторите на тој исклучителен настан во Отоманската империја. Современиците го окарактеризираат тој настан како „нова ера" за ароманското малцинство, нешто кое чувствително ја зголемува нивната вера во Младотурците. Според мислењето на романскиот конзул во Битола К. Брјљану големите сили требале да наложат реформирање на Македонија за спречување на секакви немири и отстранување на поводите за воено вмешување на некои балкански држави во Македонија. Надежен бил факторот, дека Русија - покровителка на Словените - ги насочува кон зближување на Младотурците и на редица места се основаат мешовити комитети, прекратувајќи ги крвавите борби во текот на многу години.[51]

Романските владини и општествени средини исто така го одобрувале настанот во Отоманската империја. Политичарите и пе-

[50] Românii de la sud de Dunare..., 244 - 246.

[51] Ж. Попов, Румъния..., 227.

чатот ги поздравуваат Младотурците, се појавувале опширни статии, и некои брошури, во коишто се искажува надежта за подобрување на положбата на Ароманците и за зацврстување на романско - турските политички, економски и културни врски. Дипломатите и владеачките фактори се надеваат на тоа дека владеачкиот режим ќе успее да го одржи за подолго време статус - квото и спокојството на Балканот, нешто кое било во хармонија и со романските национални интереси. Од Букурешт препорачуваат на конзулатите во Отоманската империја да бидат многу поучтиви кон властите и особено кон воените, откако ќе им напоменат, дека Ароманците се најмирниот и надежен народ, кон кого треба да се пројавува нагласено пријателски однос. Освен тоа се препорачува единство со младотурските комитети, во коишто влегуваат и претставници на другите христијански националности.

Советите се исполнуваат, бидејќи на одделни места Ароманците исто така се вклучуваат во составот на комитетите „Обединување и напредок". Во текот на месец август 1908 г. од името на Ароманците, како што информирал трговскиот агент на Бугарија во Солун Ј. Точев, била доставена во вилаетскиот центар програма со конкретни барања. Таа ги содржела следните пунктови: 1. Економски побарувања и за Ароманците - подобри патишта во нивните населби, подобрување на условите за земјоделското производство, трговијата, банкарството, бесплатна медицинска помош за сите жители, стимулирање на сточарството, забрана за туѓинци да купуваат земја и др. 2. Образовни иницијативи на државата - школување во училиштата на романски јазик, задолжително основно образование, изградба на училишни згради, развиток на стручното образование и реформирање на високите училишта во Цариград и во други градови. 3. Задолжителна двогодишна служба, укинување на воениот данок бедел, подобрување на положбата на офицерите, засилување на жандармеријата и селската милиција. 4. Создавање на силна воена флота. 5. Унапредување на индустријата и трговијата. 6. Целосна општинска управа. 7. Затворање на вонредните судови и пополнување на редовните само со образовани кадри. 8. Промена на режимот на капитулации, пријателски односи со сите држави. По зацврстувањето на империјата да се создаде Балканска федерација. 9. Признавање од страна на Патријаршијата подеднакви права за Ароманците или пак да се признае независноста на нивната црква.

Според бугарскиот конзул, тоа била една максимална програма, која што се појавила поради нецелосноста на идентичниот младотурски документ. Давале ветувања, дека државната програма

ќе се усовршува, меѓутоа малку беа луѓето, коишто верувале во османлиските ветувања.[52]

Во духот на препораките на романската влада, кога по османлиска иницијатива во текот на летото на 1908 г. во Солун и Битола се создава „Лига за интересите на Турција и христијаните" во неа се вклучуваат и Ароманците. Последните биле покровителствувани во поголем степен, нешто кое го зголемува нивното самочувство.[53]

Таквата тенденција и пренебрегнувањето на речиси сите пунктови од ароманската пропаганда го оладува романскиот ентузијазам кон почетокот на есента. Иако не губел верба во иднината, романскиот премиер Д. А. Стурѕа станува се поскептичен кон ефектот на младотурската управа. Особено тој бил чувствителен и заради нерешавањето на ароманското прашање за самостојна црква и за стекнување на повеќе религиозни права за Ароманците. Тоа била една од причините да се тргнува настрана од османлиските предлози за политичко коалицирање, за кое нешто и порано станало збор.

Како што е истакнато погоре двајца претставници Ароманци се избрани во отоманскиот парламент и сенатот.[54]

На локалните избори исто така се постигнуваат некои резултати, меѓутоа целосната замена не била задоволителна. Во изборите за вилаетскиот совет во Битола, коишто се одржале кон крајот на октомври 1908 г. бил избран само Ф. Миша. Но преку интервенција на месниот младотурски комитет се избира уште еден местен советник, за да се израмни бројот со избраните претставници на Бугари (Македонци б.м.), Срби и Грци - од сите по две души. Во текот на следните години интересот кон претставништвото во власта намалува, загрозуван и од активна грчка пропаганда и оддалечувањето на османлиската администрација од проблемите на Ароманците и Бугарите (Македонците б.м.). Поради таа причина во текот на 1912 г. тие располагале само со еден советник во Корча, Битолскиот вилает, од вкупно избрани 10 околиски советници.[55]

Што се однесува до бројниот состав на ароманското население романската пропаганда се труди да го изложи нивниот број повикувајќи се на разни официјални статистики и на етнодемографски проучувања на европските конзули и патописци. Според процен-

---

[52] Исто, 228.

[53] Исто.

[54] Исто, 229; Музафер Бислими, Албанците и Младотурската револуција, Скопје, 2008, 148.

[55] Ж. Попов, Румъния..., 229.

ките на рускиот конзул Н. Кал во текот на 1910 г. и неговиот заменик А. Ал. Петрајаев, дава податоци за 1912 г., само во Битолскиот вилает живееле меѓу 57 - 59.000 души.[56] Првиот се сомневал во вистинитоста на податоците, бидејќи при пребројувањето во текот на 1910 г. Младотурците ги зголемувале бројките за муслиманите и ја снижувале бројката на христијаните. Сликовит пример за тоа било тврдењето на в. „Нипа Хана” на 10 февр. 1910 г. дека во Битолскиот вилает живееле 23.000 Ароманци. Откако го прифаќа намалувањето на бројот на христијаните поради иселувањето во Америка, емиграција во соседните држави предимно во Бугарија, и на некои Ароманци во Романија, и откако го имал предвид природниот прираст, тој стигнувал до заклучок, дека општо земено бројноста на таа етничка група - Ароманците, не се промени чувствително во однос на првите години на векот. Според статистиката на Ј. Иванов за 1912 г. бројот на Ароманците бил околу 77.365 души, а Н. Кал посочува околу 90.000.[57]

Според една статистика изнесена од Пандил Костурски, во 1912 г. во делот на Македонија кој што се наоѓал под српска власт имало 33.725 Власи.[58] Во истата статистика се наведува дека во 1948 г. на територијата на денешна република Македонија имало 9.508 Власи. Според В. Кнчов во 1900 г. во Македонија имало 80.767 Власи; Според М. Гопчевиќ во 1889 г. во Македонија имало 80.767 Власи; Според Делијанос во 1904 г. во Македонија имало 25.101 Влав.[59]

Определени општествени кругови во Букурешт и во други делови на Романија, во коишто има и доста преселеници од Македонија, не ја прифаќаат новата политичка линија кон проблемот и се грижат да ги конкретизираат недостатоците. По различни поводи напоредно со трговски и други дела се посетувале ароманските населби, за да се подигне духот на Ароманците. Меѓу ентузијастите најчесто имало трговци, учители, студенти и некои бивши министри и др. коишто демонстрирале пријателство со Младотурците, и љубов кон Ароманците, поттикнувајќи ги кон соработка со уставниот режим но тоа немало некои посебни ефекти.

Ограничувањето на финансиската помош ги активизира членовите на „Романското културно друштво на македонските Ароманци”. Во него членувале општествени работници, студенти и други од престолнината (400 души) и 800 од внатрешноста на земјата, имај-

---

[56] Исто, 230.

[57] Исто.

[58] Пандил Костурски, Дипломатијата и македонското иселеништво, Скопје, 1995, 94.

[59] Исто, 95.

ќи предвид дека средногодишниот состав се движел меѓу 1.000 - 1.200 луѓе. Преку различни културни иницијативи годишно се собирале, како што наведува Жеко Попов, според целосно зачуваната документација , по 18 - 20.000 леи. Само во текот на 1908 г. буџетот достигнувал на двојно поголема сума. Средствата главно се искористувале за помагање на училишта, цркви и на одредени лица, настрадани од османлискиот режим. Иако ваквата акција сигурно имала свое значење, сепак таа покривала помал дел од потребите на Ароманците. Затоа кон 1912 г. ефектот од помошта на друштвото сè помалку се чувствувал во Македонија.[60]

Неповолните околности предизвикуваат јавни пукнатини меѓу Ароманците кои биле раширувани и од грчката пропаганда. Се повеќе нејзини луѓе ја нарушуваат стопанската дејност на цели села - преследуваат видни трговци, уништуваат стада на овчари и др. Уште поупорно се попречува и на црковнонационална кауза, за коешто биле испраќани поплаки во Цариград и Букурешт, но без некој ефект.[61]

Во овој временски период некаде во 1911 г. е потпишана руско-италијанска декларација за зачувување на статус - квото на Балканот, нешто кое одговарало на романските погледи. Затоа во текот на пролетта 1911 г. се обновуваат романско - грчките односи, откако се изоставуваат секакви противречности по однос на положбата на Ароманците - последица од агресивните дејствувања на грчката пропаганда.[62]

По 2-3 годишен нормален живот кризата се продлабочува како поради недостаток на средства, така и поради расколебување на учителскиот сталеж во каузата, за која што тие работат. Од 1911 г. барањата за потпомагање од страна на владата и општествените организации во Букурешт стануваат се помногубројни и понастојувачки. Македонското културно друштво презема дел од издршката, испраќајќи определени суми, често помалку од бараните во Битола, Гревена, Белкамен, Корча, Влахо - Клисура и во други места. Со нив се покриваат дел од трошоците, но општо земено положбата се повеќе се влошува. Нема целосни податоци во дипломатските архиви по 1911 г. од кои ќе може да се добие целосна претстава за вистинската состојба на работите. Во 1911/12 училишна година романски и руски конзули во Битола посочуваат на функционирање на 56 учи-

[60] Ж. Попов, Румъния..., 231.

[61] Исто.

[62] Исто.

лишта со 2.074 ученици. Последната бројка била според податоци на романски извори.[63] М. Пејфус објавува дека следната учебна година бројот на ученици изнесувал 1.378 ученици - 1.147 во Битолскиот санџак, и 231 во Скопскиот.[64] Запаѓа и училиштето во Горна Џумаја, каде бројот на децата се намалува на 113 кои што не ги посетувале предавањата поради избувната војна.[65] Дадените податоци јасно ги илустрираат неблагопријатните резултати од заостанувањето на училишното дело во навечерието на балканската војна.

И црковните проблеми во навечерието на војните немаат поголем развиток. Во текот на 1909 - 1910 г. како резултат на активната мирна и вооружена пропаганда на Грците повеќе од половината на 40-те цркви биле одземени од Ароманците. Во Европска Турција им остануваат 25 цркви, но во Македонија биле само 7 (2) во Крушево, по една во Охрид, Хрупишта и Бер; во 10 села ги користат црквите заедно со грчкото население, а како нивна сопственост биле само оние во Гопеш и во Клисура.[66]

Во текот на 1908-1909 г. се потхранува надежта во Младотурците дека ќе дадат придонес за разрешување на црковнонационалната кауза на Ароманците, стремејќи се да одржуваат со нив што е возможно најдобри пријателски односи. И заради ова прават компромиси - во крајот на август дури ги затвораат своите клубови. И според Жеко Попов искусните дипломати не биле убедени, дека Цариград ќе ги задоволи барањата на покорното малцинство, веќе подзаборавено од „Мајката Романија”. Во тој момент порељефно се изразуваат политичките цели на романската влада - не културен развиток на Ароманците, а нивно искористување за влијание во „европските вилаети на Отоманската империја”.[67]

До Првата балканска војна повторно останала пренебрегната ароманската кауза. Меѓутоа во интерес на вистината треба да се истакнат некои политички резултати постигнати во заедничката борба со егзархистите. Користејќи го младотурскиот закон од 1910 г. за спорни цркви во Македонија, Бугари (Македонци б.м) и Ароманци ја докажуваат сопственоста над одземените од страна на Грците храмови. По судски пат со давање на доста пари за поткупување на турските судии, дел од нив биле повратени. Ароманците успеале да

[63] Исто, 236.

[64] Исто.

[65] Исто.

[66] Исто.

[67] Исто, 237

стекнат 13 цркви и да назначат во нив 24 свештеници, одвоени од Патријаршијата или противници на елинизмот. Меѓутоа имало и луѓе, привлечени од многу подобрите примања во ароманските цркви, според тврдењата на руските чиновници во конзулството во Битола. Во моментот вратените цркви не биле потчинети на никого и биле издржувани од романската влада и од некоја поскромна помош од населението во ароманските реони. Очигледните придобивки плус останатите 7 цркви се релативно силни центри за поддржување и развивање на националното сознание на ароманското малцинство. Затоа ароманските првенци - земјоделци, сточари, трговци, учители, интелигенција со основа се гордеат со постигнатиот успех.[68]

Во секој случај што се однесува до романската пропаганда таа била занемарена во навечерието на Првата балканска војна. Инаку треба да се истакне дека К. Добруџану - Герја ја оквалификува романската политика кон Ароманците како средство за постигнување на определени политички цели, а не како израз на загриженоста за нивната судбина и национално еманципирање. Наместо да се работи здружено со другите христијански држави на Балканот за вистинско културно - просветно издигнување на ароманското население, *„ги претворило нив во чувари на истото статус-кво, ги претворило нив во агенти и сојузници на режимот којшто умираше, компромитирајќи им го делумно идниот слободен културен развиток”* - пишувал видниот општествен работник и социјалист.[69]

*

* *

На крајот може да се каже дека финалната етапа во романската политика спрема ароманската кауза се карактеризирала со надеж и разочарувања од политиката на Младотурците. Неотстапувањето на Цариградската патријаршија односно претензиите за пошироки црковни права на покровителствуваното од страна на Букурешт малцинство на крајот на краиштата предизвикало застој и во извесен степен враќање на нештата со години на назад. Имајќи предвид дека тезата за статус кво веќе немала суштинско значење, романската влада и нејзината дипломатија до извесен степен ја изоставува судбината на Ароманците, мислејќи дека направеното било

[68] Исто, 239

[69] Исто, 241.

достаточно, за да се насочи вниманието кон главната цел - заснова-ње на претензиите и дипломатско обезбедување за освојување на Добруџа при првиот погоден момент. Ваквиот изменет приод кон приоритетите на Романија беше многу горчливо за масата и раководните лица од Ароманците. Сепак Романија имала свои интереси коишто ги ставала на прв план а тоа било прашањето на судбината на Јужна Добруџа. Во навечерието на Првата балканска војна ароманското прашање во Македонија изгледало како пораз за романската влада иако тој пораз имал свој политички мотив и бил плод на внимателно обмислена стратегија и тактика, која што проследувала многу поважни национални политички цели.

# Глава 15

## Балканските војни и конференциите за мир

Започнатите од пролетта на 1911 г. сондажи за создавање на Балканскиот сојуз против Отоманската империја предизвикуваат загриженост на романската влада (официјално) за судбината на Ароманците. Романската надворешна политика си поставила за цел да се обезбеди целоста на „Романците” од Битолскиот, Солунскиот и Скопскиот вилает преку изградба на една државна заедница, која би била нешто како „клин” меѓу идната албанска држава, Грција и Бугарија. На 12 февруари 1912 г. Друштвото за македоно-романска култура на чело со универзитетските професори Георге Мурну, Николае Папахаџи и Јулиу Валаори пристапува кон акција. Била испратена делегација до владите на Австро-Унгарија и Италија, која требала да настојува пред нив да биде спречена поделбата на Македонија од балканските сојузници. На делегацијата ѝ било наложено да ја брани идејата да биде создадена независна или под протекторат на големите сили „ароманска” држава од Косово, Скопско, Битолско, Мегленско, Берско и Јанинско. Делегацијата ја посетува Виена, каде била примена од министерот за надворешни работи и високи службеници од неговото министерство, пред коишто ја изложуваат „македоно-романската” кауза. На пат за Лондон запираат и во Париз каде што се среќаваат со францускиот министер за надворешни работи.[1]

Заинтересираноста на романската влада се засилува и од опасноста да биде нарушено статус-квото на Балканот. Лидерот на Конзервативно-демократската партија, Таке Јонеску, води опширен разговор со бугарскиот ополномоштен министер во романската престолнина за договор со Бугарија. Без да искаже конкретни намери, тој ја заштитувал тезата за компензација на Романија при евентуалното проширување на Бугарија на југ. При наредниот разговор со него во текот на март 1912 г., Т. Јонеску категорично изјавувал дека ако Бугарија се „помрдне” на југ, Романија *„со сите средства ќе*

---

[1] Г. Даскалов, op. cit., 124; Românii de la sud de Dunare..., 256; Табаков, Ромънитe въ Македония, София 1913, 46.

*побара исправка на својата неприродна добруџанска граница со Бугарија”.*[2]

Во последните денови пред избувнувањето на Првата балканска војна, ситуацијата во Отоманската империја не еволуираше во корист на Ароманците. Внатрешните и надворешните кризи придонеле за победа на шовинизмот над либерализмот во раздвижените кадри на Младотурците, што произлегло од распуштањето на парламентот и одржаните избори во април 1912 г. Албанците се дигнаа против отоманските власти, се зголеми бројот на терористички напади (од јануари до јули 1912 г. во Македонија се случиле повеќе од 500 политички убиства).[3]

Избувнатата во текот на октомври 1912 г. војна на балканските сојузници против Отоманската империја дала можност за нивно територијално проширување. Инаку војната избувнала токму во моментот кога Италија склучила мир со Отоманската империја на 18 октомври 1912 г. во Лозана, по завршувањето на италијанско-турската војна од 1911-1912 г. Оваа војна секако послужила како сигнал балканските сојузници да ја нападнат Отоманската империја. Треба да се спомене дека во моментот кога започнале воените операции, Ароманците имаа на располагање 106 основни училишта во 81 населено место, една гимназија, Академија за трговија, трговско училиште, педагошко училиште за оспособување на учители и еден интернат во Цариград.[4] Меѓутоа сега положбата на Ароманците повеќе не зависела од желбите на Големата Порта.[5] Во февруари 1913, кога веќе не постоеја надежи за Отоманската империја, во Цариград беше основан еден „Комитет за заштита на интересите на муслиманското, еврејското и куцовлашкото население во Македонија”. Еден мемоар за автономизирање на Македонија, подготвен од Ароманецот Н. А. Папахаџи, беше испратен до амбасадата на Австро-Унгарија. Делегација на овој комитет заминала и во Лондон, во март 1913 г. и во Виена каде што побарала независност на градот Солун и неговиот хинтерланд. Оваа иницијатива беше безуспешна.[6]

Текот на воените операции е познат. Отоманската војска претрпела брз и катастрофален пораз. Трупите на балканските сојузници го зазеле поголемиот дел на Европска Турција. Бугарската војска

[2] Исто.

[3] M. D. Peyfuss, op. cit., 110.

[4] Исто.

[5] Исто.

[6] Исто.

се движела право на турската престолнина, оставајќи им го на Србите и на Грците приоритетот во Македонија; Овие две држави си го поделија поголемиот дел на земјата. На Отоманската империја не и преостанувало ништо друго туку да моли за мир. На 3 ноември 1912 г. отоманската влада се обратила на силите, молејќи ги да посредуваат за склучување на мир.[7]

Во меѓувреме во сите аромански центри од Битолскиот вилает дошле Србите и Грците, кои ја окупираа широката зона на југозападна Македонија, вклучувајќи ги во нивната сфера на власт мнозинството Ароманци.

Во однос на однесувањето на ароманското население со национално чувство кон новонастаната ситуација не се знае многу, но во секој случај не можело да биде срдечно. Грција учествува во воените дејствија со две армии. Едната дејствува во Епир, а другата настапува во Македонија. На јужноепирска земја зазема територии со компактно ароманско население. По националното раздвижување во казите Бер и Гревена, окупирани од Грците, беа уапсени, малтретирани и депортирани, Албанци, Турци и Ароманци во градот Јанина, опседнуван дури до март 1913 г. и преземен со жесток отпор на Османлиите.[8]

Во делот на Македонија којшто го заседоа грчките војски, ароманското население ја пресретнало грчката војска со примиреност и почит, иако им било одговорено со насилство. Грчките власти уште од првите денови се стремат да внесат респект и страв. Таков бил примерот со селото Периволи во Гревенско. Кога ја заземаат Гревена, 22 Ароманци од селото пристигнуваат со развиорено грчко знаме во градот, за да изразат уважувањето пред ново воспоставената власт. Ги предводи познатиот аромански учител и свештеник Д. Константинеску. Тие го посетуваат митрополитот Емилианос, за да ја посведочат нивната почит. Архиерејот изрично му изјавил на Константинеску дека не го прифаќа како аромански свештеник и дека дури и грчката влада да ја признае ароманската заедница, црквата никогаш нема да го стори тоа. Непосредно по враќањето на делегацијата, во Периволи пристигнува грчка андартска чета која ги зазема црквата и училиштето. Многумина се затворени, а поради стравот од терор селаните биле принудени да ги напуштат семејствата и да бараат спас во бегство. Уште истата ноќ 12 првенци,

[7] Исто; Историја дипломатије, Свеска II, Дипломатија новог доба (1872-1919), У редакцији академика В. П. Потемкина, Београд 1949, 195.

[8] M. D. Peyfuss, op. cit., 111.

меѓу кои и Д. Константинеску, заминуваат за Јанина, за да побараат заштита од романскиот конзул. Андартите запалуваат три куќи меѓу кои и онаа на свештеникот Д. Константинеску. Биле убиени и три жители од местото: Ѓ. Пердики, Куша Папатодор и Стеријо Фушка. Андартските насилства ги принудуваат семејствата на веќе избеганите селани да го напуштат Периволи и да побараат спас во Јанина.[9]

Убиства биле извршени и во самиот град Гревена. Тука беше убиен аромaнскиот учител Димитри Чикма, по потекло од с. Турја (Крања).[10] Грчките власти извршиле престапи и во Берско, каде многу аромански куќи и цркви биле ограбени.[11] Превземените репресивни акции од ново воспоставените грчки окупациони власти му дале основа на К. Папаначе да изведе заклучок: „Многу од ароманските првенци беа затворени, а неколку и убиени”.[12]

Никола Минов истакнува: „Се чини дека бугарските и српските војски биле толерантни кон ароманското население, адекватно на толерантноста што Ароманците ја покажувале кон нив. Односот на Ароманците со Србите бил прилично добар, особено во Крушево, каде силите на српската воена окупација се состоеле пред сѐ од Романци од источна Србија, со кои Ароманците можеле мошне лесно да се разберат. Бугарите исто така добро се однесувале кон Ароманците. „Бугарите ги почитуваат животот, имотот, училиштата и нашите цркви”, пишува еден Ароманец од Солун за време на Првата балканска војна.[13]

Во борбата за отоманското наследство Букурешт ги поставува своите претензии и пред Лондонската конференција за мир. Романската страна настојува за компензација против проширувањето на останатите балкански држави и главно на Бугарија. Кога нејзиното барање не било задоволено, Романија настојувала да ѝ се даде еден остров во Егејско Море, но и ова барања не било задоволено.[14]

Немањето на можност да биде реализирана идејата за создавање на проектираната државност на „Македо-романците” според Георги Даскалов, ја принуди романската влада да ја промени своја-

[9] Д. Константинеску, Биографија, Скопје 2002, 45, 47.

[10] Никола Минов, Грчките злосторства врз Ароманците за време на Балканските војни (1912-1913), Документи, VII/1, Скопје 2010, 16.

[11] Г. Даскалов, op. cit., 125.

[12] К. Папаначе, op. cit., 96.

[13] Н. Минов, op. cit., 15.

[14] Г. Даскалов, op. cit., 115.

та тактика пред конференцијата на пратениците во Лондон. Со телеграма од 22 март 1913 г. (Датумите се по новиот стил) романскиот министер за надворешни работи, Т. Мајореску, му дава задача на романскиот ополномоштен министер во Лондон, Николае Мишу, да ја брани идејата за присоединување кон Албанија на „Македоноромanците" од Пинд, во областа на Самарина и Мецово. Тоа требало да се случи врз основа на признавањето на месното „романско мнозинство" на правото да го користат својот јазик во администрацијата и на правото да има сопствени училишта и цркви. Сето тоа требало да влезе како основен принцип во Уставот на Албанија.[15]

На 26 март Н. Мишу известува во Букурешт за неговата позиција која што ја бранел пред конференцијата на пратениците за присоединувањето кон Албанија на територијата на Јанина, Мецово, Гревена, планината Грамос и сѐ до Корча. Населението во овој регион можело да биде проценето на повеќе од 80.000 жители „романско население" кое што живеело во 36 населби од кои поглавни биле: Самарина, Авдела, Периволи, Турја, Лабаница, Сираку, Лаиста, Лешница, Бреаза, и др.[16] Албанскиот устав требало да ја гарантира општинската автономија на Ароманците, а по можност и нивната политичка автономија, и исто така да биде користен „романскиот јазик" во администрацијата, училиштата и црквите.[17]

На 27 март Н. Мишу доставува промеморија во Форин офис на државниот секретар за надворешни работи, Едвард Греј. Во неа повторно било поставено прашањето за присоединување на ароманските реони кон Албанија. Во документот се истакнува дека територијата на падините на Пинд, од Грамос до градот Аграфа во Евританија е населена главно со „Романци", . Било напоменато дека дел од тие земји, со компактна „романска маса", согласно решенијата на Берлинскиот конгрес веќе биле анектирани од Грција, против што романската влада протестирала. Во промеморијата се истакнува дека и покрај тоа и сега се подготвувала анексија на други делови со компактно „романско" население, но веќе од Албанија. Се настојува албанската држава да ја гарантира административната автономија на општините населени со ароманско население и тоа да влезе како принцип во нејзиниот устав.[18]

За да се заштити националната индивидуалност на „Романците" од овие места коишто ќе бидат инкорпорирани во границата

[15] Исто, 126.

[16] Românii de la sud de Dunare..., 237.

[17] Исто.

[18] Исто.

на Албанија, Големите сили треба да ги гарантираат овие права со меѓународен договор кој ќе го замени Берлинскиот договор и со него ќе се администрираат сите места каде мнозинството на населението било ароманско, исто така во сите „романски" цркви и училишта, јазикот којшто ќе се користи ќе биде „романски". Покрај ова, новата албанска држава која ќе ја гарантира административната и општинската автономија, колку што било можно, политиката кон „Романците" во Албанија да овозможи без пречки функционирање на еден религиозен поглавар во зоните населени од „Романци".

Романската држава може да ги субвенционира, како што правела во минатото, „романските" институции за култура во Албанија, без никакви рестрикции од страна на албанската држава.

Во меѓувреме во Лондон пристигнала делегација на „Македонороманците" во состав на Ѓ. Мурну, Ј. Валоари и Н. Папахаџи. Нивната задача била да го поставаат прашањето за иднината на нивните сонародници пред конференцијата на пратениците. Тука тие имаат средба со државниот секретар за надворешни работи Е. Греј и други високи функционери во Форин Офис. За нивниот престој во британската престолнина и за нивната дејност била известена со телеграма од 27 март од романскиот ополномоштен министер романската влада.[19]

Уште пред завршувањето на Првата балканска војна со потпишаниот во Лондон на 30 мај 1913 г. мировен договор[20] противречностите меѓу сојузниците водат до зближување на Атина и Белград на штета на Бугарија. Во деновите, кога се подготвувал грчко-српскиот сојузен договор,[21] при очекуван воен судир со Бугарија, грчката страна се зближува и со Романија. Монета за поткусурување се правата на Ароманците во Грција. На 15 мај 1913 г. грчкиот пратеник во Букурешт Пападиамандопулос се сретнува во министерството за надворешни работи со романскиот премиер, Т. Мајореску. Од името на грчката влада пратеникот предлага да се воспостават сојузнички односи меѓу двете страни, откако од своја страна Атина го презема ангажирањето да им дозволи во новосоздадените земји од Македонија да го користат целосно и слободно својот мајчин јазик во своите цркви и училишта. Во својот одговор романскиот премиер наблегнува на природното право на Ароманците да ги имаат таквите при-

---

[19] Исто, 238.

[20] За клаузулите на договорот види: Александар Христов и Јован Донев, Македонија во меѓународните договори 1875-1919, Скопје 1994, 176-179.

[21] Исто, 180-185.

вилегии, како и на правото на романската влада да го потпомага ароманското просветно и црковно дело и да назначи еден епископ. Тие прашање биле засегнати и при средбата на романскиот генерален конзул во Солун, С. Константинеску, со кралот Константин при неговата посета на градот. Кралот Константин дал уверување, дека *„отсега и за во иднина работите ќе одат многу добро за Куцовласите”*, и за ова генералниот конзул ја известува владата во Букурешт.

Една од целите што ги проследувала романска дипломатија за време на мировната конференција во Букурешт била да ги осигури правата на „латинофоните”. Со писмо од 22 јули премиерот Т. Мајореску му напоменува на раководителот на бугарската делегација, Димитар Тончев, дека со потпишувањето на протоколот во Лондон од 20 јануари 1913 г. и врз база на чл. 4 од протоколот, потпишан во Санкт Петербург на 9 мај 1913 г., Бугарија се согласила да даде автономија на училиштата и црквите на „Куцовласите” и да создаде епископат за нив, со олеснување за романската влада да ги субвенционира под надгледување од страна на бугарската влада.[22] Во текот на двостраните разговори за време на преговорите Т. Мајореску ја добива согласноста на раководителот на српската делегација Никола Пашиќ за автономија на училиштата и црквите на Ароманците. На 23 јули романскиот премиер му испраќа писмо со молба да го потврди официјално постигнатиот устен договор. Таков договор е постигнат и со раководителот на грчката делегација, Елефтериос Венизелос. Според Георги Даскалов тоа било цената за романската поддршка за грчките претензии за Кавала, а како противтежа на бугарските барања.[23]

Со телеграма на Д. Тончев од 22 јули, на Е. Венизелос од 23 јули и на Пашиќ од 25 јули, до романскиот премиер е соопштено за согласноста од нивна страна да им се даде споменатата автономија на Ароманците.[24]

На 10 август 1913 г. бил потпишан Букурешкиот договор за мир. Србија ја добила не само „спорната”, туку и скоро целата „неспорна” бугарска зона во Македонија; Грција - покрај Јужна Македонија со Солун, добила и дел од западна Тракија; дел на источна Тракија со Едрене бил вратен на Отоманската империја. Романија ја добива јужна Добруџа. На тој начин, Бугарија го изгубила не само по-

[22] Românii de la sud de Dunare..., 238.

[23] Г. Даскалов, op. cit., 127.

[24] Исто; Românii de la sud de Dunare..., 238-239.

големиот дел на освоените територии, туку и некои свои поранешни поседи.[25]

Во текстот на Букурешкиот договор Ароманците не биле споменати ниту со еден збор, давајќи во анексот на договорот за мир една размена на ноти меѓу Романија од една и Бугарија, Грција и Србија од друга страна, во која последните три балкански држави се обврзаа да се согласат за училишна и црковна автономија на Ароманците во нивните нови поседи, да дозволат организирање на епископии за Ароманците со парична помош за овие институции од страна на владата во Букурешт.[26] Проблемот на Ароманците во Отоманската империја така беше затворен со обидот на Романија да интервенира кај другите држави да се исполнат нивните права, но пред сѐ заради зголемување на нејзиниот престиж.

Како што е споменато погоре, според Букурешкиот мировен договор Јужен Епир и Егејска Македонија ѝ беа доделени на Грција. Како последица на тој акт преовладувачкото мнозинство од Ароманците на Балканот се нашло во границите на грчката држава. Истиот ден Е. Венизелос и Т. Мајореску си разменуваат по едно писмо. Грчкиот премиер го потврдува преземениот ангажман за правата на „Куцовласите", откако ја гарантира автономијата на нивните училишта и цркви. На романската влада ѝ се дава правото да биде „старател" на нивните религиозни и „национални институции". Двете писма биле вклучени како прилог кон мировниот договор.[27]

Грчката влада ги гарантира правата на „Куцовласите". Таа се обврзува со задолжението да им се даде училишна и црковна автономија, да им биде дозволено да си создадат сопствен епископат. Се признава и правото на Романија да ги покровителствува. Тие решенија меѓутоа биле приложени кон Букурешкиот договор за мир, без да бидат парафирани, со што и се дозволува можноста истите да не бидат применети.

Букурешкиот мировен договор бил остро критикуван и од авторите од ароманско потекло. К. Папаначе ја обвинувал романската влада, дека не ја искористила можноста да бидат *„создадени оптимални услови за Ароманците за нивното национално опстојување"*. Тој сметал дека романското раководство егоисточно се користело од ароманскиот проблем за да бара компензација преку кориги-

---

[25] Историја дипломатије, op. cit., 204; Кръсто Манчев, История на националния въпрос на Балканите, София 2008, 202.

[26] M. D. Peyfuss, op. cit., 116.

[27] Г. Даскалов, op. cit., 127.

рање на јужната граница со анектирањето на Кадрилатер (Јужна Добруџа). Според него ентузијазмот „на поколението од 1848 г." се трансформирал во „меркантилен" реализам. К. Папаначе категорично изјавува дека со Букурешкиот мировен договор *„интересите на Ароманците на Балканот беа саботирани, ако не дури и продадени"*. Според него, со тој договор *„под закрилата на Романија бил нанесен најтешкиот политички удар на нашата (ароманска, Г. Д.) национална политика на Балканот"*.[28]

Причината за тој неуспех за ароманската кауза К. Папаначе ја бара главно во акциите на романските дипломати во странство. Според него тие не ги поткрепувале укажувањата на премиерот Т. Мајореску цврсто да ја заштитуваат во странските престолнини идејата за создавање на една албанско-ароманска држава, која ќе ги опфаќа компактните ароманси маси во пограничните области на Албанија. Дури и повеќе од тоа, тие се стремеле да му ја променат позицијата по тоа прашање. К. Папаначе го објаснува тоа со фактите дека тие имале грчко потекло како напр. Н. Мишу (Мисиос), Филотис и Маврокордатос, романски дипломатски претставници соодветно во Лондон, Белград, Виена. Според него тие служеле *„на својата вистинска нација"* , со оглед на тоа што создавањето на една албано-ароманска држава би било на штета на Грција.[29]

Договорот Венизелос-Мајореску реално го признава постоењето на „романското малцинство" во Грција. На него му било дадено правото да ги поддржува своите општини, училишта и цркви, како и да има контакти со романските дипломати во земјата. Во тој дух со писмо од 21 септември 1913 г. генералниот управник на Македонија, Маврудис, им ги дава потребните упатства на нему потчинетите служби.[30]

И покрај тоа што грчките власти привидно се сообразувале со тој ангажман, преку разни начини тие ги преследувале лицата што ги испраќале своите деца во „романските училишта" или ги посетувале „романските цркви". Ароманските патриоти биле подложени на преследувања. До судири меѓу Ароманци и Грци доаѓа во мегленските села Ошин и Љумница, во Клисура, Костурско и др. Високите црковни лица и офицери изразуваат тревога за постојаното засилување на ароманскиот национален дух. Властите во Костур во својот извештај до грчкото министерство за надворешни работи из-

[28] Исто, 128.

[29] Исто.

[30] Исто, 128-129.

вестуваат за дејноста на „романските” учители Ахилеас Димче и Наум Мегариси од Клисура. Тие биле обвинети за испратената од селото петиција до костурскиот владика за назначување на „романски” свештеници, а која наводно била со фалсификувани потписи и со имиња на лица што биле иселени или умреле.[31]

Во окупираната во текот на балканските војни Јужна Албанија (Северен Епир) месното ароманско население било малтретирано од страна на грчките власти. На 23 април 1914 г, во Корча биле егзекутирани првиот ароманскi учител и свештеник во Албанија, Хараламби Баламачи, неговиот брат Сотир, Василе Тате и Василе Талабаце, што предизвикало масовни протести во Романија.[32]

Поопширно за положбата на Ароманците во текот и по балканските војни во земјите коишто ги населувале тие, односно целиот Балкански Полуостров, зборува Таке Јонеску во едно свое интервју.[33]

Во ова интервју од 1 април 1914 г. Таке Јонеску ја опишува положбата во Јужна Албанија под окупацијата на грчките трупи, потоа улогата на гореспоменатиот учител и свештеник Харалмби Баламачи и воопшто животот на Ароманците на овие подрачја. Тој истакнува дека многумина од ситуираните луѓе во Грција, во суштина биле епирци или во основа Албанци грко-романи.[34]

Според Таке Јонеску, Венизелос повеќе направил за Грција отколку Бизмарк за Италија.[35] Тој исто така истакнува дека без приклучувањето на Корча кон новата држава Албанија, последната не би можела да се одржи. Според него Романија била ориентирана кон одржување на мирот на Балканот, што добро го покажала со потпишувањето на Букурешкиот мировен договор во 1913 г.[36] Меѓутоа Таке Јонеску не кажува што Романија направила во новонастанатата ситуација за подобрување на положбата на Ароманците.

Во статијата „Македонските Романци” објавена во весникот „Универсул” од 3 април 1914 г., се зборува за ситуацијата на „Роман-

---

[31] Исто, 129.

[32] Исто.

[33] Таке Јонеску (1858-1922), по политичка ориентација либерал (1884-1891), а потоа конзервативец (1891-1922). Основач на конзервативно-демократската партија во 1909 година. Бил министер во четири влади, играјќи важна улога за време на Балканските војни и склучувањето на Букурешкиот мировен договор. Интервјуто за коешто зборуваме било објавено во весникот „Вистина”.

[34] Românii de la sud de Dunare..., 248.

[35] Се однесува на ставот на Бизмарк кон обединувањето на Италија во 1870 година.

[36] Românii de la sud de Dunare..., 249.

ците” на југ од Дунав и однесувањето на романската влада во врска со нивната положба. Авторот на статијата споменува дека околу 30 години се дискутирало за положбата на „Романците” кои се наоѓале на југот на Балканот. Според пишувачот на статијата, во Македонија, Албанија, Епир и Тесалија, „Романците” од овие предели во Романија биле наречени „Македонороманци”. Романските влади во подолг период придонеле за изградба на училишта, цркви и развиток на националната култура на „Романците”. Османлиската империја била обвинувана за меѓусебните борби на своите поданици. Романија ги прекинувала односите со Грција поради активностите на андартските чети насочени против „Романците”.

Букурешкиот мировен договор, според авторот на статијата, дава можности и гаранција за слободен развиток на „романскиот” елемент во балканските држави. Но сето тоа останало како мртво слово на хартија. Претходната влада интервенирала во Белград, а актуелната влада имала интервенирано во Атина.

Од страна на Пашиќ и Венизелос биле давани уверувања дека ќе бидат почитувани одлуките од Букурешт и дека истапувањата против нив биле правени од неодговорни луѓе и дека владите во Белград и Атина немале врска со тоа.[37]

Меѓутоа во текот на 1914 г., во Кралството Србија биле затворени сите аромански училишта вклучително и лицејот во Битола. Во Албанија таквите училишта стануваат државни и практично во нив мајчиниот јазик бил елиминиран.[38]

Погоре наведената судбина на учителот и свештеникот Хараламби Баламаче многу јасно зборува во каква ситуација се нашле Ароманците во балканските земји по војните од 1912-1913 г.

За положбата на Ароманците во балканските земји говори и апелот од 4 април 1914 г., подготвен во Букурешт од Македоно-романското друштво за култура. Во апелот се барало да се даде што поголем публицитет на „Масакрот од Корица” (Корча) со кој им беше одземен животот на ароманските челници: свештеникот Хараламби Баламаче, неговиот брат Сотир Баламаче, Василе Тате, Василе Талабаче и баба Јана” и тие најенергично треба да бидат осудени. Фактот дека авторите на овие убиства не биле неодговорни личности, туку се дел од официјалните органи на грчката држава, треба да се обзнанат пред целокупното романско јавно мислење”.[39]

---

[37] Исто, 250-251.

[38] Г. Даскалов, op. cit., 238; К. Папаначе, op. cit., 39.

[39] Македоно-Романско друштво за култура..., 241.

Групата на „Македоно-романци" сметала дека ова прашање било поврзано со честа на Романија, која учествувала во воспоставувањето на балканскиот мир, по кој таа се здоби со гаранции дека Мировниот договор ќе биде почитуван и во однос на постоењето на „романскиот" елемент од Македонија, и се барало овие гаранции да бидат реални.[40]

Во еден извештај на Македоно-романското друштво за култура од 20 април 1914 г., под наслов „Општо претставување на развојот на проблемот на Романците од југот на Дунав, во текот на Балканските војни од Г. Мурну" меѓу другото се вели: „По постигнатите први успеси на балканските сојузници и веднаш напуштениот став на статус-квото на големите сили и негова замена со принципот „Балканот на Балканците", Друштвото ги гледа и големата опасност и трагичната перспектива пред која се најде ароманскиот народ со поделбата на Македонија меѓу сојузниците, требаше да преземе и спроведе активен и енергичен однос и при тоа да го наметне своето видување, во моментите кога политичкиот свет од Европа беше преокупиран со големите проблеми кои неочекувано се наметнаа поради пресвртот на настаните на Балканот.

Нашиот Комитет, уште од самиот почеток на настаните, дојде до сознание дека единствениот начин за спасување на Ароманците беше основањето на една автономна Македонија. За таа цел, Друштвото состави еден Меморандум, со кој се поддржуваше овој принцип прифатлив не само за националните романски интереси, туку и за локалните околности, и општи локални потреби бидејќи создавањето на автономна Македонија како неутрална држава ќе има за цел да ги неутрализира односите на силите меѓу Грците и Словените, и да ги смири не само аспирациите и потребите на разни националности кон овие држави, туку и засекогаш да му обезбеди еден природен и траен мир со вистинска трајност на Балканот. Нашиот Меморандум беше публикуван на романски, француски, германски и англиски јазик и беше дистрибуиран во државата и во странство, за да се запознаат со него не само јавните гласила, туку и сите политички кругови заинтересирани за источните проблеми.[41]

Во однос на последиците од склучувањето на Букурешкиот мир се вели дека: „се потврди непочитувањето на нашите барани идеи. Неизмерно се радувавме дека Романија, држава мила на секое романско срце, беше величена, а нејзиното реноме од било кога по-

[40] Исто.

[41] Исто, 243-244.

рано, сега порасна пред светот, но во исто време, не можеме тука да ја изразиме и нашата неизмерна болка на нашата душа дека нашите браќа од Македонија ќе имаат можност да доживеат многу погорчливи денови отколку во минатото. Ослабени, како последица на нивното разделување меѓу четирите држави, во кои тие ќе мораат да се борат пооделно со администрацијата на едни народи полни со шовинизам и затруени со омраза и вековно непријателство за нив, нивниот отпор ќе биде многу потежок, а нивната победа тежок проблем за утрешниот ден.

Училишните и црковните гаранции, придобиени од Романија, би биле, што е вистина, една добра основа за идниот отпор и нивниот развој, ако балканските држави ги почитуваат на искрен начин и со добра волја, и не ги прават нивните права бесмислени со примена на илјадници индиректни средства, со кои тие располагаат, иако романската влада и покрај својата добра волја, во иднина би настапувала со поголем интерес и енергија за заштита на Ароманците... Училишната и црковната автономија ни е призната со еден Меѓународен договор и ние треба да направиме се што ни стои на располагање за да ја видиме исполнета и во целост почитувана. Ние ќе најдеме средства за опстанок, само ако навистина го сакаме нашиот род и нема подло да се повлечеме од борбата за придобивање на нашите права што ни следуваат”.[42]

Завршувањето на двете балкански војни и присоединувањето на Јужен Епир и Егејска Македонија кон Грција создава нова социјално-економска клима за ароманското население во тие области. Иселувањето на муслиманското население отвора стопанска празнина, којашто месното христијанско население во полските реони не може да ја исполни. Тоа создавало благопријатни услови за Ароманците. Тие се користат од таквата можност и слегуваат од планините, започнуваат да купуваат имоти и преминуваат кон живот на едно место. Многу од полските чифлици преминуваат во нивни раце. Цели реони во одделни градови добиваат аромански облик. На тој начин, напуштајќи ги своите планински населби, Ароманците изградуваат своја економска заедница. Врз таа база изникнуваат и претпоставките за нивното политичко обединување и проследувањето на општи политички цели. Напоредно со тоа по 1913 г. се појавуваат и некои негативни фактори. Новите граници ги раздвојуваат ароманските заедници во некои реони, нешто кое води до прекинување на економските и и духовните контакти.

---

[42] Исто, 245.

# Глава 16

## Ароманското прашање во текот на Првата светска војна

Избувнатата Прва светска војна во текот на 1914 г. го усложнува ароманскиот проблем и внесува во него нови состојби и меѓународни фактори. Макар што и официјално Грција била неутрална, таа во текот на месец ноември 1914 г. испраќа војници повторно да го окупираат Северен Епир. Сојузниците од страна на Антантата се согласуваат со заземањето на наведената област со надежта дека ќе ја привлечат Грција на своја страна, но само при услов дека таа ќе се повлече кога големите сили ќе го побараат тоа.[1] И покрај своето привремено престојување грчките власти создаваат своја граѓанска администрација, која што ја превзема врз себе управата на таа земја. Компактното ароманско население од реоните на Корча и Берат беше подложено на насилства. Политичката положба кон почетокот на 1916 г. води до целосна поделба на Албанија. Во текот на неколку недели нејзиниот северен и централен дел беше окупиран од страна на Австро-Унгарија. Јужна Албанија била заземена од италијанските војски. Во Корча и нејзината околина доаѓаа француски војски коишто ја предаваат нивната управа на грчката влада. Сојузниците донесуваат решение да се ликвидира грчката власт во Јужна Албанија. Искористени се италијанските војски коишто се наоѓале во земјата, коишто ги протеруваат грчките вооружени сили обратно во Тесалија.[2] Во текот на јуни 1917 г. италијанските војски ја воспоставуваат својата контрола над Јанина и излегуваат во непосредна близина на реоните на Самарина и Гревена, населени со компактно ароманско население. Исто така треба да се спомене дека Грција морала да се согласи со италијанската окупација на Валона.[3]

---

[1] Г. Даскалов, op. cit., 130.

[2] Исто.

[3] Италијанците го зацврстиле своето упориште во Албанија со одредбите од тајниот Лондонски договор (26 април 1915), врз основа на кој што влегоа во војната. Со тој договор Италија добиле потполн суверенитет над Валона, над островот Сасено и со доволно опширна територија со која би се обезбедила одбраната на овие точки.

Меѓутоа да не заборавиме дека во времето кога грчките трупи сеуште се наоѓале во Јужна Албанија уште од самиот почеток Грците не обрнувале никакво внимание на условите коишто ги поставиле сојузниците. Во јануари 1916 г. им допуштиле на делегатите од Северен Епир да седат во грчкото собрание. Во април 1916 г. таа територија со кралски декрет била припоена кон Грција. Сојузниците протестирале и успеале да го остварат исклучувањето на „епирските" делегати од собранието. Меѓутоа спорната територија останала под целосна грчка контрола.

На територијата на Македонија којшто била окупирана од српските власти се случуваат следните настани. Според првиот попис извршен набргу по балканските војни во вардарскиот дел на Македонија и по извршените корекции по Букурешкиот договор кога на Грција и на Албанија им бил остапен дел од територијата на Македонија заземен од српските војски од околу 300.000 жители во округот се сметало дека биле околу 40.000 Власи.[4]

Според пописот од 1914 г. за Битолската околија со седиште во Битола - општината Моловишка - Моловиште имала 1.629 жители; општина Магаревска - Магарево - Ротино - село Магарево имало 1.492 жители; општина Нижополска - село Нижополе имало 1.028 жители; општина Трновска - Братиндол, селото Трново имало 1.735 жители.[5]

Друг факт којшто треба да се спомене е дека по Балканските војни поголемиот дел од припадниците на ароманското малцинство од Битола и околните села (Магарево, Трново, Маловиште, Нижополе, Гопеш, коишто исклучиво биле населени од припадниците на ароманското малцинство) како и Македонците патријаршисти под притисок на грчката пропаганда, а и од српската власт, по Букурешкиот мировен договор ги напуштале своите домови и се населувале во Лерин, Воден и Солун.[6]

Сите овие околности по балканските војни придонеле да се намали бројот на ароманското население во споредба со 1900 г., како од градот така и од околните села.

Карактеристичен е да се спомене и фактот дека поголем број од оние кои биле за регрутирање од страна на српските власти, пребегнувале преку Пелистер за Грција, а потоа во САД. Така во селото

[4] Глигор Тодоровски, Просветната политика на Кралството Србија во Македонија по Балканските војни (1912 - 1913), Скопје 1970, 44.

[5] Исто, 69.

[6] Исто, 94.

Моловиште некој си Коста од село Магарево, просто станал курир на овие бегалци. Тој за пари ги префрлал (а истиот одлично ги познавал патиштата) во Грција.[7]

Една од главните чаршии во Битола била Влашката чаршија, каде што се продавале најпотребните артикли за секојдневните потреби на граѓаните, како и производи од домашната индустрија донесени од битолските аромански села.[8]

Од селата Дихово и Магарево годишно се извезувале текстилни производи и изработки од домашната индустрија во вредност од 100.000 наполеони во злато.[9]

На просветен план во 1914 г. српските власти дозволувале, освен државни, само влашки основни училишта, и тоа приватни.[10]

Поделикатна е политиката на српската власт кон ароманското население и училиштата во вардарскиот дел на Македонија. По сила на специјалната спогодба меѓу романската и српската власт уште за време на преговорите во Букурешт, српската власт се согласила на ароманското население во Македонија да му отвори училишта и да има даде црковна автономија. Меѓутоа, уште со самите подготовки во септември 1913 г. за отворање на ароманскі училишта, наидуваат на отпор од српската власт. Тоа предизвика револт кај романскиот министер и премиер, Мајореску, кој што со нота ѝ се обратил на српската влада: „Како што беше договорено за време на нашите преговори, сакам да ве замолам да ми одговорите и да ми потврдите на нашата нота дека Србија е согласна да им даде училишна и црковна автономија на Власите коишто се наоѓаат во вашата држава и да допушти формирање на една епископија за сите тие Власи со можност романската власт да дава дополнителни средства па макар и под српска контрола на горенаведените институции сега и во иднина". Ветувањето Србија во однос на автономијата на ароманските училишта и цркви во вардарскиот дел на Македонија изгледа ќе остане само мртво слово на хартија. Имено заради тие политички причини српската власт е приморана да се согласи да бидат задржани неколку основни ароманскі училишта во Битола, Крушево, Гопеш и Моловиште, каде што живее компактно ароманско население, каде што и пред војната имаше училишта. Тие училишта, макар што се потврдени и со официјална одлука претставу-

---

[7] Исто, 97.

[8] Исто, 224.

[9] Исто, 122.

[10] Исто, 123.

ваат трн во око на полициската и просветната власт во вардарскиот дел на Македонија. Затоа училишните инспектори во Битола и Крушево агитираат ароманското население да ги испраќа децата во српските училишта. И по тој повод романското пратеништво во Белград повторно протестира.[11] Тогаш српското Министерство за просвета бара објаснување од училишниот инспектор во Битола, кој одговара дека за ароманските училишта не се издадени никакви наредби така што не може да стане збор за пречки при запишувањето на учениците во романските училишта. Меѓутоа, според него, има ученици кои претходно учеле во ароманските училишта, а сега се запишуваат во српските, зашто мајчиниот јазик им бил „српскиот". Власите - гркомани исто така сакале да се отворат српски училишта. Неискрена е политиката на српската власт и кон ароманското население во вардарскиот дел на Македонија.[12]

Меѓутоа, започнувањето на Првата светска војна во 1914 г. уште повеќе ја влошува положбата на ароманското население.

По поразот на Србија и Црна Гора до февруари 1916 г. Австријанците се утврдуваат во Скадар и Драч, додека пак Италијанците и понатаму се држеле во Валона. Подоцна истата година сојузниците решиле да ги протераат Грците од Јужна Албанија бидејќи немале доверба воројалистичкиот режим во Атина. Во рамките на тоа, Италијанците го завзеле Ѓирокастро, па дури и Јанина во самата Грција, додека заповедникот на Солунскиот фронт, францускиот генерал Сарај, ги проширил своите позиции на исток додека не ја запоседнал Корча и се споил со Италијанците. Така, кон крајот на 1916 г., северна и централна Албанија биле под окупација на Австријанците, областа на Валона и Ѓирокастро под Италијанците, а областа на Корча под Французите. Сите окупациони власти одобрувале извесен степен на самоуправа со цел да го намалат обемот на административните работи и да го придобијат локалното население.[13]

Насекаде во ароманските села од Пинд италијанските војски биле пресретнувани како ослободители, со песни и цвекиња. Според зборовите на К. Папаначе, „во нивната окупациона зона, во којашто бил отстранет грчкиот јарем, националното започна да добива невидена дотогаш ширина. Тоа било важечко не само за ароманските села, во коишто дејствувала националната пропаганда, но дури и за веќе денационализираните копачари и загорити, коишто живееле

[11] Исто.

[12] Исто.

[13] L. Stavrijanos, op. cit., 679.

во областа Хаша и Загора". Според Георги Даскалов, тие тогаш јасно и отворено изјавувале, дека се Ароманци. Ароманците верувале дека спасувањето на нивниот народ ќе дојде „кога ќе се отвори Валона" (Влора, Г.Д.) то ест кога ќе се вмеша Италија.[14]

Новонастаните услови придонеле да се активираат стремежите на Ароманците. Уште во текот на м. јуни во Мецово, Авдела и Самарина била прокламирана идејата за создавање на автономен кантон со републиканска управа. Бил избран Национален комитет, составен од кметовите на 12 општини, кои биле уважувани и авторитетни месни Ароманци, како и од извесен број на делегати од останатите аромански реони. Во заземените од Италијанците територии Ароманците создаваат свои вооружени формации и го започнуваат своето самоуправување. Грчкиот јазик бил исфлен од училиштата и црквите и бил заменет со мајчиниот. Во една таква атмосфера на Северен Пинд се појавува личноста на Алкивиад Диаманди.[15]

Диаманди бил роден во с. Самарина, Гревенско. Завршува грчка гимназија во Солун и работи како „романски" учител. Во текот на Првата балканска војна служи како доброволец во грчката армија со чин сержант. Потоа заминал за Романија, каде според некои истражувања се поврзал со „романската пропаганда", а според Јоанис Кољопулос имал влезено во врска со влијателни политички и економски средини.

Во 1916 г. тој се враќа во Грција и се вклучува како доброволец во армијата на Венизелос. Во политичките борби во текот на военовременскиот период се пројавува како противник на приврзаниците на кралот и води борба против нив во „куцовлашките" реони.[16]

По враќањето во Грција, застанува на чело на вооружените „Куцовласи" и издава „наредба" со која го забранува употребувањето на грчкиот јазик, а свештениците ги присилува литургијата во црквите да ја извршуваат на аромански јазик, во училиштата наставата да се извршува на романски јазик. На официјална свеченост, во присуство на Италијанци, Диаманди Пинд го прогласува за „Кнежевство", со знамето со италијански бои и амблем волчица со двете волчиња. Истиот се самопрогласува за „Кнез на Пинд".[17]

---

[14] Г. Даскалов, op. cit., 130.

[15] Gheorghe Zbuchea, Italie et les Aroumains dans les vingitieme siecle, Документи, I/1, Скопје 2004, 35.

[16] Г. Даскалов, op. cit., 131.

[17] Спиридон Благоев, Куцовлашкото движење и „Влашката република" во Грција 1941-1945 година, Документи, VI/3 - 4, Скопје 2009, 3.

По навлегувањето на Италијанците во Јужен Епир тој настојувал да ги мобилизира усилбите на националноосознаениот дел од неговите сонародници и со поддршката на италијанските власти да постигне автономија за аромански реони преку создавање на кантон под водството на Италија.[18]

Италијанците ја поддржувале фамата која што се ширела дека Рим и Букурешт ќе соработуваат на Балканот преку создавањето на „латинска итало-романска држава". Тие испраќале материјална поддршка на Ароманците, испраќајќи храна за оние што имале потреба од неа. Во некои од нив се установуваат нивни претставници, за да бидат во непосреден контакт со ароманското население и да реагираат на нивните општествени и социјални потреби. А. Диаманди се користел од италијанските интереси во регионот за целите на ароманското национално дело. Италијанците пак го искористуваат ароманското движење, од една страна, за да му ја намалат силата на грчкиот фактор, а од друга за да најдат опора за својата балканска политика.[19]

Кога избувнала Првата светска војна ароманското население во Грција ја истакнува својата надеж дека ќе може да го реализира својот национален идеал. Основата за тоа лежела во крајно колебливата до летото на 1917 г. позиција на грчката влада за нејзината надворешна политичка ориентација, исто така и вербата во победата на Антантата. Ароманското население се надевало дека неговиот глас ќе биде чуен од земјите победителки. Во оваа насока се и воспоставените контакти со италијанските воени власти во реонот на Пинд кога локалните аромански дејци брзаат да ги декларираат своите симпатии и кон Франција со надеж да ја стекнат нејзината поддршка. На 22 јули 1917 г. собраните во Мецово претставници на Ароманците од селата на Пинд испраќаат поздравна телеграма до францускиот конзул во Јанина, во којашто ја изразуваат својата покорност пред француската воена моќ. Без да испратат конкретни барања тие напоменуваат за „ароманската народност на Пинд" кој што во моментот е окупиран од „храбрата италијанска армија". Телеграмата била потпишана од директорот на „романското" училиште во Мецово, Т. М. Николау, и од уште 26 души.[20] Потпишан покрај наведениот Т. М. Николау, Деметре Папахаџи, Стерио Георгеску, Милтон Манакиа, Георге Тулиу, Георге Скрема, Михаил Белибаши, Ге-

[18] Г. Даскалов, op. cit., 131.

[19] Исто.

[20] Sguardo retrospectivo sul movimento nazionalista dei Macedo - Romani nella Penisola Balcanica, Scopia 2003, 28 - 29.

орге Карацани, Георге Папа - Перикле, Стерио Пиха, Ламбраќи Папахаџи, Георге Тегу, Милтон Брагиорули, Александру Дроња, Михаи Тегојани, Кушу Идитои, Н. Ниби, Папатанаси Грицоти, Гули Ваеки, Христу Михадаши, Ѓака Папатаси, Зиси Калоери, Георге Здрула, Жак Вардули, Жил Здрула, Таке Васиоти.

Телеграма била испратена и до генералот Ричоти Гарибалди. На еден собир во Авдела поистакнатите ароманси првенци упатиле апел за поддршка од страна на Италија и нејзините трупи со што ќе се обезбеди заштита и независност на ароманското население од Пинд-Загори. Апелот бил упатен на 30 јули 1917 г. Тој бил потпишан од градоначалникот на Авдела, Карацани; градоначалникот на Самарина, И. Дабура; градоначалникот на Периволи, Тегујани; градоначалникот на Балтино, Папони; градоначалникот на Лака, Сафарина; градоначалникот на Армата, Врака; градоначалникот на Бреаза, Писпа; градоначалникот на Турја, Шкуфи; градоначалникот на Бајаса (Војуса), Нола; градоначалникот на Мецово (Аминчу), Миху; градоначалникот на Смикси, Левенди. На апелот биле потпишани и 24 претставници на ароманскиот народ. Инаку треба да се каже дека Ричоти Гарибалди бил син на познатиот италијански револуционер од времето на Обединувањето на Италија, Џузепе Гарибалди. Ричоти Гарибалди во текот на Првата балканска војна се борел на страната на Грција против Отоманската империја.[21]

Телеграма со слична содржина како онаа од Мецово била испратена и до рускиот конзул во Јанина.[22]

И покрај доживеаното разочарување што го добија пред четири години од Букурешт, Ароманците не ја исклучуваат можноста да побараат содејство на романската влада за решавање на своите национални задачи. Нивните претставници од Пинд се собираат во Самарина каде што ја разгледуваат положбата. Се прифаќа идејата да се побара содејство на романската влада. На 25 јули од Самарина тие испраќаат телеграма до премиерот Јон Братиану. Во неа ја изразуваат радоста на населението од Пинд и Загора за отстранување на тиранијата од страна на славната армија на „мајка Италија", која ги симнала синџирите на туѓото господство за населението од Пинд и Загора. Се испраќаат срдечни поздрави кон браќата од преку Дунав, како и молба до премиерот за поддршка. Од него било побарано да го постави пред големите сили прашањето за нивните национални права и тие да ги гарантираат слободата, просперитетот и иднината

[21] Исто, 29-30.

[22] Г. Даскалов, op. cit., 131.

на Ароманците меѓу останатите нови латински нации. Телеграмата била потпишана од И. Дабура, од градоначалникот на Авдела - Карацани, на Периволи - Тегујани, на Бајаса - Нола, на Мецово (Аминчу) - Миху, на Палеосели - Зисани, на Турја - Скуфи, на Бреаза - Писпа, на Лака - Шафарика, на Добринова - Карагорчио, на Армата - Врака и на Смикси - Левенди. Напоредно со кметовите на 12 - те општини под телеграмата се наоѓаат и потписите на уште 35 делегати.[23] На 27 јули од Самарина биле испратени телеграми до министрите за надворешни работи на Франција, Велика, Британија, Италија и Белгија, до претседателот на САД и премиерот на Русија. Во нив е побарано силно да се заложат за поддршка на ароманската кауза.[24]

Според Георги Даскалов, ароманското национално движење во годините на Првата светска војна било разгледувано од грчката историографија главно како резултат од „туѓата пропаганда". Како нејзин главен фактор се посочува А. Диаманди, оценет од А. Хрисоху како „првоборец и главно дејствително лице". Л. Дивани го означува како „фамозен авантурист" и „шпион на италијанската и на романската пропаганда".[25] Инаку А. Диаманди на својата 23 годишна возраст вледеел неколку јазици и се пројавил како дипломат и политичар во своите односи со италијанските власти.

На 28 август 1917 г. во Самарина, при официјална церемонија и во присуство на италијански претставници, била прогласена автономија на компактно населените од Ароманци реони како италијански протекторат. Според мислењето на романскиот автор Г. Збуќа, државноста на Пинд имала републикански карактер и била позната под името „Република Самарина". Нејзините меѓународни контакти се остварувале од националниот комитет. Било избрано управно тело, под претседателство на Јоан Чули. Се пристапува кон формирање на аромански воени и полициски јадра.[26] Ова го потврдува сериозниот пристап на вдахновителите и создавачите на републиката. А со тоа следела и амбицијата да ја организираат и да ја утврдат.

„Република Самарина" имала и свои државни симболи. Уште во моментот кога било објавено нејзиното создавање било развеано нејзиното знаме, романската тробојка, а на средбата било решено на

[23] Sguardo retrospectivo..., 27 - 28.
[24] Г. Даскалов, op. cit., 132.
[25] Исто.
[26] Исто, 133.

неа да се стави и „волчицата" со што ќе се нагласи латинското потекло. Под неа во нејзината основа има кратенка „Сенатус Популускве Романус" - СПКР. Ова знаме се вееше само два и пол месеци, колку што траеше автономијата, а потоа, барем според еден податок изнесен од Јан Делавердар, преку Албанија и Италија, каде се повлекуваа прогласувачите на автономијата на чело со Јоан Чули, нејзиниот претседател, знамето беше однесено во Букурешт во Воениот музеј на Романија.[27]



Панорама на Самарина

„Република Самарина" била, според Георги Даскалов, првата ароманска државна творба на Јужниот Балкан. Таа била плод на надежите на еден не мал дел од Ароманците на територијата на денешна Грција и Албанија. Нејзиното прогласување е барање и повик кон светот за независен политички и духовен живот на еден од старите народи на Балканот. Овој настан покажува дека правецот на ароманското национално движење веќе се пренасочува од Букурешт кон Рим. Меѓутоа треба да се истакне дека овој настан не може исцело да се припише на А. Диаманди и на неговиот авантуризам.[28]

Уште со полагањето на основите на ароманската автономија, Националниот комитет побарал нејзино меѓународно признавање. Тој се обрнал за поддршка кон владите на Франција, Велика Британија, Италија, Белгија, Русија, САД и Романија. Автономната држав-

---

[27] Димо Н. Димчев, Националните симболи кај Власите (химна, знаме и грб), Зб. Власите на Балканот, Скопје 2002, 131 - 132.

[28] Г. Даскалов, op. cit., 133.

ност постоела само два и пол месеци. По протестите на грчката влада и вмешувањето на сојузниците, италијанските војски се евакуираат од Јужен Епир. Со нив се повлекуваат и раководните ароманскки дејци, меѓу кои А. Диаманди и Јоан Чули. Со себе тие го носат и официјалното ароманско државно знаме, кое што било зачувано во букурешкиот воен музеј.[29]

Главната причина за краткото постоење на ароманската автономна државност било отсуството на неопходната меѓународна поддршка. Поддршката на Италија била недоволна за да биде реализирана идејата за создавање на нова државна единица на Балканот. Припадноста на Италија до почетокот на Првата светска војна кон Тројниот сојуз, нејзиното задоцнето вклучување во војната на страната на Антантата и претрпените сериозни воени порази на фронтот кон Австро - Унгарија ѝ ја намалуваат нејзината тежина при донесувањето на решенија за Југоисточна Европа. Од друга страна владата во Атина добива политички концесии од Лондон и Париз кои се во расчекор на италијанските намери и ги обезмислуваат. Во секој случај може да се процени дека создавањето на протекторат претставувало обид за изградба на италијанска претстража на Јужниот Балкан, отколку реална амбиција на Италија да ги поддржи националноослободителните стремежи на Ароманците.[30]

Во исто таква тешка положба бил и другиот меѓународен фактор - Романија, на којшто Ароманците би можеле да сметаат. Но Романија во текот на 1917 г. претрпела тешки воени порази, голем дел од неа, вклучувајќи ја и престолнината, била окупирана од австро-германските војски. Земјата се нашла во остра политичка и економска криза. Во тој најтежок за земјата момент романската влада, ангажирана исцело со своите воени проблеми, немала можност да му укаже на ароманското национално движење морална и материјална поддршка, а исто така и да ја поддржи неговата кауза пред силите на Антантата.

По повлекувањето на италијанските војски од Јужен Епир, а исто така и на раководството на ароманското национално движење, грчките власти повторно ја воведуваат својата контрола над областа. Учесниците во движењето се подложени на одмазда. Поради

[29] Во 1990 година, на велигденските празници, Димо Н. Димчев и Јон Кардула биле во букурешкиот воен музеј и побарале да го видат знамето, но им било одговорено многу студено дека „некаде во периодот 1938 - 1939 година избувнал некаков пожар во музејот и можеби изгорело и тоа знаме, па не постои веќе"; Види: Д. Н. Димчев, op. cit., 136).

[30] Г. Даскалов, op. cit., 134.

ваквата ситуација многумина од ароманските дејци ја напуштаат земјата.

По протерувањето на Османлиите, еден значаен број муслимани кои не прифаќаа да останат под доминација на христијаните, почнаа да ја напуштаат Македонија ликвидирајќи си ги имотите: куќи, чифлици итн. Се создаваше една стопанска празнина која не можеа да ја пополнат закрепостените полски Грци и Македонците. И покрај сите пречки, оваа празнина почна да се пополнува од вишокот на ароманската популација, која се слеваше од планинските населби. Многу од полските чифлици и цели маала на некои од градовите поминаа во рацете на Ароманците. Многу Ароманци, дотогаш номади или преселници, почнаа да купуваат имоти и да минуваат на седентарен начин на живеење. Една голема национална и социјална неопходност, чиј недостиг ја сочинуваше основната причина на политичката трагедија на Ароманците, веќе се остваруваше. Со купувањето на полските имоти Ароманците се стремеа кон формирање на сопствена стопанска целина, и така излегуваа од планинските бастиони, каде што беа опкружени од народите кои ги населуваа полињата. Таа стопанска целина можеше да даде и една сериозна основа за политичко афирмирање.

Меѓутоа избувнувањето на Првата светска војна создаваше нови состојби.

На некои делови, како што беше делот на Македонија присоединет кон Грција, овој процес не беше прекинат. Дури и повеќе, благодарејќи на благостојбата стекната со продажбата на млечните производи, моќта за купување и приопштување на Ароманците стана многу поголема. Меѓутоа, во другите области, ситуацијата стана критична со нивната погранична позиција. Последиците од границите зацртани со Букурешкиот договор од 1913 г. се почувствуваа наеднаш. Целината на многу од областите населени со Ароманци беше растурена. Активноста на Ароманците на сите планови почна да биде попречувана и сведувана на локален карактер. Новите граници беа пречки за духовните контакти и ги прекинуваа трговските врски, предизвикувајќи големи загуби и во социјален и во економски поглед за сите ароманско социјални категории: одгледувачи на стока, карванџии или трговци. Просторот за нивната активност чувствително се намали, која од друга страна ја донесе со себе неизбежната економска стагнација, како што беше случајот со регионот на Битола, порано доста развиен. Сега, поради избувнувањето на Првата светска војна, ситуацијата во овој регион станала многу потешка. Утврдувањето на фронтот среде ароманските населби донесе вис-

тинска пустош. Така на пример, селото Трново од една страна беше опколено со бугарската и австро - германската војска, а од спротивната страна се наоѓаше српската и француската војска, така што селото се најде на самата линија на фронтот, и за целото време додека траеше војната, истото беше изложено на постојани бомбардирања.[31]

Истата судбина ја доживеа и селото Магарево.

Отпрвин, кога с. Трново беше окупирано од бугарската војска, окупаторите беа прилично толерантни кон месното население. Но со текот на времето окупаторите започнаа од селаните да ги одземаат бакарните работи, потоа златните работи и други повредни работи. Потоа следуваше најголемата трагедија. Селаните беа известени од бугарскиот командант дека сите ќе бидат депортирани од Трново. „При тоа им рече дека секој од нив (жени, деца, мажи, стари) имаат право да понесат по една бовча во едната рака, и ништо друго, а исто така им рече дека сето тоа се прави со цел тие да бидат „спасени” од бомбардирањето кое се врши во тоа село!?” Им беше наредено следниот ден да се соберат сред село и оттаму да тргнат за Бугарија. Пешки тргнаа до станицата во Градско и оттаму со сточни вагони беа префрлени во Бугарија.

Веднаш по депортирањето на селаните од Трново и Магарево во Бугарија, бугарските војници започнаа да ги пљачкосуваат нивните куќи и од нив да крадат сѐ што беше вредно. Исто така ги уништуваа и самите куќи. Така од некогашните убави села Трново и Магарево останаа само урнатини.[32]

Еве како Телемах Ангелу накусо ја опиша оваа трагедија на селото Трново: „... Во 1916 г. Трново и Магарево беа окупирани од Бугарите и Германците и беа трансформирани во фронт, а сите тамошни жители отерани како заробеници во Бугарија. Нивните илјадници куќи беа разурнати откако претходно беа украдени нивните богатства, зошто интенција беше да биде растурено гнездото на Ароманците. Таква беше судбината на овие две аромански градчиња”.[33] И ароманскиот поет Константин Белемаче мошне сликовито ја опиша таа трагедија. Тој меѓу другото го напиша следното: „Се случи една мошне голема трагедија. Стотици семејства беа избркани од селото и беа испратени во прогонство во Бугарија. И штом кутрите луѓе го напуштија куќниот праг, војниците им ги ограбуваа

[31] N. Popnicola, Трново..., 192.

[32] Исто, 193.

[33] Исто.

нивните домови. А пак гредите ги гореа наместо дрва. Стотици куќи беа урнати до темел, а семејствата им беа растурени низ цела Бугарија. Многу од нив, додека стигнаа таму, се разболеа, други и умреа по патиштата. Многу трудни жени се породија по патиштата...”.[34]

Слична судбина доживеа и селото Моловиште кога таму стигна бугарската окупаторска војска. Најдобро оваа трагедија која го упропасти селото Моловиште ја опиша поетот Константин Белемаче.

Еве како тој го опишува егзодусот на моловиштаните:

„Кога дојде големата војна и кога се тргнаа Србите од кај нас, стигнаа Бугарите и тогаш проплакаа и бебињата во утробите на своите мајки. Тогаш се случи големата катастрофа на нашето село. Тогаш се исполни претскажувањето на Прокопие, кој имаше речено: Вашето село ќе биде разурнато до темели и тоа од еден род сличен со Турците”.[35]

Од денот кога стапнаа во Моловиште и кога ги видоа убавите куќи, убавите мебели, убавите постели, европските машки и женски облеки, Бугарите се одушевија. Потоа почнаа на селаните да им бараат прехранбени производи со цел од селото да не остане ништо.

Откако селото беше оставено без целото богатство што го имаше, окупаторите отпочнаа среде зима да ги водат во шумата, со копачи и казми во рацете, во најстудено време, за да копаат ровови. Овие ровови и денес можат да се приметат на планините околу селото Моловиште. Во селото завладеа глад.

Командантот на полкот им наредил на неговите војници да ги истераат сите луѓе од нивните домови, заедно со децата и сите други членови на семејствата и ги интернираа во Бугарија. Со себе го понесоа само онаа што можеа да го носат.

Стотици семејства беа протерани од Моловиште и заминаа во прогонство во Бугарија. Тие беа интернирани во градовите Сливен, Софија, Јамбол и Стара Загора. Интернацијата на населението се изведувала во групи. Во првата група беа опфатени Ароманците коишто беа приврзаници на романската пропаганда, а во втората група беа опфатени Ароманците коишто ѝ припаѓале на грчката верска и политичка пропаганда. Бугарскиот командант се поигрувал и ја иронизирал несреќата на населението. Така, на пример, на интернирците тој им зборувал дека ќе ги прати на „екскурзија во

---

[34] Исто, 193 - 194.

[35] N. Popnicola, Моловиште..., 160 - 161.

Бугарија”. На втората група интернирци, истиот тој командант им зборувал: „Првите ги пративме со багаж, а вас само со една бовча”.

Интернираното население во Бугарија било пренесувано со коли или со камиони. Од село Моловиште населението прво било пренесувано до Градско, оттаму директно во Бугарија. Во Бугарија добар дел од интернираното население било сместено во логори, а другиот дел бил оставен на милост и немилост и било праќано на многу тешка физичка работа.

Од село Моловиште, село коешто броело 300 куќи, останале само 150 семејства. Сите други биле интернирани во Бугарија.[36]

Истата судбина го снашла и ароманското население од село Гопеш. Населението од село Гопеш било интернирано исто во Бугарија, и тоа во градовите Пловдив, Плевен, Софија и други. Интернирците имале право со себе да понесат багаж до 300 кг. (една касела - сандак). Половината од населението било интернирано.[37]

Како центар на германската команда, на некои селани од Гопеш им било можно да се пожалат пред германскиот командант за постапките од страна на бугарските власти, со што биле заштитени, то ест не биле интернирани. Бугарскиот командант постапката на бугарската војска и власт пред германскиот командант ја оправдувал со следните зборови: „Нема доволно храна и жал ми е населението да умре од глад”. И од уште едно ароманско село - Нижополе, интернирани се 6 угледни граѓани, но не се знае каде.[38]

Инаку голем број Ароманци од битолските села Моловиште, Гопеш, Трново, Магарево и Нижополе се наоѓале во Романија и така некои од нив ја избегнуваат мобилизацијата од бугарските власти.[39]

Треба да се спомени дека многу од интернирците се разболеле додека да стигнат до Бугарија, а некои и умреле по патиштата. За двете години, колку што селаните од Моловиште беа во егзил во Бугарија многумина се разболеа и умреа, возрасни и деца. Во Моловиште останаа здрави само куќите на предавниците кои беа потплатени од бугарските окупатори.[40]

По изминатите две години и по пробивањето на фронтот во Македонија од силите на Антантата, на селаните од Моловиште им

---

[36] Ѓорѓи Димовски - Цолев, Борис Павловски, Непокорени, 1982, 174.

[37] Исто, 223.

[38] Исто, 224.

[39] Исто, 208.

[40] N. Popnicola, Моловиште..., 163.

беше дозволено да се вратат во својата татковина. „Многумина се вратија но тие кутрите се вратија со очите полни солзи за покојниците што ги оставија во Бугарија, а и дека своето Моловиште го затекнаа со куќи без покриви и разурнати ѕидови до темели”.[41]

Крушево, поради составот на населението, поточно поради гравитирање кон грчката пропаганда на добар дел на ароманското население, се нашло исто така во тешка ситуација. Имено, поради близината на фронтот, а подоцна и поради влегувањето на Грција во војна на страната на Антантата, извесен број од ароманското население, што пред тоа одржувало врски со Грција или имало роднини таму, или се истакнувало како интелектуална сила на грчката пропаганда во градот, било прогласено за опасно по безбедноста на државата.[42]

Интернирањето на дел од ароманското население во Крушево кое било под влијание на Патријаршијата започнало набргу по воведувањето на бугарската власт и се спроведувало во неколку етапи до пред крајот на повлекувањето на бугарските војски од овој дел на Македонија во 1918 г. Првата група била интернирана кон крајот на 1915 г., а според некои тоа станало подоцна. Современикот Таќа Хаџи Лега ги посочува имињата на десетина души интернирци од оваа група. Втората група, според кажувањето на илинденката Декса Шкодреану - Ангелеска, чиј маж Миту и девер Кирју загинале кај „Слива” во 1903 г., била интернирана есента 1916 г. Групата била мала - броела три семејства и двајца поединци.[43]

Најголемо интернирање на крушевско граѓанство било извршено летото 1917 г. Оваа, трета група интернирци, броела 110 лица, меѓу кои имало и поединци, но и доста семејства. Според кажувањето на интернирецот од оваа група, Теано Гажу, овие луѓе биле распоредени во градовите и во селата на Плевенско, Свиштово, Књажевско и во други места и од месното население биле мошне добро пречекани. Движењето не им било наполно ограничено. Се вратиле назад во Крушево по завршувањето на војната, кон крајот на 1918 г. Последната група од десетина души била интернирана во летото на 1918 г.[44]

Според статистиката направена од бугарските воени власти во 1916 г., целото население на Крушево, во тој период броело 5.201

[41] Исто, 164.

[42] Историја на Крушево..., 290 - 291.

[43] Исто, 291.

[44] Исто, 291 - 292.

души православни, од кои, делени според црковно - пропагандна припадност, 2.316 егзархисти, 2.378 патријаршисти - Ароманци и 507 души „националисти" - Ароманци. Иако во Крушево живеела и мала група Албанци, ниеден крушевчанец не се декларирал како Албанец, бидејќи со текот на годините Албанците биле асимилирани од многу побројните Ароманци. На албанското потекло на дел од крушевчани останал да потсетува западниот дел од градот „арнаутско маало" односно „Коленалче маало", чиј број на население Вајганд го пресметувал на 800 души, од кои извесен број имале албанско потекло.[45]

Инаку не треба да се заборави дека трагедијата што им се случи на селата Трново и Магарево, под изговор дека Бугарите сакаат да ги „спасат" од бомбардирањето поради близината на фронтот ги задеси и селата Гопеш, Горна и Долна Белица кои беа многу подалеку од воените дејствија. Сите настани поврзани со ова покажуваат дека иако тие биле поврзани со бугарската војска тоа всушност беше официјалната политика на бугарската влада која сакаше да ги уништи овие многу богати и напредни аромански села и градови.

Есента на 1918 г. го постави ароманското ослободително движење во Грција на крстопат. Крајот на војната којшто се наближувал и вклучувањето на Грција во неа на страната на идните победници уште една година пред тоа ја ослабува ароманската кауза. За раководителите на ароманското движење било јасно дека на идната мировна конференција тие тешко ќе ја најдат неопходната поддршка од сојузниците на Грција. За да го привлечат вниманието Ароманците презеле уште еден потег, кој бил без особени практични последици, но со соодветна политичка тежина. Реално тој повторно го поставува прашањето за Ароманците во Грција пред меѓународната јавност. Во навечерието на мировната конференција уште еднаш е изразена нивната волја за самостоен политички живот. Во текот на есента на 1918 г. во Корча било објавено создавањето на „Република Пинд и Загора". Еден од познатите факти е тој дека нејзините раководители учествувале во испраќањето на аромански вооружен одред да воспостави своја контрола над градот Вовуса и реонот на повлекувањето на Италијанците. Повеќето од местните жители не ја поддржуваат акцијата поради стравот од репресалии на грчките власти коишто било очекувано да се вратат, поради тоа што им се случило на нивните сонародници во Гревенско и Мегленско. Губејќи го своето влијание, месните раководни аромански дејци биле

[45] Исто, 294.

принудени да ги напуштат своите родни места, со оглед на тоа што биле оценети од Грците како „непоправлив орган на италијанската пропаганда”.[46] Десет семејства од градчето се иселуваат во Северен Епир. Георги Даскалов наведува дека грчките автори пишуваат дека „Република Пинд и Загора”, „живеела само еден ден”. Меѓутоа со овој акт биле зацврстени позициите на ароманското национално движење пред идната конференција за мир во Париз.[47]

Во врска со положбата во која се нашле Ароманците во Грција во текот на Првата светска војна пишува и Зоран Јањетовиќ.[48]

Во текот на летото на 1919 г. во Париз пристигна делегација на Друштвото за македоно - романска култура и на Националниот совет на Ароманците од Пинд Николае Тачит, Аргир Кулина и Таке Папахаџи. Тие им доставуваат на учесниците на конференцијата меморандум, во којшто бил изложен проблемот на Ароманците. Во него се вели дека: *„Сйоред сшранскише сшашисшики на Балканскиош Полуосшров нивниош број денес се движи на близу 600.000 жишели. Тие йрешежно живеаш во Македонија, Албанија, Ейир, во Пинд и во Тесалија и формираш една комйакшна и йосшојана шеришоријална хомоїена маса”. Во акшуелнаша војна (Прваша свешска војна б.м) Македо - романцише одиїраа важна и акшивна улоїа. Покрај нивнošо реїуларно учесшво во војскише и борбише на Грцише и Србише, на Романија шие ѝ дадоа една доброволечка војска од над 10.000 луѓе, со 400 офицери; на Македонскиош фронш и на сојузницише им найравија консшаншни и официјални услуїи; а нивношо йриклучување кон Аншаншаша им йредизвика и оїромни сшрадања и жршви”.*[49] Георги Даскалов меѓутоа наведува податок дека „во составот на грчката армија имало 10.000 Ароманци, од коишто 400 офицери, кои зеле учество во борбите на македонскиот фронт”.[50]

Според меморандумот од 1919 г. доставен до мировната конференција во Париз, во регионот на Пинд имало 130.000 Ароманци кои претставувале една компактна и хомогена маса, која како што била во најдалечното минато, била бројна и и „во сегашната држава на Власите”.

За други групи на Македоно-романци, значи:

---

[46] Г. Даскалов, op. cit., 134 - 135.

[47] Исто, 135.

[48] З. Јањетовиќ, op. cit., 119.

[49] Македоно - романско друштво за култура..., 254.

[50] Г. Даскалов, op. cit., 135.

групата на Монастир (Битола): 83.145 жители;

групата на Музакија - Корча: 78.814 жители;

групата од Верија и Меглен (Солун): 103.877 жители;

групата од Тесалија 84.520 жители.[51]

Исто така и за сите Македо - романци кои живеат во енклави повеќе или помалку распрснати и кои исто како и претходните групи ќе бидат инкорпорирани во Грција, Србија или Бугарија.

Потполна училишна и црковна автономија и еден компатибилен политички режим за слободен развој на етничката индивидуалност, под присмотра на Друштвото на народите, а Романија да има право да ги субвенционира нивните културни институции и да интервенира во сегашните кога ветените права нема да бидат исполнети. Со овие барања, скромни и легитимни ќе се придобијат:

Слободен развој на етничкиот елемент кој го претставуваат Македо-романците од Балканскиот Полуостров.

Исчезнување на било кое политичко или воено жариште на раздор на националносите од Полуостровот.

Создавање и развој на едно цивилизациско дело на Ориентот. Регионот на Пинд од сите аспекти ги исполнува: историските, етнографските, економските, стратегиските и политичките, односно сите неопходни услови за егзистирање на една трајна независност.

Македо-романците имаат цврсто убедување дека Мировниот конгрес, е свикан за да ги исправи сите неправилности и обезбеди слободна егзистенција, солидарност и братство на народите, ќе им ја додели правдата која им следува бидејки „исправната работа е единствената постојана работа во светот, а едно искривено решение не е ништо друго освен едно привремено решение" (Вилсон)".[52]

Во еден друг меморандум од 1919 г. на Македоно - романското друштво за култура наменет за јавноста со цел да се запознае со проблемот за Македо-романците (Куцо - Власите) меѓу останатото се вели дека: „Меѓу оние народи кои се повикуваат на светската правда претставена преку конференцијата што ќе се свика во Версај, се наоѓа и клонот на романската раса, позната под името Македо-романци или Куцо-Власи и е сместен на територијата на Македонија, во Епир, во Албанија, во Тесалија и дури и во Тракија.

Понатаму се вели дека: „На било кој начин и да се утврдат границите од страна на Версајската конференција и било каде да

---

[51] Македоно-романско друштво за култура..., 255.

[52] Исто, 255 - 256.

бидат Куцо-Власите распоредени меѓу различните држави тие мислат дека се во право, во името на прокламираниот принцип кој се однесува на слободата на народите, силно да бараат секоја од тие шест главни групи поделени меѓу државите на кои пооделно ќе им припаднат, имаат право да создаваат , автономни провинции или кантони, со силна национална администрација придружена од еден избран конзилиум кој ќе има право да делегира еден број на свои претставници во Државниот Парламент чиј дел ќе бидат".[53]

Во случај горните барања да не можат да се решат, тогаш најмалку што ќе можат да бараат е да им се прошират признатите права до 1913, со дополнителните анекси на Букурешкиот договор за сите македоно - романски групи, било кој и да биде датумот на нивното анектирање кон државата чиј дел ќе бидат, додавајќи им ја и локалната национална автономијана на претежно романските области, на нивниот сопствен јазик во поглед на точно определените локални проблеми.[54]

Според грчкиот историчар Л. Дивани виновник за доставувањето на меморандумот била италијанската амбасада во Букурешт. Тоа ја инспирирало „националистичката македоно - романска организација", да го подготви меморандумот, во којшто според неа било поставено прашањето за автономијата на „влахофонските реони" во Пинд и Тесалија и за нивното присоединување кон Албанија. Навремено, известена уште во текот на м. февруари 1919 г. од својот ополномошен министер во Букурешт за подготвуваниот демарш, грчката влада не реагирала бурно. Издигнатата идеја за автономија била оценета од грчката влада како утописка и не можела да се реализира. Таа уште ги имала предвид непријателствата кон Романија на некои од соседните земји на Романија и неопходноста на Букурешт од грчкото пријателство.[55]

Меморандумот на Ароманците до мировната конференција бил придружен и од други иницијативи, материјалите од коишто се објавени во одделна брошура во текот на 1919 г. во Париз.[56] На мировната конференција во Париз ароманската кауза била поддржана од италијанскиот претставник ди Марино.[57] Слична брошура била издадена истата година и во Букурешт. Во меѓувреме за време на

[53] Исто, 257.

[54] Исто.

[55] Г. Даскалов, op. cit., 135.

[56] С. Брага, Правата на ароманското малцинство во Грција..., 31 - 32.

[57] Исто, 67.

конференцијата ароманските реони во Албанија биле посетени од секретарот на ароманската делегација во Париз, Т. Папахаџи, и нејзиниот воен експерт генералот Илиеску.[58]

И покрај италијанската поддршка, барањата на Ароманците поставени пред Париската мировна конференција остануваат без одговор. На 10 август 1920 г. Грција го потпишува договорот во Севр. Членот 7, 8 и 9 од него ги гараантираат правата на малцинствата што живеат во неа. Тие утврдуваат дека грчките граѓани коишто се разликуваат од мнозинството во религиозен, национален и јазичен однос, да ги имаат сите политички и граѓански права. Во примената на овие права, различното гледиште не треба да му наштети никому. Треба да се гарантира слободата за користење на јазикот, во приватниот и оштественоот живот, религијата и печатот како и на јавните собири. Исто така треба да се дозволи усната и писмената употреба на одредениот јазик во судовите. Понатаму, припадниците на малцинствата имаат право, на нивен трошок да изградат хуманитарни институции, религиозни или социјални установи, училишта и други образовни установи, да ги управуваат и надгледуваат и слободно да го употребуваат својот јазик.

Членот 9 носи посебна одредба за жителите на териториите кои по 1 јануари 1913 г., биле припоени на Грција (Тракија и Македонија). Во областите и градовите во кои живееле значителен број на граѓани, кои зборуваат друг јазик, различен од грчкиот, на овие малцинства им се дозволува настава на мајчин јазик. Членот дозволува и субвенција од страна на државата за училишни, религиозни или хуманитарни цели.

Ароманците само се споменати во чл. 12. Оваа одредба важела само за Ароманците од планината Пинд каде им била дозволена локална автономија во религиозен и хуманитарен поглед како и училишна автономија. Се работело за локална културна автономија, то ест сите културни прашања требало да ѝ бидат упатени на ароманската локална самоуправа.[59]

Но она што го имале добиено Ароманците до 1913 г. било многу повеќе отколку она што било означено во последниот договор. На Ароманците од Пинд, всушност им се доделила понатамошна локална автономија, но државната субвенција не ќе им била гарантирана. Решавањето на посебните прашања било единствено препуштено на автономните општини. Исто така, можноста на

[58] Г. Даскалов, op. cit., 135.
[59] С. Брага, op. cit., 31.

странските субвенции, каде, на пример, било предвидено потврдување на гаранциите на Грција спрема Романија од 1913 г., не било содржано во Договорите. Севолд Брага вели: „Договорот од Севр, особено во неговиот чл. 9 и чл. 12 кои би требало да ги гарантира постоечките права од од 1913 г., тука имал само *декларативен* и *потврдувачки*, но не и рестриктивен карактер".[60]

Како и во кој обем постоело спроведувањето на овој Договор за положбата на малцинствата од страна на Грција, останува непознато. Ароманците се споменати само во одделни соодветни пишувани извори. Според Папаначе: „Грчката власт оставила еден дел од училиштата, кои биле формирани за време на османлиското владеење во Македонија, до Втората светска војна и се задоволувала со индиректни саботажи. Од причина што Романија застанала на страната на Оската Германија - Италија - Јапонија, во Втората светска војна, сите аромански цркви и училишта биле затворени, а еден голем дел од учителите и свештениците биле притворени".[61]

Според мислењето на грчкото министерство за надворешни работи, договорот во Севр реално го заменил „договорот Венизелос - Мајореску", од кој бил зачуван условот за „автономија под контрола на грчката влада", без да станува и збор за супсидии од Букурешт и за одделен епископат.[62]

Горереченото за положбата на Ароманците во Грција во голем дел се однесува и за бројните околни делови на аромансkиот народ во *Албанија*, *Бугарија* и *Југославија*.

Бугарија и Србија (по 1 декември 1918 Кралство СХС) преку преписката од 1 август 1913 г. се обврзани, да ја гарантираат црковната и културната автономија на ароманските групи. Овие „Спогодби" од Букурешт, се укинати со Договорот од Друштвото на народите и преку подоцнешен меѓународно - правен акт.[63]

Покрај овие билатерални спогодби постојеа и појаснувања и договори со меѓународни колективни гаранции: Албанија пред Советот на Друштвото на народите на 2 октомври 1921 г. поднела „Појаснување за малцинствата", кое било прифатено од Советот и било ставено под гаранцијата на Друштвото на народите. Ова Појаснување била основната причина за приемот на Албанија (17 декември 1920 г) во Друштвото на народите. Членот 7 (исто така и друг член)

[60] Исто, 32.

[61] Исто, 33 - 34.

[62] Г. Даскалов, op. cit., 136.

[63] С. Брага, op. cit., 69 - 70.

на ова Појаснување е наполно ист со членот 16 на Договорот од Севр, од каде се предадени понатамошни правни последици.[64]

*Бугарија* во член 49 - 57 од Мировниот договор во Неј од 27 ноември 1919 г., исто така се обрзала на грижа за правата на малцинствата. Овој член се согласува во содржината со останатите договори за малцинствата, каде чл. 56 и чл. 16 содејствуваат со договорот од Севр.[65]

*Југославија* во Договорот од Сен - Жермен од 10 септември 1919 г. , со силите на Алијансата се обврзала да ги почитува правата на Малцинствата. Членот 11 од овој Договор одговара на чл. 16 од Договорот во Севр.[66]

Соодветно во сите овие договори и појаснувања се работи за религиозна, социјална и културна автономија на малцинствата. Сепак наспроти чл. 12 од Договорот во Севр, текстовите на овие Појаснувања и Договори не содржат посебно упатство за ароманското малцинство; само во извештајот на англиски јазик за декларацијата на Албанија и Ароманците („Куцо - Власите") се споменати како малцинство во Албанија.[67]

*
* *

На крајот како заклучок би споменале дека и покрај сите договори, положбата на ароманското население се влошувала. Така во еден меморандум на македоно - романските студенти од универзитетите во „Голема Романија" се укажува дека не постои реципроцитет во правата на романското малцинство во Србија и со оние на ароманското малцинство во Македонија која тогаш била во составот на Кралска Југославија. Тие упатуваат барање до Друштвото на народите да преземе нешто во врска со училишното и црковното прашање на „етничкото романско малцинство во Македонија". Македоно-романските студенти наведуваат дека пред војната во Македонија која тогаш била во рамките на кралска Србија функционирале 26 романски основни училишта, 10 романски цркви, 1 романски лицеј, 1 професионално романско училиште за девојчиња. По Првата светска војна во романски Банат дозволиле да функционираат след-

[64] Исто, 70.
[65] Исто.
[66] Исто.
[67] Исто, 71.

ните српски институции: 43 професионални училишта со 64 наставници; 54 цркви (субвенционирани од романската држава); 4 манастири; 1 Викариат во Темишвар; 1 српска банка во Темишвар (помогната од Националната банка на Романија); неделниот весник „Гласник”; различни културни здруженија. Македоно - романските студенти се надеваат дека порано потпишаните спогодби ќе доведат до дефинитивно разрешување на прашањата во врска со училишната и црковната положба на романското малцинство во Југославија.[68]

[68] Memoriul studenţcilor universitari Macedo - Românii privitor le situaţie Românilor din Macedonia Sarbeasca, Tribuna Românilor de peste hotare, II/5 - 6, Bucureşti 1925, 27 - 28.

# Глава 17

## Феноменот на ароманската цивилизација

Проблемот за стопанската дејност на Ароманците и нивната социјална реализација предизвикува особен интерес кај истражувачите. Кај сите нив преовладува еднодушно мислење дека Ароманците претставувале важен цивилизаторски фактор на Балканот. На нив се гледа како на луѓе, коишто се стремат кон образование, предрасположени биле кон новостите и прогресот, со постојан импулс за напредок и особено надарени за трговска и интелектуална дејност. За нив познатиот српски научник Јован Цвииќ го рекол следното: *„Носители на византиско-латинска култура, Ароманците имаат совршен вкус за подобар и префинет живот. Нема никакво сомневање, дека тие им ги придадоа тие својства на словенските народи на Балканот. Исто така нивното влијание врз материјалната култура било многу големо“.*[1]

Контрастот на животот во соднос со другите народи кои ги опкружувале го забележале првите патеписци и истражувачи коишто ги посетија земјите на Ароманците. Кога во почетокот на 20-тиот век Вилијам Мартин Лик ги посетува ароманските населби на Пинд, тој бил пријатно изненаден од нивната местоположба, од видот, големината и убавината на куќите, од чистотата што владеела во нив и тоа како биле внатре опремени. Неговиот впечаток уште повеќе се засилува кога ја гледа бедната положба на бедните бугарски (македонски б.м.) села, со нечисти малечки колиби со ѕидови од непечени тули, од сиромашните катуни на Грците во Епир и лишените од вкус камени куќи на Албанците. Слична била неколку децении подоцна направената констатација на Јован Цвииќ: „Ароманците живеат по градовите, коишто биле расположени на најдобри места од сите коишто се наоѓале на Балканскиот Полустров. Тие градови се наоѓале на голема надморска височина и на ртови. Куќите и дуќаните им биле градени од камења и повеќето од нив биле покриени со камени плочи“. Во секој случај може да се констатира

[1] Г. Даскалов, op. cit., 109.

дека таквиот подобар живот на Ароманците, коишто набљудувачите го констатираат, се должи на нивниот упорен труд.[2]

Во однос на економскиот развиток-сточарството како едно од нивните основни занимања, сите автори кои пишуваат за оваа проблематика се еднодушни, дека тоа за нив имало важно значење. Кај соседните народи на Ароманците-Грците, Бугарите, Македонците, Србите, зборот „Влав" често означува овчар. Нивниот сточарски живот бил многу поособен, интересен и поврзан со навиките и начинот на живот, којшто воопшто немал ништо заедничко со животот на италијанските алпски овчари и ја исклучува можноста ароманските овчари да го водат своето потекло од некакви нивни преселници.

Инаку во годишните периоди кога требаше да ги напуштат планинските засолништа и заминуваа со своите стада по полињата (номадење), тие беа така организирани, што можеа да си ја гарантираат слободата, достоинството и имотот.

Организирани во „фалкари" (тајфа), составени од 100-200 фамилии (повеќе фалкари меѓу себе во сродство сочинуваа „фара" (род). Тие претставуваа една солидно градена целина, во секој поглед (стопански, социјален, политички и воен). На чело на една „фалкара" стоеше најмудриот, најдостојниот и најхрабриот главатар водач, кој се нарекуваше „Челник", збор кој некогаш - според сведочењето на византискиот хроничар Кекавмен - значеше стратигос, односно генерал.[3]

Функцијата на челникот генерално беше наследна, но се даваше и со избор, доколку тој на кого требаше да припадне по наследство не ги имаше потребните квалитети на еден водач.[4] Повеќе „фалкари" (тајфи) owродени преку заедничко потекло, ја сочинуваа „Фарата" (Род). Целата оваа организација беше наследена од Трачаните.[5]

Челникот ги разрешувал сите спорови и неговите наредби биле задолжителни. Во стари времиња имал неограничена власт над неговите потчинети и можел дури да налага и смртни казни. Во времето пред османлиските освојувања тој се грижел и за заштитата на фалкарот и имал воени функции. Ги плаќал даноците и царинските такси. Воопшто се грижел за сите потреби на родот. Продажбата на волна, сирење и кожи му ги осигурувала неопходните средст-

---

[2] Исто.

[3] К. Папаначе, op. cit., 76.

[4] Исто.

[5] Исто.

ва, кои не биле мали, ако се има предвид дека еден род имал од 10 илј. и повеќе овци. Ароманците немале крупен добиток. Освен овци и кози тие одгледувале коњи и маски. Голем дел од млекото, сирењето, путерот и месото се искористувале за исхрана на членовите на фалкарот. Од волната биле приготвувани и неопходните алишта. Важна улога во фалкарот играл „аушатиклу” (советот на старците), којшто со своето искуство и зрелост ја истакнувал перспективата за напредокот на заедницата пред избраните раководни лица и внесувал корекција во нивните акции, тогаш кога било потребно.[6]

Треба да се нагласи дека Ароманците живееле во постојани села, на надморска височина од 1.000 и повеќе метра. Населбите имале убав распоред. Солидно изградените куќи биле направени од камен и биле распоредени една до друга. Кон селата биле вклучувани и пасиштата, коишто тие ги земале под закуп или под аренда. Селата во коишто во текот на летото на Пинд и Берската планина (Дурла) престојувале Ароманците биле сосема солидно изградени од камен. Ароманците престојувале во нив од Ѓурѓовден до Митровден, нешто кое им дозволуваше во текот на летната сезона да ги користат бујните планински пасишта. На Митровден родовите се собирале во долините на Пинд-во Авдела, Самарина, Периволи, и свечено и импозантно го прославувале претстојното патување кон зимските пасишта. По опстојно договарање старците посочувале неколку силни фамилии, кои требало да останат и да ги чуваат местата коишто ги напуштале. Тие го определувале денот за тргнување на секоја група, местата каде што ќе престојуваат и пасиштата што ќе ги користат. На денот на тргнувањето свештениците читале молитви и ги давале своите благослови.[7]

Од своите летни села сточарите тргнувале со своите семејства и стадата. Едни тргнувале кон рамнините покрај морето, источно и западно од Солун, други се насочувале кон Тесалија кај Алмира, а трети - кон широките рамнини на Музакија кај Јадранското море.[8]

Колоните со натоварени коњи и маски од едно село се протегале со километри по тесните патишта и патеки. На определените места тие вечерале и ноќувале. За време на движењето фалкарот изгледал како воена колона во поход со сите неопходни мерки за напад и одбрана, за да биде осигурана нивната безбедност. Слична била и организацијата во местата за престој, претворени во „вистинс-

---

[6] Г. Даскалов, op. cit., 110.

[7] Исто, 111.

[8] Исто.

ки воен логор”, со подготвени позиции за одбивање на евентуалните напаѓачи. Сите мажи биле вооружени, а во случај на потреба и жените биле подготвени за борба. Тешките услови на номадскиот живот физички и морално ги прекалиле Ароманците.[9]

Според Константин Иречек, Ароманците уште во текот на средниот век се занимавале и со кираџиство. Тогаш тие ги исчистиле патиштата од разбојнички банди. Како последица на римската традиција тие ги обновија комуникациите во внатрешноста на Балканскиот Полуостров, по коишто се транспортирале стоките и навлегувале културните влијанија. Имајќи го предвид сето горе кажано може да се каже дека Ароманците станале носители на прогресот. Сѐ до појавата на железниците тие ја одржувале трговијата на Балканскиот Полуостров. Со караваните од товарни коњи ја пренесувале стоката меѓу одделните населби. Подоцна со нивно посредство се остварувала врската со земјите од Дунавскиот басен и Централна Европа. Георги Даскалов го цитира Ф. Пуквил кој пишувал дека Ароманците од Аминчу (Мецово), тргувале со каравани товарни коњи и маски, коишто служеле за транспорт меѓу Јанина, Букурешт, Солун, Серес и Цариград, каде што биле познати под името аминчани.[10]

Густав Вајганд наведува дека во текот на есента ароманските карвани го пренесувале собраното жито од чифлиците до најблиската железничка станица или директно во складиштата во Солун. На враќање пренесувале разни стоки. Ароманските кираџии пренесувале од планините до пазариштата штици, дрва за греење, дрвен јаглен. Често биле среќавани долги карвани од коли, коишто ја пренесувале солта од јадранскиот брег до внатрешноста на Македонија и се враќале обратно натоварени со брашно.[11]

Треба да се спомене дека при зимските претстои на Ароманците во градовите некои од нив изучувале занаети, главно шнајдерскиот и чевларскиот. На почетокот работеле за сопствени потреби, но подоцна започнале да работат и за порачки. Тие шиеле алишта како за домашни потреби но исто и одела по европска мерка. Исто така биле ангажирани во самарџиството бидејќи самарите биле потребни со оглед на нивниот начин на живот и занимање. Интересно е дека Ароманците не се занимавале со земјоделие, со мали исклучоци во Тесалија. Со земјоделство се занимавале мегленските Власи. Единствено во Меглен исламизираното село Ноте се насочило кон

[9] Исто.
[10] Исто.
[11] Исто, 112.

грнчарскиот занает, бидејќи во неговата околина имало богати наоѓалишта на глина. Грнчарите од ова село ја обиколувале Македонија со своите производи. Интересно е да се истакне дека Ароманците избегнувале професии, поврзани со големи физички напори и затоа не можело да се сретне Ароманец, којшто би работел како ковач, каменорезец, рудар или амал. Тие се сметале себеси многу способни, за да не се занимаваат со слични занимања, а интелигентноста им дозволувала да напредуваат во други подоходовни области.[12]

Инаку Ароманците избирале занаети, коишто биле поврзани со творештво и иницијатива. Можно е да се претпостави дека тие бегале од тешкиот физички труд како последица од нивниот овчарски начин на живот, наследен од Тракијците или применуван по варварските напади, кога биле принудени да го напуштат земјоделството и да станат овчари. Оддаденоста на таа професија можела да предизвика негативен однос кон тешкиот труд. К. Папаначе оди уште подалеку. Тој сметал дека таквиот нивен однос кон физичкиот труд може да претставува и одраз на длабокиот аристократски дух, преземен од старите Грци. Се знае дека кај старите Грци, суровиот труд бил потценуван. Најистакнатите умови, како Платон и Аристотел го сметале добар само за робовите, додека пак луѓето од грчките тврдини ги работеле поблагородните занимања и бездруго, благодарејќи во најголем дел на ваквата поделба, грчката антика успеала да направи толку многу во доменот на културата и уметноста во споредба со релативно малиот број на грчкото население.[13]

Еден од занаетите со кој Ароманците многу се занимавале бил и кујунџиството. Ароманците кои не работеле во ткајачници и фабрики, се златари, и, иако лишени од добри модели, тие го обработуваат доста добро златото и среброто.[14] Веројатно тие кујунџиството го изучиле при одвивањето на своите трговски врски со венецијанските мајстори-златари и кон крајот на 19-тиот век веќе го имале целосниот монопол врз таа професија во Македонија. Со многу вкус и чувство за убавина го претвореле среброто во чинии, чаши, табакери, брошеви гривни и други накити, украсувале пиштоли со фин сребрен оков. Восхитен од нивното искуство, Г. Вајганд пишувал: „*Ниту во Венеција, ниту во Рим не сум видел пофина филигранска работа од таа на Коланџи во Монастир (Битола б.а.) и Крушево. Ароманските мајстори земале за чираци само свој род-*

[12] Исто.

[13] К. Папаначе, op. cit., 122.

[14] Исто.

*нина и Ароманец, за да не се пренесе искуството кај другите народи на Македонија"*. Јувелирските работи стигнувале далеку на север и најдобрите изработки во Ниш и Видин според Ф. Каниц биле на ароманските златари.[15]

Таму каде што творечкиот дух на Ароманецот си наоѓал целосна своја примена претставува градежништвото. Ниту еден друг занает не го овозможува подобро задоволството од создавањето како архитектурата.

„Освен во Цариград, Атина и Белград, Ароманците се единствените градители од Османлиската империја и Грција. Ароманецот знаел лесно да ги изведи, благодарејќи на својата природна интелигенција, куполите и сводовите. Неговите објекти во градеништвото ги надминувале оние на архитектите, коишто учеле во технички училишта... Не му останува ништо на човек освен да се чуди на искуството на Ароманецот. Во најголем број случаи Ароманецот е архитект, ѕидар, бравар, дрводелец, столар. Само сам ги прави. Како кујунџија и како гравер уживал во заслужен углед. Убавите филигрански изработки од Ниш и Видин произлегоа од нивните раце".[16]

Во тесна врска со кираџиството Ароманците започнале да се занимаваат со анџиството и гостилничарството. Крајпатните анови покрај селата предимно биле држени од нив. Вообичаено покрај малите анови имало и мали дуќани за секакви стоки од прва неопходност. Ако некој од анџиите спечалил некаква сума, купувал поголем ан во градот или во други земји или се префрлувал во трговијата на ситно, за да по извесно време стигне до крупен трговец.[17]

Сувоземните патишта станале тесни за претприемачкиот дух на Ароманците и тие се насочиле кон морските патишта. Ароманците од Каларити, Сираку, Мецово (Аминчу), од Аспропотамо и Загори се упатиле по нови правци и кон подалечни цели. Некои од нив основаа трговски куќи во Неапол, Ливорно, Џенова, Кадиз, на Сардинија, Сицилија и Малта. Дури заседнаа во Венеција, Трст, Анкона и во Дубровник. Еден мал број воспоставија врски со Виена, Цариград и Москва. Некои успешно се впуштија и во банкарски операции.[18] Интересен е патеписот, во делото на Матковски, на Чарлс Елиот од

[15] Г. Даскалов, op. cit., 112-113.

[16] К. Папаначе, op. cit., 122.

[17] Г. Даскалов, op. cit., 113.

[18] К. Папаначе, op. cit., 114; За трговскиот дух на Ароманците види и во делото што го подготвил Александар Матковски: Македонија во делата на странските патописци 1894-1902, Скопје 2006, 33.

1894 г. до 1900 г. Во врска со Ароманците тој вели: *„нема изгледи Власите да станат значаен политички фактор на Исток, со исклучок во онаа мера во којашто ќе ја поддржуваат Отоманската империја. Тие покажуваат восхитувачка доследност кон православната вера и тие, верувам, никогаш не се покрстиле во католици и не поминале во исламот.* (Освен во селото Ноте и некои ретки исклучоци на други места). *Но, и покрај тоа, тие покажувале незначителен восхит; барањата за влашки поп и за влашка црква дојде од страна на нивните романски пријатели повеќе отколку од самите нив; наспроти тоа што на некој начин се горди на својата вера, нивната ненаметливост, што претставува нивна најзначителна карактеристика, ги спречува да покажат тенденции кон некое национално движење. Сепак, тие не би требало да се сфатат само како овчари и селани. Голем број од нив се банкари и луѓе од успех кај коишто вродената лубов за скитање поприма форма на патување по работа во други земји; а градовите каде што се населени тие, иако се пусти поголемиот дел од годината, општо земено, се многу подобро изградени од оние каде што живеат Словените и Грците. Слична љубов за масивност, за тврди предмети, можат да се забележаат на носиите на жените кои уживаат во носењето на тешки тиари (папински круни) и украси од сребро. Можеби, заедно со романскиот јазик, тие се здобиле и со вкус за архитектура што отсуствува од Левантот. Турчинот, којшто ги сака своите зданија како времени засолништа, никогаш не се грижи како се градат тие; а неговиот христијански поданик се плаши да изгради нешто забележително што ќе го предизвика неговото внимание. Но Власите се гењални да изградат камена куќа, наместена со конфорен, квазиевропски мебел; а јас познавав дури и еден човек, кај кого престојував, кој отиде до таму што едно скршено прозорско окно не го смени со хартија, туку со ново парче стакло - постапка којашто верувам, е невообичаена на Левантот.*[19]

Меѓу нив биле и оние од Загора, коишто станаа трговци и банкари во далечна Германија. Според зборовите на проф. Д. Поповиќ, Ароманците *„во трговијата беа со гениjални способност заедно со старите народи-Евреи, Грци, Ерменци"*. Големи ароманскиот трговци живееле и работеле во Виена, Цариград, Јужна Русија и Египет.[20]

---

[19] А. Матковски, op. cit., 40-41.

[20] Г. Даскалов, op. cit., 113.

Да споменеме неколку од најпознатите личности и фамилии: Барон Сина. Инаку, фамилијата Сина тргнала од Москополе околу 1750 (периодот кога се насетувало дека Москополе ќе го снајде страшна судбина - тој како еден од подалекувидните со време го напуштил Москополе) и се задржала прво во Сараево, а потоа преку Славонски Брод, стигнала во Виена. Во Сараево се родил Симеон (Ѓорѓи) Сина (1753), основач на една од најголемите банкарски и трговски куќи не само во Австрија туку и во светот. Куќата го носела до својот престанок името на својот основач. Симеон Ѓорѓи Сина највеќе се бавел со банкарски работи. Тој најмногу се збогатил за време на Континенталната блокада, воведена од страна на Наполеон спрема Велика Британија во 1806 г. за нејзино стопанско задушување. Неговиот наследник Ѓорѓи С. Сина се бавел исто така со банкарски и трговски работи, купувал големи земјишни поседи во Австрија и Унгарија. Најголем дел од својот живот поминал во Унгарија, а дури пред крајот на својот живот преминал во Виена. Познат по своето богатство, стопанска активност и трудољубивост добил највисоки почести и високи одликувањаод разни држави. За време на својот живот ги помагал сиромашните луѓе и оставил неколку големи задужбини. Него го наследил Симеон Ѓ. Сина. Овој прво бил директор на банкарската куќа Сина, но кога постанал пратеник на Грција на царскиот двор во Виена, го напуштил ова место. Грчката држава ја застапувал осум години не само на царскиот двор во Виена туку и на кралските дворови во Берлин и Минхен. „Додека неговиот татко повеќе бил банкар отколку барон, дотогаш тој повеќе беше барон отколку банкар". Уживал особена доверба на грчкиот крал Отон. Откако претстанал да биде претставник на Грција, ги водел работите на својата куќа, особено банката. Покрај другото особено се истакнал во големата помош што ја давал за литературата, науката и уметноста. Во Виена подигнал на свој трошок убава грчка црква. Во Атина подигнал монументална палата за академија на науките, која чинела околу 1.000.000 форинти. Во текот на дваесет години потрошил на ѕвездарата во Атина, која веќе почнал да ја гради неговиот татко, околу 200.000 форинти. На Унгарската академија, во која што управа бил член, и подарил околу 100.000 форинти. Во добротворни цели дал околу 550.000 форинти. Бил одликуван со најголеми одликувања на разни држави и највисоки институции. Бил таен советник, член на австриските и унгарските владеачки куќи, член на сенатот на унгарската академија итн. Симеон Ѓ. Сина умрел на 15 април 1876 г. во Виена како последен изданок на оваа славна куќа.[21]

[21] Д. Ј. Поповић, op. cit., 361.

Подолу изнесуваме податоци и за баронот Н. Думба. Капиталот на оваа фамилија бил меѓу најголемите во Хабзбугшката монархија, а Думба своите работи ги подесувал според крупните настани во светот. Тој имал големи палати во Виена. Фамилијата Думба по потекло биле од ароманското гратче Николица.[22]

Покрај горespоменатите С. Сина и Н. Думба, треба да се спомене и Ѓорги Авероф. Семејството Авероф потекнува од големото ароманско село Аминчу (сегашно Мецово). Ова беше едно семејство на големи трговци, а некои од нивните членови работеа дури во Одеса и Александрија, а имаше и заслужни државници во Атина во 19-тиот и 20-тиот век. Ѓорѓи Авероф е роден во Аминчу во 1818 г., а почина во 1899 г., во Рами-Александрија (Египет). Тој е познат и почитуван како еден од најголемите донатори во Грција. Тој вршеше трговски операции меѓу Блискиот исток и Англија. Во 1865 г. се пресели во Александрија каде стана и еден од раководителите на грчката комуна во Египет. Ѓорѓи Авероф своето богатство го имаше капитализирано во разни банки, а беше и голем донатор. Според повеќе автори се дознава дека голема сума пари биле донирани од страна на Ѓорѓи Авероф на неговото родно место Аминчу (Мецово) за изградба на училиште, дом за сиромашните и болница. Тој даде помош и за завршување на Факултетот за политехника во Атина; за подигање на споменик на Рига Велестинлис и на патријархот Григорие Петти, кој беше убиен во почетокот на грчката револуција, а кои се поставени пред политехниката во Атина. Голем придонес Ѓорѓи Авероф даде и за изградбата на воената академија „Елпидес” и за изградба на модерен стадион во Атина за учесниците во првите обновени олимписки игри во 1896 г. По смртта на Ѓорѓи Авероф парите кои од негова страна биле оставени како завет, грчката држава беше обврзана да ја создаде фондација „Авероф” и да обезбеди контрола за нејзиното работење меѓу двете балкански војни. Со парите кои ги остави Ѓорѓи Авероф се изградил конзерваториум во Атина и вишо земјоделско училиште во Јанина. Од семејството Авероф потекнуваат заслужни претставници во грчката економија и политика. Претставник од ова семејство беше и Евангелос Авероф кој беше пратеник и писател во осумдесеттите години од 20-тиот век, министер за одбрана на Грција во периодот од 1980-1981 г. и потпретседател на грчката влада.[23] Еден од познатите Ароманци бил и Н. Стурнара, но и многу други.

---

[22] Исто.

[23] Н. Попникола, Влашки преродбеници..., 307-308.

Ароманците организирале големи трговски складишта во најголемите центри на Франција, Италија, Унгарија, Полска и Русија. „Транспортот и банкарската гаранција-пишува Ф. Пуквил- двете најживотни функции на едно развиено стопанство беа контролирани од нив".[24]

Таквите успеси Константин Папаначе ги објаснува со сестраниот развој на ароманските центри. „Срцето, коешто пулсираше во целата таа стопанска и финансиска активност-забележува тој-како и културните и цивилизациските влијанија, беше ароманската метропола Москополе и градовите околу него-Шиписка, Грабова, Ланка, Никулица. Тие колонии беа сместени меѓу Албанците како пчелни семејства по пукнатините на скалите, околу коишто гргорат речните потоци". На југ по планината на Пинд таквата функција ја исполнувале Мецово (Аминчу), Каларити, Сираку и др.[25]

Сите странски научници кои ги проучувале Ароманците препознавале во нив еден фактор на култура и цивилизација на Балканскиот Полуостров.

Нивната одлична интелектуална наобразба и ненаситната глад за култура и напредок беше едногласно ценета, дури и од оние кои не им се пријатели. *„Ароманците држат челно место по својата надареност за комерцијална дејност, по својот труд и како интелигенција".*

*„Нивниот најубав атрибут е стремежот да се образуваат".* Интелектуално (духовно) развиени, како што се покажуваат, не се исто така без технички наклоности.[26] Според проф. Драгољуб Петровиќ, уште од почетокот на 19-тиот век Ароманците во мали групи или поединечно ги напуштале своите родни места, за да бараат порентабилна стопанска дејност. Ароманците се спуштале во градовите и ја прифатиле трговијата на мало, отвориле меани, а се занимавале и со други просперитетни дејности на балканската чаршија. Тие придонеле за развојот на градовите и градското стопанство во поширокиот простор на југоисточна Европа.[27] Тешкиот начин на живот создаде еден менталитет што е својствен за луѓето во дијаспората, со деловен дух, кој се смета карактеристичен за Ароманците. Во вообичаениот жаргон на Србите под Цинцарин (Ароманец) се

---

[24] Г. Даскалов, op. cit., 113.

[25] К. Папаначе, op. cit., 114.

[26] Исто.

[27] Драгољуб Петровиќ, Власи во Србија и Власи-Цинцари во Македонија, Компаративно согледување, Зб. Власите на Балканот, Скопје 2002, 32.

разбира деловен човек, којшто влегува во деловни односи, за да се збогати.[28]

Ароманците кои што емигрирале стигнале до Хабзбуршката империја и се настаниле во Унгарија, Трансилванија и Австрија. Некои стигнале до Источна Прусија. Повеќето од оние што се населиле во Унгарија биле со повисока култура и стоеле повисоко во тој однос од месното население. Ароманците биле писмени и по правило-полиглоти, а некои од нив преку грчките преводи се запознале со модерните филозофски и политички идеи на Западна Европа. Нивните трговци патувале на запад, од каде што носеле нови стоки, книги и идеи. Во чаршиите на унгарските градови Ароманците играле водечка улога. Тие ги предавале на српските и влашките трговци помодерните начини на работа и организација на трговијата, вклучително педантноста и деловноста. Според Зоран Јањетовиќ: „Со текот на времето тие, поради своите трговски врски, станаа први носители на европеизацијата во вистинска смисла на зборот".[29] Ароманците влијаеле на месното население и во чисто битов елемент. Во чаршијата тие им предавале на своите сограѓани подобри навики и обичаи. По своето уредување и чистота нивните куќи биле пример на месните жители - "полуориентално граѓанство во зачеток". Освен тоа граделе православни цркви и училишта, користени не само од нив и Грците, но и од другите православни. Заедно со Грците, Евреите и Ерменците ги формирале првите зачетоци на буржоазијата меѓу месното, исклучително земјоделско население по унгарските и српските земји.

Слична била улогата на Ароманците и во источниот дел на Хабзбуршката империја - Трансилванија. Поради цивилизирачката улога што ја одиграле Ароманците односно нивната емиграција во Хабзбуршкото царство последната беше поттикнувана со специјални привилегии, дадени од Марија Терезија. Напоредно со економскиte општествените и културните аспекти на нивната цивилизаторска улога во Хабзбуршката империја, дејноста на Ароманците во Трансилванија има и друга страна. Но првите преродбенски просветни искри, исфрлени со делото на К. Рожа, М. Бојаџи и К. Укута, не даваат практични резултати меѓу месните аромански колонии. Нивната енергија, материјален и културен принос се насочуваат не кон нивните стари родни огништа, туку се вложуваат во изградбата на романскиот фронт во Трансилванија, каде романството води бор-

[28] Исто.

[29] З. Јањетовиќ, Цинцарите..., 40.

ба за спас. Според Константин Папаначе за прв пат во историјата практично се остварува солидарноста меѓу тие „два разграноци на романитетот на Балканот”.[30]



Андреј Шагуна

Во текот на бурната 1848 г. кога револуционерното движење во Виена се префла во Трансилванија, се појавува името на Ароманецот Андреј Шагуна - православен епископ. Треба да се спомене дека семејството на Андреј Шагуна беше избркано од Грабова (близу Москополе) од страна на Али-паша кон крајот на 18-тиот век. Роден е во 1809 г. во Миклош. Завршил правни и филозофски студии. Тој беше професор по теологија во Сремски Карловци каде со сета своја енергија се бореше за ослободување и афирмирање на православната вера. Неговите квалитети беа признати и затоа во 1847 г., беше избран за епископ, а тоа беше потврдено и од австрискиот император во 1848 г. За спроведените верски и културни работи, како автор и голем патриот, Андреј Шагуна беше избран за почесен член на Романската академија на науките. Беше голема и просветлена фигура и во сферата на печатење на книги. Покрај многуте активности коишто ги имаше владиката Андреј Шагуна, тој беше и ментор на романските училишта. Архиепископот, митрополитот, баронот Андреј Шагуна претставува една единствена фигура која ги реализира духовните идеали и кој ја афирмира православна црква во Трансилванија. Грандиозната личност од ароманско потекло, која за неговиот аромански род не направил ништо.[31] На 15 мај во полето околу гр. Блаж, наречено оттогаш „Полето на слободата”, се собираат околу 30 илј. души, главно романски селани од областа. Собирот бил одржан под претседателство на двата епископи-православниот Андреј Шагуна и грчко-католичкиот Јон Лемени. Собраниот народ ја прима „Националната петиција” од 13 точки, со која се бара рамноправност на Романците со другите националности во Трансилванија.

[30] К. Папаначе, op. cit., 28.

[31] Н. Попникола, Влашки преродбеници..., 376-377.

Бил формиран комитет со седиште во Сибиу кој треба да ги реализира решенијата од Блаж. За негов претседател бил избран Андреј Шагуна. Но на крајот на краиштата революционерното движење во Хабзбуршката империја било уништено. Со воведените уставни промени од младиот император Франц Јосиф којшто владеел од 1848 до 1916 г., апсолутизмот повторно бил воспоставен, нешто што предизвикало незадоволство на романското население во Трансилванија. Во текот на 1861 г., во Сибиу тој формира „Трансилванско здружение за романска култура", коешто имаше за цел да го буди и да го развива романското национално сознание. Борбата завршува со победа, со прифатениот во текот на 1863 г. од Собранието на Трансилванија закон, со кој што се признава романскиот јазик за официјален, напоредно со германскиот и унгарскиот.[32]

Во Трансилванија имало и други истакнати ароманскi фамилии како оние на Мочони и Гожду. Во економскиот живот на Хабзбуршката империја голема улога одиграле и гореспоменатите С. Сина, Н. Думба и др. Георги Даскалов ги наведува зборовите на економистот Алекс Печ дека „не е возможно да се разбере економскиот развиток на Австрија, ако не се води сметка за влијанието на грчките трговци во Виена и особено на придојдените од Москополе".[33]

Можеме да си го поставиме прашањето, зошто Ароманците од Хабзбуршката империја, коишто постигнуваат врвни резултати во стопанскиот, општествениот и политичкиот живот, не пројавиле активност за пробудување на националното осознавање на своите сонародници. Причината за тоа Папаначе ја бара „во ослабувањето на националниот инстикт", кое довело до смешување со други народи и особено при фамилиите со благороднички титули. Како втора основна причина тој ја посочи острата грчка контраофанзива, преземена од Вселенската Патријаршија, и фанариотството, кога во текот на 18-тиот век биле направени првите обиди за национално пробудување од Г. Рожа. Инаку Ѓорѓи Константин Рожа (1786-1874) е роден во Битола. Завршил лицеј во Темишвар, апсолвирал на медицинскиот факултет во Виена, а тука и ја одбранил и докторската дисертација во 1812 г. Рожа во Виена одбранил и еден докторат од областа на историјата, на германски јазик, под името: „Студии за Романите наречени Власи, кои живеат преку Дунав", а трудот го напишал под псевдонимот Влахус Москополеанус (1808) а бил преведен на романски јазик од страна на Серџиу од Крајова во 1867 г. Во

[32] Г. Даскалов, op. cit., 115.

[33] Исто.

ова свое дело Ѓорѓе Рожа го објаснува латинскиот корен на јазиците со коишто зборуваат овие два народи (Ароманците и Романците).

Овој труд бил напишан на германски и грчки јазик на 160 страници. Под влијанието на Тунман, од кого имаше преземено и повеќе негови цитати, Рожа го објаснува ароманското потекло на Ароманците од Македонија и наведува дека тие се романизиран тракиски народ. Со цел да се унифицира ароманскиот јазик тој го напишал трудот: „Мајсторија за читање на влашки со латински букви, кои се букви на старите Романи" (Буда 1809).

Познат е и Константин Укута. Тој по потекло бил од Москополе и ја напишал книгата „Нова педагогија или речник" со интенција од неа да учат ароманските деца. Оваа книга Укута почнал да ја пишува во Москополе, но тој ја завршил во Познањ, а ја отпечатил во Виена во 1879 г. во печатницата на браќата Маркизи Пуљу (и двајцата од ароманско потекло) на ароманси со грчки букви. Издавањето на оваа книга предизвика голем интерес меѓу ароманските и странските специјалисти. Работите на К. Укута, и покрај тоа што имаат религиозна содржина, во прв ред служат како еден прирачник на ароманскиот јазик, и претставуваат еден обид на еден ароманскиот автор да ги обработи правописните норми на ароманскиот јазик. Воглавно тоа е дијалектот којшто го зборуваат Ароманците од Албанија. Јазикот на Константин Укута е идентичен со оној на Кавалиоти или на Данаил Москополецот.[34]

Според Константин Папаначе една од причините што не се пробудило ароманското национално сознание биле и прогрчките расположенија во ароманските колонии. За ваквата ситуација придонесе раширеното филеленско движење во Европа за време на востанието од 1821 г. Тоа водело кон поврзување со движењето на грчкиот народ на дел од Ароманците во Османлиската империја, а друг дел се вклучува во националните борби на романското население во Трансилванија. Инаку треба да се каже дека митрополитот А. Шагуна, којшто бил особено авторитетен во империјата, од тактички причини тој не се вмешува во поддршката од страна на романската држава на националното будење на Ароманците коишто живееле на територијата на Хабзбуршката империја. Извршеното одземање од страна на романската држава на манастирските имоти ја воведува во тежок судир со Вселенската патријаршија. По сè изгледа дека тој не сакал да си создава нови непријатели, со оглед на тоа што имал

[34] Н. Попникола, Влашки преродбеници..., 97-98.

потреба од поддршка за зацврстување на позициите на православието во борбата со другите вероисповести во Трансилванија.[35]

Покрај во другите држави Ароманците се појавуваат како фактори на модернизација и во Османлиската империја. Преку брачни врски тие се вклучуваат во феудалната елита на зависните кнежевства Влашка и Молдавија. Ароманците биле носители на модернизацијата и во Грција како со своето активно учество во востанието од 1821 г., така и со излезените од нивните редови водечки политички дејци на новоослободената грчка држава. Таков бил на пр. Јоанис Колетис. Инаку тој е роден во 1784 или 1786 г. во ароманската општина Сираку (Епир-Грција), близу до градот Јанина. Студирал низ Европа, прво во Падова, а подоцна во Париз. Докторатот од медицина го одбранил во Пиза. По ова се вратил во Грција задоен со идеите на Францускaта буржоаска револуција. Во Јанина работеше како лекар и истовремено беше и личен лекар и секретар на Али-паша Јанински. Од 1821 па сè до 1824 г. за време на грчката револуција, Колетис се наоѓаше на првите барикади во борбата против Османлиите. По ослободувањето на Грција Јоанис Колетис во првата влада бил назначен за министер за трговија. Во 1835 г., бил министер за внатрешни работи и министер за војна. Од 1835 до 1843 г. Колетис беше амбасадор во Париз. Почина во 1873 г. Покрај Колетис познат е и Теодор Колокотрони. Тој бил роден во 1770 г. Тој беше еден од многуте аромански револуционери кој се борел за ослободување на Грција од под османлиското господство. Тој беше наименуван за командант-генерал над целата грчка војска на полуостровот Пелопонез. Малку подоцна Теодор бил воспеван и величен и почитуван како „Гарибалди на Грција" или како *„цар на Ароманците"*. Колокотрони иако не бил многу образован, бил одличен стратег. Неговото семејство никогаш не го признало османлиското ропство и од 1553 па сè до 1828 г. постојано се бореше против Османлиите. Од 1820 до 1828 г. тој беше и гувернер на полуостровот Пелопонез. Со намера да биде ликвидиран, по пат на интриги и лаги, Теодор Колокотрони, заедно со повеќе негови капидани, бил депортиран на островот Нисиа. Фанариотите и етеристите се плашеле да го убијат, зошто тоа би предизвикало големи реакции од страна на другите капидани и заради тоа тој беше ослободен заедно со неговите капидани, а подоцна му било признато и неговото командување над целиот Пелопонез. Умира во 1843 г.[36]

---

[35] Г. Даскалов, op. cit., 117.

[36] Н. Попникола, Арм'ните под Турците..., 470.

Други познати аромански револуционери биле Алекси Влахопол и Одисеј Андруцу. Последниот е роден во 1798 г. Беше еден од афирмираните раководители на грчката револуција. Тој едно време бил командант на одбраната на Атина во текот на грчката револуција, а учествувал и во многу други борби, имал контакти со Мехмед Али-паша но не успеал да го убеди да не војува против востаниците. Меѓутоа, тој имал и свои непријатели. Меѓу нив бил и Д. Ипсиланти. Враќајќи се во Атина тој бил убиен од платени атентатори, бил закопан покрај Акрополис, а истовремено бил прогласен за предавник. Дури на 21 февруари 1865 г. како резултат на барањето од страна на народот и неговите соборци револуционери, Одисеј Андруцу бил ексхумиран од таму и повторно закопан во Акрополис.[37]

Во врска со прашањето за цивилизаторската улога на Ароманците треба да се каже дека градовите на Србија до почетокот на 19-тиот век со своето грчко-ароманско-муслиманско население остануваат туѓо тело меѓу српскиот народ. Само одделни Ароманци учествуваат во борбите за ослободување на Србија. Тука би го спомenале Јован Курсула кој по националност бил Ароманец. Кога избувнало Првото српско востание во 1804 г. Јован Курсула бил меѓу првите востаници кои нападнале на градот Чачак. Во 1810 г. покажал големо херојство кај градот Варварин. Во целата 1813 г. се наоѓал во Делиград каде што водел жестоки борби со османлиските војски. Добивајќи тешки рани во борбите умрел на 16 август 1813 г. Тој бил премногу обземен од мислата за ослободување на Србија.[38]

Попознати Ароманци коишто учествувале во Првото српско востание во 1804 г. беа Цинцар Марко и Цинцар Јанко. Цинцар Марко беше дојден во Србија во 1800 г. од Охрид. Цинцар Јанко беше од Белица (кај Струга) и тој исто така, кога почна Првото српско востание, се приклучи кон српските востаници и секогаш се наоѓаше во близина на вождот Караѓорѓе.[39]

Ароманци беа Конда и Јорји Папазоглу од Јанина кои се бореа на страната на Србите против османлиските освојувачи. Од Македонија стигна познатиот херој Јоргаќи со седум свои другари, меѓу кои беа и Јорји Загла и Фармаќи. Тие се придружија кон одредите на Хајдук Велко и за кого се зборува дека по потекло бил Ароманец.[40]

---

[37] Исто, 477-478.

[38] Исто, 480-482.

[39] Исто, 492.

[40] Исто.

Поради тоа што вождот Караѓорѓе водачот на Првото српско востание беше неписмен човек, тој мораше да има околу себе многу учени и писмени луѓе од кои еден дел беа Грци, а еден Ароманци. И покрај тоа што Караѓорѓе многу не ги сакаше Ароманците (иако според некои и тој имал некои корени од ароманско потекло), првиот договор меѓу српските востаници и Османлиите му го составија и заклучија Ароманците Наум Крнар и Петар Ичко. Наум Крнар беше Ароманец од Москополе и долго време му беше личен секретар на Караѓорѓе, а беше убиен од противниците заедно со Караѓорѓе, при нивното враќање во Србија во 1817 г.[41]

И кнезот Милош Обреновиќ имал во неговата непосредна близина Ароманци кои му беа блиски соработници. Еден од неговите консултанти му беше Ароманецот Христу кој потекнуваше од Македонија. И браќата Чардаклија и многу други Ароманци се бореа на страната на Србите против османлиското господство.[42]

И како политичари Ароманците биле често присутни во Србија во бурните времиња. Тука би ги спомenale Петар Ичко, кој ги водел дипломатските преговори меѓу Високата Порта и српските востаници и Наум Ичко кој бил поставен за трговски конзул и дворски лиферант.

Исто така познат бил и Лазар Пачу. Инаку претците на Лазар Пачу дошле од Блаца-Македонија во големата преселба под патријархот Чарноевиќ во Србија и се населиле во Поморшката граница. Од таму од околината на Арпад, заради прогонот на Марија Терезија, и многу незадоволни Срби, се преселиле во Русија. Непосредниот прадедо на Пачу се преселил од Поморшија во Бурут. Од тоа време се појавува името на Пачу и тоа во Кечкемет, Пешта, Суботица.[43]

Тој во 1904 г. прв пат станува министер за финансии и веднаш се покажал како голем познавач на финансиите. Внесол ред во финансиите на Србија. Тоа имало за последица зголемен економски подем. Врз основа на Пачу финансиски била подготвена Србија за војна и успешно управувал со нејзините финансии за време на војната.[44]

Во општинските власти во Белград пред 1867 г. имало многу Ароманци. Тука биле претставници на семејствата Христодуло, Вучо, Заха, Дума, Капула, Нуша, Настас, Боди, Кини. Инаку од тогаш-

[41] Исто.

[42] Исто.

[43] Б. Петковски, op.cit., 220.

[44] Исто, 219-220.

ните стари семејства најразгрането било семејството Леко, како по староста, исто така според угледот и значењето. Во ова распространето семејство имало 5 доктори на науки, 7 професори на универзитетот и педагози.[45] Томо Леко-Томче, син на Марко, дојден од Магарево - Македонија. Роден 1814 г., умрел 1877 г. Еден од најголемите трговци во Белград.

Познати личности во Србија биле и Димитрија Цинцар-Марковиќ, роден 1849 г. а живеел до 1903 г. Генерал, а потоа командант на српската војска. Претседател на владата за време на владеењето на кралот Александар Обреновиќ. Убиен во 1903 г. заедно со кралот Александар и кралицата Драга Машин.[46]; Александар Цинцар-Марковиќ, роден 1889 г. умрен веројатно 1945 г. Дипломиран правник и доктор на правни науки. Еден од креаторите и реализаторите на надворешната политика на Кралството Југославија пред Втората светска војна. Потписник на Тројниот пакт од 25 март 1941 г. и капитулацијата на Југославија на 18 април 1941 г.[47]



Никола Пашиќ

Еден од водечките политичари во тогашна Србија со ароманско потекло бил Никола Пашиќ. Тој е историска личност во внатрешно и надворешно-политичкиот живот на Србија. По потекло е од староврашко семејство Паску од Москополе. Семејството прво се населило на Родопите, а потоа со други аромански семејства дошле во Србија.[48]

Никола Пашќ е роден на 19 декември 1845 г. во Заечар, а умрел на 10 декември 1926 г. во Белград. Како политичар и државник посебно од почетокот на 20-тиот век учествуваше во креирањето на српската надворешна политика. Од неговата политика биле засегнати и Македонија и Ароманците без нешто да направи за нив за време на Балканските војни, а посебно по склучувањето на Бу-

[45] Исто, 221.
[46] Исто, 222.
[47] Исто.
[48] В. Трпковски-Трпку, op. cit., 35.

курешкиот договор за мир од 1913 г. Еден од централните плоштади во Белград го носи неговото име.

Меѓу познатите политичари со ароманско потекло е Јован Ѓорѓевиќ.

Меѓу културните работници би ги споменале Јован Стерија Поповиќ. Тој бил роден во Вршац. Бил син на еден ароманси трговец којшто се населил во Вршац. Основоположник на српскиот театар уште во далечната 1842 г. Исто така бил познат писател. Умрел на 26 февруари 1856 г.[49]

Јован Стерија Поповиќ е прв и најголем српски комедиограф во 19-тиот век. Бил најзначаен српски писател меѓу двете романтичарски генерации во половината на 19-тиот век. Еден е од првите големи писатели на новата српска литература. Тој е еден од најзаслужните за создавањето на модерниот српски музеј во Србија во 1844 г. Во Белград една улица го носи неговото име.



Бранислав Нушиќ

Еден од најистакнатите културни работници на Србија бил Бранислав Нушиќ (Алкибијад Нуша), син на еден аромански трговец од Смедерево. Неговите претци во Србија дошле од Влахо-Клисура. Тој бил роден на 8 октомври 1864 г. во Смедерево. Умрел на 19 јануари 1938 г. во Белград. Тој е најголем српски комедиограф, основач и уредник на „Предионице”. Бил прв градоначалник на Битола по влегувањето на српските војски во текот на Првата балканска војна во Македонија. Бил организатор и управник на театарот во Скопје во 1913 г. Бил уредник на списанието „Српски југ”. Прв началник на внатрешниот отсек на Министерството за правда во Белград. Најпопуларен новинар на весникот „Политика”. Една улица во Белград го носи неговото име. Во 1994 г. во Белград му бил подигнат споменик.[50]

Ароманците во Србија се јавуваат и како значајни добротвори. Две личности од ароманското семејство Анастасиевиќ се значајни за вкупниот развиток на Србија, а и на Балканскиот Полуостров.

[49] Исто.

[50] Исто.

Димитрија Анастасиевиќ-Сабов бил роден во Негуш. Во Земун би донесен како дете од шест години во 1732 или 1733 г. По занимање бил сабов (прост шнајдер-кројач), абаџија, капамаџија, трговец и арендатор. Бил основач и добротвор на првата (најстарата) српска гимназија во Сремски Карловци 1791 г.[51]

Миша Анастасиевиќ, роден во Пореч на 24 февруари 1803 г., умрел во Букурешт на 23 февруари 1885 г. Трговец и бродосопственик, закупец на романско-унгарски солани. Од зделките со сол стекна големи средства и тој фактички бил најголемиот трговец со сол во Србија. На 17 јули 1833 г., кнезот Милош му го даде чинот „Капетан на Дунав", а понатаму и чинот мајор. Со првиот чин, Миша Анастасиевиќ беше познат низ цела Србија како „Капетан Миша". Во 1832 г. тој живеел во Младеновац, а од 1842 г. живее во Белград. Неговата огромна работна енергија придонесе да стекне огромно богатство од трговијата со сол. Миша Анастасиевиќ имаше цела своја флота на бродови на Дунав со која транспортираше сол. Неговата флота броеше 74 бродови во која работеле 500 луѓе.

Кога се наоѓаше на врвот од неговата слава, во периодот од 1850-1865 г. тој богатство во пари и во имот имаше во вредност од околу 1,5 милион наполеони (златници).

Како што се зголемуваше неговото богатство, така растеше и добродетелството на Миша Анастасиевиќ. Ниту е возможно да се набројат сите донации и друга помош што ги даваше овој хуман човек. Миша беше и специјален донатор за народното образование во Романија во градовите во кои го имаше спечалено најголемиот дел од својот имот. Тој донираше средства за едно женско и едно машко училиште во кое учеле романските, бугарските и српските деца.

Миша Анастасиевиќ умира во 1885 г. во Белград, каде е и погребан.[52]

Во Македонија ароманското население е значително помногубројно, коешто успева да ја задржи асимилацијата меѓу местното македонско население. Еден дел од ароманското население ја прифаќа прогрчката ориентација. Георги Даскалов наведува дека за разлика од Хабзбуршката империја, тука ароманското цивилизациско влијание се пројавува индиректно. Ароманските населби, со нивните убави и високи куќи и со нивната внатрешна уреденост, биле пример за местното население. Исто така во повеќето села се забележува чистота во населбите, особено во повисоките населби.[53]

---

[51] Б. Петковски, op.cit., 228.

[52] Н. Попникола, Арм'ните под Турците..., 298-299.

[53] Г. Вайганд, op.cit., 23.

Инаку погоре е споменато за учеството на Ароманците во ослободителните борби против османлиските завојувачи.

Во Албанија по разурнувањето на Москополе и останатите развиени ароманскиu центри Ароманците останале на ниво на бедни овчари. Меѓутоа сепак еден помал број на Ароманци преку асимилаторските процеси се вклучува во месната општествена елита и со текот на времето меѓу нив се пројавуваат првите албански идеолози.[54]

Овие идеолози зеле учество при формирањето на Призренската лига, која се раководеше од странство (Милано, Букурешт и Цариград). Како што е споменато меѓу идеолозите имаше и Ароманци. Најмногу Ароманци имаше во групата од Корча, зошто во Корча живееја и најмногу Ароманци. Некои од поважните ароманскиu борци за ослободување на Албанија од Османлиите беа Ароманци или исламизирани Ароманци како: Сами Фрашери, Хусеин, Сима Митко, Ташко Васо, Наум Сиду и многу други.[55]

И покрај позитивната улога на Ароманците на Балканот односот на нивните соседи кон нив е скептичен. Тоа може да се објасни не само со вообичаената завист, но и со некои пројавувања од нивна страна како конкурентски својства во стопанската дејност. Густав Вајганд, истакнува, дека кај ароманското население има интелигентни луѓе, дека тие се разумни, трудољубиви и енергични, поради кое немалку од нив се стекнуваат со крупно богатство. Тој додава, дека ароманските овчари биле исклучително скромни биле принудени на големо напрегнување и скудност, живееле со недели на отворено, без да се пресоблекуваат. Меѓутоа во куќите на занаетчиите и трговците царувала педантна чистота. „Додека во Македонија - пишува тој - поднесуваат дури и паразити од секаков вид, убавите ароманскиu планински села блескаат од чистота. Тука посилно, отколку кај другите балкански народи, е развиено чувството за убава природа, за чист воздух и бистра студена вода".[56]

Васил Кнчов кој надолго и нашироко ја пропатувал Македонија изјавува: *„Македонскиuше Власи се одликуваат со преттриемчив дух, со итрина, со лесна снаодливост; тие се брзи, пргави, често итри"* . Тој во својата оценка забележува дека тие во своите трговски способности ги надминуваат Грците и Евреите, дека лесно го изучуваа туѓиот јазик и брзо се приспособуваат кон условите, во

[54] Г. Даскалов, op. cit., 116.

[55] Н. Попникола, Арм'ните под Турците..., 300.

[56] Г. Даскалов, op. cit., 117.

коишто живеат. *„Епиро-македонскиот Влав-продолжува В. Кнчов-е најмалку наклонет кон идеализирање на нештата; тој пред сѐ е прагматичен човек. Прифаќа работи, кои нему лично може да му донесат материјална корист...Вообичаено таквите збогатени Власи потпаѓат под влијанието на грцизмот преку женидбени врски за Гркинки и нивните деца под влијанието на грчката култура, на грчките традиции, на грчкиот дух стануваат грчки патриоти и често жртвуваат големи суми за црковно-училишни и други патриотски дела”.*[57]

Познатиот аромански истражувач на Ароманците Т. Капидан пишува за нив: *„Тоа, кое го разликува еден Ароманец-селанин или граѓанин, од еден Грк, Албанец или Бугарин, на прво место е онаа лична енергија, која што го турка да се снаоѓа во било каква ситуација да се наоѓа, бил способен најбрзо да си пробие пат во животот со успех во стопанско-општествената и културната област”.* Во истиот тој дух тој зборува за нивната работоспособност, бистрина и интелигентност, коишто им дозволуваат да се наложат секогаш и насекаде *„како пожелен фактор во стопанско-општествениот живот на Балканот”.* Благодарение на тие свои својства и на своето занивање со трговија, тие достигнале до цутечка материјална положба, со која ги надминуваа сите околни народи. Умееле да ги искористат плодовите на повисоката грчка култура и да создадат грчки високи училишта во Мецово (Аминчу), Јанина, Москополе и др. Напоредно со тоа Т. Капидан одбележува дека при целото свое почитување кон грчката култура, Ароманците сметале дека стојат повисоко од Грците во моралниот, економскиот и расниот однос, ги презирале и избегнувале роднинските врски со нив.[58]

Теодор Капидан исто така забележува дека куќите на Ароманците биле обично пространи, составени од повеќе соби и со еден или два ката. Сите тие се изградени од камен и имаат четириаголна форма. Колку надморската височина на која се наоѓаат е поголема, толку нивните ѕидови се подебели. Прозорците не се многу големи, но сите куќи имаат еден балкон на горниот кат.

Во зима, жителите кои вообичаено не ја напуштаат општината живеат во собите од долниот кат. Во лето, престојуваат во онаа на горниот кат. Но тоа зависи и од семејството: побројните во зима и во лето престојуваат во сите соби од куќата. Од собите на долниот кат, обично се престојува во средишната просторија; тука се наоѓа и

---

[57] Исто.
[58] Исто, 117-118.

разбојот. Едната странична соба служи за дрвата, а другата за производите на млечната индустрија, путер, сирење итн; во другите две соби се наоѓаат ткаените волнени парчиња и на сета сопственост на куќата. На горниот кат се наоѓаат спални соби и една или две гостински соби.

Но номадските сточари кои секое лето, па дури и повеќе пати во текот на летото ја менуваат населбата во потрага по побогати пасишта, живеат во колипки или под шатор.

Повеќето од овие колипки сочинуваат селце (катун). Овој вид населби, карактеристични за сите Ароманци номади, а особено за Фаршеротите од Албанија, е распространет насекаде по планинските области во центарот и на југот од оваа земја.[59]

Присуството на Ароманските номади им дава посебен изглед на селата и на градовите на Балканскиот Полуостров поради нивната носија која е сосема различна од онаа на селаните од другите балкански народи, а особено поради нивното изразено држење. Теодор Капидан вели: *„Македо-романецот, сточар или жител на градовите, онаков каков што го запознав по целиот Балкански Полуостров, во споредба со другите народи како Словените или Албанците, е праг, многу подвижен, има енергични движења, спонтан говор, разновидно гестикулирање во кое само Гркот го надминува. Кога ја кажуваат цената на пазарот, повеќето од нив зборуваат гласно, обидувајќи се на сите можни начини да го убедат купувачот. Жените не се разликуваат многу од мажите; тие се многу брзи, за жал често исцрпени од работата што им ја намалува убавината. Пуквил вака зборувал за тоа: „Убавината на нивните жени, природно надарени со богат колорит според кој Рубенс го создал моделот на модерната школа, се состои само од долга руса коса, црвени усни и свежина на здравјето”.*[60]

Според Теодор Капидан: *„Од овој можеби единствен тип на Балканскиот Полуостров, Македо-романецот од градовите се разликува само по темпераментот, особено оној од градовите во Македонија, каде градскиот романски елемент е прилично стар. Таму, дури и во поважните општини, Македо-романецот е многу помирен, но и поумерен во јазикот; особено жената предизвикува почит со својата воздржаност”.*[61]

---

[59] Т. Капидан, Македо-Романците, Историска и описна скица на романските населенија на Балканскиот Полуостров, Скопје 2004, 20-21.

[60] Исто, 23.

[61] Исто.

Семејниот живот е ист, исто толку патријархален кај „Романците" од градовите како и кај сточарите. Таткото на семејството го има најголемиот авторитет. Почитта кон родителите го надминува сето она што може да се замисли. Односите меѓу членовите на едно семејство се зацврстени со взаемна љубов, особено со почит на помладите кон постарите. Роднинските посети се прават во недела по службата во црква и во празници. Религиозното чувство кај Ароманците не било долку длабоко: живеејќи постојано на планина, тие не се многу во можност да се молат во црква. Затоа нивната религија се сведува особено на неколку надворешни форми, како прекрстување кога им се случува несреќа или кога се трогнати од некој натприроден настан, прецизно почитување на постите, во чија ефикасност веруваат дури и кога прават лошо, палење свеќи пред иконите, кога им се случува да влезат во црква, и накрај, неработењето во сите празнични денови во годината.[62]

Во сите групи на Ароманци, населени во изолирани предели или среде други народи, селскиот живот се одвива според истите правила кои го карактеризираат целиот аромански народ. Летото се минува на врвовите на планинините со стадата, во постојан контакт со природата за која Ароманците имаат посебно чувство; зимата се минува во рамнината.

Она што вообичаено го разликува ароманскиот селанец или граѓанин од Гркот, Албанецот или „Словенот" е најпрво неговата енергија која му овозможува, во било кои околности, побрзо да си пробие пат низ животот, да се издигне во стопанската, општествената и културната област со леснотија која ретко се среќава кај другите балкански народи. Од најсиромашниот сточар, со непрекинато скитачки живот, до граѓанинот кој создал извонредно богатство благодарение на трговијата, се забележува истиот дух во постојано движење кој развива неуморна активност.[63]

Според Т. Капидан другите два квалитети на Ароманецот се трезноста и штедливоста. Јадењето му е умерено, пиењето ограничено, се пази од секакво претерување. Според него Вајганд вака го опишува овој квалитет: *„Со многу пофалби треба да се истакне дека трезноста кај Ароманците е извонредно развиена. Кај ароманските сточари, обичајот е младите да не пијат алкохол пред да се женат. Занаетчијата навистина пие мала чаша ракија одвреме на време, меѓутоа тешко се среќава пијан човек"*.

[62] Исто, 25-26.

[63] Исто, 28.

Што се однесува, пак, до штедливоста, ако Ароманецот треба да започне некоја работа, тој е способен да штеди колку што е можно повеќе. Кај него мрзливоста и расипништвото не му биле познати. Од друга страна, штом ќе достигнат материјална состојба која ги заштитува од секакви други потреби, знаат да уживаат во сите удобности кои им ги овозможуваат производите на една напредна цивилизација.[64]

Нешто погоре е споменато дека ароманската дијаспора издвојувала многу средства за новосоздадената грчка држава. Со средствата на баронот С. Сина била изградена зградата на Академијата на науките во Атина. Своето име меѓу големите благодетели на Грција го става и Ѓ. Авероф од Мецово (Аминчу). Со негови средства бил изграден општо националниот стадион во Атина, Атинскиот конзерваториум, Политехниката во Мецово, училиштето на Авероф во Лариса и др.[65]

Ѓ. Авероф заедно со Никола Стурнари и Михаил Тошица ја изградува и Атинската политехника. Меѓу ароманските донатори се истакнуваат имињата на Елена Тошица и наследникот на Ѓ. Авероф, којшто ѝ подарува на грчката воена флота еден крстосувач.[66] Со средства на Ароманците од странство се изградени уште дворецот на Запија, Националната опсерваторија, Военото училиште и др.[67]

Богатото донаторство на ароманската дијаспора кон новата грчка држава покрај одредените симпатии кон филеленизмот тоа дава придонес и кон нивниот духовен и културен импулс. Георги Даскалов истакнува дека Ароманците ја докажувале својата дарежливост и кон словенските народи на Балканот. Познатиот проучувач на Ароманците во Србија, Д. Поповиќ, истакнува дека нема културен и религиозен објект во земјата, за кого не дале свој придонес и Ароманците. Тие го пројавуваат своето донаторство и во Романија и особено во Трансилванија. Доволно е да се споменат паричните средства, осигурени од Гожду, со коишто се создава фондацијата „Фондација Гожду”. За нивна сметка се обучуваат младите луѓе коишто ја сочинуваат целата духовна и раководна елита на областа. Подоцна таква фондација била создадена и од Жан Михали.[68]

Значи, преку својата индивидуална активност, но и преку колективната, Ароманецот се потврдува во сите околности, како еден

[64] Исто, 29.

[65] Г. Даскалов, op. cit., 118.

[66] К. Папаначе, op. cit., 125.

[67] Г. Даскалов, op. cit., 118.

[68] К. Папаначе, op. cit., 125.

активен фактор на цивилизацијата и напредокот. Радоста да прави добрина и да го подарува на колективитетот плодот на својот труд претставува уште една форма на виталност и идеализам под кој се пројавува ароманската буржоазија.[69]

Според Георги Даскалов богатото индивидуално и колективно донаторство на Ароманците за нивните родни краишта, за грчката држава, во чиишто граници тие биле вклучени, како и за соседните балкански држави било израз не само на економската моќ на ароманската буржоазија, но и на нејзината духовност. Потпомагајќи го нивниот културен развиток, тие придонесуваат за модернизацијата на пространството на Југосточна Европа.[70]

Во својот развиток Ароманците се пројавуваат не само на стопанското поприште, но и на интелектуалното и општественото рамниште. Веќе погоре поопширно пишувавме за Москополе и неговото утврдување кон средината на 18-тиот век како еден од најголемите културни и просветни центри на Балканот. Кога во првите години на 19-тиот век Ф. Пуквил ги презел двете свои патувања по балканските земји, тој установува: *„Ароманциѿе кои ӣаѿуваа-зборувааѿ ӣовеќе јазици и имааѿ добро средени библиоѿеки, со француски и иѿалијански книѓи. Имааѿ добри изданија на ѓрчкиѿе класици, и еден сѿранец може да најде кај нив лиѿераѿурни ӣримероци, кои ѿешко дека би можел да ѓи ӣонесе на ӣаѿ. Но ѿоа шѿо е ӣозачудувачко е да се види надареносѿа за ред кој владее во ароманскиѿе фамилии и ѓрадови“.*[71]

Колку и да беа интелектуалните и креативните квалитети на Ароманците, штом беа расфрлени во најголемата близина на фокусот на класичната хеленистичка култура, беше тешко да создадат една сопствена култура, и особено во едно време кога сите луѓе се наоѓаа под маѓепсноста на оваа култура. Во овој поглед, нивниот главен центар ќе ја одигра улогата на една модерна Атина.[72]

Но и покрај горе кажаното, многу Ароманци ќе влеат свој интелектуален потенцијал во политичкиот и културниот живот на нова Грција во текот на 19-тиот и 20-тиот век. Меѓу нив биле премиерите Ј. Колетис, Сп. Ламброс, Јоанис Ралис и проф. Константинос Логотетопулос, министрите Георгис Модис, роден во Битола, Евангелос Авероф од Мецово (Аминчу), Г. Цицикостас и С. Хадзигакис.

---

[69] Исто.
[70] Г. Даскалов, op. cit., 118-119.
[71] К. Папаначе, op. cit., 125.
[72] Исто, 126.

Малку да излеземе надвор од нашата тема, своите имиња ги оставиле во историјата и видните дејци на грчкото спротивставување во текот на Втората светска војна-генералниот секретар на ГКП Георгиос Сианто, претседателот на Политичкиот комитет за национално ослободување Александрос Зволос, генералот Стефанос Сарафис - командант на грчката народноослободителна армија (ЕЛАС), Андреас Цимас - член на Главната команда на ЕЛАС. Од ароманско потекло биле поетите Валариотис, Кристалис и Малакасис, професорите од Аристотеловиот универзитет во Солун Г. Вавускос, Г. Ничотас, А. Тахиаос, како и проф. Пантазис Терлексис од Тесалискиот универзитет. Истото потекло го има и првата жена министер во Грција Лина Цалдари, Димитра Лиани - позната сопруга на големиот грчки политичар Андреас Папандреу, како и бившиот премиер и претседател на земјата Константинос Караманлис.[73]

Со „растопувањето" на Ароманците меѓу месното население во српските земји тие го формираат скелетот на српската буржоазија. Од нивните потомци се раѓаат истакнатите политичари како премиерот Милан Стојадиновиќ, министерот Владан Ѓорѓевиќ, А. Цинцар Марковиќ, Лазар Пачу, Коста Кумануди и др.[74] Лазар Пачу (1855-1915) и Коста Кумануди (1874-1962) во српската, но и во историјата на Балканот, беа многу познати како финансиски стручни лица, но и нивното политичко ангажирање не е за занемарување. Напротив! Лазар Пачу сè до смртта се изјаснуваше како Ароманец. По струка беше лекар, а не економист. Коста Кумануди (1874-1962) е од ароманско потекло, но некои сметаа дека неговата фамилија (Кумануди) е од грчко потекло. По образованието стекнато во Париз, пишуваше политички и правни книги. Набрзо стана стручњак за административно право (Книга „Основи на јавното право на Кралството Србија".)

Иста била положбата во Романија. Од ароманско потекло биле премиерите Октавиан Гога и маршалот Јон Антонеску, големиот историчар Николае Јорга, познатите јавни работници Хенри Ментани, Памфил Шенкару и др.

Исто потекло имаат бившиот албански премиер Фатос Нано, поранешниот премиер на Р. Македонија Хари Костов, големата хуманистка Мајка Тереза и светски познатиот Херберт Фон Карајан.[75]

---

[73] Г. Даскалов, op. cit., 119.

[74] Исто, 120; Бранко Надовеза, Политичката дејност на Лазар Пачу и Коста Кумануди, Зб. Власите на Балканот, Скопје 2002, 188-189.

[75] Г. Даскалов, op. cit., 120; К. Папаначе, op. cit., 241.

Не би требало да ја заборавиме улогата на браќата Манаќи и придонесот што тие го дадоа за културниот развиток на Ароманците и воопшто на сите граѓани во Македонија и пошироко. Семејството на браќата Манаќи било едно од најстарите од ароманска народност во селото Авдела во околината на Гревена, кое се наоѓа на источната падина на планината Пинд. Нивниот татко бил познатиот чифлик-сајбија Димитри.[76] Димитри отворено се залагал и го помагал отворањето на романските училишта и воведувањето на богослужбата на аромански јазик во црквата. Ваквиот негов став секако дека имал влијание и врз неговите синови Јанаки и Милтон со цел и тие национално да осознаат дека се Ароманци, дека тие не се Грци како што прикажуваше Цариградската патријаршија, туку дека се посебен народ со свој јазик, обичаи и култура. Јанаки е роден на 18 мај 1878 г. Во повеќе документи како година на раѓање се споменува 1879 г. Во Авдела го завршил ромамското основно училиште.[77] Инаку во Авдела постоеле две основни училишта: романско и грчко. Романското училиште имало еден учител со 76 деца.[78] Образованието го продолжил во Романскиот лицеј во Битола во септември 1890 г. Во текот на школувањето покрај другото тој покажал голем интерес за фотографијата која во тој период претставувала технички и уметнички новитет во најреалистичката претстава на актуелноста. Во 1896/97 г. Јанаки Манаки го завршува лицејот. Во 1899 г бил назначен за наставник по калиграфија и цртање во романската трговска гимназија во Јанина. Од тогаш сè до 1906 г. постојано работи во гореспоменатото училиште предавајќи ги предметите калиграфија во пониските класови на гимназијата.

Милтон Манаки е роден на 9 септември 1882 г., исто така во Авдела. Не завршувајќи го своето образование во 1898 г. доаѓа во Јанина во фотоателјето на неговиот брат. Милтон добро го научил занаетот и станал вистински мајстор на фотографијата. Често ги посетувал околните места во Јанинската област, потоа Битола и пошироката околина на Битолскиот вилает (тоа се селата Гопеш, Буково, Магарево, Моловиште, Цапари и градовите Дебар, Крушево и Лерин). Важно е да се спомене дека семејството Манаки било вклучено во движењето за национално осознавање на Ароманците од асимилаторското влијание на Цариградската патријаршија и за добивање на црква и на училиште на својот мајчин јазик. Во оваа активност

[76] Александар Крстевски-Кошка, Семејството Манаки, Зб. Творештвото на браќата Манаки, Скопје 1996, 19.

[77] Павле Константинов, Браќата Манаки, Скопје 1982, 35.

[78] Г. Вайганд, op.cit., 293.

посебно се истакнува постариот брат Јанаки, но и Милтон не се одвојувал од оваа традиција во семејството. Според некои сознанија активно членувал и во воспоставувањето канал за пренос на оружје,[79] од Лариса за Вториот револуционерен округ во Битола. Најверојатно оттука и довербата на Македонската револуционерна организација во Милтон да дозволи фотографирање на 100-тина македонски револуционери и учесници во Илинденското востание од 1903 г. и во периодот што следел по востанието.[80]

Во 1904 г. браќата Манаки се преселиле во Битола и тука отвораат сликарско ателје.[81] Работата ќе им создаде реноме кое ќе им овозможи во текот на 1906 г., на покана на романскиот крал Карол Први, да учествуваат на Големата светска изложба на фотографии во Синаја-Романија. Тие таму освојуваат златен медал за нивната фотографска колекција и ја добиваат титулата-Дворски фотограф на Неговото величество Кралот на Романија Карол Први.

По набавувањето на филмската камера, а и со фотокамерата, ќе ги регистрираат настаните почнувајќи од времето од пред Илинденското востание, Младотурската револуција, Балканските војни и Првата светска војна, потоа од времето на окупацијата и на крајот завршува со мал број фотографии од периодот по ослободувањето.[82]

Во Битола и околината ги фотографирал Даме Груев и други револуционери пред османлискиот суд, војводата Александар Турунџев, четата на Ѓорги Сугарев, оковани илинденци, ароманската чета на Александар Кошка, Димче Могилчето, четата на костурскиот војвода Митре Влаот и др.[83]

Со својот творечки опус Ароманците браќата Манаки станаа хроничари на историските збиднувања не само во Битола и нејзината околиона, туку и на Балканот. Тоа им овозможило да станат ценети и признати граѓани на Битола и пошироко. Милтон Манаки станал член на разни асоцијации од сферата на општественото живеење и кинoсниматeл и доживотен претседател на Здружението на

[79] П. Константинов, op. cit., 36; Според авторот: „Во 1900 зедов заклетва од организаторот Коста Дабижа и станав член на ВМРО".

[80] Кочо Сидовски, Браќата Манаки и нивната дејност поврзана со Битола, Документи, III/3, 2.

[81] Арети Сидовска, Браќата Манаки и Битола, Зб. на трудови 15 Национална Установа, Завод за заштита на спомениците на културата и музеј – Битола, Битола 2004, 73.

[82] Ј. Андоновска, Фотографиите од фондот на Милтон Манаки, Историја V/2, Скопје 1969, 176.

[83] А. Сидовска, op. cit., 74.

филмските работници на Југославија, а на Десеттиот фестивал на Југословенскиот документарен филм во Белград во 1963 г. доби специјална диплома за животно дело, како пионер на филмот на просторите на бивша Југославија.[84]

Денес најголема награда за Браќата Манаки претставува одржувањето на Интернационалниот фестивал на филмската камера „Браќа Манаки” во Битола.



Михајло Пупин

На полето на техниката секако треба да се спомене американскиот научник и пронаоѓач од ароманско потекло, Михајло Пупин (1854-1935), чиешто ароманско потекло долго време беше обвиткано со мистерија. Михајло Пупин, физичар со меѓународно реноме, е претставуван од американските, англиските, германските енциклопедии како Американец, а само „Петит Ларус”, 1991, додава по Американец, дека бил од српско потекло. Д-р Павле Митрески, во статијата „Потеклото на Михајло Пупин”, објавена во весникот „Нова Македонија” во 1993 г., конкретно покажува дека Михајло Пупин е роден во селото Идвор во Банат (Војводина) во едно семејство на граничари. Неговиот татко се викаше Коста Алексиќ Пупин и потекнува според Жустин Тамбози од Ароманците бегалци од Македонија. Неговата мајка Олимпија беше од селото Олово, близу Панчево, а нејзините родители беа исто така македонски Ароманци. Името Пупин, со сигурност е ароманско, а имиња како Пупа, изведено од Попа се среќаваат во поширока област, од Македонија до српскиот Банат. Емигриран во Америка, Михајло Пупин извонредно ги заврши студиите, и стана, со своите сјајни заслуги, професор на Универзитетот во Колумбија, во државата Њујорк. Истражуваше во доменот на телекомуникациите, радиотехниката и радиологијата. Со неговите откритија се овозможиле телефонските разговори да се водат на поголеми растојанија. За неговите бројни откритија беше награден во

[84] К. Сидовски, Браќата Манаки..., 8.

1920 г. со научно-техничка медалја на заслуга „Едисон". Со талент си го опиша животот во една книга која доживеа голем успех, „Од емигрант до иноватор" која ја доби Пулицеровата награда (најважна награда за публицистика во САД), во 1924 г. Оваа книга е преведена, покрај на другите јазици и на српски, со наслов „Од овчар до научник". По неговата смрт (1935), Лабораторијата за физика на Универзитетот Колумбија во државата Њујорк, го доби името Михајло Пупин.[85]

И покрај сите овие цивилизациски придобивки продолжило претопувањето на Ароманците. По повод претопувањето на дел од Ароманците меѓу соседните народи, Зоран Јањетовиќ изјавува: *„Можеби звучи парадоксално, но дури и со својата асимилација Цинцарите извршија најголемо влијание врз околните народи. Од нивните редови произлегоа национални водачи на многу полиња: од политиката, преку економијата до книжевноста и науката".* Според него при нивната асимилација луѓето од ароманско потекло со своето вградување во новата средина добиваат можности да влијаат врз неа. Како лица со повисоко образование и подобра материјална положба тие дале истакнати имиња во различни сфери на животот придонесувајќи за негов развиток и напредок.[86] Погореспоменатиот Зоран Јањетовиќ исто така вели: *„При тоа, честопати беа и вжештени националисти кај своите посвојувачки нации. Од една страна, луѓето од ароманско потекло дадоа голем придонес за напредокот на народите во кои се асимилираа. Од друга страна, пак, останува прашањето дали и секогаш ги наоѓаа најдобрите решенија, бидејќи често беа на водечки места, и дали нивниот придонес кон напредокот би можел да биде и поголем".*[87]

Многу висок е процентот на лицата од ароманско потекло како во нивните родни краишта, така и во соседните земји, коишто се истакнуваат во животот како лекари, инжинери, адвокати, финансиски стручњаци, архитекти. Многумина од нив се и на научниот терен.[88]

Во врска со погореспоменатите асимилациски процеси меѓу Ароманците, К. Папаначе изведува една суштествена особеност. Според него во нивната борба да се заштитат од обрачот кој ги сте-

[85] Жустин Тамбози, Градителскиот позив кај Ароманците, Документи I/2, Скопје 2004, 61.

[86] Г. Даскалов, op. cit., 120.

[87] З. Јањетовиќ, op. cit., 44-45.

[88] Г. Даскалов, op. cit., 120.

гал од страна на соседните земји се родил така наречениот ароманскки космополитизам како скриена форма на нивниот национализам. Според него: *„не е резултат на едно предвремено стареење на еден народ навлезен во пајсаност, лишен од сила и со овенати корени неспособни да влечат нови течности. Напротив, претставува резултат на една извондредна сила. Самата своја квалитетна селекција (елитата) ја вклучува оваа работа, станувајќи единствен излез кој, во дадените услови ги дава можностите за афирмирање на поголем план. Би можело да се рече дека е скриена форма на национализам како што всушност е и тн. Еврејски космополитизам. Процесот е речиси идентичен, во својот зародиш, но за за разлика од еврејскиот, ароманскиот космополитизам не е организиран за да ги извлече сите предности.*

*Ароманците не го прифаќаа со отворено срце космополитскиот живот. Се опираа колку што можеа повеќе на средината во кој е активен. Се жени со девојка од своето село и го задржува контактотсо родниот крај, во која и да биде ситуација. Но, најпосле, ќе треба да отстапи и целосно да се соочи со судбинат".*

*„Ние Ароманците - му одговара еден интелектуалец на Вајганд - сме родени во лош зодијачки знак."*[89] Од овој лош зодијачки знак се роди ароманскиот космополитизам за да го скрши.

Ф. Каниц забележува: *„Обично на Ароманците им се припишува нивниот недостигачки патриотизам".* Меѓутоа тој веднаш појаснува, дека таа оценка била неточна. Ја потцртува неговата национална стабилност и покрај тоа што не го познавал добро неговото историско минато и дека бил распрснат во мали енклави меѓу народи со туѓи јазици со големо минато, славна современост и добра иднина. „Зачудувачко е тоа дека Ароманците од Македонија не беа одамна апсорбирани од народностите кои ги опкружуваат. Од оваа гледна точка Ароманците покажуваат патриотизам, кој е рамен на еврејскиот, и уште позначаен е што овој народ не е одделен од соседите со една религиозна демаркациона линија.[90]

*„Но, и покрај оваа отпорност, тие ќе треба да се адаптираат за да можат да си ја промовираат својата специфичност под чијшто импулс засекогаш ќе бидат. Нивното афирмирање на балканскиот простор најмногу пага во очи и одговорот ќе треба да се бара во заедничката основа која, како што видовме, е во основата кај сите балкански народи.*

---

[89] К. Папаначе, op. cit., 177.

[90] Исто.

Ароманците се чини дека се најавтечниот израз. Затоа критериумот за национализмот, според денешната концепција, како да е доволен и тесен за едно историско афирмирање со пошироки размери."[91]

*Според Душан Поповиќ,* „националноста немаше значаен дел во животот на Цинцарите (Ароманците). Некои фамилии променија за две генерации две-три па дури и четири национални идеи. Некои од националноста направија доходовен занает, други, пак, станаа горешти грчки, српски, бугарски, романски националисти. По некој се издигнува до степенот национален херој на етничката група, која не беше негова".[92]

Во трговијата беа со генијална способност, заедно со старите народи: Евреи, Грци, Ерменци".[93]

*Според Константин Папаначе:* „Сите овие стремежи за космополитско афирмирање Ароманецот ги имаше како импулс, како борбен елан, кој даде херои". *Практичниот дух кој ги бодреше големите трговци. Тоа е манифестирано под двата аспекта на истата карактеристична виталност. Меѓу воинствениот планинец (Арматолот) и најупатениот буржоаски банкар (Сина, Думба итн.) не постои суштинска разлика. Тие се израз на истата супстанца во две различни личности, како што би била меѓу еден некогашен Викинг и финансиерот од Волт Стрит.*

Овие космополитски погледи на Ароманците покажуваат многу сличности со еволуцијата и афирмирачкиот дух на Евреите или на Ерменците кои, притеснети, исто така, во една очајничка ситуација ја најдоа методата да влијаат на супстанцијален начин на текот на историските настани, длабоко втиснувајќи им го често пати печатот на својот национален ген.[94]

Понатаму К. Папаначе вели: „*...затоа, тие, и покрај тоа што се горди со својата раса, сепак, ова чувство го огледуваат во интимноста, пред туѓинците глумат незаинтересираност со стремеж да бидат асимилирани од народот среде кои живеат. Речиси сличниот феномен кој го забележува Вајганд кај Ароманците од дијаспората.*[95]

---

[91] Исто, 178.

[92] Исто.

[93] Исто.

[94] Исто, 179.

[95] Исто.

Густав Вајганд го истакнува следното: *„За жал тоа е факт, пред туѓинците Ароманците се обидуваат да си го негираат потеклото. Меѓутоа, кога се меѓу своите, дури и се гордеат со него, затоа што во споредба со нивниот број, го дадоа најголемиот процент на ајдути и дека од нивните редови произлегоа најславните водачи и нека биде во нивна чест, најдостојните борци за слобода на грчката земја"*.[96]

Впрочем, националниот отпор, среде народите, извонредната трговска способност, националната гордост прикривана во еден космополитизам кој соодветствува на потребите за афирмирање во една специфична рамка-ова се особеностите кои се забележуваат и кај Ароманците од дијаспората. Расфрлени, како и Ерменците и Евреите меѓу туѓи народи стекнаа слично на нив едно чувство на инстинктивна солидарност, понагласено истакната под истата таа парадоксална форма: се караат воопшто како индивидуалци, но колективно се сакаат. Или како што се вели во една шеговита форма специфична за нив: Се мразат на ситно но се сакаат на крупно".[97]

Гордоста со расната супериорност, поддржувана од еден силен инстикт за одржување ги натера повеќе меѓу себе да се женат. Според Константин Папаначе, оваа ендогамија им даде физички и морален скелет многу добро изразен. Овој факт им обезбедува, дури и кога се расфрлени, единство во мислењето и восхитувачка активност. Животот меѓу туѓи народи им разви еден силен офанзивен и дефанзивен дух, кој им го овозможува излезот од сите неприлики, колку и да се неправедливи истите. Постојаната откорнатост, поради животот којшто го воделе, на почетокот номадски, а потоа и во дијаспора, им ја даде навиката да се вкотват, без тешкотии, во други реалности (туѓи средини), брзо и активно адаптирајќи се.

И покрај тоа што меѓу Ароманците и другите космополитски народи, погоре споменати, може да се најдат и многу длабоки разлики, сепак, проблемот не си ја губи важноста, затоа што претставува една основна реалност.[98]

Според гореспоменатото *„Ароманскиот космополитизам не претставува негирање на ароманскиот национализам, туку повеќе едно негово адаптирање на еден поширок план, како што му бараат суштинските квалитети, наследени од трако-латинските народи, кои го сочинуваат, што би се рекло, главниот биолош-*

---

[96] Исто.

[97] Исто.

[98] Исто, 180.

*ки супстрат и целата историска еволуција одвивана цели векови во животниот простор на овој народ, што беше Балканскиот Полуостров”.*[99]

Од истражувањето на историските вистини -како што се гледа и од тугинските сведоштва обилно цитирани- јасно произлегува дека не би можело да стане збор за еден народ кој влегува во водите на декадантноста, на кој му било предодредено да загине. Напротив, неговата биолошка супстанца, копнежот по слободата, претприемчивиот дух, пожртвувачкиот елан, жедта за култура и цивилизација, карактеристичниот динамизам и конструктивниот инстинкт, покажуваат дека станува збор за еден народ полн со физичка и морална сила, кој се стреми кон себереализирање.[100]

И покрај неизбежните асимилаторски процеси Ароманците си го зачувуваат својот мајчин јазик. Според Георги Даскалов, Константин Иречек пишува за нив: *„Необична претприемчивост, рамнодушност кон сопствената народност и притоа упорна верба кон сопствениот јазик - тоа се главните црти на Власите”.*[101] Погореспомената позната фраза *„Торна фратре, торна”,* е еден од првите податоци за јазикот на Ароманците на Балканот.[102] Според изворите тешко се решава загатката за нивните јазични особини. Единствена индиректна забелешка во тој однос се наоѓа во делото на византискиот историчар Јоан Кинам (околу 1143-по 1185). Според него врз основа на некакво усно предавана историја претците на Ароманците се преселиле од Италија. И до денес меѓу Ароманците владее уверувањето, дека тие се преселиле од Апенините и дека нивниот јазик е поблизок до италијанскиот, отколку до романскиот.[103] Според Г. Вајганд, како што наведува Георги Даскалов, ароманскиот јазик, како и албанскиот, е балкански. Тој се разликувал од останатите романски јазици, но го имал истото латинско потекло. Тука на Балканот добил совршено различен карактер под влијание на „трако-албанскиот јазик”.[104]

Прароманскиот јазик, којшто својот почеток го води од зборуваниот на Балканскиот Полустров латински јазик, се подели на четири клонови, од кои што само романскиот го достигна нивото на

[99] Исто.

[100] Исто.

[101] Г. Даскалов, op. cit., 121.

[102] Исто.

[103] Исто.

[104] Исто, 122.

литературен јазик. При своите теренски проучувања во крајот на 19-тиот век, најдобриот познавач на јазикот и битот на Ароманците, Г. Вајганд, извлекува заклучок дека зборуваниот дијалект на полуострово Истра бил пред умирање и дека влахо-мегленскиот јазик наскоро ќе биде побугарен (помакедончен).[105] Може да се каже дека соседните народи не прават разлика меѓу мегленските Власи и Ароманците, иако научната лингвистика ги разграничува. Влахомегленскиот јазик покажува многу повеќе допирни точки со романскиот, отколку со ароманскиот, нешто што се објаснува со ситуацијата дека мегленските Власи подоцна се откинуваат од целокупното романско население на Балканот.[106]

Според споменатиот Теде Кал, Мегленските Власи или Мегленороманите се самостоен огранок на балканските Романи, коишто врз основа на филозофски, културни и историски дадености не се прибројуваат кон Ароманците. Гореспоменатиот наведува дека Мегленските Власи ги смета за еден дел на бугарско-влашката група народи, кои по битката кај Косово Поле побегнале на висорамнините на Караџова, каде што добрата почва и климата придонесле да се откажат од номадскиот начин на живеење. Папахаџи ова го смета за малку веројатно. Од Јиречек многу автори го прифатиле мешањето на ароманското население со Печенезите, кои по нивниот пораз во битката со византискиот цар Комнен во 1091 г. како воени колонисти се населиле во регионот на Меглен. Покрај теоријата за нивното мешање со Печенезите има и тези за нивно мешање со Куманите.

По нивното врзување за земјоделството и нестопанисувањето со далечните пасишта, што многу им недостигало, кај Мегленските Власи не се случиле толку значајни преселби како кај Ароманците. Сѐ до почетокот на 20-тиот век тие релативно компактно ја населувале централна Македонија, но по една фаза на напуштање на земјата и населување кон Романија и Турција, нивното распространување може да се означува дисперзирано.

Мегленските Власи во мнозинство се православни христијани. За време на османлиското владеење мегленороманското население ја издржало исламизација-со еден единствен исклучок: селото Ноти (ароманскиот Н'нти или Н'ти, грчки Нотија, македонски Ноти или Н'ти, бугарски Н'нти, турски Нутија или Једи Ќој). Инаку во помал обем и во други аромански населби имало, како што погоре е споменато, исламизирани лица. Инаку Ноти е единственото мег-

[105] Г. Вайганд, op.cit., 67-68.

[106] Г. Даскалов, op. cit., 122.

ленско-влашко село во кое никогаш немало романско училиште. Така што ни политички ни јазично-културно не било под влијание на романското движење.

Кон моментот на своите проучувања Г. Вајганд констатира дека ароманскиот јазик, зборуван од Ароманците во Јужниот Балкан, е зачуван, но го забележува и моќното навлегување на грчкиот, албанскиот и бугарскиот. Според него аромансиот јазик е расклонот, којшто прво се одделил од најглавниот клон, нешто што го објаснува сочувувањето во него на постари црти.[107]

Според Георги Даскалов кога станува збор за јазикот на Ароманците, треба да се истакне дека тој не можел да се развива пропорционално со неговото интелектуално израснување. Според Константин Папаначе „постојана пречка” за неговиот развиток бил грчкиот јазик, којшто се пројавувал најповеќе во религиозната, културната и стопанската практика. Освен грчкиот православен клер на него служи и грчката наука. Грчката академија во Букурешт, најповеќе Н. Дукас, ги поттикнува Ароманците од Пинд „да се откажат од својот гнасен и лош аромански јазик, ако е возможно општо да се нарече јазик”. Кога во текот на 1813 г. М. Г. Бојаџи ја објавил во Виена неговата позната „Романска граматика или македо-романска” многу фалена во тоа време на романизмот, во нејзиниот предговор тој остро го напаѓа Н. Дукас: *„Нашиот аромански јазик се зборува од четири милиони души, коишто досега политички се необединети, но има најсигурни гаранти во своите сестри, во италијанскиот, францускиот, шпанскиот јазик ... Ароманецот не треба да се срамува од својот јазик, дури и нешто повеќе, да се гордее”.* М. Г. Бојаци испраќа повик кон целиот аромански народ од *„највисоките класи до најдолните”* да се ангажираат и да го *„одгледаат” родниот јазик.* Поради постоечките попречувачки фактори постоело размислувањето меѓу *„интелектуалната совршеност и чувството на Ароманецот”* со *„грубоста”* на неговиот неизграден (неизгладен) јазик. Таа била претпоставката Ароманците да користат други јазици, нешто кое го открива патот за туѓото влијание и денационализација.[108]

К. Папаначе обрнува внимание и на другата страна на проблемот, откако го разгледува билингвизмот на Ароманците. Тој смета дека, вторично усвоениот јазик бил средство за изразување на идеите и чувствата за поширока употреба, а родниот јазик употребу-

[107] Исто.

[108] Исто.

ван во во интимниот живот на фамилијата и заедницата. Според него очигледно, во дијаспората - кој и да ја сочинува неа - не само малиот јазик, туку и еден јазик колку и да е совршен тој (најдобар пример се грчките колонии) не може да се одржи. Со време ја има предодреденоста да исчезне во масата на народите меѓу кои живее и е доминантен, колку тие и да се рудиментирани. Меѓутоа за тие кои се компактни и го претставуваат разниот резервоар на нацијата малиот јазик треба интензивно да се одгледува. Само преку него може да се направи вистинското вкоренување во националната специфичност. И во сегашниот стадиум ароманскиот јазик не може да се отстрани од неточни гледишта дека не ќе можеле да се искажат високите чувства. К. Папаначе вели дека со право се рекло дека е достаточен малиот јазик (дијалектот) *„за да има еден ефикасен инструмент за изразување на сопствената мисла”*. Се знае дека не е инструментот тој што ја прави музиката, туку музикантот.[109]

На крајот би додале дека интелигентоста и жедта за култура ја сочинуваат главната оска на општествениот развој на Ароманците.

[109] К. Папаначе, op. cit., 202-203.

# Заклучок

Комплексно е прашањето да се изведе заклучок за една обемна материја каква што е историјата на Ароманците во периодот од првото нивно споменување па се до крајот на Првата светска војна.

Прашањето за потеклото се објаснува со постоењето на два беспорни факти - латинското потекло на нивниот јазик, како и околностите, дека и до денешен ден нивната основна маса ги населува Епир, Тесалија, Јужна Македонија и Јужна Албанија. Што се однесува до етногенезата на Ароманците постојат повеќе мислења. Едно е дека се по потекло од Дакија. Други пак ја нагласуваат тезата дека тие имаат трако-илирско потекло. Во формирањето на нивниот јазик влијание секако имале и Римјаните кои ги освоиле овие области и во подоцнежниот тек оставиле свои колонисти. Прв споменат податок за аромански јазик дава византискиот хроничар Теофан кој споменува за познатата фраза „Торна фратре, торна” („Врати се брате, врати”) коешто се разгледува како еден од последните докази за разговорен латински или како еден од првите за јазикот на Балканските Ароманци. Современиот Ароманец би рекол „Торна ти, торна, фрате”. Оваа фраза била изречена од војник за време на византискиот поход од 586 г. против Аварите. Потоа името Власи го споменува византискиот писател Јован Скилица во делото „Кратка Историја” каде пишува за настаните коишто се случиле во 976 г. кога бил убиен комитопулот Давид од Власи „патници”.

Друг важен настан претставува Ароманското царство од Балканските планини. Важна улога во формирањето на тоа царство играат браќата Петар и Асан. Најголем белег на ова царство дал императорот Јоница (Калојан). Во 1204 г. папата дава согласност императорот Јоница да носи скиптар, круна и да кова свои пари. На 8 ноември 1204 г., кардиналот Леон свечено му ја стави круната на главата, прогласувајќи го за император на „Бугарите и Власите”. Јоница придонел за обединување на Бугаро-влашкото царство.

Ароманското население низ средновековието било населено во повеќе области. Големиот број на Ароманци во текот на средниот век придонел за развитокот на стопанската активност на овие балкански простори. Уште во во 12-тиот век, Епир и Тесалија биле поз-

нати со името Влахиа. Таа била поделена на два дела: Голема Влахиа или Тесалија и Мала Влахија или Епирско деспотство. Епирското деспотство со центар во Јанина ја зачувува својата самостојност до 1318 г. кога неговиот владетел решава да ја признае врховната власт на византискиот император. До својата смрт во текот на 1371 г. Симеон се задржува како владетел на Тесалија. Инаку што се однесува до статусот на Власите во феудалното општество тој бил различен и определен според нивната класна припадност.

Кога Османлиите го освоија Балканскиот Полуостров (1396 г.) „сите народи на Балканскиот Полуостров си ја загубија независноста и станаа закрепостени селани на новите стопани".

Воената ситуација му наложила на султанот Мурат Втори (1422-1450) да ги поддржи привилегиите коишто ги имале Ароманците уште при византиските императори и коишто биле признаени од неговите претходници. Според одредена конвенција тие ги зачувале своите претходни права. Тука се наброени правата на капетаните и арматолите. Интересни се привилегиите што ги имал познатиот аромански центар Мецово (Аминчу). Ароманските општини во Македонија, Епир и Тесалија биле задоволни со благонаклонетоста на османлиската власт во однос на определените такси кои биле наменети за државата. Меѓутоа војните коишто ги водела Османлиската империја со големите европски сили ја влошиле положбата на Ароманците.

Во едни вакви услови се издигнува трговската и културната метропола на Ароманците на Балканскиот Полуостров во 18-тиот век Москополе. Ароманците од Москополе, скромни сточари по свое потекло, успеале во 17-тиот век, да направат од својот град еден голем трговски центар. Некои сметаа дека во Москополе живееја до 60.000 души. Треба да се спомене дека воопшто трговијата придонела Ароманците да го постигнат својот најспектакуларен напредок на Балканот, макар, да потоа, таквиот напредок предизвика ослабување на силите на ароманската цивилизација во градовите и разводнување на ароманскиот јазик сред другите националности. Трговските врски на москополците се одвивале со целиот Балкан, со италијанските земји - посебно со Венеција, со Централна Европа и со Азија. Големите приходи од трговијата и другите стопански дејности овозможија широк развиток на културната, научната и образовната дејност. Москополе имаше една многу голема библиотека, Академија, и печатница. Москополе даде многу знаменити личности како во грчката култура, така и во ароманската. Натрупувањето на богатствата и прометот на вредна стока која била натоварена на

бројни карвани на долги и ризични патишта, ја поттикнуваше алчноста на феудалците кои беа на местата каде што поминуваше оваа стока и нивната желба за ограбување со сила. Надворешно-политичките околности, одметнувањето на локалните владетели од централната османлиска власт, економската криза, застанувањето против Патријаршијата во Цариград создаде поволни услови за настапување и ограбување на градот од страна на локалните албански и муслимански моќници. 1769 и 1788 г. се покажаа кобни за судбината на Москополе. Конечно во 1789 г. градот бил освоен и потполно разурнат. Ова предизвикало населението да мигрира во разни правци.

Отпорот на Ароманците против Али Паша-Јанински продолжил и по падот на Москополе. Меѓутоа Али Паша-Јанински успеал со својот дволичен однос и разни измами да ги уништи повеќето од аромански капетани. Меѓутоа кога тој претерано се осилил во 1820 г. бил заробен од царската војска и убиен.

Ароманците кои го напуштиле Москополе емигрирале во Македонија а се раселиле по речиси сите големи градови на Османлиската империја, Грција, Австро-Унгарија, Романија. Тие отишле дури до Украина и Русија. Тие со своите трговски вештини и други активности многу придонесоа за развитокот на гореспоменатите земји.

Во почетните години за Ароманците по падот на Москополе се раѓа големото општо балканско револуционерно дело на нивниот сонародник Рига Велестинли. Во напишаниот од него „Устав" тој изрично истакнува, дека во државата „господар е народот", којшто се состои од „сите граѓани на таа држава без разлика на религија и јазик - Грци, Бугари, Албанци, Власи, Ерменци, Турци и од секој друг род". Во 1798 г. тој беше егзекутиран од османлиските власти во Белград.

Следната етапа во која Ароманците учествуваа во националноослободителното движење беше нивното учество во грчката револуција 1821-1830 г. Познати раководители Ароманци беа Теодор Колокотрони, Одисеја Андруцу, Н. Боцари, браќата Џавела, капиданот Чонга и многу други.

По создавањето на независната грчка држава многумина од Ароманците кои учествуваа активно во востанието како командири и воени команданти, се вклучени во раководните структури на земјата, како, на пример, Јоанис Колетис, Димитар Караискаки и др.

Ароманците учествуваат во востаничките акции во Епир и Тесалија во текот на Кримската војна 1853-1856 г. Меѓутоа ништо не добиваат.

Тие ништо не добиваат ни по завршувањето на Источната криза 1875-1878 г. Во 1881 г. е извршено разграничување меѓу Грција и Османлиската империја во кое поголем дел на Тесалија и помалиот дел на Епир се приклучени кон Грција со што било отсечено ткивото на ароманското население кое што живеело во тие делови на Империјата. Ниту испратениот мемоар од името на Ароманците во Османлиската империја до пратениците во Цариград не дал никаков резултат. Ароманците биле оштетени и со резултатите од војната во 1897 г. меѓу Грција и Османлиската империја. Војната, а по неа и корекцијата на меѓусебната граница се случувале на територијата населена со Ароманци. Особено Мецово (Аминчу) било тешко погодено од овие промени.

Сите претходни настани создадоа предуслови за национално будење на Ароманците. Акцијата за националното будење на Ароманците произлезе од политичкиот романтизам во почетокот на 18-тиот век. Првите искри на националното будење на Ароманците биле од почетокот на 18-тиот век меѓу нивната емиграција во Австрија и Унгарија. Со својата дејност оставија траги Г. Рожа и М. Бојаџи. Создавањето на единствената романска држава (1859-1861) уште повеќе го поттикна националното будење кај Ароманците. Во тој правец беше и улогата на создавањето и дејноста на Македоно-романскиот комитет кој што е создаден во Букурешт. Негова задача беше воведувањето на националниот јазик во сите места каде што живееја Ароманци.

Активностите на Комитетот придонесоа за развитокот на ароманското просветно дело. Во 1864 г. е отворено првото ароманско училиште во с. Трново, Битолско, кое подоцна било затворено. Потоа следело отворање и на други училишта. Во оваа година ќе се појави и Апостол Маргарит кој ќе остане маркантна фигура на полето на просветата се до 1903 г.

Напоредно со усилбите за полагање на основите на ароманското просветно дело се работи и за воведување на родниот јазик во богослужбата. Во 1880 г. во гратчето Хрупишта, Костурско, била изградена првата ароманска црква во Македонија. Меѓутоа грчката антиароманска реакција се обидувала со вооружени акции да ја попречи намерата за распространување на ароманските цркви.

Во Османлиската империја признавањето на црквата значело и признавање на народноста и било јасно дека успесите на кул-

турно просветно поле не биле доволни доколку не се крунисани со успех на религиозен план и создавање на независна ароманска црква. Од ваквата положба се обидувал да профитира и Ватикан но во тоа не успева.

Би требало да се спомене дека од 1879 г. започнала продолжителна борба за автономна романска црква во Македонија и Епир. Во текот на 80-тите-90-тите години на 19-тиот век романската политика својата ударна цел ја поставува врз воведувањето на романскиот јазик при богослужбата во црквите на ароманските населби. На почетокот на 1890 г. романската дипломатија започнала посериозна активност за признавање на романски митрополит во Османлиската империја меѓутоа без краен резултат.

Што се однесува до просветното дело на Ароманците тоа во последните 15 години на 19-тиот век ја достигнува својата врвна точка. Апостол Маргарит се јавува и како еден од факторите за „успехот" на романската политика во Македонија. Тој често го зголемувал бројот на училиштата коишто функционирале. Значителен успех за развојот на училишното дело претставува и отворањето на романскиот лицеј во Битола во 1880 г.

Заострувањето на политичката ситуација во Османлиската империја а и надвор од неа ја влошувале политичката ситуација на Ароманците. Исто така и внатрешно-политичката ситуација во Романија се пресликувала и врз положбата на Ароманците во Македонија. Ситуацијата се променува и со пензионирањето на Апостол Маргарит во 1903 г.

Засилувањето на револуционерното движење во Македонија во крајот на 19-от и поч. на 20-тиот век придонело Ароманците да не останат настрана од тоа. Додатен импулс дало и формирањето на Македонската революционерна организација во есента 1893 г. Уставот и Правилникот на МРО овозможија и активно учество на Ароманците во дејноста на Организацијата.

По избувнувањето на Илинденското востание на 2 август 1903 г. во Крушево во составот на одредите коишто учествувале во нападот на градот имаше многу Ароманци - востаници кои храбро се бореа со османлиската војска.

Ароманците во Крушево активно учествуваа во работата на Собранието на градот. Собранието на градот избрало времена влада. Меѓу останатите во владата учествувале еден Влав-патријаршист и еден Влав-националист, Дину Вангели и Николаќи Баљу. Ароманци учествувале и во други органи на власта. Една од најкрупните фигури во одбраната на градот од османлиските војски бил Питу

Гули. Тој не отстапил од градот и со својата чета храбро загинал на Мечкин Камен. Ароманците учествувале и во ослободувањето на Клисура и Невеска. Тие зеле учество во револуционерни акции и во други аромански села во Битолско и во други места.

Следен настан од големо значење за Ароманците бил и прогласувањето на *Ирадето* во 1905 г. По низата инциденти кои завршуваат со протерувањето на двајцата училишни инспектори Н. Тачит и А. Баламаче од страна на валијата Осман-паша во Јанина романската влада со поддршка на големите сили побарала сатисфакција од Големата Порта. Ароманците добија одредени права во сферата на локалната самоуправа, училишното и црковното дело. По сето ова дојде до издавање на указ на 9 мај (стар стил) во чест на романскиот национален празник а истиот беше обнароден на 10 мај (стар стил) 1905 г. Указот бил производ на заедничката акција на Германија, Италија, Австро-Унгарија, а исто така и на политичките калкулации на Високата Порта. Со *Ирадето* од 1905 г. Ароманците ги добиваат истите права како и другите немуслимански народи во Империјата. Цариградската патријаршија жестоко се спротивстави на Ирадето а од друга страна се засилија и дејствата на андартските чети против ароманското население. Сето тоа доведува до двогодишен прекин на односите меѓу Грција и Романија.

Вооружената активност на андартските чети продолжува и во периодот по 1905 г. нешто кое предизвикува контраакција на ароманските вооружени чети.

И покрај тешката положба на теренот со андартските акции султанското ираде од 9 (22) мај 1905 г. благотворно делува за активизирањето на поддршката од Букурешт на ароманското движење во европскиот дел на Османлиската империја. Усилбите се насочени кон раширување на црковното и просветното дело и кон основање на аромански општини по одделни места. Бил донесен Правилник за интерно организирање на Ароманските комуни од Турција (19 февруари 1906). Главната улога ја имале мухтарите и советниците кои биле обврзани да раководат со сите имоти на селото (црковни, училишни), имале право да им издаваат на своите сограѓани разни документи, судење на цивили, потоа тие имале право да ги примаат или менуваат службениците.

Победата на Младотурската револуција и востановувањето на Уставот од 1876 г. со султанското ираде од 24 јули 1908 г. носи нови надежи за угнетените народи во империјата, вклучително и за Ароманците. Во новоизбраниот парламент се вклучени и двајца претставници на Ароманците лекарот Ф. Миша како пратеник и пи-

сателот Н. Бацарија како сенатор, избран од името на младотурската партија „Единство и прогрес”.

Во периодот по 1908 г. се правеле напори за усовршување на раководството на училиштата. Создадениот Совет за училишна работа од страна на Младотурците донесе Правилник за администрација на училиштата и црквите.

Важно значење за развитокот на просветното и црковното дело на Ароманците има конгресот во Битола одржан на 10 и 11 јули (односно од 23-25 нов стил) 1910 г. Било донесено решение да биде создадена Ефорија на ароманските училишта. Бил донесен устав, којшто го определувал изборот на раководните органи и нивната дејност. Според решенијата на погореспоменатиот конгрес беше дефинитивно поништен Училишниот инспекторат одобрен и создаден од Букурешт.

Инаку кон 1912 г. во Османлиската империја општо имало 219 аромански основни училишта, од коишто 127 мешовити , 47 машки и 45 женски. Исто така имало и 4 средни училишта. Во овој период има напредок и во разрешувањето на ароманското црковно дело. Вкупно во Османлиската империја имало-47 цркви и 61 свештеник.

Кон приквечерието на Првата балканска војна ароманското национално дело во Османлиската империја ја достигнува својата врвна точка. Меѓутоа на политички план политичките околности не оделе во прилог на Ароманците. Иако романската надворешна политика си поставила за цел да се обезбеди целоста на „Романците” од Битолскиот, Солунскиот и Скопскиот вилает преку изградба на една државна заедница, која би била нешто како „клин” меѓу идните балкански држави, Грција и Бугарија. Меѓутоа со тоа не се постигнало ништо. А исто така и положбата на Ароманците веќе не зависела од желбите на Големата Порта. Во февруари 1913 г., кога веќе не постоеја надежи за Отоманската империја, во Цариград беше основан еден „Комитет за заштита на интересите на муслиманското, еврејското и куцовлашкото население во Македонија”. Еден мемоар за автономија на Македонија, подготвен од Ароманецот Н. А. Папахаџи, беше испратен до амбасадата на Австро-Унгарија. Делегација на овој комитет заминала во Лондон, во март 1913 г. и во Виена каде што имаат барано независност на градот Солун и неговиот хинтерланд. Оваа иницијатива била безуспешна.

Текот на воените операции во текот на Првата балканска војна е познат. Деловите од Европска Турција каде што живееја Ароманци беа окупирани од грчките, српските и бугарските војски. Во

борбата за отоманското наследство Букурешт ги поставува своите намери (претензии) и пред Лондонската конференција за мир. Романската страна настојува за компензација против проширувањето на останатите балкански држави и главно на Бугарија.

Немањето на можност да биде реализирана идејата за создавање на проектираната државност на „Македо-романците" се обидела на конференцијата во Лондон да ја брани идејата за присоединување кон Албанија на „Македо-романците" од Пинд, во областа на Самарина и Мецово (Аминчу). Меѓутоа како што е познато ова не се реализира.

По завршувањето на Првата балканска војна со потпишаниот во Лондон на 30 мај 1913 г., мировен договор, при очекуван воен судир со Бугарија грчката страна се зближува и со Романија. Монета за поткусурување се правата на Ароманците во Грција. Во текстот на Букурешкиот договор, Ароманците не биле споменати со ниту еден збор, давајќи во анексот на договорот за мир една размена на ноти меѓу Романија и од друга страна Бугарија, Грција и Србија, во која последните три балкански држави се обврзаа да се согласат за училишна и црковна автономија на Ароманците во нивните поседи, да дозволат организирање на епископии за Ароманците со парична помош за овие институции од страна на владата во Букурешт.

Букурешкиот мировен договор бил остро критикуван и од авторите од ароманско потекло. К. Папаначе ја обвинува романската влада, дека не ја искористила можноста да бидат „создадени оптимални услови за Ароманците за нивното национално опстојување". Тој сметал, дека романското раководство егоистично се користело од ароманскиот проблем за да бара компензација преку „коригирање на јужната граница со анектирањето на Кадрилатер (Јужна Добруџа)". К. Папаначе категорично изјавува, дека со Букурешкиот мировен договор „интересите на Ароманците на Балканот беа саботирани, ако не дури и предадени". Според него, со тој договор „под закрилата на Романија" бил нанесен најтешкиот политички удар на нашата (ароманска) национална политика на Балканот.

Избувната Прва светска војна во текот на 1914 г. го усложнува ароманскиот проблем и вмешува во него нови состојби и меѓународни фактори. Во текот на јуни 1917 г. италијанските војски ја воспоставуваат својата контрола над Јанина и излегуваат во непосредна близина на реоните на Самарина и Гревена, населени со компактно ароманско население. Насекаде во ароманските села од Пинд италијанските војски биле пресретнувани како ослободители со песни и цвеќиња. Новонастанатите услови придонеле да се активизи-

раат стремежите на Ароманците. На 28 август 1917 г. во Самарина, при официјална церемонија и во присуство на италијански претставници, била прогласена автономијата на компактно населените од Ароманци реони како италијански протекторат. Државноста на Пинд имала републикански карактер и била позната под името „Република Самарина” на чело со претседателот Јоан Чули. Таа имала свои симболи. Меѓутоа по нејзиното краткотрајно постоење нејзините основачи се повлекле во Италија.

Во исто време ароманските населби окупирани од Бугарија, на териториите освоени од Србија во текот на балканските војни, за време на војната 1915-1918, доживуваат разорни дејства како последица од близината на Македонскиот фронт така и од репресалиите од страна на Бугарите.

Есента на 1918 г. го постави ароманското ослободително движење во Грција на крстопат. Вклучувањето на Грција на страната на Антантата ја ослабува ароманската кауза. Ароманците во навечерието на Мировната конференција во Париз преземаат уште еден чекор. Во текот на есента на 1918 г. во Корча било објавено создавањето на „Република Пинд и Загора” која според некои живеела само еден ден.

Во текот на летото на 1919 г. во Париз пристигна делегација на Друштвото за македоно-романска култура и Националниот совет на Ароманците од Пинд составена од Николае Тачит, Аргир Кулина и Таке Папахаџи. Тие му доставуваат на учесниците на Конференцијата Меморандум во којшто бил изложен проблемот на Ароманците. Меморандумот на Ароманците до мировната конференција бил придружен и од други иницијативи, материјалите од коишто се објавени во одделна брошура во текот на 1919 г. во Париз. И покрај италијанската поддршка барањата на Ароманците, поставени пред Парискатa мировна конференција остануваат без одговор.

Според договорот од Севр потпишан со Грција на 10 август 1920 г. во чл. 12 во одредбата којашто важела само за Ароманците од Пинд им била дозволена локална автономија во религиозен и хуманитарен поглед како и училишна автономија, то ест сите културни прашања требало да и бидат упатени на ароманската локална самоуправа. Горереченото, за положбата на Ароманците во Грција, која била полоша од онаа предвидена со Букурешкиот договор се однесува и за бројните околни делови на ароманскиот народ во Албанија, Бугарија и Југославија.

Едно од најбитните прашања за Ароманците е феноменот на Ароманската цивилизација. Првите патописци и истражувачи кои-

што ги посетија земјите на Ароманците го забележаа контрастот на животот со другите народи коишто ги опкружувале. Патописците и истражувачите забележуваат дека Ароманците живееле во постојани села, на височина од 1.000 и повеќе метри. Тие живееле во добро изградени куќи од камен, доста убави, внатре во нив владеела голема чистота и богато опремени а имале и добра местоположба.

Патописците ги интересирало организирањето на сточарите во нивната дејност за одгледување на стоката. Нивниот престој во летните и зимските пасишта, а тие се бавеле само со одгледување на овци. Во текот на зимските претстои во градовите некои од нив изучувале занаети, главно шнајдерскиот и чевларскиот. Инаку Ароманците избирале занаети, коишто биле поврзани со творештво и иницијатива, како на пример кујунџиството. Исто така нивните објекти во градежништвото ги надминуваат оние на архитектите кои учеле во технички училишта. Тие се занимавале со кираџиство и анџиство. Потоа некои од нив основаа трговски куќи во Неапол, Ливорно, Џенова, Кадиз, на Сардинија, Сицилија и Малта.

Стекнувајќи богатство тие стануваат трговци и банкари во Австрија, Германија и други места. Според зборовите на Д. Поповиќ, Ароманците во трговијата беа со генијална способност заедно со старите народи - Евреи, Грци, Ерменци". Големи аромански трговци живееле и работеле во Виена, Цариград, Јужна Русија и Египет.

Да спомeнеме неколку од најпознатите фамилии: Барон Сина, Н. Думба, Георги Авероф. Ароманците коишто емигрирале стигнаа до Хабсбуршката империја и се настаниле во Унгарија, Трансилванија и Австрија. Некои стигнале до Источна Прусија. Ароманците биле писмени и по правило - полиглоти, а некои од нив преку грчките преводи се запознале со модерните филозофски и политички идеи на Западна Европа. Во Трансилванија познати аромански фамилии биле оние на Андреја Шагуна - православен епископ, Мочани, Гожду. Еден од најпознатите дејци за национално пробудување кај Ароманците бил Г. Рожа.

Ароманците биле носители на модернизацијата и во Грција како со своето активно учество во востанието од 1821 г., така и со излезените од нивните редови водечки политички дејци на новоослободената грчка држава. Такви, на пример, биле Јоанис Колетис, Теодор Колокотрони, Алекси Влахопол, Одисеј Андруцу.

Одделни Ароманци учествувале во борбите за ослободување на Србија, како на пример, Јован Курсула, Цинцар Марко и Цинцар Јанко, Конда, Јорји Папазоглу, Наум Крнар, Петар Ичко, браќата

Чардаклија и др. Познати личности во Србија од ароманско потекло биле Димитрие Цинцар-Марковиќ, Александар Цинцар-Марковиќ, Никола Пашиќ, Бранислав Нушиќ, Јован Ѓорѓевиќ, Миша Анастасиевиќ, Лазар Пачу, Коста Кумануди, Милан Стојадиновиќ.

Ароманците од дијаспората извојуваа многу средства за новосоздадена грчка држава. Тука спаѓаат баронот С. Сина со чии средства била изградена зградата на Академијата на науките во Атина. Со средства на Ѓ. Авероф од Мецово (Аминчу) бил изграден општонационалниот стадион во Атина, Атинскиот конзерваториум, Политехниката во Мецово (Аминчу), училиштето на Авероф во Лариса и др. Ѓ. Авероф заедно со Никола Стурнари и Михаил Тошица ја изградува и Атинската политехника. Меѓу ароманските донатори се истакнуваат имињата на Елена Тошица и наследникот на Ѓ. Авероф, којшто му подарува на грчката воена флота еден крстосувач.

Ароманците ја докажуваат својата дарежливост и кон словенските народи на Балканот. Познатиот истражувач на Ароманците во Србија Д. Поповиќ истакнува, дека нема културен и религиозен објект во земјата, за кого не дале свој придонес и Ароманците. Тие го пројавуваат своето донаторство и во Романија и особено во Трансилванија. Доволно е да се споменат паричните средства, осигурени од Гожду, со коишто се создава „Фондација Гожду”. Индивидуалното и колективното донаторство било израз не само на економската моќ на ароманската буржоазија но и на нејзината духовност. Потпомагајќи го културниот развиток на балканските држави, тие придонесуваат за модернизацијата на пространството на Југоисточна Европа. Во секој случај со „растопувањето” на Ароманците меѓу месното население во српските земји тие го формираат скелетот на српската буржоазија.

Браќата Манаки дадоа голем придонес за културниот развиток на Ароманците и воопшто на сите граѓани во Македонија и пошироко. Со својот творечки опус Ароманците Браќата Манаки станаа хроничари на историските збиднувања не само во Битола и нејзината околина, туку и на Балканот.

На технички план секогаш треба да се спомене американскиот научник и пронаоѓач од ароманско потекло Михајло Пупин (1854-1935). Истражуваше во доменот на телекомуникациите, радиотехниката и радиологијата. За неговите бројни откритија беше награден во 1920 г. со научно-техничкиот медал на заслуга „Едисон”.

Инаку висок е процентот на лицата од ароманско потекло како во нивните родни краишта, така и во соседните земји, коишто се истакнуваат во животот како лекари, инжинери, адвокати, финан-

ски стручњаци, архитекти. Многумина од нив и на научниот терен.

Афирмирањето на Ароманците на балканскиот простор најмногу паѓа во очи и одговорот ќе треба да се бара во заедничката основа која - како што видовме - е во основата кај сите балкански народи.

И покрај неизбежните асимилаторски процеси Ароманците си го зачувуваат својот мајчин јазик. Според Георги Даскалов, Константин Иречек пишува за нив: „Необична претприемчивост, рамнодушност кон сопствената народност и при тоа упорна верба кон сопствениот јазик - тоа се главните црти на Власите”.

Неизбежна улога во зачувување на јазикот и неговото значење има и Константин Белемаче со своите творби. Тој ја напиша и во 1888 г. ја објави во списанието „Македонија” неговата позната песна под името „Pãrinteasca Dimãndari” („Родителска порака”). Оваа песна од страна на Ароманците беше прифатена како официјална аромански химна.

На крајот би додале дека интелигенцијата и жедта за култура ја сочинуваат главната оска на општествениот развој на Ароманците.

# REZOLUTSII

Complex esti antribare ta s-aducã conclusii ti unã volumenoãsa materii cum esti istoria a Armãnjlor tu period di alur prota adutseri di aminti pa pãn tu bitisitlu a Protlu polim dit lumi.

Antribare ti alor genezã s-da s-achicãseascã cu dau fãrcontroverzã realitãts – latinã ardatsinã a alor limbã, cum shi realitate ca pãn dzua di aza alor fundament popul banedzã tu Epir, Tesalii, Machiduniia di not shi Arbinishia di not. Cãn s-bagã antribare ti etnogeneza a Armãnjlor existã ma multi minduir. Unã esti ca ar ardatsinã di Dachia. Altsã zburascu shi u apãrã teza ca nãsh ar tracho – ilirã ardãtsinã. Tu constituire a alor limbã fãr di alta influencã ar Romanjli kai li amintarã aisti teritorii shi tu chirolu di manclo alasarã alor colonishts. Prot fact ti limba armaneascã da un hronist dit vizantii Teofan cai u adytsi di aminti cunuscuta fraza „TOÂRNA FRATRE, TOÂRNA” cai s-vidzu ca un argument dit soni ti fluidã limba latinã ma ca unã di protili ti limba a Armãnjlor dit Balkan. Aromãnlu di azã va s-dzãcã „TOÂRNA TI, TOÂRNA FRATE”. Aistã frazã ira dzãsã di un ostean tu chirolu a expeditsia vizantã tu 586 anlu contra Avarlji. Dãpãia numa „VLASI” esti registratã di scriitorlu vizantic Iovan Skilitsa tu alui lucru „Shcurta istorii” iu scrii ti tihisirli cai s-fetsirã 976 anlu cãn ira vãtãmat comitopulu David di Armãnj „caletor”.

Altã importantã tihisiri esti Armãneasca imperii dit muntsãlj dit Balkan. Importantã rolã tu constitutsia atsiljei imperii giocã fratslji Petar shi Asen. Naimamari semnu tu aistã imperii deãdi imperator Ionitsa (Kaloian). Tu 1204 anlu papa dit Roma da strãxiri (andreptu) imperatorlu Ionitsa s-portã sciptar, curunã shi s-potã s-favriseascã alor pradz. Tu 8 di brumar 1204 anlu carduinallu Leon pi tseremonii lju bagã curuna ancap, shi cu atse u promovedzã ti imperator al „Vurgarlji shi Armãnjlji”. Ionitsa ari mari contributsie ti unire a Vurgaro-Armãnesca imperii.

Armãneasca populatsii tu eta dit mesi banedzã pi mamulti teritorii. Naimarli numer Armãnj pit eta dit mesi esti axioasã ti developare a activitate di economii tu aisti teritorii dit Balcan. Nica tu eta 12, Epir shi Tesalia sãntu cunuscuti sum numa Vlahia. Nãsã esti ampãrtsãtã pi dau pãrtsã: Mari Vlahia ma Tesalia shi Njicã Vlahia ma despoticul dit Epir. Despoticul dit Epir cu Ianina ca alui centru u tsãnu aljei independetsã pãn la anlu 1318 cãn despotlu aditsi detsizii su pricunoãscã suprenã au-

toritati (puteari) al imperatorlu vizantic. Pãn la anlu di alui moãrti 1371 Simeon s-tsãni ca suveren ali Tesalii. Aljumtrea cu ligãturã a statuslui a Armãnjlor tu sotsietatea feudalã putem s-dzãtsem ca nãs ira diferent shi ira declarat cu alor pricaderi di clasã.

Cãndu imperia Otomanã u ocupã Peninsula Balcanicã (1396 anlu) „populatsia dit Peninsula Balcanicã u cheari indepedentsã shi esti declaratã ca hurianits (fãr di averi) la alor nãlj nicuchir".

Chirolu di polim lji bagã compresi al sultan Murat a Doile (1422-1450) s-lji da suscãniri a andrepturli kai li ave Armãnjli nica di imperatorlji ali vizantii shi cai ira pricunuscuti di oaminjli ninte alor. Dupu unã convencie nãsh shi lji apãrarã alor andreptur di maninti. Atsia sãntu misurati privilegiili a capidanjli shi armatolji. Esti interesat sa spunã ti privilegia tsi u ave cunuscutlu Armãneascu centru Metsovo (Aminciu). Armãneshtili comuni tu Machidunii, Epir shi Tesalii ira efhãristasiti di bunili relatsii tsi li ave cu guvernul Otoman particular ti taxa cai lipse ta s-palteascã ti guvernul. Cãn va s-lja tu prividzutã polimematli cai li anchisi imperia Otomana cu mãrli europeani chivernisi va s-da influencã ti suscadeari a Armãneshtili andreptur shi alor rang(pozitsii).

Tu andau ahtãr conditsii s-analtsashti un comercial shi cultural centru a Armãnjlor pi Peninsula Balcanica tu eta 18, Moscopole. Armãnjli di Moscopole, tapinosh picurar dupu alor ardãtsinã, puturã tu eta 17 di alor cãsãbã s-adarã un mari centru ti comertsii. Andoi calculeadzã cu numer di 60.000 banator. Lipseshti s-aducã di aminti ca comertsia adusi spectacular suctses a Armãnjlor dit Balcan makar dupu atsel mari suctses yini pãn la slagiri a putere al Armaneasca civilizatsii pit casabãdzli shi araspandiri a limba Armãnesca anamisa di alanti nationalitats. Relatiili di comertsii a moscopoleanjlor sãntu cu tut Balcan, cu Italiceshti teritorii particular cu Venetsia, cu Europa Cenralã shi cu Azia. Mãrli amintatits di comertsia shi alanti partsã di economii deãdira puteri ti malargã culturalã, anvitsãtura shi educativã developari. Moscopole avea unã mari bibliotekã, academii shi tipografii. Moscopole deadi multu mãr shi anvitsats oaminj cai sãntu important cum tu gãrtseasca ashi shi tu armãneasca cultura. Mare averi shi cherdase cai s-aduna di comertsia cu scumpa pãrmãtii di una shi tritsere a cãrvãnjlor di altã parti trapsi mari interes di parte al guvernali di atseli teritorii iu tritse carvanarlji shi s-dishipta vrere ti furtur. Externa shi situatsia di politica, arãzgãnire di parte al oaminlji di givernul Otoman, criza di economii, nudadere sustsãniri a Patrijarhul dit Carigrad fetsi multu buni conditii ti mãr furtur di parte al arbineshor shi muslimanjlor. 1769 shi 1788 anlu sa spusirã multu nibunj ti tihia al Moscopole. Shi tu soni tu anlu 1789 cãsãbãlu esti ocupat shi ruinat. Aistã situatsii fetsi conditii ideali ti migratsii a banatorlor pi tu lume tutã.

Rezistentsã a Armãnjlor contra Ali Pasha di Ianina continuã shi dupu cadere al Moscopole. Ma Ali Pasha putu cu alui relatsii cu dau fatsi shi mincini slji degradedzã mamultsãlj capidanj Aromãnj. Tu chirolu cãndu alui puteri ira tu naimari focus ira acãtsat di armada di imperii shi likvidat.

Arãnjlji cai fudzira di Moscopole emigrãrã tu Machidunii, mari numer di nãsh s-aflarã tu mãrlji cãsãbadz di Imperia Otomana, Gãrtsii, Austro-Ungaria, Rumunia. Armãnj dupu aistu exodus poti s-aflã pãn tu Ucraina shi Rusia. Cu alor shtir shi puter tu parte di comertsia shi economii di unã parti shi alti activitãts di altã parti adusirã mari progres tu teritoriili iu s-dusirã s-baneadzã.

Tu protslji anj dupu cadere (ruinare) al Moscopole s-fundeadzã unã global revolutsionerã urdinari di parte al Armãnlu Righa Velestinli. Tu alui „Constitutsii" nãs fãr di altã dzãtsi ca tu statlu „populu esti domnu" shi esti fomat di „tuts banator tu atsel stat fãr di diferentsã religiozã, diferentsã di limbã – Grets, Vurgar, Arbinesh, Armãnj, Ermenj, Turtsã shi cafi unã altã soi. Tu 1798 anlu nãs ira licvidat tu Biligrad di parte a oãminjlor di guvernul otoman.

Altã etapã tu cai Armãnjlji ave mãr activitãts esti urdinare ti national–liberari shi loari parti tu gãrtseãsca revolutii 1821 – 1830 anlu. Cunuscuts Armãnj di atsel chiro ira Teodor Colocotroni, Odisea Andrutsu, N. Botsari, fratslji Giavela, capidanlu Cionga shi multsã altsã.

Dupu fundare a Gãrtsia independentã gãrtsescul guvernu ave multsã Armãnj cai ave mãr activitãts tu resculare ca comandants shi comandants di polim sãntu involvats tu organili di condutsiri a statlu, va li adutsem di aminti numili al Ioannis Kolettis, Dimitar Karaiskaki shi altsã.

Armãnjli lora parti shi tu activitãtsli di resculari pit Epir shi Tesalii tu chirolu di polimlu al Krim 1853 – 1856 anlu. Ma di aistã alor activitati nu aminta tsiva.

Nãsh nu aminta tsiva ni di bitisitlu a crizã di dat 1875 – 1878 anlu. Tu 1881 anlu esti faptã sinurisiri anmisa di Gãrtsia shi imperia Otomana tu cai mamare parti di Tesalia shi manjicã parti di Epir sãntu anectati tu Gãrtsii cu atse esti tãljatã fundanentul tsesut a Armãneascul popul cai bãna tu atseli teritorii di Imperia. Ni pitricutlu memoar di numa a Armãnjlor tu Imperia Otomana pãn la deputatslji di Carigrad nu deadirã ni nainjic amintatic. Armãnji ira scãdzuts shi dupu polimlu di 1897 anlu anamisa di Gãrtsia shi imperia Otomana. Aistu polim adavsi corectsii a sinurlu cu teritorii iu ave Armãnj. Naima greu cu aisti alãcsir esti pugiditã Metsovo (Aminciu).

Tuti tihisir di maninti fetsirã ideal conditii ti natsional dishiptari a Armãnjlor. Actsia ti natsional dishiptari inshi di politic romatizmul tu ahurhitlu a eta 18. Protili scãnteli ti natsional dishiptari a Armãnjlor ira tu ahurhitlu di eta 18 anamisa di emigratsia di Austria shi Ungaria. Cu alor lucru semnu alãsarã G. Roja shi M. Boiagi. Fundarea a unat Rumanescu stat (1859 – 1861) deadi nica mamari impuls ti natsional dishiptari a Armãnjlor. Ligatã cu aistã ira fundarea shi activitate a Machedo–Romanescul comitet cai ira registrat shi fundat tu Bucuresht. Alui primarã rolã ira introdutsiri a limba Armãnesca pit locãrli iu banedzã Armãnj.

Activitãtsli a Comitetlu contribui cu developari a armãneasca sferã ti educatsii. Tu 1864 anlu esti disfaptã prota armãnesca sculii tu hoãra Tãrnuva, Bituli, cai ma dãpãia esti ancljisã. Dupu atse s-disfetsirã shi alti sculii. Tu aistu an sã spusi Apostol Mãrgãrit cai esti om marcant tu cãmpu di educatsii pãn tu anlu 1903.

Paralel cu efortul cai s-dade tu sfera di educatsii s-fetsi mari activitati ti introdutsiri a limba di dadã ti liturghisiri pit biseãrits. Tu anlu 1880 tu njiclu cãsãbã Hrupishta, Costur, esti construatã prota bisearicã tu Machidunii. Fãr di alta contra armãneasca propagadna di parte a gretslor fetsi efortu cu armãtusiti actii su zãptãseascã aistã activitati a Armãnjlor ti construiri a armãneshti bisearits.

Tu imperia Otomana pricunushtere a biseãrica s-cljamã shi pricunushteri a Armãnescul popul shi spãstrit ira ca suctseslu pi kultural shi educativ cãmpu nu ira duri macã snu sãntu simnati cu suctses pi plan religioz shi fundarea a independentã armãneãscã biseãricã. Di ahtare situatsii amintatic vre s-aibã shi Vatikan ma ti atse nu ave suctses.

Esti lipsitã s-aducã di aminti ca tu 1879 anlu anchisi shi unã continuatã urdinari ti autonomã rumaneascã bisearicã tu Machidunii shi Epir. Tu cursul di 80-lji, 90-lji anj di eta 19 rumãneãsca politicã naimari intencii u bagã pi planlu ti introdutsiri a rumaneasca limbã tu liturghiili pit bisearitsli iu bãna armãnescu popul. Tu ahurhitlu a 1890 anlu rumanesca diplomatii anchisi maseriozã activitati ti pricunushteri al rumanescul mitropolit tu imperia Otomanã, ma cum s-vedi fãr suctses.

Cãn s-bagã educativa sferã a Armãnjlor atse tu sonili 15 di anj di eta 19 u adjundzi aljei naimari focus. Apostol Mãrgãrit sa spuni shi ca om naiahãrdzit ti „suctseslu" a rumanesca politicã tu Machidunii. Nãs cama multi or u multiplicã numerlu a sculiili tsi ira tu functsii. Alui mari suctses tu sfera di anvitsãri lji si priscrii shi disfatsere a rumanescul licei tu Bituli 1880 anlu.

Tensia a situatia di politicã tu imperia Otomanã shi nafora di nãsã adusirã urucari a politicalã situatsii a Armãnjlor. Idia ashi shi interna

situatsii di politicã tu Rumanii s-reflectã shi pi pozitsia a Armãnjlor dit Machidunii. Situatia s-alacseshti tu 1903 anlu cãndu Apostol Mãrgãrit s-dutsi tu pensii.

Intensificare a revolutsionarã urdinari tu Machidunii tu bitisitlu di eta 19 shi ahurhitlu a eta 20 spusi ca Armãnjli nu armasirã naparti di atse urdinari. Suplimentu impuls deadi shi fundare a Machiduneasca revolutsionerã organizatsii tomna tu 1893 anlu. Statutlu shi Codexlu a MRO deadirã puteri ti involvari a Armãnjlor tu lucurlu a Organizatsia.

Dupu arasculare Aiu Ilia 2 august 1903 tu Crushuva tu formatsiili ti alumtari parti lorã multu Armãnj – arasculator cai fãr fricã sa alumta cu aschere otomanã.

Armãnjli di Crushuva activ lorã parti tu lucurlu a Comuna cãsãbãlui. Comuna a cãsãbãlui alepsi guvernu temporar. Anamisa di altsãlj tu guvernul ave un Armãn – di patriarshia shi un Armãn – di nationalitate, Dinu Vangheli shi Nikolachi Baliu. Armãnj ave shi tu alti organi di guvernu. Unã di naicunuscutili personi di atsel chiro esti Pitu Guli cai ira prot tu alumtãrli cu ascere otomanã. Nãs nu fetsi ni unã ciapã nipoi tu apara-re a cãsãbãlu shi chiru ca gioni la localitate Chetra al ursa. Armãnj ave shi tu urdinare di liberari ali Clisura shi Neveasca. Nãsh lora parti tu multi revoltsionar activitãts shi tu alti armãneshti hor pit Bituli shi tu alti localitãts.

Dãpãia altã mari tihisiri di mari importantsã ti Armãnjli esti proclamare a „IRADEA" tu 1905 anlu. Dupu andau intsidenti kai bitisescu cu aguniri a doilor inspector ti educatsii N. Tatsit shi A. Balamace di parte al valiilu Osman- pasha tu Ianina, rumanescul guvernu cu suscãniri di parte al silnosili guverni cãftarã satisfactsii di „Mare portã". Armãnjli amitarã andau andrepturi tu parte di localã autocondutsiri, anvitsatic shi sfera di biseãrica. Dupu tutã aistã vini pãn la adutseri decret tu 9 di mai (veclju stil) tu tinjii al rumanesca sãrbãtorisiri natsionalã, idiilu decret esti proclamat tu 10 di mai (veclju stil) 1905 anlu. Decretlu esti fructu di unã unitã urdinari ali Germania, Italia, Austro-Ungaria, idia ashi tradzi ardãtsinã di calculatsiili ali Analtã Portã. Cu Iradea tu 1905 anlu Armãnjli li amintã tuti andreptur ca alantul numusliman popul tu Imperia. Patriarshia di Carigrad multu cu fortsã s-opuni pi Iradea, a di altã parti sa intezificarã urdinãrli al andartsãlj contra armãnescul popul. Tutã aista rezultã cu tãljari a relatsiili anamisa di Gãrtsia shi Rumania.

Armatusita urdinari al andartsãlj contninua shi dupu 1905 anlu, aistã situatsii rezultã cu contraurdinari di parte al armãneshtili armatusiti formatsii.

Cãn va s-lja tu prividzut greua situatsii cai u-fitse andardtsãlj, Iradea di 9 (22) mai 1905 anlu favorabil urdinã pi sustsãnire al Bucureshti pi armãneasca urdinari tu europeana parti tu Imperia Otomanã. Efortul esti bãgat catra lãrdzere ali bisearica shi sfera di educatsii shi catra fundare al armãneshti comuni pit andau localitãts. Esti adus „Regulament ti internã organizatsii" a Armãneshtili comunu tu Turtsii (19 di shcurtu 1906). Generalã rolã u ave muhtarlji shi consultantslji cai li condutse tuti aver pit horli (di bisearicã, di sculii), ave andreptu s-publicã cama multi turlii di documenti ti alor cobanator, judicari al popul civil, dãpãia ave andreptu s-bagã shi s-ascotã ofitsiali la lucru.

Amintare ali revolutsia al tiniirlor Turtsã shi bagare aradã cu Constitutsia di 1876 anlu cu iradea di parte al sultanlu di 24 alunar 1908 anlu adutsi nali nadii ti populi cai sãntu sum putere ali Imperia, atsia sãntu lots shi Armãnjli. Tu naalualeptu parlament sãntu involvats shi doi deputats di parte al Armãnjlor atselj sãntu iaturlu F. Misha ca deputat shi scriitorlu N. Batzaria ca senator, aleptu di partia a tiinirlor Turtsã „Unitati shi progres".

Tu chirolu dupu 1908 anlu s-fetsi efortu ti perfectsionari condutsere pit sculii. Fundatlu Consilii ti lucru pit sculii di parte al tiinirlor Turtsã adusi Regulamentu ti administrare pit sculiili shi biseãritsli.

Multu important considerabil ti developare educativa sfera shi atse ti bisearica a Armãnjlor esti congreslu cai s-tsãnu Bituli tu 10 shi 11 alunar (23 -24 nãu stil) 1910 anlu. Atsia esti adusã detsizii ti fundari Eforii tu armãnashtelili sculii. Esti adusã Constitutsii, kai da reguli ti determinare a alidzerlor ali organili ti condutsiri shi alor sferã ti lucru. Dupu adusiri detsizii di la aistu congres s-vedi ca ira definitiv anulat di parte al Educativlu inspectorat cai esti pricunuscut shi fundat di Bucurest.

Altã soi catra 1912 anlu pit Imperia Otomanã general ave 219 armãneshti primari sculii, di cai 127 misticati, 47 mascuri shi 45 femini. Idia ashi ave 4 sculii dit mesi. Tu aistu chiro ave developari tu rezolvare al armãneasca sferã di bisearicã. Cã va s-sduna tuti tu Imperia Otomanã ave 47 bisearits shi 61 oãm di religii (preftsã).

Catra tu ahurhitlu di Protlu balcanic polim armãneasca natsional sferã tu Imperia Otomanã u agiundzi aljei naimari suctses. Ma pi planlu di politicã lucãrli nu s-dutse pi cali bunã ti Armãnjli. Cu tutã tsi externa politicã ali Rumania fetsi efortu su asfãliseascã integritetlu al „Rumunjlor" di vilaeta di Bituli, Ansãruna shi Scopia atse ira minduitã cu fundari al unui stat cai lipse s-hibã „civii" anamisa di vinitorali stati dit Balcan, Gãrtsia shi Vãrgaria. Anamisa di tuti aistã ideii vãrnora nu ira realizatã. Idia ashi tu aisu chiro pozitsia a Armãnjlor nu ira ligatã cama di vrere ali

Mare Porta. Tu shcurtul 1913 anlu cãndu nu ave cama nadii ti Imperia Otomanã, tu Carigrad ira fundat un „Comitet ti avigljari sinferlu muslimanichescul, uvrescul shi kucoarmãnescul popul pit Machidunii". Un memoar ti autonomii ali Machidunia ira andreptu di Armãnlu N. A. Papahagi shi pitricut pãn la ambasada ali Austro – Ungaria. Delegatsii di aisu comitet s-dusi London, tu martsu 1913 anlu shi tu Viena iu ira caftatã independentsã al cãsãbãlu Ansaruna shi alui hinterland. Aistu lucru armasi fãr di suctses. Cursul ali armtusitili urdinãr tu chirolu di Protlu balcanic polim nu esti cunuscut. Pãrtsãli di Turchia Europeãna iu bãna Armãnj ira ocupati di gãrtseasca, sãrbeasca shi vurgãreasca asceri. Tu alumta ti avere Otomanã, Bucuresht li bagã alui pretenzii shi ninti di conferentsia ti irini cai s-tsãnu London. Rumaneascã parti da efortu ti compenzari contra lãrdzire ali alanti stati dit Balcan, concret ti Vãrgaria.

Nu avere posibilitati s-hibã realizatã idea ti fundare al un prividzut stat al „Machedo – romãnjlor" s-fetsi efortu pi conferentsia di London su apãrã teza ti conectari catra Arbinishia al „Machedo – rumãnjlor" di Pind, tu sinurlu al Samarina shi Metsovo (Aminciu). Ma cum esti cunuscutã aistã lugurii nu ira realizatã.

Dupu bitisitlu a Protlu balcanic polim cu simnatlu contact ti irini tu London 30 di mai 1913 anlu, cãndu s-ashipta polemati cu Vãrgaria, gãrtseasca parti s-aproachi catra Rumania. Prãlu ti sumcusuriri sãntu andrepturli a Armãnjlor tu Gãrtsii. Tu contractul di Bucureshti Armãnjli nu sãntu adush di aminti ni cu un zbor, iu tu anexul di contractlu ti irini ari alãxiri noti anamisa di Rumunia di unã shi di alante parti Vãrgaria, Gãrtsia shi Sãrbia, tu cai treili stati dit soni lja obligatsii ta sã sinfuneadzã ti educativa shi autonomii di bisearicã a Armãnjlor tu alor aver, s-da permis ti organizari episcopii ti Armãnjli cu agiutor finansiali ti idiili di parte al guvernul di Bucureshti.

Contractlu ti irini di Bucureshti esti ashiptat cu mari criticã shi di autorlji cu armãneasca ardãtsinã. K. Papanace u incriminedzã rumanescul guvernu ti atse tsi nu u exploatã posibilitate „s-facã conditsii optimali ti Armãnjli ti alor natsional existari". Nãs lugurpse ca conducãtorlji dit Rumunii egoistic u exploatã armãnescul problem ta s-caftã compenzatsii pisti „corectsii a sinurlu di not cu anectare al Kadrilater (Dobrugea di not)". K. Papanace categoric spuni ca cu contractul ti irini di Bucureshti „sinferlu a Armãnjlor dit Balcan esti agãrshit, ma nu dzã nãsh sãntu pridats". Dupu alui spuneri, cu atsel contract „sum arpitlu ali Rumania" esti faptã naigrea agudiri di politicã ti anostrã armãneasca natsionalã politicã tu Balcan.

Ahurhitlu Prot polim dit lumi tu cursul di 1914 anlu u complicã armãnescul problem shi mesticã tu nãs nali momenti shi internatsionali

realitãts. Tu cursul di cirishar 1917 anlu italichesca askeri u lja sum alui puteri controla tu Ianina shi s-aprochi pininga sinurlu di Samrina shi Grevena, cai sãntu colonizat cu spãstrit armãnescu popul. Tutãrada pit armãneshtili hor di Pind italicheshtili asker sãntu ashiptati ca liberator cu cãntic shi lilici. Nalili conditsii adusirã ta s-acivedzã aspiratsiili a Armãnjlor. Tu 28 di august 1917 anlu tu Samarina, tu una ofitsial ceremonii iu lorã parti shi prezententsã dit Italii ira proclamatã autonomii al compactul armãnescu popul al localitãtsli ca italichescu protectorat. Statuslu di stat al Pind ave republican caracter shi ira cunuscuta sum numa „Republica Samarina" ancap cu prezidentul Ioan Ciuli. Cum esti arada nãsã ave aljei semni. Ma dupu aljei shcurtu chiro di existari alor fundator emigrarã tu Italii.

Tu idiilu chiro armãneshtili colonii ocupati di Vãrgaria pi teritorii loati cu zori di Sãrbia tu cursul a polimlor balcanitsi, tu chirolu di polimlu 1915-1918 tretsi mãr destructivi actsii ca efect di aproãpe Machidunescu front ashi shi di represia di parte al Vãrgarlor.

Toãmna 1918 anlu esti bãgatã pi crutsi armãneasca liberal-urdinari tu Gãrtsii. Intrare ali Gãrtsia di parte ali Antanta u slãgeshti armãneasca cauza. Armãnjli tu ahurhitlu di Conferentsia ti irini tu Paris trag nica unã ciapã. Tu cursul di toãmna 1918 anlu tu Ancorciau ira proclamatã fundareã ali „Republica Pind shi Zagora" cai cum sa spuni bãna mash unã dzuã.

Tu cursul di veara 1919 anlu tu Paris agiumsira deputats di Sutsata ti machedo – rumanescã culturã shi Natsional consilii a Armãnjlor di Pind tu atse delegatsii ira Nicolae Tacit, Argir Culina shi Tache Papahagi. Nash da pãn la tuts partitsipantsã la Conferentsia un Memorandum tu cai esti prezentat problemlu a Armãnjlor. Memorandumlu a Armãnjlor la conferentsia ti irini ira deadun cu niscãnti alti initsiativi, materialili sãntu publicati tu broshurã tu 1919 anlu tu Paris. Anamisa di alti shi di sustsãnire italichesaca a Armãnjlor bãgati pi conferentsia ti irini armãn fãr di apandisi.

Dupu contractul di Sevr simnat di Gãrtsia tu 10 di august 1920 anlu tu punctu 12 tu parte cai esti prividzutã ti Armãnjli di Pind esti dat andreptu ti localã autonomii tu religiozã shi humanitarã sferã cum shi educativa autonomii, cu alti zborã antribãrli di cultura lipseshti shibã trasati pãn la armãneasca locala autocondutsiri. Spusa di cama n-sus, ti pozitsia a Armãnjor dit Gãrtsii cai ira maurutã di atse prividzutã cu Contractul di Bucureshti esti prividzutã shi ti multili pãrtsã cu armãnescul popul tsi baneadzã tu Arbinishii, Vãrgarii shi Iugoslavii.

Unã di naiesentiali antribãr ti Armãnjlor esti fenomenlu ali Armãneasca tsivilizatsii. Protsli colectsionar di impresii di pit cali shi anchetar cai li vizitarã locãrli colonizati cu Armãnj bãgarã mari atentsii pi diferentsã cu alanti populi cai sãntu anvãrliga. Colectsionalji caletor shi anchetarlji observeãdzã ca Armãnjli baneadzã tu constant hor, pi analtsimi di 1.000 shi cama metri. Nãsh banedzã tu buni andrati cãsur di cheatrã, multu mushati, tu interierlu cadi tu ocljii mari chiscinatic shi cu mari averi, a idia ashi ar shi bunã pozitsia di localitati.

Caletorlji avurã mari interes ti organizatsiã a oãminjlor tsi lucreadza cu prãvdzã shi alor activitãts avãrliga di prãvdzãlor. Alor cãtichisiri tu loãcãrli di pashuni veãra shi iarna, a di prãvdzã naimamari activitati lji sãntu mutrire oi. Tu cursul di lundzãli dzãli di iarna nãsh dipun tu cãsãba iu mulru di nãsh anvetsã zãnats, general zãnate ti paputsã shi atse ti cuseri. Ti Armãnjli esti simnat alor atentsii ti zãnats cai sãntu ligati cu creaturã shi initsiativã ca exemplu va u-lom cumengilãche. Idia ashi alor obiecti di adãrmintu li trec atseli al arhitectslor cai anvitsa pit sculii di tehnii. Alor angãjari ira chiragilãche shi hangilãche. Dãpãia niscãntsã di nãsh fundarã casi di comertsii tu Napoli, Livorno, Genoa, Cadiz, Sardinia, Sicilia shi Malta.

Cu amintare aver multsã di nãsh s-transformedzã tu comertsialishtsã shi bancar pit Austrii, Germanii shi alti locãri. Dupu zboãrali al D. Popovici, „Armãnjli tu comertsia ave genial axi deadun cu vecljilj populi – Uvradz, Grets, Ermenj”. Mãr comertsialishtsã Armãnj bãna shi lucra tu Viena, Carigrad, Rusia di Not shi Egipet.

Sa adutsem di aminti andau di naicunuscutili fãmilii: Sina, N. Dumba, Ioryi Averof. Armãnjli cai emigrarã agiumsirã pãn la imperia di Habsburg shi sãntu colonizat tu Ungarii, Transilvania shi Austria. Andoi di nãsh agiumsirã pãn tu Prusia di Dat. Armãnjli ira gramats shi dupu unã niscriatã regulã nãsh sãntu poliglots, a andoi di nãsh pisti tradutsirli di gãrtseshti s-cunoscu cu moderili idei di filosofii shi politicã ali Europa di tu Ascãpitatic. Tu Transilvania cunuscuti familii sãntu atseli al Andrea Shaguna – episcop ortodox, Mociani, Gojdu. Un di naicunuscutslji activist ti national dishiptari la Armãnjli ira G. Roja.

Armãnjli ira purtator ali modernizare ali Gãrtsia cum cu alor activitati tu resculare di 1821 anlu ashi shi cu alor activishts tu sfera di politicã tu chirolu di natsional liberari al gãrtsescul stat. Ahtãr exemli sãntu Ioannis Kolettis, Teodor Colocotroni, Alexi Vlahopol, Odisei Andrutsu.

Niscãntsã Armãnj loãra parti shi tu batiili ti liberare ali Sãrbia di cai va li adutsem di aminti: Iovan Cursula, Tsintsar Marco shi Tsintsar Ianco, Conda, Iori Papazoglu, Naum Crnar, Petar Icico, Fratslji Ciardak-

lija shi altsã. Cunuscuti personi tu Sãrbii cu armãneasca ardatsina ira Dimitrie Tsintsar – Markovici, Alexandar Tsintsar- Markovici, Nicola Pashici, Branislav Nusici, Iovan Gjorgjevici, Misha Atansievici, Lazar Paciu, Costa Cumanudi, Milan Stoiadinovici.

Armãnjli di diaspora (di nafora) tradze multsã pradz ti nãulu fundat gãrtsescu stat. Atsi va u-spunem numa al baron S. Sina cu alui pradz esti adratã constructsia ali Academia ti shtiintsã tu Athenã. Cu finansiili al I. Averof di Aminciu esti construit natsional stadiun tu Athenã, conservatoriilu di Athenã, Politehnia tu Aminciu, sculia al Averof tu Larisa shi alti. Averof deadun cu Nicola Sturnari shi Mihail Tositsa u construedzã politehnia tu Athenã. Anamisa di armãneshtilj donator s-exponedzã numa ali Elena Tositsa shi suctsesorlu al Averof cai donedzã tu gãrtsesca marinã unã cãrãvea.

Armãnjljli u spun alor durutii shi catra populi slavi dit Balcan. Cunuscutlu studistu Armãn dit Sãrbii, D. Popovici dzãtsi ca nori obiect di culturã shi pisti tu statlu iu Armãnjli nu ar datã alor durutii shi contributsii. Nãsh alor vreri ti donari u spun shi tu Rumanii particular tu Transilvanii. Duri esti s-aducã di aminti finansiili, siguripsiti di Gojdu cu cai s-fundeãdzã „Fondatsia Gojdu”. Personal shi colectiva donari nu inshi mash di finansiala puteri al armãneasca avutã felã ma atsia esti spus alor spirit. Cu ajiutare a culturalu progres tu statili dit Balcan, nãsh aduc multu ti modernizare ali Europa di not-dat. Tu cafi tihisiri cu „tuchire” a Armãnjlor anamisa di vecljilj banator pit sãrbeshtili teritorii u fundedzã njezlu ali sãrbeasca burjoazii.

Fratslji Manachia deadirã mari contributsie ti culturalã developari al Armãnjlor shi general ti tuts banator dit Machidunii sh-ma largu. Cu alor opus di productsii Armãnjli Frats Manachia armasirã colectsionar di tihisirli tu istoria nu mash tu Bituli shi anvãrliga ma shi pi tu tut Balcan.

Pi plan di tehnicã cafi oara lipseshti sa spuna ti americhescul om di shtiri shi dizvãlitor di armãneasca ardãtsina Mihailo Pupin (1854 – 1935). Alui cãmpu di shtiintsã ira telecomunicatsia, radiotehnia shi radiologia. Ti alui multi dizvãlir esti angrãmãdit tu 1920 anlu su medali ti shtiintsã shi tehnii „Edison”.

Cu alti zborã analtu esti persentlu a personi di armãneasca provenientsã cum tu alor loãcãri iu sãntu faptsã ashi shi tu loãcãrli di naforã, sa-spun ca iacãr, inginer, iurishtsã, expertsã di finansii, arhitectsã. Multsã di nãsh atentsia u bãgarã pi sfera di shtiintsã.

Afirmare al Armãnjlor pit lãrdzime dit Balcan animamultu cadi tu ocljі shi apandise lipseshti ta s-caftã tu colectivu fundament - cai cum vidzum – esti fundament la tuti populi dit Balcan.

Shi anamisa di tuti urdinãr fãr cai nu s-poãte ti asimilare, Armãnjli shu avigljarã alor limbã di dadã. Cum spuni Georgi Dascalov, Constantin Ireciek scrii ti nãsh: „Extraordinara interprinderi, indiferentsã cãtra personala natsionalitati a atsel momentu shi energhicã pistipsiri (pistiminjli) cãtra alui popul – atseli sãntu importantili caracteri a Armãnjlor.

Unã di naima impãrtantili roli di cai nu s-fudzi tu avigljare a limbãlji shi alui mari importantsã ari shi Constantin Belemace cu alui creatsii. Nãs tu 1888 anlu u scrie shi u publicã tu revista „Machidunii" alui cunuscut cãntic „PARINTEASCA DIMANDAREA". Aistu cãntic di parte a Armãnjlor esti promovatã shi apruchatã ca ofitsial Armãneasca himnã.

Tu soni vrem sa spunem ca intelectul shi foame ti culturã u fac sciniratlu tu colectivã developari a Armãnjlor.

# Conclusione

Non è facile venire alla conclusione quando davanti a noi vi è un campo talmente vasto quanto la storia degli arumeni nel periodo dalla loro prima apparizione nei testi scritti, fino alla fine della prima guerra mondiale.

Alle loro origini si giunge partendo da due dati di fatto indiscutibili – l'origine latina della loro lingua e la loro presenza fino ai giorni di oggi nell'Epiro, nella Tessaglia, nella Macedonia meridionale e nell'Albania meridionale. In riguardo all'etnogenesi degli arumeni esistono diverse teorie. Una dice che provengono dalla Dacia. Altri sostengono la tesi della loro origine tracico-illirica. I romani, i quali occuparono quei territori e vi lasciarono nei periodi seguenti dei colonizzatori, influenzarono, senz'altro, la formulazione della lingua. Per la prima volta la lingua arumena viene citata dal cronista bizantino Teofano, la cui famosa frase "Torna fratre, torna" viene considerata una delle ultime prove della lingua latina parlata oppure una delle prime prove della lingua degli arumeni balcanici. Gli arumeni di oggi direbbero "Torna ti, torna, frate". La frase fu pronunciata da un soldato della spedizione bizantina contro gli avari nel 586. In seguito il nome valacchi appare nell'opera di Giovanni Schiliza „Storia breve", in cui l'autore descrive gli avvenimenti nel 976 e l'omicidio del komes David da parte di valacchi "viaggiatori".

Un altro evento significativo è il Regno degli arumeni nelle montagne balcaniche, in cui creazione ebbero un ruolo importante i fratelli Pietro e Asan. Fu l'imperatore Joniza (Kaloian) a dare il maggior contributo per il regno. Nel 1204 il Papa consentì che l'imperatore Joniza portasse lo scettro, la corona e che coniasse le proprie monete. L'8 novembre 1204 il cardinale Leon lo incoronò, proclamandolo imperatore dei bulgari e dei valacchi. Joniza contribuì all'unificazione del Regno bulgaro-valacco.

Gli arumeni durante il medioevo popolavano diverse aree. Molti di loro in quel periodo contribuirono allo sviluppo delle attività economiche nell'area balcanica. Già dal XII secolo l'Epiro e la Tessaglia erano noti sotto il nome Valacchia. Era divisa in due parti: La grande Valacchia o Tessaglia e la piccola Valacchia o il Despotato di Epiro. Il Despotato di Epiro con il centro a Ianina conservò la propria indipendenza fino al

1318, quando il sovrano decise di riconoscere l'autorità suprema dell'imperatore bizantino. Fino alla sua morte nel 1371 Simeon rimase sovrano della Tessaglia. Lo status dei valacchi nella società feudale era diverso e determinato dalla loro appartenenza di classe.

Quando gli ottomani conquistarono la Penisola balcanica (nel 1396) "tutti i popoli della Penisola balcanica persero l'indipendenza e divennero servi della gleba".

La situazione militare costrinse il sultano Murato II (1422-1450) a confermare i privilegi che gli arumeni avevano già nel periodo bizantino ed erano riconosciuti dai suoi precedenti. In ossequio a una convenzione, furono confermati i diritti riconosciuti in precedenza. Essa prevedeva un elenco di diritti dei capitani e degli armatoli. Sono da menzionare i privilegi che aveva il noto centro valacco Metsovo (Aminciu). I comuni arumeni in Macedonia, Epiro e Tessaglia erano contenti per la benevolezza delle autorità turche rispetto alle tasse statali. Però le guerre condotte dall'Impero ottomano con le grandi forze europee peggiorarono la situazione anche degli arumeni.

In tali condizioni si eresse la metropoli commerciale e culturale degli arumeni nei Balcani nel XVIII secolo – Moscopoli. Gli arumeni del Moscopoli, allevatori poveri, riuscirono nel XVII a trasformare la loro città in un grande centro commerciale. Secondo alcuni autori a Moscopoli vivevano fino a 60.000 abitanti. Il commercio contribuì al progresso eccezionale degli arumeni nei Balcani, però fu lo stesso progresso a provocare l'indebolimento delle forze della civiltà arumena nelle città e della lingua valacca in mezzo alle altre nazionalità. Gli abitanti commerciavano con tutti i Balcani, con i territori italiani – specialmente con Venezia, con l'Europa centrale e con l'Asia. I ricavi dal commercio e dalle altre attività economiche resero possible un vasto sviluppo delle attività culturali, scientifiche e didattiche. Moscopoli aveva una grande biblioteca, un'accademia e una tipografia. Da Moscopoli provengono molti personaggi famosi, sia nella cultura greca, che in quella arumena. Le ricchezze accumulate e il commercio di merci di valore su numerosissimi carri per viaggi lunghi e rischiosi ispiravano l'avidità dei feudatari, per cui territorio passava la merce. La situazione politica, il rigetto del potere turco centrale da parte dei governatori locali, la crisi economica, la posizione contraria alla patriarchia di Costantinopoli crearono condizioni favorevoli perché i personaggi potenti albanesi e mussulmani potessero saccheggiare la città. Gli anni 1769 e 1788 furono fatali per la sorte di Moscopoli. Alla fine, nel 1789 la città fu conquistata e completamente rasa a suolo. La popolazione migrò in diverse direzioni.

La resistenza dei valacchi contro Alì Pascià di Tepeleni continuò anche dopo la caduta della città. Però Alì Pascià di Tepeleni riuscì con ipocrisia e vari inganni a distruggere i capetani arumeni. Siccome divenne troppo potente nel 1820 fu catturato e ucciso dall'esercito turco.

Gli arumeni che lasciarono Moscopoli emigrarono in Macedonia e in quasi tutte le maggiori città dell'Impero turco, in Grecia, nell'Impero austro-ungarico, in Romania. Arrivarono persino in Ucraina e in Russia. Con le loro abilità commerciali contribuirono molto allo sviluppo dei paesi citati.

Nei primi anni dopo la caduta di Moscopoli nacque la grande opera rivoluzionaria dei Balcani del loro connazionale Rigas Velestinlis. Nella "Costituzione", scritta da lui stesso, sottolinea esplicitamente che nello stato "il popolo è il padrone", il popolo costituito da "tutti i cittadini dello stato, nonostante la loro religione e lingua – greci, bulgari, albanesi, valacchi, armeni, turchi ecc." Nel 1798 egli fu ucciso dalle autorità turche a Belgrado.

La seguente fase di contributo al movimento di liberazione nazionale degli arumeni fu la partecipazione nella rivoluzione greca (1821-1830). Tra i famosi condottieri arumeni vi erano Theodoros Kolokotronis, Odysseas Androutsos, N. Bozzari, i fratelli Giavella, il capitano Cionga e tanti altri.

Dopo la creazione dello stato greco indipendente molti arumeni che avevano partecipato attivamente nella rivolta come capi e comandanti militari, diventarono parte delle strutture dirigenti del paese, tra cui anche Joan Coletti, Dimitar Karaiscachi ecc.

Gli arumeni parteciparnono anche nelle rivolte di Epiro e Tessaglia durante la guerra di Crimea ( 1853-1856), però non ottennero nulla.

Non ottennero nulla nemmeno dopo la fine della crisi dell'Est (1875-1878). Nel 1881 durante la delimitazione tra la Grecia e l'Impero turco, la maggior parte della Tessaglia e una piccola parte di Epiro furono annesse alla Grecia, e in tal modo fu tagliato il tessuto della popolazione arumena che viveva in quelle zone dell'Impero. Neanche il memorandum che inviarono gli arumeni dell'Impero turco ai delegati di Costantinopoli diede alcun risultato. Gli arumeni subissero dei danni anche alla fine della guerra del 1897 tra la Grecia e l'Impero turco. La guerra, e la seguente correzione dei confini si svolsero nei territori popolati da arumeni. Metsovo (Aminciu) fu particolarmente colpito da quei cambiamenti.

Tutti quegli eventi crearono le condizioni per il risveglio nazionale degli arumeni. Il risveglio nazionale degli arumeni conseguì dal ro-

manticismo politico degli inizi del XVIII secolo. Le prime scintille di risveglio nazionale degli arumeni apparsero agli inizi del XVIII secolo tra gli immigrati in Austria e Ungheria. Furono importanti le attività di G. Rozia e M. Boiagi. La creazione di un unico stato rumeno (1859-1861) spinse ancora di più il risveglio nazionale degli arumeni. In quella direzione fu anche la fondazione e l'attività del Comitato macedone-rumeno, fondato a Bucarest. Tra i suoi compiti fu anche l'introduzione della lingua nazionale in tutte le aree in cui vivevano gli arumeni.

Le attività del Comitato permisero lo sviluppo della didattica arumena. Nel 1864 fu aperta la prima scuola arumena nel paese di Trnovo, comune di Bitola, successivamente chiusa. Seguì l'apertura di altre scuole. In quel anno apparve anche Apostol Margarit, che rimase una fugura di spicco nel campo didattico fino all'anno 1903.

Oltre agli sforzi di porre le fondamenta della istruzione, vi erano quelli di introdurre la lingua madre nella liturgia. Nel 1880 nella città di Argos Orestiko, comune di Kastoria fu costruita la prima chiesa arumena in Macedonia. Vi fu però una reazione greca antirumena che cercò con azioni armate a contrastare la diffusione della chiesa arumena.

Nell'Impero turco il riconoscimento della chiesa significava anche riconosimento della nazionalità ed era chiaro che i successi nel campo didattico e culturale non erano sufficienti, senza il successo sul piano religioso e l'istutuzione di una chiesa arumena autonoma. In un tale contesto anche il Vaticano cercò di profittare, ma non ci riuscì.

Nel 1879 continuò la lotta per l'autonomia della chiesa rumena in Macedonia e in Epiro. Durante gli anni 80 e 90 del XIX secolo la politica rumena pose l'accento sull'introduzione della lingua rumena nelle liturgie delle chiese nei luoghi abitati da arumeni. All'inizio del 1890 la diplomazia rumena si attivò per il riconoscimento di un mitropolita rumeno nell'Impero turco, ma senza un esito positivo.

Le attività didattiche degli arumeni raggiunsero il loro punto di picco negli ultimi 15 anni del XIX secolo. Fu Apostol Margarit a essere uno dei "fattori di successo" della politica rumena in Macedonia. Grazie a lui cresceva il numero delle scuole. Un altro evento importante fu l'apertura del liceo rumeno a Bitola nel 1895.

La tensione politica nell'Impero turco, e non solo, peggiorarono la situazione politica degli arumeni. Però fu anche la situazione politica interna della Romania a influenzare lo status degli arumeni in Macedonia. Un altro fattore fu il pensionarsi di Apostol Margarit nel 1903.

L'intensificazione del movimento rivoluzionario in Macedonia alla fine del XIX e all'inizio del XX secolo fece sì che gli arumeni non

stessero lontano da esso. Un ulteriore impulso diede la creazione dell'Organizzazione rivoluzionaria macedone nell'autunno del 1893. La Costituzione e il regolamento di partecipazione dell'Organizzazione rivoluzionaria macedone consentirono la partecipazione attiva degli arumeni nelle attività dell'Organizzazione.

A seguito dello scoppio della insurrezione di Ilinden il 2 Agosto 1903 a Krushevo nei distaccamenti che attaccarono la città vi erano molti ribelli arumeni che combattevano coraggiosamente contro l'esercito turco.

Gli arumeni a Krushevo parteciparono attivamente nei lavori dell'Assemblea della città. L'Assemblea eleggeva un governo temporaneo. Nel governo presero parte anche un arumeno-patriarchista e un arumeno-nazionalista, Dinu Vangheli e Nicolachi Baliu. Anche negli altri organi di governo vi erano degli arumeni. Una delle più grandi figure a difendere la città dall'esercito turco fu Pitu Guli. Non si ritirò dalla città e con il suo reggimento morì coraggiosamente a Mechkin Kamen. Gli arumeni parteciparono alla liberazione di Klisura e di Neveska. Furono coinvolti anche nelle azioni rivoluzionarie in altri villaggi arumeni nella zona di Bitola e in altri posti.

Un altro avvenimento di grande importanza fu la proclamazione dell'Irade nel 1905. Dopo una serie di incidenti che si conclusero con l'espulsione di due ispettori scolastici N. Tacit e A. Balamace da parte del vali Osman Pascia di Ioannina, il governo rumeno con l'appoggio delle grandi potenze chiese soddisfazione dalla Sublime Porta. Gli erano riconosciti certi diritti in materia di governo locale, istruzione e religione. Dopo tutto ciò, il 9 maggio (calendario giuliano) fu emesso un decreto in onore della festa nazionale rumena, pubblicato il 10 maggio (calendario giuliano) 1905. Il decreto fu il prodotto di un'azione comune della Germania, l'Italia, l'Austria-Ungheria, ma anche dei calcoli politici della Sublime Porta. Con l'Irade del 1905 agli arumeni vennero riconosciuti gli stessi diritti degli altri popoli non mussulmani dell'Impero. Il Patriarcato di Costantinopoli si oppose con veemenza all'Irade, e d'altra parte si rafforzarono anche le azioni delle bande di andartes contro la popolazione arumena. Tutto ciò condusse a una sospensione biennale dei rapporti tra la Grecia e la Romania.

Le attività armate delle bande di andartes continuarono anche dopo 1905, e ciò provocò la controazione dei gruppi armati arumeni.

Nonostante la situazione difficile sul posto provocata dalle azioni delle bande di andartes, l'Irade del Sultano del 9 (22) maggio 1905 ebbe un effetto positivo sul sostegno di Bucarest del movimento arumeno nel-

la parte europea dell'Impero turco. Gli sforzi erano diretti verso la diffusione della religione e della istruzione, ma anche verso la creazione di comunità arumeni in certi luoghi. Il 19 febbraio 1906 la Turchia adottò il Regolamento sulla organizzazione interna delle comunità arumene. I muhtar e i consiglieri avevano il ruolo principale e gestivano tutte le proprietà del villaggio (quelle della chiesa, della scuola), poi avevano il diritto di rilasciare vari documenti ai loro concittadini, di processare civili, di accettare e di sostituire gli ufficiali.

Il successo della rivoluzione dei Giovani Turchi e la nuova entrata in vigore della Costituzione del 1876 con l'Irade del Sultano del 24 luglio 1908 portarono nuove speranze per i popoli oppressi dell'impero, tra cui anche gli arumeni. Nel neoeletto parlamento presero parte due rappresentanti degli arumeni, il medico F. Misha nel ruolo di parlamentare e lo scrittore N. Batzaria nel ruolo di senatore, eletto dal partito dei Giovani Turchi "Unità e Progresso".

Nel periodo successivo al 1908 vi erano sforzi per migliorare la dirigenza scolastica. Il Consiglio per il lavoro scolastico creato dai Giovani Turchi emanò la Normativa per la gestione delle scuole e delle chiese.

Implicazioni importanti per lo sviluppo delle attività formative e religiose degli arumeni ebbe il Congresso di Bitola tenutosi il 10 e l'11 luglio (cioè 23-25 calendario giuliano) 1910. Fu deciso di creare un consiglio amministrativo delle scuole arumene. Fu emanata la costituzione, che determinava la nomina degli organi dirigenti e le loro attività. Con le decisioni del suddetto congresso fu definitivamente revocato l'Ispettorato scolastico approvato e creato da Bucarest.

Nel 1912 nell'Impero turco vi erano 219 scuole elementari arumene, di cui 127 miste, 47 maschili e 45 femminili. Inoltre vi erano quattro scuole medie. In quel periodo vi erano progressi nel risolvere la questione della chiesa arumena. Nell'Impero turco vi erano in totale 47 chiese e 61 sacerdoti.

Alla vigilia della prima guerra mondiale la questione nazionale arumena nell'Impero turco raggiunse il suo culmine. Ma sul piano politico, le circostanze politiche non erano a favore degli arumeni. Nonostante la politica estera rumena aveva l'obiettivo di garantire l'integrità dei "rumeni" dei vilayet di Bitola, Salonicco e Skopje attraverso la istituzione di uno Stato, che sarebbe stato una specie di "cuneo" tra i futuri stati balcanici, la Grecia e la Bulgaria. Ma non ottenne nulla. E inoltre, la posizione degli arumeni non dipendeva più dalla volontà della Grande Porta. Nel febbraio del 1913, quando non vi erano più speranze per l'Impero turco, a Costantinopoli fu istituito un "Comitato per la tutela degli interessi del-

la popolazione musulmana, ebraica e koutzovalacca in Macedonia". Un libro di memorie per l'autonomia della Macedonia, preparato dall'arumeno N. A. Papahagi, fu inviato al Ambasciata d'Austria-Ungheria. Una delegazione del Comitato si recò a marzo del 1913 a Londra ed a Vienna, dove chiese l'indipendenza per la città di Salonicco e il suo entroterra. Quell'iniziativa non ebbe successo.

Il corso delle operazioni militari durante la prima guerra balcanica è noto. Le parti della Turchia europea in cui vivevano gli arumeni erano occupati dagli eserciti greci, serbi e bulgari. Nella lotta per il patrimonio ottomano, Bucarest espose le sue intenzioni (pretese) ancora prima della conferenza di pace di Londra. La parte rumena chiese il risarcimento contro l'espansione degli altri stati balcanici e soprattutto della Bulgaria.

In mancanza di opportunità per la realizzazione dell'idea di creare lo stato progettato dei "Macedo-rumeni", cercò alla conferenza di Londra di difendere l'idea di annessione all'Albania dei "Macedo-rumeni" del Pindo in Samarina e Metsovo (Aminciu). Ma, sappiamo che questa cosa non si è realizzata.

Dopo la prima guerra balcanica e la firma dell'accordo di pace a Londra il 30 maggio 1913, in attesa di uno scontro militare con la Bulgaria, la Grecia si avvicinò alla Romania. La posta in gioco furono i diritti degli arumeni in Grecia. Nel testo del trattato di Bucarest, gli arumeni non furono nominati con una sola parola, e nell'allegato al trattato di pace vi era uno scambio di note tra la Romania, da una parte e la Bulgaria, la Grecia e la Serbia, dall'altra, in cui gli ultimi tre Stati balcanici furono tenuti ad accettare l'autonomia della scuola e della chiesa degli arumeni nei loro Stati, a consentire l'organizzazione di vescovati arumeni con l'assistenza finanziaria per quelle istituzioni da parte del governo di Bucarest.

Il trattato di pace di Bucarest fu fortemente criticato dagli autori di origine arumena. K. Papanace accusò il governo rumeno di non essersi avvalso della possibilità di "creare le condizioni ottimali per esistenza nazionale degli arumeni". Egli riteneva che la dirigenza rumena utilizzò egoisticamente il problema degli arumeni per chiedere il risarcimento attraverso la "correzione del confine meridionale con l'annessione di Quadrilatero (Dobrugia Meridionale)." K. Papanace dichiara categoricamente che il trattato di pace di Bucarest "ha sabotato, se non addriritura tradito, gli interessi degli arumeni nei Balcani." Secondo lui, tale trattato "sotto gli auspici della Romania" fu il colpo politico più duro per la nostra (arumena) politica nazionale nei Balcani.

Nel 1914 scoppiò la prima guerra mondiale e la nuova situazione complicò la questione arumena interferendo in essa nuove condizioni e fattori internazionali. A giugno 1917 l'esercito italiano stabilì il suo controllo su Ioannina e sbuccò nelle regioni limitrofe di Samarina e Grevena abitate da arumeni. In tutti i villaggi arumeni di Pindo, gli eserciti italiani furono accolti come liberatori con canti e fiori.

Le nuove condizioni contribuirono ad una intensificazione dei tentativi arumeni. Il 28 agosto 1917 in Samaria, durante una cerimonia ufficiale e in presenza di funzionari italiani, fu dichiarata l'autonomia delle zone abitate da arumeni sotto il protettorato italiano. La sovranità di Pindo aveva il carattere repubblicano ed era conosciuta sotto il nome di "Repubblica di Samarina", guidata dal presidente Ioan Ciulli. Aveva i suoi simboli. Ma dopo la sua breve esistenza i suoi fondatori si ritirarono in Italia.

Allo stesso tempo, gli insediamenti arumeni occupati dalla Bulgaria, sui territori precedentemente conquistati dalla Serbia nel corso delle guerre balcaniche, durante la guerra del 1915-1918 videro effetti devastanti a causa della vicinanza del fronte macedone e delle repressioni da parte dei bulgari.

L'autunno del 1918 mise il movimento di liberazione arumena in Grecia al bivio. L'impegno della Grecia dalla parte dell'Intesa indebolì la causa arumena. Gli arumeni nella vigilia della conferenza di pace di Parigi fecero un ulteriore passo. Durante l'autunno del 1918 a Coriza fu annunciata la creazione della "Repubblica di Pindo e Zagora", che secondo alcuni esistette un solo giorno.

Nell'estate del 1919 giunse a Parigi una delegazione della Società di cultura macedone-rumena e del Consiglio nazionale degli arumeni del Pindo composta da Nicolae Tacit, Argir Kulina e Take Papahadzhi. Essi consegnarono ai partecipanti della conferenza un memorandum in cui fu esposta la questione arumena. Il memorandum degli arumeni fu accompagnato anche da altre iniziative, cui materiali vennero pubblicati in un opuscolo nel 1919 a Parigi. Nonostante il sostegno italiano, le richieste degli arumeni presentate alla conferenza di pace di Parigi rimasero senza risposta.

Secondo il trattato firmato a Sèvres con la Grecia il 10 agosto 1920, ai sensi dell'art.12 delle disposizioni riguardanti solo gli arumeni di Pindo, gli fu consentita un'autonomia locale in termini religiosi e umanitari come l'autonomia scolastica, vale a dire tutte le questioni culturali venivano gestite dal governo locale arumeno. Quanto detto sopra sulla posizione degli arumeni in Grecia, peggiore rispetto a quanto previsto

dal trattato di Bucarest, era valido anche per gli arumeni che vivevano in Albania, Bulgaria e Jugoslavia.

Una delle questioni più importanti è il fenomeno della civiltà arumena. I primi scrittori di viaggi e studiosi che hanno visitato i paesi arumeni hanno notato le differenze della vita quotidiana rispetto a quella degli altri popoli che li circondavano. Gli autori di viaggio e gli studiosi hanno notato che gli arumeni vivevano in villaggi permanentemente abitati, ad altezza di 1.000 metri o più. Vivevano in case ben costruite, di pietra, molto belle, al loro interno governava l'igiene ed erano ben attrezzate e avevano una buona posizione.

Gli autori di viaggio si interessavano per la vita degli allevatori di bestiame e per l'organizzazione delle loro attività, per il soggiorno nei pascoli estivi e invernali. Allevavano esclusivamente pecore. Durante l'inverno parte di loro andava nelle città a imparare dei mestieri, principalmente quello sartoriale e quello calzaturiero. Gli arumeni sceglievano mestieri legati alla creatività e intraprendenti, ad esempio l'oreficeria. Le case costruite da loro superavano addiritura quelle degli architetti che avevano studiato. Si occupavano di affitti e ristorazione. Alcuni di loro aprirono negozi a Napoli, Livorno, Genova, Cadice, in Sardegna, in Sicilia e a Malta.

Arricchendosi, diventarono mercanti e banchieri in Austria, Germania e in altri posti. D. Popovic scrive, "I commercianti arumeni avevano una capacità geniale come quella dei popoli antichi, gli ebrei, i greci, gli armeni". Gli importanti mercanti arumeni vivevano e lavoravano a Vienna, a Costantinopoli, nella Russia meridionale, in Egitto.

Per citare alcune delle più famose famiglie: il barone Sina, N. Dumba, Giorgio Averoff. Gli arumeni emigrati raggiunsero l'Impero asburgico e si stabilirono in Ungheria, Transilvania e Austria. Alcuni arrivarono fino alla Prussia orientale. Gli arumeni erano colti e spesso poliglotti. Attraverso le traduzioni in lingua greca conobbero le correnti filosofiche e politiche dell'Europa occidentale. In Transilvania, tra le famiglie arumene note vi era quella di Andrei Shaguna-vescovo ortodosso a Mociani, Gojdu. G. Rozia fu una delle figure più importanti per il risveglio nazionale degli arumeni.

Gli arumeni con la loro partecipazione attiva nella rivolta del 1821, ma anche con l'attività dei più importanti attivisti politici per il nuovo stato greco liberato, furono portatori della modernizzazione in Grecia. Tra cui anche Ioannis Kolettis, Theodoros Kolokotronis, Alexi Vlahopol, Odysseas Androutsos.

Alcuni arumeni erano coinvolti nei combattimenti per la liberazione della Serbia, come ad esempio Jovan Kursula, Tzintzar Marko e Tzintzar Janko, Konda, Ioryi Papazoglou, Naum Krnar, Petar Ichko, i fratelli Chardaklija ecc. Tra gli arumeni conosciuti in Serbia erano Dimitrije Tzintzar-Markovich, Aleksandar Tzintzar-Markovich, Nikola Pashich, Branislav Nushich, Jovan Djordjevich, Misha Anastasievich, Lazar Pachu, Kosta Kumanudi, Milan Stojadinovich.

Gli arumeni della diaspora aiutarono con molte risorse il nuovo stato greco. Per citare alcuni di loro, il barone S. Sina, con cui mezzi fu costruito il palazzo dell'Accademia delle Scienze ad Atene. Con la donazione da parte di G. Averoff di Metsovo (Aminciu) furono costruiti lo Stadio nazionale di Atene, il Conservatorio di Atene, il Politecnico a Metsovo (Aminciu), la scuola Averoff a Larissa ecc. G. Averoff insieme a Nicola Sturnari e Mihail Toshitsa costruirono il Politecnico di Atene. Tra i donatori arumeni vanno citati anche i nomi di Elena Toshitsa ed il successore di G. Averoff, il quale donò alla flotta marina militare greca un incrociatore.

Gli arumeni dimostrarono la loro generosità anche verso i popoli slavi nei Balcani. Il famoso ricercatore degli arumeni in Serbia D. Popovich disse che non vi erano strutture culturali e religiose nel paese, in cui gli arumeni non avevano contribuito. Essi manifestarono la loro magnanimità anche in Romania, soprattutto in Transilvania. Basterebbe ricordare il denaro, offerto dai Gojdu, con il quale fu fondata la "Fondazione Gojdu". Le donazioni individuali e collettive erano espressione non solo del potere economico della borghesia arumena, ma anche della sua spiritualità. Sostenendo lo sviluppo culturale dei paesi dei Balcani, contribuirono alla modernizzazione dell'Europa Sud-Est. In ogni caso, dopo l'"assimilazione" arumena con le popolazione locali nei territori serbi, essi formarono lo scheletro della borghesia serba.

I fratelli Manaki diedero un contributo importante allo sviluppo culturale degli arumeni, e di tutti i cittadini di Macedonia e all'estero, in generale. Con la loro opera creativa gli arumeni – i fratelli Manaki divennero cronisti degli eventi storici, non soltanto a Bitola e dintorni, ma anche nei Balcani.

Tra gli scienziati va sempre menzionato l'inventore americano di origine arumena Mihajlo Pupin (1854-1935). Le sue ricerche nel settore delle telecomunicazioni, della radiotecnica e della radiologia portarono a numerose scoperte, per le quali nel 1920 ricevette la medaglia di merito scientifico e tecnico "Edison".

È alta la percentuale di persone di origine arumena, sia nelle loro terre d'origine, che nei paesi vicini, distinte per la loro professione, medici, ingegneri, avvocati, esperti finanziari, architetti. Molti di loro nel campo scientifico.

L'affermazione degli arumeni è più eclatante nei Balcani e la risposta va cercata nella base comune che, come abbiamo visto, è la base di tutti i popoli balcanici.

Nonostante gli inevitabili processi di assimilazione, gli arumeni hanno salvato la loro lingua madre. Secondo Georgi Daskalov, Konstantin Irechek scrive: "Una insolita imprenditorialità, indifferenza verso la propria nazionalità, e nello stesso tempo una fede persistente verso la propria lingua - queste sono le caratteristiche principali dei valacchi".

Un ruolo importante nella conservazione della lingua e del suo significato ha l'opera di Constantin Belemace. Nel 1888 scrisse e pubblicò sulla rivista "Macedonia" la sua famosa canzone dal titolo "P'rinteska dim'ndari" ("Messaggio dei genitori"). La canzone fu accettata da parte degli arumeni come un inno arumeno ufficiale.

Alla fine, vorrei aggiungere che l'intelligenza e sete di cultura rappresentano l'asse principale dello sviluppo sociale degli arumeni.

# ПРОФ. Д-Р КОЧО СИДОВСКИ
# (1947–2013)

Понекогаш последниот здив знае да нè издаде на дофат на поставената цел. Така и Кочо Сидовски, и покрај цел еден живот посветен на Клио, не дочека да го види последниот, најубав дар за неговата муза. Во моментите кога книгата „Народот со многу татковини – Историја на Ароманците од средниот век до 1918" беше подготвена за печат, на 16 јуни 2013 година, во 66-та година од животот, професор д-р Кочо Сидовски почина во својот дом во Битола.

Професорот Сидовски беше врвен познавач на историјата на Европа во Новиот век. Имајќи предвид дека Македонија претставува нераскинлив дел од стариот континент, нејзиното место во политиката на големите европски сили беше неодминлива тема во научните истражувања на Кочо Сидовски. Затоа, со оглед на тоа што Сидовски сè уште беше во авторски плодни години, неговото заминување од овој свет претставува огромна загуба за македонската историографија.

Кочо Сидовски е роден на 6 јануари 1947 година во Битола, каде што завршил основно и средно образование. Во 1969 година дипломирал на Институтот за историја при Филозофскиот факултет во Скопје. Од 1 јануари 1971 година е во работен однос во матичниот институт. Магистрирал во 1976 година на Филозофскиот факултет во Скопје, на тема „Италијанската политика спрема Македонија од обединувањето на Италија до Илинденското востание (1870-1903)". Две години подоцна е избран за предавач по предметот Историја на работничкото движење. Во 1988 година докторирал на тема „Италијанската политика кон Македонија од Илинденското востание до Првата светска империјалистичка војна (1903-1914 година)", по што е избран за доцент по предметот Историја на новиот век. Во 1993 година е избран за вонреден професор, а во 1999 година се стекнува со звањето редовен професор. На 14 септември 2012 година, безмалку 42 години по неговото вработување во институцијата во која го мина сиот свој работен век, Кочо Сидовски се пензионира како редовен професор на Филозофскиот факултет во Скопје.

Творечкиот опус на професор д-р Кочо Сидовски го сочинуваат над 100 библиографски единици. Најголемиот дел од нив е посветен на италијанската политика кон Македонија од крајот на XIX и почетокот на XX век. Токму италијанско-македонските односи беа основна тема во неговите капитални монографии „Италија и Македонија од крајот на XIX век до 1909 година" (Скопје, 1994) и „Италија и реформите во Македонија од 1903 до 1909 година" (Скопје, 1996). Меѓутоа, како сестран историчар, професорот Сидовски не се ограничи на тематиката што му ги донесе бројните академски титули. Напротив, како одличен познавач на неколку светски јазици, Кочо Сидовски објави повеќе научни прилози што ја третираа историјата на Европа во Новиот век. И додека подвизите на Наполеон, Кутузов и Гарибалди го исполнуваа неговото професорско секојдневие, тој никогаш не престана да ја истражува и локалната историја на неговата Битола и на битолскиот регион. Притоа покажа особен интерес за историјата на потпелистерските села, каде што го минуваше секој слободен миг.

Во последните десетина години од својот живот, проф. Сидовски целосно се посвети на истражувањето на историјата на ароманскиот народ во Македонија и во соседните држави. Всушност, со оглед на неразбирливата индиферентност што македонската историографија ја покажува(ше) кон историјата на Ароманците, професорот Сидовски можеме да го сметаме за пионер во научната мисла за историјата на ароманскиот народ во Република Македонија.

Научните прилози на проф. д-р Кочо Сидовски се застапени на страниците на списанијата „Историја", „Гласник на институтот за национална историја", „Годишен зборник на Филозофскиот факултет", потоа во списанијата: „Документи", зборникот на трудови на Друштвото за наука и уметност – Битола, зборниците на трудови „Власите на Балканот", повеќе зборници во издание на МАНУ, како и во разни други зборници од повеќе научни симпозиуми.

Делата на проф. д-р Сидовски поседуваат високи научни вредности. Оттука, и со оглед на тематиката што се наоѓаше во фокусот на неговиот научен интерес, неговите дела ги надминаа границите на Македонија и беа цитирани во изданија од италијанска, руска, бугарска, романска, српска, турска и хрватска провениенција.

Професор д-р Кочо Сидовски беше активно вклучен во наставата на постдипломските студии на Институтот за историја. Притоа беше ангажиран како ментор и член на повеќе комисии за оцена и одбрана на магистерски и докторски дисертации. Покрај тоа, тој беше претседател на влашкото научно друштво „Константин Беле-

маче", уредник и член на издавачкиот совет на списанието „Документи", член на редакција на списанието „Историја", член на одделението за историско-географски науки при Македонското научно друштво – Битола, член на повеќе организациони одбори на научни собири, и т.н.

Професорот Сидовски поседуваше високи човечки и колегијални квалитети. Беше крајно скромен и ненаметлив, но секогаш коректен и правичен. Неговите студенти, кон кои секогаш се однесуваше со родителска грижа, ги сметаше за негово пошироко семејство. Луѓето никогаш не ги делеше според нивните титули. Им беше добар соговорник на сите свои колеги, познаници, случајни намерници. Радоста знаеше да ја пронајде и во наједноставните работи. Ја сакаше планината и тивките утрински прошетки на Пелистер. Уживаше во италијанската музика, руската кинематографија и француската литература.

Заминувањето од животната сцена на професор д-р Кочо Сидовски остава длабока празнина во нашиот осиромашен научен и културен живот. Она што останува како трајна порака и негов голем дар за сите нас е неговото дело, неодминливо за познавање на историјата на Македонија и Европа во доцниот XIX и раниот XX век. Оттука, наш морален долг беше делото „Народот со многу татковини – Историја на Ароманците од средниот век до 1918" да го направиме достапно за пошироката публика.

Никола Минов

# Користена литература


Александър I, Наполеон и Балканы, Москва, 1997

Amadori Virgilji Giovani, La questione Rumeliota (Macedonia, Vecchia Serbia, Albania, Epiro) e la politica Italiana, Volume Primo, Bitonto, 1908

Андонов – Полјански Христо, Илинден 1903, Скопје, 1983

Андоновска Ј., Фотографиите од фондот на Милтон Манаки, Историја V/2, Скопје 1969

Аргинтеану Јон, Историја на Армн Македонците (Власите) (Превод од романски јазик, предговор, коментари и забелешки врз одделни историски прашања: Тодор Трајановски), s.l., 1998

Аромански Катехезис за потребите на свештениците (еден необјавен ракопис, Битола 1891), Скопје 2008

Барболов Георги, Историята на Армъните и взаимоотношенията им с Българите, София 2000

Барлети Марин, Скендербег, Скопје, 2008

Белемаче Константин , Автобиографија, Скопје, 2002

Бислими Музафер , Албанците и Младотурската револуција, Скопје, 2008

Благоев Спиридон, Куцовлашкото движење и „Влашката република" во Грција 1941-1945 година, Документи, VI/3-4, Скопје 2009

Български Патриарх Кирил, Принос към униатството в Македония след освободителната война (1879-1895), Доклади на френските консули в Солун, София, 1968

Бојациевски Петар, Придонесот на Власите за развојот на здравството во Битола, Зб. Власите на Балканот, Скопје, 2005

Брага Севолд, Правата на ароманското малцинство во Грција, Скопје, 2004

Брејлсфорд Ноел Хенри, Македонија, Нејзините народи и нејзината иднина, Скопје, 2002

Bujdoveanu Tănase , Moscopole, Cãsãbã-Armãnescu dit Peninsula Balcanicã, Constanța, 2010

Вайгандъ Густавъ, Аромѫне, Етнографическо-Филологическо-Историческо издирвания на тъй наречения народъ Македо-Ромѫне или Цинцаре, Варна, 1899

Вајганд Густав, Ароманци, Том I, Београд, 1995

Византијски извори за историју народа Југославије, III, Београд, 1966

Gallon Silvano, Il consolato d' Italia a Bitola, Битола, 2001

Георгиев Драган, Спомени за еден од „заборавените” илинденци, Кузо Стефов, Зборник Историја 2 (Скопје), Музеј на Македонија, 2001

Daniil Mihali Adami Hagi Moscopolean, Lexicon tu patru limbi, Scopia, 2002

Даскалов Георги , Армъните в Гърция, История на един непризнат народ, София, 2005

Дебидур А., Дипломатска историја Европе, Од отварања Бечког Конгреса до закључења Берлинског (1814-1878), Књига прва, Београд, 1933

Димевски Славко, Историја на македонската православна црква, Скопје, 1989

Димески Димитар, Македонското националноослободително движење во Битолскиот вилает, (1893-1903), Второ издание, Скопје, 1982

Димовски-Цолев Ѓорѓи, Борис Павловски, Непокорени, 1982

Димчев Н. Димо, Националните симболи кај Власите (химна, знаме и грб), Зб. Власите на Балканот, Скопје 2002

Дневникот на арматолот (според сеќавањата на Кола Нича, забележани од поетот Кола Каратана), Скопје, 2002

Ѓицеа Јорји, Од минатото на Ароманците, Јуначки дела и ликови на арматоли, Скопје, 2002

Ѓорѓиев Ванчо, Унијатството во Македонија и Димитар Поп Георгиев Беровски, Историја, XLIII/1-2, Скопје, 2007

Збуќа Ѓеорѓе, Романците на Балканот, Зб. Власите на Балканот, Скопје, 2002

Zbuchea Gheorghe, Italie et les Aroumains dans les vingitieme siecle, Документи, I/1, Скопје 2004

Зоидис Г., Ригас Велестинлис, София, 1973

Извештај за Битолскиот пашалак на францускиот вицеконзул во Битола Белет де Буга од 1856 година, Редакција и превод Сузана Стамболиска, Скопје, 2005

Историја дипломатије, Свеска II, Дипломатија новог доба (1872-1919), У редакцији академика В. П. Потемкина, Београд 1949

Историја на Крушево и Крушевско, Книга прва, Крушево, 1978

Историја на македонскиот народ, Том III, Скопје, 2003

Јањетовић Зоран, Цинцари – Кратак преглед дуге историје јединог „Народа без историје”, Српска слободарска мисао, Часопис за филозофију, друштвене науке и политичку критику, II/5, Београд, 2001

Јашар-Настева Оливера, Григор Прличев и еден апел на охридските Власи во врска со воведувањето на мајчиниот јазик во училиштата, Зб. Животот и делото на Григор Прличев, Скопје, 199

Јовановски Далибор, Грчка балканска политика и Македонија (1830-1881 год.), Скопје, 2005

Калоѓера Горан, Браќата Миладиновци, Легенда и стварност, Скопје, 2005

Кал Теде, Промяна на етническите модели на идентичност при българските Армъни (Власи) и нейните последствия, Българска етнология, бр. 1 (2001)

Капидан Т., Македо-Романците, Историска и описна скица на романските населенија на Балканскиот Полуостров, Скопје 2004

Кирјазовски Ристо, За романската училишна пропаганда во Македонија – Просветно дело (Скопје), XVII/7-8, 1971

Клог Р., Кратка история на Грция, София, 2002

Koltsidas M. Antonis, Greek education in Monastir-Pelagonia, Thessaloniki, 2008

Коман Вирџил, Црквата – одредувачки фактор во афирмирањето на националниот идентитет на Мегленитите на почетокот на XX век, In: Документи, II/3, Скопје, 2005

Константинеску Д., Биографија, Скопје, 2002

Константинов Павле, Браќата Манаки, Скопје 1982

Костурски Пандил, Дипломатијата и македонското иселеништво, Скопје, 1995

Кочан Исмет, Битка за Македонија, Турската историографија за Балканските војни, 1912-1913, со посебен осврт за Македонија, Скопје, 2010

Krainikowsky Assen, La question de Macédoine et la diplomatie européene, Appendices, Nr. 4, Документи, IV/3, Скопје, 2007

Крстевски-Кошка Александар, Семејството Манаки, Творештвото на браќата Манаки, Скопје, 1996

Куша Николае, Ароманците во Добруџа, Скопје, 2010

Лажовски Атанас, Римокатоличката и протестантската пропаганда на Балканот и во Македонија во втората половина на XIX век и почетокот на XX век, Магистерска дисертација, Скопје, 2008

Ласку Стојка, Од историјата на ароманскиот печат во Македонија, Списанијата „Братство" и „Светлина", Скопје, 2007

Литаврин Г. Г. , Влахи во Византиских извора X-XIII век, Юговосточная Европа в средние века, Академия наук Молдовской СССР, Кишинев, 1972

Македония през погледа на австриски конзули 1851-1877/78, София, 1994

Македоно-Романско друштво за култура, Документи (Редакција: Катерина Тодороска, Скопје, 2002

Mantegazza Vico, Macedonia, Milano, 1903

Mantegazza Vico, Questioni di politica estera, Milano, 1907

Манчев Кръстъо, История на националния въпрос на Балканите, София, 2008

Матковски Александар и Аручи Кемал, Извадоци од две турски хроники за Македонија и соседните области, Гласник на Институтот за Национална Историја (натаму: ГИНИ), XXI/1, Скопје, 1977

Матковски Александар, Македонија во делата на странските патописци 1894-1902, Скопје 2006

Международние отношения на Балканах, 1815-1830, Москва, 1983

Mémoire préssenté par les délégués Valaques de Macédoine, d'Épire et de Thessalie aux ambassadeurs a Constantinople, Документи, I/1, Скопје, 2004

Memoriul studenţilor universitari Macedo-Românii privitor le situaţie Românilor din Macedonia Sarbeasca, Tribuna Românilor de peste hotare, II/5-6, Bucureşti 1925

Metta C. D., Rolul Muhtarilor, In: Lumina (Bitolia), III/5, Bucureşti, 1905

Минов Никола, Борбата на Ароманците од Македонија за сопствени училишта и цркви согледана преку дејноста на семејството Машу од Велес, Документи, VII/1, Скопје, 2010

Минов Никола, Влашкото прашање и романската пропаганда во Македонија (1860-1903), Скопје, 2013

Минов Никола, Грчките злосторства врз Ароманците за време на Балканските војни (1912-1913), Документи, VII/1, Скопје 2010

Минов Никола, Еден необјавен документ за ароманските цркви во Битолскиот вилает, Документи, VIII/3, Скопје, 2010

Mirdita Zef, Vlasi u historiografiji, Zagreb, 2004

Митрев Анастас , Мемоари, огледи, статии, Скопје, 1974

Michalopoulos Dimitris , Arsaki, La vie d'un homme d'État, Bucureşti, 2008

Младеновски Симо, Питу Гули во одбрана на слободното Крушево во времето на Илинденското востание, Зб. Власите на Балканот, Скопје, 2005

Надовеза Бранко, Политичката дејност на Лазар Пачу и Коста Кумануди, Зб. Власите на Балканот, Скопје 2002

Папаначе Константин, Рефлексии врз историската и политичката судбина на Ароманците, Скопје, 2001

Papahagi Valeriu, Aromânii moscopoleni şi comerţul veneţian în secolele al XVII-lea şi al XVIII-lea, Bucureşti, 1935

Папахаџи Валериу, Москополците и руско-турските војни од 1711 и 1736-1739, Престанок на трговските врски со Венеција, Разурнувањето на Москополе, Документи, I/3, Скопје, 2004

Петковски Боро, Балканската чаршија, Местото и улогата на Власите, Скопје, 2000

Петровиќ Драгољуб, Власи во Србија и Власи-Цинцари во Македонија, Компаративно согледување, Зб. Власите на Балканот, Скопје 2002

Peyfuss Demeter Max, Chestiunea aromânească, Evolutia ei de la origini până la pacea de la Bucureşti 1913 şi poziţia Austro-Ungariei, Bucureşti, 1994

Пешевска Маргарита, Прилог кон прашањето на француската политика и кон прашањето на католичката пропаганда и на унијатството во Македонија, Историја, XVIII/1-2, Скопје, 1982

ПЛАТАРИ-SИМА Георги, Автономијата на Аминчу во времето на турското владеење (Привилегиите на Флока), Зборник Власите на Балканот, Скопје, 2005

Povestea unei carti ; Protopiria lui Cavalioti, Ein Unicum, lo Omagiu lui Const. Kiritescu (1937)

ПОПНИКОЛА Нико, Арм'ните под Турците, Битола, 2010

ПОПНИКОЛА Нико, Влашки преродбеници, Битола, 2003

ПОПНИКОЛА Нико, Како дојде до прокламирањето на империјалното Ираде, Симпозиум 100 години од прокламирањето на империјалниот акт Ираде, Битола, 2005

ПОПНИКОЛА Нико, Моловиште, Монографија на селото, Битола, 2008

ПОПНИКОЛА Нико, Трново, Битола, 2009

ПОПОВ Жеко, Българският национален въпрос в българо-румънските отношения 1878-1902, София, 1994

ПОПОВ Жеко, Румъния и българският национален въпрос (Македония и Добруджа), 1903-1913Г., София 2004

ПОПОВИЋ Д. Ј., О Цинцарима, Прилози питању постанка нашег грађанског друштва, Београд, 1937

POUQUEVILLE F.C.H.L., Voyage dans le Gréce, ed. I, t. III, Paris, 1821

Românii de la sud de Dunare – Documente – (Coordonată de Stelian Brezeanu şi Gheorghe Zbuchea), Bucureşti, 1997

РОМАНСКИ Ст. , Македонските ромъни, Македонски преглед, 1925, кн. 5-6

RUFFINI M., Un centro aromeno in Albania – Moscopole, Документи, I/1, Скопје, 2004

RHIGAS VELESTINLIS, Revolutionary scripts, Athens, 2002

САКЪЗОВ Ив., Новооткрити документи отъ края на XIV век за Българи отъ Македония продавани като роби, Македонски преглед, VII/2-3, София, 1932

Sguardo retrospectivo sul movimento nazionalista dei Macedo-Romani nella Penisola Balcanica, Scopia 2003

СИДОВСКА Арети, Браќата Манаки и Битола, Зб. на трудови 15 Национална Установа, Завод за заштита на спомениците на културата и музеј – Битола, Битола 2004

СИДОВСКА Арети, Ехото на султановото ираде, Симпозиум 100 години од прокламирањето на империјалниот акт Ираде, Битола, 2005

СИДОВСКИ Кочо, Ароманците во Македонија и на Балканот во XVIII век, Документи, I/1, Скопје, 2004

СИДОВСКИ Кочо, Борбата на Власите во Македонија и на Балканот против Османлиската Империја во почетокот на XIX век до 1830 година, Документи, I/3, Скопје, 2004

СИДОВСКИ Кочо, Браќата Манаки и нивната дејност поврзана со Битола, Документи, III/3, Скопје, 2006

Сидовски Кочо, Власите во Македонија и на Балканот од X до XIII век, Историја, XXXVIII/1-2, Скопје, 2002

Сидовски Кочо, Dr Gheorge Caragiani, Gli Aromeni e la questione Aromena nei documenti dell'archivio storico diplomatico del Ministero degli Affari Esteri italiano (1891-1916), Документи, II/3, Скопје, 2005

Сидовски Кочо, Италија и Македонија од крајот на XIX век до 1909 година, Скопје 1994

Сидовски Кочо, Македонското прашање во „Anales de la Congregation (Lasaristes)" од 1900 до 1919 г., Гласник на Институтот за Национална Историја (натаму: ГИНИ), XV/3, Скопје, 1971

Сидовски Кочо, Мисијата на лазаристите и ароманското прашање во Македонија, Документи, VII/1, Скопје, 2010

Сидовски Кочо, Политичките и просветните прилики во Битолскиот реон и одржувањето на учителскиот конгрес на Ароманците во Битола во 1910 г., Документи, VII/3, Скопје, 2010

Сидовски Кочо, Развитокот на ароманското образование во Битола и Битолско во втората половина на XIX и почетокот на XX век, Документи, VI/1, Скопје, 2008

Сидовски Кочо, Романската политика кон Македонија и нејзиниот однос кон Ароманците, Документи, V/3, Скопје, 2008

Сидовски Кочо, Романскиот национализам е во жалост; Апостол Маргарит, големиот агитатор за романските идеи, умрел во Битола, Документи, VI/3-4, Скопје, 2009

Сидовски Кочо, Учеството на Ароманците во Илинденското востание и нивната соработка со македонскиот народ, In: Зб. Власите на Балканот, Скопје, 2005

Сидовски Кочо, Учеството на Ароманците во ослободителните движења на Балканот и во Македонија во XIX век и првата деценија на XX век, Зб. Македонија и соседите, Скопје, 2010

Силянов Христо, Освободителните борби на Македония, том II (II фототипно изд.), София, 1983

Симовски Тодор, За учеството на малцинствата во Илинденското востание, In: Илинденски зборник 1903-1953, Скопје, 1953

Советская историческая энциклопедия, том XV, Москва, 1974

Спомени и биографии на илинденци (Избор, редакција и коментар, Александар Крстевски-Кошка), Битола, 1993

Stavrijanos Leften, Balkan posle 1453 godine, Beograd, 2005

Табаков С., Ромъните въ Македония, София 1913

Тамбози Жустин, Градителскиот позив кај Ароманците, Документи I/2, Скопје 2004

Ташко Арсов, Записки, Редакција, коментари и поговор Христо Андонов-Полјански, Скопје, 1983

ТОДОРОВСКИ Глигор, Просветната политика на Кралството Србија во Македонија по Балканските војни (1912-1913), Скопје 1970

ТОМОСКИ Томо, Записи за Власите во Македонија во средниот век (од крајот на VI до крајот на XIV век), Документи, V/2 (18), Скопје, 2008

ТОМОСКИ Томо, Македонија низ вековите, Скопје, 1999

ТРАЈАНОВСКИ Александар, Жртвите и последиците од Илинденското востание во Битолскиот вилает според документацијата на Архивот за надворешна политика на Русија, Зб. Македонско-руски врски, Скопје, 1996

ТРПКОСКИ-ТРПКУ Ј. Вангел , Власите на Балканот, Скопје, 1986

УСПЕНСКИ И. Фјодор, Источно питање, Београд, 2003

ФАЛО Дори, Трагедијата на еден град, Скопје, 2005

ФИЛИПОВИЌ С. Миленко, Ароманците во Велес, Документи, III/2, Скопје, 2006

ХАЧУ Анастасе, Апостоли и маченици, Скопје, 2002

HÂCIU Anastase, Aromânii, Comerţ, Industrie, Arte, Expansiune, Civilizaţie, Ediţia a II-a, Constanţa, 2003

ХРИСТОВ Александар и ДОНЕВ Јован, Македонија во меѓународните договори 1875-1919, Скопје 199

ХРИСТОВ Александар, Правно-теоретската основа на нормативната функција на внатрешната организација и конципирањето на независната самостојна македонска држава (1893-1898), Прилози, XXX/1-2, МАНУ, Одделение за општествени науки, Скопје, 1999

ЦАЛИ Пандели , Страници од македонската борба, Славна Битола (превод од грчки јазик), Солун, 1932

ЧЕПРЕГАНОВ Тодор, Документ од британскиот конзул во Македонија Бернард Гири за македонското прашање, Историја, XXXVI/1-2, Скопје, 2000

ЏОРЏЕСКУ Николае , Еден човек за во историјата: Апостол Маргарит, Документи, II/2, Скопје, 2005

ЏУФИ Пелумб , Векот на Москополе (1669-1769), Битола, 2011

WINNIFRITH T. J. , Власи, Историја на еден балкански народ, Велес, 1999

# Содржина


Предговор ........................................................................................ 5
Историски сведоштва за потеклото на Ароманците ..................... 11
Ароманците под османлиска власт до крајот на XVIII век ............ 35
Москополе: трговска и културна метропола на Ароманците на Балканскиот Полуостров во XVIII век ....................................... 51
Борбата на Ароманците во македонија и на балканот против османлиската империја (почеток на XVIII век-1830) ........... 89
Придонесот на Ароманците во изградбата на грчката држава ..... 107
Афирмација на националниот дух кај Ароманците ...................... 121
Развитокот на ароманското просветно дело ................................ 131
Развитокот на ароманското црковно и просветно дело, 1880-1897 година ................................................................................ 145
Положбата на Ароманците во периодот од 1898 до крајот на 1903 година ................................................................................ 191
Учеството на Ароманците во МРО и Илинденското востание .... 209
Положбата на Ароманците од завршувањето на Илинденското востание (1903) заклучно со прогласувањето на Ирадето (1905) ................................................................................ 233
Донесувањето на Ирадето од 1905 и неговото значење за понатамошниот развој на националната свест кај Ароманците ..... 257
Развитокот на образовното и црковното дело во Македонија, 1905-1908 ................................................................................ 283
Ароманското национално дело од Младотурската револуција (1908) до крајот на Балканските војни (1913) ...................... 297
Балканските војни и конференциите за мир ................................ 323
Ароманското прашање во текот на Првата светска војна ............ 337
Феноменот на ароманската цивилизација .................................... 361
Заклучок ........................................................................................ 399
Rezolutsii ........................................................................................ 411
Conclusione ........................................................................................ 423
проф. д-р Кочо Сидовски (1947-2013) (Никола Минов) ..................... 435
Користена литература ........................................................................ 439